**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# НАЦИОНАЛНА ПРОГРАМА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**- РЕВИЗИЈА** 2012 -

**Скопје**

16 **Декември** 2011

## СОДРЖИНА

I **ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ**.................... 3
II **ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ** .................... 27
3.01. **СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ**.................... 62
3.02 **СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ**.................... 86
3.03 **ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ**.................... 91
3.04 **СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ**.................... 96
3.05 **ЈАВНИ НАБАВКИ** .................... 99
3.06 **ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА**.................... 105
3.07 **ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ** .................... 109
3.08 **ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА** .................... 117
3.09.**ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ**.................... 121
3.10 **ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ**.................... 130
3.11 **ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ**.................... 136
3.12. **БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА**, **ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА**.................... 152
3.13 **РИБАРСТВО** .................... 170
3.14. **ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА**.................... 172
3.15 **ЕНЕРГЕТИКА** .................... 194
3.16 **ОДАНОЧУВАЊЕ**.................... 228
3.17 **ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА** .................... 239
3.18 **СТАТИСТИКА**.................... 246
3.19 **СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ** .................... 260
3.20 **ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА**.................... 286
3.21 **ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ**.................... 295
3.22 **РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ** .................... 309
3.23 **ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА**.................... 325
3.24 **ПРАВДА**, **СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ**.................... 356
3.25 **НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ**.................... 385
3.26 **ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА** .................... 393
3.27 **ЖИВОТНА СРЕДИНА** .................... 407
3.28 **ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕТО**.................... 444
3.29 **ЦАРИНСКА УНИЈА** .................... 464
3.30 **НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ** .................... 477
3.31 **НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА** .................... 484
3.32 **ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА**.................... 489
3.33 **ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ**.................... 503
IV. **АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ**.................... 510
V. **ПОДГОТОВКА НА МАКЕДОНСКАТА ВЕРЗИЈА НА A**CQUIS.................... 513
VI. **ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА**.................... 515

# I ПОЛИТИЧКИ КРИТЕРИУМИ

## 1.1 ДЕМОКРАТИЈА И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

### ИЗБОРИ

Во однос на изборниот процес, Владата продолжи да ги адресира преостанатите препораки на ОБСЕ/ОДИХР од изборите спроведени во 2009 година. Со Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија бр.44/2011) се постигна натамошна реформа на изборниот систем. Во законот се имплементирани меѓународните стандарди за спроведување на изборите како и препораките на Венецијанската комисија и извештаите на ОБСЕ/ОДИХР по однос на претседателските и локалните избори спроведени во 2009 година. Измените, покрај останатото содржат подобрувања во однос на одредбите за гласањето на дијаспората, одговорноста на медиумите за време на изборната кампања, а посебен акцент е ставен на финансирањето на изборната кампања итн. Беа преземени и значајни активности за прочистување на гласачкиот список.

Во однос на препораките за јакнење на капацитетите на изборната администрација, во завршна фаза е постапката за вработување на 11 лица во Секторот за избирачки список од кои 4 во одделението во ДИК и 7 во подрачните одделенија. Во соработка со ОБСЕ се реализираа серија на обуки за вработените во стручната служба и подрачните единици на ДИК кои вклучуваат обуки за обучувачи, стратешко планирање, јакнење на презентациските вештини итн.

Во однос на препораките за надминување на проблемот со наводните случаи на заплашување, со подршка на ОБСЕ се изврши обука на вработени во ДИК, а овој дел беше опфатен и во рамки на обуките за изборните органи (општинските изборни комисии и избирачките одбори). Воедно за време на изборите беше отворена бесплатна телефонска линија од страна на Народниот правобранител.

На 15 април 2011 година беа распишани предвремени парламентарни избори со што Собранието на Република Македонија се распушти. Предвремените парламентарни избори се одржаа на 5 јуни 2001 години, и истите се одржаа во согласност со меѓународните стандарди. Согласно Конечниот извештај за предвремените парламентарни избори 2011 година на ОБСЕ/ОДИХР предвремените избори во Република Македонија се окарактеризирани како натпреварувачки, транспарентни и добро спроведени на целата територија на Република Македонија. Извештајот на ОБСЕ/ОДИХР дава и препораки за понатамошно унапредување на изборниот процес во некои области и тоа: заштитни механизми за одвојување на државата од партијата за време на изборите, проверка на податоците во избирачкиот список, случаите на заплашување, допрецизирање на одредбите од Изборниот законик и прашањето на медиумите. Со цел унапредување на изборниот процес и адресирање на препораките од Конечниот извештај на ОБСЕ/ОДИХР од изборите спроведени во 2011 година, ќе биде направена анализа на

Конечниот извештај на ОБСЕ/ОДИХР за предвремените парламентарни избори 2011 година и ќе се формира Управувачки Комитет.

## СОБРАНИЕ

За обезбедување на висок степен на координација во Собранието на Република Македонија и програмирање на работата на Собранието, што се покажа како ефективен механизам во обезбедувањето на политичкиот дијалог, претседателот на Собранието на Република Македонија и во 2012 година ќе продолжи со одржување на редовни средби со координаторите на пратеничките групи. На истите ќе учествуваат определените претставници на Владата на Република Македонија во врска со предлозите од Владата согласно Правилникот за координација на Собранието на Република Македонија.

И во 2011 година Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија се спроведуваше задоволително, така што и во 2012 година се очекува континуитет на непречено и ефикасно спроведување на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија.

За обезбедување општ политички и општествен консензус по однос на реализацијата на европската агенда, Националниот совет за евроинтеграции (НСЕИ) и Комисијата за европски прашања (КЕП) на Собранието во континуитет обезбедуваа расправа по клучните приоритети од Европската агенда на Република Македонија. Овие две тела во 2012 година ќе продолжат со организирање јавни расправи за клучните законски решенија согласно НПАА 2012 и ќе продолжат со своите активности во промовирањето на консензуален пристап и сеопфатна расправа за реализацијата на приоритетите од процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија.

Со цел имплементација на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија за 2012, Собранието на Република Македонија ќе даде приоритет на донесувањето на законите со кои се врши усогласување со европското законодавство.

Во 2012 година, во рамки на редовните координативни средби со претседателот на Собранието на Република Македонија, ќе се продолжи со обезбедување на консензус околу прашањата за имплементација на Рамковниот договор и функционирање на Бадинтеровиот принцип. Функционалноста на Комитетот ќе се одвива согласно важечките законски решенија, посебно Законот за Комитет за односи помеѓу заедниците на Република Македонија.

Во 2012 година ќе се продолжи со редовна имплементација на одредбите на Законот за Собрание на Република Македонија и обучување на зајакнатиот персонален капацитет на собраниските служби. Ќе се продолжи со реализација на надзорните и јавните расправи во собраниските комисии.

Востановениот паралментарен институт на почетокот на 2012 година ќе се екипира со вработени и се очекува да започне да ги дава истражувачките анализи со што ќе обезбеди и подобар пристап до информации на сите парламентарни партии.

Во првиот квартал на 2012 година се очекува заеднички да биде донесен Етички кодекс за пратениците.

**ВЛАДА**

Заради обезбедување на посветеност за континуирано следење на обврските кои произлегуваат од процесот на европска интеграција Владата и понатаму ќе ги започнува своите седници со претточка за статусот на процесот на ЕУ интеграција и преку редовни тематски седници за прашања на Европска агенда и исполнување на обврските што Република Македонија ги презема во насока на исполнување на критериумите од Копенхаген. Изминатата година продолжија состаноците на ЕУ координативните структури за следење на реализацијата на обврските од ЕУ интеграцијата преку редовните средби на Работниот комитет за европска интеграција и неговиот Поткомитет. И во наредниот период овие две тела ќе продолжат на редовна основа да ја следат реализацијата на обврските од НПАА, ССА, ИПА итн.

***Спроведување на процесот на децентрализација***

Спроведувањето на процесот на децентрализаија и развојот на локалната самоуправа во следната година ќе се следи и евалуира согласно новиот програмски документ Програма за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа 2011-2014 и нејзините Акциски планови, чија главна цел е ефикасно спроведување и следење на одржлив локален развој, понатамошен развој на општинскиот систем на финансирање и намалување на фискалните разлики, промовирање на механизми за партиципативното управување на локално ниво, како и подобрување на испораката на услуги и јакнење на институционалниот и административниот капацитет на единиците на локална самоуправа. За таа цел ќе биде донесен Акциски план за реализација на Програмата за децентрализација и развој на локалната самоуправа, за периодот 2012-2014.

И понатаму координативен механизам за следење и координирање на процесот на децентрализација останува да биде Работната група за децентрализација која што својата работа ќе ја планира преку соодветен годишен Акциски план. Истиот оперативно ќе прикаже на кој начин ќе се следи и координира процесот на децентрализација и развојот на локалната самоуправа. Степенот на реализација на програмата ќе се следи преку оваа работна група која на крајот на годината ќе достави Извештај за спроведување на Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во 2012 година.

Заради ефективно следење на спроведувањето на Програмата и нејзиниот Акцискиот план, работната група за децентрализација на почетокот од 2012 година ќе донесе Методологија за оценка на спроведувањето на Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната

самоуправа 2011-2014. Методологијата ќе го опише начинот на кој ќе бидат следени и ценети активностите предвидени во Акциските планови за спроведување на Програмата.

Методологијата ќе содржи индикатори кои ќе бидат јасни и мерливи со цел да може на најефективен начин да се следи реализацијата на зацртаните активности во Акцискиот план за реализација на Програмата за децентрализација и развој на локалната самоуправа, за периодот 2012-2014 и да се оценува дали истите го постигнале саканиот ефект.

Консултациите со ЗЕЛС и со единиците за локална самоуправа ќе продолжат да се остваруваат преку учеството на ЗЕЛС во Работната група за децентрализација и други ресорни работни тела. Во заедничка консултација со ЗЕЛС и ЕЛС ќе се подготви Спогодба за соработка помеѓу Владата на РМ и ЗЕЛС во однос на имплементацијата на Програмата за спроведување на процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа.

Процесот на децентрализација во 2011 година го бележи и трансферот на управувањето со градежно земјиште во државна сопственост на општините кои ги исполнуваат неопходните управни и технички критериуми, кој започна да се спроведува од месец јули.

Владата на Република Македонија со реализација на планот за поддршка и спроведување на реформите за подигнување на административниот и фискален капацитет и пристап до блок дотациите превзеде значајни активности кои резултираат со влез на нови 5 општини во втората фаза од фискалната децентртализација. Од 01 јануари 2012 година во 83 општини и градот Скопје ќе се финансират пренесените надлежности во образованието, социјалната заштита и културата со блок дотации. Во текот на 2012 година се очекува и последната општина (Пласница) да влезе во втората фаза од фискалната децентрализација.

Преку дефинирање на полиберални и потранспарентни услови за задолжување се зголемија можностите за финансирање на инвестиционите проекти кои за општините станаа подостапни со измените во законските решенија. Исто така, Министерството за финансии презентираше нова можност, општините да ги финансираат своите потреби преку издавање на општински обврзници.

Министерството за финансии и во наредниот период ќе ги продолжи реформите во насока на подобрување на административниот и финансиски капацитет на општините, со што ќе се подобри ефикасноста на наплатата на сопствените приходи, како и поодговорно и поефективно испорачување на услугите на граѓаните. Во овој процес, значајна поддршка ќе биде обезбедена преку УНДП, односно проектот кој е во тек „Социјални услуги за поддршка на социјалниот развој и поврзување".

**РЕФОРМА НА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА** – види и во Поглавје IV Административни капацитети

Владата на Република Македонија врз основа на експертски и компаративни искуства, процени дека Реформата на јавната администрација треба да се концентрира во еден орган на државната управа (**Министерство за информатичко општество и администрација**) со цел стратегиски и плански да се превземаат организирани и координирани мерки за имплементацијата на овој процес. Согласно измените во Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 167/2010), дел од вработените кои работеа на процесот на реформата на јавната администрација од Министерството за правда, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, Секретаријатот за европски прашања и Агенцијата за државни службеници се превземаа во Министерството за информатичко општество и администрација. Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.167/10), Агенцијата за државни службеници продолжи да работи како Агенција за администрација, како самостоен државен орган одговорен пред Собранието на Република Македонија.

Владата на Република Македонија ја изрази цврстата политичка заложба за реформа на јавната администрација преку воспоставувањето на **Специјалната група за реформа на јавната администрација** во рамки на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) во која како ко-претседавач од една страна е Владата на Република Македонија, а од друга страна е Европската комисија. Дијалогот помеѓу двете страни се одвива во веќе воспоставен формат два пати годишно. Со цел давање на јасни цели и насоки на унапредвуање на процесот, во 2011 година **Комитетот за реформа на јавната администрација** со кој претседава претседателот на Владата на Република Македонија, продолжи да одржува состаноци на кои се разгледуваше напредокот остварен во реформата. Состанувањето на Комитетот и реализацијата на преземените обврски претставува клучен приоритет за 2012 година.

Владата на Република Македонија во декември 2010 година ја усвои **Стратегијата за реформа на јавната администрација** 2010-2015, како и соодветниот Акциски план за спроведување на Стратегијата. Согласно Планот за работа на Министерството за информатичко општество и администрација, во 2012 година ќе се продолжи со реализација на активностите утврдени во Акцискиот план преку дополнително зајакнување на сопствените капацитети за координација на процесот на реформа на јавна администрација. Во 2012 година, МИОА ќе ја заврши процедурата за воведување на ИСО стандарди за квалитет во јавната администрација.

**Државниот Управен Инспекторат** (**ДУИ**) врши активности кои се однесуваат на остварување на функцијата на управната инспекција. Согласно измените на Законот за организација и работа на органите на државната управа ДУИ е во состав на МИОА.

По однос на унапредување на реформата во јавната адмиистрација, во 2012 ќе се пристапи кон **Анализа на примената на Законот за државни службеници и Законот за јавни службеници**. Во анализата ќе се земе предвид опфатот на вработени кои треба да имаат статус на државен и јавен службеник,

опфатот на државната и јавната служба, институции кои треба да бидат опфатени со ваков статус. Исто така, ќе се пристапи кон подготовка на анализа поврзани со прашањата на вработување и мобилност во државната и јавната служба, институтот на пробна работа, правата и должностите на државните и јавните службеници, анализа на системот на плати и надоместоци на плати за државните и јавните службеници, одговорноста на државните и јавните службеници, дисциплинската и материјална одговорност, оценувањето на државните и јавните службеници, престанокот на вработувањето и заштитата на правата на државните и јавните службеници.

Во врска со унапредувањето на раководењето со човечки ресурси, МИОА во 2012 година ќе продолжи со реализација на проектот „Создавање на администрација со која се управува на база на компетенции и е ориентирана кон изведбата на вработените". Во рамките на овој проект беше подготвена **Методологија за управување со човечки ресурски заснована на компетенции како и Анализа и подготовка на внатрешни процедури кои ја овозможуваат примената на компетенциите во администрацијата**. Приоритет на МИОА во наредниот период претставува воведување на Систем за управување со изведба (Performance Management System).

Со измените на Законот за државните службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 167/10) кои почнаа да се применуваат од 01.01.2011 година, се извршија суштински промени на процесот на оценување на државните службеници, при што периодот за оценување наместо една година е намален на шест месеци и надлежноста за собирање и обработка на податоците од оценувањето од Агенцијата за државни службеници премина во Министерството за информатичко општество и администрација. Како резултат на овие законски измена МИОА донесе и нов Правилник за начинот и постапката за оценување на државните службеници, содржината на извештаите и образецот за оценување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/11).

МИОА, согласно заклучокот на Комитетот за реформа на јавна администрација, формираше **Работна група** составена од претставници од институцијата, Агенцијата за администрација, Министерството за правда, Министерството за финансии, Бирото за развој на образованието при Министерството за образование и наука, и Сојузот на Синдикати на Македонија, **која ќе го дефинира оптималниот начин на оценување на службениците во Република Македонија** (начинот на оценување, временската рамка, поврзаноста на оценувањето со кариерата на службениците и финансиските импликации од оценувањето). Работната група ќе ги изготви новите решенија за промена на системот на оценување. По одобрувањето на промените од страна на Владата, ќе се направат измени во релевантните законски и подзаконски акти, ќе се спроведат обуки за нивно имплементирање во пракса, а паралелно со горенаведените активности, ќе обезбеди софтвер за електронско следење и анализа на оценувањето на службениците. На среднорочен план ќе се унапреди Регистарот за државни службеници преку креирање на е-досиеа за вработените во државната администрација.

Една од надлежностите на МИОА согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа и Законот за јавни службеници е водењето Регистар на јавни службеници. За таа цел донесен е Правилник за форма и содржина на обрасците за евидентирање на податоците за јавните службеници, ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 61/2011). Правилникот заедно со главата IX од Законот за јавни службеници е основа за формирање за "Регистарот на јавни службеници - РЈС",

Во тој контекст се направи софтверско решение за водење на база на податоци за јавните службеници. Во 2012 година ќе се продолжи со активностите за оспособување на системот за евиденција на јавните службеници во нововоспоставениот Регистар за јавни службеници. Во текот на 2012 година ќе се отпочне со издавање на податоците од РЈС.

Од 2011 година, Министерството за информатичко општество и администрација ја презеде и обврската за континуирано спроведување на генерички обуки на сите државни службеници.

Во однос на активностите за **Стратегијата за обуки** 2009-2011 се реализира подготовката на поединечни наставни програми за обука (курикулуми) за сите обуки предвидени со Годишната програма за генеричка обука на државните службеници за 2011 година ,освен курикулумот за новата "Обука за конзистентна примена на Законот за електронско управување".

Со поддршка на единицата формирана во рамките на ИПА проектот 2007 –„Техничка помош за Агенцијата за државни службеници", подготвен е документот за **Критериуми и стандарди за обука и упатството за употреба на истите**, каде селекцијата на обучувачи како посебна тема е дополнително разработена.

Во 2012 година ќе се пристапи кон подготовка на **Националниот систем за координација на стручното оспособување и обука на државните службеници во Република Македонија и Стратегија за обука на администрацијата во Република Македонија** 2012-2014. Во 2012 ќе се отпочне со активности за донесување на годишна програма за генерички обуки за 2013.

Во врска со понатамошното унапредување на координацијата за планирање на правичната застапеност во јавната администрација помеѓу МИОА и Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор (ССРД) во 2012 година ќе се формира меѓу-ресорска работна група составена од претставници од МИОА, ССРД и Агенација за остварување на правата на заедниците (АОПЗ). Целта на работната група ќе биде подготовка на Методологија за планирање на потребата од вработување според соодветна и правична застапеност во јавната администрација.

Со усвоените измени и дополнувања на Законот за општата управна постапка како особена придобивка за граѓаните отпочна воведувањето на **едношалтерскиот систем во јавната администрација**. Со едношалтерскиот систем доволно е граѓанинот да се обрати во институцијата, а службеното лице кое ја води постапката е должно по службена должност да ги прибави бараните податоци. Спроведувањето на

овој проект е во насока на поедноставување на процедурите кон граѓаните и воспоставување на администрација ориентирана кон крајните корисници.

Иницијативата „Граѓански дневник“ е одговор на барањето за решавање на проблемите со кои се среќаваат граѓаните во секојдневната интеракција со организациите или институциите кои обезбедуваат јавни услуги. „Граѓански дневник“ е предвиден како алатка за иницијативи и идеи со кои би се подигнало нивото на стандарди во давање на услуги и тоа на најсоодветен начин од страна на администрацијата. Преку инструментот Граѓански дневник ќе се воведе **Формулар за оценување на услугите од страна на корисниците**, кој преставува едноставен прашалник со кој граѓаните корисници на одредени услуги се прашуваа за начинот, брзината, временскиот рок за добивање на услугата и едновремено преставува можност за давање на предлог за унапредување на начинот на давање на услугите.

Во текот на 2011 година Агенцијата за администрација, воглавно, беше фокусирана на спроведување на надлежностите утврдени во Законот за државните службеници и оние кои произлегоа по отпочнување на примената на Законот за јавните службеници (24 април 2011) , особено во делот на постапките за селекција и вработување и одлучување по жалби и приговори на државните и јавните службеници, како второстепен орган.

Имајќи ги предвид стратешките приоритети во 2012 година, Агенцијата за администрација ќе продолжи со заложбите за: воспоставување на единствен и конзистентен систем на државна служба, преку проверка и одобрување на усогласеноста на актите за внатрешната организација и систематизација на работните места на органите на државната служба; понатамошно унапредување на воспоставениот систем за селекција и вработување на државен службеник и промовирање и развој на систем за селекција и вработување на јавен службеник, врз основа на принципите на стручност и компетентност и почитување на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците како и обезбедување на заштита на правата на државните и јавните службеници, кои произлегуваат од службеничкиот однос, одлучувајќи во втор степен по нивните жалби и приговори.

Во функција на еден од стратешките приоритети на Владата на Република Македонија – интеграција на Република Македонија во Европската Унија, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, како една од клучните институции носители на овој процес, и понатаму успешно ќе продолжи со реализација на низа мерки и активности кои во голема мерка ќе придонесат кон непречено имплементирање на овој стратешки приоритет. Имено, мерките и активностите кои Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија ќе ги спроведува ќе бидат насочени кон подобрување на процесот на транспарентноста и одговорноста на администрацијата како и понатамошно јакнење на административните капацитети за пристапување во Европската унија.

*Реформа на полиција*

Министерот за внатрешни работи го потпиша Актот за систематизација на работни места во Министерството за внатрешни работи. Во периодот февруари-март 2011 година, реализиран е процесот на оценување на вработените во Министерството. Согласно одредбите од Правилникот за обука во Министерството за внатрешни работи, ќе биде подготвена Стратегија за обука на вработените во Министерството за внатрешни работи, каде ќе бидат дефинирани целите и начелата за спроведување на обуката, системот на обука и целните групи кои ќе бидат опфатени со истата. Воедно, ќе биде уреден начинот на финансирање и ризиците што произлегуваат со воспоставувањето на системот за обука во Министерството.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи чијашто примарна цел е создавање на правен основ и можност Министерството за внатрешни работи да го прекине договорот за вработување на овластеното службено лице, по навршување на 40 години пензиски стаж, без оглед на неговите години на возраст, како и на работникот кој стекнал право на пензија да му следува еднократен надоместок во вид на отпремнина.[1]

Во текот на 2012 година ќе продолжи процесот на мониторинг на имплементација не само на Законот за внатрешни работи туку и на другите закони во надлежност на министерството. Формата и начинот на мониторинг ќе биде утврден на почетокот на 2012 година.

Во текот на 2012 ќе биде подготвен интерен акт со кој ќе се дефинираат општите нормативни стандарди кои мора да ги исполнат просториите за задржување во полициските станици, согласно кој ќе се направи анализа на постојните капацитети како и план за надминување на констатираните недостатоци, односно ќе се пристапи кон реновирање на дел од просториите за задржување.

И во изминатиот период продолжија обуките за припадниците на министерството[2]. Центарот за обука има посебен буџет во висина од 50569000 денари (822.000 евра). Во новиот буџет на Центарот за обука планирани се 36925961 денари (600.000 евра).

За потребите на процесот на реформа во полицијата беа одвоени 13456928000 (22.000.000 евра), додека за 2012 година се предвидени 1082323400 (17.600.000 евра).

Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди ќе изготви нова Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи Акциски план за реализација, како и Програма за работа на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во која ќе бидат опфатени обуките на вработените.

---

[1] Согласно одредбите од Законот за внатрешни работи во текот на 2011 година пензионирани се вкупно 330 Овластени службени лица вработени во Министерството, додека моменталната правична застапеност е следна: Вкупно вработени 11195, македонци 8813, албанци 1888, срби 182, турци 70, роми 72, бошњаци 28, останати 92

[2] Во Центарот за обука реализирани се 42 обуки, на кои учествувале вкупно 968 припадници на Министерството. Воедно во Центарот за обука организирани се 4 регионални во организација на ФБИ и СЕКИ Центарот, на кои земале учество 145 припадници од регионот.

**СУДСКИ СИСТЕМ** ***(види Поглавје** 23 –**Правосудство и фундаментални права)***

За натамошно зајакнување на независноста, непристрасноста, професионализација и транспарентноста на судството, во текот на 2012 година, ќе се продолжи со активности за реализација на новините во правната рамка во однос на изборот на судии, следење и оценување на работата на судиите според новите критериуми, системот на кариера во напредувањето на судиите, финансирањето на судството, како и активности за обезбедување полесен и побрз пристап на граѓаните до правдата.

Советот за судски реформи, кој е надлежен за следење на ефектите од реформите во правосудството, ќе продолжи со редовно одржување состаноци.

Поради натамошно утврдување на идните потреби од човечките ресурси во правосудството, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во јуни 2011 донесоа Стратегија за утврдување на бројот на судии и јавни обвинители (2011-2013), со која е планирано бројот на идните три генерации на слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители да изнесува 43 кандидати и за нејзина имплементација Судскиот Совет на РМ и Советот на јавни обвинители на РМ во наредниот период ќе подготват Програми за примена на критериумите за определување на бројот на судиите и јавните обвинители за 2014-2019.

Исто така, Судскиот совет на РМ и Советот на јавни обвинители во 2012 година ќе ги реализираат Плановите за избор на судии и јавни обвинители од II и III генерација кандидати од АСЈО, како и ќе преземат активности за реализација на планот за избор на јавни обвинители од четврта генерација.

Заради намалување на влијанието на извршната власт во судството, во јули 2011 год. беа усвоени измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, со кои е одземено правото на глас на Министерот за правда во Судскиот совет, како и измени и дополнувања на Законот за јавни обвинители, со кои Министерот за правда повеќе не е член на Советот на јавни обвинители. Судскиот совет и Советот на јавни обвинители од септември 2011 година ги одржуваат своите седници согласно овие измени.

Во текот на 2012 година, Судскиот совет на РМ месечно ќе известува за активностите во однос на изборот и разрешувањето на судиите, за јавните седници за расправање по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, како и континуирано ќе известува за постапките за нестручно и несовесно работење и дисциплинска одговорност, а ќе изготви и Извештај за следење и оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2011 година. Исто така и Советот на јавни обвинители, месечно ќе известува за активностите во однос на изборот, разрешување на јавни обвинители, додека во соработка со ЈОРМ континуирано ќе известува за постапки за нестручно и несовесно работење и дисциплинска одговорност. За уредување на статусот, правата, должностите, одговорностите на јавно-обвинителските службеници, како и системот на плати и надоместоци, во 2012 г. предвидено е да се донесе Законот за јавно обвинителска служба.

За натамошно унапредување на финансирањето на судството, донесена е Годишна програма за капитални инвестиции, чија реализација до декември 2011 изнесува 83,01 %. Буџетот на судската власт за 2011 год. во однос на 2010 год. е зголемен за 6.511.000 денари и изнесува 1,750,412,000 денари, додека во 2012 год. буџетот е зголемен за 1,87% ( или 32.721.000 денари) и изнесува 1.784.133.000 денари..

За имплементација на Законот за изменување и дополнување на Законот за судски буџет, во 2012 год. ќе се започне со постепено зголемување на судскиот буџет за 0,1%, се до достигнување на 0,8% од БДП до 2015 година.

Заради натамошно унапредување на планирањето и управувањето со судскиот буџет, ќе биде изготвена Анализа на тековните трошоци од работењето на судовите.

Целосно се реновирани 11 судски згради на основни судови[3], а во тек е изградбата на Кривичниот суд во Скопје, како и изградба на нова зграда на Јавното обвинителство.

За натамошна професионализација на судството преземени се активности за имплементација на Законот за Академија за судии и јавни обвинители, со донесување на сите подзаконски акти, изготвени се психолошки тестови, а во подготовка се и тестовите за интегритет. Академијата за судии и јавни обвинители, продолжи со спроведување на почетна и континуирана обука. Во однос на изборот на кандидатите од АСЈО, од 71 кандидати од I, II, III, генерација досега се избрани вкупно 51 кандидати (32 судии и 19 јавни обвинители). Четвртата генерација од 9 кандидати, ја заврши практичната обука на 18.11.2011 год. а во декември 2011 год. се спроведе завршниот испит. Академијата за судии и јавни обвинители во 2012 год. во соработка со Судскиот совет на РМ и Советот на јавни обвинители, ќе продолжи со активности за прием на петта генерација на кандидати за почетна обука, како и ќе продолжи со натамошна реализација на Програмите за почетна и континуирана обука на судии и обвинители, како и на судските и јавнообвинителските службеници.

Во насока на обезбедување на уставно загарантираното право на жалба во управните спорови, Вишиот Управен Суд се конституираше на 30 јуни 2011 г. и, за негово ефикасно функионирање избрани се 13 судии и Претседател на судот, како и екипиран е со 12 службеници.. За натамошно зајакнување на капацитетите на Управниот суд, избрани се 7 судии и Претседател на судот, со што вкупниот број на судии изнесува 29[4]. Преостанува да се изберат уште 3-ца судии. Исто така, вработени се нови 9 лица, така што вкупниот број на администрацијата изнесува 43 лица.

Во насока на зголемување на ефикасноста на правосудството, започнаа да се применуваат Законот за управување со судски предмети, измените на Законот за парнична постапка, како и измените и дополнувањата на Законот за извршување, чија имплементацијата ќе продолжи и во текот на 2012

[3] Во 2011 година заврши реновирањето на Основниот суд Битола.
[4] Согласно Систематизацијата на Управниот суд преостанува да се изберат уште 3-ца судии.

година. Исто така, во 2012 год. ќе се изготви Извештај за примената на Законот за извршување во однос на трансферот на извршните предмети и ќе се продолжи со именување на извршители за непополнетите извршителски места. Со цел следење на работата на судовите, ќе се изготват полугодишни извештаи за состојбата со совладување на приливот и намалување на заостатокот на предметите.

Во насока на подобрување на имплементација на медијација во граѓански и трговски предмети, во текот на 2012 година ќе се реализира МАТРА Проект за поддршка на унапредувањето на спроведувањето на медијацијата во РМ.

Со цел воспоставување на унифицирана судска статистика, донесена е Методологија за водење на унифицирана статистика врз основа на (Gojust) насоки во рамките на Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ), за чија имплементација во 2012 година, предвидено е да се реализира проект за набавка и тестирање на софтверска апликација за генерирање на табели и извештаи за работата на судовите, кои ќе бидат функционални од 2013 година.

По однос на реформата на казненото право, во текот на 2012 година, ќе се продолжи со реализација на активностите за имплементација на Законот за кривична постапка, преку донесување на измени на законите од аспект на усогласување со ЗКП, подзаконските акти, како и спроведување на обуки за судии, јавни обвинители, припадниците на Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција, Царинската управа и адвокатите. Исто така, ЈОРМ ќе донесе Одлука за формирање на истражен центар, како и ќе се преземат активности за зајакнување на кадровските капацитети на јавните обвинителства.

**АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА** *(види Поглавје 23 – **Правосудство и фундаментални права**)*

Во насока на зајакнување и подобрување на анти-корупциската политика, во текот на 2011 год. беа преземени активности за ефикасна имплементација на новите законски решенија, реализација на ГРЕКО Препораките од III круг на евалуација, зајакнување на меѓуинституционалната соработка за борба против организираниот криминал и корупција, како и подготовка на новата Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и за спречување на судир на интереси со Акцискиот план, со кои ќе се продолжи во текот на 2012 година.

Меѓу-ресорското тело за борба против корупција, кое ги следи и координира активностите против корупцијата во текот на 2012 година ќе продолжи со редовно одржување состаноци.

Во текот на 2011 година успешно се реализирани сите 13 ГРЕКО препораки од III круг на евалуација[5], во рамки на кои беа донесени Закон за измени и дополнување на Кривичниот законик; Закон за измени и дополнување на Изборниот законик и Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии, чија имплементација ќе продолжи и во текот на 2012 година. Исто така, спроведени се обуките за јакнење на капацитетите на судии, јавни обвинители и припадници на

[5] Група за борба против корупцијата на Советот на Европа.

полицијата, за активниот и пасивниот поткуп на домашни и странски арбитри опфатени преку концептот на службено лице, согласно Казнената конвенција за корупција на Советот на Европа, кои ќе продолжат во 2012 година. Министерството за правда во април 2012 година ќе ја информира Владата за заклучоците од Извештајот на ГРЕКО за усогласеност на Република Македонија со препораките од III круг евалуација. Република Македонија во текот на 2012 година ќе преземе активности за подготвка за Четвртиот круг на евалуација на Република Македонија од страна на ГРЕКО, на тема - Превенција на корупцијата по однос на членови на парламентот, судии и јавни обвинители.

За реализација на препораката на ЕК за системска проверка на содржината на изјавите за судир на интереси, во тек е донесување на Законот за измени и дополнување на Законот за судир на интереси, согласно кој ќе се донесе подзаконски акт со кој ќе се уреди начинот на проверката на содржината на изјавите за интереси, по што ДКСК континуирано ќе известува за извршените проверки на содржината на изјавите за интереси на избраните и именуваните лица и ќе постапува по предмети за можен судир на интереси.

ДКСК, ја донесе новата Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015. ДКСК континуирано ќе ја следи реализацијата на активностите предвидени во Акциониот план на Државна програма за превенција и репресија на корупцијата, и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015.

ДКСК во 2012 година ќе продолжи со проверка на податоците од анкетните листови за избраните и именуваните лица согласно воспоставениот систем за проверка, и Критериумите за начинот за определување на анкетни листови.

По однос на препораките во врска со финасирањето на парламентарните избори од јуни 2011 год. ДКСК изготви Информација за примената на законските прописи во предвремените парламентарни избори 2011 год. Државниот завод за ревизија,во периодот септември - декември 2011 година изврши ревизија на финансиските извештаи на 17 политички партии (кои учествуваа на предвремените парламентарните избори јуни 2011 г.) за што во јануари 2012 година ќе изготви Извештај со препораки од извршени ревизии на политичките партии кои ќе ги објави на својата веб страна. Исто така во 2012 година ќе изврши ревизии на политичките партии од аспект на спроведување на препораките. Воедно, согласно последните измени на Законот за финансирање на политички партии, Државниот завод за ревизија ќе има надлежност да врши надзор над материјално-финансиското работење на политичките партии и во случај на утврдени неправилности во годишниот финансиски извештај на политичката партија, ќе може да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена од денот на утврдување на неправилностите.

Во 2012 година ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за спречување на корупција, со цел да се уреди систематска и институционална заштита на лицата кои сакаат да пријават случаи на корупција, како и прашањето за интегритетот.

Согласно препораките од Извештајот на Европската комисија за остварениот напредок на Република Македонија, ќе се направат измени на Законот за следење на комуникациите кои се однесуваат на овластувањето на Министерот за внатрешни работи во делот на следењето на комуникациите.

Со цел спроведување на одредбите за проширена конфискација и незаконско збогатување од Законот за измени и дополнување на Кривичниот законик во текот на 2012 година, АСЈО ќе продолжи со спроведување на обуки на овие теми за судиите и јавните обвинители. Воедно, ќе се следи и известува за евентуални случаи на проширена конфискација и незаконско збогатување.

Ќе се продолжи со реализација на активностите за имплементација на Законот за кривична постапка, преку донесување на потребните измени на законите од аспект на усогласување со ЗКП, донесување на подзаконските акти, а ќе донесе Одлука за формирање на истражен центар, како и ќе се преземат активности за зајакнување на кадровските капацитети на јавните обвинителства.

## 1.2. **ЧОВЕКОВИ ПРАВА И ЗАШТИТА НА МАЛЦИНСТВАТА** *(за повеќе информации да се види во делот 3.23.3 Фундаментални права)*

### 1.2.1 **Почитување на меѓународно право за човекови права**

Во текот на 2011 година беше ратификувана Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол на Конвенцијата како и ревидираната Европска социјална повелба. Република Македонија и во наредниот период ќе продолжи со натамошно усогласување на националното законодавство со меѓународните инструменти за човекови права со ратификацијата на Европската повелба за регионални или малцински јазици.

Ќе продолжат активностите за јакнење на националниот систем за навремено и ефективно извршување на одлуките на ЕСЧП. Во насока на јакнење на знаењата за меѓународнотот право за човекови права ќе продолжат обуките поврзани со Европската Конвенција за човекови права кои се спроведуваа во изминатиот период. Продолжи практиката на преведување, објавување и доставување на одлуките на ЕСЧП до судиите и институции вклучени во конкретниот предмет.

Согласно законските одредби беше формирано Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права.

### 1.2.2. **Граѓански и политички права**

Предвидено е админстративно јакнење на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди(СВКПС) при Министерството за внатрешни работи и отпочнување на отворени денови за граѓаните на кои ќе можат да се информираат за основните човекови слободи и права при примена на полициски овластувања, како и да даваат конкретни забелешки и сугестии. Предвидено е опремување на секторот со опрема за самостојно обезбедување на докази за сторители извршители на кривични дела од редовите на полицијата и министерството. Ќе продолжи соработката со Народниот правобранител и невладиниот сектор, и одржувањето на заеднички обуки на истите.

Отпочна судската постапка против членот на полициската единица Тигри за сторено убиство за време на пост-изборниот собир во Скопје.

Во областа на реформата на затворскиот систем, континуирано се реализираат активности за изградба, реконструкција, и опремување на пенитенцијарните установи, како и активности за подобрување на третманот со осудените лица. Комплетно е завршено реновирањето на петтото крило во КПД Идризово и стражарските кули додека за второто крило во тек е постапка за негово реновирање.. Во текот на 2012 година како и на среден рок, ќе се продолжи со активностите за изградба на нови објекти во КПД Идризово, нов ВПД Тетово, доградба на затворот Куманово и реновирање и изградба на затворот Скопје[6].

Беа преземени мерки кои се однесуваат на психосоцијален третман на осудени лица кои злоупотребуваат дрога, а се на издржување казна затвор во КПД Идризово. Ќе биде изготвена Програма за третман и ќе биде изготвена Стратегија за здравствена заштита во казнено-поправните и воспитно-поправните установи со цел подобрување на здравствената заштита на осудените лица. Беа преземени повеќе активности за јакнење на административните капацитети, како обуки за директорите и раководните лица во затворите, обуки за раководителите на секторот за обезбедување и секторот за ресоцијализација, подготовка на процедури и Протоколи за постапување на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи. Управата за извршување на санкциите ќе продолжи со спроведување на задолжителните обуки на вработените во КПУ и ВПУ, како на краток, така и на среден рок. До средината на 2013 година ќе биде изготвена Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Македонија. Ќе продолжат и активностите за сузбивање на организираниот криминал и корупција во казнено-поправните установи и спроведувањето на редовни, вонредни и контролни надзори. До крајот на септември 2012 година, ќе биде изготвен Прирачник за вршење на стручно-интрукторскиот надзор.

До средината на 2013 година ќе се развие ефективна рамка за затворскиот систем преку изработката на Национална Стратегија за развој на затворскиот систем во Република Македонија. Во наредниот период ќе продолжи и имплементацијата на останатите активности предвидени со ИПА Проект 2009 “Градење на

[6] Вкупниот износ изнесува 52 милиони евра, обезбедени од Банката за развој при Советот на Европа, Буџетот на Република Македонија.

капацитетите на инстутуциите за спроведување на законот за соодветен третман на притворени и осудени лица" и ИПА Проект 2010 "Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативни мерки".

По однос на препораката на Европскиот парламент од 2007 година за следење на случајот на наводен вонсудски притвор на Калед Ел Масри, по барање на адвокатот на тужителот, кој се наоѓа на издржување казна затвор во Германија, од каде што треба да биде пуштен во февруари 2012, ќе се чека на негово сведочење и понуда на доказен материјал за тврдењето.

Продолжи да се имплементира Законот за бесплатна правна помош. Беа изготвени измени на Законот за бесплатна правна помош заради вклучување на барателите на азил во категоријата на корисници на правото на бесплатна правна помош. Во Регистарот на организации кои даваат бесплатна правна помош, регистрирани се вкупно 4 организации.

Во однос на слободата на изразување, во септември 2011, Владата и Здружението на новинари на Македонија отпочнаа дијалог за прашања поврзани со работата на медиумите. Формирана е работна група која подготвува Акционен план со мерки за потребните законски измени, правилната имплементација на законите, концентрацијата на медиумите, декриминализацијата на клеветата и сите други релевантни прашања од областа на медиумското работење. Согласно Каталогот за задолжителна континуирана обука на Академијата за обуки на судии и јавни обвинители за периодот септември-декември 2011 беа одржани обуки за судиите и јавните обвинители за јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права, за слободата на изразување.

Во однос на слободата на мисла, совест и религија, континуирано се имплементира Законот за цркви, верски заедници и религиозни групи.

Учеството на граѓанскиот сектор во процесот на донесување одлуки и понатаму ќе се поддржува преку имплементација на Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор. Во согласност со Законот за здруженија и фондации, во првиот квартал од 2012 година предвидено е формирање на Комисија за доделување на организациите статус од јавен интерес.

1.2.3 **Економски и социјални права** ( да се види и *Поглавје 3.19 –Социјална политика и вработување* )

Во насока на натамошна хармонизација со европското законодавство во наредниот период ќе се донесе и ќе започне имплементацијата на Законот за еднакви можности на жените и мажите[7]. Во текот на 2012 ќе продолжат напорите за имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-

---

[7] Новиот Закон транспонира одредби од Директивата 2002/73/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот за спроведување на принципот на еднаков третман на жените и мажите што се однесува до пристапот до вработување, стручна подготовка и унапредување и до работните услови, Директивата 2000/78/ЕЗ на Советот на ЕУ за воспоставување на општа рамка за еднаков третман во вработувањето и занимањето и Директивата 2004/113/ЕЗ на Советот на ЕУ за спроведување на принципот на еднаков третман помеѓу мажите и жените во пристапот и обезбедувањето на добра и услуги

2012, а ќе биде донесена и Стратегија за родова рамноправност. Заради поефикасна имплементација на регулативата и програмите од областа на родовата рамноправност, ќе биде формирана меѓу- ресорска советодавна група за еднакви можности на жените и мажите. Ќе продолжат активностите за јакнење на соработката и координацијата со единиците на локалната самоуправа и механизмите за еднакви можности на жените и мажите на национално и локално ниво.

Во насока на внесување на родовиот концепт во буџетските политики, ќе се изработи Стратегија за родово одговорно буџетирање. Ќе се изработи Национален Акциски план за имплементација на Резолуција 1325 на ОН за промовирање и унапредување на учеството на жените во креирање на мировни политики и нивна поголема вклученост во телата каде се носат одлуки како и промовирање на нивната улога во мировните процеси и мирното разрешување на конфликтни ситуации. На среден рок ќе се евалуира постоечкиот Национален План за акција за родова рамноправност (2013-2017) и ќе се јакнат капацитетите на механизмите за родова рамноправност на национално ниво.

Беше усвоен вториот Национален Акциски план за унапредување на општествената положба на Ромската жена, а беа реализирани и работилници за активните мерки за вработување, правата од здравствена и социјална заштита и остварување на човековите права, спречување и заштита од дискриминација.

Во текот на 2011 година, воспоставен е мултисекторски координиран пристап во заштитата на жртвите на семејно насилство преку изготвувањето на Заедничкиот протокол за постапување во случај на семејно насилство. На локално ниво формирани се 30 локални координативни тела кои работат на превенција и на практична имплементација на Протоколот за постапување на професионалните структури. Континуирано се имплементира Програмата за економско јакнење на жртвите на семејно насилство[8] , а преку обуки континуирано се зајакнуваат капацитетите на стручните работници[9]. Врз основа на добрите практики на советувалиштето за работа со сторители на семејно насилство во Скопје отворено во текот на 2011 година, понатаму ќе се отвараат вакви советувалишта и во останатите градови на територијата на РМ. За подигнување на јавната свест за пријава на семејно насилство во 2011 година отпочна националната кампања за семејно насилство под логото "Заедно да излеземе од мракот на насилството. Во текот на 2012 година ќе се ревидира Националната Стратегија за заштита од семејно насилство за периодот 2012-2015 година и ќе се спроведат национално истражување за застапеноста на семејното насилство кај старите лица како и национално истражување за утврдување на застапеноста на семејно насилство на целата територија на Република Македонија.

Во областа на правата на децата, за целосна имплементација на Законот за малолетничка правда ќе се работи на подобрување на квалитетот на грижата и заштита на децата во ризик и малолетните сторители

[8] Во 2011 година аплицираа 115 жени жртви на семејно насилство од кои 29 успешно се вклучени во програмата
[9] Обуките се посетени од претстаници од полиција, центри за социјална работа, судии/јавни обвинители - Вкупни 120 професионалци учествуваа на обуката

на кривични дела. Предвидено е отварање на мали групни домови како нова форма за третман и заштита на овие лица на локално и национално ниво.

Во 2012 година ќе продолжи имплементацијата на Акцискиот план за превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија 2009-2012 година и ќе се направи ревидирање на истиот согласно со резултатите добиени од истражувањето за состојбата со сексуалната злоупотреба на деца и педофилијата во Република Македонија. Дополнително, ќе се отпочне медиумска кампања за сензибилизирање и подигање на јавната свет за овој проблем. Исто така, ќе се настојува да се унапреди координираниот систем на соработка помеѓу владините институции, како и соработката помеѓу владините институции и невладините организации кои ја покриваат оваа проблематика.

Во насока на намалување на појавата на деца на улица, ќе се прошири мрежата на транзитни центри за деца на улица во општина Охрид, а ќе се отвори и дневен центар за деца на улица во во општина Прилеп. Ќе се работи на јакнење на професионалните капацитети на стручните лица кои работат со деца на улица и на зголемување на превентивните активности во насока на намалување на ризикот за економска и физичка злоупотреба на децата. Ќе продолжат и обуките на стручните работници во Центрите за социјална работа.

Заради подобрување на квалитетот на грижата и заштитата на деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела ќе се работи на отварање на мали групни домови за деца со воспитно –социјални проблеми и пријатни простории за деца во сите Центри за социјална работа.

До крајот на март 2012, во насока на усогласување на националното законодавство со Конвенцијата на обединетите нации за правата на детето, ќе се изврши ревидирање на националниот план за акција за правата на децата 2006-2015 година.

Во врска со социјално ранливите лица и/или лица со пречки во развојот, континуирано се имплементираше Ревидираната Национална стратегија за изедначување на правата и можностите на лицата со инвалидност 2010-2020.

Во рамките на реализација на процесот на деинституционализација во текот на 2012 и 2013 година се планира отворање на служби во Скопје и во регионот Неготино-Кавадарци - Велес. Во наредниот период претстои отварање на 1 дневен центар за деца со аутизам во Скопје и 1 дневен центар во општината Струмица за подигнување на грижата за децата со пречки во развојот, додека на среден рок пак е предвидено отварање на вакви дневни центри во општините Кратово, Валандово и Липково.

Во областа на анти-дискриминациската политика, беа реализирани обуки за обучувачи кои обучија околу 300 претставници од едниците на локалната самоуправа и месните заедници. Беа организирани тркалезни маси во општините и основните ушилишта заради информирање на граѓаните за концептот, основите и видовите на дискриминацијата,како и за теми поврзани со насилството врз жената, трговијата

со луѓе и родовата рамноправност. Комисијата за заштита од дискриминација стана целосно оперативна и почна да постапува по поднесените преставки. Од вкупно доставените 57 претставки, по 25 веќе е донесено мислење[10], по останатите претставки постапката е во тек. Континуирано беа преземани активности за подигнувањето на јавната свест за проблемот на дискриминација преку редовно медиумско претставување, печатење и дистрибуција на промотивен материјал и воспоставување на интернет страница на Комисијата www.kzd.mk. Воспоставена е редовна соработка со Народниот правобранител на РМ, со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во рамки на Собранието на РМ, со Министерството за труд и социјална политика, со комисиите за еднакви можности во рамки на единиците на локалната самоуправа, како и со сите останати релевантни чинители во ова поле.Беа усвоени и Деловник и Стратешки план за работењето на Комисијата. Во наредниот период ќе биде изработена база на податоци за примените претставки врз основ на дискриминација.

Подготвена е Националната стратегија за еднаквост и недискриминација по основ на пол, етничка припадност, лица со различна возраст и лица со посебни потреби која го покрива периодот 2012-2015.

1.2.4 **Почитување и заштита на малцинствата**, **културни права**

Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор продолжи со преземање на активности насочени кон унапредување на правичната застапеност на преставниците на сите етнички заедници, процесот на децентрализација, употреба на јазикот на немонозинските заедници и образовниот систем.

Беше одбележана 10 годишнината од потпишувањето на Охридскиот Договор на која беше потврдена цврстата определба за продолжување со целосно спроведување на сите нормативни акти произлезени од Охридскиот договор. Во претстојниот период ќе биде усвоен Стратешкиот план на Секретаријатот за периодот 2012-2014.

Во насока на подобрување на правичната застапеност во државната и јавната администрација, во текот на 2011 реализирани се два огласа од 2010 година за вкупно 79 државни службеници. Во тек се огласите за 328 државни службеници од кои 250 наменети за припадници на помалите етнички задници. Во наредниот период во соработка со Министерството за информатичко општество ќе се работи на развој на план за усогласување на понудата и побарувачката на вработувањата по К5 програмата со цел истите да одговараат на вистинските потреби на вработувањето во органите на управата.

Донесени се измените на Законот за употреба на јазикот што го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа[11]. Во текот на 2012 ќе биде усвоен

---

[10] Од тие 25 поднесени претставки, Комисијата постапуваше по 10, од кои во 5 случаи утврди дискриминација, додека во 5 – не утврди. По 15 претставки, Комисијата не постапуваше, врз основа на членот 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација

[11] Службен весник на Републик Македонија, бр.100/2011

Акциски план за употребата на јазиците. Дополнително, беа усвоени и измени на Законот за употребата на знамињата[12].

Со цел промовирање на меѓуетничките односи согласно рамковниот договор, беа доделени 11.000.000,00 денари за програмски активности на здруженија и фондации.

Беа преземени напори за промоција и имплементација на Стратегијата за интегрирано образование.Секретаријатотот за спроведување на рамковниот договор има формирано работна група која ќе ја разгледа Стратегијата за интегрирано образование и ќе се надминат несогласувањата околу втората тематска група.

Продолжи да се спроведува Проектот за подобрување на меѓуетничките односи кој се имплементира во Куманово, Кичево и Струга. Формиран е форум меѓу единиците на локалната самоуправа и бизнис заедницата на трите општини, спроведени се обуки за законите кои ги тангират помалите заедници, спроведени се обуки за подобрување на координацијата и комуникацијата меѓу централната власт, единиците на локалната самоуправа, граѓанскиот сектор и медиумите.

Во изминатиот период продолжија напорите во областа на инклузија на Ромите. Република Македонија го презеде претседателството со Декадата за инклузија на Ромите. Беше одржан и работен состанок на тема Инклузија на Роми и Роми бегалци, во соработка помеѓу претставниците на Европската комисија, релевантните национални институции, меѓународната заедница и локални невладини организации. Оперативните заклучоци од истиот беа преточени во соодветен акциски план за подобрување на инклузијата на Ромите и Ромите бегалци. По усвојувањето на планот од страна на Владата имплементацијата на истиот редовно ќе се мониторира. Во буџетот за 2012 година обезбедени се средства за имплементација на Декадата за Ромите во вкупен износ од 45.990.000,00 МКД[13]. За претседавањето со Декадата пак, обезбедени се 1.800.000,00 МКД.

Во рамки на активностите кои се спроведуваат за вработувањето, изготвен е нов Оперативен план за активни програми и мерки за вработување 2012-2013 година. Во сите предвидени програми и мерки за вработување од Оперативниот план за 2012 - 2013 како целна група се вклучени Ромите. Вклучувањето на Ромите во програмите и мерките од Оперативниот план ќе се реализираат во соработка со АВРМ и РИЦи.

Во делот на образование на Роми, продолжува имплементацијата на Проектот „Инклузија на деца-Роми во детски градинки“ во учебната 2011/12 година.Предвидени се активности за подобрување на капацитетите на родителите-Роми, чии деца се вклучени во проектот, подобрување на социјалните и јазичните вештини на децата-Роми како и вклучување на локалните власти во подобрувањето на

[12] Службен весник на Република Македонија, бр.100/2011
[13] од кои 28.609.000,00 МКД буџетски средства и дополнителни 15.581.000, 00 МКД

интеграцијата на деца-Роми. Продолжи имплементацијата на Проектот за стипендирање и менторирање на ученици Роми од 1-ва до 4-та година средно образование. Во учебната 2011/12 година беше обезбедена финансиска поддршка на 600 ученици.

Во делот на здравство, отпочна имплементација на програма за ромски здравствени медијатори. Активностите во идниот период ќе бидат насочени кон градење на капацитетите на 16 ромски здравствени медијатори во 8 општини.

Во делот на инфраструктура, ќе продолжи имплементацијата на потпишаните Меморандуми со единиците на локалната самоуправа.

Во моментот функционираат 9 Ромски информативни центри, а во периодот што претстои ќе биде отворен дополнително уште еден РИЦ во Скопје. Ќе биде испечатен промотивен материјал за ромската заедница во однос на функционирањето и улогата на мобилните правни канцеларии. Ќе се продолжи со обуките за градење на капацитетите на вработените во РИЦи.

Во рамките на ИПА 2008 "Поддршка на имплементацијата на Стратегијата на Роми", во насока на јакнување на оперативните координативни структури на национално и на локално ниво за имплементирање на Стратегијата за Ромите, ќе продолжи спроведувањето на обуки за градење на капацитетите на релевантните страни[14], зајакнување на дијалогот со граѓанското општество и промовирање на приоритетите на Стратегијата за Ромите како дел од националните и секторските политики. Дополнително, постоечките локални акциони планови, ќе бидат ревидирани и ќе се обезбеди финансиска поддршка за имплементација на нивните приоритети.

Во рамки на претседателството на Република Македонија со Декадата на Роми 2005-2015, предвидено е одржување на регионална конференција за проблемот на лица без документи како follow – up по однос на добиените препораки од реализираната конференција "Овозможување на пристап на Ромите до документи за лична документација – регионален предизвик", реализирана во Јуни 2010, година.

Отпочна акција за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги. Во правата фаза од решавање на овој проблем, фокусот ќе биде ставен на лицата кои воопшто ги нема во евиденација, додека во втората фаза ќе бидат опфатени лицата кои немаат лични документи, регулирано државјанство или се со статус на странци.

---

[14] вработените од Одделениот за имплементација на Стратегијата и Декадата на Ромите и кабинетот на Министерот без ресор, членовите на Националното координативно тело, претставници на целните општини, вработените во РИЦ-овите и НВОи

## 1.3. РЕГИОНАЛНИ ПРАШАЊА И МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

Република Македонија, во рамките на својата проактивна политика за развој на добрососедските односи и регионалната соработка, ќе продолжи со засилен ангажман во насока на натамошно унапредување и збогатување на соработката како на билатерален план, така и во контекст на регионалните иницијативи.

Во соработката, акцент ќе стави на:

- Унапредување на политичката соработка на сите нивоа, вклучително и на експертско ниво, во функција на процесите на европските интеграции, а особено на прашањата од поширок регионален интерес, како што се: прекуграничната соработка, транспортот и енергетиката, заштитата и унапредување на животната средина, борбата против организираниот криминал, борбата против корупција, полициската и царинската соработка, нелегалната трговија со луѓе, илегалната миграција и реадмисијата, управувањето со границите и здравствената заштита.
- Промоција на соработката во рамките на Процесот за стабилизација и асоцијација со Европската унија, преку потпишување соодветни билатерални спогодби со земјите кои склучиле Спогодба за стабилизација и асоцијација со Европската унија.
- Имплементација на приоритетите во рамките на Процесот за соработка со Југоисточна Европа (ПСЈИЕ), Советот за регионална соработка (СРС), Централно-европската иницијатива (ЦЕИ) и SECI/SELEC – центарот во Букурешт.
- Продолжување на активностите во рамките на ЦЕФТА – Централно Европски Договор за слободна трговија (Central European Free Trade Agreement), учество во активностите и настаните во рамките на Енергетската заедница за Југоисточна Европа и интензивирање на активностите за исполнување на обврските од Договорот за основање на енергетската заедница, Договорот за единствена европска воздухопловна област (ECAA), како и учество во преговорите за Транспортна заедница.
- Зајакнување на соработката во рамките на трилатералните (погранични) проекти.
- Република Македонија продолжува да биде активен и конструктивен актер на регионален план, давајќи суштински придонес за натамошно продлабочување на добрососедските односи, регионалната соработка и зајакнување на регионалната безбедност. Македонија претседава/раководи со неколку регионални проекти/центри – МАРРИ (Migration, Asylum, Refugees Regional Initiative), RACVIAC (Center for Security Cooperation), Здравствената мрежа на земјите од ЈИЕ, Секретаријатот на Мрежата на асоцијациите на локални власти на ЈИЕ (NALAS), Постојаната работна група за регионален рурален развој (SWG), а со свои претставници партиципира и во Советот за регионална соработка и СЕКИ. Во 2011 година, Македонија беше претседавач на

Европскиот форум за намалување на ризици од катастрофи (European Forum for Disaster Risk Reduction - EFDRR).

Република Македонија изрази интерес за членство во Јадранско- јонската иницијатива, во април 2011 година, за време на црногорското претседавање со истата. Во периодот од јуни 2012 до јуни 2013 година, Република Македонија ќе го преземе претседавањето со ПСЈИЕ, а тековно е дел од Управувачката тројка на ПСЈИЕ.

Во односите меѓу Република Македонија и **Република Албанија**, во овој период, посебно внимание се посветува на инфраструктурните проекти, патното и железничкото поврзување, Коридорот 8, енергетското поврзување, интензивната и конструктивна соработка во рамките на регионалните иницијативи и меѓународните институции и организации, особено во областа на евроинтегративните процеси. Министерот за надворешни работи на Република Македонија и Заменик премиерот и министер за надворешни работи на Република Албанија, на 14 декември 2011 година во Тирана потпишаа Спогодба за измени и дополнувања на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Република Албанија за заемни патувања на граѓаните, потпишана во 2008 година со што ќе се овозможи граѓаните на двете држави да влегуваат, излегуваат, транзитираат и краткорочно престојуваат до три месеци во секој шестмесечен период, сметано од денот на првото влегување, со важечки биометриски лични карти.

Се одржува позитивниот тренд на развој на билатералните односи со **Република Косово**. Република Македонија редовно ја реафирмира подготвеноста да ги пренесе своите искуства од евроинтегративниот процес. Заемен приоритет е унапредување на економската соработка, особено во областа на енергетиката, инфраструктурата и транспортот.

Се очекува отворање на новиот регионален граничен премин Белановце-Станчиќ, проширување на инфраструктурната мрежа (автопатот Скопје – Приштина), енергетско поврзување (далноводот Скопје – Приштина) и модернизација на граничните премини Блаце и Јажинце. Соработката меѓу двете земји е збогатена со потпишување на бројни договори од области од интерес за двете држави.

Во билатералните односи меѓу Република Македонија и **Република Србија** се бележи отворањето на новиот граничен премин, а беше потпишана и спогодба за преминување на границата со биометриски лични карти. Република Македонија иницираше склучување на спогодба за соработка со Србија во контекст на процесот на пристапување во ЕУ.

Во однос на економската билатерална соработка предвидено е и отпочнувањето со работа на Канцеларијата на Стопанската Комора на Република Србија во Република Македонија.

Република Македонија има цврста определба за развој на добрососедските односи и билатералната соработка со **Република Грција** врз принципите на взаемна доверба и почитување. Република

Македонија е заинтересирана за интензивирање на политичките контакти и дијалогот со Република Грција, со цел да се изнајде взаемно прифатливо решение за наметнатиот спор од страна на Грција, под покровителство на ОН.

Во 2011 година Република Македонија и **Република Бугарија** потпишаа Меморандум за соработка во европската и евроатлантската интеграција, беше отворен Заедничкиот контакт центар за полициска и царинска соработка, стапи во сила Договорот меѓу двете земји за економска соработка, а од почетокот на 2011 година, трговијата со индустриски производи меѓу двете земји е целосно либерализирана.

И двете земји ја демонстрираат својата подготвеност за конкретни активности во сферата на економските, инфраструктурните и енергетските проекти од значење за двете земји и регионот.

Во однос на билатералните односи со **Црна Гора** се бележи потпишување на Договор за соработка во контекст на процесот на пристапување во ЕУ меѓу владите на двете земји.

Наредната година се очекува потпишување на спогодба меѓу владите за преминување на границата со биометриски лични карти. Интензивирањето на билатералните односи и соработка меѓу двете земји ќе продолжи и во наредниот период, особено на економски план, со организирање бизнис форуми како и заеднички настап по однос на прашања од витален регионален интерес.

Односите меѓу Република Македонија и **Босна и Херцеговина** ги карактеризира редовно одржување на средби и контакти на сите нивоа, а интензивирани се билатералните консултациите на експертско ниво.

Во наредниот период, по конституирање на Советот на министри на Босна и Херцеговина, се очекува продлабочување на односите и соработката и преземање на предвидените активности, особено на планот на потпишување на веќе усогласени договори/спогодби, како и организирање на бизнис форумот.

Билатералните односи со **Република Хрватска** во континуитет се оценуваат како многу добри. Двете страни одржуваат редовен дијалог и разменуваат искуства во однос на постигнувањата во спроведувањето на реформите, заради исполнување на критериумите за членство. Се одржуваат редовни билатерални средби на политичко, државно, парламентарно, економско и културно ниво.

Македонија го поздравува успешното финализирање на преговорите за полноправно членство на Хрватска во ЕУ и има интерес за натамошен континуитет во комуникацијата и споделувањето на хрватските искуства од пристапниот и преговарачкиот процес. Во наредниот период се очекува интензивирање и на економско-трговските односи.

Односите со **Република Турција** се на високо ниво и нив ги карактеризира дух на пријателство, како и силна определба за натамошно меѓусебно разбирање, висок степен на доверба и отсуство на отворени или спорни прашања, како и успешна соработка во сите области од заемен интерес. Квалитетот на односите меѓу двете земји во повеќе сегменти достигнува степен на стратешко партнерство.

Во наредниот период двете земји ќе продолжат со редовни билатерални консултации и размена на искуства, меѓу другото, во врска со прашањата од процесот на интегрирање во ЕУ. Акцентот ќе биде ставен и на економската соработка. Во 2012 година, меѓу другото, се очекува отворање на Културно-информативни центри на Република Македонија во Истанбул и на Република Турција во Скопје.

## МЕЃУНАРОДНИ ОБВРСКИ

Република Македонија продолжи и понатаму целосно да соработува со **Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија**. Собранието на Република Македонија на 19 јули 2011 донесе автентично толкување на член 1 од Законот за амнестија. Се применува на сите сторители на кривични дела поврзани со конфликтот во 2001, заклучно со 26 септември 2001, освен за лицата кои извршиле кривични дела поврзани и во врска со конфликтот во 2001 година, а против кои Меѓународниот трибунал за гонење на лица одговорни за тешко кршење на меѓународното хуманитарно право на територијата на поранешна Југославија од 1991 година, повел постапка. Со ова беа затворени четирите предмети вратени од Трибуналот.

При склучувањето на билатералниот договор со САД за изземање на американските граѓани од јурисдикција на Меѓународниот кривичен суд, Република Македонија ги имаше предвид насоките на ЕУ од септември 2002. Спогодбата е склучена на нерицппрочна основа, односно се однесува само на државјаните на САД и не влијае врз обврските кои Македонија ги презеде со ратификацијата на Римскиот статут. Спогодбата не ја исклучува можноста на евентуалните извршители на кривични дела да им биде судено во Македонија или тие да бидат предадени на САД на натамошна постапка. Согласно насоките на ЕУ, со Спогодбата се предвидува можност за нејзино раскинување, по барање на една од страните потписнички.

## II **ЕКОНОМСКИ КРИТЕРИУМИ**

### 2.1. **ПОСТОЕЊЕ НА ФУНКЦИОНАЛНА ПАЗАРНА ЕКОНОМИЈА**

**Макроекономска стабилност**[15]

Одржувањето на макроекономската стабилност и поставувањето на економскиот раст на здрави одржливи основи, како и водењето на координирана фискална и монетарна политика, остануваат императив и во наредниот среднорочен период.

[15] Деловите кои се однесуваат на БДП, пазарот на труд и јавните финансии се проекции на Министерството за финансии, додека делот за монетарната политика, инфлацијата и надворешниот сектор се проекции на Народна банка на Република Македонија.

Макроекономската политика во наредниот среднорочен период ќе биде насочена кон понатамошно подобрување на деловното окружување, даночна и царинска политика во функција на поддршка на економскиот раст, привлекување на странски директни инвестиции и поттикнување на инвестициската активност, како и развој на човечкиот капитал и економската инфраструктура на земјата.

Со макроекономската политика во периодот 2012-2014 година се обезбедуваат услови за зголемена економска активност преку одржлива фискална политика, која во координација со монетарната политика ќе придонесе за постигнување одржливост на екстерната позиција на земјата и обезбедување ниво на инфлација кое ќе ја поддржи економската активност во земјата. Макроекономската политика во наредниот период ќе претставува гаранција за одржлив економски раст на Република Македонија преку одржливо ниво на јавен долг и умерено ниво на буџетски дефицит, во комбинација со стабилен девизен курс.

**Монетарна политика**

Монетарната политика и во 2012 година ќе биде фокусирана на одржување на ценовната стабилност, како составна компонента на макроекономската стабилност, преку одржување на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото. Како континуитет на 2011 година, и 2012 година ќе биде придружена со голема неизвесност во однос на глобалните движења и актуелните проблеми во евро – зоната. Во овој контекст, основните предизвици на монетарната политика во 2012 година се поврзани со неизвесноста во однос на должничката криза во евро - зоната и нејзиното влијание врз растот на ЕУ, како наш најзначаен трговски партнер, како и преносното влијание врз домашниот економски раст, движењата на девизниот пазар и потенцијалните екстерни влијанија врз инфлацијата. Следствено, макроекономските политики и во 2012 година ќе бидат насочени кон редовно следење на движењата во домашната економија и меѓународното окружување и по потреба ќе се преземаат мерки во насока на одржување на макроекономската стабилност.

**Инфлација**

Во 2012 се очекува значително забавување на растот на цените, при проектирана стапка на инфлација од околу 2%. Проекцијата за 2012 година е заснована врз претпоставката за намалување на цената на нафтата и на храната, како и на релативно пониска странска инфлација. Ваквите претпоставки се во согласност со очекуваните движења на глобалната економија. Дополнително, проекцијата на инфлацијата за 2012 година вклучува и зголемување на цената на електричната енергија и парното на почетокот на годината. Во контекст на пониската стапка на инфлација споредено со претходната година, треба да се има предвид и високата споредбена основа, особено од првата половина на 2011 година. Во 2012 година не се очекуваат притисоци од страна на домашната побарувачка, односно динамиката на инфлацијата ќе биде условена главно од фактори на страна на понудата. Монетарната политика, како и досега, ќе биде насочена кон одржување на стабилноста на девизниот курс, како номинално сидро кое е во функција на одржување на ценовната стабилност.

Ризиците за проекцијата на инфлацијата за 2012 година се главно надолни и се однесуваат на актуелните финансиски проблеми во евро-зоната, кои наметнуваат неизвесност во поглед на идната траекторија на светските цени и нивниот пренесен ефект врз домашните цени. Воедно, евентуалната реализација на негативните ризици за економскиот раст на домашната економија би довеле до дополнителен надолен притисок врз цените.

Во следните две години, 2013 - 2014 година, се очекува инфлацијата да биде релативно ниска и стабилна, при што би се движела околу 2%. На среден рок, движењето на инфлацијата ќе биде под влијание на движењето на светските цени на основните производи, но и на динамиката на економската активност во домашната економија.

**Економска активност**

Надворешните фактори во 2012 година се очекува да имаат поумерен придонес врз економскиот раст. Врз овие основи, економскиот раст во Република Македонија за 2012 година се очекува да изнесува околу 4,5%. Растот на БДП се очекува да биде придвижен од домашната побарувачка. Бруто инвестициите се очекува да остварат највисока стапка на раст, проектирана на ниво од 8,5%, при што фискалната политика преку планираното зголемување на капиталните расходи се очекува значително да придонесе врз растот на инвестициите во економијата. Во тие рамки, планирани се инвестиции во патната и железничката инфраструктура, која ја поврзува земјата со главните трговски партнери, инвестиции во делот на енергетиката во насока на зголемување на домашното производство на енергија и подобра мрежна конекција со соседните земји, инвестиции во комуналната инфраструктура, подобрување на условите во образовниот и здравствениот систем, како и инвестиции во културата и социјалните центри.

Финалната потрошувачка, исто така, се очекува да има позитивен придонес кон економскиот раст, при што проекцијата за раст на личната потрошувачка во 2012 година изнесува околу 4%, додека растот на јавната потрошувачка е проектиран на ниво од 1,4%. Во однос на надворешно – трговската размена се очекува благо забавување на позитивниот раст. На реална основа, проекцијата за раст на извозот на стоки и услуги изнесува 7,7%, додека увозот се очекува да се зголеми за 7% во 2012 година.

Во преостанатите години од анализираниот период, сепак, се очекува забрзување на глобалниот економски раст и постепено јакнење на довербата на инвеститорите, што ќе доведе до интензивирање на надворешно – трговските и финансиски текови на земјата.

Така, во периодот 2013 – 2014 година се очекува одредено интензивирање на растот на БДП, и тоа на 5% во 2013 година и 5,5% во 2014 година. Во овој период, исто како и во 2012 година, се очекува економскиот раст да биде придвижен од домашната побарувачка. Реалниот раст на бруто инвестициите

е проектиран на ниво од околу 10%. Растот на приватната потрошувачка во овој период се очекува да биде стабилен, проектиран на 4,2% во 2013 година и 4,5% во 2014 година. Ваквите проекции се базираат на очекуваните движења на пазарот на труд, очекуваниот тренд на пораст на плати, проекциите за раст на кредитирањето на населението, како и очекувањата за умерен раст на приватните трансфери од странство. Растот на јавната потрошувачка се очекува да биде умерен, движејќи се помеѓу 1,8% и 2,5%. Во однос на надворешно – трговската размена, согласно претпоставките за глобалните економски трендови, како и активноста на постојните и очекуваните инвестиции во технолошко - индустриските развојни зони, се очекува благо динамизирање на растот на надворешно – трговската размена. На подолг рок се очекува одредено подобрување на структурата на извозот, додека на пократок рок подобрување на структурата на увозот, со оглед на тоа дека реализацијата на овие инвестиции претпоставува и поголем увоз на инвестициски и индустриски добра. Реалната стапка на раст на извозот во 2013 година се очекува да изнесува 9,5%, додека увозот се очекува да расте со стапка од 8,5%. Во 2014 година проекциите за раст на извозот и увозот изнесуваат 9% и 8,1%, соодветно.

**<u>Пазар на труд</u>**

Предвидениот економски раст во периодот 2012 - 2014 година се очекува да влијае позитивно врз движењата на пазарот на труд. Според проекциите се очекува просечен годишен раст на бројот на вработени помеѓу 3% и 3,5%. Ова пак, ќе резултира со намалување на бројот на невработени за околу 2,5% просечно во анализираниот период. Зголемување на вработеноста се очекува и од растот на работната сила, проектиран помеѓу 1% и 1,6% во анализираниот период. Ваквите движења имплицираат стапката на вработеност во 2014 година да се зголеми на 42,5%, додека стапката на невработеност да се намали на околу 27%. Активното население во 2014 година се очекува да достигне 58,3% од работоспособното население. Во анализираниот период реалниот раст на просечната бруто плата се очекува да се движи помеѓу 1,5% и 4%, додека реалниот раст на просечната нето плата се очекува да биде повисок, како резултат на планираните намалувања на стапките на социјални придонеси и постепеното зголемување на даночното ослободување. Според тоа, реалниот раст на просечната нето плата во 2012 година е проектиран на ниво од околу 2%, додека во 2014 година стапката на раст се очекува да изнесува 4,5%.

**<u>Надворешен сектор</u>**

По продлабочувањето на дефицитот на тековната сметка во 2011 година, во следните две години се очекува негово стабилизирање. Имено, во 2012 година, дефицитот на тековната сметка се очекува да се одржува на нивото од 2011 година (4,8% од БДП). Основните компоненти на тековната сметка, се очекува да забележат дивергентни движења. Имено, се очекува постепено стеснување на трговскиот дефицит, наспроти тенденцијата на мало забавување на учеството на нето приливите врз основа на приватни трансфери во БДП. Стеснувањето на трговскиот дефицит базира на очекуваниот побрз раст на извозот

во однос на растот на увозот. Во рамки на трговскиот дефицит, се очекува релативно стабилен енергетски трговски дефицит, согласно очекуваниот надолен тренд кај цените на нафтата и стабилно ниво на цените на електричната енергија. Проектираното стеснување на трговскиот дефицит се очекува да произлезе од подобрувањето на не - енергетското трговско салдо, каде главен носител се очекува да биде подобрувањето на трговското салдо во размената на хемиски производи и во размената на храна. Во однос на очекуваната забавена динамика на приватните трансфери, треба да се нагласи дека тоа претставува нивна постепена нормализација, по исклучително високото ниво достигнато во 2010 година. Останатите компоненти на тековната сметка, категориите услуги и доход, во 2012 година се очекува да се задржат на релативно стабилно ниво.

Во периодот 2013 - 2014 година, дефицитот на тековната сметка се очекува да забележи натамошно постепено намалување и во 2014 година да изнесува нешто под 4% од БДП. Ова намалување на дефицитот се очекува да произлезе од натамошното подобрување на трговското салдо, при што во 2014 година тоа би изнесувало 20% од БДП и би било пониско за близу 3 процентни поени од БДП во однос на 2011 година. Ваквата опаѓачка патека на трговскиот дефицит е во согласност со очекуваното динамизирање на економската активност и јакнење на извозниот потенцијал на домашната економија, имајќи го предвид придонесот на новите капацитети главно засновани на странски капитал. Истовремено, се очекува натамошно надолно прилагодување на приватните трансфери, со што во 2014 година тие би сочинувале 16,7% од БДП што е за околу 1 процентен поен пониско во однос на 2011 година. Кај категоријата доход се очекува зголемен дефицит, што главно произлегува од очекуваните повисоки одливи врз основа на доход од странски директни инвестиции, додека салдото кај услугите се очекува и натаму да се одржува позитивно и стабилно.

Проекцијата на салдото на тековната сметка на платниот биланс за периодот 2012 - 2014 година е придружена со ризици. Имено, движењата во глобалната економија претставуваат значаен ризик фактор за движењата во платниот биланс на македонската економија на среден рок, особено во услови на генерално зголемена неизвесност. Од друга страна, факт е дека постепено расте бројот на извозни капацитети во економијата, што на среден рок треба да резултира со диверзификација на извозот, подобрување на извозните перформанси, како и јакнење на флексибилноста на економијата во однос на надворешните шокови.

Нето приливите во капитално финансиската сметка во 2012 година се очекува да изнесуваат близу 8% од БДП, што е слично со проценетото ниво за 2011 година. Главни компоненти на капиталните приливи се очекува да бидат приливите врз основа на странските директни инвестиции и задолжувањето на државата од странство во согласност со проектираниот буџетски дефицит за 2012 година и финансиската конструкција за негово финансирање. Нето приливите на капитално - финансиската сметка во периодот 2013 - 2014 година се очекува да се одржуваат релативно стабилни, при што во просек би изнесувале околу 7,2% од БДП. Постепеното стабилизирање на глобалните финансиски текови,

намалувањето на неизвесноста и подобрувањето на перцепциите на странските инвеститори, се фактори што ќе делуваат во насока на раст на приватните финансиски текови. Следствено, странските директни инвестиции се очекува постепено да се зголемуваат, доближувајќи се до нивото карактеристично за годините со најповолни перформанси од овој аспект. Ваквата динамика претставува умерен пораст на странските директни инвестиции до 2014 година за околу 2 процентни поени од БДП, во однос на 2011 година. Со заживувањето на домашната економска активност се очекува и соодветно ново задолжување на приватниот сектор, со што долгот на приватниот сектор во периодот 2012 - 2014 година се очекува умерено да расте.

Согласно проектираните движења на тековната и капитално - финансиската сметка, бруто девизните резерви во периодот 2012 - 2014 година се очекува да бележат континуиран пораст и да се одржуваат на ниво од околу четири месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од секоја наредна година. Ваквото ниво на девизни резерви е во функција на поддршка на стратегијата на таргетирање на девизниот курс.

Проекцијата на капиталните приливи во следниот тригодишен период е поврзана со голема неизвесност со оглед на високата условеност од движењата и сентиментот на глобалните финансиски пазари, во исклучително осетлив период по голем финансиски потрес.

**Јавни финансии**

Целите на фискалната политика ќе останат насочени кон зачувување на макроекономската стабилност и поддршка на македонската економија преку подобрување на квалитетот на јавните финансии, пред се преку зголемен обем на капиталните инвестиции насочени во подобрување на инфраструктурата и физичкиот капитал, водејќи сметка за надворешно - трговската позиција и зачувување на стабилниот курс на денарот. Притоа, стапката на буџетски дефицит ќе биде разумна и недисторзивна за економијата, во рамки на Мастришкиот критериум.

Проектираните приходи на консолидираниот владин буџет во наредниот тригодишен период бележат релативно намалување како учество во БДП, и тоа од 34,7% од БДП во 2011 година на 32,6% во 2014 година. Како резултат на континуитетот во спроведување на дисциплинирана буџетска политика и зајакната консолидација на јавните трошења, вкупните расходи во периодот 2011-2014, исто така, ќе остварат намалување и тоа од 37,2% во 2011 на 34,8% во 2014 година.

Расходната страна на Буџетот на Република Македонија за периодот 2012-2014 е дизајнирана во функција на поддршка на заздравување на македонската економија, пребродување на последиците од кризниот период и зголемување на инвестициите во инфраструктурни проекти. Така, планирано е подобрување на структура на расходите со зголемено учеството на капиталните расходи од 13,1% во 2011 на 16,5% во 2014 година за сметка на намалување на тековните расходи од 86,9% во 2011 на 83,5% во 2014 година, односно за 3,4 п.п.. Позитивната промена во структурата на јавните расходи е неопходна

за остварување на предвидените стапки на економски раст и кореспондира со определбата за продолжување на рестриктивна буџетска потрошувачка во делот на непродуктивните расходи и очекуван прилив на инвестиции за финансирање на капитални проекти, како од домашни, така и од надворешни извори (ИПА и кредитни средства).

Согласно проекциите на приходите и расходите на Буџетот на Република Македонија во наредниот среднорочен период планирано е дефицитот да се реализира на одржливо ниво од околу 2,5- 2,2% од БДП.

Имајќи го во предвид умереното ниво на јавен и државен долг, во периодот од 2012 до 2014 година постои простор за умерен пораст на инвестициската активност преку користење на кредитна поддршка, без притоа да се загрози долгорочната одржливост на нивото на задолженост на земјата.

Во оваа насока, во периодот 2012-2014 година се проектира зголемување на државниот долг, кој е резултат на нови инвестиции во областа на патната и железничка инфраструктура, водовод и канализација, спортски објекти, изградба на социјални станови, како и инвестиции во областа на образованието, кои ќе бидат имплементирани од страна на органите на државната управа.

2) **Слободно взаемно дејство на пазарните сили** (**приватизација**)

Економските активности во Република Македонија се засновани на доминантна приватна сопственост со целосно функционирање на пазарната економија врз принципите на слободно взаемно дејство на понудата и побарувачката.

Натамошниот процес на приватизација го опфаќа преструктуирањето на јавниот сектор (Македонски железници, Државното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, ЈП Македонија пат, Македонска пошта и др), со утврдување на можност за натамошна продажба на издвоени делови од нив, вклучително и продажбата на некои од дејностите, како и продажба на акции на државата или на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во рамките на постапката за приватизацијата на четирите големи компании: ЕМО АД Охрид, ОХИС АД Скопје, Тутунски комбинат АД Прилеп и Еурокомпозит АД Прилеп, во текот на 2010 година објавени беа јавни повици за продажба на акциите на државата и на Фондот за ПИОМ, кои завршија неуспешно. Новиот јавен повик за прибирање понуди за продажба на 65,15% од капиталот на друштвото ЕМО АД Охрид, заврши во јули 2011 без да се добие понуда.

Во тек е подготовка на нов закон кој ќе ја регулира приватизацијата на државниот капитал.

3) **Непостоење на бариери за влез и излез од пазарот**

Еден од основните стратешки приоритети на Владата на Република Македонија е подобрувањето на бизнис климата на континуирана основа во Република Македонија. За таа цел преку систематско и континуирано ревидирање на постојната регулатива во Република Македонија ќе се поедностават и елиминираат несуштинските формалности и административни пречки кои го оптоваруваат секојдневното работење и делување на бизнисите и граѓаните со што ќе се овозможи подобрување на законската регулатива, зголемување на капацитетот на регулаторните тела кои го надгледуваат пазарот и ќе се воспостави редовен дијалог со бизнис заедницата.

Република Македонија во 2012 ќе влезе како шеста земја во светот по индикаторот отворање бизнис и прва земја во Европа. Во насока на спроведување на препораките на World Bank, Doing business. Во 2011 беа пуштени во употреба електронскиот систем за регистрација на трговски друштва вклучувајќи и оперативна и функционална електронска интеграција на базите на податоци на Агенцијата за вработување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигурување во едношалтерскиот систем, Електронскиот систем за следење на стечајните постапки, Електронскиот регистар на лица кои не можат да основаат и да управуваат и лица кои се спречени или престанале да ги вршат своите функции во органот на управување во трговски друштва, Електронскиот систем за поднесување и упис во регистарот на залог и Електронскиот систем за поднесување и упис во регистарот на лизинг.

Во 2011 година беше донесена Националната стратегија за електронски стандард во размената на податоци од финансиска и деловна природа. Нејзината имплементација ќе се врши почнувајќи од 2012 со проектот Метабаза чија цел е до крајот на 2014 година сите податоци кои согласно прописите за деловното работење на трговските друштва, од финансиски и бизнис карактер, да можат да се синхронизираат и прикажуваат во XBRL формат и секој инвеститор (домашен или странски) ќе може соодветно да ги анализира и донесе одлуки по однос на финансискиот успех на друштвото. Истовремено тоа ќе претставува интероперабилност помеѓу регистрите на Централен регистар, Народна Банка на Република Македонија, Македонска Берза, Клириншки интербанкарски систем, Комисија за хартии од вредност. Стратегијата предвидува Централен регистар да биде носител на т.н. XBRL јуриздикција во Република Македонија како дел од светската мрежа за користење и поврзување со користење на XBRL. Во зависност од напредокот на проектот и темпото на реализација на ИПА ТАИБ 1, предвидено е поддршка за имплементација на Стратегијата за XBRL во рамките на ИПА 2012 Развој на приватниот сектор.

**Регулаторна реформа**

Надлежноста за следење и координација на процесот на проектите кои се однесуваат на Регулаторната реформа ја презема Министерството за информатичко општество и администрација.

**Регулаторна гилотина**

Проектот Регулаторна гилотина континуирано се спроведува во повеќе фази во насока на намалување на бирократските процедури за бизнис секторот и граѓаните. Во тек е успешна имплементација на мерките од втората и третата фаза од Регулаторната гилотина, со кои е постигнато отстранување на голем број на административни бариери, како и поедноставување на голем дел од постапките и процедурите за издавање на одобренија и дозволи за водење бизнис.

Како продолжување на овој проект, а во насока на дополнително унапредување на деловното окружување  и поедноставување на процедурите за вршење бизнис преку континуиран дијалог со бизнис заедницата, Владата на Република Македонија започна нов проект - "Регулаторна Гилотина за поедноставување на прописите и намалување на трошоците за занаетчиите", чија цел ќе биде намалување на административниот товар на занаетчиите. Во почетокот на 2012 година се планираат нови консултации и започнување на четвртата фаза на Регулаторната гилотина - "Предност на малите", каде фокусот е ставен врз поедноставување на условите за работа на малите и средни претпријатија.

**Проценка на влијанието на регулативата**

Законската обврска  за сите министерства за спроведување на Проценка на влијанието на регулативата стапи на сила на 01.01.2009 година, за сите предлог-закони (освен за законите кои се донесуваат по итна постапка).

Како техничка поддршка на РИА процесот, формиран е Единствениот електронски регистар на прописи (ЕНЕР) кој им овозможува на заинтересирани страни електронски да достават коментари и предлози директно до надлежните институции. До крајот на Ноември 2011 година, во Единствениот електронски регистар на прописи се внесени 1744 постојни прописи, од кои 451 се предлог закони што биле достапни за коментари на јавноста и кои поминале низ РИА процесот.

Во насока на континуирано градење на административните капацитети за спроведување на РИА процесот и нејзино унапредување, во текот на 2011 успешно се спроведе проектот насловен како "Подобра бизнис регулатива во Македонија" во чии рамки се спроведоа повеќе анализи за имплементацијата на регулаторните реформи во Република Македонија и беа усвоени неколку значајни документи: Прирачници за спроведување добри консултации наменет за бизнис заедницата и за  јавната администрација, Кодекс за консултации со јавноста за време на подготвувањето на регулативата, Упатство за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување закони, како и Препораки и Акциски план за подобрување на регулаторната реформа во Македонија. Со цел нивна имплементација во текот на 2012 ќе бидат спроведени следниве активности:

- формирање на Централно тело за подобра регулатива и градење на неговите капацитети,
- подобрување на правната рамка за проценка на влијание на регулативата,

- проширување на опсегот на Проценка на влијание на регулативата, поддршка при нејзина примена во Парламент и при вршење на ex-post анализа,
- постојано градење на капацитетите на министерствата и Централното тело за техники и методи за подобро креирање на закони.

**Излез од пазарот**

Во рамки на активностите на Министерството за економија, во 2011 година значително се зајакна институционалниот капацитет и транспарентноста во одвивањето на стечајните постапки во Република Македонија, преку подобрување на програмите за обуки и полагање испит за стечаен управник, проширување на дијалогот на сите вклучени актери во стечајните постапки, кадровско зајакнување на Комората на стечајни управници и техничка помош на обука на обучувачи по стечајно право и стечајни постапки.

Истовремено Министерството за економија во континуитет спроведува програма за едукација и обука на кандидати за стечајни управници како и мониторинг на нивната работа преку Комората на стечајните управници.

Во 2011 година воспоставен е електронскиот систем за следење на стечајните постапки, со што се овозможи следење на стечајните постапки во сите нивни фази што ќе дава неделни и месечни информации за евентуалните одолговлекувања и каснења на поединечни фази и лесно детектирање на доцнењето кај одговорните лица во постапката.

Во 2012 година предвидено е да се направат измени на Законот за стечај во насока на електронска аукција на имот во стечај и електронско доделување на стечајни предмети како и законска обврска за стечајните управници за електронско ажурирање на стечајните постапки преку системот за е- стечај.

Во рамките на проектот ИПА 2011 техничка помош за имплементација на законодавството за стечај предвидени се средства од 1.000.000 евра за техничка помош во зајакнување на капацитетите на Министерството за економија, судството и стечајните управници за побрзо и поефикасно преземање на дејствата во стечајната постапка кои ќе се реализираат во текот на 2013 година.

4) **Соодветен правен систем** (**регулирање на имотни права**, **спроведување на законите и договорите**, **и ефективност на судскиот систем во врска со економски прашања**)

**Регулирање на имотни права**

Процесот на воспоставување на Катастар на недвижности на целата територија на Република Македонија продолжи и во 2011 година и согласно акцискиот план на Агенцијата за катастар на недвижности процентот на востановен катастар на недвижности е 99,87 %.

Агенцијата за катастар на недвижности, во текот на 2011 ги реализираше следниве активности:

- Воведување на нов систем за регистрација на недвижностите – Е- катастар во подрачните одделенија за КН Кавадарци, Неготино, Кратово, Крива Паланка, Свети Николе, Пробиштип, Ресен, Струга, Куманово, Дебар, Кичево , Гевгелија, Валандово, Битола,и Прилеп. (Roll-out на е- катастар)
- Увид во статусот на предметите – ЦКН- Скопје и во подрачните одделенија за КН Кавадарци, Неготино, Кратово, Крива Паланка, Свети Николе, Пробиштип, Ресен, Струга, Куманово, Дебар, Кичево,Гевгелија, Валандово, Битола, Прилеп,
- Електронски шалтер за професионални корисници (Е- шалтер) во одделенијата каде е имплементиран е- катастар.
- Бесплатен увид во содржината на имотен лист без хипотеки, за сите граѓани преку веб страната на АКН
- АКН- ГИС портал со 2D и 3D web сервис (web сервис за увид во Дигитален катастарски план со приказ на ортофото и web сервис за увид во топографските карти на РМ и ортофото снимки)
- Изработка на Дигитална топографска карта на Р. Македонија (размер 1:25000)
- Издавање на имотен лист за било кој град каде е во примена Е- катастар, независно од местото на поднесување на барањето, во моментот е достапна за сите градови каде е во промена е- катастарот, а до Јуни 2012 година за цела држава
- Изработен проект за воспоставување на нивелманска мрежа;
- Дизајнирање на модел на податоци и стандарди за геопросторни податоци во АКН

**Краткорочни планирани активности**
Во текот на 2012 година АКН продолжува со имплементација на следните активности:

- Електронски шалтер за професионални корисници (Е- шалтер) за цела држава до Јуни 2012 година
- Увид во статусот на предметите за цела држава, Q22012 година
- Roll-out на новиот систем за регистрација за Е- катастар во преостанатите одделенија за КН Q2 2012 година
- Известување на граѓаните за статусот на предметот преку смс и е- маил,Q3 2012 година;
- МАКПОС ставен во комерцијална употреба- Q1 2012 година;
- Изготвена Стратегија за НИПП (Национална Инфраструктура на Просторни Податоци)- Q2 2012 година;
- Издавање имотни листови преку интернет – Електронска продавница – Q42012 година;
- Надградба на апликацијата за увид во имотен лист и пребарување по адреса со приказ на податоците од лист Г (хипотеки, товари, ограничување и предбележување)- Q2 2012 година;
- Хармонизација на податоците и надградба на системот Е- катастар со графички приказ на недвижности (парцели и објекти) -Q4 2012 година;
- Прераспределба на предметите за нивно решавање во одделенијата за КН со имплементиран Е- катастар,- Q1 2013година;
- Воспоставување на Help desk центар, Q12012 година;
- Воведување на сервис за користење на графички податоци од страна на Единиците на локалната самоуправа Q2 2013 година;
- Е-Банкарство Q1 2013 година.
- Дигитализација на архивски оригинали- Q4 2013година;
- Воспоставен Регистер за просторни единици- Q3 2012 година;
- Е- комерц (Internet) почеток Q2 2014 година;

**Среднорочни планирани активности**

Во рамките на активностите на АКН за унапредување на работењето на Агенцијата во наредниот среднорочен период планирани се повеќе активности.

- Воспоставена нивелманска и гравиметриска мрежа на територија на РМ - Q4 2013;
- Изработка на WEBGIS (Веб Географски Информативен Систем) на АКН според INSPIRE директива - Q4 2013 година;
- Воспоставување на НИПП (Национална Инфраструктура на Просторни Податоци) најмалку две министерства поврзани – Q4 2013
- Интегрирање на ЕРП систем (за управување и планирање со ресурсите на АКН) Q4 2013 година;
- Дигитализација на катастарските планови за цела територија на Р. Македонија Q4 2013 година;
- Бизнис континуитет /Disaster recovery Q3 2013 година
- Надградба на апликацијата WEB GIS со нови содржини со 3D приказ Q1 2014 година;
- Воведување Дигитална архива Q1 2014 година;
- Виртуелни ПОС услуги, Q4 2013 година
- Воведување на електронска трговија - E-commerce Q2 2014 година;
- Изготвување на дигитални топографски карти во размер 1:50.000 и други поситни размери 2015 година;
- Прилагодување на Државниот геодетски референтен систем кон Европските стандарди 2015 година.

**<u>Спроведување на законите и договорите</u>**

За натамошно зајакнување на независноста, непристрасноста, професионализација и транспарентноста на судството, во 2011 год. се превземени активности за реализација на новите законските решенија од 2010 година, во делот на изборот на судиите, следење и оценување на работата на судиите според новите критериуми, воведување на нови услови и редефинирање на постапките за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција и дисциплинска одговорност, воведување на систем на кариера во напредувањето на судиите, зголемување на транспарентноста во работењето на судовите, подобрување на финансирање на судството преку утврдување на фиксен процент во износ од 0,8% од БДП, како и обезбедување на уставно загарантираното право на жалба во управните спорови.

Заради зголемување на ефикасноста на правосудството, започнаа со примена Законот за управување со судски предмети, измените на Законот за парнична постапка, како и измените и дополнувањата на Законот за извршување.

За имплементација на Законот за управување со судски предмети, (започна да се применува од 07.07.2011 година) со кој се обезбедува целосна и ефикасна примена на АКМИС софтверот и се уредува начинот и роковите за објавување на судските одлуки, на 04.04.2011 год. донесено е Упатство за начинот на објавување и пребарување на судски одлуки на веб страните на судот[16]. ВЕБ - страници на судовите се функционални и граѓаните можат да добијат информации за работата на судот и судските одлуки, кои согласно законот, судовите задолжително ги објавуваат во рок од 2 дена. Исто така, странката може да

[16] С л в е с ник [illegible]

поднесе барање за добивање примерок од судската одлука која во рок од 24 часа без надоместок му се доставува на лицето по електронски пат.

Во насока на зголемување на ефикасноста на судовите и создавање на поповолна бизнис клима од 09.09.2011 год. започна да се применува Законот за измени и дополнување на Законот за парнична постапка, со кој се намалува времетраењето на постапката, се воведува електронска достава и тонско снимање на рочиштата, се воведува медијацијата како алтернативен начин за решавање на споровите.

Исто така, со цел судовите да се растоварат од извршните предмети, согласно Законот за извршување од 01.07.2011 год. започна постапката за трансфер на околу 402.272 извршни предмети од судовите кај нотарите и извршителите.

Со овие реформски активности, неспорните предмети како оставинските предмети, платните налози издадени врз основа на веродостојна исправа (неплатени сметки за електрична енергија, сметки за комунални услуги и сл.), извршни предмети кои се наоѓа кај судовите и присилната наплата на паричните казни во кривични и прекршочни предмети, се изземени од судска надлежност и се пренесени во надлежност кај нотарите, извршителите, и Управата за јавни приходи.

За афирмирање на медијацијата, како алтернативен начин на решавање на споровите, во март 2011 год. донесен е Акционен план со мерки за промоција на постапката за медијација, структуиран во три дела и тоа: Нормативен дел, Спроведување на обуки и Промоција на постапката за медијација. Исто така, со измените на Законот за кривичната постапка, Законот за прекршоци, Законот за малолетничка правда, Законот за заштита на потрошувачи, се предвидени одредби за информирање на странките за медијација

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

За натамошно зголемување на ефикасноста и транспарентноста на судството, во текот на 2012 година, ќе се продолжи со активности за реализација на новините во правната рамка за обезбедување полесен и побрз пристап на граѓаните до правдата.

Во 2012 год. ќе се изготви Извештај за примената на Законот извршување во однос на трансферот на извршите предмети и ќе се продолжи со именување на извршители за непополнетите извршителски места.

Во насока на подобрување на имплементација на медијација во граѓански и трговски предмети, во текот на 2012 година ќе се реализира МАТРА Проект за поддршка на унапредувањето на спроведувањето на медијацијата во РМ.

**ДОВОЛНО РАЗВИЕН ФИНАНСИСКИ СЕКТОР**

Финансискиот систем на Република Македонија се карактеризира со релативно едноставна структура, од аспект на видот на финансиските институции и асортиманот на производите и услугите коишто тие ги нудат.

Во рамките на финансиската архитектура, банките ја имаат главната улога, со што во најголема мера ги условуваат движењата во финансискиот систем.

**Банкарски сектор**

**Состојби во банкарски сектор**
Банкарскиот систем на Република Македонија се состои од 17 банки и 8 штедилници. Банките имаат доминантна позиција со учество од над 98% во севкупните активности на банкарскиот систем. Од аспект на сопственоста, 13 банки се во доминантна странска сопственост, а 8 од нив се подружници на странски банки. Банките во претежна сопственост на странски акционери доминираат на пазарот (со учество од околу 90% во вкупната актива, кредити, депозити, капитал и приходи). Најголем дел (околу 80%) од странскиот капитал во банкарскиот систем на Република Македонија потекнува од земјите членки на Европската унија. Банките во сопственост на државата учествуваат со под 3% во вкупната актива на банкарскиот систем.

Активностите на банките продолжија да растат. На 30.09.2011 година вкупната актива изнесуваа 321,2 милијарди денари, а нејзината годишна стапка на раст изнесуваше 11,6% (12% со септември 2010 година). Депозитите на нефинансиските субјекти се главниот двигател за растот на активата. На 30.09.2011 година тие изнесуваа 225,9 милијарди денари и остварија годишен раст од 11,7% (9,8% во септември 2010 година). Преференциите за штедење во домашна валута продолжија и во 2011 година. Од аспект на секторската структура, депозитите на населението се уште доминираат во вкупните депозити. Кредитите одобрени на нефинансиските субјекти се доминантната категорија во активата на банкарскиот систем. Тие, на 30.09.2011 година, изнесуваат 199,3 милијарди денари. Нивната годишна стапка на раст заклучно со септември 2011 година изнесуваше 8,3% (7,9% со септември 2010 година).

Показателите за квалитетот на кредитното портфолио на банките забележаа извесно подобрување споредено со септември 2010 година. Учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити се намали на 9,8% од 10,6% на 30.09.2010 година. Просечната ризичност на кредитното портфолио на банките, за период од една година се намали за 0,2 процентни поени и на 30.09.2011 година изнесува 6,6%. Нефункционалните кредити се покриени во целост со издвоена исправка на вредноста (101,9% на 30.09.2011 година).

Ликвидноста на банкарскиот систем е стабилна и е на релативно високо ниво. За период од една година ликвидните средства на банките се зголемија за 18,9% и на крајот на септември 2011 година изнесуваа 93,3 милијарди денари. Учеството на ликвидните во вкупните средства на банките изнесува 29,9%, и тие овозможуваат покриеност на депозитите на домаќинствата од 58,8%.

Валутниот ризик и ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности се помалку значајни ризици во вкупниот ризичен профил на банките и се движат во рамки на пропишаните лимити.

Банките континуирано одржуваат висока и стабилна солвентност. Во целиот кризен и посткризен период не се јави потреба за ликвидносна и капитална поддршка од државата за банките. Стапката на адекватност на капиталот на крајот на септември 2011 година изнесува 16,7%. Стапката „Тиер 1" изнесува 14%. Резултатите од стрес- тестирањето, спроведено од Народната банка, покажуваат задоволителна отпорност на банкарскиот систем и на одделните банки на различни шокови.

На крајот на септември 2011 година, банкарскиот систем прикажа добивка во износ од 257 милиони денари. Повратот на активата и повратот на капиталот изнесуваа 0,1% и 1%, соодветно (на крајот на септември 2010 година: 0,5% и 4%, соодветно).

**Приоритети во областа на банкарскиот систем**

Основни приоритети во банкарскиот сектор и натаму остануваат одржување на стабилност на банкарскиот систем, зголемување на финансиската интермедијација, олеснување на пристапот до кредити и натамошно усогласување на правната рамка со законодавството на ЕУ во делот на банкарството и банкарската супервизија.

Континуирано ќе се следат регулаторните промени на меѓународно и на ниво на Европска Унија, особено во делот кој се однесува на мерките за подобрување на состојбите кај банките и формирање на т.н. bridge bank. Веднаш по донесувањето на соодветните директиви, Република Македонија ќе пристапи кон нивно соодветно транспонирање.

Особено акцент ќе се стави на соработката на институциите од Република Македонија со соодветните супервизорски тела во Европската Унија и земјите членки.

Во текот на 2012 година ќе се обезбедат кадровски и технички предуслови потребни за подготовка и примена на регулативата за напредните пристапи од Базел 2. Изработката на оваа регулатива ќе се одвива во 2013 година.

Подготовките за примена на Базел 3, преку утврдување на потребните податоци за пресметка на индикаторите за ликвидност и солвентност, започнаа во втората половина на 2011 година и ќе продолжат и наредните години.

**Пазар на осигурување**

**Состојби на пазар на осигурување**

Осигурителниот пазар во Република Македонија го сочинуваат 15 друштва за осигурување, 16 осигурително брокерски друштва и 5 друштва за застапување во осигурување. Четири друштва за осигурување вршат работи на осигурување на живот, останатите 11 вршат работи на осигурување во групата на неживотно осигурување.

Во третиот квартал од 2011 година друштвата за осигурување во Република Македонија полисирале бруто премија во вкупен износ од 5.163 милиони денари, од кои 306.5 милиони денари (5,94%) произлегува од осигурување на живот, додека 4.856 милиони денари (94,06%) од неживотно осигурување. Во споредба со истиот период од минатата година, забележан е пораст на бруто полисираната премија (во понатамошниот текст БПП) кај двете групи на осигурувања. Кај неживотното осигурување е забележан пораст од 8,61%, додека пак порастот на премијата за осигурување на живот е поголем и изнесува 33,03%. Порастот на бруто премијата збирно за двете групи на осигурувања изнесува 9,81%.

Анализирано по класи на осигурување, во групата на неживотно осигурување, најголем апсолутен пораст на бруто премијата во третиот квартал од 2011 година во споредба со истиот период од минатата година забележан е кај осигурувањето од автомобилска одговорност, или 180.7 милиони денари (7,98%), осигурување на имот (заедно за класите 8 и 9) пораст во апсолутен износ од 171.7 милиони денари, или 20,6%, во споредба со истиот период од 2010 година, кај осигурувањата на воздухоплови (каско и одговорност), пораст на премијата во апсолутен износ од 86.6 милиони денари или 221,89%, кај осигурувањата на стока во превоз има пораст на премијата во износ од 4.8 милиони денари или 9,10%, понатаму, пораст на премијата на осигурување од финансиска загуба во апсолутен износ од 1.2 милиони денари (76,48%) и пораст на премијата кај туристичка помош од 5.8 милиони денари, т.е. пораст од 5,28%. Од друга страна, значајно намалување, како во апсолутен износ така и релативно е забележано кај осигурувања од општа одговорност (-14.3 милиони денари или пад од 13,44%), осигурувањето од последици на несреќен случај – незгода (-31.1 милиони денари или пад од 6,85%), осигурувањето на моторни возила – каско (-10.2 милиони денари или пад од 1.73%) и доброволното здравствено осигурување (-9.7 милиони денари или пад од -69,24%). Порастот на бруто премиите кај осигурувањето на живот во апсолутен износ е 76 милиони денари (33,03%), што е резултат на порастот на полисираните премии кај постојните друштва за осигурување на живот, како и основањето на две нови друштва за осигурување на живот.

Во третиот квартал од 2011 година друштвата за осигурување исплатиле бруто штети и осигурени суми, збирно за неживот и живот, во износ од 2.115 милиони денари, односно се забележува пораст од 6,38% споредено со истиот период од претходната година.

Друштвата за неживотно осигурување во третиот квартал од 2011 година исплатиле бруто штети во износ од 2.062 милиони денари, односно за 115 милиони денари повеќе во однос на истиот период претходната година (пораст од 5,9%). Од друга страна, друштвата за осигурување на живот исплатиле бруто штети во износ од 52.8 милиони денари што е за 11.7 милиони денари повеќе во однос на истиот период од претходната година (пораст од 28,43%).

**Приоритети во областа на пазарот на осигурување**

Главни приоритети во осигурителниот сектор и натаму остануваат одржување на стабилност на осигурителниот систем и понатамошно усогласување и приближување кон европските директиви, во делот на осигурувањето

До крајот на 2012 година планирано е донесување на нов Закон за осигурување во кој ќе се транспонира новата ЕУ Директива 2009/138/ЕС (Solvency II).

Со цел обезбедување на законито и ефикасно функционирање и контрола на пазарот на осигурување и заштита на правата на сопствениците и корисниците на осигурување, се планира воспоставување и соодветна имплементација на супервизорски правила, стандарди и принципи усогласени со правилата на Меѓународната асоцијација за осигурителни супервизори (ИАИС).

**Пазар на капитал**

**Состојби на пазарот на капитал**

Заклучно со 30.09.2011 година на Македонската берза котираа вкупно 32 компании, со вкупна пазарна капитализација од 486,82 милиони евра, што претставува зголемување од околу 2,05% во однос на истиот период во 2010 година.

Заклучно со 30.09.2011 година, работеа вкупно 4 друштва за управување со инвестициски фондови кои управуваа со 8 отворени инвестициски фонда. Вкупната вредност на средствата на отворени инвестициски фондови во овој период изнесуваше околу 4,14 милиони евра што претставува зголемување од 77,39% во однос на истиот период во 2010 година.

Основањето на нови инвестициските фондови во периодот јануари- септември 2011 година во Република Македонија, како и зголемувањето на вредноста на средствата со кои управуваат постоечките инвестициски фондови е од големо значење за натамошно раздвижување и динамичен развој на пазарот на капитал во Република Македонија.

Во периодот јануари - септември 2011 работеа вкупно 8 друштва за управување со приватни фондови кои управуваа со 13 приватни фондови со вкупна вредност од 13,22 милиони евра. Во периодот јануари- септември 2011 година, издадени се 9 одобренија за издавање на хартии од вредност, со вкупна вредност од 42,6 милиони евра.

Во истиот период, вкупниот промет остварен на Македонската Берза, изнесуваше околу 121,01 милион евра што споредено со истиот период во 2010 година претставува зголемување од околу 61,32%.

Движењата на Македонската берза во последните период укажуваат на стабилизирање на состојбите на пазарот. Резултат на стабилизирањето на берзанските случувања е зголемувањето на прометот, преку што се зголеми и ликвидноста. Вредноста на Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на 30.09.2011 изнесуваше 2.164,01 индексни поени, што претставува зголемување за 79,97 индексни поени во однос на 30.09.2010 година. На 30.09.2011 јавно поседуваните друштва- МБИД изнесување 2305,50 индексни поени, додека индексот на обврзници- ОМБ изнесуваше 118,75 индексни поени

Учеството на странските инвеститори во прометот остварен при купување на Македонската Берза во септември 2011 година изнесуваше 16,29%, а нивното учество во прометот остварен при продавање на Македонската Берза изнесуваше 19,19%. Во насока на зголемување на ликвидноста на пазарот на хартии од вредност и привлекување на странски инвеститори, Комисијата во соработка со останатите учесници на пазарот на хартии од вредност ќе преземе активности со цел сите трансакции кои се склучуваат на секундарниот пазар да може да се порамнуваат во реално време, односно Т+0.

**Приоритети во областа на пазарот на капитал**

Во насока на целосно усогласување на домашното законодавство со пакетот UCITS 4 се предвидуваат измени на Законот за инвестициски фондови заради воведување: на фондови - потхранувачи (feeder funds) и фондови - господари (master funds), на европскиот пасош, процедури за прекугранични и домашни спојувања на инвестициските фондови и ќе се обезбеди поголема информираност на инвеститорите преку воведување на документ како додаток на основниот проспект на фондот.

Со цел прецизно дефинирање на финансиските инструменти во кои вложуваат инвестициските фондови, во текот на 2012 година ќе биде имплементирана Директивата 2007/16/ЕЗ.

Комисијата до крајот на 2012 година ќе подготви Стратегија за развој на пазарот на капитал со која ќе се предвиди преземање активности (работилници, тркалезни маси, посета на компании) за поттикнување за издавање на нови финансиски инструменти за тргување на секундарниот пазар (корпоративни обврзници, деривативи, потврди за странски хартии од вредност) со цел овозможување на трговските друштва да се појавуваат на берзата и да ја користат истата како дополнителен извор за финансирање преку емисија на акции.

Комисијата за хартии од вредност (КХВ), ќе ја продолжи соработката со другите регулатори од регионот за поддржување на активностите за интеграција на пазарите на хартии од вредност во регионот преку воспоставување на заедничка платформа за тргување, порамнување - прифаќање на заеднички правила за транспарентност и заеднички правила за котација.

## 2.2. СПОСОБНОСТ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПРИТИСОКОТ ОД КОНКУРЕНЦИЈАТА И ПАЗАРНИТЕ СИЛИ ВО РАМКИ НА ЕУ

### 1) Доволно количество на човечки капитал

Континуирани реформи во насока на модернизација на образовниот систем во согласност со економските потреби и подобрување на квалитетот на образованието се едни од главните стратешки приоритети на Владата на Република Македонија за 2012 година.

Реформите кои се спроведуваат во образовниот сектор се главно насочени кон обезбедување на работни вештини и професионални квалификации на човечкиот капитал во согласност со потребите на пазарот на трудот, поврзување на образовните институции со социјалните партнери, обезбедување на поголем опфат и квалитет на образование, како и промоција на концептот за доживотно учење.

Предвидените активности за 2012 година во образовниот сектор се во насока на понатамошно имплементирање на започнатите реформи. Во таа насока предвидено е унапредување на законската регулатива и тоа преку:

- Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачката дејност;
- Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование;
- Донесување на Закон за измени и дополнувања на Законот за средното образование;
- Донесување на Закон за измени и дополнувања на Законот за основното образование;
- Донесување на Закон за средното образование;
- Донесување на Закон за ученичкиот стандард;
- Донесување на Закон за студентскиот стандард.

Во рамките на процесот за децентрализација, ќе продолжи јакнењето на институциите преку натамошен развој на мрежата на основни и средни училишта и на дисперзираните студии за високо образование. Ќе се превземаат активности за континуирано зајакнување на капацитетите преку континуирана обука на вработените во институциите релевантни за секторот образование.

Во 2012 година ќе се формира Совет за развој и финансирање на високото образование.

Реформите ќе продолжат и во насока на поврзување на образовниот процес со потребите на економијата по пат на реформи на средното стручно образование, високото образование и промоција на концептот за доживотно учење. Особено внимание ќе се посвети на претприемничкото образование во сите нивоа на системот. Со цел овозможување стручно доусовршување во областа на бизнис менаџмент, се вршат подготовки за отворање на Академија за менаџери.

Ќе се реализира проект за спречување на одливот на кадрите (Stop Brain Drain), со цел да се задржат во Република Македонија студентите/инженери, технолози и информатичари кои се школувале во странство.

Еден од главните приоритети во претстојниот период е и јакнењето на соработката на образовните институции со социјалните партнери и другите релевантни институции на национално и меѓународно ниво како и зголемување на јавните и приватни инвестиции во областа на науката и развојот на нови технологии. Во оваа област главен предизвик претставува остварување на практична поврзаност на високообразовните искуства, научните и технолошките сознанија преку инвестирање во технолошки паркови и иновативни центри, конципирани како партнерства помеѓу приватниот и јавниот сектор. Овие приоритети се опфатени во Националната програма за научно истражувачка дејност на Република Македонија која треба да се усвои во 2012 година. Ќе продолжат напорите за зголемување на ефективноста на учеството во Рамковната програма FP7 2007-2013, со цел досегашната вклученост во проекти со вкупен буџет од 7,4 милиони евра да порасне на околу 10 милиони евра до крајот 2013 година.

Согласно определбата на Република Македонија за градење на општество базирано на знаење, ќе продолжат двата големи проекти: „Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија" и „Лаборатории 2010/2020" за обезбедување 190 лаборатории за јавните високообразовни установи.

Со Предлог – буџетот за 2012 година, за децентрализација на основното и средното образование предвидени се вкупно 12.341.553.000 денари од кои:

- 8.420.171.000 денари блок дотации за основно образование;
- 3.918.432.000 денари блок дотации за средно образование и
- 2.950.000 денари наменски дотации за основно образование.

Во 2012 година во втора фаза на децентрализација ќе влезат уште 4 општини. Во прва фаза на децентрализација ќе остане само руралната општина Пласница.

## КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И НАУКАТА

За 2012 година предвидени се следните капитални проекти во делот на образованието и науката:
Генерални проекции за периодот 2012 – 2014 година:

1. *Програма за опремување на лаборатории* – ќе продолжи набавката на опрема за лаборатории за државните универзитети и јавни научни установи, како капитална инвестиција во научно-истражувачката инфраструктура. Од основниот буџет на Република Македонија, за реализација на Програмата ќе се издвојуваат средства во износ од: 450.678.000 денари во 2012 година, 500.000.000 денари во 2013 година и 500.000.000 денари во 2014 година.

2. *Проект за превод на книги од реномирани автори* – Ќе продолжи реализацијата на капиталниот проект на Владата на Република Македонија „Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија", кој ќе биде поддржан со буџетски средства во износ: 190.000.000 денари во 2012 година и 210.000.000 денари во 2013 година.

3. *Проект за транзиција и институционална надградба* – Со овој проект се поддржува учеството на Република Македонија во Седмата рамковна програма (FP7) и програмата Европа за граѓаните, по пат на национално кофинансирање на влезните билети за програмите. За проектот е планирана буџетска поддршка во висина од: 50.462.000 денари во 2012 година и 54.618.000 денари во 2013 година.

4. *Основно образование: изградба и реконструкција на основни училишта и изградба на спортски сали* – Со цел подобрување на инфраструктурата на основните училишта по пат на изградба на нови и реконструкција на постојни, што ќе придонесе за поуспешно спроведување на реформите во дејноста, целосна имплементација на деветолетката и непречено реализирање на наставата, во наредниот среднорочен период ќе се издвојуваат буџетски средства во висина од: 147.102.000 денари во 2012 година, 138.500.000 денари во 2013 година и 145.000.000 денари во 2014 година. Во насока на создавање услови за реализирање на предметот спорт и спортски активности во насока на посветување поголемо внимание на здравјето на младите генерации, ќе продолжи изградбата на спортски сали, со финансиски вложувања од: 221.739.000 денари буџетски средства и заем од Банката на Советот на Европа во висина од 92.097.000 денари во 2012 година; 138.500.000 денари буџетски средства и 90.000.000 денари заем во 2013 година, како и 145.000.000 денари буџетски средства и 95.000.000 денари заем во 2014 година.

5. *Средно образование: изградба и реконструкција на средни училишта и изградба на спортски сали* – Со цел подобрување на инфраструктурата на средните училишта по пат на изградба на нови и реконструкција на постојни, што ќе придонесе за поуспешно спроведување на реформите во дејноста во насока на исполнување соодветни услови за одвивање на наставата и имплементација на задолжително средно образование, во наредниот среднорочен период ќе се издвојуваат буџетски средства во висина од: 50.000.000 денари во 2012 година, 66.500.000 денари во 2013 година и 70.000.000 денари во 2014 година. Во насока на создавање услови за реализирање на предметот спорт и спортски активности во насока на посветување поголемо внимание на здравјето на младите генерации, ќе продолжи изградбата на спортски сали, со финансиски вложувања од: 39.399.000 денари буџетски средства и заем од Банката на Советот на Европа во висина од 30.523.000 денари во 2012 година; 80.000.000 денари буџетски средства, како и 91.965.000 денари заем во 2013 година.

6. Во рамките на IV компонента на ИПА програмата, како дел од Приоритетната оска 2 „Образование и обука – инвестирање во човечки капитал преку подобро образование и вештини", со Повеќегодишната оперативна програма „Развој на човечки ресурси 2007-2013", се имплементираат три твининг проекти: „Поддршка на модернизацијата на системот за стручно образование и обука", со краен корисник Центарот за стручно образование и обука, буџет од 2.076.471€ и период на реализација септември 2011 – јули 2013; „Поддршка на интеграцијата на етничките заедници во образовниот систем", со краен корисник Управата за унапредување и развој ан образованието на припадниците на заедниците, буџет од 1.085.296€ и период на реализација март 2012 – мај 2013; проект „Поддршка на градењето капацитети на Центарот за образование на возрасни и развој на програми за писменост и комплетирање на основното образование на исклучените лица", со краен корисник Центарот за образование на возрасни, буџет од 1.725.655€ и период на реализација октомври 2011 – ноември 2013. За ИПА алокациите 2010 и 2011 за IV компонента, подготвени се две Листи за идентификување операции:

„Зајакнување на доживотното учење преку модернизирање на системот на стручно образование и системот на образование на возрасни”, со буџет од ИПА средства 3.491.601€ и национално учество 616.165€, како и „Постигнување на квалитетно образование преку обезбедување на безбедна средина за учење на сите етнички заедници”, со директен грант од 2.112.000€, при што ИПА средства 1.496.000€, национално учество 264.000€ и учество од УНИЦЕФ 352.000€.

**Политика на вработување**

Во 2011 година политиките за вработување продолжија во насока на зголемување на учеството на пазарот на трудот и намалување на структурната невработеност преку стимулирање на побарувачката на пазарот на трудот и промовирање на претприемништвото, усогласување на понудата и побарувачката на работна сила согласно потребите на пазарот на трудот, подобрување на понудата на работната сила, олеснување на процесот за трансформација од школо на работа, како и намалување на сивата економија, со активно учество на социјалните партнери.

Политиките во овој дел се спроведуваа преку:

- Имплементација на активните програми и мерки за вработување (во продолжение е даден приказ на активните програми и мерки по број на учесници и буџет за 2011 година);
- Вклучување на практиканството во формалното образование согласно потребите на работодавците, пропишано согласно Правилникот за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите („Службен весник на РМ“ бр. 120/2010);
- Подобрување на услугите за невработените лица и работодавачите од страна на Агенцијата за вработување на РМ;
- Активности за континуирано јакнење на капацитетите и соработката на релевантните институции на пазарот на трудот, како и јакнење на капацитетите на социјалните партнери.
- Изработка на акциски планови за локален економски развој за Прилеп, Ресен и Крушево во агротуризмот и прехрамбената индустрија.

Во 2011 година се продолжи со имплементацијата на активните мерки на пазарот на трудот содржани во „Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2011 година“, Проектот „Поддршка на вработувањето на млади лица, долгорочно невработените и жените“, како и преку Проектот „Самовработување со кредитирање“ кои се фокусирани кон поттикнување и поддршка на невработени лица пред се на млади лица, жени, повозрасни, ранливи групи, како и програми за подобрување на вештините на невработените лица согласно потребите на пазарот на трудот.

Со ,,Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2011 година“, преку различните програми и мерки за вработување предвидено е да се опфатат 7.265 невработени лица за што се обезбедени околу 500 милиони денари. Заклучно со октомври 2011 опфатени се 4.628 невработени лица.

Со имплементација на проектот за ,,Самовработување со кредитирање“ предвидено е да се опфатат 800 невработени лица за што се обезбедени околу 115 милиони денари. Заклучно со октомври 2011 опфатени се 605 невработени лица.

За подобрување на ефикасноста и ефективноста на активните програми и мерки за вработување:

- Start up incentives се насочни кон одржливоста на бизнисите, правилно таргетирање на учесниците, изработка на бизнис планови, тренинг за претприемништво, како и понатамошна помош во првите години од постоењето на бизнисите преку дополнително вклучување во програмите за дополнителни вработувања во најуспешните претпријатија. Истите покрај стумилирање на побарувачката на пазарот на трудот влијаат и врз трансормацијата од неформална во формална економија и стимулирање на претприемништвото.
- Програмите за тренинг се дизајнираат согласно барањата на работодавачите, врз основа на Анализата за потреби од вештини и дополнителните анализи на Центрите за вработување кои даваат информации за потребите во наредната година преку краткорочно предвидување на потребите на пазарот на трудот и поврзување на понудата и побарувачката. Исто така во 2011 година се продолжи и со индивидуалниот пристап, согласно потребите на локалниот пазар. Во насока на јакнење на капацитети и согледување на недостатоците се отпочна со развивање на методологија за евалуација на обуките за занимањата кои се побарувани на пазарот на трудот;
- Кај Employment incentives се зема во предвид одржливоста на работното место, како и се намалуваат можностите за појава на substitution and displacement effects. Истите се пред се насочени кон стимулирање на вработување на лицата кои многу тешко можат да се вклучат на пазарот на трудот. Се имплементира и Пилот-програма за мобилност на работната сила со цел зголемување интерната мобилност.

Клучните предизвици на реформи на пазарот на трудот се дефинирани согласно Стратегијата Европа 2020 и Носечките иницијативи релевантни за политиките за вработување за што се подготви Национална стратегија за вработување на Република Македонија до 2015 година. Во Стратегијата е даден приказ на економската состојба и состојбите на пазарот на трудот, идентификувани се клучните предизвици, дефинирани се стратешките приориотети и цели кои треба да се остварат до 2015 година, како и политиките кои треба да доведат до остварување на поставените цели. Конкретните активности, надлежни институции и финансиски средства се дефинирани во Национаниот акционен план за вработување на Република Македонија 2011 – 2013 година и истиот е подготвен согласно Интегрираните насоки на Европа 2020 за економски политики и политики за вработување на земјите членки на Европската унија кои ги поривaат микроекономските политики ( насока 6)  и насоките за вработување ( 7, 8, 9 и 10). Во процесот на подготовка на Стратегијата и Акциониот план се обезбеди TAIEX експертска мисија со цел експерти од земјите членки на Европската унија да обезбедат помош и насоки за подобрување на квалитетот на документот како и поврзување со целите на Европа 2020.

Во септември 2011 година започна имплементацијата на Twinning Проектот „Поддршка на политиките за вработување“, ко-финансиран преку ИПА Компонентата IV.

Со цел да се зајакнат капацитетите на институциите и да се согледа ефикасноста на програмите за обука за побарувани занимања, се почна со подготовка на методологија за оценка на истите.

Врз основа на редовното следење на имплементацијата на активните програми и мерки за вработување, како и утврдените цели и приоритети кои треба да се остварат, подготвен е Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2012 и 2013 година.

Во наредниот краткорочен период ќе се продолжи со реализација на Twinning Проектот „Поддршка на политиките за вработување". Главната цел на овој проект ќе биде обезбедување на поддршка за воспоставување на систем за долгорочно предвидување на пазарот на трудот и развој на капацитетите во Министерството за труд и социјална политика и во сите останати релевантни институции и социјалните партнери за долгорочно предвидување на пазарот на трудот, како и за мониторинг, евалуација и известување за политиките за вработување. Со имплементација на овој проект ќе се изврши оценка на постојните капацитети за долгорочно планирање, ќе се создаде систем за долгорочно планирање преку соодветни методи, техники, постапки, институционална рамка. Во врска со ова ќе се обезбеди обука на лица за долгорочно планирање на пазарот на трудот, ќе се зајакне меѓуинституционалната соработка и координација во врска со долгорочните предвидувања на пазарот на трудот, ќе се развие соработката со социјалните партнери во врска со долгорочното планирање. Со развивање на системот за следење и оценување на политиките за вработување, ќе се направи проценка на политиките, ќе се идентификуваат предизвиците, ќе се создаде детален систем за следење и оценување на политиките и програмите за вработување во согласност со барањата на Европската стратегија 2020, ќе се воведат индикатори потребни за исполнување на европските обврски и целосно вклучување на насоките за вработување.

Ќе се продолжи со имплементација на политики кои ќе бидат насочени кон зголемување на вработеноста и намалување на стапката на невработеност. Како основни приоритети во делот на политиките за вработување на краток рок, и понатаму останува зголемување на учеството на пазарот на трудот и намалување на структурната невработеност. Покрај тоа ќе се продолжи со имплементација на активни политики за вработување кои стимулираат побарувачка на пазарот на трудот, усогласување на понудата и побарувачката на работната сила, зголемување на вработливоста на невработените лица, вклучување на инвалидните лица и останати ранливи групи на пазарот на трудот, тековно следење на имплементацијата на активностите од политиките за вработување, евалуација на постигнатите резултати од имплементираните програми и мерки, како и искористување на овие резултати и оценки во циклусот на креирање на програми и мерки за вработување.

Ќе се направи оценка на ефектите на мерките за обука на дефицитарни занимања, со што ќе се согледаат ефектите од нивната реализација и ќе се дадат насоки за поголема ефикасност.

На среден рок ќе се продолжи со активности за натамошно јакнење на капацитетите на релевантните субјекти во планирањето, креирањето, имплементација, мониторингот и оценувањето, зајакнување на меѓуинституционалната соработка за успешноста на политиките за вработување преку обуки, семинари

и работилници, како и поголема вклученост на социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политиките за вработување.

Планираните активности за зголемување на вработеноста ќе се реализираат со континуирано зголемување на средствата и бројот на лицата опфатени со активните програми и мерки за вработување согласно потребите на пазарот на трудот. Политиките ќе бидат насочени кон потикнување и подршка за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот (млади, долгорочно невработени лица, жени, лица со хендикеп и др.), заради зголемување на нивната вработливост и конкурентноста на пазарот на трудот, како и намалување на сивата економија.

2) **Доволно количество на физички капитал**

**Инвестиции во физички капитал**

Развојната политика на Владата на Република Македонија за инвестирање во јавната инфраструктура на земјата на среден рок и подолгорочно се базира на динамична инвестициона активност. Активноста се очекува да резултира со оптимизација на користењето на постојните капацитети, реконструкција и модернизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност, како и поскоро довршување на започнатите економски оправдани проекти, имајќи ги предвид опциите на помали трошоци.

Во Програмата за јавни инвестиции во Република Македонија 2011-2013, при одредувањето на приоритетните потреби се имаа предвид секторските развојни политики и приоритетните инфраструктурни проекти содржани во Програмата за работа на Владата на Р. Македонија, расположивата проектна документација и реалните можности за обезбедување на средства за капитални инвестиции од: (1) Буџетот на државата; (2) фондовите; (3) сопствени средства на инвеститорите; (4) домашни банки (5) донации; (6) странски кредити, во согласност со Среднорочната стратегија за управување со јавен долг. Во наредните години се очекува и постепено користење на средства од предпристапните фондови на Европската унија.

Програмата за јавни инвестиции 2011- 2013 содржи 78 тековни инвестициони проекти. Вкупните трошоци за овие проекти се ценат на 2 290,09 милиони евра17. Дел од средствата, во износ од 503,44 милиони евра, се реализирани до крајот на 2010 година. Реализацијата на одреден обем на инвестициони активности, со вредност од 291,98 милиони евра, се планира по 2013 година. Со тоа, во периодот 2011-2013 година се предвидува дека ќе се реализираат 1 479,49 милиони евра, односно само во 2011 година 543,79 милиони евра. Од вкупно предвидените средства со Програмата за периодот 2011-2013 година, за развој на стопанската инфраструктура ќе бидат насочени 648,26 милиони евра или 43,8%, а за развој на нестопанската инфраструктура 831,42 милиони евра, или 56,2% од вкупните средства.

---

[17] Пресметките се направени според програмски курс на еврото на Народна банка на Р. Македонија за 2010 година (1 евро = 61,31 денари)

**Инвестиции во енергетиката**

Инвестициите кој се планирани во енергетиката потпаѓаат на следните четири вида:

1. Производство на електрична енергија
2. Интерконективно поврзување
3. Обновливи извори на енергија
4. Развој на гасификациониот систем

Инвестициите кои се планирани во енергетиката пред сè се однесуваат на реконструкција на постојаната електро- енергетска инфраструктура и изградба на нова електро- енергетска инфраструктура, нови капацитети за производство на електрична енергија, се со цел обезбедување на поголема безбедност во снабдувањето со енергија, поврзување со регионалните енергетски мрежи, како и поголемо процентуално вклучување на обновливите извори на енергија во потрошувачката на енергија.

Во текот на 2012 година се очекува да се избере најдобар понудувач по јавниот оглас за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од ХЕЦ Чебрен и ХЕЦ Галиште и учество во јавно приватно партнерство со АД ЕЛЕМ и да се спроведе избор на најдобар понудувач. Во 2012 година ќе се потпишат 26 нови Договори за концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи за вкупно 26 мали хидроелектрични централи со околу 29MW инсталиран капацитет, како и ќе се спроведе нова постапка за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи.

Во 2011 година се склучи договор за заем за изградба на далекуводот Штип- Ниш  и започнаа активностите за градба. Изградбата на овој далекувод ќе продолжи и во 2012 година. Во однос на далекуводот Битола- Елбасан започна изработката на Физибилити студија и Студија за влијанието врз животната средина во рамките на Western Balkan Investment Framework. За можна надградба на постојниот 220 kV далекувод на 400 kV напонско ниво помеѓу Македонија и Косово, операторите на електропреносните системи на двете земји во 2011 година потпишаа Меморандум за разбирање за иазработка на физибилити студија. Во 2012 година ќе се разгледуваат плановите и анализите за можна изградба на овој далекувод.

Во 2010 година се финализираше Физибилити студија за гасоводен систем во Република Македонија со идеен проект. Во студијата се дадени технички и економски анализи за: постојната состојба на изграденоста на гасоводниот систем, регионалните, меѓуграничните и други услови за развој, предлози и начин на доизградба на системот согласно условите во Југоисточна Европа и пошироко и испитување на можности за користење на гас во тек на наредниот период од 20-30 години. Во однос на дистрибуцијата на гас се очекува во 2012 година да започнат активности за изработка на физибилити студија за развој на дистрибутивни гасификациони мрежи.

На 9 април 2011 година склучен е Договор за кредит помеѓу АД ЕЛЕМ и kfW банката за изградба на ветерен парк на електрани во висина од 32, 9 милини евра.

На 10 ноември 2011 година Европската Банката за Обнова и Развој и АД ЕЛЕМ потпишаа договор за кредит во висина од 65 милиони евра за изградба на хидроелектричната централа Бошков мост која има инсталиран капацитет од 70MW. Изградбата на електраната ќе се одвива во наредните 4 години.

Во текот на 2013 и 2014 година се планира отпочнување на повеќе конкретни проекти во делот на електроенергетиката и делот на гасоводниот сектор со што би се зголемила безбедноста во снабдувањето со енергија во Република Македонија.

Во 2013 и 2014 година се предвидува да се објават повеќе меѓународни јавни огласи за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи и да започне конкретна изградба на магистрални гасоводи.

Во Република Македонија во моментов надлежна институција за менаџирање на резервите на нафта и нафтени деривати е Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати.

Дирекцијата е формирана со Закон за формирање на Дирекција за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, со цел порационално и поефикасно управување со стоковните резерви на нафта и нафтени деривати, како и усогласување со Европското законодавство. Дирекцијата започна со работа од 01.06.2009 година, кога беше именуван директор на Дирекцијата. Средствата за нејзиното функционирање во првите 6 месеци се обезбедени од Буџетот на РМ, а во наредниот период ќе се финансира од сопствени приходи.

Во 2010 година, Владата на Република Македонија започна билатерални преговори за можно поврзување на националниот гасоводен систем со соседните интернационални гасоводи и обезбедување на потребните количини на гас, како и обезбедување на финансиски средства од меѓународни финансиски институции за изградба на Националниот гасоводен систем.

Врз основа на изработената Физибилити студија за гасоводниот систем, изработен е идеен проект за целиот национален систем во вкупна должина од 849km, по кој се изработуваат Основни и Изведбени проекти за приоритетниот магистрален правец во должина од 410km поделен во 5 делници. Се очекува техничката документација да биде изработена до крајот на 2011 година.

Изработката на проектната документација за четирите делници ќе завршат до крај на декември 2011 година, а изработката на проектната документација за петтата делница ќе заврши до крај на март 2012 година.

Изградба на делницата Клечовце-Штип-Хамзали-Стојаково-граница со Република Грција во должина од 170 км ќе се финансира со средства обезбедени од "Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Руската Федерација за регулирање на обврската на поранешниот СССР по пресметките сврзани со стоковната размена меѓу поранешниот СССР и поранешната СФРЈ". Се планира изградбата да започне во 2012 година, а да заврши до крај на 2015 година. Изградба на трасата Скопје-Тетово-Гостивар и изградбата на Штип-Неготино-ТЕЦ Неготино-Кавадарци-Прилеп-Битола и РЕК Битола-Кременица-граница со Република Грција ќе се финансира со заем од ЕБРД и ЕИБ, како прва фаза. Изградбата се планира да започне 2013 година и да заврши до крај на 2015 година.Како втора фаза од заемот ЕБРД/ЕИБ ќе се финансираат делниците Гостивар-ТЕЦ Осломеј-Кичево, Хамзали-Ново Село- граница со Република Бугарија и преостанатиот дел на магистралните гасоводи од Националниот гасоводен систем во Република Македонија. Овие делници се планираат да започнат 2015(2017) година и да завршат до крај на 2022 година.

**Воздушен сообраќај**

Во април 2011 година направено е свечено отворање на реконструираниот аеродром Св Апостол Павле-Охрид. На аеродромот „Св. Апостол Павле" во Охрид се изврши реконструирање на постоечкиот паркинг, реновирање на објектите во карго центарот, изградба на ВИП објект, пречистителна станица, реконструкција на постоечката административна зграда, набавка на нови патролни и противпожарни возила, како и набавка на нова потребна опрема за аеродромот да функционира согласно меѓународните стандарди

Во септември 2011 година направено е свечено отворање на реконструираниот аеродром „Александар Велики". Концесионерот „ТАВ Македонија"изгради нова терминална зграда од 40.000 м2 , продолжување на полетно-слетната патека за 500 м, изградба на паркинг за автомобили, пристапен пат со нова клучка, набавка и инсталирање на системи за навигација, изградба на потребната комунална инфраструктура, доградба на постоечката или изградба на нова на административна зграда, изградба на нов карго терминал, изградба на нова противпожарна станица, нов паркинг за воздухоплови, како и набавка на нова потребна опрема за аеродромот да функционира согласно меѓународните стандарди – Скопје.

**Изградба на патишта**

Во 2011 година се отвори делницата Табановце-Куманово со должина од 7,5км.

Со завршување на делницата Демир Капија-Смоквица, Пан - Европски Коридор 10 кој што минува низ целата држава поврзувајќи ги границите со Република Србија и со Република Грција ќе биде на ниво на автопат. Градбата се очекува да започне во првиот квартал од 2012 година со траење од 48 месеци плус дополнителен гарантен период од 24 месеци.

Проектот Демир Капија- Смоквица во должина од 28 км ќе се реализира со средства од ИПА Компонентата за Регионален развој, `Владата на Република Македонија, Европска Банка за обнова и развој и Европска инвестициона банка.

Освен на Коридорите, Владата на Република Македонија посвети целосно внимание на обнова и на изградба на регионалните и на локалните патишта.

Во текот на 2011 година заклучно со 15.11.2011 година завршени се вкупно 56 локални патишта финансирани преку Светска банка и ЕБРД. Исто така завршени се и сите регионални патишта финансирани преку Светска банка.

**Железници**

Буџетските средства наменети за инвестициско одржување на постоечката железничка инфраструктура изнесуваат 298.806.000,00 денари, а за надомест на трошоци за услуги од јавен интерес во железничкиот превоз на патници изнесуваат 229.000.000,00 денари.

**Инвестиции со странска помош во железницата**
**Коридор** X –**железница**
Во однос на Коридор X – железница во тек е проект за подготовката на проектни студии и проектна документација за железничките делници по должина на Коридор 10 и кракот 10д односно подготовка на студии за оправданост, студии за анализа на трошоци и придобивки, студии за проценка на влијанието врз животната средина како изработка на идејни и основни проекти согласно потребата за комплетирање на проектната документација за железничките делници Куманово–Дељадровце, Драчево–Велес и Битола–Кременица. Се очекува до крајот на Декември 2011 да се склучи договорот со консултантот кој би ги изработил проектните документации до средина на 2013 година.

Во 2011 година започна и проектот за рехабилитација и надградба на железничката станица во Скопје. Целта на овој проект е на патниците да им се олесни пристапот до станицата и до пероните со посебен осврт кон луѓето со специјални потреби. Рехабилитација на железничката станица се очекува да започне кон крајот на 2012 година и да заврши до крај на 2013.

Во текот на 2011 година, за обезбедените средства по пат на кредит од ЕБОР започна постапката за избор на градежна фирма која ќе изврши ремонт на делниците Табановце-Куманово во вкупна должина од 11,7 км и Миравци –Смоквица. Истите се планира да завршат до крајот на 2012 година. Од страна на Јавното претпријатие "Македонски железници" - Инфраструктура Скопје се изготвуваат проектите за ремонт на делницата од Ногаевци-Неготино.

Во текот на 2012 година се планира да започне проектот Ремонт со Реконструкција на делницата (железничката пруга) Битола – Кременица (граница со Р. Грција) како дел од крак 10Д од Коридорот 10. Тендерската процедура за градба треба да започне во третиот квартал на 2012 а договорот за градба да се склучи во средина на 2013. Градежните работи се планираат да завршат до средината на 2015

**Коридор** VIII- **железница**
Во текот на 2012 година се планира Изработка на физибилити студија и ЕСИА за ремонт Куманово - Деве Баир граница со Република Бугарија.

Во првата половина од 2012 година, консултантот треба да ги изработи основните проекти за рехабилитација на делницата Куманово Бељаковце, како и тендерската докуметација за избор на гардежна фирма која ќе ги изведува градежните работи на рехабилитацијата. До крајот на 2012 година да се склучи договор со избрана фирма, а градежните работи да се изведуваат во период од 2 години, односно до 2013-2015 година.

До крајот на 2012 година се планира консултатнот да започне со изработка на основен и изведбен прокет за пругата од Кичево до Лин, граница со Република Албанија во должина од 62.6 км., а да заврши до крајот на 2014 година

3) **МСП и учеството на малите претпријатија**
Микро, малите и средни претпријатија (ММСП) се доминантен тип на претпријатија во економијата на Република Македонија. Во 2010 година нивниот број изнесува 61.647 и бележи мало зголемување во однос на 2009 година кога нивниот број изнесувал 61.262. ММСП претставуваат 99,71% од вкупниот број на постојни претпријатија со што се потврдуваат за важни учесници во економијата како целина и важни креатори на општествениот производ. Растечкиот број на ММСП го апсорбира најголемиот дел од работната сила, придонесувајќи за намалување на невработеноста. Во 2010 година забележано е мало намалување на бројот на вработени во микро претпријатијата, а зголемување на нивниот број кај средните претпријатија во однос на 2009 година. Од вкупниот број на вработени, 80,22% се ангажирани во микро, мали и средни претпријатија.

Во табелата подолу е дадено учеството на МСП во националната економија во однос на бројот на вработените и големина на претпријатијата .

- Структура во % -

| | Број на вработени | | | Број на активни претпријатија | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2008 | 2009 | 2010 | 2008 | 2009 | 2010 |
| Микро | 18.90 | 19.98 | 19.42 | 71.93 | 72.52 | 72.53 |
| Мали | 41.67 | 42.34 | 42.23 | 26.92 | 26.33 | 26.28 |
| Средни | 17.78 | 17.19 | 18.57 | 0.83 | 0.84 | 0.90 |
| **Вкупно МСП** | 78,35 | 79,50 | 80,22 | 99,68 | 99,69 | 99,71 |
| Големи | 21.65 | 20.50 | 19.78 | 0.32 | 0.31 | 0.29 |
| **Вкупно** | 100,0 | 100,0 | 100,0 | 100.00 | 100.00 | 100.00 |

Извор: Централен регистар

Политиките и активностите за поддршка и развој на МСП произлегуваат од Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, годишните програми за МСП и ЕУ Актот за мали бизниси .

Согласно овие документи во изминатиот период реализирано е следното:

1. Кофинансирани се програмските активности на бизнис инкубаторите, проекти од нефинансиска природа за поддршка на МСП на регионалните центри и бизнис центрите во општините, проекти за поддршка и развој на занаетчиството на занаетчиските комори и активностите на ЕИИЦМ
2. Продолжи со реализација ваучерскиот систем на советување и инфо пултот како проекти на Агенцијата за подршка на претприемништвото на Р. Македонија, а исто така беа реализирани повеќе настани за промоција на претприемништвото и претприемничкото учење.
3. Усвоена е Стратегијата за развој на занаетчиството во РМ 2012-2020
4. Во фаза на подготовка е „Стратегијата за иновации на Република Македонија 2012-2020“
5. Континуирано се реализира Проектот "Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење" ( Австриска развојна фондација).

Во 2012 ќе се имплементираат мерките и активностите за подобрување на претприемништвото и конкурентноста на МСП предвидени со Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013 и мерките и активностите согласно Стратегијата за занаетчиството во Република Македонија. Исто така, во 2012 ќе се реализираат активностите утврдени со годишната програма за МСП односно се предвидува да се даде поддршка на: бизнис инкубаторите, имплементацијата на ISSO, HACCP, HALLAL стандардите за квалитет, на женското претприемништво, на промоцијата на занаетчиството, на автентичните македонски ракотворби како и на организирање на промотивни активности (ЕУ недела на претприемништвото, Глобална недела на претприемништвото, Денови на занаетчиството во РМ) и ќе се продолжи со реализација и ќе се заокружи проектот "Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење". Документот „Стратегија за иновации на Република Македонија 2012-2020“ се очекува да биде усвоен во текот на 2012 година.

Во периодот 2012-2014 година генерално активностите ќе бидат насочени кон зајакнување на институционалната инфраструктура за поддршка на МСП и на занаетчиството, подобрување на деловното опкружување и подобрување на конкурентноста и иновативноста базирано на принципите на Актот за мали бизниси (Small Business Act) и на Стратегија за иновации на Република Македонија 2012-2020.

4) **Влијание на државата врз конкурентноста** (**преку трговската политика**, **политиката на конкуренција**, **државната помош**, **СДИ**, **поддршка за мали и средни претпријатија**, **итн**)

**Политиката на заштита на конкуренцијата** се спроведува во функција на обезбедување на зголемен степен на слободна конкуренција на домашниот пазар.
Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за контрола на државната помош ("Службен весник на Република Македонија„ бр.145.10) како и подзаконските акти донесени врз основа на законот.
Усогласувањето на националното законодавство со ЕУ *acquis* продолжи и во 2011 година. Владата на Република Македонија во октомври 2011 година донесе 2 уредби кои произлегуваат од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10) и тоа:

1. Уредба за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија" бр.141/11) и
2. Уредба за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија" бр.142/11)

Воедно, Комисијата за заштита на конкуренцијата во текот на 2011 година во делот на државна помош донесе 11 решенија (кои се донесени од јануари до ноември) и 10 мислења.
По однос на приоритетите во наредниот период предвидено е донесување на уредба за Регионален развој, меѓутоа сеуште не е утврден рокот на донесување и точниот назив на уредбата.

Во насока на зајакнување на административниот капацитет на Комисијата за заштита на конкуренција предвидени се обуки за вработените за ефикасно спроведување на Законот за контрола на државна помош и подзаконските акти преку активностите предвидени со Твининг Проектот " Помош за Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош„ – од ИПА 2009.

Воедно, планирани се и обуки и за судиите кои работат на предмети од државната помош, за давателите на државна помош, бизнис заедницата, новинари, преку активностите предвидени со Твининг Проектот " Помош за Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош„ – од ИПА 2009.

На среден рок ќе следи понатамошно усогласување на националното законодавство со ЕУ acquis согласно релевантните промени на истото.

**Промоција на странските директни инвестиции**
Во Република Македонија се утврдени следниве стратешки сектори за инвестирање: енергетскиот сектор, индустријата за производство на автомобилски компоненти, информатичка - комуникациска технологија, земјоделството и преработката на храна, фармацевтската индустрија текстилот, градежништвото и туризмот.

Согласно податоците на Народна банка приливот на странски инвестиции во првите осум месеци од 2011 година изнесува 197,3 милиони евра, што бележи зголемување споредено со минатата година. Во табелата е даден хронолошки преглед на приливот на СДИ во Република Македонија.

**Прилив на СДИ во Р. Македонија и нивното структурно учество во БДП**

* Во милиони ЕВРА

| **Година** | 2003 | 2004 | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 I-VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен износ** * | 100,4 | 260,7 | 77,2 | 344,8 | 506,0 | 399,9 | 145.0 | 159,1 | 197.3 |
| **Учество на СДИ во БДП** | 2,4 | 6,0 | 1,7 | 6,8 | 8,8 | 6,2 | 2,2 | 2.3 | 2,6 |

Извор: Народна банка на Република Македонија

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот - АСИПИ е главната институција која е задолжена за промоција на инвестиции и промоција на извозот. Агенцијата продолжува интензивно да работи на обезбедување на aftercare што пред се, се однесува на помагање на странските инвеститори и

обезбедување на различни услуги откако компаниите веќе донеле одлука за инвестирање во државата. По однос на процесот на економска промоција, моментално активно работат 18 економски промотори сместени во Амбасадите и ДКП- ата во различни европски земји, САД, Индија, Кина, Јапонија и Катар чиј што број дополнително ќе се зголемува. Економските промотори, покрај работа на презентација и промоција на инвестиционите можности, паралелно работат и на извозна промоција.

Привлекувањето странски инвестиции во технолошките индустриски развојни зони претставува еден од приоритетите на Владата. Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ги врши работите сврзани со основањето, развојот и следењето на ТИР зоните. Во случај кога Владата на Република Македонија е основач на ТИР зона, Дирекцијата за ТИРЗ ги врши работите од надлежност на основачот на зоната во име на Владата на Република Македонија. Во Република Македонија предвидени се 11 ТИР зони, а во зависност од тоа во која фаза на Основање, изградба и развој се наоѓаат, ТИР Зоните се дефинираат во 3 групи.

Во I група се зоните кои можат да се нудат на заинтересираните корисници по завршувањето на основната инфраструктура и тука спаѓаат - ТИРЗ СКОПЈЕ 1 (140 ха), ТИРЗ СКОПЈЕ 2 (96 ха), ТИРЗ ШТИП (206 ха) ТИРЗ ТЕТОВО (94 ха). Останатите зони се во фаза на финализирање на имотно правните односи и отпочнување со изградба на инфраструктура.

По однос на промоција на извозот како нова надлежност која и беше доделена со закон на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот во 2010 година, во соработка со Министерството за економија на РМ, а со финансиска поддршка од Светска Банка беше изработена Стратегија за промоција на извозот, која е усвоена од страна на Владата. Оваа стратегија претставува план како да се зголеми вредноста на извозот на македонските компании за 30% во тек на три години и како да се унапреди институционалната рамка за промоција на извозот. Имплементацијата на Стратегијата за извоз ќе се реализира преку Акцискиот план за промоција на извозот за 2012 година, во соработка со повеќе институции и донаторски проекти. Новиот проект на УСАИД ИДЕАС изработи Стратешка рамка и бизнис модел со која се утврдуваат секторите со најголем извозен потенцијал и се дефинираат активностите кои ќе ги извршува Агенцијата во оваа област и услугите кои ќе ги нуди. Светска банка подготви оценка за македонската трговска конкурентност нудејќи конкретни препораки за нивно зголемување.

Во 2012 година *Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија* ќе продолжи со следење на најновите и најуспешни практики за промоција на инвестиции и промоција на извоз, ќе предлага новитети во пакетот на инвестициони поволности за потенцијални инвеститори и активно ќе работи на координација со ресорните министерства и други институции за олеснување на административните процедури при услужување на инвеститорите во реализација на инвестиционите проекти. Притоа фокусот ќе биде на зголемување на интерактивноста и комуникацијата со постојните инвеститори, идентификување на пречките со кои се соочуваат и преземање на дејствија за нивно отстранување. Во текот на 2012 ќе се преземат активности за реализација на Акциски план од Стратегијата за промоција на извозот. Како дополнително зајакнување на процесот на промоција на Република Македонија како добра бизнис и инвестициска дестинација, во текот на месец јануари 2012 дополнително ќе бидат упатени на работа 9 нови економски промотори во Велика Британија, Белгија, Франција, Турција (Анкара), Канада, Република Кореа, Италија, Косово и Холандија. Истите моментално се наоѓаат на обука во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија. Дополнително, во тек е процес на селекција за економски промотор за Казахстан.

Со цел обезбедување на одржливост и ефикасно реализирање на поставените цели на АСИПИ согласно Законот, предвидено е да се обезбеди стручно и кадровско зајакнување со нови вработувања, како и континуирана обука на новите и постојни вработени за најдобрите пракси и современи методологии за реализација на промоцијата (извозна и инвестициона), поефикасна логистика за подобрување на понудените услуги, соработка, комуникација и поддршка на таргетните групи инвеститори и извозници.

Во насока на привлекување странски инвестиции во ТИРЗ ќе продолжи соработката и координацијата меѓу институциите.

**Политика на конкуренција, конкурентност и поддршка на мали и средни претпријатија**

Во насока на понатамошно спроведување на економските реформи за подобрување на деловната клима и конкурентноста на македонската економија во наредниот период ќе се реализираат нови и продолжат да се имплементираат започнатите проектите и активностите кои придонесуваат за зголемување на економскиот раст.

*One Stop Shop за домашни и странски инвеститори.* Со цел олеснување на процесот на започнување и водење на бизнис во Република Македонија, како и овозможување на потенцијалните инвеститори сите потребни информации за процедурите, постапките и потребните документи да ги добијат од едно место, Владата на Република Македонија спроведува активности за формирање на One Stop Shop за домашни и странски инвеститори (Регистар). Активностите за реализација на овој проект се поделени во две компоненти, каде првата се однесува на скенирање и мапирање на лиценци и дозволи, додека втората на правната, организационата и техничката рамка. Првата компонента опфаќа активности кои вклучуваат идентификување на сите јавни институции кои се одговорни за издавање на одредена лиценца, барање или дозвола, собирање податоци и изготвување листа на лиценци и дозволи за водење бизнис, спроведување на истражување во однос на постојните информатички апликации и бази, комуникациски стандарди кои се користат во селектираните институции, спроведување на анализа на трошоци потребни за издавање на секоја лиценца, барање или дозвола и изработка на база на податоци на барања, лиценци и дозволи поврзани со започнување на бизнис.

Во рамки на втората компонента пак, ќе биде опфатен преглед на меѓународните искуства и практики, како и предлагање на правна, организациона и техничка рамка за воспоставување на Едношалтерскиот систем со детален оперативен план и предлог начини за намалување на бирократските процедури при издавање градежни дозволи и лиценци.

*Отпочнување на активности за формирање на Еквити Инвестициски Фондови во Република Македонија*, како дел од стратешката определба за поддршка на развојот на приватниот сектор. Формирањето на вакви фондови има за цел да обезбеди поддршка на развојот на малите и средни претпријатија, но и да овозможи трансфер на нови технологии и know- how, како и поттикнување на иновациската активност во овој сектор. Дополнително, во секоја портфолио компанија на фондовите ќе има техничка помош во вид на посета на фирми со иста дејност во ЕУ или САД, обезбедување на индустриски експерти, примарно пазарно истражување, обуки според модерни менаџмент техники на менаџерскиот тим и слично.

*Учиме од бизнис – заедницата*. Како продолжување на веќе воспоставениот дијалог со бизнис заедницата и во насока на негово зајакнување, Владата на Република Македонија во периодот 2012 - 2014 ќе продолжи да го спроведува проектот “Учиме од бизнис –заедницата”. Целта на овој проект е согледување на идеите и иницијативите на бизнис заедницата, а кои се во насока на подобрување на деловното окружување, како и идентификување на главните проблеми со кои се соочуваат компаниите при своето работење. За таа цел, стручни владини тимови од различни институции секоја година ќе посетуваат 150 компании низ целата територија на Република Македонија. Предвидено е проектот да опфати компании со различна големина и степен на успешност кои ќе покажат интерес да бидат посетени од страна на стручните владини тимови.

*Акционен план за подобрување на глобалната конкурентоност на Република Македонија.* Во следниот период, се планира ревидирање на Акциониот план за подобрување на глобалната конкурентност и економските слободи според Програмата за работа на Владата на Република Македонија (2011-2015). Акциониот план за подобрување на глобалната конкурентност и економските слободи ќе се усогласи со бизнис заедницата во т.н. ‘Мастер План” за подобрување на глобалната конкурентоност и економските слободи на Република Македонија.

Процесот на зголемувањето на конкурентноста на македонското стопанство претставува еден од приоритетите на економската политика на Владата, кој се реализира преку подобрување на деловната клима за водење бизнис и преку имплементација на повеќе стратегии, политики и програми кои директно

влијаат на развојот на претприемништвото, иновативноста, технолошкиот развој, извозот, привлекување странски инвестиции и слично.

Продолжува имплементацијата на Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020, како интегриран и проактивен пристап, а за нејзина успешна имплементација во тек е подготовка на Акционен план за имплементација на Индустриската политика за 2012-2013 година. Во 2012 година се очекува отпочнување на имплементацијата на Проектот ИПА Компонента 1 за Зајакнување на институционалните капацитети за имплементација на индустриската политика. Продолжува координација на донаторската помош преку програмски пристап за поддршка на индустриската политика.

Во тек на подготовка е Стратегијата за иновации со поддршка од ОЕЦД која се очекува да ги даде главните насоки за координиран пристап на поддршка кон создавање конкурентна економија базирана на знаење и иновации. Во фаза на усвојување е Стратегијата за промоција на извозот со акционен план која ќе придонесе кон поефикасна поддршка на фирмите во процесот на интернационализација

Како една од петте области на интервенција предвидени во Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020 е зголемувањето на конкурентноста на македонската индустрија со поттикнување и зајакнување на кластерите и нивно регионално и меѓународно вмрежување (целта е поделба на трошоците, поефикасно истражување на пазарот, поефикасен проток на трудот, капиталот, технологијата, иновациите и информациите).

Во таа насока, на годишно ниво се носи посебна Програма за поддршка и развој на кластерското здружување, во чии рамки се предвидени активности за подобра промоција на можностите кои што ги нудат кластерите, обука и унапредување на менаџментот на кластерите, подобрување на поврзувањето (вмрежувањето) на кластерите, како и средства за формирање на нови кластери. Кластерската форма на здружување ќе овозможи развој на нови, иновативни производи, со што ќе се овозможи диверзификација на производните програми на индустријата.

Приоритетите во наредниот период ќе бидат насочени кон зајакнување на технолошката соработка во рамките на кластерите, при што во рамки на секој кластер ќе се формира Регистар на македонски компании со најголем капацитет за иновации и за истражување. Во соработка со постојните кластери и согласно со претходно дефинирани критериуми, ќе се мери капацитетот на македонските компании способни да вршат истражувања кои би се примениле во производствените процеси. Согласно со овие рангирања ќе се гради соработката меѓу фирмите, универзитетите, факултетите и македонските иноватори.

Со проектот ќе се поддржат активностите насочени кон поддршка на проекти на кластерските здруженија со кои ќе се овозможи поттикнување на кластерското поврзување и економијата од обем. Заедничкиот настап на малите и средни претпријатија преку кластерите ќе овозможи намалување на трошоците за стратешко планирање, маркетинг, обуки и влез на странските пазари. За да се поддржи развојот на кластерските иницијативи ќе се продолжи со промовирање на Водичот за кластерите кој е наменет за нивниот менаџмент. Ќе се продолжи со поддршката на организирање на семинари за подигање на свеста за кластерското здружување, поддршка на конкретни проекти поднесени од кластерите, зајакнување на капацитетите на кластер-менџментот, како и организирање дебати за индикатори за успешен кластер.

*Организирање обуки на ниво на кластер.* Технолозите и инженерите на најдобрите 10 фирми од секој кластер и 5 иноватори од соодветната област ќе одржат предавање за практиките и новитетите во своето работење. Од своја страна, Владата во соработка со меѓународни финансиски институции ќе финансира најмалку 2 регионални и европски реномирани предавачи од областа да одржат предавање за светските достигнувања.

5) **Трговска интеграција со ЕУ**

Република Македонија како земја со мал внатрешен пазарен потенцијал, од својата независност, се определи кон спроведување на активна надворешна трговска политика со цел интензивирање на

трговската соработка со земјите од регионот и пошироко, преку либерализација и олеснување на условите за непречено одвивање на извозот и увозот на стоки.

Република Македонија во 2011 година продолжи да ја спроведува трговската политика во согласност со превземените меѓународни обврски кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, од членството во Светската трговска организација (СТО), ЦЕФТА, и другите договори за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим.

Земјите од ЕУ (27) имаат најголемо учество во вкупната надворешно - трговска размена што ја остварува Република Македонија со светот, кое во периодот јануари - септември 2011 година изнесува 56,9%. Показателите на трговска соработка меѓу Република Македонија и ЕУ во периодот јануари - септември 2011 година укажуваат дека истата е зголемена во однос на истиот период од претходната година за 41,2%. Зголемувањето на увозот од ЕУ е за 43,3%, а зголемувањето на извозот е 38,2%, притоа, трговскиот дефицит за истиот период се зголеми за 56,1%, а покриеноста на увозот се намали за 2,6 процентни поени и за периодот јануари – септември од 2011 година изнесува 68,7%.

Од 01.01.2011 година, трговијата во индустрискиот сектор меѓу Република Македонија и ЕУ се одвива без царина поради завршувањето на транзициониот период од 10 години, кој важеше до 31.12.2010 година, за постепено намалување на царинските давачки при увоз на производи од ЕУ во Република Македонија. Исто така, од 01.01.2012 година ќе започне примената на дијагоналната кумулација согласно соодветниот протокол за потекло на стоката од Договорот за слободна трговија, потпишан помеѓу земјите – членки на ЕФТА со Македонија, Албанија и Србија. Регионалната конвенција за Пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло на стоките, која Република Македонија ја потпиша на 15 јуни 2011 година, со 47 земји членки, ќе овозможи вклучување на Република Македонија во Пан-евро-мед кумулацијата на потекло на стоките. Во септември 2011 година, Република Македонија го ратификуваше Дополнителниот Протокол за ЦЕФТА 2006 во кој е содржана дополнителна либерализација на трговијата со земјоделско-прехранбени производи, чија примена започна од 13.11.2011 година. По ратификувањето на Протоколот од останатите земји членки на ЦЕФТА ќе се овозможи целосна примена на новата либерализација на трговијата со земјоделско - прехранбени производи. Воедно, Република Македонија и Република Албанија од 01.01.2012 година ќе ги укинат квотите за земјоделски производи поради ефективната примена на Дополнителниот Протокол, а со Република Молдавија ќе важат квотите се до завршување на ратификацијата од нивна страна. Исто така, во 2011 година се очекува да се ратификува измената и дополнувањето на Договорот за слободна трговија со Украина, со што ќе се создадат можности за поголема либерализација во трговијата со земјоделски и прехранбени производи.

6) **Реформи насочени кон зголемување на продуктивноста и конкурентноста** (**земјоделство и рурален развој**, **сектор производство**, **вклучувајќи диверзификација на индустриската база** )

Во текот на 2012 година, согласно Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2007-2013), земјоделската и руралната политика се фокусираат на создавање на услови за развој на конкурентен земјоделско - прехранбениот сектор. Истото се постигнува со креирање и реализација на политика за директната поддршка на земјоделското производство, уредување на пазарите односно подобрување на квалитетот на земјоделските производи, понатаму развивање на руралните средини со инвестиции во насока на модернизација на земјоделско - преработувачкиот сектор, како и соодветна земјишна политика.

Развојната земјоделска политика се спроведува преку мерките на директна поддршка во рамките на Програмата за финансиска поддршка за развој на земјоделството, а поддршката за развој на руралните средини односно инвестициите во земјоделското производство преку капитално ко-финансирање од Програмата за финансиска поддршка за рурален развој и ИПАРД Програмата 2007-2013 со поддршка од ИПА фондовите на ЕУ наменети за рурален развој.

Директната поддршка (вклучена во 115 милиони евра за 2012 година) е согласно Заедничката земјоделска политика и механизмите за исплата на директна поддршка односно директни исплати по грло и по хектар.

Уредување на пазарите со земјоделско прехранбени производи обезбедува услови за конкурентски односи на земјоделските пазари преку воведување и примена на стандарди за квалитет, зголемување на конкуренцијата кај откупувачите и преработувачите со поттикнување на инвестиции во откупно - дистрибутивни центри и зајакнување на техничко - технолошките услови за вршење на откуп на земјоделски производи итн.

Мерките за рурален развој (Програмата за финансиска поддршка за рурален развој и ИПАРД Програмата 2007-2013 со поддршка од ИПА фондовите на ЕУ наменети за рурален развој) се насочени кон подобрување на конкурентноста и пазарната ефикасност на земјоделско - прехранбениот сектор, зачувување на животната средина и одржување на пределите преку агро- еколошки земјоделски практики и примена на добра земјоделска пракса, развој на руралната економија, подобрување на квалитет на живот во руралните средини и поддршка на локални иницијативи (ЛЕАДЕР) за спроведување на локални стратегии за развој на руралните средини и формирање и воспоставување и работа на Локални Акциски Групи (ЛАГ).

Дополнително, со реализација на мерките од Програмата за финансиска поддршка за рурален развој се развива туризмот во руралните средини, зајакнување на услугите во руралните средини преку едукација на давателите на туристички услуги во руралните средини за промоција и употреба на етно стилот, промоција на винскиот туризам, дегустација на традиционална македонска храна и вино,

Исто така, преку Програмата за финансиска поддршка за рурален развој се обезбедува поддршка за инвестициски вложувања за реализација на апликативни и базични научно- истражувачки проекти и воспоставување на показно- демонстративни подрачја.

Основањето на земјоделски задруги е поддржано со мерки од Програмата за финансиска поддршка за рурален развој за јакнење на капацитетот за нивно функционирање односно обуки за менаџери кои ќе управуваат со земјоделските задруги за подобрување нивните на маркетиншки, организациските и менаџерски способности и медиумска кампања за промоција на економското здружување на земјоделците и иницирање интерес кај потенцијалните задружници.

Земјишната политика е во насока на распределба на целосното слободно земјоделско земјиште во државна сопственост на земјоделските производители, како и проширување на земјоделската активност на приватното земјоделско земјиште кое не е се обработува од страна на сопствениците ниту пак е на пазарот на земјоделско земјиште, окрупнување на земјоделското земјиште со размена на приватни парцели помеѓу земјоделски производители (2012-2014) и преку размена на приватно со државно земјоделско земјиште, доделување на државно земјоделско земјиште на плодоуживање итн.

## 3.01. **СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ**

### 3.01.1. **ОПШТИ ПРИНЦИПИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2011 година, продолжи следењето на имплементацијата мерките од Акцискиот план за сообразност со членовите 28-30 (односно 34-36), за чија реализација Министерството за економија подготви Информација до Владата на Република Македонија. Ваквата обврска е во согласност и со Одлуката на Советот на ЕУ за начелата, приоритетите и условите содржани во Партнерството за пристапување на Република Македонија за подготовка на овој Акциски план, со одредници за внатрешен скрининг на

националното законодавство и административните практики за воведување клаузула за заемно признавање и за потребните последователни измени. Од вкупно 42 наведени мерки за постигнување на усогласеност со членовите 34-36 од ДФЕУ, 14 мерки кои имаат еднаков ефект на квантитативните ограничувања на увозот и извозот веќе се изменети или укинати, односно вкупно 33% од вкупниот број на мерки. Согласно првично предвидената динамика, останатите 28 мерки треба да се решат до септември 2012 година.

Продолжи реализацијата на активностите од целните институции кои се назначени во Стратегијата за спроведување на законодавството за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) во областа на слободно движење на стоки. Оваа Стратегија е евидентирана како краткорочен приоритет согласно Партнерството за пристапување на Република Македонија во ЕУ. Министерството за економија на 17.10.2011 година, преку Секретаријатот за европски прашања достави до Европската комисија англиски текст на Извештај за реализацијата на мерките од Стратегијата за период јануари 2010-јуни 2011 година.

Предвидените активности во стратегијата кои се однесуваат на тренинг и обуки на вработените на ИАРМ, ИСРМ и БМ, како и за производителите и нивните застапници, оценувачи и експерти започнаа да се реализираат на почетокот на 2011 година во рамки на ИПА Проектот 2008 за инфраструктура за квалитет. Формирани се управни одбори кои во февруари ги одржаа првите состаноци за усвојување на Inception Report за динамиката на активностите што треба да се реализираат во период од 18 до 24 месеци.

Во однос на преговорите за склучување на АКА Договорот за седум индустриски сектори (опрема под притисок, ЛВД, ЕМС, пренослива опрема под притисок, едноставни садови под притисок, машини и дел од градежни производи) во текот на 2011 година, Министерството за економија изврши дополнително усогласување на прописите, во согласност со препораките на Европската комисија. Европската комисија во февруари 2010 година го достави во Министерството за економија предлог-текстот на АКА Договорот.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 година, ќе продолжи реализацијата на мерките во Акцискиот план за сообразност со членовите 34 до 36 од Договорот на функционирање на ЕУ со одредница за внатрешен screening на националното законодавство и административните практики, за воведување на клаузули за взаемно признавање и за потребните последователни измени во однос на компатибилност со овие членови од ДЕЗ.

Во февруари 2012 година, Министерството за економија ќе достави на усвојување до Владата на Република Македонија Извештај за реализација на мерките од Акцискиот план во 2011 година. Усвоениот извештај ќе се преведе на англиски јазик и ќе се достави во ЕК за информирање.

До крајот на 2012 година, се планира да се финализираат преговорите за склучување на АКА Договорот меѓу Република Македонија и ЕУ, за седумте индустриски сектори (опрема под притисок, пренослива опрема под притисок, опрема под низок напон, електромагнетна компатибилност, едноставни садови под притисок, машини и дел од градежни производи), кои се предмет на преговори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во претстојниот период ќе се работи на зајакнување на административните капацитети во Министерството за економија и други надлежни институции кои учествуваат во процесот на подготовка и примена на правните прописи на Република Македонија, новите прописи од глобалниот, новиот и стариот приод.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Имплементација на Стратегијата за спроведување на *acquis* за соодветните хоризонтални организации (стандардизација, акредитација, метрологија и надзор на пазарот) заедно со целните датуми и јасни

одговорности за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети во различните сектори.
Примена на RAPEX системот од страна на Државниот пазарен инспекторат и комуникацијата со други инспекциски органи во Република Македонија надлежни за безбеден производ на внатрешниот пазар во Република Македонија.

### 3.01.2. **ХОРИЗОНТАЛНИ МЕРКИ**

Правната рамка за регулирање на областите на акредитација, стандардизација, метрологија, надзор на пазарот и оцена на сообразност е заокружена во Република Македонија. Во текот на 2010 и 2011 година, донесени се бројни закони и подзаконски акти во кои се транспонирани новите директиви на Европската Унија.

#### 3.01.2.1. **СТАНДАРДИЗАЦИЈА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
Институтот за стандардизација на Република Македонија (ИСРМ) ги исполни 9-те услови за полноправно членство во Европскиот комитет за стандардизација (CEN) и во Европскиот комитет за електротехничка стандардизација (CENELEC), ја поднесе Апликацијата и во текот на 2012 очекува да дојде оценска мисија од Европскиот комитет за стандардизација (CEN) и Европскиот комитет за електротехничка стандардизација (CENELEC). После нивното оценување се гласа во гореспоменатите организации (27 членки на ЕУ, 3 На ЕФТА и Хрватска, при што потребен е консензус). ИСРМ е полноправен член на Меѓународната организација за стандардизација – ISO (International Organization for Standardisation), асоцијативен член на Меѓународната електротехничка комисија – IEC (International Electrotechnical Commission) и придружен член во Европскиот комитет за стандардизација – CEN (European Committee for Standardisation) и во Европскиот комитет за електротехничка стандардизација – CENELEC (European Committee for Electrotechnical Standardisation).

Во 2011 година, бројот на вработени во ИСРМ е 20.

До декември 2011 година, ИСРМ има усвоено околу 22 000 европски и меѓународни стандарди и други стандардизациски документи како македонски стандарди од кои околу 3000 се поврзани со Директивите од новиот приод. Бројот на повлечени конфликтни и неприменливи национални стандарди кои се водеа под ознака МКС ЈУС изнесува околу 11 300.
Во текот на 2011 година во постапка на формирање се 2 нови Технички комитети (ТУТУН и МЕТАЛУРГИЈА) и извршена е реорганизација на постоечките Технички комитети (врз основа на Стратешката индустрија во РМ и БДП) со што вкупниот број сега изнесува 26 Технички комитети (ИСРМ ТК).

ИСРМ континуирано издава Месечни огласници каде се објавува јавната расправа и усвојувањето на стандардите. На новата веб-страна која во исто време е поврзана со базите на податоци (Standards Management Systems) на ИСРМ, ажурирани се актуелни информации од областа на македонската, меѓународната и европската стандардизација, се врши пребарување низ базите на податоци, се гледа секој стандард на кое ниво е во хиерархијата на усвојување, достапни се коментари на драфт стандардите, а со лозинка овозможено е на членовите на Техничките комитети да надгледуваат се што се случува на европско и меѓународно ниво во нивната област. Продажбата на стандарди е во електронски формат.

Преработени се Законот, Статутот и сите Правилници поврзани со процесот на усвојување и означување на стандарди, работа на ТК и РГ и СО, кои треба да бидат целосно усогласени со Внатрешните правила на Европските тела за стандардизација;
Нотифицирани – објавени се сите усвоени стандарди кон Европските тела за стандардизација (ЕТС), а нотифициран е и првиот чисто македонски стандард. Истовремено започна воспоставување на сертификациона активност на ИСРМ како нова област од неговиот делокруг на работа.
На полето на регионалната соработка, во 2011 година, ИСРМ потпиша договор за соработка со Српскиот, Хрватскиот и Косовскиот Институт за стандардизација.
Во завршна фаза е воспоставување на ИСО 9001:2009 во ИСРМ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во областа на **стандардизацијата и сертификација** предвидени се следните активности:

- Усвојување на Законот, Статусот и сите Правилници поврзани со процесот на усвојување и означување на стандарди, работа на ТК и РГ и СО, кои треба да бидат целосно усогласени со Внатрешните правила на Европските тела за стандардизација;
- Продолжување на активна соработка со европските тела за стандардизација и националните тела за стандардизација;
- Зајакнување на кадровскиот капацитет со нови извршители согласно Правилникот за систематизација на работите и задачите во ИСРМ;
- Понатамошно развивање на Сертификација.
- Забрзување на процесот за превод на европските стандарди на македонски јазик;
- Издавање на првиот сертификат од ИСРМ за ИСО 9001.
- Реализација на обуки за:
- правилата и праксата на европската и меѓународната стандардизација;
- постапките за подготовка, усвојување на европските и меѓународните стандарди во европските и меѓународните технички работни тела;
- сертификација по ИСО 9001.
- Одржување на постоечката ИТ опрема и набавка на нова, набавка на лиценцирани оперативни системи и програми;
- Промотивни кампањи, организирање на тематски работилници и издавање на тематски публикации, плакати, летоци и нивна дистрибуција се со цел активно вклучување на бизнис заедницата и останатите заинтересирани страни во процесот на стандардизација; и
- Издавање на Огласникот за усвоени македонски стандарди;

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во областа на **стандардизација** предвидени се следните активности:

- Спроведување на Националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет (стандардизација, акредитација, метрологија, оцена на сообразност, надзор на пазарот);
- Создавање нови приходи преку сертификација и обуки.

## 3.01.2.2. **АКРЕДИТАЦИЈА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Владата на Република Македонија го донесе новиот Закон за акредитација („Службен весник на Република Македонија“, бр.120/2009), кој е усогласен со Глава I и Глава II од Регулативата (ЕЗ) бр. 765/2008 и Законот за установите. Согласно обврските од овој закон, Советот на Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) го донесе новиот Статут и истиот е усвоен од Владата на Република Македонија со Одлука бр.51-1095/1 во март 2010 година („Службен весник на Република

Македонија“ бр.39/2010). Во текот на 2010 година ИАРМ направи ревизија на сите интерни акти на ИАРМ, заради нивно усогласување со новиот Закон за акредитација и новиот Статут.

Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) е полноправен член на Европската организација за акредитација - ЕА (European co-operation for Accreditation) од 2007 година, и придружен член на Меѓународната организација за акредитација на лаборатории ILAC (International Laboratory Accreditation Cooperation) од 2008 година.

ИАРМ соработува со националните тела за акредитација на други држави пред се од регионот и има потпишано билатерални договори со националните тела за акредитација на Србија, Црна Гора, Албанија, Хрватска, Бугарија, Турција, Косово и Молдавија.

Правилата за акредитација во Република Македонија се усогласени со европските и меѓународните стандарди (серија EN 45000 и серија ISO 17000), регулативата и упатствата на EA, IAF (International Accreditation Forum) и ILAC, како и европската добра пракса во таа област.
Во февруари 2009 година, ИАРМ поднесе апликација до ЕА за потпишување на Договор за взаемно признавање на резултатите (MLA). Во декември 2009 година се реализира предоценувачка посета на тимот од EA-MLA. Во октомври 2010 година ИАРМ достави информација до тимот на EA-MLA за отстранување на сите забелешки дадени во извештајот од предоценката и побара проширување за калибрација. Во периодот 23-28 октомври 2011 година тимот од EA-MLA ја реализира оценската мисија и генерално даде позитивна оценка, така што се очекува MLA договорот да се потпише кон средината на 2012 година.

Во февруари 2011 започна да се имплементира ИПА 2008 проектот: “Техничка помош за градење на капацитетите на Институтот за акредитација (ИАРМ), преку кој спроведени се 15 експертски мисии и набавен и инсталиран е Data management software.

Во 2011 година спроведени се обуки на оценувачи и експерти и заинтересирани правни лица за акредитацијата и тоа:

- организирани обуки од страна на ИАРМ;
- организирани обуки преку Германскиот институт за метрологија (ПТБ);
- организирани 9 обуки преку ИПА 2008 проектот.

Вкупниот број на вработени во ИАРМ е 16. Вкупниот број на оценувачи и експерти е евидентиран во Листата на оценувачи и експерти, кој достигна до 21 технички оценувачи, 16 водечки оценувачи, оценувачи во обука има 22, кандидати за оценувачи има 6 и 101 (од кои 31 се активни).
Заклучно со ноември 2011 година, ИАРМ има акредитирано 91 тело за оцена на сообразност. На 11 од акредитираните правни лица, одземена е акредитацијата.

Во 2011 година ИАРМ организираше свеченост по повод ”9 Јуни – Светски ден на акредитација“ на која ИАРМ додели Сертификати за акредитација на акредитираните тела во периодот јуни 2010-мај 2011 година и воедно се одржа промоција на ИПА 2008 проектот.
Во периодот 28-29 септември 2011 година во Охрид, во организација на Институтот за акредитација на Република Македонија се одржа Регионална конференција за акредитација.
Во 2011 година, ИАРМ издаде годишен извештај за своето работење, кој има за цел промоција на акредитацијата и запознавање на јавноста со работата на ИАРМ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2012 година ќе се реализираат следните активности :

- акредитација на тела за оцена на сообразноста (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- Потпишување на Договор за взаемно признавање (MLA) со Европската организација за акредитација (EA);
- реализација на обуки:
  - за оценувачи,
  - за водечки оценувачи,
  - потенцијални клиенти,
  - нови шеми на акредитација.
- Зајакнување на соработката со министерствата во делот на овластување/ нотификација на телата за оцена на сообразност, односно јасно дефинирање на задачите помеѓу нив во однос на постапките за оцена на сообразност;
- Зајакнување на техничката инфраструктура на ИАРМ преку континуирана работа на технички комитети и секторските комитети;
- Реализација на ИПА 2008 проектот до крај на август 2012 година;
- Зајакнување на соработката со телата за акредитација од регионот; и
- Промотивни кампањи, организирање на работилници и издавање на публикации.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2013 година ќе се реализираат следните активности:

- Ефикасна примена на воспоставениот систем за акредитација;
- Намалување на периодот од поднесување на апликација до доделување на акредитација што ќе резултира со зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразност (лаборатории, сертификациони тела, инспекциски тела);
- Зајакнување на кадровските капацитети во ИАРМ за непречено спроведување на оценки за областите за кои се бара акредитација;
- Спроведување на националната стратегија за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети на институциите кои ја сочинуваат инфраструктурата за квалитет;
- Зајакнување на техничката инфраструктура преку континуирана работа на техничките/секторските комитети, која ќе одговори на специфичните барања за акредитација во различни сектори;
- Развивање на нови шеми за акредитација;
- Потпишување на MLA за цел опсег.

### 3.01.2.3 **МЕТРОЛОГИЈА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Бирото за метрологија (БМ) е орган во состав на Министерството за економија кој има водечка улога во рамките на националниот систем за метрологијата и ги врши задачите и обврските во областа на научната, индустриската и законската метрологија. Бирото за метрологија е институција надлежна за спроведување на Законот за метрологија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/02, 84/07, 120/09 и 136/11), Законот за контрола на предмети од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија“, број 23/95 и 22/07) и е орган за одобрување согласно Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08). Бирото за метрологија соработува со специјализирани меѓународни и регионални организации (OIML, CGPM, EURAMET, WELMEC, IAAO) во кои Бирото ја претставува Република Македонија. Од 2007 година БМ е потписник на MRA – Меѓународниот аранжман за признавање на сертификатите за калибрација издадени од националните метролошки институти, потписнички на MRA. Од 2009 година БМ стана член на Меѓународната организација на овластени тела за испитување и сертифицирање на предмети од скапоцени метали – IAAO.

Од Мај 2010, Бирото за метрологија е и полноправен член на EURAMET. Со полноправно членство во организацијата, Бирото за метрологија се стекна после успешната презентација на достигнувањата и исполнетоста на критериумите пропишани во актите на EURAMET, пред членовите на Генералното собрание на EURAMET.

Законот за метрологија првично донесен во 2002 година, е усогласен со европските барања и практики во целина. Директивата за мерни единици 80/181/ЕЕС е транспонирана во Правилникот за дефинициите, називите и симболите, подрачјето и начинот на примена, обврската за употреба и начин на пишување на законските мерни единици („Службен весник на Република Македонија", број 104/2007). Директивите 76/211/ЕЕЗ и 2007/45/ЕЗ за пакувани производи се транспонирани во Правилник за начинот и постапката за вршење на метролошки надзор и барањата кои пакуваните производи треба да ги исполнуваат во однос на количините и дозволените отстапувања од означената количина и листата на номиналните количини на пакуваните производи ("Службен весник на Република Македонија", број 83/2009). Законот за метрологија е изменет во октомври 2009 година за да се овозможи за транспонирање на Директивата за мерни инструменти – MID (2004/22/ЕЗ) и Директивата за мерни садови шишиња (75/107/ЕЕЗ). Правилник за мерила ("Службен весник на Република Македонија", бр. 17/2010), како транспозиција на MID и Правилник за суштествени барања за шишиња кои се користат како мерни садови ("Службен весник на Република Македонија" Бр.147/2010), како транспозиција на 75/107/ ЕЕЗ, беа усвоени во 2010 година. Исто така, Директивата 76/766/ЕЕЗ која се однесува на алкохолни табели е транспонирана во "Правилникот за начинот и постапката за остварување, чување и одржување на сертифицираните референтни материјали за алкохол ("Службен весник на Република Македонија" бр.150/2010) и Директивата 76/765/ЕЕЗ која се однесува на алкохолометри е транспонирана во Правилник за алкохолометри и алкохолни ареометри ("Службен весник на Република Македонија" Бр.154/2010).

Директивата за неавтоматски ваги 90/384/ЕЕЗ е транспонирана во Правилникот за неавтоматски ваги кој, за разлика од погоре се споменатите правилници, беше усвоен врз основа на Законот за безбедност на производите. Неодамна, овој правилник беше заменет со нов Правилник за начинот на оцена на сообразноста на неавтоматски ваги ("Службен весник на Република Македонија" Бр.142/2011), со кој е транспонирана Директивата 2009/23/ЕЗ и беше усвоен врз основа на Законот за метрологија.

Во 2010 година усвоен е и Стратешкиот план за развој на Бирото за метрологија и метролошката инфраструктура во Република Македонија 2010-2012, кој се темели на визија за идниот развој на националниот метролошки систем, чии што активности се провлекуваат низ скоро сите сегменти од секојдневието. Истиот претставува сеопфатен документ кој содржи одредници за спроведување на *acquis* во делот на метрологијата, заедно со целни датуми и јасни одговорности за воведување и ефикасно спроведување на законодавните мерки и зајакнување на административните капацитети во различни сектори.

Во рамките на Бирото функционираат осум лаборатории за калибрација. Седум од нив, имено на лабораториите за маса, притисок, должина и агол, зафатнина и проток, густина, температура, и електрична енергија, се во функција. Лабораторијата за време и фреквенција е само почетна фаза на развој. Во рамки на Секторот за верификација, скапоцени метали и хомологација функционира лабораторија е специјализирана за анализа на скапоцени метали за целите на контролата на предмети изработени од скапоцени метали. Метролошките опрема на БМ е снабдена преку ЕУ КАРДС SMAQVa проект (2002 - 2005) и БЕРИС проектот (2008-2010).
Следливост на мерењата е воспоставена преку калибрација на референтни еталони на БМ во други национални метролошки институти.

Четири од лабораториите (маса, температура, зафатнина и проток и притисок) на Бирото за метрологија се во процес на акредитација. Првичната проценка на Системот за управување со квалитет, во ноември 2011 година е направена од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија. Заклучно со Ноември 2011 година, издадени се вкупно 438 сертификати за калибрации на мерила, а во делот кој се однесува на законски регулираните мерила, извршена е верификација на 22.000 механички и 55.000 електрични мерила.

Реализацијата на IPA 2008 проектот започна во Јануари 2011 година. Главната цел на овој проект е да даде придонес за слободно движење на стоки и подобрување на трговија со ЕУ преку подобрување на метролошката инфраструктура во Република Македонија. Со овој проект, идентификувани се повеќе приоритети кои преку развој на Бирото, ќе допринесат кон унапредување на инфраструктурата за квалитет во земјата: зајакнување на капацитетите на лабораториите за калибрација и верификација, поддршка во процесот на хармонизација и имплементација на законодавството од Новиот и Стариот приод, Подготовка на лабораториите за акредитација согласно ISO/IEC 17025, членство на земјата во релевантните европски и меѓународни тела, подигање на јавната свест и информираноста за значењето на метрологијата итн.

Заклучно со Ноември 2011, бројот на вработени во БМ изнесува 32 државн**и** службеници, од кои 13 се инженери – лаборанти во лабораторискиот центар за калибрација, 14 во Секторот за верификација, скапоцени метали и хомологација и 5 во Одделението за општи и заеднички работи. Пополнетоста на организационата структура на Бирото за метрологија изнесува 29%.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Од областа на **метрологијата** се планира:

- Измена и дополнување на Законот за метрологијата во насока на воведување инспекциски надзор над употребата на мерилата од законската област
- Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи
- Нови вработувања во делот за научна и законска метрологија така и во делот за правно и финансиско работење;
- Набавка на метролошка опрема за операционализација на лабораториите за калибрација, како и опрема потребна за поддршка на активностите на Лабораториите за верификација на механички и електрични мерила, особено во делот за оцена на сообразност на мерила (NAWI и MID);
- Презентација на системот за управување со квалитет согласно ISO 17025 пред EURAMET TK – Q;
- Реализацијата на програмата за развој - ИПА 2008 за техничка и материјална помош и поддршка за имплементација на хармонизираната легислатива во областа на слободно движење на стоки и инфраструктура за квалитет;
- Подготовка за акредитација на лабораториi/Акредитација/ одржување на акредитацијата на лабораториите согласно ISO/IEC 17025;
- Активно учество во работата на техничките комитети на EURAMET, работните групи на WELMEC и IAAO;
- Учество во проекти на меѓулабораториски споредби, организирани на регионално ниво и проекти на интеркомпарации во рамки на EURAMET;
- Рекалибрација на еталоните во Национални метролошки институти со регистрирани мерни и калибрациони можности во базата на BIPM (Меѓународното биро за тегови и мери)
- Специјализирани обуки на стручниот кадар од БМ во област на научна /индустриска (калибрации на мерила и десеминација на мерни единици) и законска метрологија (верификација на мерила);
- Организирање на семинари и работилници со цел зајакнување на метролошката инфраструктура; и
- Склучување билатерални договори за соработка со метролошки институции во Република Србија, Република Хрватска и Република Црна Гора.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во областа на **метрологија** се планира:

- Усогласување на националните подзаконски акти со меѓународни нормативни документи;
- Активно учество во работата на техничките комитети на EURAMET;
- Активно учество во работните групи за на WELMEC;
- Акредитација на лабораториите (електрични големини, димензиони големини, густина) според системот за управување со квалитет согласно ISO 17025;
- Учество во проекти на меѓулабораториски споредби;
- Прогласување на национални еталони на мерните единици (притисок, температура) во зависност од резултатите од проектите на интеркомпарации;
- Имплементација на меѓународниот стандард ISO 17020 во секторот за верификација;
- Специјализирани обуки на стручниот кадар од БМ во област на примена на методите за контрола на нето содржина во пакувани производи и мерни садови, како и обуки согласно предложениот Акционен план за подготовка и назначување на БМ за тело за оцена на сообразност во област на MID и NAWI;
- Искористување на домашните ресурси пред се на научно образовните институции за наменска едукација и формирање на национални еталони во области каде што БМ нема можности; и
- Упис на мерните и калибрационите можности на лабораториите на БМ во базата на BIPM;

## 3.01.2.4 **ОЦЕНА НА СООБРАЗНОСТ** (**ПРОВЕРКА/СЕРТИФИЦИРАЊЕ/КОНТРОЛА**)

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Оцената на сообразност е регулирана со Законот за безбедност на производи и Законот за возила. Министерот за економија ги овластува заинтересираните правни лица да вршат оцена на сообразност на техничкиот производ и идентификација/техничка состојба и одобрување на возилото. Спроведената акредитација се смета за претпоставка за исполнетост на условите за овластување на правните лица. Овластувањето за оцена на сообразност на техничкиот производ се врши согласно Уредбата за постапката за донесување на Решението за овластување на правното лице за вршење на оцена на сообразност, начинот на известување за стекнување на својство на телата за оцена на сообразност, начинот на известување за укинување на Решението за овластување и формата и содржината на регистарот на телата за оцена на сообразност (“Службен весник на Република Македонија“ бр.157/07).

Овластувањето за идентификација/техничка состојба и одобрување на возилото се врши согласно член 56 од Законот за возила.

Во 2010 и 2011 година, министерот за економија согласно Законот за безбедност на производи донесе нови Решенија за овластување на нови правни лица и тоа:

- 4 правни субјекти за безбедност на машини (транспортни лица, подигачи, платформи за скали, индустриски транспортери и др.) согласно правилникот за безбедност на машини („Службен весник на Република Македонија бр.123/09) во кој е транспонирана директивата 2006/42/ЕЗ;
- 3 правни субјекти за верификација на единица (Модул ,,G,,) согласно Правилникот за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови (“Службен весник на Република Македонија“бр.23/07) во кој е транспонирана директивата 95/16/ЕЗ;
- 1 правен субјект за испитување на тип на лифтови (Модул ,,B,,) согласно Правилникот за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови (“Службен весник на Република Македонија“бр.23/07) во кој е транспонирана директивата 95/16/ЕЗ;
- 1 правен субјект за периодична инспекција и повторна употреба на пренослива опрема под притисок согласно Правилникот за пренослива опрема под притисок (“Службен весник на Република Македонија“ бр.17/07; 122/09; 99/10) во кој е транспонирана директивата 1999/36/ЕЗ;

Вкупниот број на овластени правни субјекти е 7 и именуваните се евидентирани во регистарот на овластени тела за оцена на сообразност што го води Министерството за економија. Исто така, нивните Решенија за овластување се објавени на веб страницата на Министерството за економија.

Во 2010 и 2011 година, министерот за економија согласно Законот за возила донесе вкупно 18 Решенија за овластување, од кои 10 решенија се однесуваат на овластување на правни субјекти за вршење идентификација и оцена на техничката состојба на возилата и 8 решенија за овластување на техничка служба за вршење на одобрување на возилата.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2012 година, ќе следат нови овластувања на телата за оцена на сообразноста по поднесено барање од правни лица согласно утврдена постапка за овластување.
Во рамки на Институтот за акредитација на Република Македонија постои Тренинг Центар во кој се вршат соодветни обуки на заинтересирани правни лица. Обуките за 2012 година се планирани да бидат за постапките за акредитација врзано со стандардите 17020 за инспекциски тела, 17024 за сертификациони тела и 17025 за лаборатории, согласно ИПА проектот 2008.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во областа на оцена на сообразност се планира да се зајакне бројот на македонски тела кои ќе бидат присутни на пазарот во Република Македонија при вршење на оцена на сообразност за македонски производи.
Нотификација на тела за оцена на сообразност во Европската комисија ќе следи по склучување на АКА Договорот или со пристапување на Република Македонија во ЕУ.
Министерството за економија е надлежна институција за спроведување на постапката за нотификација на тела за оцена на сообразност.

## 3.01.2.5 **НАДЗОР НА ПАЗАРОТ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Надзорот на пазарот е регулиран во законот за надзор на пазарот, во кој се транспонирани дел од Глава I, Глава III и Глава IV од Регулативата 765/2008 („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/2010). Во овој закон е дефинирана координацијата на надзор на пазарот од надлежностите на инспекциските органи, со формирање на Координативно тело за надзор на пазарот за постигнување на ефикасна координација на надзорот и олеснување на размената на податоци и информации. Државниот пазарен инспекторат претседава со ова Координативно тело. Владата на Република Македонија донесе Решение за именување на координатор, заменик координатор, секретар и членови на Координативното тело за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија" бр. 90/2010) од 5 јули 2010 година.
За работата на Координативното тело за надзор на пазарот, Владата на Република Македонија донесе Национална Програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2011 и 2012 година ("Службен весник на Република Македонија" бр.146/2010) од 8 ноември 2010 година. Во рамките на програмата постои и временски рок за постапување на инспекциските органи по поедини закони и подзаконски акти кои го регулираат прашањето на безбедност на производите.

Координацијата на координативното тело, како и административно техничките работи ги врши Државниот пазарен инспекторат. Координативното тело го сочинуваат 12 члена од органите за надзор на пазарот, и тоа: Државен инспекторат за труд, Државен инспекторат за техничка инспекција, Државен санитарен и здравствен инспекторат, Агенција за храна и ветеринарство, Државен инспекторат за животна средина, Агенција за електронски комуникации, Царинска Управа, Биро за лекови, Министерството за транспорт и врски и Министерството за економија-сектор за внатрешен пазар.
Се одржуваат редовни состаноци (а најмалку еднаш месечно) за реализација на мерките од Програмата. За степенот на реализација на мерките од Програмата, Координативното тело е должно да подготви извештај во тековната година за претходната година и да го достави до Владата на Република

Македонија за информирање согласно член 8 став 3 од Законот за надзор на пазарот. Воедно, согласно член 8 став 4 од именуваниот закон, извештајот ќе се објави на веб страната на Министерството за економија.

На 4 февруари 2011 година, членовите на инспекциските органи од Координативното тело и Царинската Управа потпишаа Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка. Целта на склучување на овој меморандум е во меѓусебна соработка да се идентификуваат специфичните подрачја и производи за спроведување на контролата на производи кои се внесуваат на пазарот во Република Македонија и примената на општите принципи на ,,СЕ,, знакот, при тоа водејќи сметка за принципите за оцена на ризикот, барањата и размената на информациите помеѓу Царинската Управа од една страна и инспекциските органи од друга страна. По потпишувањето на Меморандумот, Координативното тело организира инспекциски надзори кај повеќе субјекти, кои пуштаат на пазарот детски играчки, медицински помагала и телекомуникациска опрема. Во текот на 2011 година спроведени се 269 заеднички контроли од Координативното тело и тоа околу 80% од инспекциските надзори се контрола на субјекти со детски играчки, а останатите 20% се медицински помагала и др.

На 22-23 септември 2011 година, Министерството за економија во соработка со претставници од Координативното тело спроведе обуки на царинските службеници за примената на правилниците и законите за безбедност на производи и градежни производи во однос на СЕ ознаката и потребната документација која го прати производот при влез во Република Македонија.

Во надлежност на Државниот пазарен инспекторат во текот на 2010 година извршени се вкупно 331 контрола и донесени се вкупно 75 решенија на правните субјекти за утврдени неправилности кај производите кои се пласирани на пазарот. Во периодот јануари-јуни 2011 година, ДПИ изврши вкупно 121 контрола, надвор од контролите што ги врши во рамки на Координативното тело за надзор на пазарот.

Државниот пазарен инспекторат во насока на осовременување на своето работење во декември 2010 година, имплементира софтверска апликација, со која се овозможува внатрешната комуникација помеѓу одделенијата во рамки на ДПИ, како и воспоставување на единствени процедури во извршување на работните активности.

За подобрување на транспарентното работење на ДПИ изработени се:

-веб страна, која овозможува директен пристап на електронско поднесување на документација, на пријави и претставки и

-водичи за работењето на ДПИ, за стопанствениците и потрошувачите.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во февруари 2011 година, ќе следи подготовка на годишен Извештај за работата на Координативното тело за надзор на пазарот согласно активностите што се предложени во Националната програма за надзор на пазарот за 2011 година.

Предвидена е подготовка на Национална Програма за координација и преземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за 2012 и 2013 година.

Во насока правилна примена на правилниците и законите за безбедност на производи и градежни производи врзано со СЕ ознаката и постапката за оцена на сообразност, во 2012 година предвидено е спроведување на обуки за бизнис заедницата во рамки на стопанските комори.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

На среден рок предвидени се следниве активности:

- Подготовка на годишен Извештај за работата на Координативното тело за надзор на пазарот, согласно активностите што се предложени во Националната програма за надзор на пазарот за 2013 година.

- Примена на RAPEX системот од Државниот пазарен инспекторат во соработка со останатите државни органи надлежни за надзор на пазарот во рамки на Националната програма за надзор на пазарот и нивните посебни годишни програми кога сомнителен производ ќе биде пријавен во системот дека претставува сериозна опасност на пазарот.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

1. Проект ИПА за компонента I- за инфраструктура на квалитет, за зајакнување на капацитетите во областа на стандардизација, акредитација и метрологија, кој започна да се реализира во февруари 2011 година;
2. ИПА 2008 Регионален проект за инфраструктура на квалитет за Западен Балкан и Турција започна во февруари 2009 година за период од две години. Проектот се финансира од Европската комисија и ЕФТА, а во неговото спроведување е вклучен и CEN (Европскиот комитет за стандардизација). За реализирање на планираните активности проектот се продолжи до 3 јуни 2011 година. Во рамките на активностите, воглавно се одржани практични обуки за вработените од телата за инфраструктура на квалитет: акредитација, стандардизација, метрологија, оцена на сообразност (МЕ) и надзор на пазарот. Со учеството на практичните обуки во областите како што се внатрешен пазар и надзор на пазарот, вработените се стекнаа со искуство потребно за извршување на задачите, обуките за професионално тестирање за да се креира мрежа од лаборатории во секторите кои се значајни во пред пристапниот период и да ги обучи менаџерите и вработените во лабораториите и националните тела за акредитација да извршуваат професионални тестирања според Европските стандарди. Преку зајакнување на телата за инфраструктура на квалитет се спроведува целта на проектот, да се олесни регионалната трговија и слободното движење на стоките, да се унапреди конкурентноста на економијата во регионот и да ги припреми земјите за идните преговори со ЕУ. Овој проект продолжува за наредни 30 месеци, почнувајќи од октомври 2011 година, која и се одржа Првиот состанок на Steering Committee во Брисел.

## 3.01.3. **СТАР ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ**

## КОЗМЕТИЧКИ ПРОИЗВОДИ

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Усогласувањето на националното законодавство во областа на безбедноста на козметичките производи е завршено и во тек е неговата имплементација.

Министерството за здравство е надлежна институција за примена на одредбите од законот за безбедност на козметичките производи, донесените подзаконски акти и за следење на имплементацијата на националното законодавство и континуирано усогласување со европското законодавство, како и со техничкиот напредок во таа област.

Државниот здравствен и санитарен инспекторат континуирано врши контрола на примената на законодавството. Во функција на зајакнување на капацитетите на ДСЗИ во оваа област во текот на 2011 година одржани се обука за добрата производна пракса на козметичките производи и една TAIEX работилница за инспекција и верификација на добрата лабораториска пракса на козметичките производи.

Институтот за јавно здравје, како овластена државна институција од министерот за здравство континуирано врши испитување и контрола на квалитетот на козметичките препарати од увоз и од домашно производство и ги имплементираат донесените подзаконски акти во однос на контролата на концентрација на флуор и вештачки засладувачи во пастите за заби, како и следење на содржината на конзерванси , бои и УВ филтри во козметичките производи.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

До крајот на 2012 година, се планира да се изврши анализа на одредбите од Законот за безбедност на козметички производи во однос на новата ЕУ регулатива за козметика.

Се планира обука на вработените во ИЈЗ за методите за анализа на одредени параметри во козметичките производи.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

На среден рок се планира формирање на организациона единица во МЗ која ќе биде задолжена за подготовка на национално законодавство во областа, следење на имплементацијата на националното законодавство и континуирано усогласување со европското законодавство, како и со техничкиот напредок во таа област.

## ЛЕКОВИ ЗА УПОТРЕБА ВО ХУМАНАТА МЕДИЦИНА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во месец ноември 2011 година објавена е Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите и Бирото за лекови го планира нејзиното имплементирање по стапувањето во сила во наредните месеци.

Во тек се нови измени и дополнувања на Законот за лековите и медицинските помагала, кој се хармонизира со ЕУ правото во делот на уредување на прашањето за паралелен увоз на лековите.

**ПРАВНА РАМКА**

Легалните процедури и барања во врска со лековите се уредени со Законот за лековите и медицинските помагала (Службен весник на Република Македонија бр. 106/07).

Во јули 2010 година направени се измени и дополнувања на Законот за лековите и медицинските помагала (Службен весник на Република Македонија бр. 88/2010). Со измените се врши усогласување на периодот на важење на маркетинг авторизацијата за лековите и тоа рокот се менува од осум на пет години, согласно со ЕУ правото. Исто така, се воведува неопределено време на важност на регистрацијата на хербалните лекови, традиционалните лекови и на хомеопатските лекови. Во делот на кадарот за вршење на дејноста – промет на мало (во аптеките) се врши усогласување кое се однесува на бројот на вработените лица со високо и средно образование. Освен тоа, со Законот се врши и дополнување за да се создаде основ за донесување на методологија за начинот на формирање на цените на лековите, која се носи низ Владина процедура.

Сите подзаконски акти во областа на лековите (вкупно 24) се донесени и објавени во периодот од 2008 и 2009 година. Со нив е постигнат висок степен на хармонизација на националната регулатива за лекови со ЕУ правото во оваа област. Истите се достапни на веб страната на Бирото за лекови www.reglek.com.mk

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Бирото за лекови е орган во состав на Министерството за здравство и е надлежно за управните и стручни работи за лековите за хумана употреба во Република Македонија.

**АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ**

Бирото за лекови ги имплементира сите легални постапки и барања за лековите.

Тече обуката на вработените од Бирото за лекови во рамките на ИПА проектот со Европската Агенција за лекови, континуирано уште од февруари 2008 година во насока на подигнување на регулаторните вештини во стручните области..

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Следат активности за формирање на цените за сите лекови што се издаваат на рецепт, согласно новата методологија што ја донесе Владата на Република Македонија во ноември 2011 година.

По донесување на измените и дополнувањата на Законот за лековите, кои се предложени во месец ноември 2011 во Собранието на Република Македонија, ќе следи донесување на Правилник за паралелен увоз на лековите и имплементација на оваа постапка.

## ХЕМИКАЛИИ

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

**ПРАВНА РАМКА**

Со донесувањето на новиот Закон за хемикалии се даде придонес кон намалување на негативниот ефект од употреба на хемикалии врз здравјето на луѓето и животната средина, воспоставување на слободен проток на стоки со цел да се зголеми заштитата од хемикалии и постигнување одржлив развој во Република Македонија, преку воспоставување на соодветен систем за пласман и користење на хемикалии во однос на опасноста и ризикот кој истите го носат и соодветни институционални капацитети и создавање на административни алатки.

Во текот на 2011 година се продолжи со процесот на транспонирање на европската легислатива во националното законодавство.

Врз основа на Законот за хемикалии, беа донесени следниве подзаконски акти.

- Листата на забрани и ограничувања за употреба на хемикалии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/2011), која ги транспонира барањата од REACH Регулативата 1907/2006
- Листата на високоризични супстанции (кои предизвикуваат загриженост), („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/2011), која ги транспонира барањата од REACH Регулативата 1907/2006
- Правилникот за начинот на кој се врши проценка на безбедноста на хемикалиите и содржината на извештајот на безбедноста на хемикалијата. (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 82/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32006R1907
- Правилник за методите за утврдување на биоразградливоста на површинско активните супстанции во детергентите, како и референтните методи за испитување и анализа на детергентите(“Службен весник на Република Македонија” Бр. 74/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32004R0648;
- Правилникот за податоците за содржината на детергентите кои треба да бидат наведени на пакувањето, како и општите и посебни правила на означувањето на пакувањето на детергентите;
- Правилникот за листата на податоци за содржината на детергентите, (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 84/2011), која ја транспонира ЕУ мерката 32008R0689;
- Правилникот за случаите во кои се спроведува PIC постапката и содржината на барањето за спроведување на PIC постапката; (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 82/2011), кој ја транспонира ЕУ мерката 32008R0689;
- Правилникот за случаите во кои се спроведува постапката на претходно известување, случаите во кои не е потребно натамошно спроведување на постапка на претходно известување, содржината на известувањето за извоз и документите кои се доставуваат заради спроведување на постапката на претходно известување(“Службен весник на Република Македонија” Бр. 82/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32008R0689;
- Списокот на опасни хемикалии и производи чиј извоз е забранет (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 82/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32008R0689;
- Правилник за листата на податоци за содржината на детергентите (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 84/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32004R0648
- Правилникот за методите за испитување на хемикалиите (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 127/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32008R0440

На почетокот на октомври 2011 Владата на Република Македонија го усвои Извештајот за состојбата со хемикалиите во Република Македонија и Националниот акционен план за стратешки пристап во управување со хемикалии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во ноември 2011 се формираше Интерсекторското тело за хемикалии, кое ќе обезбеди подобрување на интерсекторската соработка за спроведувањето на Законот за хемикалии и во него членуваат претставници на Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за финанасии-Царинска управа, Министерството за транспорт и врски и претставник на Здружението за хемиската индустрија.

Претставници од Република Македонија присуствуваа на редовните состаноци на групата за REACH и CLP (CARACAL) во Брисел, како и на 10–тиот состанок на Националните Авторитети за имплементација на Конвенцијата за забрана на хемиски оружја на државите од источна Европа, на кој присуствуваше и претставник од Република Македонија.

За информирање на сите засегнати страни за обврските кои произлегуваат од новиот Закон за хемикалии и REACH Регулативата, се организираа две еднодневни работилници, во соработка со Стопанската Комора на Република Македонија.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ законодавството во областа на хемикалиите во националното законодавство со донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од новиот Закон за хемикалии, а истовремено ќе се работи на постојано надградување и надополнување на Националната Листа на класифицирани супстанции; Листата на високоризични супстанции (кои предизвикуваат загриженост), Листата на забрани и ограничувања за употреба и Листата на активни супстанци во биоцидниот производ,

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2012 година ќе продолжи регистрацијата на сите правни и физички лица кои работат со хемикалии. За целите на размена на податоците и интегрирано управување со хемикалиите Бирото за лекови ќе продолжи да води Интегриран регистар на хемикалии кој ќе се состои од Регистар на хемикалии и Регистар на биоцидни производи. Овој Регистар ќе содржи и податоци за препаратите за заштита на растенијата.

И во овој период ќе продолжи зајакнувањето на институционалните капацитети на надлежните институции од подрачјето хемикалии преку нови вработувања во Секторот за хемикалии во Бирото за лекови и спроведување на обуки на вработените и на инспекторите одговорни за имплементацијата на одредбите од Законот за хемикалии,.

Како континуирана активност останува координацијата на активностите на REACH Held Desk- от и негово вмрежување со веќе постоечките help desk -ови регистрирани во Европската унија и со одговорната институција на ниво на ЕУ односно Европската Агенција за хемикалии (ECHA) со седиште во Хелсинки.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ acquis во националното законодавство во делот на хемикалиите врз основа на Законот за хемикалии. , при што се планираат да се донесат следните подзаконски акти:

- Правилник за граничните количини на новите супстанции за кои се бараат дополнителни испитувања, видот и опфатот на испитувањата, како и методите за испитување врз основа на кои податоците добиени за иста цел од друг нотификатор можат да се користат, со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 31967L0548
- Правилник за својствата на супстанцијата за која може да се употреби алтернативното хемиско име, како и содржината на барањето за употреба на алтернативното хемиско име со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32006R1907.

## МОТОРНИ ВОЗИЛА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2011 година Министерството за економија изврши дополнување на Законот за возила ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/2011) во кој се пропишани формата и содржината на барањето и потребната документација за издавање на одобрение за единечно одобрување на возила заради соодветна примена на Институтот „молчењето е одобрување".

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2012 година ќе следи измена на Законот за возила согласно препораките на правните лица за подобрување на текстот на Законот во функција на подобра практична примена и реализација на консолидираната верзија на Директивата 2007/46/ЕЗ, Регулативите 1060/2008; 78/2009; 79/2009; 385/2009; 661/2009; 371/2010; 582/2010; 678/2011 и Директивата 2010/19/ЕЗ кои се транспонирани во истиот.

Предвидено е овластување на нови заинтересирани правни лица за вршење на идентификација/оцена на техничка состојба на возила и единечно одобрување на возила.

## ТЕКСТИЛ И ОБУВКИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во областа на текстилот извршена е измена и дополнување на Правилникот за постапката за избор на методи за квантитативна анализа на дво-компонентните мешавини за текстилни влакна ("Службен весник на Република Македонија" бр.,21/10), во кој е транспонирана Директивата 2006/2/ЕЗ. Европската Комисија на 3 декември 2010 година извести дека Правилникот е целосно усогласен со оваа Директива и Директивата 96/73/ЕЗ.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2012 година ќе следи измена на Правилникот за постапката за избор на методи за квантитативна анализа на двокомпонентните мешавини на текстилни влакна, во кој ќе се транспонира Директивата 2009/121/ЕЗ за одредени методи за квантитативна анализа на мешавини од бинарни текстилни влакна (дефинирање на еднообразни методи за тестирање за меланин).

## 3.01.4. НОВ И ГЛОБАЛЕН ПРИОД НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ПРОИЗВОДИ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

Транспонирани се значаен дел од директивите од новиот приод и се следи имплементацијата. Во 2010 година, Министерството за економија ја донесе седмата Листа на стандарди согласно Законот за безбедност на производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/10). Со објавувањето на оваа листа, вкупниот број на објавени ЕН стандарди како МК стандарди е 3268, што значи дека

потребниот број на стандарди што ги пратат директивите од новиот приод се целосно објавени и истите се во примена од страна на приватниот сектор.

Истовремено во 2011 година се усвоија измени на правилници согласно Законот за безбедност на производи во кои се регулира оцената на сообразност на производите од нотифицирани или овластени тела за оцена на сообразност од земјите членки на ЕУ кои се увезуваат во Република Македонија, доколку во Република Македонија не постојат овластени тела, и тоа:

- Правилник за изменување на Правилникот за пуштање на пазар на жичани постројки наменети за превоз на лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2011);
- Правилник за изменување на Правилникот за пуштање на пазар на лифтови и сигурносни уреди за лифтови („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2011);
- Правилник за изменување на Правилникот за безбедност на машини („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2011);
- Правилник за изменување на Правилникот за електротехничка опрема наменета за работа во определено напонско подрачје („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2011);
- Правилник за изменување на Правилникот за пренослива опрема под притисок („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2011);
- Правилник за изменување на Правилникот за пуштање на пазар на лична заштитна опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2011);
- Правилник за изменување на Правилникот за електромагнетна компатибилност на електрична опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2011);
- Правилник за изменување на Правилникот за едноставни садови под притисок („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2011);
- Правилник за изменување на Правилникот за барањата за ефикасност на новите топловодни котли во кои согоруваат течни или гасовити горива („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2011);
- Правилник за изменување на Правилникот за апарати на гас („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2011);
- Правилник за изменување на Правилникот за опрема под притисок („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2011);
- Правилник за изменување на Правилникот за пренослива опрема под притисок („Службен весник на Република Македонија“ бр.113/2011).

Министерството за транспорт и врски во 2010 и 2011 година ги донесе следните подзаконски акти во рамки на Законот за безбедност на производи и тоа:

- Правилник за радио и телекомуникациска терминална опрема („Службен весник на Република Македонија“ бр.170/2010) од 29 декември 2010 година, во кој е транспонирана Дирketивата 1999/005/ЕЗ;
- Правилник за суштествените барања за производството, пласирањето на пазар и ставање во употреба на пловни објекти за рекреација („Службен весник на Република Македонија“ бр.6/2011) од 17 јануари 2011 година во кој е транспонирана Директивата 94/25/ЕЗ, дополнета со Директивата 2003/44/ЕЗ. Истиот е доставен до ЕК за коментари на 17 јуни 2011 година.
- Правилник за детски играчки (“Службен весник на Република Македонија“ бр.149/10).
- Европската Комисија на 7ми март 2011 година ги испрати коментарите по правилникот, по кои МЕ подготви измена на правилникот и истиот го достави преку СЕП повторно до ЕК за одобрување на 20 мај 2011. На 19 август се добиени коментари од ЕК на извршените измени на Правилникот. Во тек е усогласување на нови измени на Правилникот со Секретаријатот за законодавство, согласно последните коментари од ЕК.

Министерството за економија подготви измена на Законот за безбедност на производи во кој се инкорпорирани забелешките и коментарите на двата Генерални директорати на ЕК, Генералниот директорат за претпријатијата и Генералниот директорат за потрошувачи и јавно здравство. Предлог-

измените на законот преку СЕП до ЕК се доставени на 7.03.2011 година. Финално мислење е добиено од ГД претпријатија во ЕК 17 јуни 2011, се чека мислење од ГД потрошувачи и јавно здравство.

Се измени Уредбата за постапката за известување на Европската Комисија за донесување на технички и нехармонизирани прописи, технички спецификации и стандарди („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/2011) од 5 април 2011, заради усогласување на членовите кои се однесуваат на ИСРМ за потребите за нивно аплицирање за полноправно членство во CEN/CENELEC. Институтот за стандардизација на Република Македонија за поднесување на барање за полноправно членство во CEN/CENELEC со точка 4.2 алинеја 6 од Прирачникот 12-Концептот на придружување со CEN/CENELEC, која гласи: ,, да ги известуваат CEN Менаџмент центарот и/или CENELEC Централниот секретаријат за сите нови национални проекти и да применуваат мирување ,,Standstill,, врз национална работа согласно постапката за обезбедување информации во полето на стандарди, како што е дадено во Директивата 98/34/ЕЗ,, треба да отпочне со известување пред да се поднесе официјалното барање за полноправно членство. ИСРМ поднесе официјално барање во CEN/CENELEC во Декември 2011 година.

Во рамки на ИПА проектот 2008, една од активностите на ИСРМ е поддршка во подготовка на потребната документација за поднесување на официјалното барање за членство во CEN/CENELEC.

Во рамки на Законот за градежни производи (“Службен весник на Република Македонија“ бр.39/06 и 86/08), кој е целосно усогласен со Директивата за градежни производи 89/106/ЕЕЗ и Директивата 93/68/ЕЕЗ за СЕ означувањето, Министерството за економија во 2010 година го донесе :

1. Списокот за дополнување на Списокот на македонски национални стандарди кои се прифатени, хармонизирани стандарди (“Службен весник на Република Македонија,, бр.37/2010). Со овој список, Министерството за економија ги објави сите EN стандарди за безбедност на градежни производи како МК стандарди.
2. Советот при ИСРМ има формирано седум работни групи во рамки на Техничкиот Комитет 30 ЕВРОКОДОВИ, во кои се вклучени преку триесет експерти од оваа област. Во подготовка се следните Еврокодовите, односно:
   - EN 1990-EC0 - Основи за пресметување на конструкциите
   - EN 1991 -EC1 Дејства на конструкциите
   - EN 1991 –EC2 Пресметување на бетонски конструкции
   - EN 1991 –EC3 Пресметување на челични конструкции
   - EN 1991 –EC4 Пресметување на спрегнати конструкции од челик и бетон
   - EN 1991 –EC5 Пресметување на дрвени конструкции
   - EN 1991 –EC6 Пресметување на ѕидани конструкции
   - EN 1991 –EC7 Геотехнички пресметки
   - EN 1991 –EC8 Пресметување на сеизмичката отпорност на конструкциите
   - EN 1991 –EC9 Пресметување на конструкциите од алуминиум.

Во припрема се 4 (четири) Национални Анекси на (четири) Еврокодови и тоа на EC0,EC1, EC 7 и EC 8. Се планира ЕУРОКОДОВИТЕ да се донесат до крајот на 2011 година.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Се планира усвојување на нови подзаконски акти во текот на 2012 година:

Во надлежност на Министерството за економија

1. Уредба за заедничка рамка за означување на производите и нотификација на телата за оцена на сообразност во Европската Комисија, во кој ќе се транспонира Одлуката 768/2008 за заедничка рамка за означување на производите. Со донесувањето на оваа Уредба ќе престане да важи Уредбата за начинот на назначување (нотификација) на телата за оцена на сообразност во Европската Комисија, во кој се транспонира Одлуката 93/465.

2. Измена на Уредбата за постапката за известување на Европската Комисија за донесување на технички и нехармонизирани прописи, технички спецификации и стандарди, заради усогласување на членовите кои се однесуваат на ИСРМ за потребите за нивно аплицирање за полноправно членство во CEN/CENELEC и коментарите од ЕК во септември 2011 за транспонирање на директивата 98/48/ЕС.
3. Натамошно усогласување на правилниците согласно законот за безбедност на производи согласно последните препораки од ЕК и одговорите на Министерството за економија за испочитување на препораките (правилник за опрема под притисок, правилник за едноставни садови под притисок, правилник за пренослива опрема под притисок, правилник за електромагнетна компатибилност, правилник за опрема под низок напон, правилник за детски играчки и др.).
4. Измена на законот за безбедност на производите согласно препораките на ГД Претпријатија и ГД Потрошувачи и јавно здравство во ЕК.
5. Подготовка на бараните еврокодови од бизнис заедницата за градежништво

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнување на секторот за внатрешен пазар во Министерството за економија, кој е надлежен за слободно движење на стоки со две нови вработувања.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Заокружување на правната рамка од транспозиција на директивите од новиот и глобалниот приод и нивна целосна имплементација, како и воведување на клаузули во националното законодавството за взаемно признавање на резултатите.

## МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Согласно Законот за лекови и медицински помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/07) донесени се донесоа неопходните правни акти[18] во кои се транспонира Директивата 93/42/ЕЕС за медицински помагала.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

[18] Законот за лекови и медицински помагала ("Службен весник на Република Македонија" бр.106/07); Правилник за начинот на класифицирање на медицинските помагала ("Службен весник на Република Македонија" бр. 125/2008); Правилник за поблиските општи и посебни услови што треба да ги исполнат медицинските помагала ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2009); Правилник за формата и содржината, како и начинот на издавањето и одземањето на легитимацијата на фармацевтскиот инспектор за медицински помагала ("Службен весник на Република Македонија" бр. 156/2008); Правилник за условите по однос на просторот, опремата, кадарот и потребната документација за запишување во регистарот на специјализирани продавници за медицински помагала, како и надоместоците што треба да се платат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 155/2008); Правилник за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот што треба да ги исполнат производителите на медицински помагала, како и надоместоците што треба да се платат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 19/2009); Правилник за начинот на огласување на медицинските помагала наменето за здравствените работници и широката јавност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2008); Правилник за содржината и начинот на означување на надворешното и контактното пакување, како и упатството за употреба на медицинското помагало ("Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2009); Правилник за поблиските услови по однос на просторот, опремата и кадарот, документацијата за запишување во регистарот на правни лица за промет на големо со медицински помагала, како и надоместоците што треба да се платат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 151/2008); Правилник за начинот за известување на несакани ефекти за време на користењето на медицинското помагало, видовите на реакциите што ги предизвикуваат, постапувањето на здравствените работници и добавувачите, како и начинот на организирање на системот за следење на несаканите ефекти и реакциите од медицинските помагала ("Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2009); Правилник за формата и содржината на образецот на барањето и формата на документацијата која треба да се достави за запишување во регистарот на производители на медицински помагала, како и надоместоците што треба да се платат ("Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2009); Упатство за формата и содржината на регистарот на медицински помагала достапни на пазарот во Република Македонија, начинот на неговото водење и давање на податоци од регистарот (објавено на веб страната: www.reglek.com.mk) од 24.07.2009 год.; Правилник за потребната документација и начинот на пријавување на клинички испитувања и настанати промени, известување на несакани реакции и настани односно инциденти, условите кои треба да ги исполнат правните лица кои вршат клинички испитувања на медицински помагала, како и трошоците што треба да се платат. ("Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2010); Листата на стандарди за медицински помагала ("Службен весник на Република Македонија" бр. 153/2010); Правилник за условите што треба да ги исполнат институциите што вршат оцена на сообразност на одредени видови на медицински помагала . ("Службен весник на Република Македонија" бр. 143/2010); Правилник за содржината на барањето и потребната документација која треба да се достави за запишување на медицинското помагало во Регистарот на медицинските помагала во Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 151/2010).

Секторот за медицински помагала во Бирото за лекови кој е орган во состав на Министерството за здравство е надлежен за подготовка и спроведување на правните прописи од областа на медицинските помагала.

Во Секторот за медицински помагала се 4 вработени -дипломирани фармацевти.

Техничката инфраструктура за стандардизација од областа на медицински помагала што се регулира со три европски Директиви (90/385/ЕЕЗ; 93/42/ЕЕЗ и 98/79/ЕЗ) се состои од:

- Технички комитет ТК 10 – Патни возила, трактори и механизација на ИСРМ кој ги усвои стандардите поврзани со медицинските возила и системите за спасување и
- Совет на ИСРМ кој по пат на брза постапка ги усвои останатите стандарди поврзани со овие директиви.

Според последната измена на овие Директиви:

- од 39 хармонизирани европски стандарди, 33 хармонизирани европски стандарди, кои даваат претпоставка за сообразност во областа на примена на Директивата 90/385/ЕЕЗ, се усвоени како македонски стандарди.
- од 267 хармонизирани европски стандарди, 228 хармонизирани европски стандарди, кои даваат претпоставка за сообразност во областа на примена на Директивата 93/42/ЕЕЗ, се усвоени како македонски стандарди.
- од 30 хармонизирани европски стандарди, 26 хармонизирани европски стандарди, кои даваат претпоставка за сообразност во областа на примена на Директивата 98/79/ЕС, се усвоени како македонски стандарди.

Во иднина експертите од ИСРМ СО за општа стандардизација ќе ги усвојуваат хармонизираните стандарди од овие директиви и нехармонизираните стандарди од областа на медицинските помагала.

Усвоените стандарди од ИСРМ се објавени во службен весник согласно Законот за лекови и медицински помагала во 2010 година од страна на Бирото за лекови.

**ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНА НА СООБРАЗНСТ**

Постапката за оцена на сообразност што треба да ја извршуваат телата за сообразност за медицинските помагала и условите за формирање на телата е уредено во подзаконските акти. Постоењето на тела во Република Македонија зависи од можностите и потребите што се создаваат на пазарот.

Од примената на законот за лекови и медицински помагала и подзаконските акти за медицински помагала, во Република Македонија нема регистрирано национално тело за оцена на сообразност за медицински помагала.

Постапката за означување на домашниот производот кој е наменет за внатрешниот пазар на ЕУ дека суштествените барања се исполнети за неговата безбедност ја вршат нотификациони тела кои се регистрирани во ЕК со посебен регистарски број на земјата-членка од која потекнува.

**НАДЗОР НА ПАЗАРОТ**

Во рамки на Бирото за лекови функционира одделението за инспекциски надзор кој го контролира пазарот во Република Македонија со медицинските помагала.

## 3.01.5. **ПРОЦЕДУРАЛНИ МЕРКИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПОСТАПКИ ЗА НОТИФИКАЦИЈА**

Процедурите за нотификација се регулирани во Уредбата за постапката за известување на Европската комисија за донесување на техничките и нехармонизираните прописи, техничките спецификации и стандарди („Службен весник на Република Македонија“ бр. 107/2007) во кој е транспонирана Директивата 98/34/ЕЗ, согласно членот 32 став 1 од Законот за безбедност на производите.

Постапката за спроведување на процедурите за нотификација ќе ги врши Министерството за економија за техничките прописи и Институтот за стандардизација на Република Македонија за донесување на стандарди и технички спецификации.
Во однос на процедурите за нотификација во СТО, Република Македонија има формирано нотификационен систем со нејзиното членство во Светската Трговска Организација во април 2003 година. Нотификациониот систем на Република Македонија е уреден во Законот за ратификација на Протоколот за пристапување на Република Македонија во СТО („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2003). Институтот за стандардизација е именуван за Информативно тело за доставување на информации за техничките прописи, стандарди и постапки за оцена на сообразност.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Првите постапки за нотификација, Министерството за економија ќе ги отпочне со склучување на АКА Договорот за признавање на индустриските сектори кои се предмет на преговори или со пристапување на Република Македонија во ЕУ, а Институтот за стандардизација со полноправно членство во CEN/CENELEC.
Министерството за економија и Институтот за стандардизација планираат по склучувањето на АКА Договорот да пристапат во работата на Комитетот за нотификација на технички прописи во ЕК.

## ОРУЖЈЕ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во 2011 година, три правилници се усвоија од страна на Владата на Република Македонија заради имплементација на Законот за испитување и жигосување односно обележување на огненото оружје и муницијата кој е усогласен со Директивата 91/477/ЕЕЗ изменета од страна на Директивата 2008/51/ЕЗ, и тоа:

- Правилник за начинот на испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција и жиговите и знаците на жигосување односно обележување („Службен весник на Република Македонија" бр. 73/2011);
- Правилник за формата и содржината на обрасците на потврдите за резултатите од испитувањето, жигосувањето и обележувањето на огненото оружје и муниција, етикета (бандерола) за обележување на муницијата како и начинот на водење на регистрите на за извршеното испитување и жигосување, односно обележување на огненото оружје и муницијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 73/2011); и
- Правилник за условите во поглед на материјално – техничките капацитети и стручниот кадар за вршење на дејност испитување и жигосување, односно обележување на огнено оружје и муниција, што ги исполнуваат овластените правни лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 73/2011).

## КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во Управата за заштита на културното наследство, континуирано се следи состојбата околу недозволениот увоз/извоз и изнесување во странство на културно наследство и се преземаат превентивни мерки за намалување на можностите за појава на ризик од такви дејствија.
Во врска со наведените хоризонтални мерки во 2009 година, а кои се однесуваат на поднесените 5 кривични пријави за присвојување и нелегално изнесување на предмети кои имаат својство на културно наследство во основните судови во Куманово, Неготино, Гостивар и Гевгелија, во текот на 2010 година донесени се правосилни осудителни пресуди за извршителите. Движните предмети прибавени на

нелегален начин со судските пресуди трајно се одземаат и предаваат на надлежните музејски установи (вкупно 115 археолошки предмети, 845 монети и 2 икони).
Во текот на 2010 година реализирана е оперативната обработка „Фаланга“, во која беа опфатени *26 извршители на кривични дела* против културното наследство и одземени околу 1000 движни, главно археолошки предмети. Судската постапка за овој случај е отпочната и се очекува да заврши во 2011 година. Оваа голема оперативна акција очекуваме во иднина превентивно да влијае во поглед на намалување на овој вид криминалитет.

## ПРОВЕРКА НА НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Царинската управа перманентно работи на подготовка и имплементација на системски решенија за натамошно олеснување и забрзување на транспортот и трговијата.

Во тековниот период Царинската управа беше насочена кон натамошно усогласување со барањата во областа на царината за пристапување кон конвенциите за заеднички транзит и членство во ЕУ, анализирање на тековната состојба и непосредна комуникација со бизнис заедницата за утврдување на можностите за натамошно поедноставување на увозните и извозните постапки, намалување на трошоците на економските оператори, посебно со примена на современи информатички алатки.

#### ПРАВНА РАМКА

Во оваа насока во тековниот период донесени се измени и дополнувања на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/10) со кои е воведена правна рамка за задолжителна електронска царинска декларација и за електронско доставување на информации за најава на поаѓање и пристигнување на стока од и во царинското подрачје на Република Македонија.
Со измените и дополнувањата на Царинскиот закон попрецизно се дефинирани одредбите во врска со:

- транзитната постапка, збирната царинска декларација и претходна информација за увоз, извоз и транзит,
- обезбедување на царински долг со овозможување: а) поширока лепеза на инструменти за обезбедување со еднаков квалитет (банкарски гаранции, високорангирани хартии од вредност и сл., издадени од домашни и странски финансиски и државни институции), б) плаќање на царински долг на рати со соодветно обезбедување и примена на кредитна каматна стапка (составена од варијабилен дел кој шестмесечно се усогласува со интервентната каматна стапка на Народна банка на Република Македонија плус фиксен процентен поен), в) флексибилност во времетраењето на пуштањето на царинска стока со одложено (и обезбедено) плаќање на царински долг и поголема флексибилност за плаќање на царинскиот долг;
- уредување на сметководствената евиденција, рокови, наплата и известувања за царински долг настанат врз различни основи.

Со измените на Законот за царинска тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/10) создадена е правна рамка за воспоставување на Интегрирана царинска тарифа - TARIM (вид на национален TARIC кој се користи во ЕУ) во која се интегрирани сите тарифни и нетарифни мерки, согласно важечките прописи на Република Македонија. Царинската управа се определува за администратор на TARIM.

#### ПОВРЗУВАЊЕ И ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ СО ИНФОРМАТИЧКИТЕ СИСТЕМИ НА ЕУ

Царинската управа продолжи со изработката на новиот СОЦД (систем за обработка на царински декларации) кој треба да го замени застарениот ACSЦУДА софтвер, да овозможи техничка основа за

бесхартиена околина во царинското работење, како и компатибилност за поврзување со европските информатички системи.

Во рамки на потпроектот за техничка поддршка за подобрување на царинските ИКТ системи, финансиран од ИПА 2007 програмата, подготвени се стратешки ИКТ документи за поврзувањето со царинските информатички системи на државите членки на ЕУ и Европската комисија, технички спецификации за основните софтвери за поврзување со царинските ИКТ системи на ЕУ, а набавена е и компјутерска опрема.

Конкретно Владата на Република Македонија усвои:

- Стратегија за развој на информатички и комуникациски технологии,
- Стратегија за имплементација на интероперабилност за пристапување кон ЕУ,
- Стратегија за имплементација на заедничкиот транзитен систем на ЕУ и
- Национален проектен план за имплементација на NCTS.

Преку обезбедените средства во рамки ИПА 2008 фондовите, во 2010 година е спроведена постапка и склучен договор за изработка на софтвер за пристапување кон Новиот компјутеризиран царински систем на ЕУ - NCTS1 и за контрола на квалитетот.

Во февруари и март 2011 година започнаа со реализација договорите за изработка на НЦТС и за поддршка на неговото воведување.

**ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ И ДАНОЧНИ ПОСТАПКИ**

Увозот за облагородување претставува значително голема економска активност во Република Македонија. Поради карактерот на работата која често бара брзо прилагодување кон нарачките од странските партнери, мошне е важна брзината на доставувањето и обработката и издавањето на овој вид одобренија.

За забрзување на овие постапки воведено е електронско аплицирање за добивање одобрение за увоз за облагородување. Преку оваа апликација, покрај во хартиена форма, економските оператори можат и преку интернет страницата на Царинската управа да ги доставуваат своите барања, со што значително се намалува времето за нивна администрација и процесирање и се зголемува транспарентноста и следливоста. Сепак хартиената форма останува задолжителна се додека не се направат законски измени кои ќе овозможат легитимност на електронската документација. Во тек е надградба на апликацијата со дигитален потпис, електронско задолжување на увозот и воведување на можноста за електронско аплицирање и добивање одобренија за други видови царински постапки со економски ефект.

Исто така, Царинската управа им овозможи на компаниите и други корисници да го користат интернет порталот на EDMS за електронско поднесување на барања до Царинската управа. На овој начин, компаниите, освен во хартиена форма, од своите деловни простории можат и електронски да аплицираат до надлежните царински органи, со што целата постапка за добивање на одобренија кои ги издава Царинската управа станува многу поефикасна. До донесувањето на соодветната законска основа за поднесување на документи по електронски пат, како и до овозможувањето за користење на дигитален потпис, задолжително е поднесувањето на барањата да се прави и во хартиена форма.

Во тек е воведување електронски потпис на електронските барања.

**НАДГРАДБА НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ ЕДНОШАЛТЕРСКИ СИСТЕМ ЗА ИЗДАВАЊЕ УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ И ТАРИФНИ КВОТИ** – EXIM

Во март 2011 година, заврши втората фаза за унапредување на EXIM системот (септември 2009 – март 2011), во рамките на која извршена е подготовка на системот за интеграција и размена на податоци со Системот за обработка на царински декларации – СОЦД. Извршена е интеграција со TRACES like системот на Управата за ветеринарство и имплементирани се нови функционалности, кои на државните органи корисници на системот им овозможуваат електронска евиденција и администрација на регистри во

нивна надлежност. Извршено е интегрирање на постапката на електронска администрација на транспортните дозволи од страна на Министерството за транспорт и врски и нивна евиденција и контрола на граничните премини од Царинската управа. Како резултат на новата верзија, зголемена е безбедноста на пристапот на корисниците во системот и овозможено е економските оператори да добиваат поквалитетни и побрзи услуги.

Основната цел на воведувањето на едношалтерскиот систем е да се олесни и забрза пристапот и размената на податоци и документи помеѓу надлежните институции, како и помеѓу институциите и бизнис заедницата воопшто. Конкретно, проектот обезбеди услови за електронско поднесување на сите увозни и извозни податоци само еднаш и на едно место, при што се гарантира ефикасна координација и спроведување прекуграничните контроли и инспекциските процедури.

Како резултат на напредокот на Република Македонија во оваа област, Европската Комисија ја вклучи Република Македонија да учествува во Работната група за „Single Window”. Целта на работната група беше да изработи функционална спецификација во која ќе бидат дефинирани основните заеднички стандарди на Унијата во овој дел. Во соработка со СЦО подготвена е Студија во која се промовираат искуствата на Република Македонија во развојот на едношалтерскиот (Single Window) концепт. Истата треба да биде публикувана како дел од Програмата „Помош за трговија” („Aid for Trade”) на Светската трговска организација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛИЗИРАНА УЛОГАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ЗА НАДЗОР НА ПАЗАРОТ**

Согласно Законот за безбедност на производите и Законот за надзор на пазарот, во февруари 2011 година Царинската управа потпиша Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка со органите за надзор на пазарот, кој претставува важен елемент во воспоставување на ефикасен систем за надзор на пазарот. За поефикасна координација на надзорот на пазарот и олеснета размена на податоци и информации формирано е Координативно тело за надзор на пазарот. За своите активности телото ја информира Владата на Република Македонија.

Во април 2011 година Царинската управа донесе Упатство за примена на Законот за надзор на пазарот со кое се уредува примената на Законот за надзор на пазарот во врска со спроведувањето на контрола на производите кои се внесуваат на пазарот на Република Македонија. Контролата на производите кои се внесуваат на пазарот во Република Македонија се спроведува од страна на организациона единица на Царинската управа надлежна за пуштање на стока во слободен промет, или други организациони единици кои имаат надлежност за спроведување на контроли при пуштањето на стоките во слободен промет.

**НОВ ПРОЕКТ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЕДИНСТВЕН ИНТЕГРИРАН ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА АНАЛИЗА НА РИЗИК (САР)**

Во 2010 година Владата на Република Македонија донесе Елаборатот за воспоставување на единствен интегриран електронски систем за управување со ризик (САР) во кој ќе бидат вклучени сите институции кои вршат инспекциски надзор при увозот и транзитот на стоки. САР ќе овозможи електронска обработка на критериумите за анализа на ризик на сите инспекциски органи истовремено, при првиот внос на податоци за влез и транзит на стока во електронскиот систем за обработка на царински декларации. Истовремено, САР ќе ја забрза постапката на спроведување на потребните формалности на граничните премини и ќе создаде услови за извршување на т.н. „One Stop Shop“ контрола на едно место, од страна на сите институции кои вршат инспекциски надзор. Размената на потребните информации помеѓу надлежните органи во вистинскиот момент, ќе овозможи зголемување на ефикасноста при селектирањето на вистинските цели. Во тек е дефинирање на работните процеси на инспекциските органи поврзани со анализата на ризикот и подготовка на функционална спецификација.

**ИЗГРАДБА НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН БЛАЦЕ (МАКЕДОНСКО-КОСОВСКА ГРАНИЦА)**

Во јуни 2010 година започна изградбата на граничниот премин Блаце – патнички дел на македонско-косовската граница. Проектот е финансиран со кредит од Светската банка во рамки на Вториот проект за

забрзување на транспортот и трговијата во Југоисточна Европа. Новиот премин, кој ќе овозможи побрз проток на возила и патници, ќе биде во функција за 14 месеци.

**ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА**

Во тек е воведување на стандардот ИСО 17025, основа за добрата лабораториска пракса, што е предуслов за акредитација на царинската лабораторија, која се наоѓа во Институтот за хемија на Природно-математички факултет. Акредитацијата на царинската лабораторија ќе овозможи резултатите од анализите во царинската лабораторија да се меѓународно признати.

Во изминатиот период царинската лабораторија преку специјализирани обуки работеше на усовршување на избраните тест методи публикувани во релевантни ЕУ регулативи како и нивна практична примена согласно барањата на стандардот ИСО 17025 во насока на подготовка за акредитација.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во текот на 2012 година Царинската управа планира да работи на спроведување на следниве активности:

- Поедноставување и забрзување на царинските и даночни постапки;
- Надградба на електронскиот едношалтерски систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти – EXIM;
- Институционализирана улога на Царинската управа за надзор на пазарот;
- Нов Проект за воспоставување на единствен интегриран електронски систем за анализа на ризик (САР);
- Изградба на граничниот премин Блаце (македонско - косовска граница);

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

На среден рок планирани се следниве активности:

- Поврзување и интероперабилност со информатичките системи на ЕУ;
- Акредитација на царинската лабораторија за исполнување на стандардот ИСО 17025;
- Воведување и имплементација на нов Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) - решение што во рамки на царинските и акцизните постапки ќе ѝ обезбеди на Царинската управа управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, прифаќање, евидентирање, обработка, архивирање), контрола на движењето на акцизните стоки и размена на електронски пораки во рамки на автоматско административно вршење на операции, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на Европската унија и Светската царинска организација.

## 3.02 **СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА РАБОТНИЦИ**

### 3.02.1 **ПРИСТАП ДО ПАЗАРОТ НА ТРУД**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во насока на унапредување на Законот за вработување и работа на странци (" Службен весник на Република Македонија ", бр. 70/07, 05/09, 35/10 и 148/11) во текот на 2011 година беше предложен и донесен Закон за изменување и дополнување на законот за вработување и работа на странци (“Службен весник на Република Македонија” бр. 148/2011). Со предложениот закон се воведе институтот “молчење значи одобрување“ со што е воспоставен механизам на покренување на постапка доколку првостепениот орган (Агенцијата за вработување) во рок од 45 дена не донесе решение по однос на поднесено барање за добивање на соодветен тип на работна дозвола.,

Централната база за странци е оперативна со што се изврши меѓусебно електронско поврзување на институциите кои се инволвирани во процесот на издавање на работни дозволи. Нововоспоставената центарална база за странци во значителна мера го олеснува начинот на работа на инволвираните институции (МНР, МВР и АВРМ) кои во процесот на издавање на работни дозволи треба да разменуваат одреден тип на информации за странците кои аплицирале за соодветен тип на работна дозвола.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Имајќи ги предвид миграционите движења, за 2012 година планирано е

1. изготвување на "Методологија за оценка на миграциониот потенцијал во Република Македонија" со што по воспоставувањето на методологијата, Државниот завод за статистика на извесен 2 годишен период ќе врши анализа на миграционите намери односно миграциониот потенцијал на населението.

2.Во насока на отстранување на бариерите за инвестирање во Република Македонија подготвени се измени на Законот за вработување и работа на странци со цел дополнително олеснување на постапките за добивање на работна дозвола за странци на клучни позиции во компании кои се од суштинско значење за инвестирање во Република Македонија, кои ќе се усвојат во наредниот период.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Ќе се утврди индикативна временска рамка во однос на овозможување на пристап на државјаните на Европската унија до слободни работни места во јавниот сектор во периодот по влезот на Република Македонија во Европската унија по што ќе се пристапи кон измени на постоечкото законодавство во Република Македонија.

3.02. 2 **ЕУРЕС**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Агенцијата за вработување на Република Македонија во своето работење континуирано ги спроведува следните активности електронски систем ма пријава / одјава на работен однос во агенцијата за вработување на РМ, примена на ISKO класификација на занимања во евиденциите кои се водат во Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ), имплементација на софтвер на електронски услуги за лицата кои бараат работа и работодавачите преку веб порталот на АВРМ.

Ревидираната национална класификација на занимањата (во согласност со меѓународната класификација на занимања ISKO 2008) која е усвоена во март 2011 од страна на ВРМ,АВРМ започна да ја користи во секојдневното работење.

Миграциските сервисни центри во Скопје и Битола, како дел од мрежата на центри континуирано ги извршуваат своите тековни активности: одржуваат обуки и советувања за одредени теми, обезбедуваат информации, совети и упатување на мигрантите и потенцијалните кандидати, обезбедуваат информации за работа и студирање во странство, даваат инфромации за процедурите за стекнување на виза, работа или дозволи за престој, достапност до здравствен систем и образование во странство и други корисни информации. Искуството во оваа област ќе сеприменува во понатамошните активности како подготовка за учество во ЕУРЕС мрежата.

Во текот на мај 2011 се опремија два нови миграциски центри во струмица и Тетово, кои кон крајот на јуни ги започнаа своите активности.

Во рамки на програмата за билатерална соработка помеѓу МТСП и GIP international ( Минситерство за труд, општествени односи, семејство, солидарност и урбано живеење на Република Франција) на 30 јуни 1 јули 2011 се одржа презентација за ЕУРЕС од страна на експертската мисија во РМ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На почетокот на 2012 година ќе се започне со процедурите за отварање на нови миграциони сервисни центри.

Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе продолжи со континуирана имплементација на активностите предвидени во Акцискиот план на мерки и активности за подготовка на АВРМ за учество во ЕУРЕС.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Агенцијата за вработување на Република Македонија ќе продолжи континуирано да ги имплементира активностите предвидени со акциски план на мерки и активности за подготовка на АВРМ за учество во ЕУРЕС.

### 3.02.3 **КООРДИНАЦИЈА НА СИСТЕМИ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во Република Македонија активно се работи на склучување и имплементација на билатерални договори за социјално осигурување. Во текот на 2011 година започнаа да се применуваат следните договори:

- На 1 април 2011 година започна да се применува Договорот за социјално осигурување со Австралија
- На 1 август 2011 година започна да се применува Договорот за социјално осигурување со Црна Гора
- На 1 ноември 2011 година започна да се применува Договорот за социјално осигурување со Канада.

Во Скопје од 08. - 09.02.2011 година, се одржаа советодавни денови за примена на Договорот за социјално осигурување со посебен фокус на разрешување на прашањата за утврдување на стажот на осигурување и постапката за остварување на правото на пензија меѓу Република Македонија и Сојузна Република Германија, на кои присуствуваа околу 120 осигуреници.

Со цел унапредување на пристапот до социјалните права на граѓаните, на 18 октомври 2011 година Министерството за труд и социјална политика и Фондот за Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија организираа тркалезна маса на тема Меѓународни договори за социјално осигурување" на којашто присутсвуваа претсавници од надлежни институции, невладин сектор и заинтересирани граѓани.

Во текот на 2011 година се одржаа обуки на тема „Подигнување на капацитетите и институционален развој во процесот на преговори за склучување на Договори за социјална сигурност“ и “Регионална обука за прописите за социјална заштита и координација.

Во октомври 2011 година Владата на РМ го разгледа и усвои предлог Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и истиот се наоѓа во собраниска процедура.

Продолжуваат активностите за соработка во областа на социјалното осигурување меѓу Република Македонија и Република Косово. На 12 април 2011 година одржана е средба помеѓу министрите за труд и социјална политика на Република Македонија и Република Косово на која се утврдија идниниte активности за решавање на прашањата од областа на пензиското осигурување.

Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји во текот на 2011 година започнаа преговори за склучување на билатерални договори за социјално осигурување со Република Албанија. Во периодот 16-20. 05. 2011 година во Скопје, делегации на Република Македонија и Република Албанија ги започнаа преговорите за склучување на Договор за социјално осигурување меѓу овие две држави.

На 14 и 15 ноември 2011 година делегации на Република Македонија и Република Словенија одржаа преговори за усогласување на одредби Договорот за социјално осигурување со Регулативата за координација на системите за социјална сигурност 883/2004.

Во периодот 22-24 ноември се одржаа преговори за склучување на Административна спогодба за имплементација на Договорот за социјално осигурување со Италија. Активностите за скорешно потпишување на овој договор се интензивираат.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји во текот на 2012 година ќе се иницира постапка за преговори за склучување на билатерални договори за социјално осигурување со Словачка и Франција.

Со Албанија ќе се одржат втор круг на преговори за усогласување на текстот на Договорот за социјално осигурување.

Се предвидува одржување на отворени денови на кои заинтересираните граѓани ќе се запознаваат со примена на билатералните договори за социјално осигурување.

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во првиот квартал на 2013 година се очекува почеток на проектот “Зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на правото на ЕУ во областа на слободното движење на работниците“рамките на ИПА 2010 компонента I.

Во областа на билатералното регулирање на социјалното осигурување со други земји во текот на 2012 година ќе се иницира постапка за преговори за склучување на билатерални договори за социјално осигурување со Шведска, Велика Британија и Унгарија.

## 3.02.4 ЕВРОПСКА КАРТИЧКА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**Европска картичка за здравствено осигурување** (EHIC)

Во април 2011 се потпиша Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување (EHIC) на територијата на Република Македонија на средба со претставници на Органот за врска за здравствено осигурување на Белгија и се применува од 1 јули 2011 година.Со потпишувањето на овој Договор, Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) има потпишано вкупно седум Договори за EHIC.

Врз основа на позитивното искуство во примената на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија покрена иницијатива за потпишување на вакви Договори и со другите земји членки на ЕУ.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**Европска картичка за здравствено осигурување** (EHIC)

1.Во текот на 2012 година се планира да се потпише Договорот за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија со Република Романија.

2.Исто така се планира да се прифати иницијативата за потпишување на Договорот со Република Австрија.

Со потпишувањето на Договорите со овие земји, Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе има потпишано Договори за користење на европската картичка за здравствено осигурување на територијата на Република Македонија со сите земји членки на ЕУ со кои Република Македонија има склучено Договор за социјално осигурување, и со кои постои можност за потпишување на истиот.

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**Европска картичка за здравствено осигурување** (EHIC)

Во зависност од стапувањето во сила на Договорите за социјално осигурување склучени со Република Унгарија и Република Италија, Фондот за здравствено осигурување на Македонија планира во 2013 година да го потпише Договорот за EHIC со Унгарија, како и да покрене иницијатива за потпишување на Договор за EHIC со Италија и истиот да се потпише во 2013 година.

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**Електронска картичка за здравствено осигурување**

Подготвен е Акционен план на ФЗОМ за спроведување на проектот Систем за електронска здравствена заштита (СЕЗК) и истиот тековно се реализира. Според договорената динамика од Акцискиот план издадени се ЕЗК на вработените во ФЗОМ и дел на здравствените работници од градот Велес. За

останатите здравствени работници од здравствените установи се прибрани и обработени податоците за издавање на ЕЗК, додека за вработените во државна и јавна администрација, невработени/неосигурани лица по ниту еден основ и пензионери, интензивно се прибираат и обработуваат барањата за издавање на ЕЗК.

Усвоен е Законот за измена на Законот за здравствено осигурување со која се регулира цената на чинење и начинот на кој ќе се надоместуваат трошоците за издавање на ЕЗК. Во тек е редизајн на информациониот систем на ФЗОМ кој опфаќа дефинирање на нова централна база на податоци, полнење на базите со прочистени податоци за осигурениците и обврзниците за плаќање на придонес за здравствено осигурување и централизација на апликациите, бидејќи тековниот систем работи со 30 дистрибуирани бази на податоци. Ажурирањето на базата на осигуреници во ФЗОМ се врши во координација со следниве институции: ПИОМ, АВРМ, УЈП и МВР.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2012 година ќе продолжи прибирањето и обработката на барањата за издавање на ЕЗК согласно динамиката утврдена во Акциониот план на ФЗОМ за 2012 година. Податоците кои ќе се персонализираат ќе се испорачуваат квартално во текот на цела 2012 година и првата половина на 2013 година.

Во текот на 2012 година се планира да се заврши првата фаза од редизајнот на информациониот систем на ФЗОМ кој ги засега базите на осигуреници, обврзниците за плаќање на придонес за здравствено осигурување и централизација на дел од апликациите.

Во сите здравствени установи ќе се овозможи користење на СЕЗК со својата прва функционалност – проверка на платениот придонес за здравствено осигурување.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во зависност од имплементацијата и прилагодувањето на информационите здравствени системи и нивна интеграција со ИС на ФЗОМ, се планира во текот на 2013 година да започне внесување на поширок сет на податоци на ЕЗК. Со тоа постепено ЕЗК ќе добие улога на здравствена легитимација и целосно ќе ја замени постојната.

## 3.03 **ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ И СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ**

### 3.03.1 **ПРАВО НА ОСНОВАЊЕ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во тек е спроведување на Проектот Регулаторна гилотина – фаза 3, во рамки на кој со досегашните реалзирани мерки се поедноставија голем број на административни постапки преку намалување на потребната документација, давачките и се елиминираа непотребните процедури за започнување на бизнис во земјата

Завршен е Проектот Едношалтерски систем – фаза 2 со кој се овозможи целосно воспоставување на електронски решенија и завршување на постапката за регистрација во трговскиот регистар по

електронски пат. Беа пуштени во употреба електронскиот систем за регистрација на трговските друштва вклучувајќи и оперативна и функционална електронска интеграција на базите на податоци на Агенцијата за вработување, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и Фондот за здравствено осигурување во едношалтерскиот систем, Електронскиот систем за следење на стечајните постапки, Електронскиот регистар на лица кои не можат да основаат и да управуваат и лица кои се спречени или престанале да ги вршат своите функции во органот на управување во трговски друштва, Електронскиот систем за поднесување и упис во регистарот на залог и Електронскиот систем за поднесување и упис во регистарот на лизинг.

Во насока на олеснување на процесот на започнување и водење на бизнис во земјата, како и овозможување на сите потребни информации за процедурите, постапките и потребните документи да се добијат од едно место, Владата на Република Македонија започна активности за формирање на Едношалтерски систем за домашни и странски правни и физички лица (Регистар). Формирањето на ваков Регистар ќе овозможи од едно место да се добијат информациона поддршка, посредување и техничка помош во врска со постапките и потребните документи за започнување бизнис во земјата.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Во 2012 година се планира продолжување на проектот Регулаторна гилотина – со започнување на четвртата фаза на Регулаторната гилотина - "Предност на малите", каде фокусот ќе биде ставен на поедноставување на условите за работа на малите и средни претпријатија, како и спроведување на предвидените законодавните активности во Акцискиот план за усогласување со Директивата за услуги со цел елиминирање на идентификуваните бариери и поедноставување на постапките за издавање на одобренија.

Ажурирањето на Акцискиот план преку анализа на постојната регулатива со цел идентификација на неоправданите барања за започнување и водење на бизнис во земјата и нивно поедноставување и елиминирање ќе продолжи во текот на 2012 година.

Во рамки на Проектот Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори се планира почеток на реализација на проектот кој ќе се одвива во две фази. Во првата фаза се планира скенирање на состојбата со системот за издавање на дозволи и лиценци во земјата и да се даде предлог решение за организационата поставеност и начинот на функционирање на овој систем .

Се планира користење на техничка помош од TAIEX Програмата за студиска посета на земја членка во која потполно е имплементирана Директивата за услуги.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

На среден рок се планира воспоставување на „Единствена точка за контакт“ како обврска од Директивата за услуги. Реализацијата на Проектот Едношалтерски систем за домашни и странски инвеститори е во насока на подготовките за воспоставување „Единствена точка за контакт“

## 3.03.2 **СЛОБОДА НА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Акцискиот план за усогласување со Директивата за услуги се реализира согласно со предвидената динамика. Реализирани се законодавните активности во делот поедноставување на постапките за издавање на лиценци, кратење на роковите и на трошоците за нивно издавање, имплементација на принципот „молчењето значи одобрување“ и овозможување на прекугранично давање на услуги.

Министерството за економија како координатор на процесот за усогласување со Директивата за услуги ја следи реализацијата на Акцискиот план врз основа на извештаите од органите на управа надлежни за спроведување на предвидените активности.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Анализата на усогласеност на законодавството во услужниот сектор со Директивата 32006L0123 ќе продолжи во текот на 2012 година и врз основа на резултатите од анализата, ќе се ажурира Акцискиот план.

Се планира подготовка на нацрт текст на Закон за услуги во кој ќе се транспонира Директивата 32006L0123. Со законот ќе се создаде законска рамка за усогласување на регулативата во услужниот

сектор во земјата со барањата на Директивата, вклучително и барањето за прекугранично давање на услуги. Постоењето на законска рамка ќе овозможи спречување на воведувањето нови бариери при подготовка на нова регулатива во иднина во услужниот сектор. Законот за услуги ќе придонесе за олеснување на процесот на реализација на Акцискиот план во спроведувањето на законодавните активности за елиминација на одредбите спротивни на директивата

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

На среден рок се планира донесување на Законот за услуги. Со законот и со реализацијата на Акцискиот план ќе се обезбеди слободата на правото на основање и на давање на услуги по пристапувањето во ЕУ и функционирање како дел од единствениот пазар на ЕУ .

## 3.03.3 **ПОШТЕНСКИ УСЛУГИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

Појдовна основа за регулирање на пазарот на поштенските услуги е Законот за поштенските услуги донесен во 2010 година (Службен весник на РМ бр. 158/10). Законските одредбидсе во согласност со Директивата 2008/6/ЕС на Европскиот парламент и на Советот во врска со понатамошното отварање и воведување на конкуренција на пазарот на поштенските услуги. Врз основа на овој Закон од страна на Агенцијата за пошти донесени се 11 подзаконски акти објавени во Службен весник бр. 95 и 146 од 2011 година.

Во текот на 2011 година, Агенцијата за пошти продолжи со активностите поврзани со регулирање на пазарот на поштенските услуги, преку издавање на општи овластувања за обезбедување на поштенските услуги, континуиран надзор кај давателот на универзална услуга и другите оператори при тоа идентификувајќи ги нерегуларностите на терен и превземање на одредени активности за нивно санкционирање.

Со цел да се обезбеди примена на регулативата поврзана со квалитетот на обезбедување на универзална услуга, а врз основа на податоци доставени од давателот на универзална услуга - Македонска пошта, Агенцијата за пошти изготви извештај за квалитетот на обезбедување на универзалната услуга. Податоците се добиени врз основа на извршено мерење од страна на независна куќа во период од октомври –декември 2010 година.

Имајќи во предвид дека задоволството на корисниците од обезбедување на поштенските услуги е најголем показател од квалитетот на обезбедување на услугите, Агенцијата за пошти и оваа година спроведе Истражување на задоволството на корисниците преку независна компанија.

Започната е реализацијата на активностите поврзани со воведување на посебно сметководство кај давателот на универзална услуга, за чија цел Агенцијата за пошти континуирано соработува со давателот на универзална услуга и го следи воведувањето на посебното сметководтсво.

На полето на сузбивање на нерегуларната конкуренција на пазарот, Агенцијата за пошти спроведе Истражувањето на нелегалниот сив поштенски пазар во Република Македонија во рамки на Проектот ,,Неовластен транспорт и дистрибуција на поштенски пратки со такси возила и возилата на меѓуградскиот и меѓународен патнички и железнички сообраќај,, активност која ќе продолжи во текот на цела 2012 година.

Во 2011 година се реализира TAIEX експертска помош во делот на пристапот до поштенската мрежа и до поштенските услуги во рамките на универзалната услуга.

Вработените од Агенцијата за пошти редовно учествуваа на работните тела и пленарните седници организирани од страна на ERGP - Европската група на поштенски регулатори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за транспорт и врски е надлежна институција за подготовка на Законот за поштенските услуги, а изготвување на секундарната легислатива е во надлежност на Агенцијата за пошти.

Надзорот над спроведувањето на овој закон и подзаконските акти од страна на субјектите на пазарот го спроведуваат овластени лица од Агенцијата за пошти.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2012 година предвидено е понатамошно следење на европската регулатива и превземање на соодветени активности за нивно имплементирање во домашното законодавство.
Агенцијата за пошти ќе продолжи со активностите поврзани имплементација на Законот за поштенските услуги и создавање услови за понатамошното отворање на пазарот на поштенските услуги. Целосна либерзализација треба да настапи во 2015 година период која треба да придонесе за подобрување на квалитетот на услугите до и креирање на еднакви услови за работа за сите заинтересирани субјекти.
Ревизија на постојните дозволи за обезбедување на поштенските услугуи со новите подзаконски акти во делот на правата и обврските на давателите ќе биде активност која Агенција ќе ја реализира во претстојниот период, како и издавање на општи овластувања на нови субјекти на пазарот.
Надзорот на пазарот на поштенските услуги ќе се обезбедува врз основа на Годишна програма во која ќе бидат опфатени сите даватели на поштенски услуги, како и вршење надзор над субјектите кои нерегуларно ги вршат поштенските услуги, односно вршат услуги без претходно добиена дозвола од Агенцијата за пошти.
Следењето и контролата на процесот на воведување на систем за посебно сметководство и алокација на трошоците на давателот на универзална услуга, започнато во 2011 година ќе продложи и во наредната година како активност која е од посебно значење и за финансирањето на нето трошоците за обезбедување на универзалната услуга.
Проектот ,,Неовластен транспорт и дистрибуција на поштенски пратки со такси возила и возилата на меѓуградскиот и меѓународен патнички и железнички сообраќај ќе продолжи и во 2012 година за чија цел ќе биде спроведување на кампања за подигнување на јавната свест за нерегуларностите и штетите од користење на ваков вид на транспорт и дистибуција на поштенски пратки.
За имплементација на секундардната легислатива покарј другото се предвидуваат и активности поврзани со:

- прибирање податоци од сите поштенски оператори и изготвување на Статистички извештај за движењето на поштенските пратки, земајќи го превид обемот на поштенските пратки, приходи остварени од обезбедување на поштенските пратки, развој на капацитетите кај операторите;
- Следење на квалитет на обезбедување на универзална услуга и подготовка на извештај за остварениот квалитет на обезбедување на универзалната услуга. Податоците ќе бидат прикажани за мерење вршено во текот на цела 2011 година. Податоците ќе дадат целосна слика за квалитетот на обезбедувањето на услугата и од кој ќе се извлечат заклучоци и предвидат мерки за негово понатамошно подобрување;
- Агенцијата за пошти континуирано и во 2012 година продолжува со своите активности и вршење работи за грижа и заштита на корисниците на поштенските услуги и грижа за обезбедување на правото на непречени поштенски комуникации. Во поглед на рекламационите постапки планирана активност е креирање на програма за водење на податоци за пријавени поплаки, жалби, рекламации, по различен пат ( телефонски, електронски e-mail, лично , писмено по пошта и сл.) со која прецизно ќе се забележуваат сите забелешки и поплаки од страна на корисниците на поштенските услуги стигнати до Агенцијата за пошти.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Зајакнување на капацитетите на Агенцијата за пошти ќе се спроведе преку континуирани обуки за стручно надоградување ва вработените и преку остварување на редовна соработка со регулаторните тела од другите земји.
Ќе се продолжи со активностите во ERGP - Европската група на поштенски регулатори согласно оформените работни групи и со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето и улогата на агенцијата преку предавања, средби со претставници на поштенските оператори и корисниците на поштенските услуги.
Соработка со TAIEX програмата и понатаму ќе биде приоритет во работата на Агенцијата за пошти како можност за добивање повеќе знаење и искуство во обезбедување на поштенските услуги.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Министерството за транспорт и врски ќе го следи и усогласува домашното законодавство со европското законодавство преку измени и дополнувања на Законот за поштенските услуги, при тоа утврдувајќи ги основните цели и активности кои треба да се превземаат, а се од стратешко значење за развој на

пазарот на поштенските услуги.
Агенцијата за пошти ќе ги зајакнува своите административни капацитети во различните сектори и ќе работи на целосна имплементација на регулативата од областа на поштенските услуги, ќе врши надзор над спроведувањето на регулативата од страна на субјектите на пазарот и ќе создава услови за ефикасна конкуренција и услови за потполно отворање на пазарот на поштенските услуги.

## 3.03.4 **МЕЃУСЕБНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРОФЕСИОНАЛНИ КВАЛИФИКАЦИИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

По усвојувањето на Законот за признавање на професионални квалификации („Службен весник на РМ бр.171/10“) кој преставува национална законска рамка за усвојување на одредбите од Директивата 32005/36 на ЕУ, започнаа активности за подготовка на реализација на проектот „Градење на капацитети на Министерството за образование и наука во областа на професионалните квалификации“, финансиран од страна на Британската амбасада во Република Македонија.

Проектот започна со имплементација од 01.08.2011 година и истиот ќе трае се до 31.03.2013 година. Целта на проектот е преку UK NARIC, да изградат капацитет на Министерството за образование и наука со цел подобра координација на процесот на признавање на професионални квалификации. Согласно Меморандумот за разбирање, потпишан помеѓу Министерството за образование и наука и Амбасадорот на Велика Британија во Република Македонија, исходот на проектот ќе биде:
- Организациска рамка дефинирана со јасни улоги и одговорности на институциите кои се надлежни за признавање на професионални квалификации ;
- Подобрени капацитети и координација на меѓу-ресорката работна група за професионални квалификации;
- Подобрена правна рамка за зајакнување на процесот на професионални квалификации;
- Методологија за регистрирање на регулирани професии.

На 13.09.2011 година во Скопје, беше одржан првиот/иницијалниот состанок на преставниците од носителите на проектот и засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на признавање на професионални квалификации, на кој беа презентирани обврските кои произлегуваат за Република Македонија со имплементирањето на одредбите од Директивата 2005/36 на ЕУ, активностите од проектот како и очекувањата на засегнатите страни од овој процес.
Од страна на МОН беа превземени чекори за отпочнување на реализацијата на активностите од проектот и беа доставени барања до таргетираните институции за номинирање на учесници во меѓуресорската група на овој проект, која што, во следниот период се очекува да прерасне во меѓуресорска работна група за признавање на професионални квалификации согласно одредбите од Законот.

***КРАКТОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Активностите кои ќе се реализираат во текот на 2012 година, се предвидени согласно динамиката на реализација од проектот како и Законот за признавање на професионални квалификации („Службен весник на РМ бр.171/10“).
Активности кои ќе се реализираат во рамките на Проектот:
1. *Март 2012* - Протокол за работа на меѓуресорската работна група за професионални квалификации;
2. *Мау 2012* - Предложена институционална рамка за професионални квалификации во Република Македонија;
3. *Јуни 2012* - Предложени препораки за промена на Законот за професионални квалификации;
4. *Септември 2012* - Методологија за регистар на регулирани професии (дефинирани влезни процедури, форма, ниво на пристапи, видови на влезни информации, одржувањ и др.)

Активности кои ќе се реализираат согласно обврските од Законот за професионални квалификации („Службен весник на РМ бр.171/10“):

1. Март 2012 - Формирање на меѓуресорска работна група за признавање на професионални квалификации од страна на Владата на Република Македонија;
2. Јуни 2012 - Номинација на Национален координатор од страна на МОН;
3. Декември 2012 - Усвојување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот.

Согласно ст. 2, 3 и 4 од членот 58 од Законот, крајниот рок за исполнување на овие активности е 31.12.2012.

## 3.04 **СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ**

### 3.4.1 **ДВИЖЕЊА НА КАПИТАЛ И ИСПЛАТИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Појдовна основа за регулирање на движењето на капиталот и тековните плаќања во Република Македонија претставува Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Унија потпишана во 2001 година. Согласно обврските преземени со оваа Спогодба, Законот за девизно работење (Службен весник на Република Македонија бр. 34/2001; 49/2001; 103/2001; 54/2002, 32/2003, 51/2003 81/2008, 24/11 и 135/11) предвидува постепена либерализација на движењето на капиталот во зависност од неговата рочност и вид.

Имено, со Законот за девизно работење е остварена целосна либерализација на директните инвестиции, комерцијалните кредити и финансиските заеми, како и кредити со рок на доспевање над 1 година. Со одредбите од Законот се либерализирани и финансиските кредити со рок на доспевање помал од 1 година, обврска предвидена да се имплементира во втората етапа од спроведување на ССА.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Законот за девизно работење го подготвува Министерството за финансии. Подзаконските прописи со кои се обезбедува поефикасна имплементација на Законот ги донесуваат Министерството за финансии, Народна банка и Комисијата за хартии од вредност. Спроведувањето на Законот за девизно работење, во рамките на своите надлежности, го вршат: Министерството за финансии, Државниот девизен инспекторат, Народната банка на Република Македонија, Централен Регистар и Комисијата за хартии од вредност.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2012 година се очекува Република Македонија да влезе во втората фаза од Спогодбата за стабилизација и асоцијација. По истекот на првата етапа од ССА, со Законот за девизно работење се предвидува целосна либерализација на работењето со хартии од вредност и вложување во недвижности од страна на резиденти во странство.

Со влегување во втората етапа од Спогодбата за стабилизација и асоцијација и престанување на важноста на членовите наведени во преодните одредби од Законот за девизно работење кои се однесуваат на овој повисок степен на либерализација, Народната банка на Република Македонија ќе изврши соодветно усогласување на подзаконските акти во нејзина надлежност.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

По истекот на втората етапа од ССА, со преодните одредби на Законот за девизно работење се

предвидува либерализација на депозитните работи од страна на резидентите во странство.

## 3.04.2 ПЛАТЕН СИСТЕМ

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Платниот промет во земјата е уреден со Законот за платниот промет (Службен весник на Република Македонија бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10 и 35/11) и подзаконската регулатива која произлегува од одредбите на овој Закон.

Во текот на 2011 година продолжија со работа работните групи при Националниот Совет за платни системи за имплементација на поедини стратешки насоки од Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија (2007-2011) година со што се идентификувани областите во делот на платните инструменти: кредитни трансфери, директни задолжувања и платежни картички кои треба да претрпат измени со цел приближување кон СЕПА стандардите. Интензивно се работи на практична имплементација на проектот за воведување на шема за директно задолжување (Direct Debit Scheme) која ќе биде имплементирана во склад со СЕПА правилата (SEPA Rulebook). Направена е анализа на Директивата 2007/64 за платни сервиси на внатрешниот пазар и проучено е искуството на неколку централни банки на земји членки на ЕУ. Исто така, во соработка со Централната банка на Холандија се организира четвртата конференција за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност со цел обука на членовите на работните групи за прашања поврзани со платните системи на европско ниво и поттикнување на соработката помеѓу централните банки на регионално ниво. Направени се предлог стратегиски насоки за нова Стратегија за развој на Платниот Систем на Република Македонија (2012-2016).

Министерството за финансии е надлежна институција за подготвување на Законот за платен промет. Донесувањето на подзаконските акти кои произлегуваат од овој Закон е во надлежност на Министерството за финансии и Народната банка на Република Македонија. Надзорот над работењето на платните системи го врши Народната банка на Република Македонија. Народната банка ги донесува и подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за девизно работење, а се однесуваат на платниот промет со странство.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2012 година предвидено е следење на функционирањето на платниот промет во земјата, согласно Законот за платен промет и учество во изработка на Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија до 2012-2016 година.

Со цел успешна имплементација на Директивата 2007/64 за системи на плаќања во внатрешниот пазар формирана е работна група во рамките на НБРМ согласно препораките од извршената Анализа на Директивата 2007/64 за платни сервиси на внатрешниот пазар, со цел да се идентификуваат соодветните делови на Директивата како и новините кои ќе предизвикаат евентуални промени од аспект на задачи и одговорности на НБРМ во делот на регулирањето и лиценцирањето на идните платежни институции. Во таа насока, кон крајот на 2012 година се очекува користење на техничка помош обезбедена преку IPA 2010 за имплементација на Директивата 2007/64 за системи на плаќања во внатрешниот пазар и дефинирање на одредбите од Директивата кои треба да се транспонираат во домашното законодавство. Исто така, се планира организацијата на Петта конференција за платните системи и системите за порамнување на хартии од вредност во соработка со централната банка на Холандија на која покрај Директивата 2007/64, пошироко ќе се опфатат и теми поврзани со платежната инфраструктура и нејзиниот развој на европско ниво.

Во втората половина на 2012 година се очекува да започне имплементацијата на ИПА проектот "Преглед на правните и организациските потреби, како и потребата за ресурси за Народната банка на Република Македонија", во рамките на кој ќе бидат дефинирани и активностите во областа на платните системи за наредниот период со цел усогласување со стандардната институционална и оперативна рамка на

Европскиот систем на централни банки (ЕСЦБ) и Европската централна банка.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Секторот за финансиски систем, Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија е надлежно за правната рамка од областа на платните системи, заради поголема ефикасност во извршувањето задачите предвидено е вработување на едно лице во Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2013 година се планира донесување на потребната законска рамка за имплементирање на Директивата 2007/64 за платежни сервиси во внатрешниот пазар.

## 3.04.3 **СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во април 2011 година, влегоа во сила измените и дополнувањата на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам („Службен Весник на Република Македонија" број 4/08, 57/10 и 35/2011), со кои се врши усогласување со Законот за инспекциски надзор, се имплементира пакетот на мерки усвоен од Владата на Република Македонија за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.
Во ноември 2011 година е усвоена Националната Стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам (2012-2014). Како среднорочен стратешки документ Националната Стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам утврдува сеопфатен комплекс на активности кои треба да бидат реализирани од страна на сите релевантни институции како што се субјектите задолжени да преземаат мерки и дејствија за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, органите на надзор, Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, државните органи надлежни за гонење на сторителите на кривични дела перење пари и финансирање на тероризам. Со реализирањето на планираните активности се очекува унапредување на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам во Република Македонија и зголемување на степенот на неговата ефикасност.

За ефикасна имплементација на правната рамка за борба против перењето пари и финансирање на тероризам, воспоставена е институционална рамка, која генерално ја сочинуваат следните органи и тела:

- Управа за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, која извршувајќи ги своите надлежности дејствува како централен орган надлежен за прибирање, обработка и доставување на податоци за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- Министерство за внатрешни работи, Управа за финансиска полиција и Јавно обвинителство за борба против организиран криминал - органи кои постапуваат по извештаите доставени од страна на Управата за целите на спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- Царинска Управа- како орган кој го следи внесувањето и изнесувањето на готовина од РМ, и
- Органите кои вршат надзор над примената на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам од страна на субјектите: Народната Банка, Агенцијата за супервизија на осигурување, Комисија за хартии од вредност, МАПАС, Управа за јавни приходи и Агенција за пошти.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**ПРАВНА РАМКА**
ФАТФ на својот пленарен состанок во февруари 2012 година треба да ги усвои ревидираните 40+9 Препораки за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, кои во 2013 година влегуваат во сила и претставуваат основа за спроведување на 4$^{от}$ круг на евалуација на системите за спречување на

перење пари и финансирање на тероризам. Системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на РМ треба да биде евалуирана во рамки на 4[от] круг на евалуација од страна на Moneyval Комитетот во текот на 2013 година. За целите на претставување на подобри резултати во процесот на евалуација потребно е Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам да биде усогласен со ревидираните препораки на ФАТФ. Имајќи го ова предвид потребно е да биде подготвен нов Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам до крај на 2012 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Планирани се континуирани обуки и едукација на лицата вработени во Управата и другите надлежни органи кои ги спроведуваат мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, како и финансиските и нефинансиските институции.

Исто така, планирана е континуирана надградба на системот за електронско прибирање на податоци, автоматска обработка и категоризација, анализа на случаи и генерирање на извештаи во Управата. Унапредувањето на информатичките капацитети треба да овозможи сите задолжени субјекти, електронски, преку веб апликација да доставуваат извештаи за сомнителни трансакции/активности.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**ПРАВНА РАМКА**
На среден рок, во периодот од 2013 година до 2014 година, во согласност со Националната Стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам, планирано е:
1. Усогласување на законската регулатива за превенција од перење пари и финансирање на тероризам,
2.Институционална надградба и одржување и унапредување на техничките капацитети на Управата,
3.Ефикасен систем на меѓуинституционална соработка и
4.Зајакнување на меѓународната соработка, регуларно исполнување на обврските кои произлегуваат од членството во меѓународните организации и организирање и спроведување на четвртиот круг на евалуација на Moneyval Комитетот.

## 3.05 **ЈАВНИ НАБАВКИ**

### 3.05.1.О**ПШТИ ПРИНЦИПИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во областа на јавните набавки продолжија активностите во поглед на развојот на правната рамка, институционалниот и административен капацитет и мерките за превенција и репресија на корупцијата во јавните набавки предвидени во Стратегијата за развој на системот за јавни набавки на Бирото за јавни набавки за периодот 2010-2012 година.

Кон крајот на 2011 год. започна Твининг проект со германскиот партнер во кој се предвидени повеќе активности во поглед на дополнително зајакнување на системот на јавните набавки.
Донесен е Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на електронскиот систем за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.170/2010) од 29.12.2010 год. со кој се овозможи во постапките што завршуваат со е-аукција да може како критериум за доделување на договор за јавна набавка да се користи економски најповолната понуда. Во исто време овој Правилник се усогласува и со правната регулатива за заштита на личните податоци во Република Македонија.

Донесен е нов Правилник за програмата, начинот на спроведување на испитот, висината на надоместокот, како и формата и содржината на потврдата („Службен весник на Република Македонија”

бр.18/2011) од страна на министерот за финансии во февруари 2011 година. Со Правилникот се воведува обврска за сите идни обучувачи и обучувани лица да ги следат измените во Законот за јавните набавки преку модулот за надградба на постојните знаења.

Во текот на 2011 година донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/2011), кој има за цел да ја подобри работата на Државната комисија за жалби по јавни набавки како сервис на странките во постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Кадровското зајакнување на Бирото за јавни набавки продолжи и во текот на 2011 година, со што бројот на редовно вработени во Бирото сега изнесува 23 лица. Бирото ги изработи и утврди потребните компетенции и вештини на службениците кои работат во областа на јавните набавки и ги достави до Министерството за информатичко општество и администрација.

Во февруари и март 2011 година беше реализирана Оценската мисија во областа на јавните набавки од страна на претставниците на SIGMA. Извештајот од спроведената Оценска мисија беше презентиран во октомври месец во присуство на 70-на претставници од министерствата, други договорни органи како и невладини организации кои работат со проблематиката на јавните набавки. Претставниците на Бирото учествуваа и на состаноците на Советодавниот комитет за јавни набавки и на работните групи на ЕК со цел да се запознаат со најновите тенденции во оваа област во ЕУ.

Бирото е вклучено во регионалниот проект на ИПА за обука за обучувачи за јавни набавки во земјите од ИПА регионот и Турција, што ја реализираат Меѓународниот тренинг центар и Меѓународната организација на трудот (ИТЦ/ИЛО).
Претставниците на Бирото за јавни набавки учествува како предавачи на четири обуки за 80-ина учесници (судии, јавни обвинители и стручни соработници), организирана од страна на Академијата за обука на судии и јавни обвинители.

Во рамки на соработката со Министерството за информатичко општество и администрација Бирото за јавни набавки во овој период спроведе две обуки за примена на Законот за јавните набавки.
Обуката на кадарот вработен во Бирото за јавни набавки претставува континуирана активност како на постоечкиот, така и новопримениот кадар. Оваа обука се одвиваше преку учества на семинари, работилници и размена на искуства со странски експерти со кои Бирото има воспоставено соработка.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Приоритет на Твининг проектот чиј кирисник е Бирото, ќе биде натамошно усогласување со европското законодавство, како и имплементација на добрите практики во јавните набавки кои ги применува Сојузна Федерална Република Германија како земја членка на ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2012 год. ќе се реализира Твининг проект во кој се предвидени различни активности во поглед на дополнително зајакнување на системот на јавните набавки. Предвидено е да се направат дополнителни анализи за потребите на вработените во поглед на посебни обуки во зависност од спецификата на работните места на кои работат.

Со цел континуирано градење на капацитетите на договорните органи Бирото ќе започне со сертифицирање на службениците кои работат на јавните набавки. Исто така ќе се донесе Кодекс за однесување на службениците кои работат во областа на јавните набавки.

Во 2012 година ќе се реализира втората фаза од регионалниот проект на ИПА за обука за обучувачи за јавни набавки во земјите од ИПА регионот и Турција, што ја реализираат Меѓународниот тренинг центар и Меѓународната организација на трудот (ИТЦ/ИЛО).
Бирото за јавни набавки во текот на 2012 година, ќе ја продлабочи воспоставената соработка со институциите кои се надлежни за следење на системите за јавни набавки во земјите од југозападен Балкан, со што ќе се овозможи размена на искуства кои се однесуваат на процесот на интегрирање во ЕУ.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Бирото континуирано ќе врши следење на правната рамка со цел нејзино подобрување и соодветно на тоа вршење на конкретни измени и дополнувања на подзаконските акти или нивно заменување со нови.

Во среднорочниот период предвидена е подготовка и усвојување на Национална стратегија за системот на јавните набавки. Во наредниот период, ке се разгледа можноста, компетенциите да станат задолжителни во систематизациите кои имаат организациони единици или лица задолжени за спроведување на постапки за доделување на договори за јавни набавки.

## КОНЦЕСИИ И ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во Република Македонија поимот на концесија и други видови на јавно партнерство, видовите, начинот, условите и постапката за доделување на концесии и други видови на јавно приватно партнерство е уредена со Законот за концесии и други видови на јавно партнерство („Службен весник на РепубликаМакедонија “ бр. 7/08, 139/08, 64/2009 и 52/10).
Во текот на 2011 година согласно укажувањата и сугестиите на СИГМА, се изготви нов конзистентен текст целосно усогласен со европското законодавство од оваа област, во кој соодветно е имплементирана Директивата 2004/18/ЕЗ од 31 март 2004 година.
Предлог законот во моментов е во собраниска процедура и се очекува негово усвојување од страна на Собранието на Република Македонија.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 година, предвидено е по усвојувањето на законот од страна на законодавниот дом и негово стапување во сила, во согласност со препораките и мислењето на СИГМА да се донесат подзаконските акти пропишани со законот, како и посебните закони од областа на концесиите заради нивно усогласување со одредбите на Законот за концесии и јавно приватно партнерство, со цел унифицирање на постапките во оваа област.

Исто така, во овој период се планира воспоставување на Регистар на доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство. Регистарот на доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство се воведува со цел воспоставување на единствена база на податоци за склучени договори во оваа област и континуирано следење на истите (измени) до нивна крајна реализација.

Ќе се формира и нов Совет за јавно приватно партнерство како советодавно тело на Владата на РМ во областа на јавно приватно партнерство, кој ќе врши промоција на јавно приватно партнерство, ќе предлага проекти за јавно приватно партнерство и ќе дава иницијатива со предлози за измени на прописите во оваа област.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период се планира во зависност од финансиските можности изготвување на софтверско решение за начинот на водење на Регистарот на доделени договори за воспоставување на јавно приватно партнерство и изготвување на Упатство (Прирачник) за концесии и јавно приватно партнерство.
Се предлага зајакнување на улогата на Советот за јавно приватно партнерство кој согласно надлежностите утврдени со законот ќе пристапи кон изготвување на Стратегија за концесии и јавно приватно партнерство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во среднорочниот период во соработка и со техничка помош на СИГМА се планираат обуки, едукација и размена на искуства на вработените во Одделението за концесии и ЈПП. Како приоритети се организацијата на повеќе семинари, работилници и обуки како за вработените во одделението и за членовите на комисиите за спроведување на постапките за доделување на концесии во органите на државната управа, единиците на локална самоуправа, градот Скопје, јавните претпријатија, како и други економски оператори во однос на договорите за концесии/ јавно приватно партнерство и правните лекови.

Со цел реализација на горепредвидените активности Одделението за концесии и јавно приватно партнерство ќе се доекипира со нов кадар, согласно своите потреби за редовно извршување на законските надлежности.

## 3.05.2 **ДОДЕЛУВАЊЕ ЈАВНИ ДОГОВОРИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Зголемена е транспарентноста во доделувањето на јавните договори. Забележителни се придобивките од е-набавките во поглед на зголемувањето на транспарентноста, конкуренцијата и ефикасноста во постапките за доделување на договорите за јавни набавки. Во 2011 година границата за задолжителни е-набавки беше подигната на најмалку 70% од вкупната проценета вредност на сите јавни договори.

Во 2011 година продолжи со работа Центарот за корисничка подршка. Овој систем преставува уште еден начин на обезбедување на совети и давање помош на договорните органи и економските оператори во согласност со законските надлежности на Бирото за јавни набавки.
Се утврдија потребните компетенции и вештини за службениците кои работат во областа на јавните набавки, со цел унифицирање на работните задачи и квалификации на овие службеници.

Со цел да се обезбеди унифицирана примена на регулативата за јавни набавки и во текот на 2011 година се продолжи со континуирано подобрување на тендерските документи.
И во текот на 2011 година, Бирото со сите свои ресурси активно работеше на зајакнување на капацитетот на договорните органи преку спроведување на обуки. Бирото спроведе седум обуки на тема:„Новиот концепт на Е-аукции“. Обучени беа 540 учесници при што учесниците беа информирани за можноста во постапките што завршуваат со е-аукција како критериум за доделување на договор за јавна набавка да се користи и економски најповолната понуда.

Во поглед на Планот за едукација за 2011 год. на договорните органи и економските оператори во овој период беа одржани 14 обуки, на кои присуствуваа 242 учесници, 200 договорни органи и 42 економски оператори. Во обуките беше вклучен и модулот за судир на интереси и корупција во јавните набавки.
Соработката со државните органи како: Државниот завод за ревизија (ДЗР), Државната комисија за спречување на корупција, Комисија за заштита на конкуренцијата и Државната комисија за жалби по јавни набавки, беше успешна во текот на целата година. Се одржа работилница со ДЗР за размена на искуства во поглед на ревизијата на постапките за доделување на договори за јавни набавки. Исто така, успешно

беше одржана работилница заедно со Државната комисија за жалби по јавни набавки и Државната комисија за спречување на корупцијата.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Трендот на користењето на е-набавките ќе придонесе за олесување на користењето на системот за јавни набавки во Република Македонија. Започнувајќи од 1 јануари 2012 година границата за задолжителни е-набавки од вкупната проценета вредност на сите јавни договори ќе се подигне на 100%. Со цел да се обезбеди финансиска самоодржливост на софистицираниот Електронски систем за јавни набавки (ЕСЈН), како и заради негово натамошно надградување ќе се донесе Тарифник за неговото користење. Ќе се имплементира и Проектот – Портал за мали јавни набавки до крајот на 2012 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2012 продолжуваат редовните обуки во согласност со динамиката утврдена со Планот за едукација за јавните набавки. Ќе се работи на импементација на утврдените компетенции и вештини за службениците кои работат во областа на јавните набавки, со цел унифицирање на работните задачи и квалификации на овие службеници.

Во врска со статистичките податоци и постапувањето на судовите по случаи на корупција во јавните набавки погледнете повеќе во Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права; подрачје антикорупциска политика.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Главна придобивка од успешната реализација на Твининг проектот ќе биде задоволување на потребите на договорните органи и интересите на економските оператори на полето на јавните набавки преку воспоставувањето на стабилен и ефикасен систем на јавни набавки.
Исто така на среден рок ќе се изврши надградување на постоечките тендерски документи, прирачници, водичи.
Во врска со статистичките податоци и постапувањето на судовите по случаи на корупција во јавните набавки погледнете повеќе во Поглавје 23 Правосудство и фундаментални права; подрачје антикорупциска политика.

## 3.05.3 **ПРАВНИ ЛЕКОВИ**

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во Законот за јавните набавки на Република Македонија, во однос на правната заштита транспонирани се директиви на Европската унија кои се однесуваат на правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки и тоа: 31989L0665, 31992L0013 и 32007L066.

Имено, со Законот за јавните набавки се формира Државна комисија за жалби по јавни набавки (ДКЖЈН), како државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Државната комисија е составена од претседател и четири члена именувани од Собранието на Република Македонија. Истите, функцијата ја извршуваат професионално. За утврдување на начинот на работа и постапување по жалбените постапки во постапките за доделување на договори за јавна набавка согласно законот, подготвен е Деловникот за работа на Државната комисија за жалби по јавни набавки.
Со новите законски решенија се направи квалитативен чекор напред во уредувањето на правната заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Имено, со формирањето на Државната комисија за жалби по јавни набавки законски се обезбеди основа за брза и ефикасна правна заштита во постапките за доделување на договори за јавни набавки. Надлежностите на Државната

комисија вклучуваат одлучување за законитоста на дејствијата и пропуштањата за преземање на дејствија, како и за законитоста на одлуките донесени во постапките за доделување на договор за јавна набавка.

Заради воведување антикорупциски мерки и механизми како и интегритет во работењето на Државната комисија, како и доближување на системот на правна заштита до заинтересираните економски оператори, кои сметаат дека се повредени нивните права во одредени постапки за доделување на договори за јавни набавки, но и запознавање на широката јавност со работата на Државната комисија, функционира Веб - страната на Државната комисија за жалби по јавни набавки (www.dkzjn.gov.mk). Веб-страницата на Државната комисија се администрира со сопствени финансиски средства и од страна на вработените во Државната комисија. ВЕБ - страна на Државната комисија се базира на информации за секојдневната работа на Државната комисија и нејзината правна пракса на полето на јавните набавки, како и на неа се објавуваат сите пристигнати жалби на дневна основа и сите донесените решенија непосредно по завршувањето на седницата и нивната експедиција.

За зацврстување на административниот капацитет на стручната служба на Државната комисија за жалби по јавни набавки за процесуирање на жалбените предмети, во текот на 2011 година, административниот кадар се зголеми со две нови вработувања и Државната комисија сега брои вкупно 14 вработени. Со новиот административен кадар продолжува доекипирањето на стручната служба на Државната комисија за жалби по јавни набавки.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе продолжат напорите за доближување на новите законски решенија до договорните органи и економските оператори за новиот систем на правната заштита кој е пропишан со Законот за јавните набавки.

Добрата соработката на Државната комисија за жалби по јавни набавки со Бирото за јавни набавки ќе продолжи да се продлабочува и во наредниот период, особено на полето на заедничка работа во напорите да се подобри системот на правна заштита во јавните набавки. Соработката ќе продолжи и на полето на заедничка работа на измените и дополнувањата на правната рамка која го регулира системот на правна заштита.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Државната комисија ќе продолжи да зема учество на работилници и обуки на кои ќе учествуваат договорните органи и економските оператори во 2012 година на тема правните лекови во постапките за јавни набавки.

Државната комисија за жалби по јавни набавки и нејзината административна стручна служба продолжуваат со подобрување на условите за работа, пред се со расположливите финансиски средства во својот буџет. Државната комисија ќе продолжи да се опремува со најсовремена компјутерска опрема и набавка и развој на софтверски решенија.

Во таа насока Државната комисија планира како почетна фаза имплементација на DMS – Document Management System, Систем за управување со документи - електронска седница, која опфаќа архивско работење – прием, заведување на предмети во деловодната евиденција, нивна дистрибуција до извршителите, обработка на предметите, нивно одлучување на седница, изработка на одлуката и експедиција на одлуката. Софтверот и хардверот веќе е набавен и инсталиран во Државната комисија и се очекува негова имплементација и тест период на работа во првата половина на 2012 година, по кој период Државната комисија ќе почне да го користи во својата редовна работа.

Во насока на зајакнување на вкупните капацитети на Државната комисија за жалби по јавни набавки за имплементација на домашната правна рамка за јавни набавки, како и соодветните директиви и практики во ЕУ, ќе продолжат обуките за членовите и стручните советници на Државната комисија за жалби по јавни набавки и во 2012 година преку учество на семинари, работилници и студиски посети.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**ПРАВНА РАМКА**
Ќе се следат новините кои се однесуваат на правната заштита во Европската унија и ќе се имплементираат во домашната регулатива. Натамошно унапредување на правната заштита, ќе биде приоритет на среден рок. Ќе се продолжи со обуките во оваа област во соработка со Државната комисија. Натамошното јакнење на административните капацитети на Државната комисија ќе се остварува преку нови вработувања на административен персонал во Стручната служба, развој и одржување на човечките ресурси, како и зголемување на Буџетските средства воопшто, а особено во насока на опремување на Државната комисија со соодветна информатичко – комуникациска технологија и софтвер.

Државната комисија работи на доближување на својата работа до јавноста, со цел доближување до широката јавност и правилно разбирање на улогата на Државната комисија во системот на јавните набавки. Ова ќе се оствари и преку изработка на Стратегија за комуникација и јавно претставување на Државната комисија, учество во јавни медиумски дебати и објавување новински написи и други написи на теми кои се однесуваат на правната заштита во јавните набавки, како и изработка на периодична збирка на донесени одлуки со коментари.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**
Преку ИПА 2008 беа обезбедени средства за реализација на Проект за поддршка на системот на јавни набавки за натамошно зајакнување на капацитетите на Државната комисија кој започна со реализација во јуни 2011 година и ќе трае до почетокот на март 2012 година. Целите на проектот се поддршка на Државната комисија и се во насока на: 1. Зголемување на капацитетите на Државната комисија, преку изработка на тренинг планови и програма за вработените на Државната комисија, подобрување на постоечките прописи вклучувајќи ги и внатрешните акти на Државната комисија со препораки за подобрување на оперативните механизми, и организирање на студиска посета на слична институција задолжена за правна заштита во јавните набавки во некоја од државите на Европската унија. 2. Засилување на професионалните капацитет на националниот систем за правна заштита, со подготовка и испорака на обуки и семинари за поширока јавност, вклучувајќи ги и договорните органи и економските оператори околу можностите и начинот за остварување на правна заштита, како и подготовка на анализа на судските пресуди на Европскиот суд на правдата во постапки за јавни набавки и нивно јавно објавување на веб страната на Државната комисија, и 3. Кампања за зголемување на свеста за правна заштита во јавите набавки, преку изработка и печатење на брошури, летоци и сл., подобрување на содржината на Веб страната на Државната комисија, изработка на Прирачник за правна заштита во јавните набавки и одржување јавна конференција за промоција на активностите на Државната комисија.

## 3.06 **ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА**

### 3.06.1 **ПРАВО НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***
**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година со донесувањето на Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11) се изврши целосно усогласување со Директивата 32003L0058, заради целосно воспоставување на правна рамка за електронско поднесување на пријава и прилози кон пријавата за регистрација на трговски друштва преку интернет. Се отстрани обврската за нотарска заверка на договорот за друштвото и потписите на застапниците (директорите) на друштвото кога истите се поднесуваат електронски и се изврши понатамошно скратување на роковите кај постапката за доброволна ликвидација на трговските друштва. Со Законот се изврши и допрецизирање на еден член од Директивата 32007L0036 за остварување на правата на акционерите на акционерско собрание во трговските друштва чии акции котираат на берза и со Директивата 32005L0056 за прекугранични спојувања на трговските друштва.

Се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за едношалтерски систем („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/2011). Законот се усогласи со Директивата 32003L0058 за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица за да се овозможи целосно електронска регистрација на трговските друштва со користење на интернет технологија и електронски потпис со дигитален сертификат.

Се донесе Закон за европски економски интересни групи во кој се транспонира Регулативата 31985R2137 за Европски економски интересни групи ( Службен весник бр.158/2011) . Целта е земјата да го заокружи процесот на усогласување со Европското Acquis за прекугранично движење на трговски друштва. Законот за европски економски интересни групи ќе влезе во сила со денот на полноправното членство на Република Македонија во Европската унија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежна институција за подрачјето Право на трговски друштва е Министерството за економија. Секторот за правни работи во рамки на Министерството за економија ја следи имплементацијата и унапредувањето на правната рамка за трговските друштва и едношалтерскиот систем преку кој трговските друштва ги реализираат своите обврски за обелоденување документи во трговскиот регистар и регистарот на годишни сметки.

Централниот регистар управува со едношалтерскиот систем и претставува приклучна точка за размена на податоци по електронски пат со другите институции и органи вклучени во постапката на регистрација на трговски друштва и обелоденување на финансиски и други деловни податоци согласно законот (Управата за јавни приходи, деловните банки, Клириншка куќа – Клириншки интер-банкарски системи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Македонската берза за хартии од вредност, Комисијата за хартии од вредност, лизинг и осигурителни друштва и нотари). Централниот регистар на Република Македонија е активен член на Европскиот бизнис регистар.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 година ќе се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва кој ќе се усогласи со Директивата 32007L0063 во однос на барањето за подготовка на извештај на независен експерт во случај на спојување, поделба на јавните друштва со ограничена одговорност, Директивата 32006L0068 за основање на јавните друштва со ограничена одговорност, промените и одржувањето на нивната главнина. Во Законот ќе се усогласат и членови од седмата Директива 31983L0349 за условите за подготвување консолидирани сметки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се имплементира Проектот Метабаза заради имплементација на Стратегијата за XBRL стандардот во Република Македонија, што практично значи Интероперабилност помеѓу Централниот регистар на Република Македонија ,Комисија на хартии од вредност , Народна банка на Република Македонија ,Македонска Берза и Централен депозитар за хартии од вредност.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се имплементираат Препораката 32005H0162 и Препораката 32004H0913 за подобрување на корпоративното управување во постоечките кодекси за добро корпоративно управување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се следи функционирањето на Едношалтерскиот систем фаза III во Република Македонија.

## 3.06.2 СМЕТКОВОДСТВО И РЕВИЗИЈА

## СМЕТКОВОДСТВО

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

**ПРАВНА РАМКА**
Во 2011 година се усвои Правилник за формата и содржината на годишната сметка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2011), со кој како нов елемент на годишната сметка се пропишаа објаснувачките белешки. Исто така во „Службен весник на Република Македонија“ број 107/2011 се објави Меѓународниот стандард за финансиско известување за мали и средни субјекти (IFRS for SMEs), како составен дел на Правилникот за водење сметководство. Примената на Стандардот е од 1 јануари 2012 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерство за финансии, Секторот за финансиски систем, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија со пет вработени лица е надлежно за правната рамка и клучните правни акти за системот на сметководството и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството на Европската унија.
Институционалната рамка ги опфаќа (согласно Законот за трговските друштва): Централниот регистар и Управата за јавни приходи. Согласно другите закони кои ја регулираат оваа материја, во институционалната мрежа за оваа активност вклучени се и следните институции: Народната Банка на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и Комисијата за хартии од вредност.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**
Министерството за финансии подготви Предлог закон за вршење сметководствени работи. Со Предлог законот се уредува вршењето на сметководствени работи, условите за вршење сметководствени работи, субјектите кои вршат сметководствени работи, условите за полагање на стручен испит за сметководител и овластен сметководител. Со Предлог законот се дава основ за формирање на Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија и се уредуваат неговите надлежности, организација и работење. Се предлага надзорот на работата на Институтот да го врши Министерството за финансии.
Согласно предложените одредби Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија треба да се основа до крајот на 2012 година.
Заради примена на одредбите од предлог законот, Министерството за финансии во период од една година од донесување на Законот за вршење сметководствени работи ќе издава уверенија за сметководител и уверенија за овластен сметководител. Министерството уверенијата ќе ги издава врз основа на исполнување на критериуми за образованието и одреден број години работно искуство во водењето на сметководството.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем,односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија е надлежно за правната рамка на системот на сметководството.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**
Согласно потребите ќе се врши натамошно усогласување на националната правна рамка за финансиското известување со законодавството на Европската Унија.
Министерството за финансии согласно Законот за вршење сметководствени работи ќе издава уверенија за сметководител и уверенија за овластен сметководител до организирање на првиот испит за

сметководител односно овластен сметководител од страна на Институт на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во делот на сметководството  Министерството за финансии на Република Македонија, Секторот за финансиски систем, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија ќе остане надлежно за правната рамка за системот на сметководството и за натамошната хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија.

Институционалната рамка ќе ги опфати и (согласно Законот за трговските друштва): сите трговски друштва, Централниот регистар; Управата за јавни приходи; Комисијата за хартии од вредност и компаниите за економско правен и финансиски консалтинг. Согласно другите закони кои ја регулираат оваа материја, во институционалната мрежа за оваа активност вклучени се и следните институции: Народната Банка на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на капитално финансираното пензиско осигурување како и Комисијата за меѓународните сметководствени стандарди при Институтот за овластени ревизори .

## РЕВИЗИЈА

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

**ПРАВНА РАМКА**

Во делот на ревизијата во текот на 2011 година на предлог на Институтот на овластени ревизори (ИОРРМ),  Министерот за финансии  издаде едно решение за вршење на работи на ревизија на друштва за ревизија и едно решение за вршење на работи на ревизија на овластен ревизор – трговец поединец согласно преодните одредби од Законот за ревизија (во тек е постапка за издавање на уште 2 дозволи за работа за друштва за ревизија, согласно преодни одредби).

Во текот на 2011 година Институтот на овластени ревизори на Република Македонија (ИОРРМ)  спроведе два испита за стекнување на звањето овластен ревизор и на осум лица кои го положиле испитот, министерот за финансии им издаде уверение за стекнување на звањето овластен ревизор (во тек е постапка за издавање на уште 3 уверенија за овластен ревизор, согласно преодни одредби).

Во периодот од јуни до декември 2011 година одржани се обуки заради континуирано професионално усовршување во времетраење од 65 часа.

Во јуни 2011 година ИОРРМ подготви: Извештај за спроведената контрола на квалитетот на ревизорските услуги.  Во јули ИОРРМ го донесе Годишниот план за контрола на квалитетот за 2011 година и во текот на месец август започнале проверките за контрола на квалитетот. Исто така во текот на 2011година ИОРРМ ги усвои :Годишниот план за работа на ИОРРМ за 2011година, Финансискиот план на ИОРРМ за 2011година и Годишен извештај за работа на ИОРРМ за 2010 година. Во текот на 2011година ИОРРМ изрече дисциплински  мерки на едно друштво за ревизија на еден овластен ревизор-трговец поединец и на триесет и шест овластени ревизори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА  РАМКА**

Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија со пет вработени лица е надлежно за правната рамка и клучните правни акти за системот на ревизијата и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството за Европската унија.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за ревизија, Советот за унапредување и надзор на ревизијата ќе ги донесе и предвидените акти за негово работење. ИОРРМ ќе ги усогласи своите акти согласно одредбите од новиот Закон.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА  РАМКА**

Министерството за финансии, Секторот за финансиски систем, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија ќе биде надлежно за правната рамка од областа на ревизијата и заради поголема ефикасност во извршувањето на задачите предвидено е зајакнување на Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија со нови вработувања (за вработувањата повеќе во Поглавје 9. Финансиски услуги).
Во делот на ревизијата, согласно Законот за ревизија, Владата на Република Македонија ќе донесе Одлука со која ќе се воспостави Советот за унапредување и надзор на ревизијата како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања. Во Советот за унапредување и надзор на ревизијата заради извршување на административно техничките работи поврзани со неговото работење предвидени се вработувања.
Во текот на 2012 година, ИОРРМ ќе спроведе повеќе редовни активности: Спроведување на испити за стекнување на звањето ревизор, спроведување на обуки за професионално усовршување, вршење на контрола на квалитет за 2012 година. Во текот на 2012 година, Институтот на овластени ревизори на Република Македонија планира да вработи и втор контролор на квалитет.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во делот на ревизијата, ќе се продолжи со понатамошно усогласување на Законот за ревизија со Директивата 32006L0043.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во делот на ревизијата, Министерството за финансии на Република Македонија, односно Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија во рамки на Секторот за финансиски систем ќе остане надлежно за правната рамка за системот на ревизијата како и за натамошната хармонизација на националното законодавство со законодавството за Европската унија. Ќе се зајакне Одделението за сметководствен систем, платен промет и ревизија со нови лица (за вработувањата повеќе во Поглавје 9 - Финансиски услуги).

Заради поголема ефикасност во извршувањето на задачите ќе се вработуваат нови лица во Советот за унапредување и надзор на ревизијата.
Ќе се гради капацитетот на Институтот за овластени ревизори со нови вработувања , но исто така и на најголемите регулаторни институции (Комисија за хартии од вредност, Народната Банка на Република Македонија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето (АСО), МАПАС, итн.) кои ја следат примената на Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) односно се грижат за целосно и навремено обелоденување на финансиските податоци изготвени согласно МСФИ.

# 3.07 ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

## 3.07.1 АВТОРСКО ПРАВО И СРОДНИ ПРАВА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

Извршена е дополна на Законот за авторското право и сродните права (ЗАПСП), што се објави во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 51 од 13.04.2011 –заради хоризонтално усогласување на сите закони со соодветната измена и допуна на Законот за општата управна постапка – воведување постапка во случај на недонесување управен акт (т.н. „молчење на администрацијата)“. Врз основа на оваа дополна на Законот донесен е и Правилник за формата и содржината на барањето за донесување решение за давање дозвола за колективно управување на авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија“ бр. 104/11).

Владата на Република Македонија ја донесе Одлуката за висината на единствениот надоместок од умножување за приватно користење, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 151/11).

Владата на Република Македонија со Решение именува претседател и членови на Комисијата за посредување во авторското право и сродните права, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/11).

Министерството за култура формира Работна група за изработка на методологија за проценка на авторското право и сродните права, програма за обука и за спроведување на стручен испит за проценител, заради спроведување на Законот за процена.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Секторот за авторско право и сродни права во 2011 година се уште има само четири (4) државни службеника.

Комисијата за посредување во авторското право и сродните права веќе одржа пет (5) седници и согласно Законот за авторското право и сродните права и Деловникот даде мислење по Предлог – тарифата за користење авторски музички дела на ЗАМП (Здружение за заштита на авторски музички права), (единствената организација за колективно управување - КУ) и води постапка за посредување (медијација) за склучување договори за кабелско реемитување (Генерален лиценцен договор и Лиценцен договор) помеѓу ЗАМП (во име и за сметка на: ЦИСАК – меѓународна асоцијација на организации за КУ на автори и композитори, ЕБУ - асоцијација на јавни радио-телевизиски сервиси, АЦИКОА-меѓународна асоцијација за КУ на носители на права на аудиовизуелни дела и ВГ-Медиа-асоцијација на приватни европски сателитски телевиизии) и четири (4) кабелски оператори од Македонија.

Во рамките на поддршка на организациите за колективно управување во примената на ЗАПСП, Министерството за култура (МК) на Здружението за заштита на авторски музички права „ЗАМП “- Скопје (ЗАМП) му ја издаде/обнови дозволата за КУ (Решение објавено во „Службен весник на РМ“ бр.65/11). Воедно, ЗАМП ги донесе и ги објави, согласно закон, своите правилници: за користење со Тарифа и за распределба на авторските надоместоци (објавени во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/11).

Барањето за дозвола за КУ на сродни права на уметници-изведувачи на Здружението за КУ на сродните права на уметниците изведувачи од Република Македонија – КОМИП, Скопје во управна постапка му беше одбиено.

**Веб страницата** на МК за АПСП (www.copyright.gov.mk) како дел од интегралната web страна на МК се дополнува со соодветни тековни и неопходни содржини, како континуирана активност.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
**ПРАВНА РАМКА**
МК ќе именува советодавно тело за АПСП од истакнати независни надворешни експерти.

МК ќе продолжи со партиципирање во изработката на новиот закон за радиодифузната дејност, како и во партиципирање во изработка на други прописи поврзни со АПСП.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во согласност со надлежностите, ќе се продолжи со поддршката за востановување на организациите за колективно управување, а работата на постојното (ЗАМП), најмалку еднаш во годината ќе се контролира.

Ќе се обрне внимание на соодветни програми за информирање и образување на потесната стручна јавност (преку ТАИЕКС Проект за спроведување на Закон за авторското право и сродните права), како и пошироката јавност за авторското право и сродните права.

МК продолжи да ги спроведува обврските од Законот за процена – за спроведување на програмата за обука и за спроведување на стручен испит за проценител

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*** *2013-2014*
**ПРАВНА РАМКА**
Ќе се следи спроведувањето на ЗАПСП.

Ќе се следат меѓународните трендови на АПСП и прописи на ниво на ЕУ и други меѓународни асоцијации и анализа на можностите за нивно транспонирање во домашното законодавство, како и ќе се иницираат натамошни измени и дополни на прописи што се во врска со АПСП.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Секторот за АПСП на среден рок до 2014 година треба да се зајакне на барем осум (8) -10 обучени и квалификувани државни службеници.

Ќе продолжи поддршката на постојните колективни здруженија согласно надлежностите и можностите на МК.

Ќе продолжат активностите за јакнење на јавната свест/информирање и образување на јавноста за АПСП.

Ќе се организираат континуирани активности за стручно оспособување и усовршување на кадрите од Секторот за АПСП во МК, но и на другите државни органи.

## 3.07.2 **ПРАВА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**
Собранието на Република Македонија го донесе **Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост** ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/11). Измените се во насока на хоризонтално усогласување на Законот за индустриската сопственост со Законот за квалитет на земјоделски производи, со кој се утврдува заштита на географските називи кои се однесуваат на земјоделски производи. Една од позначајните измени кои се предвидуваат со Законот е давање можност на Државниот пазарен инспектор при спроведувањето на надзорот по однос на прометот на заштитените права од индустриска сопственост веднаш да ги одземе производите со кое е сторена повреда на заштитеното право од индустриска сопственост и да ги предаде на надлежниот суд. Исто така со Законот се воведува можност за порамнување пред поведување прекршочна постапка.

Со цел олеснување на постапката за признавање патенти, Собранието го донесе **Законот за ратификација на Договорот за примена на членот** 65 **од Европската патентна конвенција** - **Лондонски договор** („Службен весник на Република Македонија" бр.132/11) со кој преку олеснување на режимот на преведување, значително се намалуваат трошоците за превод на европските патенти. Со новиот јазичен режим патентните барања секогаш се достапни на официјалниот јазик на државата во која европскиот патент е регистриран, додека превод на патентните списи не е потребен (освен во случај на спор во врска со европскиот патент).

Донесен е **Законот за дополнување на Законот за заштита на топографија на интегрални кола** („Службен весник на Република Македонија" бр.136/2011). заради воведување на институтот „молчењето е одобрување", што претставува хоризонтално усогласување со Законот за општата управна постапка.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Државниот завод за индустриска сопственост (ДЗИС) вработени се вкупно 32 државни службеници, во 4 сектори и 13 одделенија.

Претставници од ДЗИС активно учествуваа во работата на Светската организација за интелектуална сопственост (СОИС) и Европската патентна организација (ЕПО). Вработените од ДЗИС учествуваа на 5 семинари, 2 конференции, 3 саеми, 4 обуки и 1 конгрес.

Согласно Акциониот план за билатерална соработка со Европската патентна организација (ЕПО) во текот на 2011 година организирани се четири семинари: за значењето на правата од индустриска сопственост и отпечатени се четири публикации.

Преку Европската патентна академија (ЕПА), во рамките на соработката со ЕПО, претставници на ДЗИС учествуваа на три семинари и една работилница.

Имајќи го во предвид значењето на подигнување на јавната свест за заштита на правата од индустриска сопственост, ДЗИС презеде редовни активности поврзани со јакнењето на јавната свест: 4 предавања за 80 студенти на Правниот факултет "Јустинијан Први" и дводневна обука на студентите во ДЗИС; поддршка и учество на две манифестации и на три саеми во насока на стимулирање и афирмирање на пронаоѓаштвото; одбележување на Светскиот ден на интелектуална сопственост преку промовирање на книгата "Мерки за спроведување на правата од интелектуална сопственост во земјите од Западен Балкан", објавување на пораката на генералниот директор на СОИС на веб страната на ДЗИС и преку средствата за јавно информирање; спроведување акција за јавно уништување на запленетите производи, од страна на Координативното тело за интелектуална сопственост (КТИС) и учество на Конференција за интелектуална сопственост.

На 31-та Интернационална изложба на пронајдоци, технички унапредувања, нови производи и творештво на млади МАКИНОВА-ЕКОНОВА 2011, ДЗИС преку своите претставници, членови на Меѓународната оценувачка комисија додели награди за пријавен или заштитен патент и за млад иноватор.

Со цел да го промовираат македонското пронаоѓаштво во меѓународни рамки, на Меѓународната изложба на идеи, пронајдоци, нови производи - IENA 2011, беа презентирани пет пронајдоци од македонски иноватори, на кои им беа доделени сребрен и бронзен медал од стручното меѓународно жири и голем број специјални награди од асоцијации и здруженија од областа на пронаоѓаштвото. ДЗИС за своето учество и придонес во промовирањето на пронаоѓаштвото по втор пат доби диплома од Турскиот патентен завод.

На 22 декември се одржа традиционалната манифестација „Патент на годината".

Во рамките на активностите на Министерството за економија, во јануари 2011 година донесени се:
Програмата за имплементација на индустриската политика во Република Македонија за 2011 година („Службен весник на РМ бр.3/11), со која се обезбедени буџетски средства за подршка на деловните субјекти со надоместување на дел од трошоците за вработување на млади истражувачи и за комерцијализација на патентирани иновации и Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2011 година („Службен весник на РМ" бр.3/11), со која се обезбедени буџетски средства за поддршка на деловните субјекти со надоместување на дел од трошоците за поднесување на меѓународна пријава за патент, односно барање за потполно испитување на пријавата.

Во Октомври 2011, во Битола, во организација на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (АППРМ) и Државниот завод за индустриска сопственост, се одржа семинар: „Поддршка на иновативноста и конкурентноста на малите и средните претпријатија и заштита на правата од индустриска сопственост", а во декември во организација на АППРМ - семинар за заштита на земјоделски и прехранбени производи со ознаки за квалитет (заштитена ознака на потекло, географска ознака и ознака за гарантиран традиционален специјалитет) на земјоделски и прехранбени производи, како и предностите кои ги нудат овие ознаки како можност за зголемување на конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија.

Претставници од ДЗИС учествуваа и имаа презентации на редовниот состанок на Советодавното тело на Царинската управа, стопанските комори и други асоцијации; на состанокот на Техничката група за правата од интелектуална сопственост на Венецијанската иницијатива за соработка на царинските администрации на земјите од Западен Балкан и Турција.

ДЗИС учествуваше и во координирање на активностите на сите институции вклучени во спроведувањето на правата од индустриска сопственост.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**ПРАВНА РАМКА**

Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

Министерството за економија ќе изготви Методологија за процена на правата од индустриска сопственост, програма за обука и за спроведување на стручен испит за проценувачи, заради спроведување на Законот за процена.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За зајакнување на капацитетот на ДЗИС во 2012 година ќе се вработат нови лица и ќе продолжи континуирано стручното надградување на вработените.

Обуката на вработените во ДЗИС и на останатите субјекти од системот на заштита, ќе се остварува преку национални и регионални семинари, студиски престои и други активности преку соработката со СОИС, ЕПО, ЕПА и друга билатерална соработка.

ДЗИС ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост (предавања, средби со претставници од стопанството на општинско ниво, организирање на манифестации, учество на саеми, изложби и слично).

Во рамките на соработката на ДЗИС со ЕПО ќе се спроведува Акциониот план за соработка (2010- 2012).

Ќе се спроведува Програмата за соработка со СОИС.

Ќе се донесе Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија во 2012 година, со која ќе се обезбеди поддршка на деловните субјекти со надоместување на дел од трошоците за поднесување на меѓународна пријава за патент, односно барање за потполно испитување на пријавата.

Царинската управа ќе превземе активности за обезбедување на финансиски средства за реализација на јавната кампања за подигнување на свеста за штетните последици по здравјето од користење и употреба на фалсификувани производи, особено кај најмладата популација. Предлог програмата за реализација на кампањата е во завршна фаза на подготовка.

## *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се ратификува Договорот од Најроби за заштита на Олимписките симболи.

Континуирано ќе се следат промените во европските директиви и меѓународните договори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во ДЗИС ќе се вработат нови лица во 2012 и 2013 година. Истовремено ќе се одржува нивото на техничка опременост, ќе се продолжи со обука на вработените во ДЗИС и другите субјекти вклучени во системот на заштита на правата од интелектуалната сопственост.

ДЗИС ќе продолжи со спроведување на редовни активности за јакнење на јавната свест за значењето на индустриската сопственост (предавања, средби со претставници од стопанството, организирање на манифестации, учество на саеми, изложби и слично).

Ќе продолжи да се спроведува соработката со Европската патентна организација и со Светската организација за интелектуална сопственост .

## 3.7.3 **СПРОВЕДУВАЊЕ**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ПРАВНА РАМКА

Во рамки на мерките кои се содржани во Стратегијата за интелектуална сопственост во 2011 година беше подготвена и усвоена Информацијата за спроведување на активностите од Стратегијата за интелектуална сопственост согласно Акциониот план за периодот април-декември 2010 година.

Во јануари е донесен новиот Статут на Академијата за судии и јавни обвинители (АСЈО) (Сл.весник на РМ бр.12/11), а во април 2011 и другите подзаконски акти – правилници со кои поблиску се уредуваат одредени сегменти од работењето на Академијата.

Министерството за правда ја донесе Програмата за полагање стручен испит за вештак од областа на заштитата на правата од интелектуална сопственост, согласно член 11 став 3 од Законот за вештачење.

Царинската управа на Република Македонија донесе Стратегија за заштита на права од интелектуална сопственост 2011-2013 и Акционен план за спроведување на Стратегијата за заштита на правата од интелектуална сопственост.

Во јуни е донесен Правилник за измена и дополнување на Правилникот за спроведување на Законот за црински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост (Сл.весник на РМ бр.82/11) со кој се укинаа пропишаните надоместоци за обработка на барањето за преземање на царински дејства и за обработка на барање за продолжување на рокот на барањето за превземање на царински дејства за заштита на права од интелектуална сопственост.

Во октомври е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост (Сл.весник на РМ бр. 135/11) со кој се прецизираа обврските на носителите на правото, чие неизвршување има за последица укинување на одлуката за прифаќање на барањето за преземање на царински дејствија и губење на правото да се поднесе ново барање во рок од една година од денот на правосилноста на одлуката за укинување.

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Министерството за економија ја донесе Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2011 – 2012 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 3/11), врз основа на член 123 од Законот за заштита на потрошувачите. Во рамките на Програмата, во 2011 година, реализирани се медиумски кампањи во 3 града (Струмица, Кичево и Прилеп) на тема „Подигнување на потрошувачката свест за заштита на потрошувачките права при користење на пиратски и фалсификувани производи со кои се повредуваат правата на индустриска сопственост, авторското право и сродните права".

Академијата за судии и јавни обвинители во рамките на Програмата за почетна обука на четвртата генерација кандидати за судии и јавни обвинители, организираше предавања од областа на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост во траење од 8 наставни часа во теоретската настава и практична обука во судовите и обвинителствата. Во рамките на континуираната обука, во текот на 2011 година, Академијата реализираше 15 обуки од областа на правата на интелектуална сопственост за 302 учесници од кои 283 учесници од правосудството: 176 судии, 70 јавни обвинители, 29 советници/судски соработници, 10 советници/стручни соработници од обвинителствата и 17 учесници од

други институции – 6 претставници од ДПИ, 8 претставници на ЦУ РМ, 1 претставник на ДЗИС и 2 претставници од Советот за радиодифузија. Од наведените 15 обуки, една се спроведе како "Обука на обучувачи за правата од интелектуална сопственост" – напредно ниво, на која учествуваа 13 учесници (10 судии и 3 јавни обвинители). Една од спроведените обуки, Академијата ја реализираше со странска помош преку ИПА Регионалната програма за правата од интелектуална сопственост. Во декември се одржа Национална конференција за спроведување на правата од интелектуална сопственост, на која учествуваа 55 претставници од сите институции вклучени во заштита на правата од интелектуална сопственост, од кои 33 судии, 3 судски соработници и 6 јавни обвинители.

Во Државниот пазарен инспекторат во 2011 година вработени се 5 лица.

Царинската управа воспостави надворешен портал за електронско поеднесување на барање за превземање на царински дејствија во ЕДМС системот, како и база на податоци на прифатени барања која е поставена на интранет порталот на Царинска управа за интерна употреба и размена на информациите помеѓу организационите единици.

Координативното тело за интелектуална сопственост (КТИС), како главен носител на активностите во борбата против фалсификатите и пиратеријата спроведе вкупно девет координирани акции и две јавни акции за уништување на одземените производи со кои се повредуваат правата од интелектуална сопственост, по завршени судски постапки. Согласно Оперативната програма за борба против пиратеријата и фалсификувањето, КТИС во 2011 година започна со промотивни активности за јакнење на јавната свест за значењето и придобивките од заштитата на правата од интелектуална сопственост преку организирање на едукативни јавни трибини во поголемите општини во Република Македонија. Одржани се две трбини во Куманово и во Скопје за повеќе од 100 учесници.

Претставници на КТИС одржаа презентација на Универзитетот American College; учествуваа на тренинг семинар за идентификција на трговски марки во организација на СНБ-РЕАКТ У.А., и на семинар за заштита на правата од интелектуална сопственост организиран од Царинската управа на Република Македонија во соработка со Царинската служба на Холандија.

Претставници од Државниот пазарен инспекторат учествуваа на "Конференција за интелектуална сопственост", организирана од Американската стопанска комора, на „Семинар за заштита на правата од интелектуална сопственост" организиран од Царинската управа и на семинар за "Прекршочно правна заштита на правата од индустриска сопственост" организиран од Академија за обука на судии и јавни обвинители.

Одобрено е проектно фише за интелектуална сопственост (јакнење на капацитетите за ефикасно спроведување на правата од интелектуална сопственост), ИПА 2011 Компонента 1.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 година ќе се подготви ревизија на Акциониот план за спроведување на Стратегијата за интелектуална сопственост и ќе се усвои ревидираниот Акционен план.

Исто така ќе се донесе Методологија за статистичко следење и статистичка обработка на податоци за спроведување на правата од интелектуална сопственост и ќе започне да се имплементира.
Координатор на активностите за подготовка и имплементација на Методологијата за статистичко следење и статистичка обработка на податоци за спроведување на правата од интелектуална сопственост е Министерство за правда

Царинската управа ќе подготви нови измени и дополнувања на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост со кои ќе се допрецизираат обврските на носителите на правата за доставување на податоци поврзани со оригиналните стоки (пред се за производствената вредност на оригиналите), ќе се определи конкретен рок во кој носителите на право ќе бидат должни да спроведат

уништување на стоката за која Царинската управа во поедноставена постапка донела одобрение за уништување, а воедно повредува право од интелектуална сопственост, како и ќе се пропише правото на Царинската упрва по истекот на определениот рок за уништување сама да спроведе постапка за уништување на предметната стока, а трошоците за уништување да паднат на товар на носителот на правото. Воедно, во соработка со Министерството за правда ќе изврши ревидирање и на казнената политика воспоставена со овој закон, со можност од воведување на прекршочна одговорност за лицата кои пријавиле за влез, излез или транзит стоки кои повредуваат право од интелектуална сопственост.
Соодветно со донесување на законските измени, Царинската управа ќе подготви измени и дополнувања на Правилникот за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, а особено на образецот на Барањето за преземање на царински дејствија за заштита на права од интелектуална сопственост.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се продолжи со обука на вработените во институциите вклучени во системот на спроведување на правата и ќе продолжат специјализирани обуки на судии и јавни обвинители од областа на интелектуалната сопственост.

Царинската управа во рамки на постапката за набавка на новиот софтвер за обработка на царински декларации и акцизни документи СОЦДАД, предвидува нова апликација за евидентирање на заплени по основ на повреда на права од интелектуална сопственост, а со ставање во функција на оваа апликација значително ќе се унапреди системот на водење на евиденција на прифатените барања за превземање на царински дејствија и задржаните стоки за кои постои сомневање дека повредуваат право од интелектуална сопственост.

Градењето на системот на заштита на правата од интелектуална сопственост ќе продолжи да се остварува преку реализирање на Програмата на КТИС, со што ќе се зголеми ефикасноста во остварувањето на правата. Активностите на КТИС и на другите институции во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост ќе се насочат кон сузбивање на фалсификатите и пиратеријата.

Со цел поефикасно сузбивање на фалсификатите и пиратеријата, ДЗИС поднесе три ТАИЕКС пријави за потребите на Координативното тело за интелектуална сопственост: TAIEX работилница „Организиран криминал во областа на интелектуалната сопственост“, TAIEX експертска мисија: „Борба против фалсификуваните лекови како предмет на кривично гонење“ и TAIEX студиски престој: „Заштита на интелектуална сопственост од повреди преку интернет“.

Ќе се спроведуваат подготвителни активности за реализацијата на ИПА 2011 Компонента 1, за јакнење на капацитетите на институциите за ефикасно спроведување на правата од интелектуална сопственост.

Заштитата на правата на интелектуална сопственост и во наредниот период ќе биде приоритет во работењето на Државниот пазарен инспекторат и ќе продолжи да се остварува со засилен интензитет, врз основа на Годишна програма за работа и Оперативни планирани активности.

Во рамките на Програмата за заштита на потрошувачите 2011-2012, на Министерството за економија, за 2012 година предвидена е промоција на брошури и други промотивни материјали за правата на потрошувачите согласно легислативата од областа на заштита на потрошувачите. Во рамките на програмата е предвидена и изработка на промотивен материјал за правата од интелектуална сопственост.

Во декември 2012 година Владата ќе ја донесе Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2013-2014 година.

Академијата за судии и јавни обвинители во текот на 2012 година година во рамките на почетната обука на петтата генерација на кандидати за судии и јавни обвинители, во делот на теоретската настава ќе реализира предавања од областа на спроведувањето на правата од интелектуална сопственост.

Во рамките на специјализираната обука на судиите и јавните обвинители од областа на интелектуалната сопственост, во текот на 2012 година, предвидени се Регионалната конференција за спроведување односно заштита на првата од интелектуална сопственост која ќе се организира во соработка и со финансиска подршка на странски партнер (UNECE – Економската комисија на ОН за Европа) и 6 обуки, со вкупно 200 учесници, во самостојна организација на Академијата.

Во рамките на континуираната обука на судиите и јавните обвинители, ќе се одржи Регионален семинар од областа на патентното право кој ќе се реализира во соработка и со финансиска поддршка на Европската патентна академија.

*СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се следат меѓународните трендови во спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост.

Ќе се донесе Стратегија за интелектуална сопственост (2013-2016) и ќе започне имплементација на Стратегијата согласно Акциониот план.

Царинската управа по донесувањето на новата регулатива за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, која ќе ја замени постоечката регулатива 1383 од 2003, ќе изврши усогласување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост. Исто така Европската комисија ќе донесе нова регулатива за примена на царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, која ќе ја замени постоечката регулатива 1891 од 2004, со која ќе се усогласи Правилникот за примена на закон за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Континуирано ќе се зајакнуваат техничките и кадровските капацитети на институциите преку нови вработувања, набавка на неопходната техничка опрема и континуирани обуки на субјектите кои се вклучени во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост.

Ќе се спроведува Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2013-2014 година.

Ќе започне реализацијата на ИПА 2011 Компонента 1, за јакнење на капацитетите на институциите за ефикасно спроведување на правата од интелектуална сопственост.

Академијата за судии и јавни обвинители, ќе продолжи со реализација на програмата за правата од интелектуална сопственост во делот на почетната обука и континуираната обука на судиите и обвинителите, следење на новините, измените во сите закони поврзани со правата од интелектуална сопственост и следење на европските и меѓународните стандарди за заштита на правата од интелектуална сопственост. Академијата ќе подготови и ќе издаде прирачник за спроведување на правата од интелектуална сопственост.

## 3.08 **ПОЛИТИКА НА КОНКУРЕНЦИЈА**

### 3.08.1 **АНТИТРУСТОВИ ВКЛУЧУВАЈЌИ И СПОЈУВАЊА**

*ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

**ПРАВНА РАМКА**

Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КЗК) во 2011 година ги донесе следните Насоки:

1. Насоки за начинот на изготвување на недоверлива верзија на решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата (решенија кои не содржат податоци што претставуваат деловна тајна) (февруари 2011 година), усогласени со Насоките на ГД за Конкуренција за пазарни удели во недоверливи верзии на решенија за концентрации (11 декември 2008);
2. Насоки за дефинирање на релевантен пазар за целите на Законот за заштита на конкуренцијата (мај 2011), усогласени со ЕУ мерката 31997Y1209 (01);
3. Насоки за ограничувањата директно поврзани и неопходни за остварување на концентрација (ноември 2011), усогласени ЕУ мерката 52005XC0305(02).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од вкупниот број на вработени во стручната служба на КЗК, кој изнесува 19 државни службеници, на спроведување на Законот за заштита на конкуренцијата работат 6 лица. Во текот на 2011година дел од нив учествуваа на повеќе обуки, работилници и конференции, вклучувајќи ги и семинарите во организација на Регионалниот центар за конкуренција со седиште во Будимпешта, Унгарија.

Во 2011 година КЗК донесе 2 (две) решенија за утврдување на постоење забранет договор/договорна практика (и двете донесени во управна постапка), 5 (пет) решенија за злоупотреба на доминантна позиција (сите донесени во прекршочна постапка) и 14 (четиринаесет) решенија за оцена на концентрации на претпријатија (сите донесени во управна постапка).

КЗК при остварување на своите надлежности продолжи да остварува блиска соработка со останатите регулаторни тела, а особено Регулаторната комисија за енергетика, Советот за радиодифузија, Агенција за електронски комуникации, како и со Бирото за јавни набавки, а во согласност со потпишаните меморандуми за соработка.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

„Во првиот квартал на 2012 година ќе се донесат следните 9 уредби кои произлегуваат од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10 и 136/11) и тоа:

1. Уредба за поблиските услови за групно изземање на одредени видови на договори за трансфер на технологија, за лиценца или за know-how, со која ќе се транспонира ЕУ регулативата 32004R0772;
2. Уредба за поблиските услови за групно изземање на одредени видови договори за истражување и развој, со која ќе се транспонира ЕУ регулативата 32010R1217;
3. Уредба за поблиските услови за групно изземање на одредени видови на хоризонтални договори за специјализација, со која ќе се транспонира ЕУ регулативата 32010R1218;
4. Уредба за групно изземање на одредени видови договори за осигурување, со која ќе се транспонира ЕУ регулативата 32010R0267;
5. Уредба за групно изземање на одредени видови договори за дистрибуција и сервисирање на моторни возила, со која ќе се транспонира ЕУ регулативата 32010R0461;
6. Уредба за групно изземање на одредени видови вертикални договори, со која ќе се транспонира ЕУ регулативата 32010R0330;
7. Уредба за формата и содржината на известувањето за концентрација и потребната документација која се поднесува заедно со известувањето, со која ќе се транспонира ЕУ регулативата 32004R0802;
8. Уредба за поблиските услови за договори од мало значење (*de minimis*), со која ќе се транспонира ЕУ мерката *52001XC1222(03)* и
9. Уредба за поблиските услови и постапката под кои Комисијата за одлучување по прекршок одлучува за ослободување или намалување на глобата, со која ќе се транспонира ЕУ мерката 52006XC1208(04).

КЗК во 2012 година ќе ги донесе следните Насоки:

- Насоки за поедноставена постапка за оцена на концентрации, кои ќе бидат усогласени со Насоките на ЕК 52005XC0305(03);
- Насоки за вертикални ограничувања, кои ќе бидат усогласени со Насоките на ЕК 52001SC0411;
- Насоки за примена на член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата кај хоризонтални договори, кои ќе бидат усогласени со Насоките на ЕК 52011XC0114(04);
- Насоки за концептот на концентрација, кои ќе бидат усогласени со Насоките на ЕК 52008XC0416(08);
- Насоки за примена на член 7 став 3 од Законот за заштита на конкуренцијата, кои ќе бидат усогласени со Насоките на ЕК 52004XC0427(07).

Заради поефикасно спроведување на законодавството од страна на КЗК, предвидено е изменување на член 283 од Кривичниот законик, со што ќе се овозможи ефикасна операционализација на програмата за попустливост (leniency programme) која се воведе со новиот Закон за заштита од конкуренција („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10 и 136/11).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на зајакнување на административните капацитети на КЗК, предвидени се нови вработувања до крајот на 2012 година и TAIEX обука.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се реализира понатамошно усогласување на националното законодавство со ЕУ *acquis* согласно релевантните промени на истото.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Административните капацитети на КЗК континуирано ќе се јакнат со нови вработувања и TAIEX обуки за членовите на КЗК и вработените во стручната служба на КЗК.

Воедно ќе се реализираат активности за подигнување на свеста на владините институции и деловниот сектор преку издавање на брошури, организирање на конференции и јавни дебати за прашања од областа на антитруст и концентрации.

## 3.08.2 **ДРЖАВНА ПОМОШ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

Законодавството за државна помош го опфаќа Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија" бр.145.10), како и подзаконските акти донесени врз основа на Законот.

Усогласувањето на националното законодавство со ЕУ *acquis* продолжи и во 2011 година. Владата на Република Македонија во октомври 2011 година донесе 2 уредби кои произлегуваат од Законот за контрола на државната помош и тоа:

- Уредба за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (*de minimis*) („Службен весник на Република Македонија" бр.141/11), со која се транспонираше ЕУ регулативата 32006R1998 и
- Уредба за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија" бр.142/11), со која се транспонираа ЕУ регулативите 31999R0659 и 32004R0794.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од вкупниот број на вработени во стручната служба на Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КЗК), кој изнесува 19 државни службеници, на спроведување на Законот за контрола на државната помош работат 5 лица, од кои 3 (три) економисти и 2 (два) правници.

Во текот на 2011 година, КЗК продолжи со активностите поврзани со јакнењето на свеста за контролата на државната помош преку презентација на новиот Закон за контрола на државната помош на Работилницата за градење на конзистентен пристап во изработка на програми за конкурентност, организирана од Проектот на УСАИД за унапредување на инвестирањето и извозот.

Комисијата за заштита на конкуренцијата во текот на 2011 година во делот на државна помош донесе 11 решенија.

КЗК е вклучена и активно учествува во работната група за Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за технолошко-развојни индустриски зони.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

КЗК во 2012 година ќе донесе:

- Уредба за условите и постапката за доделување на регионална и хоризонтална државна помош, со која ќе се транспонира ЕУ Регулативата 32008R0800 и
- Насоки за методологијата за определување на нивото на компензација на претпријатија на кои им е доверено вршење на услуги од општ економски интерес, кои ќе се усогласат со ЕУ мерката 52005XC1129(01).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на зајакнување на административните капацитети на КЗК во областа на државната помош, планирани се нови вработувања во Секторот за контрола на државната помош. Во овој период ќе се реализираат повеќе обуки, студиски посети и семинари за вработените во КЗК за ефикасно спроведување на Законот за контрола на државна помош и подзаконските акти во рамки на Твининг Проектот „Помош за Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош“ –ИПА компонента 1 за 2009.

Воедно во рамки на твининг проектот ќе се реализираат обуки за судиите кои работат на предмети од државната помош, за давателите на државна помош, органите на локалната самоуправа, бизнис заедницата и новинарите.

Во овој период ќе се работи на воспоставување на ефикасна контрола на државната помош, преку изработка на оперативна база на податоци за државна помош, изработка на методологија за изготвување на годишни извештаи за државна помош и за развој на шеми за државна помош, како и изработка на методологии и процедури со цел олеснување на процесот на донесување на одлуки

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се реализира понатамошно усогласување на националното законодавство со ЕУ *acquis* согласно релевантните промени на истото.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Административните капацитети на КЗК континуирано ќе се зајакнуваат преку вработувања, обуки и семинари. Исто така ќе се реализираат обуки за судиите кои работат на предмети од државната помош, за давателите на државна помош, органите на локалната самоуправа, бизнис заедницата и новинарите преку активностите предвидени со Твининг проектот „Помош за Комисијата за заштита на конкуренцијата за контрола на државната помош“ – ИПА Компонента 1 за 2009 година.

Во овој период ќе се воспостави оперативна база на податоци за државна помош, ќе се финализира методологијата за изготвување на годишни извештаи за државна помош и за развој на шеми за државна

помош и ќе се финализираат методологиите и процедурите со цел олеснување на процесот на донесување на одлуки во областа на државна помош.

# 3.09.ФИНАНСИСКИ УСЛУГИ

## 3.09.1.БАНКИ И ФИНАСИСКИ КОНГЛОМЕРАТИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Банкарскиот систем на Република Македонија се состои од 17 банки и 8 штедилници. Банките имаат доминантна позиција со учество од над 98% во севкупните активности на банкарскиот систем.

Во 2011 година, активностите на банките продолжија да растат. На 30.09.2011 година вкупната актива, вкупните депозити и вкупните кредити остварија годишни стапки на раст од 11,6%, 11,7% и 8,3%, соодветно (септември 2010 година: 12,0%, 9,8% и 7,9%, соодветно).

Показателите за квалитетот на кредитното портфолио на банките забележаа извесно подобрување споредено со септември 2010 година. Учеството на нефункционалните кредити во вкупните кредити се намали на 9,8% од 10,6% на 30.09.2010 година. Нефункционалните кредити се покриени во целост со вкупната издвоена исправка на вредноста.

Ликвидноста на банкарскиот систем е стабилна и е на релативно високо ниво. Учеството на ликвидните во вкупните средства на банките изнесува 29,9%, и тие овозможуваат покриеност на депозитите на домаќинствата од 58,8%.

Банките континуирано одржуваат висока и стабилна солвентност. Стапката на адекватност на капиталот на крајот на септември 2011 година изнесува 16,7%. Стапката „Тиер 1“ изнесува 14%.

Повратот на активата и повратот на капиталот на 30.09.2011 година изнесуваа 0,1% и 1%, соодветно.

### ПРАВНА РАМКА

Во 2011 година во целост беа реализирани краткорочните приоритети дефинирани во НПАА, при што акцент беше ставен на мерките насочени кон продлабочување на финансискиот сектор, зголемување на можностите за пристап до капитал и зголемување на сигурноста и стабилноста на секторот.

Во март 2011 година се усвои Законот за изменување и дополнување на Законот за лизинг (Службен Весник на Р. Македонија, бр.35 од 22.03.2011 година). Со измените на Законот се зајакнува надзорната функција на Министерството за финансии и се воведува обврска за лиценцирање на членовите на органите на управување и за обезбедување на минимум потребен капитал за основање на лизинг друштво.

Во насока на целосно транспонирање на Директивата 2002/87/ЕС, Собранието на Република Македонија го усвои Законот за дополнителна супервизија на финансиски конгломерат. Со законот ќе се воспоставaт правила за вршење дополнителна супервизија на банки, друштва за осигурување и брокерски куќи кога тие претставуваат дел од финансиски конгломерат. Во подготовката на Законот, во април 2011 година беше реализирана Експертска работилница во организација на TAIEX.

Со цел континуирано следење на движењата во финансискиот систем во Република Македонија и глобалните случувања со посебен акцент на ризиците на глобалниот финансиски систем, а во насока на одржување на стабилноста на финансискиот систем во земјата, Комитетот за финансиска стабилност продолжи да остварува редовни средби.

Во третиот квартал од 2011 година беше подготвена нацрт- регулативата за потребниот капитал за покривање на кредитниот ризик според Базел 2. На почетокот на септември 2011 година, оваа нацрт-регулатива беше доставена до банките, кои ги доставија своите коментари и забелешки, врз чија основа

беше дефинирано дека оваа регулатива да се применуваа од 30.06.2012 година. Исто така, соодветно на овој датум на примена, ќе започне со примена регулативата за утврдување на потребниот капитал за покривање на оперативниот ризик.

Поаѓајќи од намалувањето на кредитниот рејтинг на неколку земји- членки на Европската унија, односно од фактот дека членството во Европската унија или во ОЕЦД, самото по себе не значи и низок кредитен ризик, Советот на Народната банка, во јуни 2011 година усвои измени на три подзаконски акти и тоа *Одлуката за лимитите на изложеноста, Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот и Одлуката за управување со кредитниот ризик* кои се објавени во (Службен весник на РМ бр. 91 од 06.07.2011). Со овие измени се воведе пообјективен критериум при утврдувањето на ризичноста на побарувањата на банките, а тоа е кредитниот рејтинг. Така, за разлика од претходната регулатива според која како помалку ризични се сметаа побарувањата на банките од владите и централните банки на земјите- членки на Европската унија, Швајцарија, САД, Канада, Јапонија, Австралија и Норвешка, со измените, понизок степен на ризичност добиваат побарувањата и инструментите за обезбедување од владите и централните банки на земји со кредитен рејтинг од најмалку БББ- (според „Стандард и Пурс") или Баа3 (според „Мудис"). На овој начин се врши усогласување и со меѓународните супервизорски стандарди (Базел 2) и Европската директива за основање и работење на кредитните институции ( Directive 2006/48/EC).

Во текот на јуни и јули 2011 година беше донесена подзаконската регулатива (4 одлуки и едно упатство) врз основа на новиот Закон за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити кој започна да се применува од 1ви Октомври 2011. Новината во однос на подзаконските акти кои произлегуваа од претходниот Закон, се зголемените обврски на банките за известување до Народната банка, а особено воведената обврска за поголема транспарентност на кредиторите при одобрувањето потрошувачки кредити

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии, односно Секторот за финансиски систем – Одделение за банкарски и небанкарски финансиски институции е надлежно за подготовка на прописите кои се однесуваат на банкарскиот сектор и за хармонизација на националното законодавство со законодавството на Европската унија. Оваа организациска единица брои тројца вработени и нивниот административен капацитет постојано се зајакнува со вршење на обуки во земјата и странство. До крај на оваа година се очекува зајакнување на оваа организациона единица со нови вработувања.

Во рамките на соработката во областа на банкарството меѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, а во организација на АТТФ - Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург, во јуни 2011 година, во Скопје се одржа три дневен семинар на тема - "Basel II" . Основна цел на семинарот беше запознавање со одредбите од Базел 2 (прв столб), упатување на потенцијалните проблеми во врска со имплементацијата на истиот како и краток преглед на Базел 3. На семинарот учествуваа претставници од банките во Република Македонија, Министерството за финансии и Народната банка.

Народната банка на Република Македонија е регулаторен и супервизорски орган за банките. Во рамки на активностите за развој на супервизијата, се вршат редовни обуки на вработените за примената на супервизорските процедури.

Во текот на 2011 година, административниот капацитет на вработените во Народната банка, односно Секторот за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност, континуирано се зајакнуваше, преку одржување на повеќе обуки за вработените, меѓу кои и:

- Управување со кредитниот ризик, техничка помош од централните банки на Германија и Холандија,
- Управување со ризик од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности, техничка помош од Централната банка на Холандија,
- TAIEX за стандардизираниот пристап за утврдување на потребниот капитал за покривање на кредитниот ризик

- TAIEX за изработка на регулатива за напредните пристапи според Базел 2
- Билатерална соработка со Централната банка на Словенија, во доменот на процедурите за работа на теренската и вонтеренската супервизија (ИПА проект)
- Обука на тема Подготвеност во услови на криза, во организација на АТТФ и Торонто центар.

НБРМ соработува со супервизорските органи на банките кои се доминантни сопственици на банки во Република Македонија врз основа на потпишани билатерални меморандуми за соработка и преку супервизорски колеџи (засега ваквиот начин на соработка функционира со централните банки на Словенија и Грција). Исто така НБРМ соработува и со други релевантни супервизорски органи од други земји врз основа на потпишани меморандуми за соработка (Албанија, Бугарија, Русија, Црна гора, Србија, Турција) како и со домашни супервизорски и други органи (Комисија за хартии од вредност, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Управата за спречување перење пари и финансирање на тероризам, Агенцијата за супервизија на осигурувањето).

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Задржување на стабилноста на финансискиот систем, неговиот натамошен развој и зголемувањето на интермедијацијата остануваат приоритети во сферата на финансискиот систем. Овие приоритети ќе се реализираат преку следните активности:

- Во текот на 2012 година ќе се изврши дополнување на Законот за банките во насока на понатамошно усогласување со банкарската Директива 2006/48/ЕС во делот на прекугранично давање на услуги.
- Во 2012 ќе се донесе Закон за штедилници со кој ќе се регулира статусот и работењето на постојните штедилници. Заради јакнење на посредничката улога на штедилниците, особено за малите субјекти, ќе се зголеми износот на потребниот почетен капитал и ќе се прошири видот на финансиски активности што може да ги вршат. Активноста е во согласност со стратегијата EUROPE 2020, Flagship Initiative: An industrial policy for the globalization era во делот кој се однесува на подобрување на пристапот на МСП до извори на финансирање.
- Континуирано ќе се следат регулаторните промени на меѓународно и на ниво на Европска Унија, особено во делот кој се однесува на мерките за подобрување на состојбите кај банките и формирање на т.н. bridge bank. Веднаш по донесувањето на соодветните директиви во рамките на Европската унија, Република Македонија ќе пристапи кон нивно соодветно транспонирање.
- До крајот на март 2012 година ќе биде донесена новата методологија за адекватноста на капиталот, која покрај одредбите за потребниот капитал за покривање на оперативниот ризик, ќе го регулира и начинот на утврдување на потребниот капитал за покривање на кредитниот ризик. Во истиот период ќе биде донесено и Упатството за спроведување на оваа регулатива. Примената на регулативата ќе започне на 30 јуни 2012 година.
- Во текот на 2012 година ќе се обезбедат кадровски и технички предуслови потребни за подготовка и примена на регулативата за напредните пристапи од Базел 2.
- Во 2012 година ќе започнат иницијалните активности за подготовка на регулативата за напредните пристапи за утврдување на потребниот капитал.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции при Министерството за финансии на краток рок ќе се зајакне со вработување на едно лице со високо образование.

Во наредниот период, за целите на подготовка на регулативата за напредните пристапи за утврдување на потребниот капитал според првиот столб од Базел 2, ќе се работи на зајакнување на кадровските и техничките капацитети на вработените во Секторот за супервизија, банкарска регулатива и финансиска стабилност во Народната банка.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**ПРАВНА РАМКА**

Се очекува во 2013 година да се подготви регулативата за напредните пристапи за утврдување на потребниот капитал.

Подготовките за примена на Базел 3, преку утврдување на потребните податоци за пресметка на индикаторите за ликвидност и солвентност, започнаа во втората половина на 2011 година и ќе продолжат и наредните години, согласно со динамиката определена од базелскиот комитет.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Административниот капацитет на Одделението за банкарски и небанкарски институции при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица.

## 3.9.2 **ОСИГУРУВАЊЕ И ПРОФЕСИОНАЛНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Осигурителниот пазар во Република Македонија го сочинуваат 15 друштва за осигурување, 16 осигурително брокерски друштва и 5 друштва за застапување во осигурување. Четири друштва за осигурување вршат работи на осигурување на живот, останатите 11 вршат работи на осигурување во групата на неживотно осигурување.

Во рамки на одобрената техничка помош од ЕБРД, Агенцијата го спроведува проектот насловен "Имплементација на софтвер за супервизорски цели". Целта на овој информатички систем е да го подржи процесот на супервизијата притоа овозможувајќи on line супервизија, поефикасно користење на човечките ресурси во Агенцијата и што е најважно навремени, точни податоци и поголема ефикасност. Исто така, информатичкиот систем ќе овозможи рано лоцирање на проблематични сегменти во работењето на друштвата за осигурување и постепено применување на пристапот на ризично базирана супервизија на осигурување.

Агенцијата за супервизија на осигурување спроведе седум теренски контроли од кои пет во друштва за осигурување, една во осигурително брокерски друштво и една во друштво за застапување во осигурување. Две супервизии беа организирани како заеднички во соработка со регулаторните органи од Словенија и Албанија.

Исто така, во текот на 2011 година, Агенцијата за супервизија на осигурување, преку континуирано спроведување обуки и испит за застапници во осигурување и осигурителни брокери, продолжи со сертифицирање на нови застапници и брокери во осигурувањето. Во текот на 2011 година низ процес на обука поминале вкупно 376 лица - застапници односно 130 лица - осигурителни брокери. Од нив, 352 лица успешно го положиле испитот и се стекнале со уверение за застапник во осигурување односно 122 лица успешно го положиле испитот и се стекнале со уверение за осигурителен брокер.

Во ноември започна обуката за актуари во организација на Агенцијата со што во иднина ќе се овозможи добивање на потребен специјализиран кадар за потребите на осигурителната индустрија.

Во текот на декември, 2011 година започна проектната активност подржана од Светска Банка (First Initiative). Основната цел на оваа проектна активност е поддршка на реформите во делот на осигурувањето од одговорност од употреба на моторни возила, како осигурителен производ кој доминира во портфолијата на домашните друштва за осигурување.

Пазарот на капитално финансирано пензиско осигурување го сочинуваат 2 друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови кои управуваат со по еден задолжителен и по еден доброволен пензиски фонд. Средствата на пензиските фондови се чуваат во деловни банки кои вршат функција чувар на имот.

Согласно член 26 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/08), возилата кои учествуваат во сообраќај на патиштата треба да бидат регистрирани, да имаат важечка сообраќајна

дозвола или важечка потврда за пробно возење и да бидат означени со пропишани регистарски таблици. Возилото може да биде регистрирано само ако биде потврдена неговата техничка исправност и да има задолжително осигурување.

Во текот на 2011, Министерството за внатрешни работи во континуиет презема активности за намалување на бројот на возила кои учествуваат во сообраќај на патиштата без да бидат регистрирани, при тоа на територија на Република Македонија во 2011 година спроведени се 41 Републички селективни акциски контроли и повеќе од 3000 Локални селективни акциски контроли во патниот сообраќај.

Како резултат на републичките и локалните селективни акциски контроли кои Министерството за внатрешни работи ги спроведува на територијата на Република Македонија во период од 01.01.2011 до 01.10.2011 година постигнати се следните резултати:

- Поведени се 8.880 прекршочни постапки против возачи кои управувале моторно возило кое не е регистрирано согласно законската регулатива,
- Поведени се 1.455 прекршочни постапки против возачи кои управувале моторно возило кое не е регистрирано согласно законската регулатива во период од 30 дена од истекот на важењето на сообраќајната дозвола.

**ПРАВНА РАМКА**

Основната правна рамка со која се регулира основањето, вршењето на работи на осигурување, работи на застапување и посредување во осигурување и супервизијата на осигурување во Република Македонија се Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на РМ“ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 79/07, 8/08, 88/08 и 56/09), Законот за задолжително осигурување во сообраќајот („Службен весник на РМ“ бр. 88/05, 70/06 и 81/08), Законот за облигациони односи („Службен весник на РМ“ бр. 18/01, 4/02 и 5/03) и Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ“ бр. 28/04*).*

Во април 2011 година се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување (Службен весник на РМ бр. 44/2011). Измените на Законот се во делот на одредбите за вложување на средствата од капиталот на друштвата за осигурување со што се укина одредбата за ограничување на вложувањето во недвижности до 10% во една недвижност, се воведоа одредби кои се однесуваат на поголема заштита на правата на осигурениците и корисниците на осигурувањето и се воведе ограничување за паричните средства на име акционерски капитал на друштвото за осигурување кои не смеат да потекнуваат од заем и не смеат да бидат предмет на какви било други оптеретувања.

На крајот на 2011 година се донесе Законот за вложување на Република Македонија во акционерскиот капитал на Европа Ре. Со донесувањето на овој закон Република Македонија ќе се приклучи кон регионалниот проект на Светска банка за создавање на специјализирана регионална компанија за реосигурување на ризиците од катастрофи во сопственост на земјите од Југоисточна Европа и Кавказ.

Во 2011 година Агенцијата за супервизија на осигурување продолжи со усвојувањето на подзаконската регулатива за осигурување со цел нејзино усогласување со директивите на Европската Унија и принципите и стандардите за спроведување супервизија на Меѓународната Асоцијација на Осигурителни Супервизори (IAIS). Во оваа насока заклучно со декември 2011 година, Агенцијата донесе 19 подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување, а кои регулираат прашања од областа на лиценцирање, финансиско известување, управување со ризик, одделни аспекти во делот на евиденцијата на отштетни побарувања од страна на друштвата за осигурување, постапување по претставки и приговори доставени од осигуреници и начин и потребна документација за добивање дозволи од Агенцијата за супервизија на осигурување, согласно Законот за супервизија на осигурување.

Буџетската независност на МАПАС беше постигната со измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување во 2010 година (Службен весник на РМ бр. 50/2010), согласно кои буџетот на МАПАС беше одвоен од буџетот на Република Македонија. Во таа насока, МАПАС отвори сопствена сметка во деловна банка која е активна од 10.01.2011 година, со што се потврдува финансиската независност.

Со измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување во 2011 година се воведоа нови финансиски инструменти во кои може да се инвестираат средствата на пензиските фондови и тоа: акции на акционерски друштва со посебни обврски за известување, документи за удел и акции на приватни инвестициски фондови и обврзници издадени од единиците на локална самоуправа и од домашни акционерски друштва кои не се банки.

Во 2011, Владата го усвои предлог Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување, кој го регулира повлекувањето и користењето на средствата од вториот и третиот столб, кој е во собраниска процедура.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во системот на осигурување надлежна институција за изготвување на законските акти е Министерството за финансии односно Секторот за финансиски систем, Одделението за системот на осигурување во кое моментално е вработено едно лице.

Согласно Законот за супервизија на осигурувањето, Агенцијата за супервизија на осигурување е основана како самостојно и независно регулаторно тело, со јавни овластувања. Агенцијата во рамките на своите надлежности и овластувања се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на осигурување со цел заштита на правата на осигурениците и корисниците на осигурување. Во моментов, Агенцијата има 20 вработени вклучувајќи ги и професионално ангажираните членови на Советот на експерти. Административниот капаците континуирано се зајакнува преку учество на обуки и тренинзи на вработените.

МАПАС го зајакна својот административен капацитет со вработување на 4 нови лица кои започнаа со работа од 01.12.2011 година.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2012 година планирано е донесување на нов Закон за осигурување во кој ќе се транспонира новата ЕУ Директива 2009/138/ЕС (Solvency II).

Во текот на 2012 година, АСО предвидува донесување на уште 7 подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за супервизија на осигурување.
Во делот на супервизијата Агенцијата за супервизија на осигурување ќе продолжи со континуирано спроведување на вонтеренска супервизија.

Во 2012 година ќе продолжат активностите за поддршка на реформите во делот на осигурувањето од одговорност од употреба на моторни возила, како осигурителен производ кој доминира во портфолијата на домашните друштва за осигурување.

Согласно препораките на Европската комисија, во 2012 година предвидено е да се донесе Закон за изменување и дополнување на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување со кој ќе се воспостави институционална независност на МАПАС, односно надлежностите на Владата на Република Македонија ќе се заменат со надлежности на Собранието на Република Македонија. МАПАС ќе започне со подготовка на подзаконски акти од Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување и ќе продолжи со донесување на подзаконски акти од Законот задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Во МАПАС, до јуни 2012 година, ќе продолжи да се спроведува ИПА проектот кој има за цел воведување на супервизија која се базира на контрола на ризик и градење на капацитетот на МАПАС, како и подобрен организациски менаџмент кој вклучува стратешко и деловно планирање, деловни процеси, управување со знаењето/истражувањето и развој на ИТ, со што во целина ќе се придонесе кон хармонизација на супервизијата со практиките на ЕУ. Во рамките на ИПА проектот е ангажиран консултант за оценка на

усогласеноста на прописите од капитално финансирано пензиско осигурување со прописите на Европската Унија. Новите прописи, ќе бидат креирани врз основа на најдобрата практика на ИОПС која е најзначајна организација за пензискиот сектор соодветно на Базеловите принципи за банките и Принципите за солвентност за осигурителните компании, со оглед на тоа што системот е базиран на дефинирани придонеси, а не на дефинирани надоместоци.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Административниот капацитет на Одделението за системот за осигурување во Министерството за финансии ќе се зајакне со вработување на едно лице.

Во согласност со предвидените приоритети за измена на регулативата, ќе се димензионираат и соодветните приоритети за институционално подобрување на работењето на супервизорските органи.

Со ИПА проектот се планирани обуки на вработените на МАПАС, посебно на вработените во Секторот за контрола заради воведување на супервизија базирана на ризик. Се планира обука за најновите трендови на пазарите на капитал и започнати се теоретски и практични обуки за супервизија базирана на ризик. Во мај 2012 е предвидено спроведување на теренска контрола на едно од пензиските друштва со присуство на ИПА консултант од оваа област. Исто така, се планира едукативна посета (study tour) кај супервизорски тела во Англија и Турција заради запознавање со нивните искуства со супервизијата базирана на ризик.

Покрај наведените активности, заради зајакнување на супервизорскиот капацитет на МАПАС, се планира присуство на работилниците организирани од ИОПС за пазарите на капитал и за супервизија базирана на ризик. Во овој контекст треба да се спомне и посетата на обуката за инвестициони советници од страна на тројца вработени во Секторот за контрола во МАПАС, кои ќе се стекнат со квалификација-инвестициони советници во текот на 2012 година. МАПАС има претставник кој ќе учествува на обуките на Тренинг центарот за зголемување на професионалноста и компетентноста на учесниците на пазарот на хартии од вредност во Македонија, во организација на Македонската Берза. Вработени во одделението за ИТ и во Правниот сектор ќе продолжат да ги посетуваат обуки од нивната област.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ
**ПРАВНА РАМКА**
На среден рок предвидено е да се продолжи со понатамошно усогласување и приближување кон европските директиви.

На среден рок Агенцијата за супервизија на осигурување ќе работи на воспоставување и соодветна имплементација на супервизорски правила, стандарди и принципи усогласени со правилата на Меѓународната асоцијација за осигурителни супервизори (ИАИС). Исто така, АСО ќе започне со активности за изготвување на план за можностите и потребите за премин кон супервизија базирана на ризик (risk based supervision) и имплементирање на одредбите од директивата на ЕУ која се однесува на Solvency II во домашната регулатива и пракса.

МАПАС започна со анализа на можноста и начинот на воспоставување на мултифондови во вториот и третиот столб на пензискиот систем, со цел во наредниот среднорочен период да се овозможи избор на инвестициски опции за членовите во зависност од нивните преференции за ризик и принос во рамките на пензиско штедење усогласено со животниот циклус на членовите. Со воведување на мулти фондови ќе се воспостави можност за намалување на лимитите во доброволно капитално финансирано пензиско осигурување во кое се опфатени професионалните пензиски шеми.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Административниот капацитет на Одделението за системот за осигурување при Министерството за финансии на среден рок ќе се зајакне со вработување на нови лица.

На среден рок Агенцијата за супервизија на осигурување планира да врши редовни обуки на вработените кои ќе бидат реализирани од сопствени средства но и добиена помош во форма на консултантски услуги.

МАПАС ќе продолжи да ги следи сите обуки предвидени за зајакнување на административниот капацитет и ќе испраќа вработени на поединечни обуки во насока на зајакнување на нивните експертски капацитети, посебно заради спроведување на супервизијата базирана на ризик.

## 3.9.3.**ИНФРАСТРУКТУРА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ**

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Од 2012 година се очекува користење на техничка помош обезбедена преку IPA 2010 Component 1 за имплементација на Директивата 2007/64/ЕС за системи на плаќања во внатрешниот пазар и дефинирање на одредбите од Директивата кои треба да се транспонираат во домашното законодавство.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Како среднорочен приоритет се определува  и изготвување на план и анализа за усогласување на домашното законодавство со Директивата 98/26/ЕС за конечност на порамнувања во платните системи и системите за порамнување со хартии од вредност.

## 3.09.4 **ПАЗАРИ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И ИНВЕСТИЦИКСИ УСЛУГИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

На пазарот на капитал во Република Македонија во 2011 година се регистрирани вкупно 19 овластени учесници кои вршат работи со хартии од вредност, од кои 13 брокерски куќи и 6 банки.

Заклучно со 30.09.2011 година на Македонската берза котираа вкупно 32 компании. Во овој период прометот остварен на Македонската берза изнесуваше околу 121,01 милион евра, вкупната пазарна капитализација  486,82 милиони евра, а МБИ-10 изнесуваше 2.164,01 индексни поени.

Заклучно со 30.09.2011 година, работеа вкупно 4 друштва за управување со инвестициски фондови, кои управуваа со 8 отворени инвестициски фондови. Вкупната вредност на средствата на отворени инвестициски фондови во овој период изнесуваше околу 4,14 милиони евра.

Во периодот јануари- септември 2011 година, Комисијата за хартии од вредност издаде 9 одобренија за издавање на хартии од вредност, со вкупна вредност од 42,6 милиони евра.

**ПРАВНА РАМКА**

На 1 јануари 2011 година беше воспоставен Гарантен фонд во рамки на Централниот депозитар за хартии од вредност како обезбедување на учесниците на пазарот на капитал од неможност за порамнување на берзански трансакции.

Во насока на зајакнување на регулаторната рамка, Комисијата за хартии од вредност ги донесе следниве правилници:

1. Правилник за хартиите од вредност и другите финансиски инструменти во кои може да се вложуваат средствата на клиентот при вршење на услугата управување со портфолио по налог и за сметка на индивидуален клиент; (Службен весник на РМ бр.84/2011)
2. Правилник за потребната дополнителна документација за добивање согласност за стекнување на квалификувано учество во брокерска куќа, берза на хартии од вредност или депозитар за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр.74/2011), со што во целост се имплементираше Директивата 2007/44/ЕС во врска со правилата и критериумите за стекнување и зголемување на учеството во финансискиот сектор и
3. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за утврдување на категориите на сопствени средства и начинот на пресметување на износот и структурата на влоговите при основање и средствата од активата на овластено правно лице со кои треба да располага и во континуитет (Службен весник на РМ бр.35/2011).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за финансии на Република Македонија, односно Одделението за пазар на капитал во состав на Секторот за финансиски систем е надлежно за подготовката на законската регулатива која се однесува на пазарот на капитал и за хармонизација на македонското законодавство со законодавството на Европската Унија. Во Одделението за пазар на капител во моментов се вработени две лица во редовен работен однос.

Во мај 2011 година, Министерството за финансии, со поддршка на TAIEX, организираше експертска работилница за имплементација на Директивата 2004/39/ЕС за пазарите на финансиски инструменти (MiFID).

Исто така во јуни 2011 година, Министерството за финансии, со поддршка на TAIEX, реализираше посета на Министерството за финансии на Република Чешка со цел добивање на искуство за транспонирање и имплементацијата на Директивата 2011/61/ЕЗ за менаџери на алтернативни инвестициски фондови.

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, во рамките на своите законски надлежности и овластувања, се грижи за законито и ефикасно функционирање на пазарот на хартии од вредност и за заштитата на правата на инвеститорите, а особено на малите инвеститори и акционери, што претставува основен услов за подобрување на инвестициската клима во земјата. Во Комисијата за хартии од вредност вкупно се вработени 22 лица во редовен работен однос.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во насока на зајакнување на заштитата на интересите на инвеститорите во приватните инвестициски фондови и одржување на стабилноста на пазарот на капитал во Република Македонија, во март 2012 година ќе бидат усвоени измените на Законот за инвестициски фондови во делот кој го уредува работењето на приватните фондови, што пак ќе претставува усогласување со Директивата 2011/61/ЕЗ.

Со цел прецизно дефинирање на финансиските инструменти во кои вложуваат инвестициските фондови, во текот на 2012 година ќе биде имплементирана Директивата 2007/16/ЕЗ.

Планирано е донесување на нов Закон за пазар на капитал кој ќе биде целосно усогласен со соодветното законодавството на ЕУ. Земајќи ја предвид комплексноста, одобрено е користење на консултантска помош во рамките на ИПА 2010 во траење од 18 месеци, проект кој се очекува да започне со реализација до крајот на 2012 година.

Комисијата за хартии од вредност до крајот на 2012 година ќе подготви Стратегија за развој на пазарот на капитал со која ќе се предвиди преземање активности (работилници, тркалезни маси, посета на компании) за поттикнување за издавање на нови финансиски инструменти за тргување на секундарниот пазар (корпоративни обврзници, деривативи, потврди за странски хартии од вредност) со цел овозможување на трговските друштва да се појавуваат на берзата и да ја користат истата како дополнителен извор за финансирање преку емисија на акции.

Комисијата за хартии од вредност, ќе ја продолжи соработката со другите регулатори од регионот за поддржување на активностите за интеграција на пазарите на хартии од вредност во регионот преку воспоставување на заедничка платформа за тргување, порамнување - прифаќање на заеднички правила за транспарентност и заеднички правила за котација.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Заради зајакнување на капацитетите и човечките ресурси, во текот на 2012 година Комисијата за хартии од вредност предвидува две нови вработувања.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во согласност со препораките на ЕК од Извештајот за напредокот на Република Македонија за 2011 година, посебен акцент во поглед на структурните реформи во делот на пазарот на капитал во текот на

2014 година ќе се стави на понатамошно усогласување со пакетот UCITS 4 преку изменување на Законот за инвестициски фондови при што предвидено е воведување на фондови - потхранувачи (feeder funds) и фондови - господари (master funds), процедури за прекугранични и домашни спојувања на инвестициските фондови и обезбедување поголема информираност на инвеститорите преку воведување на документ како додаток на основниот проспект на фондот.

Со Стратегијата за развој на пазарот на капитал која ќе биде донесена од страна на Комсијата за хартии од вредност во 2012 година, ќе бидат дадени насоки во кој правец ќе се движи развојот на пазарот на капитал на среден рок (2013-2014), од што ќе произлезе и превземање на соодветни активности за овој период.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заради зајакнување на капацитетите на Министерството за финансии, предвидено е понатамошно вработување на нови лица согласно неговите интерни акти.

# 3.10 **ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И МЕДИУМИ**

## 3.10.1 **ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

*Основен закон:*

Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија " бр .13/05, 14/2007, 55/2007, 98/2008 и 83/2010). Во законот целосно е имплементиран пакетот на директиви од 2002 год на ЕУ од областа на електронските комуникации.

*Стратешки документи:*

- Национална стратегија за развој во областа на електронските комуникации со информатички технологии .
- Национална стратегија за развој на следна генерација на широкопојасен интернет.

Во Република Македонија донесена е примарната и секундарната легислатива согласно acquis која го обезбедува воспоставувањето на Единствениот европски број за итни повици Е-112.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на електронските комуникации во Република Македонија се Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за електронски комуникации.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**А) МЕРКИ ОД ЛЕГИСЛАТИВЕН КАРАКТЕР**

ПРИМАРНА ЛЕГИСЛАТИВА (надлежност на Министерството за транспорт и врски)

Од страна на Министерството за транспорт и врски се планира до декември 2012 година да се изработат и достават до Владата на Република Македонија Измени и дополнувања на Законот за електронски комуникации во насока на имплементирање на најновиот пакет Директиви од 2009 година кои се однесуваат на регулаторна рамка за пристап и интерконекција на електронски комуникациски мрежи, на универзална услуга, процесирање на податоци и заштита на приватноста.

СЕКУНДАРНА ЛЕГИСЛАТИВА (надлежност на Агенцијата за електронски комуникации)

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации во 2012 година се предвидуваат следните активности поврзани со донесување на акти кои произлегуваат од примарната легислатива:

- Ревизија на Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуги
- Ревизија на Правилникот за обезбедување на терминирани и/или преносни сегменти на изнајмени линии
- Измена на правилник за минимален пакет на изнајмени линии
- Измена на правилникот за регулација на малопродажни цени
- Измена на Планот за нумерација на јавните комуникациски мрежи и услуги
- Ревизија на Правилникот за видот и содржината на податоците кои операторите на јавни комуникациски мрежи и/или давателите на јавни комуникациски услуги се должни да ги објават во врска со општите услови за пристап и користење, цените и тарифите и параметрите за квалитет на јавните комуникациски услуги;

Од страна на Агенцијата за електронски комуникации за имплементација на секундарната легислатива во 2011 година се предвидуваат следните активности:

- Контрола на содржината на договорите што ги склучуваат операторите со своите претплатници а особено од аспект на нивото на испорачана услуга (SLA) (Согласно Директивата за Универзална услуга, Директивата за интерконекција и пристап и Рамковна Директива);
- Ажурирање на листата на нотифицирани субјекти што се води во Агенцијата на сите нови нотифицирани оператори и даватели на јавни електронски комуникациски услуги и бришење на операторите кои не започнале со работа на датумот наведен во нотификацијата, а не ја известиле Агенцијата за настанатата промена;
- Обработка на барања и издавање на решенија за доделување и повлекување на броеви и серии на броеви од Планот за нумерација за јавните електронски комуникациски мрежи и услуги во Република Македонија;
- Следење на имплементацијата на преносливост на броевите што треба да ја обезбедат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги;
- Анализа на параметрите за квалитет на јавните електронски комуникациски услуги и транспарентноста на податоците
- Имплементација на методологија за регулирање на малопродажни вени со примена на тестови за Price Squeeze
- Имплементација на методологија за битстрим услуги
- Надоградба на BU LRIC модел за фиксна мрежа со развој на методологија за изнајмени линии и канали
- Анализа на релевантни пазари 7 и 8 (Одлука за релевантни пазари-2010 год)
- Спроведување на постапка за јавен повик за доставување на барања за издавање одобрение за користење на радиофреквенции и спроведување на тендери

- Активности поврзани со премин од аналогно во дигитално терестријално телевизиско емитување
- Тендер за доделување на преостанатите 3 мултиплекси
- Надградба на Системот за управување со радиофреквенцискиот спектар (СМС)
- Мониторинг  со мобилни и фиксни мониторинг станица
- Инспекциски надзор на технички параметри
- Набавка на софистицирана мерна опрема (треба да се реализира во тек на 2012 и 2013 година)
- Следење на операторите определени за давател/ли на универзална услуга
- Ажурирање на Bottom-Up LRIC модели
- Одобрување на стандардните претплатнички договори;

**Б) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерство за транспорт и врски:

- Стручна обука на постоечкиот кадар, користење на техничка помош на инструментот TAIEX на ЕУ.
- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации.
- Активна соработка со невладиниот, приватниот и академскиот сектор
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни регулаторни тела и државни институции како и институции на локалната самоуправа

Агенција за електронски комуникации:

- Стручна обука на постоечкиот кадар.
- Користење на техничка помош на надворешни консултанти
- Изградба/купување на работни простории за потребите на вработените на АЕК
- Набавка на специјализиран софтвер (интегриран информационен систем), опрема и стручна литература
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни регулаторни тела и државни институции како и институции на локалната самоуправа
- Активно партиципирање во меѓународните организации и тела од областа на електронските комуникации.
- Зајакнување на капацитетите на АЕК за идно користење на средства од ИПА фондови.
- Активно учество при изработката и имплементацијата на примарната легислатива и стратегиите од областа на информатичкото општество и медиуми.
- Постојано пратење на усогласеноста на националната легислатива со аљуис на ЕУ
- Водење на регистар на електронски комуникациски мрежи и придружни средства (надземни и подземни).

### 3.10.2 **УСЛУГИ НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**А ) ПРАВНА РАМКА**

*Стратешки документи:*

- Национална Стратегија за развој на информатичко општество и Акционен План
- Национална Стратегија за Е-Влада.
- Национална  Стратегија за развој во областа на електронските комуникации со информатички технологии.
- Национална Стратегија за развој на следна генерација на широкопојасен интернет

- Национална Стратегија за Е-Инклузија.

*<u>Основни закони за развој на услуги на информатичко општество:</u>*

- Закон за електронско управување („Службен весник на Република Македонија“ бр.115/09)
- Закон за основање на македонска академска истражувачка мрежа –МАРнет („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/10)
- Закон за електронски комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.13/05, 14/2007 и 55/2007)
- Закон за електронска трговија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 133/07 )
- Закон за правна заштита на услугите кои се засноваат на, или опфаќаат, условен пристап („Службен весник на Република Македонија“ бр. 127/2008)
- Закон за податоци во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/2001 и бр. 06/2002)
- Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/94, 4/02 и 07/05)
- Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" бр.47/96, 3/98, 98/02, 4/05, 23/05,131/07)
- Во Кривичниот закон на Република Македонија се предвидени одредби со кој се регулира компјутерскиот криминал.

**Б ) ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

- **Министерството за информатичко општество и администрација** е основна надлежна институција за развој на услугите на информатичко општество.

- **Националниот совет за развој на информатичко општество** е тело за координација и обезбедување учество на сите чинители во развојот на информатичкото општество преку поддршка на работата на министерот за информатичко општество.

**<u>КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ</u>**

**А) ПРОЕКТИ ЗА РАЗВОЈ НА ИНФОРМАТИЧКОТО ОПШТЕСТВО**

- Донесување на мерки и стандарди на информациска безбедност, со кои ќе се утврдат минималните критериуми за заштита на класифицирани и некласифицирани податоци во информациските системи во Република Македонија.;
- Водич за имплементација на стандардот WCAG 2.0 Водич за имплементација на стандардот WCAG 2.0

**Б) МЕРКИ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАРАКТЕР**

<u>Министерство за информатичко општество и администрација</u>

- Обука на ИКТ кадрите во државната администрација;
- Зајакнување на соработката со домашни и надворешни институции;
- Континуирана набавка на специјализиран софтвер, опрема и стручна литература;

- Вработување на нови кадри во Министерството за информатичко општество и администрација;
- Користење на техничка помош  на инструментот TAIEX на ЕУ;
- Зајакнување на капацитетите за идното користење на средства од ИПА фондови;

3.10.3 **АУДИОВИЗУЕЛНА ПОЛИТИКА**
ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**А** ) **ПРАВНА РАМКА**

- Закон за радиодифузната дејност  (Службен Весник на РМ бр. 100/2005) и измени и дополнувања на истиот закон (Службен Весник на РМ бр. 19/2007; 103/2008; 6/2010; 145/2010 и 97/2011);
- Закон за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија (Службен Весник на РМ бр. 6/98) и измени и дополнувања на истиот закон (Службен Весник на РМ бр. 98/2000 и 48/2009).

**Б**) **ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Институции кои имаат директна надлежност врз развојот на радиодифузијата се Министерството за транспорт и врски и Советот за радиодифузија.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**А**) **МЕРКИ ОД ЛЕГИСЛАТИВЕН КАРАКТЕР**

ПРИМАРНА  ЛЕГИСЛАТИВА (надлежност на Министерството за транспорт и врски)

Од страна на Министерството за транспорт и врски се планира до мај 2012 година  да се изработи и достави до Владата на Република Македонија нов закон за регулирање на медиумските услуги кој целосно ќе биде усогласен со Директивата за Аудиовизуелни медиумски услуги.

СЕКУНДАРНА ЛЕГИСЛАТИВА (Совет за радиодифузија)

Планираните активностите на СРД во 2012 година се дизајнирани според забелешките и препораките пред се од Извештајот за напредокот на земјата за 2011 година, како и препораките дадени од други релевантни меѓународни институции, како што се ОБСЕ (ОДИХР и ФоМ), Советот на Европа, Европската платформа на регулаторни тела и Медитаранската мрежа на регулатори тела и др. Планираните активности вклучуваат спроведување активности и известување за регулаторниот импакт на пазарот на радиодифузната дејност, при што е предвидена изработка и објавување на кваратлни, полугодишни или годишни извештаи:

- Изработка на  еднодневна анализа за надзорот врз спроведувањето на обврските на националните комерцијални радиодифузери утврдени со законот, со дозволата и со подзаконските акти и преземени мерки;
- Изработка на  еднодневна анализа за надзорот врз спроведувањето на обврските на јавниот радиодифузен сервис  утврдени со законот и со подзаконските акти и преземени мерки;
- Изработка на анализа на политичкиот плурализам во вестите на јавниот радиодифузен сервис;

- Изработка на еднодневни анализи за надзорот врз спроведувањето на обврските на регионалните ТВ станици, утврдени со законот, со дозволата и со подзаконските акти и прземени мерки;
- Изработка на ad hoc еднодневни анализи за надзорот врз спроведувањето на обврските на дел од локалните радио станици, утврдени со законот, со дозволата и со подзаконските акти и прземени мерки;
- Континуирано следење на исполнувањето на законските обврски на радиодифузерите за зачувување на културниот идентитет - изработена годишна анализа со преземени мерки и активности;
- Организирање јавни дебати во рамките на подготовките и усвојувањето нов закон, хармонизиран со Директивата за аудиовизулени медиумски сервиси на Европската унија;
- Организирање јавни дебати во рамките на подготовките и усвојувањето подзаконски акти за дорегулирање одделни прашања од новиот закон со вклучена АВМСД;
- Изработка на полугодишна анализа за следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите за финансирање;
- Истражување на ставовите и потребите на публиката за радио и телевизиските програмски аспекти од аспект на целите на регулаторната политика, утврдени со ЗРД и Стратегијата за развој на радиодифузната дејност;
- Спроведување анализа на пазарот на радиодифузната дејност со цел да се утврди економското и финансиското работење на радиодифузерите во 2012 година и да се детектираат трендовите во развојот на радиодифузната и огласувачката индустрија;
- Изработка на полугодишна анализа за следењето на обврската на радиодифузерите за плаќање на надоместокот за дозволата за вршење радиодифузна дејност;
- Надзор врз работата на радиодифузерите од аспект на исполнување на техничките барања утврдени со подзаконските акти и со дозволата за вршење радиодифузна дејност( Изработка на една анализа до крај на јуни 2012);
- Активности со Агенцијата за електронски комуникации како и соработка со комерцијалните радиодифузери за процесот на регионализација на радиодифузијата ;
- Учество на годишните состаноци на Европската платформа на регулаторни тела (ЕПРА) и Медитеранската мрежа на регулаторни тела (МНРА);
- Имплементација на проектот , финансиран од ИПА ТАИБ 2009 за зајакнување на капацитетите на СРД;
- Имплементација на проектот, финансиран од од ИПА Transnational, SEE Digi-TV за аналогно-дигитална конверзија;
- Имплементација на проектот, финансиран од ИПА ТАИБ 2011, за слобода на медиумите-поддршка на реформите во медиумите;
- Активности околу изработка на законска регулатива во која ќе се имплементираат одредбите на Директива за аудиовизулени медиумски сервиси на Европската унија;
- Активности околу донесување подзаконски акти за имплементација на Директивата за аудиовизулени медиумски сервиси на Европската унија;
- Доделување дозволи за нови програмски сервиси наменети за емитување преку јавна комуникациска мрежа: дигитални терестријални телевизиски услуги (ДВБ-Т), кабелска мрежа и Интернет;
- Доделување дозволи за програмски сервиси на регионално ниво во рамките на процесот на дигитализација на терестријалната телевизија (Issuing licenses for program services on regional level within the process of digitalization of terrestrial television );

- Доделување дозволи за програмски сервиси на регионално ниво (радио) за аналогно емитување;
- Доделување дозволи за програмски сервиси на локално ниво (радио) за аналогно емитување;
- Доделување дозволи за вршење радиодифузна дејност за непрофитни установи;
- Полугодишна анализа на спроведените мерки и најчести прекршувања на законот и актите од страна на радиодифузерите;
- Полугодишна анализа на судските постапки заради утврдување на ефективноста на изречените казнени мерки;
- Квартални анализи на надзорот врз обврските на операторите на јавни комуникациски мрежи во однос на почитувањето на авторските и сродните права : регистрирани пакети, издадени налози за исклучување на нерегистрирани програмски сервиси, најчести прекршувања, поднесени барања за поведување на прекршочни постапки и кривични пријави и изречени санкции спрема операторите на јавни комуникациски мрежи;
- Полугодишни анализи на надзорот врз обврските на радиодифузерите во однос на почитувањето на авторските и сродните права: договори за регулирање на авторски и сродни права за емитуваните програми, заштита на екслузивни права на радиодифузерите, најчести прекршувања, изречени мерки, поднесени барања за поведување на прекршочни постапки и кривични пријави и изречени санкции спрема радиодифузерите;
- Одржување и дополнување на регистарот на овластени застапници за склучување на договори за реемитување на програмски сервиси во јавни комуникациски мрежи и застапници на филмски, спортски и други права од интерес за радиодифузерите во Република Македонија;
- Одржување на базата на податоци за регистрирани програмски сервиси што се реемитувааат преку јавните комуникациски мрежи и редовно презентирање на податоци за регистрираните програмски пакети и екслузивните права на радиодифузерите на веб страницата на Советот за радиодифузија;
- Годишен извештај од учеството во активностите на Коодинативното тело за заштита на интелектуалната сопственост со преземени мерки;
- Квартални извештаи од состаноците со операторите на јавни комуникациски мрежи и радиодифузерите за теми сврзани со спречувањето на пиратеријата и заштитата на авторските и сродните права;
- Предлагање мерки за подобрување на законската регулатива за заштита на авторските и сродните права;
- Спроведување и поддршка на континуирана едукација на вработените во Советот за радиодифузија;

# 3.11 ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

## 3.11.1 ХОРИЗОНТАЛНИ ПРАШАЊА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Управувањето и контролата на буџетските фондови наменети за поддршка на развојот на земјоделството, како и воспоставувањето на регистрите потребни за контрола, следење и оценка на активностите се регулирани со следниве правни акти:

- Закон за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00; 44/02; и 82/08)
- Закон за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/05; 04/08; 103/08; 156/09; и 95/10)
- Закон за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/05; и 103/08);Закон за државна ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10; и 145/10) и Закон за ревизија на Инструментот за Претпристапна Помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/10) Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01; 6/02; 98/08)
- Закон за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 07/05)
- Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/07 и 05/09),
- Закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 110/07 и 53/11)
- Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10 и 53/11)
- Закон за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/09, 53/2011)

Врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10 и 53/11) донесени се подзаконски акти кои го регулираат откупот на земјоделски производи и подзаконски акти кои се однесуваат на регистрите на откупувачи на земјоделски производи и увозници на пченица и брашно. Исто така донесени се подзаконски акти со кои се регулира работата на Подсекторски постојани групи и Оперативни програми за нивна техничка поддршка, како и за начинот за упис и бришење од евиденцијата на социјални и економски партнери. Донесени се и подзаконски акти со кои се регулирани критериумите за доделување на државна помош во земјоделството и руралниот развој, како и начинот на водење на евиденцијата за државна помош во земјоделството и руралниот развој. Донесени се подзаконски акти со кои се утврдува начинот на упис во Регистер на Организации на производители и Регистарот на групи на производители, како и за начинот на изготвување на планот за нивно признавање. Од аспект на реализација на исплата на мерките за финансиска поддршка на земјоделството, како и вршењето контрола на самото место во 2011 година се донесени Внатрешни процедури меѓу Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Државниот инспекторат за земјоделство во однос на содржината и податоците кои ги содржи записникот од контрола на самото место и на записникот од контрола на самото место за вкрстена сообразност во однос на директните исплати во земјоделството.

- Од аспект на воспоставување на информативните системи во земјоделството донесени се Правилник за форма, содржина, начин на водење и потребна документација на ЕРЗС („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/11) и Правилник за репрезентативни пазари, вид, обем, рокови и субјекти кои ги доставуваат податоците од пазарите за земјоделско-прехранбени производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/11).

Во врска со ФАДН, реализирани се сите подготвителни активности (формиран е Национален комитет за мрежата на сметководствени податоци од земјоделски стопанства, усвоен е Деловникот за работа на Националниот Комитет, утврдена е методологијата и процедурите за прибирање на структурни податоци од земјоделски стопанства, пресметка на Стандард Аутпут (SO) коефициенти специфични за Република Македонија, подготвени се прашалниците за селекција на земјоделски стопанства и прашалниците за прибирање на податоци од семејни земјоделски стопанства и прибирање на податоци од правните лица), што овозможи почеток на прибирање на податоци од земјоделски стопанства согласно националното законодавство и законодавството на ЕУ за ФАДН. Донесен е Законот за измени и дополнувања на Закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/11)

Покрај законските акти, согласно Стратегија за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2007-2013 година, дефинирани се идните мерки за развој на политиката на финансирање во

земјоделството, како и воспоставувањето на неопходните системи и институции потребни за нивна реализација.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) е надлежно за програмирањето на директните исплати и останатите мерки наменети за развој на земјоделскиот сектор во Република Македонија, како и за воспоставување на сите системи и регистри неопходни за реализација на мерките за поддршка. Во овој контекст, согласно новата Систематизација на МЗШВ (донесена во февруари 2011 година) следниве сектори имаат надлежност во оваа област:

- Сектор за земјоделство со сите свои одделенија,
- Сектор за анализа на земјоделска политика со сите свои одделенија,
- Сектор за лозарство, винарство и овоштарство,
- Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи,
- Секторот за управување и регистрирање на земјоделско земјиште (СРУЗЗ)
- Сектор за координација на Подрачни Единици, и
- Државниот инспекторат за земјоделство со надлежност во инспекцискиот надзор над спроведување на програмите и мерките.

Почнувајќи од 2008 година, со донесувањето на Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2007) и Закон за изменување и дополнување на законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/2009), Агенцијата, формирана како независно тело, е надлежна за имплементација на финансиската поддршка, следење и контрола на средствата наменети за земјоделството, како и за администрација и контрола на исплатите во земјоделството. Имајќи ја во предвид подготовката за акредитација за нови мерки од Инструментот за претпристапна помош за компонента V ИПАРД, во 2011 година беа усвоени измена и дополнување на актите за систематизација и организација на Агенцијата, преку сеопфатна анализа на постоечкиот систем на внатрешна организација и систематизација.

Од аспект на воспоставување на системите неопходни за реализација на исплата на мерките во рамките на националните програми за поддршка на земјоделството и руралниот развој и ИПАРД програмата, во рамките на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во текот на 2011 година се реализираат поголем број на активности.

Имено, во 2011 година реализирана е набавката на софтверско и хардверско решение за потребите на Секторот за финансии и сметководство и Националниот фонд (Министерство за финансии).

Во 2011 година реализирани се тендерирањето, проценката, набавката и започнувањето на процесот на имплементација на софтверското решение за примена на ИАКС во Агенцијата.

За потребите на „Центарот за повици“ на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, набавено е софтверско и хардверско решение, и истиот е во функција од средината на 2011 година.

Со донесувањето на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства (Службен весник на Република Македонија бр. 110/07) и систематизација на МЗШВ во 2007 година, формиран беше Секторот за анализа на земјоделска политика (САЗП), во чија надлежност е воспоставувањето и одржувањето на мрежата. Во април 2011 година во согласност со ЕУ регулативите беше донесен Законот за измени и дополнувања на Закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/11). Со законот се дефинираат податоците кои се собираат, земјоделските стопанства кои партиципираат и институциите вклучени во системот, како и начинот на прибирање, обработка и користење на сметководствени податоци. Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства во рамките на САЗП ја има улогата на Канцеларија за врски (Liaison Agency). Покрај Одделението за сметководствени податоци од земјоделски стопанства, носители на системот се и формираниот Националниот Комитет за сметководствени податоци од земјоделски стопанства, Државниот завод за статистика, во однос на планот за селекција на земјоделските стопанства и избор на репрезентативен примерок од кои се прибираат податоците и Агенцијата за поттикнување на развојот на

земјоделството, во својство на тело за прибирањето на сметководствени податоци на ниво на земјоделски стопанства и земјоделските стопанства кои се вклучени во системот.
Од аспект на регистрите и системите за евиденција во земјоделството, со цел започнување со воспоставување на Системот за идентификација на земјишни парцели (ЛПИС), реализирано е авионско снимање на целата територија на Република Македонија и произведени се ортофото снимки, ДЕМ (дигитален теренски модел) дигитализирани податоци и блок фото-интерпретација, вклучително и контрола на квалитетот на истите, неопходни за воспоставување на системот. Во рамките на ЕРЗС внесени се податоците за земјоделски стопанства во електронска форма и започнати се активности за поврзување со останатите бази на податоци.

Во однос на Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС) во 2011 година, донесен е Правилник за системот прилагоден на Законот за земјоделство и рурален развој. Продолжија активностите за надградба на системот во насока на проширување на опфатот со групи производи и подигање на функционалноста и ефикасноста на постоечкиот систем со вклучување на повеќе директни доставувачи на податоци во изготвениот Софтвер за ЗПИС од репортерите (правни лица) и од Подрачните единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, продолжува тековното одржување на системот со редовно внесување на податоци и објавување на извештаи во 2011 година. Исто така, донесени се подзаконски акти со кои се регулираат репрезентативните пазари и податоците кои од истите се добиваат во насока на нивно усогласување со одредбите од Законот за квалитетот на земјоделските производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/10).

Во однос на Интегрираниот Систем за Администрација и Контрола (ИСАК), во 2011 година се донесени подзаконски акти со кои ќе се доуреди начинот на водење на Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) и системот за идентификација на земјишни парцели (ЛПИС), како и начинот на функционирање на ИСАК, односно подзаконски акти за начинот на поврзување на други регистри и евиденции во, и надвор од МЗШВ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 година врз основа на Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10 и 53/11) ќе биде донесена Национална стратегија за оперативни програми за работа на Групи на производители и Организации на производители. Исто така ќе се донесе подзаконски акт со кој ќе се уреди доделувањето на финансиска поддршка за складирање, потребната документација, корисниците, висината на поддршката, условите за складирање и видот и квалитетот на земјоделските производи. Покрај ова, во овој временски период ќе се усвои и реализира Програмата за финансиска поддршка во земјоделството во 2012 година. Предвидено е и донесување на Три годишна програма за поддршка на земјоделството и руралниот развој.

Со цел да се овозможи усогласување со Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10 и 53/11) во текот на 2011 година е планирано изменување и дополнување на Законот за основање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Покрај тоа, предложените измени и дополнувања на Законот ќе бидат во насока на обезбедување на соодветна законска рамка за добивање на акредитација за нови мерки од Инструментот за претпристапна помош за компонента V ИПАРД, како и искористување на практичното искуство кое го стекна Агенцијата при доделување на финансиска поддршка како од Буџетот на Република Македонија, така и од Буџетот на Европската Унија.

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во текот на 2011 година интензивно работеше на акредитација на мерката 501 техничка поддршка. По трите технички состаноци одржани во Генералниот Директорат за Земјоделство и Рурален Развој на Европската Комисија се изготвија нацрт-процедури за имплементација на оваа мерка. Исто така, АФПЗРР изготви промени во актите за систематизација и организација, испрати пакет на процедури за имплементација на оваа мерка

до НАО и се очекуваше compliance assessment на системот од страна на независна ревизорска куќа. Меѓутоа, поради неуспешноста на тендерите за избор на ревизорска куќа оваа активност се очекува да се финализира во текот на 2012-та година.

Во април 2011 година беше донесен Законот за измени и дополнувања на Закон за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделските стопанства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/11) согласно барањата и стандардите на ЕУ (32008R0868, 32008R1242, 32009R1291, 32009R0867 и 32009R1217). Со измените и дополнувањата на Законот за воспоставување мрежа за прибирање на сметководствени податоци од земјоделски стопанства е заокружена законската рамка за македонскиот ФАДН и во текот на Јануари 2012 година ќе биде донесен Правилникот за методологијата за пресметка на Стандард Аутпутот како и начинот за прибирање на податоците и информациите од мрежата, методологијата за утврдување на типологијата на земјоделските стопанства, класификација на земјоделски стопанства по тип на земјоделско производство и класите на економска големина на земјоделските стопанства, максималниот број и минималната економска големина на сметководствените стопанства и формата и содржината на единствениот образец за определување на доходот и анализа на деловното работење на земјоделските стопанства а ќе бидат утврдени и типови и класи на големина на земјоделски стопанства.
Даден е предлог за изменување и дополнување за Законот за земјоделство и рурален развој со цел да се воспостави законска рамка за издавање на потврди за евидентираните Земјоделски стопанства во ЕРЗС. Воедно до декември 2012 година ќе се извршат измени и дополнувања на Правилникот за форма, содржина потребна документација и начин на водење на ЕРЗС. Со стапување на сила на Правилникот за форма, содржина,потребна документација и начин на водење на ЕРЗС ќе биде исполнета законската рамка за ЕРЗС.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од институционален аспект, во рамките на ***МЗШВ***, предвидено е зајакнување на капацитетот на сите сектори кои имаат улога во хоризонталните активности за потребите на интензивирање на евроинтегративниот процес во областа.
Од аспект на регистрите и системите за евиденција во земјоделството, односно во насока на воспоставување на Интегриран Систем за Администрација и Контрола (ИСАК), по внесувањето на деталните податоци на ниво на земјоделско стопанство кое се реализираше во текот на 2011 година, ќе се интегрираат податоците помеѓу ЕРЗС и Системот за идентификација на земјишни парцели (LPIS) и ЕРЗС и Системот за идентификација и регистрација на животни, и ќе се поврзат со интегрирање на ИКТ системите во МЗШВ со регистрите и базите надвор од МЗШВ.
Во текот на 2011 година, по извршеното воздушно снимање и интерпретација на ортофото материјалите, со детална обработка на податоците кои ќе се пријавуваат од страна на земјоделските стопанства, до крајот на 2012 година ќе се воспостави Системот за идентификација на земјишни парцели (LPIS) на територија на Република Македонија со внесување на податоци од најмалку 50% од стопанствата внесени во ЕРЗС. За таа цел, во октомври 2010 година започна со реализација и проектот во рамките на ИПА 1 Компонента (2008) преку кој ќе се обезбеди техничка помош за воспоставување на системите IACS и LPIS.
Од аспект на административните системи во земјоделството, во рамките на ИПА 1 Компонента (2009) во текот на 2012 година ќе започне со реализација проектот со кој дополнително ќе се надградат основните системи за администрација и контрола во земјоделството (IACS и LPIS).

Во однос на информативните системи во земјоделството, од аспект на Земјоделскиот пазарен информативен систем и ФАДН, ќе продолжат активностите за надградба на системите со набавка и инсталирање на дополнителен хардвер и софтвер, во насока на подигање на функционалноста и ефикасноста на постоечките системи. Врз основа на новите Стандард Аутпут Коефициенти кои се ажурираат секогаш кога се спроведуваат структурни истражувања на земјоделски стопанства, се подготвува нова типологија на земјоделски стопанства, и нов план за избор на репрезентативни земјоделските стопанства, а согласно податоците од прашалникот за селекција на земјоделски стопанства, според економска големина и тип на земјоделско стопанство, ќе биде дефиниран и

репрезентативниот примерок на земјоделски стопанства за 2012 година. Воедно ќе се изврши и поставување на репрезентативен примерок на земјоделски стопанства за 2012 година.
Од институционален аспект, во рамките на Државен инспекторат за земјоделство предвидено е зајакнување на капацитетите за 2012 година со 9 инспектори.

Од институционален аспект, во рамките на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој, предвидено неопходно е зајакнување на капацитетот согласно потребите за акредитација на нови мерки, како и за имплементација веќе акредитираните мерки од на ИПАРД со најмалку 50 нови вработувања што е и постојано укажување од страна на Европската Комисија и спроведување на националната поддршка, а согласно усвоениот план за обуки, вработените (постоечки и нови) во Агенцијата подлежат на постојана едукација и обука.

Од тој аспект, неопходна е по реализацијата на новите вработувања и соодветните обуки, а особено предвидено е национална акредитација за Мерката „техничка помош", Агенцијата да ја добие заклучно со јуни 2012 година.

Во однос на Географскиот Информативен Систем (ГИС), во рамките на подготовките за изработката и имплементацијата на IACS системот во Агенцијата, како еден од поважните делови кои треба да се интегрира во него е софтверот за Системот за идентификација на земјишните парцели (МЗШВ) со употреба на Географски Информативен Систем (ГИС). Согласно ова, ќе се преземат активности за поврзување на софтверското решение на Агенцијата со софтверот за LPIS (МЗШВ), во соработка со Проектот за воспоставување на LPIS/IACS (ИПА-ТАИБ 2008). Покрај ова, во рамките на проектот, во текот на 2012 година ќе се реализира и обука за лицата кои директно ќе бидат вклучени во процесот на креирање на методологијата на софтверот, за целите на континуирана обука на вработените во Агенцијата кои ќе работат на системот на административна контрола и контрола на лице место на апликациите за исплата по површина.

Од аспект на процесот на внесување на податоци во софтверското решение за директните плаќања во земјоделството, кој ќе се остварува преку подрачните единици на МЗШВ, предвидено е овозможување на телекомуникациски пристап до постоечкото (веб базирано) софтверско решение, со што ќе се овозможи внесување на податоци од надворешни локации.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во овој временски период предвидено е да се продолжи со подготовка и реализација на Програмата за финансиска поддршка на земјоделството во 2013 и 2014 година.
Од аспект на информативните системи во земјоделството за потребите на ФАДН ќе се изготви План за селекција на земјоделските стопанства и избор на репрезентативен примерок за 2013 година и План за поставување на репрезентативен примерок на земјоделски стопанства за 2012 година и 2013 година, а во однос на Земјоделскиот пазарен информативен систем (ЗПИС) во 2012/13 ќе се реализираат активности во насока на акредитација на системот од надлежниот оддел на Европската комисија.
Од аспект на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во овој временски период предвидено е донесување на внатрешни процедури за реализација на следниве мерката- и:
- Организации и групи на производители, во соработка со проектот за заедничко уредување на пазарите во рамките на ИПА 1 Компонента (2008);
Унапредување на животната средина и природата, во соработка со проектот за воведување и спроведување на агро-еколошки мерки во рамките на ИПА 1 Компонента (2008);
- Подготовка и имплементација на локалните стратегии за рурален развој, во соработка со проектот за заедничко уредување на пазарите во рамките на ИПА 1 Компонента (2008); и
- Рурална инфраструктура, во соработка со проектот за заедничко уредување на пазарите во рамките на ИПА 1 Компонента (2008).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од институционален аспект, во рамките на МЗШВ, предвидено е зајакнување на капацитетот на сите сектори кои имаат улога во хоризонталните активности за потребите во областа на интензивирање на евроинтегративниот процес.
Дополнително како продолжување на процесот на детална обработка на податоците кои ќе се пријавуваат од страна на земјоделските стопанства, до крајот на 2013 година целосно ќе се воспостави Системот за идентификација на земјишни парцели (LPIS) на територија на Република Македонија со регистрирање на вкупниот број на земјоделски стопанствата внесени во ЕРЗС, додека од аспект на информативните системи, ЗПИС ќе се збогати со интегрирање на евиденцијата за производи кои исполнуваат извесни стандарди за квалитет, или имаат заштита на квалитет од аспект на нивното потекло или традиционална специфичност.

## 3.11.2 **ЗАЕДНИЧКО УРЕДУВАЊЕ НА ПАЗАРИТЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка за уредување на пазарот на растенија и производи од растително потекло и животни и производи од животинско потекло, во моментов ја определува Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10 и 53/11) кој е делумно усогласен со законската регулатива на ЕУ и Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10 и 53/11). Покрај овие закони, следниве законски акти се поврзани со уредувањето на пазарот на овие производи:

- Закон за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07);
- Закон за јавно ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 114/07);
- Закон за тутун и тутунски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/06, 88/08, 31/10, 36/11 и 53/11)
- Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/07 и 05/09)
-

Со Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10 и 53/11), се регулирани следниве земјоделски производи од растително потекло (жита и ориз; храна за животни и свежо овошје и зеленчук), како и производи од животинско потекло (говедско месо; јајца и месо од живина; свинско месо; овчо и козјо месо; млеко, и мед и други производи од пчели). Во однос на овие производи, Законот ги уредува нивните минимални или пазарни стандарди за квалитет и маркетинг (пласман на пазарот, пакување и информирање на потрошувачите), како и методите за нивна класификација, проверка, контрола и инспекција на пазарот, усогласени со тековните ЕУ стандарди во рамките на различните ЗУП, а првенствено со единечната Регулативата на ЕУ бр. 1234/2007 за ЗУП.
Врз основа на Законот за квалитетот на земјоделските производи, во врска со Заедничкото Уредување на Пазарите (ЗУП) на земјоделски производи од растително и животинско потекло и во однос на пазарните стандарди и целокупниот маркетинг на земјоделските производи, донесени се подзаконски акти за живина и јајца; овошје и зеленчук; мед и производи од пчели, подзаконски акти во делот на минимални пазарни стандарди на жита и ориз, на пазарот за млеко и млечни производи со кои целосно се регулирани пазарните стандарди за млеко и млечни производи, како и подзаконски акти во однос на храна за животни и месо со кои целосно се регулира оваа област.

Голем дел од хоризонталните аспекти на ЗУП кои се релевантни за сите поединечни пазари на земјоделски производи (интервентниот откуп, помош за складирање, посебни мерки за заштита на пазарот и мерките за поттикнување на потрошувачката) се регулирани во рамките на Законот за земјоделство и рурален развој, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10 и 53/11).

Правната рамка за уредување на винскиот сектор е доуредена со новиот Законот за виното (Службен весник на Република Македонија бр. 50/10 и 53/11). Покрај Законот за виното во примена се и правилници донесени врз основа на законот кои дополнително ги уредуваат областите на енолошките средства и постапки кои се применуваат во производството на вино, методите за анализа, класификацијата на сорти на грозје за производство на вино, условите за производство на вино, формата, содржината, димензиите и другите податоци на етикетата, содржината и формата на придружниот документ и влезните и излезни регистри за производи од грозје и вино, како и географските области насадени со винова лоза за заштита на географското потекло на виното во Република Македонија, листата на заштитени имиња на вина обележани со географска ознака и правилата во врска со обележувањето на нивните производни области.

Правната рамка за уредување на пазарот на суров тутун во моментов ја определуваат Законот за тутун и тутунски („Службен весник на Република Македонија бр.24/06, 88/08 ,и 31/10, 36/11 и 53/11). Врз основа на Законот за тутун и тутунски производи донесени се и подзаконски акти кои дополнително ги уредуваат областите на откуп, сместување, чување и индустриска обработка на тутун; евидентен лист за производство на тутун; пријавувањето на договореното производство на тутун; запишување во регистарот на откупувачи на тутун и начинот на водење на регистарот на откупувачи на тутун; квалитативна и квантитативна процена на суровиот тутун во лист; дозволените и забранетите адитиви во тутунските производи, како и контролата на ферментираниот тутун и тутунските производи.
Покрај ова, во јуни 2007 е усвоена и Стратегија за развој на земјоделството и рурален развој за периодот 2007- 2013 година, во која се наведени насоки, мерки и активности за идниот развој на сите гореспоменати производи, како и начинот на организираност на пазарите за истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство следниве органи и организациони единици се надлежни за подготовка на законска регулатива и спроведување на мерките од аспект на уредување на пазарите на земјоделски производи од животинско и растително потекло и специјализираните култури, согласно новата Систематизација на МЗШВ (усвоена во февруари 2011 година):

- Сектор земјоделство, Одделение за поледелство; Одделение за градинарство, Одделение за сточарство;
- Сектор за анализа на земјоделска политика; Одделение за следење на пазари на земјоделско-прехранбени производи; Одделение за анализа на земјоделска политика;
- Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи; Сектор за лозарство, винарство и овоштарство; Агенција за храна и ветеринарство;
- Државен инспекторат за земјоделство; и
- Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој

Од аспект на институционално зајакнување на капацитетот на органите кои се вклучени во уредување на пазарите на земјоделски производи од животинско и растително потекло, воспоставени се Националниот регистар на лозови насади и Земјоделскиот Пазарен Информативен Систем (ЗПИС) на ниво на државата.

Во насока на реализација на активностите од областа на заедничко уредување на пазарите, реализирани се поголем број проекти во областа на уредувањето на пазарите: Воспоставување на заедничко уредување на пазарот на јајца и живина - G2G08/MK/8/2 (билатерална соработка со Кралството Холандија), АгБиз Програмата на USAID, поголем број на активности во рамките на Инструментот TAIEX, како и реализацијата на проектот во рамките на ИПА 1 Компонента 2008, започнат во август 2010 година, преку кој е обезбедена техничка помош за воспоставување на правна рамка и институционално зајакнување во областа на заедничкото уредување на пазарите на земјоделски производи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во периодот до февруари 2012 година, предвидено е донесување на Измени и дополнување на законот за квалитет на земјоделските производи, од кој ќе произлезат шест нови подзаконски акти чие донесување е предвидено до март 2012. Во истиот период треба да се донесат и останатите 5 подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/10). Со овие подзаконски акти се регулира заедничкото уредување на пазарите по производи од ***растително*** и ***животинско*** потекло како и заштита на земјоделските и прехранбените производи со заштитена ознака на потекло, географска ознака и ознака за традиционален специјалитет.
Од аспект на ***специјализираните култури***, во периодот до јули 2012 година предвидено е донесување на Закон за измени и дополнувања на законот за виното, а до октомври 2012 и подзаконски акти од тој закон.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од аспект на уредувањето на пазарите на земјоделските производи од растително и животинско потекло, согласно новата Систематизација на МЗШВ (усвоена во јули 2010 година), формирани се нови два сектори: Сектор за маркетинг и квалитет на земјоделски производи и Сектор за лозарство, винарство и овоштарство, и во 2012 година предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на новите два сектори, како и зајакнување на соодветните Одделенија во рамки на Секторот земјоделство и Секторот за анализа на земјоделска политика со нови вработувања. Од аспект на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство, со нови вработувања во 2012 година.
Во врска со ЗУП за вино, предвидено е зајакнување на Сектор за лозарство, винарство и овоштарство со соодветни нови вработувања во 2012 година, како и соодветно зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство во истиот временски период.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Од аспект на производите од растително и животинско потекло, како и специјализираните култури, на среднорочна основа предвидено е донесување на евентуални дополнителни подзаконски акти согласно Законот за квалитет на земјоделско-прехранбените производи, усогласени со промените на ЗУП на земјоделски производи во рамките на ЕУ, како и измена на Законот за тутун и тутунски производи заради потребата од усогласување со промените на ЗУП на земјоделски производи во рамките на ЕУ.

Од аспект на специјализираните култури, предвидено е донесување на Закон за ракија и алкохолни пијалаци во 2013 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За уредувањето на пазарите на земјоделските производи од растително и животинско потекло, како и пазарите на специјализираните култури, предвидено е зајакнување на соодветните Одделенија во рамките на Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделски производи, Секторот за лозарство, винарство и овоштарство, Секторот земјоделство и Секторот анализа на земјоделска политика во 2013-2014 година. Во контекст на инспекциски надзор врз спроведувањето на мерките во рамките на уредувањата на пазарите на земјоделските производи, предвидено е и зајакнување на Државниот инспекторат за земјоделство и Ветеринарниот Инспекторат во периодот 2013-2014 година.

### 3.11.3 **РУРАЛЕН РАЗВОЈ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во однос на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)**,* ИПАРД Програмата е усвоена со Одлука на Комисијата на 25.02.2008 година. Воедно, донесен е националниот акт за спроведување на ИПАРД Програмата, односно Програма за користење на средства од Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија (ИПАРД) за период 2007-2013 („Службен весник на Република Македонија" бр. 83/2009). Покрај ова, Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во својство на ИПАРД Агенција) донесе Уредба за начинот и постапката за користење на финансиската поддршка за мерките за рурален развој финансирани од компонента V – ИПАРД од Инструментот за предпристапна помош ИПА („Службен весник на Република Македонија" бр. 112/2009) со која поблиску се дефинираа начинот на спроведување на ИПАРД Програмата.

Од аспект на акредитација на ИПАРД оперативната структура, односно пакетот на внатрешни процедури и прирачници за работа на Телото за управување со ИПАРД Програмата и ИПАРД Агенцијата, во март, 2009 година, НАО издаде национална акредитација на ИПАРД оперативната структура и по пат на изјава за соодветност го започна процесот на пренос на правото за управување со ИПАРД фондовите од Европската Комисија односно за одобрување на системот за целосно децентрализирано управување. Со Одлука на Комисијата на 18.12.2009 година, Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој и Телото за управување со ИПАРД беа акредитирани и го стекнаа правото за целосно децентрализирано управување со ЕУ Фондовите од ИПА Компонентата 5 за рурален развој.

На 02.03.2010 година потпишан беше и повеќегодишен финансиски договор за финансирање на ИПАРД Програмата за период 2007-2010.

Врз основа на добиеното право за целосно децентрализирано управување и потпишаниот финансиски договор, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој при Владата на Република Македонија и објави два јавни повици за доставување на барања за користење на финансиски средства од петтата компонента на Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската Унија.

***Националното финансирање*** на мерките за рурален развој се спроведува согласно Програмата за финансиска поддршка на рурален развој за 20110 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/11, 72/11 и 8141/101) и Уредбата за спроведување на политиката за рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/08; 53/09 и 122/09). Покрај ова, во 20110 година, со донесување на новиот Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11) утврдени се детални одредби во однос на политиката за рурален развој и мерките за спроведување на политиката за рурален развој, при што покрај дефинирањето на општите принципи на политиката за рурален развој и дефинирањето на руралните средини, руралните заедници и руралните региони, законот го утврдува спроведувањето и остварувањето на приоритетните цели за решавање на развојните прашања во руралните области и поттикнување на искористување на можностите и предностите за рурален развој во Република Македонија.

Врз основа на законот, објавени се следните подзаконски акти: во "Службен весник на Република Македонија" бр. 96/10": Правилник за поблиските критериуми за определување на руралните средини и категории на руралните заедници" согласно NPAA (Службен весник на Република Македонија" бр. 45/11), "Список на автохтони земјоделски растенија и автохтони раси на добиток" согласно NPAA (Службен весник на Република Македонија бр. 71/11), "Правилник за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка" согласно NPAA (Службен весник на Република Македонија бр. 89/11), "Список на рурални средини и рурални заедници во Република Македонија" согласно NPAA (Службен весник на Република Македонија бр. 89/11), "Правилник за поблиските дополнителни услови за поддршката од мерките за рурален развој, прифатливите трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка" национален (Службен весник на Република Македонија бр. 124/11) со кој е укинат Правилникот од Сл. Весник бр. 89/11 и "Правилник за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој" национален (Службен весник на Република Македонија бр. 124/11)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Телото за управување со ИПАРД, чии функциите и одговорности се извршуваат преку соодветни организациони единици на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, е одговорно за управување со ИПАРД Програмата согласно принципите на ефективно и квалитетно користење на средствата од Компонента V на ИПА.
Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е надлежна за спроведување на мерките на политиката за рурален развој согласно ИПАРД Програмата и годишната програма за финансиска поддршка на рурален развој.
Од аспект на следење на ИПАРД Програмата во текот на 2010 се одржани два редовни состаноци на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата (пролетен состанок на 28 мај 2010 и есенски состанок на 16 декември 2010). Изработен е првиот Годишен извештај за следење на ИПАРД Програмата и тематско истражување на мислењето на апликантите од првиот јавен повик за постапката за припрема на апликацијата, достапност на информации за ИПАРД, соработката со надлежните институции и останати аспекти.
Реализирани се поголем број на активности за јакнење на административниот и институционалниот капацитет во рамките на Инструментот TAIEX, КАРДС 2006 Проект за поддршка на подготовките за ИПАРД (СИПП) и билатералната донаторска соработка со Република Словенија.

Секторот за рурален развој во рамките на МЗШВ е надлежен за реализација на кохерентна рурална развојна политика, како и за интегрирање на различните програми и иницијативи за развој на руралните подрачја во Република Македонија, како и креирање на политиките за кредитирање во руралните средини и земјоделскиот сектор. Секторот во соработка на TAIEX доби проект кој се реализира во периодот 2011 година со цел зајакнување на капацитетите на одделението за политика на кредитирање. Истиот е наменет за воспоставување на нови политики на поддршка во земјоделството преку воспоставување на систем за имплементација на финансискиот инженеринг во примарното земјоделство, преработувачките капацитети и трговијата со земјоделски производи. Во тек е подготовка на процедури за воспоставување на национален рурален кредитен гарантен фонд, а согласно насоките на проектот (TAIEX) ја користиме Република Литванија како успешен систем кој дава позитивни резултати во областа на користење на предпристапните фондови и сигурно финансирање од страна на финансиските институции.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Во однос на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)***, предвидено е изготвување на предлог за четврта модификација на ИПАРД Програмата и соодветна измена на подзаконски акти за спроведување на ИПАРД Програмата доколку е неопходно.
Како предуслов за ефикасно и ефективно управување со ИПАРД Програмата се предвидува продолжување на активности за функционирање на системот за следење и проценка на спроведување на ИПАРД Програмата кој систем е неопходно да биде целосно функционален заради изготвување на првиот Годишен извештај за имплементација на ИПАРД Програмата кој треба да биде доставен до Европската Комисија кон средина на 2011 година. Резултатите од активностите за тековна проценка на ефикасноста и ефективноста од спроведувањето на ИПАРД Програмата во текот на 2011 година ќе се содржат во Годишниот извештај за тековна проценка на ИПАРД Програмата за 2011 година кој треба да биде доставен до Комитетот за следење на ИПАРД кон крајот на 2011 година.
Заради спроведување на мерката за Техничката помош од ИПАРД Програмата, во 2011 година се предвидуваат активности за подготовка за акредитација на оваа мерка за да завршат до крајот на 2011 година. Од овој аспект се предвидува финализација на соодветни внатрешни процедури за спроведување на мерката и од страна на Телото за управување и од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Воедно се предвидува изготвување на Акционен План за воспоставување и функционирање на Национална мрежа за Рурален развој во Република Македонија со цел утврдување на неопходните правни акти за функционалност на мрежата како и вклучување на активностите на мрежата за финансирање од ИПАРД средствата наменети за техничка помош.
Во поглед на навремено информирање на корисниците на ИПАРД фондови за можностите на ИПАРД Програмата, во 2011 година ќе продолжи реализацијата на активностите за публицитет со спроведување на кампања согласно Годишен план за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата за 2011 изготвен

врз основа на Планот за комуникација на ИПАРД Програмата 2007-2013 и одобрен од Комитетот за следење на ИПАРД на есенскиот состанок (16 декември 2010).
Подготвителни активности за воведување и спроведување на нови мерки во рамките на ИПАРД Програмата 2007-2013, особено ЛЕАДЕР мерка и Подобрување на обуките во земјоделството, предвидено е донесување на подзаконски акти од Законот за земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10) во насока на уредување на областа согласно принципите за користење на ИПАРД помошта. Од аспект на ***националното финансирање*** на мерките за рурален развој, во 2010 година предвидено е донесување на поголем број подзаконски акти кои ја регулираат областа а во согласност со донесување на новиот Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10).

Во однос на целосно имплементирање на европското законодавство во областа на руралниот развој и искуствата кои се стекнати, ќе се изработи измена и дополна на Законот за земјоделство и рурален развој, кој опфаќа три важни сегменти за користењето на средствата на европскиот фонд, како и националниот буџет а тоа се политиките за поддршка на каматите од кредитите наменети за руралниот развој, финансиски инженеринг со политики на национални гаранции за руралните кредити до 70% за фармери или 80% за млади фармери од 18-40 години старост и авансно плаќање на потпишани договори за рурален развој и ИПАРД.
Од аспект на националното финансирање на мерките за рурален развој, во 20120 година предвидено е донесување на поголем одреден број подзаконски акти кои целосно би ја регулирала областа а во согласност со донесување на измените и новиот дополните на Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10 и 53/11), истите ќе бидат и завршени..

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе одржува редовни состаноци за целите на подобрување на програмата, најмалку два пати годишно во 2012 и 2013. Следствено на ова, ќе се интензивира работата и состаноците на Меѓуресорското тело за рурален развој.
Од институционален аспект, во 2011 година се предвидува измена на актите за организација и систематизација заради вклучување на работни процеси за спроведување на правната рамка за политика за рурален развој особено од аспект на управување со новите програмски мерки во ИПАРД Програмата и нивно спроведување, како и за спроведување на мерката за Техничка помош. Во оваа насока, ќе се продолжи со зајакнување на организационите единици на Телото за управување со ИПАРД и во Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој заради обезбедување на работни позиции за управување и имплементација на новите инструменти на политиката за рурален развој како и за спроведување на законската рамка за земјоделство и рурален развој. За сите постојни и нововработени планирана е изведба на соодветна обука и/или доусовршување, како и воспоставување на системите за следење на реализацијата и проценка на влијанието на мерките за рурален развој. Во оваа насока, во 2011 година ќе започне со реализација и проектот во рамките на ИПА 1 Компонента (2008) преку кој ќе се обезбеди техничка помош за воспоставување на административен и институционален капацитет за реализација на агро-еколошки мерки во МЗШВ и во Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој. Проектот во рамките на ИПА 1 Компонента (2008) за воспоставување на Заеднички пазарни организации (СМО) ќе обезбеди техничка помош за обука на човечките ресурси во Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој за спроведување и контрола на ИПАРД мерката за поддршка на воспоставување на групи производители. Во насока на техничка помош за воспоставување на административен и институционален капацитет за реализација на ИПАРД мерките и новововедените инструменти за рурален развој ќе се користи и техничката помош од други билатерални и мултилатерални донатори (Холандија-Г2Г за мерката „Подобрување на обуките во земјоделството, и останати). Во насока на зајакнување на капацитетите на МЗШВ и Агенцијата, предвидена е реализација на поголем број на активности во рамките на Инструментот TAIEX.
Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе продолжи редовно да се состанува два пати годишно.
Во поглед на координација на политиката за рурален развој и мерките кои ги превземаат различни институции ќе се интензивира работата и состаноците на Меѓуресорското тело за рурален развој во 2011 година и за својата работа ќе ја информира ВРМ согласно обврските кои произлегуваат од Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10) најдоцна до крајот на 2011.

За успешно завршување на сите подзаконски акти кои се бараат во делот за Политики за рурален развој по кои ќе се врши понатамошно програмирање на мерките за поддршка, особено во делот за подрачја со ограничени можности и агроеколошките мерки потребни се поголеми финансиски издвојувања во наредните две години за набавка на техничка опрема со која би се изработиле истите. По изработка на комплетната подзаконска легислатива неопходно е зајакнување на капацитетите бројно и стручно во делот за мониторинг на квалитетот на мерките за рурален развој и доколку индикаторите покажат добри резултати можна е изработка на квалитетен документ за наредните 3 години (2014-2016).  Изработка на софтвер за креирање на нови политики во рамки на утврдени мерки.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

За потребите за реализација на ***претпристапната помош на ЕУ за рурален развој (ИПАРД)***, ќе се реализираат предвидените годишни измени и дополнувања на програмата (2012, 2013) во насока на проширување на мерките од ИПАРД Програмата со нови типови на инвестиции во согласност со Повеќе-годишниот индикативен плански документ и согласно стратешките цели на Владата на Република Македонија од аспект на користење на ЕУ-фондовите преку петта ИПА компонента. Во 2012 и 2013 година ќе се продолжи со активностите за тековна проценка на спроведувањето на ИПАРД Програмата при што кон крајот на 2012 и 2013 ќе се изготви Годишен извештај за тековна проценка на ИПАРД Програмата. Како резултат на функционалноста на системот за следење на ИПАРД Програмата, кон средината на 2012 и 2013 ќе се доставува редовниот Годишен извештај за спроведување на ИПАРД Програмата за 2011 и 2012 година респективно.

Комуникацијата на ИПАРД Програмата со јавноста ќе се одвива врз основа на изработка на редовни годишни акциски планови за комуникација со јавноста за ИПАРД Програмата во 2012 и 2013.

Во однос на ***националното финансирање*** на руралниот развој ќе бидат усвоени Програмите за финансиска поддршка за рурален развој за 2013 и 20142 по предвидената и повеќегодишната програма за финансиска поддршка на руралниот развој за период 2011-20133 година за 2013 и подготовка на нова за период 2014-2016 за 2014 година. Битно е истата да биде реализирана во целост согласно прогнозираните буџети по определени мерки. Можноста за пренесување на финансиски средства да биде само во рамките на мерката, со подетална анализа на продолжување на финансиска поддршка за трактори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

На среден рок (во почетокот на 2012 и 2013) се предвидува измена на актите за организација и систематизација заради вклучување на работни процеси за спроведување на правната рамка за политика за рурален развој и ефикасно и ефективно управување со ИПАРД Програмата и спроведување на мерката за Техничка помош. Во оваа насока, ќе се продолжи со зајакнување на на МЗШВ за јакнење на управувачките капацитети на политиката за рурален развој особено на организационите единици во состав на Телото за управување со ИПАРД со вработување и обука на постојните и дополнително вработените лица. Во таа насока, ќе се продолжи со зајакнување на човечкиот потенцијал и капацитети на Агенцијата за финансиска поддршка на руралниот развој за ефикасно финансиско спроведување на мерките согласно политиката за рурален развој и особено спроведување на ИПАРД Програмата.

Комитетот за следење на ИПАРД Програмата ќе одржува редовни состаноци за целите на подобрување на програмата, најмалку два пати годишно во 2012 и 2013. Следствено на ова, ќе се интензивира работата и состаноците на Меѓуресорското тело за рурален развој и за својата работа ќе ја информира ВРМ согласно обврските кои произлегуваат од Закон за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10).

### 3.11.4 **ОРГАНСКО ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

## ПРАВНА РАМКА

Поради унапредување на казнената политика и целосно остварување на целите на Законот за органско земјоделско производство преку дорегулирање на одредени прашања донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за органско земјоделско производство (Службен весник на РМ бр. 53/11).
„Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделство во Република Македонија 2008-2011" успешно се имплементира.
Во рамките на Програмата за финансиска поддршка на земјоделството за 2011 година, потпрограмата за Финансиска поддршка за органско земјоделско производство предвидени се мерки со зголемена финансиската поддршка од околу 30% за органското производство во однос на редовното производство и дополнителна поддршка за преработка и трговија на органски производи, како и покривање на 50% од трошоците за сертификација на органското производство.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Севкупната надлежност за уредување на областа на органското земјоделско производство во Република Македонија ја има Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) - Сектор земјоделство, Одделение за органско земјоделско производство.
Во реализацијата на мерките и активностите поврзани со органското земјоделско производство учествуваат и Државен инспекторат за земјоделство (МЗШВ), Агенција за храна и ветеринарство (АХВ), Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Институт за акредитација на РМ, Институт за стандардизација на РМ, Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Факултетите за земјоделство, ЈНУ Земјоделски Институти, Национален Сојуз на органски здруженија, Акредитирани и овластени тела за стручна контрола.
Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство води евиденција на правни лица за вршење на стручна контрола во органското земјоделско производство.
Системот на контрола на органското производство во РМ е делегиран на две сертификациски тела кои се акредитирани од страна на Институтот за акредитација на РМ. Институтот за акредитација на РМ е член на ЕА (European Cooperation for Accreditation) и е во процес да стане потписник на Мултилатералниот договор (EA MLA) во областа на тестирање, сертификација и инспекција на производи. Во првата половина на 2012 година се очекува потпишувањето на овој договор. Сертификациските тела во РМ се акредитирани врз основа на оценување на воспоставеноста и имплементацијата на системот за квалитет согласно барањата на стандардот EN 45011. Врз основа на добиената акредитација од страна на Институтот за акредитација на РМ, сертификациските тела добиваат овластување од страна на МЗШВ за вршење на стручна контрола во органското производство.
Покрај ова, воспоставена е евиденција за капацитети и субјекти од системот на органското земјоделско производство во рамките на Единствениот регистер на земјоделски стопанства.
Контролата над работата на сертификациските тела, како и целокупниот надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за органско земјоделско производство и прописите донесени врз основа на истиот ја врши Државниот инспекторат за земјоделство и Агенцијата за храна и ветеринарство.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за органско земјоделско производство (Службен весник на РМ бр. 53/11) ќе бидат донесени следните подзаконски акти: Правила за правилата за одгледување на водни животни, Правилник за формата, содржината и образецот на сертификатот дека производот, процесот на производство, подготовката или пуштањето во промет е во согласност со правилата и постапките од законот, како и на евиденцијата која ја водат субјектите и Правилник за формата, содржината и образецот на серификатот за сообразност на производството на органски производи со земјата увозник, начинот на издавањето како и пропратната документација која ја придружува пратката со производи со органско потекло.

Со донесување на овие подзаконски акти ќе се овозможи интегрирање на правилата и постапките предвидени во Регулативата на Комисијата бр. 1235/2008 кои се однесуваат на увоз на органски производи од трети земји во националната правна рамка, како и на Регулативата на Комисијата бр.710/2009 за утврдување на детални правила за органско производство на животни од аквакултурата
Покрај ова, во овој временски период ќе се усвои и реализира Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2012 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор земјоделство (СЗ) со ново вработување во 2012 година и на Државниот инспекторат за земјоделство, како и обуки на кадарот на институционално ниво.
Во насока на зајакнување на капацитетите на МЗШВ, во рамките на претпристапната помош на ЕУ за 2009 година, 1-ва Компонента (IPA-TAIB) ќе започне со реализација Twinning проект за институционално зајакнување за спроведување на новата законска рамка за органско земјоделско производство.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во оваа временска рамка ќе се изработи Националната Стратегија со Акционен План за органско земјоделство во Република Македонија 2012-2017.
Подготовка и реализација на Програмата за поттикнување и развој на органското земјоделство за 2013 и 2014 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Предвидено е дополнително зајакнување на Одделението за органско земјоделско производство, Сектор земјоделство (СЗ) и на Државниот инспекторат за земјоделство во периодот 2013-2014 година, како и нивна обука.

### 3.11.5 **ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Со донесувањето на ***Законот за квалитетот на земјоделските производи*** во октомври 2010 година (Службен весник на Република Македонија број 140/2010), ***главните*** задолженија и ***активности беа насочени кон изработка на придружните прописи*** кои произлегуваат од истиот. Во 2011 година, беа донесени поголемиот број на подзаконските акти, како од делот на уредување на пазарите за земјоделските производи, стандардите за квалитет, класификацијата, означувањето и информативниот систем, така и придружни прописи за заштитата на земјоделските и прехранбените производи со географски назив и ознака за гарантиран традиционален специјалитет.

Бидејќи Република Македонија изобилува со традиционални производи, како и со производи кои поседуваат посебни својства на квалитет кои се карактеристични за одредени подрачја, Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделските производи се посвети на ***изработка на подзаконските акти од делот III на Законот за квалитет на земјоделските производи***, кој се однесува на заштита на земјоделските и прехранбените производи со географски назив, како и ознака за гарантиран традиционален специјалитет. Еден дел од придружните прописи се веќе донесени, а останатите подзаконски акти ќе бидат донесени на почетокот на 2012 година, така што ***комплетно ќе се оформи правната рамка*** и ќе се овозможи заштита и регистрација на одредени земјоделски и прехранбени

производи во согласност со ЕУ регулативите 32006R0509, 32006R0510, 32006R1898, 32007R1216 и 32008R0628.

Во рамките на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/11) беше предвидена и се реализираше Потпрограмата – Финансиска поддршка за стандарди за квалитет и безбедност на храна.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за квалитетот на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/10) и последната измена на систематизацијата на МЗШВ, сите активности од аспект на квалитетот и заштитата на квалитетот на земјоделските и земјоделско-прехранбените производи, како и промоцијата на истите, се во надлежност на Сектор за квалитет и маркетинг на земјоделски производи. Во рамките на секторот, Одделението за стандарди и квалитет на земјоделските производи, во кое во моментов има вработено 4 лица, е директно надлежно за заштитата на квалитетот на земјоделските производи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во тек на 2012 година, ќе се донесат преостанатите подзаконски акти согласно Законот за квалитетот на земјоделските производи со кои се регулираат квалитетот и заштитата на квалитетот на земјоделско-прехранбените производи, а во рамките на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2012 година ќе се предвиди и Подпрограма за финансиска поддршка за стандарди за квалитет и безбедност на храна.
Заради потребите од Изменување и дополнување на законот за квалитет на земјоделските производи, реализацијата на предвидената изработка на елаборати и заштита на 2 земјоделски производи се поместува до септември 2012 .

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на зајакнување на институционалниот капацитет, покрај искористувањето на Инструментот TAIEX, во рамките на претпристапната помош на ЕУ од 1-та Компонента (IPA-TAIB), ќе започне со реализација Twinning проект за административна соработка помеѓу МЗШВ и Земја членка на ЕУ за целите на правно усогласување и институционално поставување на системите за развој и заштита на квалитет на земјоделско-прехранбените производи, како и воспоставување на евиденција на производи кои исполнуваат извесни стандарди за квалитет и/или имаат заштита на потекло и/или географски/традиционален назив.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој временски период предвидена е подготовка на елаборати и реализација на заштитата на ознаки за потекло и традиционален специјалитет на земјоделски производи, како и подготовка на Потпрограма за стандардите за квалитет и безбедност на храна за 2013 и 2014 година и реализација на истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамките на МЗШВ предвидено е зајакнување на Секторот за маркетинг и квалитет на земјоделски производи, Одделение за стандард и квалитет на земјоделски производи и Одделение за маркетинг на земјоделски производи со нови вработувања во 2013 и 2014 година, како и обука и надградба на тековно и нововработените лица од областа заштитата на географските називи, квалитетот на земјоделските производи и нивна промоција.

## 3.12. БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНАТА, ВЕТЕРИНАРНА И ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА

### 3.12.1. ОПШТИ НАЧЕЛА

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ПРАВНА РАМКА

Заради ефикасно спроведување на официјалните контроли согласно регулативата 882/2004 во првата половина на 2011 година врз основа на Законот за безбедност на храната ("Службен Весник на РМ" 157/2010 и 53/20113а се усвои Националната Програма за мониторинг на безбедноста на храната и истата е објавена во "Службен Весник на РМ" бр. 27/2011 од 03.03.2011Програмата е изготвена согласно целите и приоритетите од интегрираниот повеќегодишен контролен план на Агенцијата за храна и ветеринарство. .

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

На 01.01.2011 година согласно Законот за безбедност на храната ("Службен Весник на РМ" 157/2010 и 53/2011) формирана е и започна со работа Агенцијата за храна и ветеринарство независен орган на Владата на РМ. Агенцијата е формирана со спојување на постоечките капацитети на Дирекцијата за храна , орган во состав на Министерството за здравство и Управата за ветеринарство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Со формирањето на Агенцијата обезбеден е интегриран пристап за безбедноста на храната во Република Македонија согласно Европските барања. Исто така на овој начин е надминат проблемот со преклопувањата во надлежностите што претходно беа присутни помеѓу институциите надлежни за креирање и имплементација на политиките од областа на безбедноста на храната и ветеринарството. Во насока на ефективна транспозиција на Европското законодавство во националното од областа на ветеринарството е започната ревизија на актуелните методи за транспозиција на Европското законодавство од областа на ветеринарството, во рамки на Проектот IPA 2008.

Во насока на воспоставување и зајакнување на организационите и структурните облици на Агенцијата за храна и ветеринарство како новоформирана институција посебен акцент е ставен на управувањето со човечки ресурси анализа на ризикот и спроведување на системот за внатрешна контрола согласно член 77 од Законот за безбедност на храна усогласен со регулативата 2004/882, во кој е предвидено спроведување на внатрешната контрола на транспарентен и независен начинИсто така во рамки на IPA 2008 проектот завршена е проценка на потребите за обуки за вработените од Агенцијата за храна и ветеринарство на централно и локално ниво. Проценката на потребите за обуки за вработените/раководниот и стручниот кадар/ од Агенцијата за храна и ветеринарство беше предуслов за отпочнување на активностите во рамки на истиот проект за развој на систем за обуки на Агенцијата за храна и ветеринарство планиран за наредниот тригодишен период.

#### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

#### ПРАВНА РАМКА

Нацрт Стратегијата за транспозиција и имплементација на европското законодавство опфатено со Поглавје 12 чија изработка е предвидена како IPA 2008 проектна активност се очекува да биде усвоена од страна на Владата на РМ до крајот на 2012 година. Имплементација на гореспомената Стратегија ќе се одвива според рокови содржани во соодветен план за имплементација на истата. Во текот на 2012 година заради понатамошно усогласување со релевантното EU acquis планирани сеизмени и дополнувања на Законот за безбедност на храната ("Службен Весник на РМ" 157/2010 и 53/2011) /ќе се изврши усогласување со одредбите од следните ЕУ мерки: 32006L1924, 32004R0882, 32004R0852, 32004R0853, 32004R0854, 32005R2073, 32005R2075 и 320052074/

По однос на новоформираниот систем за интерен аудит и контрола, во текот на 2012 година планирано е донесување на подзаконски акти и процедури за начинот на постапување на Одделението во согласност со Одлуката 677/2006 и започнување на системски интерни аудит и контрола во Агенцијата за храна и ветеринарство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНАРАМКА**

Административните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство во текот на наредната година планирано е да се зајакнат со нови вработувања на 20 советници /официјални ветеринари и државни инспектори за храна/.Целите и приоритетите на политиката за безбедност за храната ќе бидат утврдени со донесувањето на Стратегијата за безбедноста на храната во Република Македонија за периодот 2013-2015. Стратегијата ги следи релевантните национални законски норми како и последните меѓународни трендови во областа на безбедноста на храната. Суштинската цел на Стратегијата е секогаш пристап до здрава и безбедна храна за крајните потрошувачи, а со тоа заштита на здравјето на населението во Република Македонија.

Предвидени се бројни активности во рамки на IPA 2009 Проектот за подобрување на институционалната рамка во однос на безбедноста на храна и тоа: а) изработка на процедури за официјални контроли на база на ризик, б) изработка на контролни планови согласно повеќегодишниот контролен план во однос на контрола и надзор на храната и контрола на објектите за храна, в) надградба на Системот за брзо предупредување (РАСФФ), преку воспоставување на апликативен софтвер и поврзување на сите надлежни институции вклучени во контролата на храната, г) воспоставување и целосна функционалност на систем за анализа на ризикот согласно Регулативата 178/2002, д) воспоставување на систем за управување со кризи, ѓ) зајакнување на следливоста во областа на безбедноста на храната.

Во рамки на IPA 2008 проектот продолжуваат активностите за развојот на системот за обуки на Агенцијата за храна и ветеринарство што започнаа на крајот од 2011 година. Со развиениот систем ќе бидат опфатени: база на податоци во која на едно место ќе бидат содржани: податоци за обуките по тематски области, учесниците на обуките, време и место за нивно одржување како и податоци за предавачите како и изработка на Програма за обуки на вработените во Агенцијата за храна и ветеринарство. Постоењето на ваков систем ќе се овозможи независност на институцијата, поточно непречено и самостојно спроведување на идентификуваните потреби за обуки на Агенцијата како на централно така и на локално ниво. Како резултат на тоа, значително ќе се олесни и забрза процесот на зајакнување на административните капацитети што е неопходно за ефикасно и ефективно работење на институцијата и секогаш во согласност со најдобрите практики во областите што се надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Имплементацијата на законодавството што се однесува на редуцирани прегледи (reduced frequency checks) усогласено со релевантното Европско законодавство /одредбите од 31994D0360/ како и воведувањето на процедурите на ветеринарните инспекциски места на граничните премини се очекува да започне во текот на втората половина на 2012 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Измените и дополнувањата на европското законодавство во однос на безбедноста на храната ќе бидат следени во континуитет од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и последователно ќе се транспонираат во националното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во рамки на Агенцијата предвидено е воспоставување на соодветни механизми за подобрување на административните капацитети (зголемен број на вработени, обуки, проверка на стручноста итн.). Зајакнувањето на капацитетите Агенцијата за храна и ветеринарство од аспект на организација,

управување и координација ќе овозможи понатамошно унапредување и надградба на системите во нејзина надлежност. Во тој контекст, планирани се подготовки за акредитација на инспекциските служби на Агенцијата за храна и ветеринарство во рамки на Проектот IPA 2009 согласно Европскиот стандард – EN 45004 или друг стандард пософдветен за работењето на службите.

Со Проектот ИПА 2010 се предвидува набавка на хардвер за системот, поврзување на сите институции надлежни за безбедност на храна во еден систем, како и twinning проект кој ќе помогне во јакнење на капацитетите на Агенцијата за храна и ветеринарство во поглед на имплементација на Европското законодавство кое е транспонирано во националното.

3.12.2. **ВЕТЕРИНАРНА ПОЛИТКА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Согласно **Законот за ветеринарно здравство** ("Службен весник на РМ"113/07, 24/2011 и 136/2011), донесени се повеќе подзаконски акти со кои детално се уредуваат прашања од различни области и тоа:

Од областа **контролни мерки за болести кај животните** усвоени се: а) Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии ("Службен весник на РМ" 57/2011 од 18.04.2011), во кој се транспонирање на одредбите од регулативата 32001R0999 и нејзините измени и дополнувања со што е постигнато целосно усогласување со EU acquis во однос на трансмисивните спонгиоформни енцефалопатии – ТСЕ; б) Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на Африканска чума кај копитари во Република Македонија ("Службен весник на РМ" 95/2011 од 14.07.2011), усогласен со одредбите од: 31992L0035; в) Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на Њукастелска болест ("Службен весник на РМ" 98/2011 од 19.07.2011), усогласен со одредбите од: 31992L0066; и г) Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на везикуларна болест кај свињите објавен во "Службен весник на РМ" 154/2011 од 04.11.2011, усогласен со одредбите од:32002L0060, 31992L0119 и 32000D0428),

Од областа **услови за увоз на живи животни и производи од животинско потекло** донесени се неколку измени и дополнувања на Правилникот за начинот и постапките за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или друг документ што ги придружува пратката на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло ("Службен Весник на РМ 53/2010, 86/10 и 144/10) и истите се објавени во "Службен Весник на РМ" број 27/11, 66/11, 72/11, 84/11, 95/11 , 114/11 и 168/2011[19]. Причина за донесување на измените и дополнувањата во текот на 2011 година е дополнително усогласување со одредбите од ЕУ законодавството што ја регулира оваа област усвоено во текот на 2011 /32011R0605, 32011D0267, 32011R0342, 32011R0427 , 32011R0536, 32011D0512, 32011R0801 и 32011R0914/.

Согласно **Законот за ветеринарно-медицински препарати** ("Службен весник на РМ"бр. 46/2010 и 136/2011) донесени се: а.) Правилник за начинот на пренос на одобрението за ставање во промет на ветеринарно-медицинскиот препарат, содржината и документацијата и другите потребни податоци за пренос на одобрението, објавен во "Службен весник на РМ" 90/2011 од 04.07.2011), усогласен со одредбите од: 32001L0082. ; б.) Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за издавање на одобрение за ставање во промет на ветеринарно-медицински препарат, како и општите и посебните услови кои треба да ги исполни ветеринарно-медицинскиот препарат за ставање во промет, објавен во "Службен весник на РМ" 101/2011 од 26.07.2011 усогласен со одредбите од: 31990L0216; 32001L0018 и 31998L0081; в.) Правилник за податоците кои треба да ги содржи контактното и надворешното пакување и информациите кои треба да ги содржи упатството за употреба на ветеринарно - медицинскиот препарат објавен во "Службен весник на РМ" 129/2011 од 23.09.2011, усогласен со одредбите од: 32001L0082.; и г.) Правилник за начинот на обновување на одобрението за ставање во

[19] Предвиени се измени на Правилникот и за почетокот на 2012 заради усогласување со следните ЕУ прописи: 32011D0683 и 32010R0206. Честите измени на Правилникот се резултат на чести измени во соодветното законодавство на ЕУ односно потреба од дополнително усогласување со истото.

промет на ветеринарно-медицински препарат, објавен во “Службен весник на РМ” 129/2011 од 23.09.2011, усогласен со одредбите од: 32001L0082.

Во однос на **зоотехничките прашања** врз основа на Законот за сточарство (“Службен весник на РМ” 7/2008 и 116/2010) донесени се три подзаконски акти во однос на поблиските услови за зоотехничките документи, матичната книга за приплодниот добиток, признавање на организациите на одгледувачи по одделни видови добиток, усогласени со одредбите од: 32005D0379, 31990D0258, 31989D0503, 31989D0506, 31990D0255, 31984D0419, 31989D0505, 31989D0502, 31989D0078, 31984D0247, 31989D0501, 31992D0353, 31989D0504 и 31990D0254. Во првата половина на 2011 година донесена е Заедничката основна програма за одгледување на добиток - ЗОПОД за период од 10 години (2011-2020 година) како и Годишната Програма со мерки за унапредување на сточарството во 2011 година, со акциски план за реализација на истите.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во однос на **ветеринарните трошоци** буџетските средства доделени со Програмата за здравствена заштита на животните за 2011 се намалени за 18% во споредба со 2010 година. За да се овозможи непречена и навремена реализација на активностите од областа на ветеринарството за 2012 година предвидено е средствата доделени со Програмата да се зголемат за 30% во однос на претходната година.

Во текот на 2011 година во организација на DG SANCO одржани се голем број обуки за имплементација на Европското законодавство во ветеринарната политика (област: здравствена заштита на животните, благосостојба на животните и нивна заштита и контрола на увозот).

**Од областа контролни мерки за болести кај животните** во рамки на Проектот ИПА 2008 реализирани се повеќе активности за контрола и сузбивање на беснило и класична свинска чума. Меѓу позначајните се: 1.) отворање и отпочнување со работа на лабораторијата за дијагностика на беснило во рамки на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје; 2.) бесплатна вакцинација на кучињата и мачките против беснило и 3.) остварени средби/состаноци со ловечките друштва за поттикнување на пријавувањето на секој улов во насока на ефикасна контрола и сузбивање на болести што може да се пренесат преку дивите свињи, во конкретниот случај класична свинска чума. Во рамки на истиот проект во тек се следните активности за контрола и сузбивање на беснило и класична свинска чума: 1) имплементација на Програмите за искоренување и сузбивање на класична свинска чума и беснило и 2.) мониторинг и контрола на успешноста на вакцинацијата на домашните свињи против класична свинска чума.

Во периодот од 16-21 мај 2011 во Скопје, во рамки на Агенцијата за храна и ветеринарство одржана е TAIEX Експертска Мисија за проценка на националната стратегија за искоренување на бруцелозата кај говедата, овците и козите.

Во областа на **идентификација и регистрација на животните** спроведена е TAIEX експертска мисија на тема “Проценка на моменталната состојба на системот за идентификација и регистрација”, со посебен акцент на централната база на податоци за идентификација и регистрација на животните, контрола на нивното движење, вклучително препораки за нејзино подобрување. Мисијата се одржа во периодот од 20-23 јуни 2011 во Скопје, Агенција за храна и ветеринарство. Препораките од експертите се корисни за понатамошно подобрување на системот за идентификација и регистрација. Во наредниот период планирано е одржување на неколку експертски мисии за истата проблематика. [20]. Контролите за движењата на животните се зајакнати посебно со подобрување на feedback механизамот што е резултат на меѓусебна соработка на институциите со надлежности поврзани за движењата на животните, Агенција за храна и ветеринарство, Управа за јавни приходи, Државен Инспекторат за земјоделство и Агенција за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. Воспоставувањето на системот за идентификација и регистрација на животните од видот свињи е во почетна фаза /креирањето на централна база на податоци е во тек/. Процес на ажурирање на системот за идентификација и регистрација на животните со цел негово поврзување со системот за сузбивање на бруцелозата е

[20] Наведено е во краткорочните приоритети на институционалната рамка од подрачјето 3.12.2

завршен, при што се земени предвид препораките дадени од страна на Европската Комисија. Завршена е изградбата на инспекциско место за ветеринарни прегледи на граничен премин на Аеродормот “Александар Велики”-Скопје. Активноста е финансирана од концесионерот на Аеродромот “Алексадар Велики”, турската компанија ТАВ[21]. На овој начин дополнително се зајакнати **капацитетите за вршење ветеринарни контроли посебно контролата на увозот на граничните премини**.

Од 1-ви јануари 2011 година целата постапка за увоз на пратки производи животинско потекло, со исклучок на живи животни, е во надлежност на ветеринарната инспекција на граничен премин. Со тоа постапката за издавање на ветеринарно-санитарни дозволи за увоз од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство повеќе не се применува.

Процедурите за потврдување на **лабораториите во рамки на Факултетот за ветеринарна медицина** се значително подобрени, при тоа дополнителни 89 дијагностички методи се акредитирани на почетокот од 2011 година. Процесот на акредитација на дијагностичките методи согласно барањата и стандардите на ЕУ ќе биде заокружен до крајот на 2011 година.

Во поглед на имплементација на Законот за **благосостојба на животните и нивна заштита** ревидирани се листи за проверка (check lists) на условите и начинот на чување за заштита на фармски животни како и зајакнување на контролите во живинарските фарми со повеќе од 350 несилки.
Во рамки на Агенцијата за храна и ветеринарство е формирано Одделение за внатрешна контрола кое врши аудит и контрола на стручното работење на државните службеници и организационите единици во Агенцијата, а со тоа е овозможено спроведување на системот за надзор на ветеринарните инспекциски служби. .

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 година продолжуваат активностите од аспект на усогласување на националното законодавство со релевантното EU acquis. Од голем број законодавни активности освен подзаконските акти предвидени се измени и дополнувања на следните закони заради понатамошно усогласување со релевантното Европско законодавство и тоа:
а) Законот за ветеринарно здравство (“Службен весник на РМ” 113/07, 24/11 и 136/11), ќе се изврши усогласување со одредбите од следните ЕУ мерки:: 31964L0432, 31990L0425, 31991L0068, 32006L0088, 32009L0156 и 32009L0158; б) Законот за идентификација и регистрација на животните (“Службен весник на РМ”54/05 и 81/07), ќе се изврши усогласување со одредбите од следните ЕУ мерки:: 31990L0427, 32000R1760, 32009L0156, 32008R0504, 31964L0432, 32008L0071 и 32004R0021; и в) Законот за благосостојба на животните и нивна заштита (“Службен весник на РМ” 113/07 и 136/11), ќе се изврши усогласување со одредбите од следните ЕУ мерки: 32007L0043, 32010L0063, 32008L0119 и 32005R0001.

Исто така на краток рок се очекува да бидат донесени голем број подзаконски акти од различни области и тоа: Согласно Законот за ветеринарно здравство (“Службен весник на РМ”113/07, 24/2011 и 136/2011):

А. Од областа **контролни мерки за болести кај животните** ќе бидат усвоени подзаконски акти: а) Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на болеста африканска чума кај свињите (усогласување со: 32002L0060), б) Правилник за мерки за сузбивање и искоренување- на болеста класична свинска чума (усогласување со: 32001L0089) и в) Правилник за мерки за сузбивање и искоренување на болести кај рибите и аквакултурата (усогласување со: 32006L0088) .

Б. Од областа **внатрешен промет во Европската Заедница со живи животни**, **ембриони**, **јајце клетки и семе за вештачко осеменување** ќе се донесат неколу подзаконски акти во однос на условите за ставање во промет на одделни видови животни и нивна намена, и тоа:
- Правилник за условите за здравствениот и репродуктивниот статус на животните, ветеринарно-здравствените услови за исправноста на семето за вештачко осеменување, јајце клетките и ембрионите, како и начинот на водење на евиденција и условите за центри за репродукција и вештачко осеменување

[21] Средствата првично наменети со IPA 2010 Проектот се во постапка на пренасочување за изградба на граничниот премин Блаце, за што се чека одобрување од страна на Европската Комисија.

и начинот и условите за одобрување на тимовите за емрбиотрансфер (усогласување со: 31992L0065, 31990L0429, 31988L0407, 31989L0556, 32009D0712, 32010D0470 и 31992L0065),

- Правилник за условите за ставање во промет на животните од видовите говеда и свињи, (усогласување со: од: 31964L0432, 32003D0886 и 32001L0089);
- Правилник за условите за ставање во промет на животните од видовите овци и кози, (усогласување со:31991L0068, 32009D0712 и 31990L0242);
- Правилник за условите за ставање во промет на копитари, (усогласување со:: 32009L0156, 31995D0328 и 32009D0712);
- Правилник за условите за ставање во промет на живина и јајца за ведење, (усогласување со:: 32009L0158, 31994D0327, 32008D0644, 32004D0235 и 32006D0605);
- Правилник за условите за ставање во промет на аквакултура, (усогласување со:32006L0088, 32008D0392 и 32008R1251); и
- Правилник за услови за увоз на семе за вештачко осеменување, јајце клетки и ембриони, (усогласување со: 32007D0240, 32004D0211, 31989L0056, 32006L0056, 31988L0407, 32004D0639, 32008D0636, 31990L0429, 32009D0893, 32010D0471, 31996L0065, 32010D0472, 32007R0318, 32010R0206 и 32005D0056).

В. Во областа на **системи за контрола на увозот** во изминатиот период се усвоени подзаконските акти усогласени со релевантните ЕУ прописи. Во наредниот период Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со редовно следење на усвоените измени во Европското законодавство со кои се регулира оваа област од аспект на преземање и примена на соодветни мерки за заштита (safeguard measures), и последователно нивно преземање и примена на национално ниво.

2. Согласно Законот за **благосостојба и заштита на животните** ("Службен весник на РМ"113/07 и 136/2011), ќе биде донесен Правилникот за благосостојба на животните за време на транспорт (усогласување со:: 32005R0001, 32004D0544). Со негово донесување ќе се овозможи целосна имплементација на законодавството од областа на благосостојба на животните усогласени со релевантното EU acquis.

3. Согласно *Законот за ветеринарно-медицински препарати* ("Службен весник на РМ" 40/2010 и 136/2011) ќе се донесат следните подзаконски акти: а) Правилник за начинот на употреба како и контролата на ставањето во промет и употребата на ветеринарно-медицинските препарати, усогласен со одредбите од: 32001L0082 и 32006R1950; б) Правилник за начинот на вршење на официјалните контроли на ветеринарно-медицинските препарати, усогласен со одредбите од: 32001L0082; в) Правилник за барањата кои треба да ги исполнува докторот по ветеринарна медицина, како носител на дејност во производството на ветеринарно медицински препарати, усогласен со одредбите од: 32001L0082; г) Правилник за начинот на распоредување на ветеринарно медицинските препарати во одделни категории и начинот на препишување и издавање на ветеринарно медицинските препарати, усогласен со одредбите од: 32006L0130; д) Правилник за начинот на собирање, верификација и претставување на извештаите за несакани дејства на ветеринарно медицинските препарати, како и начинот на размена на информациите за ветеринарно фармаколошката внимателност, усогласен со одредбите од: 32001L0082; ѓ) Правилник за формата и содржината на образецот, како и начинот на известување за сериозните, неочекуваните несакани дејства и несаканите дејства од употребата на ветеринарно медицинските препарати, како и начинот на нивно следење, собирање и евидентирање, усогласен со одредбите од: 32001L0082; е) Правилник за информациите што треба да бидат содржани во извештајот за оценување на ветеринарно-медицинскиот препарат, усогласен со одредбите од: 32001L0082; и ж) Правилник за оценување на разликите во разгледување на одобрението за ставање во промет на ветеринарно-медицински препарати, усогласен со одредбите од: 32008R1234.

4. Од областа **идентификација и регистрација на животните** се очекува да се усвојат измените и дополнувањата на Законот за идентификација и регистрација на животните ("Службен весник на РМ"54/05 и 81/07) заради целосно усогласување со релевантното законодавство на ЕУ.

Последователно на тоа ќе биде усвоен Правилник за идентификација и регистрација на копитари усогласен со одредбите на следните ЕУ мерки: 31990L0426; 31990L0427; 31997R0820; 31993D0623.

5. Од областа на **зоотехниката** согласно Законот за сточарство ("Службен весник на РМ" 7/2008 и 116/2010) до крајот на 2012 година се предвидува донесување на неколку подзаконски акти усогласени со релевантното законодавство на ЕУ и тоа: 32005D0379; 31989D0503; 31989D0056; 31990D0257;

31990D0258; 31996D0079; 31994L0028; 31996D0510; 32006D0427; 31990D0256; 31994L0028; 31977D0504; 31990D0427 и 32008R0504.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на **зајакнување на административните капацитети на ветеринарните инспекциски служби**, како на централно така и на локално ниво **за имплементација на контролните системи компатибилни со системите на ЕУ**, покрај тоа што се планирани нови вработувања на официјални ветеринари и обуки за истите, сите модули на Ветеринарниот Информациски Систем ВИС[22] веќе се развиени и се во фаза на тестирање. Секој од модулите ќе работи независно, но ќе биде поврзан со останатите модули (interface) што ќе овозможи проток на специфични и јасно дефинирани работни задачи на ветеринарните служби во Република Македонија. Системот ќе има можност за надградба, т.е. додавање по потреба на нови сегменти/модули.
Во рамки на IPA 2008 проектот предвидени се обуки за контрола и сузбивање на класична свинска чума, беснило, обуки за обучувачи од различни области во ветеринарството како и обука за примена на правилата за благосостојба на животните наменети за лица што се директно засегнати со тематската област. Поголем дел од обуките ќе придонесат за подобрување на административните капацитети на Агенцијата за храна и ветеринарство во насока **вршење на систематски контроли за преносливи/заразни болести кај животните**.
ИПА 2008 проектните активности поврзани со воспоставување на системот за идентификација и регистрација (ИиР) на животни од видот свињи ќе продолжат во текот на 2012 година. Исто така за наредната година планирано е воспоставувањето на системот за идентификација и регистрација на домашни миленици од видот кучиња и мачки. Планирано е одржување на повеќе експертски мисии за проценка на функционалноста и ефикасноста на системот за **идентификација и регистрација на животните и нивните движења** пред започнување на преговорите за пристапување на Република Македонија во Европската унија. Контролите на лице место во однос на идентификација на животните и контрола на нивните движења ќе продолжат да се зајакнуваат и во наредниотпериод. Административниот капацитет на Агенцијата за храна и ветеринарство во областа на идентификација и регистрација на животните продолжува да се зајакнува. За успешна реализација на политиката од областа на зоотехничките прашања Одделението за сточарство[23] како надлежна институција за креирање и спроведување на зоотехничките прашања има потреба од соодветни обуки. Исто така, во делот на **зоотехничките прашања** во 2012 година предвидено е да се воспостават регистри на признатите организации на одгледувачи по одделни видови на добиток како и регистар на автохтони раси/линии на добиток во Република Македонија. Опремувањето на ветеринарното инспекциско место на граничен премин Табановце ќе се изврши согласно Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2012 година. За истиот граничен премин предвидени се обуките за официјалните ветеринари.

Имплементацијата на повеќето активности од Проектот за Зајакнување на капацитетот на ветеринарните институции за имплементација на ЕУ Законодавството (IPA 2008) продолжува во текот на 2012 година. Во поглед на имплементација на законодавството од областа на благосостојба на животните и нивна заштита планирани се следните активности: регистрација на животните наменети за фармски цели, (особено кокошки несилки, бројлери, и др.), припрема на Стратегија за имплементација на преодните периоди утврдени со Закон во поглед на основен кафезен систем на одгледување и преодните периоди предвидени со Правилникот за условите и начините за заштита на фармските животни од видот свињи, регистрација на превозни средства кои вршат превоз животни и спроведување на обуки за одгледувачите на свињи и бројлери како и превозниците и финализирање на повеќегодишни контролни планови за благосостојба и заштита на животните.

[22] Развојот на ВИС системот е активност во рамки на *Проектот за зајакнување на земјоделскиот сектор во РМ и пристап во ЕУ - Групација Светска Банка*

[23] Одделението за сточарство е во рамки на Секторот за земјоделство, организациона единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**

Измените и дополнувањата на европското законодавство што ги регулира областите во рамки на ветеринарната политика ќе бидат следени во континуитет од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство и последователно транспонирани во националното законодавство. На среден рок предвидени се измени и дополнувања на Законот за ветеринарно-медицински ("Службен весник на РМ" 40/2010 и 136/2011). Од областа на **идентфикација и регистрација на животните** ќе биде донесен Правилник за идентификација и регистрација на домашните копитари усогласен со ЕУ мерките 31990L0427, 31990L0426, 31993D0623 и 31997R0820.. **На среден рок предвидени се одредени измени на** законската рамка во однос на ветеринарно-медицинските препарати.

Во однос на понатамошното усогласување на законодавството од областа на **зоотехниката** во текот на 2013 година предвидено е донесување на Правилникот за начинот на ставање во промет на приплодниот добиток наменет за натпреварување, усогласен со одредбите од: 31977D0504; 31988D0661; 31990D0428 и 31992D0216.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел запознавање со стандардите и процедурите што се применуваат во ЕУ, како и успешна имплементација на релевантното ветеринарно законодавство на Република Македонија предвидени се низа обуки за нововработените лица поточно стручниот кадар чии работни задачи се директно поврзани со различни области од ветеринарството како и континуирани обуки за надградба на знаењата на останатите стручен кадар. Со Проектот ИПА 2010 се предвидува градење на објекти за ветеринарна и фитосанитарна контрола на граничниот премин Блаце[24], како и комплетно опремување на истите. Во рамки на истиот проект предвидено е спроведување на серолошки испитувања на одредени зоонози, воведување на процедура за изработка на одобренија за ставање во промет и обуки за ветеринарно-медицински препарати

3.12.3 **СТАВАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ХРАНА И ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Согласно Законот за безбедност на храната ("Службен Весник на РМ" 157/2010 и 53/2011) донесени се следните подзаконски акти: а) Правилник за начинот на означување и декларирање на месото и производите од месо од животни од видовите говеда, овци, кози и свињи објавен во "Службен весник на РМ" 52/2011 од 13.04.2011, усогласен со одредбите од: 32000R1760 и 32000R1825; б) Правилник за начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг на зоонози и предизвикувачи на зоонози и листа на зоонози и предизвикувачи на зоонози кои се редовно предмет на мониторингот објавен во "Службен весник на РМ" 80/2011 од 14.06.2011), усогласен со: 32003L0099; в) Правилник за начинот на вршење на мониторинг и контрола на присуството на резидуи и контаминенти во живите животни и храната од животинско потекло, начинот на вршење на официјалните контроли и постапките за мониторинг и контрола на резидуи и недозволени супстанции и мерките кои се преземаат во случај на сомнение и на позитивен наод на присуство на резидуи и недозволени супстанции објавен во "Службен весник на РМ" 80/2011 од 14.06.2011, усогласен со: 32004R0882 и 32004R0854; г) Правилник за посебни барања за температурни контроли и одржување на ладниот ланец за храна од животинско потекло ("Службен весник на РМ" 97/2011 од 18.07.2011), донесен како национално решение, но истиот е од особено значење за ефикасно работење на инспекциските служби на Агенцијата за храна и ветеринарство како и операторите со храна од животинско потекло; д) Правилник за начинот на вршење на официјални контроли на салмонела објавен во "Службен весник на РМ" 97/2011 од 18.07.2011), усогласен со 32003R2160, и ѓ) Правилник за начинот и постапката на земање примероци за определување на резидуи од пестициди во храната во рамки на официјалната контрола објавен во "Службен весник на РМ" 133/2011 од 30.09.2011, усогласен со: 32002L0063.

---

24 Пренасочувањето на средствата предвидени со ИПА 2010 Проектот за изградба и опремување на ГП Блаце /претходно планирани за ветеринарно и фитосанитарно инспекциско место на граничен премин на Аеродромот Александар Велики - Скопје/ се во фаза на одобрување од страна на Европската Комисија.

Заклучно со декември 2010 година се усвои законодавството за управување и контрола на нус-производи од животинско потекло.
Законот за безбедност на храната ("Службен Весник на РМ" 157/2010 и 53/2011) обезбедува сеопфатна законска основа за хигиенските правила, посебните правила за производи од животинско потекло, правилата за контрола и посебните правила за контрола на производите од животинско потекло усогласени со одредбите од релевантното EU acquis со кое се регулирани горенаведените области /32004R0882, 32004R0852, 32004R0853, 32004R0854, 31996L0023, 32005R2074, 32002L0099, 32003R2160, 32003L0099, 32005R2076, 32005R2073, 32005R2075 и 31992L0118-/. Подзаконските акти во кои е транспонирано релевантното EU acquis во однос на посебни правила за производи од животинско потекло и посебните правила за контрола на производите од животинско потекло веќе се усвоени во изминатиот период согласно Законот за ветеринарно јавно здравство укинат со постоечкиот рамковен Закон за безбедност на храната ("Службен Весник на РМ" 157/2010 и 53/2011).
Закон за безбедност на храната ("Службен Весник на РМ" 157/2010 и 53/2011) исто така претставува и сеопфатна законска основа за формална категоризација и надградба на операторите со храна.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во организација на DG SANCO во рамки на програмата *Подобра обука за побезбедна храна* во текот на 2011 година одржани се голем број обуки за имплементација на Европското законодавство од страна на официјалните ветеринари заради организација и униформен пристап во вршењето на официјалните контроли согласно барањата на ЕУ во поглед на контрола на производите од животинско потекло.
Новиот *систем на наплаќање* /финансисрање на резултатите од контролите на земање на мостри согласно Европското законодавство, Регулативата 882/2004 односно Одлуката 90/424/ се спроведува од страна на официјалните ветеринари врз основа на Одлуката за висина на надоместокот за граничните ветеринарни контроли, за сите активности и службени контроли за производи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни кои се ставаат во промет во Република Македонија и за идентификација и регистрација на животните и одгледувалиштата и издавање на сертификати за здравствена состојба на животните објавена во "Службен веник на РМ" 109/09 , усогласена со горенаведените акти /32004R0882 и 31990D0424/.
Инспекциските служби (официјални ветеринари во поглед на храна од животинско потекло односно инспектори за храна во однос на храна од неживотинско потекло) вршат аудит и редовни контроли врз спроведувањето на HACCP принципите од страна на операторите за храна. Во случај на некоректна примена на истите се преземаат корективни мерки предвидени со националното законодавство усогласено со законодавството на ЕУ. Оценувањето на претпријатијата за преработка на храна за утврдување на усогласеност со стандардите на ЕУ и нивните програми за надградба се врши на терен од страна на официјалните ветеринари. Во контест на последното во текот на FVO мисијата одржана во 2011 година беа дадени забелешки за утврдени неправилности во оценувањето на објектите за производство и преработка на храна за нивна усогласеност со релевантните ЕУ стандарди од страна на официјалните ветеринари. Препораките и забелешките од FVO мисијата се земени предвид со што е извршено отстранување на неправилностите.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Процесот на усогласувањето на националното законодавство со соодветното ЕУ Acquis ќе се продолжи и во 2012 година со донесување на подзаконски акти согласно Законот за безбедност на храната (“Службен весник на РМ” 152/2010 и 53/2011) и тоа: а) Правилник за измени и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност на храната по однос на микробиолошки критериуми, усогласен со одредбите од: 32005R2073 и 32007R1441 и Правилник за измени и дополнувања на Правилникот за посебните барања за контрола на Trichinella spp. во место ("Службен весник на РМ" 32/2009), усогласен со одредбите од: 32011R110. На овој начин ќе се заокружи процесот на усвојување на националното законодавство во однос на хигиенските правила, специфични правила за животински производи, контролните правила и специфичните контролни правила за животински производи усогласено со релевантното Европско законодавство што ги регулира горенаведените области. Подзаконските акти усвоени согласно Законот за ветеринарно јавно здравство односно Законот за безбедност на храна и материјалите што доаѓаат во контакт со храната ("Службен Весник на РМ" 54/2002 и 82/2007), и покрај целосната усогласеност со европското acquis, ќе бидат укинати и заменети со нови подзаконски акти

заради усогласување со повикувањата Законот за безбедност на храната ("Службен Весник на РМ" 157/2010 и 53/2011). Согласно Законот за нус-производи од животинско потекло ("Службен весник на РМ" 113/2007) ќе се донесе Правилникот за начинот и постапката за увоз на нус производи од животинско потекло, листа на земји од кои е одобрен увоз и модели на сертификати за увоз на нус производи од животинско потекло, усогласен со одредбите од: 32011R0142, 32009R1069 и 31997D0078.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Одредени активности во рамки на ИПА 2008 Проектот за зајакнување на капацитетите на ветеринарните служби за имплементација на EU acquis веќе се започнати во текот на 2011 година и ќе продолжат во 2012.

За развој на системот за собирање, преработка, употреба, трговија и нештетно уништување на нус-производите од животинско потекло неопходно е претходно донесување на Стратегијата за собирање, нештетно отстранување и преработка на нус-производи од животинско потекло. Изработката на Стратегијата е активност во почетна фаза во рамки на проектот IPA 2008, а ќе се финализира до крајот на 2012 кога се очекува да биде донесена. Со тоа Агенцијата за храна и ветеринарство ќе се предложи најприфатливо решение од економски и еколошки аспект до Владата на РМ од страна за развој на горенаведениот систем.

Изработката на оперативни водичи за здравствените барања во однос на нус-производите од животинско потекло кои не се наменети за човечка исхрана, како и обуки на официјалните ветеринари се исто така дел од активностите предвидени во рамки на истиот проект, поточно изработка и имплементација на тренинг програми за спроведување на програми за официјални контроли наменети за официјални ветеринари, државни инспектори за храна, лабораториски персонал и други засегнати страни вклучени во имплементација на законодавството од областа за која се однесуваат обуките.

Имплементацијата на правилата за квалитет на суровото млеко усвоени во текот на 2011[25] согласно барањата и стандардите на ЕУ ќе започне во текот на 2012 година.

Со Проектот ИПА 2008 предвидена е изработка на Повеќегодишен план за официјални контроли усогласен со Регулативата 882/2004 како и имплементациски процедури за систематско и унифицирано вршење на официјалните контроли.

Согласно Законот за безбедност на храната ("Службен Весник на РМ" 157/2010 и 53/2011) предвидено е да се направи исклучок за операторите со храна со мали капацитети во поглед на нивна надградба и мониторинг на нивната надградба на флексибилен начин но при тоа да се задржат начелата предивдени со Европското законодавство како и утврдување на одредби за преодни периоди и одредби за категоризација и класификација на објектите – операторите со храна. За ко-финансирање на активностите на класификација на операторите за храна за усогласување со европските стандарди обезбедени се средства во рамките на ИПАРД Програмата.

Процесот на утврдување на нова постапка за обезбедување на контрола и зголемување на свеста кај операторите со храна од млекопроизводниот сектор во однос на здравствениот статус на животните од фармите од каде што се снабдуваат со суровина кој е во инцијална фаза и планирано е да се заврши до крајот на 2012 година.

Во соработка со Факултетот за ветеринарна медицина-Скопје Агенцијата за храна и ветеринарство започна постапка за спроведување на обуките наменети за операторите со храна од животинско потекло вклучени во примарното и пост-примарното производство и истата е планирано е да заврши до крајот на 2012 година

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Како резултат на измени во законодавството на ЕУ со кое се регулира областа за нус производи од животинско потекло соодветно ќе претпри измени Законот за нус-производи од животинско потекло ("Службен весник на РМ" 113/2007) националната правна рамка со кое се регулира горенаведената област. Законот е потполно усогласен со Регулативата 1774/2002 укината со Регулативата на Европскиот парламент и на советот 1069/2009 од 21 октомври 2009 за здравствените правила

[25] Правилник за барања за квалитетот на суровото млеко, стандардите за квалитет на конзумното млеко, млечните производи и употребата на нивните називи...... објавен во "Службен весник на РМ" 96/2011 од 18.07.2011 донесен согласно Законот за квалитет на земјоделските производи ("Службен весник на РМ" 140/2010 и 53/2011), усогласен со релевантните одредби од: .32004R0853 и 32001L0101.

во поглед на нус производи од животинско потекло и производи што не се наменети за човечка употреба со која се укинува горенаведената Регулатива (32002R1774).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со ИПА 2009 планирани се бројни активности: анализа на актуелната состојба во однос на локацијата, транспортот и нештетното уништување на нус-производите од животинско потекло и избор на најсоодветна прифатлива понуда за Република Македонија од економски и еколошки аспект. Исто така со ИПА 2009 предидено е воспоставување на информативни системи и платформи за надлежните органи за безбедност на храна надградени и поврзани со операторите за храна и храна за животни, собирање на податоци за сопствена контрола, како и пријавување на жалби и поплаки од страна на засегнатите потрошувачи. Со проектот ИПА 2010 планирана е воспоставување на центар за обука на обучувачи од областа на ветеринарното јавно здравство.

Предвидена е подготовка на повеќегодишна програма со мерки и индикатори за подобрување и следење на квалитетот на млекото и воспоставување на систем за следење на квалитетот на млекото (2012-2015). За таа цел на среден рок се планира и формирање на уште 2 регионални лаборатории за јужниот и источниот дел од Република Македонија за испитување на хигиена и квалитет на млекото. Заради успешна примена на добрата хигинеска пракса за примарното производство согласно стандардите и нормите на ЕУ во рамки на ИПА 2010 предвидена е изработка и оценка на прирачници.

3.12.4. **ПРАВИЛА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ХРАНА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно **Закон за безбедност на храната** (“**Службен весник на РМ**” 157/2010 **и** 53/2011) донесени се следните правилници, усогласени со соодветните ЕУ правни акти: а) Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба - млечна храна за доенчиња, објавен во “Службен весник на РМ” 21/2011 од 21.02.2011, усогласен со одредбите од: 32006L0141 и 32008L1243; б) Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба - преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца објавен во “Службен весник на РМ” 21/2011 од 21.02.2011, усогласен со одредбите од: 32006L0125; в) Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба (“Службен весник на РМ” 158/2011 од 15.11.2011) усогласен со одредбите: 32009L0039 и 32009R0953; г) Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба - храна наменета за користење во диети со ограничена енергетска вредност со цел намалување на телесната тежина, објавен во “Службен Весник на РМ” бр. 156/2011 од 09/11/2011, усогласен со одредбите од 32009L0008; и д) Правилник за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба - диететска храна за посебни медицински намени, усогласен со одредбите од објавен во “Службен Весник на РМ” бр. 157/2011 од 11/11/2011, усогласен со одредбите од 31999L0021.

Во однос на имплементирачкото законодавство за екстрактивни растворувачи и збогатена храна[26] на крајот на 2010 година донесени се два правилника под следните наслови:

- Правилник за дополнување на Правилникот за адитивите што може да се употребуваат во производството на храна – екстрактивни растворувачи, објавен во “Службен весник на РМ” 147/2010 од 11.11.2010, усогласен со одредбите од: 32009L0032 и 32010L0059 и

- Правилник за посебните барања за безбедност на храната во која се додадени витамини, минерали и одредени други супстанции (фортифицирана/збогатена храна), објавен во “Службен весник на РМ” 152/2010 од 24.11.2010, усогласен со одредбите од: 32006R1925 и 32009R1170.

---

[26] Иако станува збор за активности реализирани во текот на 2010 година пријавени во НПАА ревизија 2011 текстот повторно е наведен заради забелешката на Европската Комисија во последниот Извештај за напредокот /за 2011 година/ дека *имплементирачкото законодавство за екстракциони растворувачи и збогатена храна усогласено со EU acquis сé уште не е усвоено.* По неговото усвојување ЕК беше благовремено известена /текстот беше внесен и во Придонесот кон Извештајот за напредок за периодот септември 2010-април 2011/

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во насока на зајакнување на административните капацитети во делот на безбедност на храната од не - животинско потекло и генетски модифицирана храна-ГМО реализирани се 8 вработувања на квалификуван стручен кадар /помлади соработници, соработници и советници/ во вториот квартал од 2011 година.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Во текот на 2012година покрај донесување на одреден број под-законски акти заради понатамошно усогласување со релевантното Европско законодавство планирано е донесување на Закон за измени и дополнување на Закон за безбедност на храната ("Службен весник на РМ" 157/2010 и 53/2011).

- Исто така заради понатамошно усогласување со релевантното EU acquis што се однесува на правила за безбедност на храната согласно Законот за безбедност на храната ("Службен весник на РМ" 157/2010 и 53/2011) предвидено е донесување на: а) Правилник за адитивите што можат да се употребуваат во производство на храна, заради усогласување со одредбите од: 32008R1331, 32008R1332, 32008R1333 и нејзините измени и дополнувања од 2011 /32011R1129, 32011R1130 и 32011R1131/, 32008R1334, 32008L0060, 32010L0037, 32008L0084, 32008L0128 и 32010L0257; б) Правилникот за општи и посебни барања за хигиена на храната што ќе ги опфати Анкесите од Регулативата 2004/852 за општи барања за храната; в) Правилник за начинот на означување на храната, заради усогласување со одредбите од: 31989L0396; 31990L0496; 31987L0250; 31994L0054; 32000L0013 и 32003L0120; г) Правилникот за посебните барања за составот и начинот на означувањето на додатоците во храната усогласен со одредбите од: 32002L0046; д) Правилник за посебните барања за безбедност на брзо замрзнатите прехранбени производи, заради усогласување со одредбите од: 31989L0108; 32002R1882; и 32006L0107; ѓ) Правилник за посебните барања за безбедност на природната минералната вода, заради усогласување со одредбите од: 32003L0040; 32009L0054 и 32010R0115, е) Правилник за посебните барања за безбедност на храната произведена со иновирани технологии, заради усогласување со одредбите од: 31997R0258; ж) Правилник за посебни барања за безбедноста на храната која содржи или е произведена од генетски модифицирани организми, заради усогласување со одредбите од: 32003R1829, 32003R1830, 32001L0018 и 31990L0219; з) Правилник за посебни барања за безбедноста на материјалите што доаѓаат во контакт со храната, заради усогласување со одредбите од: 32004R1935, 32006R2023, 32011R0010, 32009R0450, 32008R0282, 32007L0042, 31984L0500, 32005R1895, 31993L0011, 32011R0321 и 32011R0284; ѕ) Правилник за нутритивни и здравствени тврдења, усогласување со одредбите од 32006R1924; и) Правилник за составот и означувањето на прехранбените производи соодветни за лица нетолерантни на глутен, заради усогласување со одредбите од: 32009R0041; ј) Правилник за измена и дополнување на Правилникот за посебните барања за безбедност на храната во која се додадени витамини, минерали и одредени други супстанции ("Службен весник на РМ" 152/2010) , заради усогласување со одредбите од: 32011R1169; и к) Правилник за посебни барања за безбедноста на храна третирана со јонизирачко зрачење. Причина за донесување на правилникот под точка к), од набројувањето се измените во повикувањето согласно постојниот Закон за безбедност на храната ("Службен весник на РМ" 157/2010 и 53/2011). Правилникот е потполно усогласен со одредбите од релевантното европско законодавство /31999L0002 и 31999L0003/.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Заради понатамошно зајакнување на системот за контрола на храната од неживотинско потекло како сегмент од интегрираниот систем за безбедност на храната, односно успешна имплементација на правилата за безбедност на храната од не-животинско потекло предвидени се нови вработувања на државни инспектори за храна, како и нови вработувања од редот на стручни државни службеници, и обуки за зајакнување на капацитетите на службите за контрола на храна.

Заради ефикасна имплементација на законодавството во однос на контрола на прехранбените производи и предметите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната, ГМО храна, храна произведена со

иновирани технологии, храна за посебна нутритивна употреба и додатоци на храна, означување, здравствени и нутритивни тврдења на храната планирани се соодветни обуки наменети за државните инспектори за храна.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во наредниот период Агенцијата за храна и ветеринарство ќе продолжи со усогласување на законодавството во однос на правила за безбедност на храната при тоа секогаш имајќи ги во предвид измените и дополнувањата на релевантното EU acquis.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на понатамошно зајакнување на функционалноста на системот за контрола на безбедноста на храната од не-животинско потекло покрај вработувања заради запознавање односно континуирана надградба на знаењата и вештините, предвидени се соодветни обуки за државните инспектори за храна како и обуки за стручно - административниот персонал во рамки на Секторот за храна од не-животинско потекло.

3.12.5. **ПОСЕБНИ ПРАВИЛА ЗА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на 2011 година согласно Законот за безбедност на храна за животни (“Службен Весник на РМ” 145/2010 и 53/2011) донесен е ПРАВИЛНИК ЗА КАТЕГОРИИТЕ И ФУНКЦИОНАЛНИТЕ ГРУПИ НА АДИТИВИТЕ ЗА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ДЕКЛАРИРАЊЕ, МИНИМАЛНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ОЗНАЧАТ КАКО И НАЧИНОТ НА ОПИШУВАЊЕ НА АДИТИВИТЕ ЗА ХРАНА ЗА ЖИВОТНИ (“Службен Весник на РМ” 168/2011 од 29.11.2011) усогласен со одредбите од регулативата 32003R1831.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА** ///

**КРАТКООРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Согласно Законот за безбедност на храна за животни ("Службен весник на РМ" 145/10 и 53/11) планирано е донесување на повеќе подзаконски акти усогласени со одредбите од: 32009R0767, 31982L0475, 32008L0038, 32010R0242, 32009R0152, 31997L0078, 32004R0882, 32002R0178, 32009R0669, 32004R0136, 32002L0032, 32005R0183, 32005R0183, 32005L0070, 32006L0077, 32008P0298, 32001L0018, 32003R1829, 32003R1830, 31990L0219 и 32011R0575.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на 2012 година ќе се спроведуваат теоретски и практични обуки за стручниот кадар од Агенцијата за храна и ветеринарство кој е директно вклучен во активностите од областа безбедност на храна за животни и исхрана на животните.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
**ПРАВНА РАМКА**
Заради понатамошно усогласување со релевантното законодавство на ЕУ (32002R0178, 32005R0183, 32004R0852, 32004R0882, 32009R0767, 31990L0167, 32001L0082, 32003R1831 и 32002L0032) во текот на 2012 година ќе се донесе Законот за измени и дополнувања на Законот за безбедност на храна за животни ("Службен весник на РМ" 145/10 и 53/11).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА** ///

3.12.6. **ФИТОСАНИТАРНА ПОЛИТИКА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**А**) **Правна рамка**

Значителен напредок е постигнат во однос на законодавните активности со донесувањето на голем број на подзаконски акти во текот на 2011 во надлежност на Фитосанитарната Управа од различни области и тоа :

1) Согласно Законот  за здравјето на растенијата („Службен Весник на РМ" бр. 29/05, бр 81/08/ бр 20/09 бр 57/10 бр17/11 и бр148/11) се донесени следните подзаконски акти:

а) Правилник за научни и технички капацитети за експериментални, научно истражувачки, селекциони или развојни работи  ("Служен весник на РМ" бр. 61 од 29.04.2011 год.), усогласен со одредбите од  ЕУ мерки: 32000L0029, б.) Наредба за задолжително известување за задржана пратка или штетен организам од трети земји кои претставуваат непосредна фитосанитарна опасност ("Служен весник на РМ" бр. 73 од 31.05.2011 год.), усогласена со одредбите од  ЕУ мерки: 32000L0029, в)  Наредба за спроведување на меѓународен стандард за насоки при преглед бр.23  ("Служен весник на РМ" 113/11 од 25.08.2011,), усогласена со одредбите од ЕУ мерки: 32000L0029, и според пропишаните обрасци од Меѓународната конвенција за заштита на растенијата (IPPC), г) Наредба за спроведување на мешународниот стандард за насоки за фитосанитарен сертификат бр.12  ("Служен весник на РМ" 113/11 од 25.08.2011,), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32000L0029, и според пропишаните обрасци од Меѓународната конвенција за заштита на растенијата (IPPC), д) Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за издавање на фитосанитарниот сертификат бр. 7  ("Служен весник на РМ" 113/11 од 25.08.2011,), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32000L0029, и според пропишаните обрасци од Меѓународната конвенција за заштита на растенијата (IPPC), ѓ.) Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за утврдување на статусот на штетни организми во областа бр.8  ("Служен весник на РМ" 123/11 од 12.09.2011,), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32000L0029, и според пропишаните обрасци од Меѓународната конвенција за заштита на растенијата (IPPC), е.) Наредба за спроведување на посебен надзор за утврдување на присуството на бактеријата Clavibacter michiganesis ( Smith ) Davis et al.ssp sepedenicus ( Spieckermann et Kotthoff ) Davis et al и постапките за лабораториско испитување  ("Служен весник на РМ" 130/11 од 26.09.2011,), и ж) Наредба за спроведување на посебен надзор за утврдување на присуството на бактеријата Ralstonia solanacearum ( Smith ) Yabuuchi et al. и постапките за лабораториско испитување ("Служен весник на РМ" 131/11 од 28.09.2011), з) Наредба за спроведување на Меѓународниот стандард за насоки при извоз, транспорт, увоз и ослободување на агенси за биолошка контрола и останати корисни организми бр. 3 ("Службен весник на РМ"156/11),  ѕ)Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за поимник на фитосанитарни термини бр.5 ("Службен весник на РМ"165/11), и и) Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за фитосанитарни третмани за регулирани штетни организми бр. 28 ("Службен весник на РМ"156/11).

2) Согласно Законот за производи за заштита на растенија („Службен Весник на РМ" бр. 110/07  бр. 20/09 бр17/11  и бр53/11) се донесени следните подзаконски акти: а) Листа на активни супстанции кои се одобрени за користење во производи што се применуваат за заштита на растенија на територијата на Европската Унија  ("Службен Весник на РМ"бр.159/2010 од 10.12.2010 год.) усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 31991L0414, б) Правилник за начинот и постапката под кои треба да се извршат официјалните тестови за ефикасноста на производите , просторните, кадровските и другите услови и професионалната квалификуваност на лицата кои ќе ги спроведуваат официјално признаените тестови  ("Службен Весник на РМ" бр.8/2011 од 24.01.2011 год.), усогласен со одредбите од  ЕУ мерки: 31991L0414, в) Правилник  за постапката за обработка на документите за оценување на активната супстанција, постапката за оценување на активните супстанции и барањата за нивно вклучување во националната листа на активни супстанции согласно со униформните принципи ("Службен Весник на РМ"бр.18/2011 од 14.02.2011 год.), усогласен со одредбите од  ЕУ мерки: 31991L0414, г) Национална листа на одобрени производи и активни супстанции ("Службен Весник на РМ"бр.40/2011 од 29.03.2011 год.), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 31991L0414,  д) Правилник за поблиските услови за пакување на производите за заштита на растенија, декларирањето и означувањето на стандардните фрази ("Службен Весник на РМ"бр.144/2010

од 01.11.2010 год.) и ѓ) Правилник за поблиските услови кои треба да ги исполнуваат правните лица кои работат со многу отровни супстанции и производи во однос на кадровските, организационо-техничките и други услови и начинот на употреба и користењето на многу отровни супстанции и производи (“Службен Весник на РМ”бр.154/2010 од 04.11.2010 год.)

3) Согласно Законот за ѓубриња („Службен Весник на РМ” бр 110/07 бр 20/09 бр17/11 и бр148/11) во 2011 година се донесени следните подзаконски акти: а) Правилник за видовите подобрувачи на својства на почвата, постапката и документите за класификација на нов подобрувач на својства на почвата на одреден вид, означување, идентификација, содржина на макроелементи, секундарните макро и микроелементи, минимални и максимални количества на хранливи елементи и примеси (“Службен Весник на РМ” бр.06/2011 од 17.01.2011 год.), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, б) Правилник за поблиските услови за увоз, формата, содржината и начинот на водење на регистарот на увозници на ѓубриња ("Службен Весник на РМ" 41/2011 од 01.04.2011 ), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, в) Правилник за начинот на собирање на податоци и водење на евиденција за контрола на квалитетот на производството на секоја шаржа на ѓубрињата пред да се пласираат на пазарот ("Службен Весник на РМ" 67/2011 од 17.05.2011 ), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, г) Правилник за правилата за добра земјоделска пракса за употреба на ѓубрињата ("Службен Весник на РМ" 68/2011 од 19.05.2011 ), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, д) Правилник за видовите на микро биолошки ѓубриња, постапката и документите за класификација на новото микробиолошко ѓубре во одреден вид, начинот на означување и идентификација, содржината на микроорганизмите, минимални и максимални количества на микроорганизми и примеси ("Службен Весник на РМ" 73/2011 од 31.05.2011 ), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, ѓ) Правилник за видовите на органски ѓубриња, постапката и документите за класификација на новото органско ѓубре во одреден вид, означувањето и идентификацијата, содржината на макроелементите, секундарни макроелементи, минимални и максимални количества на хранливи елементи и примеси ("Службен Весник на РМ" 78/2011 од 09.06.2011 ), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, е) Правилник за начинот на преглед на пратка на ѓубриња и документацијата по пристигнување на граничен премин и по потреба земање примероци, методите за земање на примероци, испитувањето, количеството на примероци и постапка за доставување на примероците до лабораторија ("Службен Весник на РМ" 73/2011 од 31.05.2011, усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, ж) Правилник за видовите за биостимулатори, постапката и документите за класификација на новиот биостимулатор во одреден вид, начинот на означување и идентификација, содржината на физиолошките компоненти и хранливи елементи, минимални и максимални количества на физиолошки активните компоненти и хранливи елементи и примеси во биостимулаторите ("Службен Весник на РМ" 106/2011 од 09.06.2011), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, з) Правилник за начинот на контрола на условите на пласирање на ѓубрињата на пазар на големо и мало и на контрола на квалитетот на ѓубриња, методите за земање на примероци и испитување, количеството на примероци и постапката (“Служен весник на РМ” 115/2011 од 29.08.2011 ), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, и) Правилник за начинот на спроведување на мерките за привремена или трајна забрана на производство и пласирање на ѓубрето на пазар во зависност од проценката на ризикот од ѓубрето за здравјето на луѓето, животните, растенијата и животната средина (“Служен весник на РМ” 115/2011 од 29.08.2011 ), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, ј) Правилник за условите под кои ѓубрето може да се пласира на пазар, односно да се евидентира, како и остатокот од пробното производство, од извоз или од крајниот корисник (“Служен весник на РМ” 120/2011 од 06.09.2011 ), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, к) Правилник за формата и содржината и начинот на водење на регистарот на производители на ѓубриња, постапката и документацијата за запишување во Регистарот на производители, условите за евидентирање на ѓубрето во Листата на ѓубриња кои се произведуваат и пласираат на пазар (“Служен весник на РМ” 120/2011 од 06.09.2011), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, и л) Правилник за начинот на пласирање на пазар на ѓубриња во ринфузна состојба (“Служен весник на РМ” 154/2011 од 04.11.2011 ), усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003.

Во надлежност на **Управата за семе и саден материјал** донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за семе и саден материјал (објавен во “Службен Весник на РМ” 171/2010 од 30.12.2010). Со измените и дополнувањата на Законот се прифаќа заедничкиот Европски каталог, последователно се укинуваат одобренијата за увоз на семенски и саден материјал и воедно се врши

доусогласување со релевантните ЕУ мерки: 31996L0401, 31966L0402, 31968L0193, 31992L0034, 31998L0056, 32000L0029, 31998L0095, 31998L0096, 32001L0064, 32001D0898, 32001D0897, 32002L0057, 32002L0056, 32002L005, 32002L0054, 32002L0053 и 31992L0033. Освен тоа, во текот на 2011 година донесени се следните подзаконски акти: а) Правилник за трговија со материјал за размножување и саден материјал на овошни растенија наменет за производство на овошје усогласен со Директивите 92/34/EEC и 2008/90/EC ("Службен весник на РМ" бр. 84/2011 од 24.06.2011), б) Правилник за трговија со саден материјал од винова лоза усогласен со Директива 68/193/EEC ("Службен весник на РМ" 116/11 од 31.08.2011), и в) Правилник за видовите и количините на семе и саден материјал на одделни видови наменети за лична употреба на производителите чиј упис е незадолжителен во регистрите на снабдувачи на семенски и саден материјал ("Службен весник на РМ" бр. 23/11 од 24.02.2011). Согласно Законот за селекционерски права (“Службен Весник на РМ” ) планирно е да се донесе Правилник за висината на трошоците за доделување на селекционерското право и за висината на надоместокот за одржување на селекционерското право ("Службен весник на РМ" бр.66/2011 од 12.05.2011). На овој начин е заокружена правната рамка за семе и саден материјал и селекционарски права усогласна со релевантното Еворпско законодавство и важечките меѓународни стандарди.

**Б**) **Институционална рамка**

1) Фитосанитарната Управа

Во текот на 2011 година реализирани се 3 вработувања на лица кои работат на проблематиката на транспонирање на подзаконските акти во рамки на фитосанитарната политика. Започнато е со електронско водење на Регистарот за производи за заштита на растенијата, Регистарот на производители, преработувачи, увозници и дистрибутери на растенија, растителни производи и други објекти и предмети и Регистарот за издавање уверение за службена верификација на погон за посебна доработка на дрвен материјал за пакување.

Фитосанитарната Управа од 01.01.2011 започна со имплементација на ISO-стандардите 9001:2008. Во рамки на програмата “Програмата за контрола на здравјето на растенијата” во организација на DG SANCO во текот на 2011 година беа реализирани неколку обуки на кои земаа учество претставници од надлежните институции за креирање и спроведување на фитосанитарната политика во Република Македонија. Обуките имаа за цел подобрување на ефикасноста на службите за контрола на здравјето на растенијата во ЕУ и земјите кандидати.

Во периодот од 22-25 август 2011 година се одржа TAIEX експертска мисија на тема Мониторинг и надзор на земјоделски култури на која земаа учество 35 претставници од надлежните институции за фитосанитарна политика во Република Македонија чие работење е поврзано со соодветната проблематика.

2) Управата за семе и саден материјал

Во 2011 година се спроведе од TAIEX – мисијата во Сараево-БиХ од областа на заштита на растенијата на која беа поканети и земаа учество двајца претстваници од Управата за семе и саден материјал. Во организација на CPVO се спроведени следните обуки и тоа: 1) Во Анже - Франција средба од областа на производство на саден материјал од градинарски култури и 2) Во Анже - Франција годишно собрание на CPVO – Канцеларија за заштита на нови сорти растенија, на кои земаа учество по еден претставник од Управата за семе и саден материјал како надлежна институција од Република Македонија. Горенаведените обуки се од особено значење при изготвување и имплементација на подзаконските акти од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и Законот за селекционерски права.

3) Државна Фитосанитарна лабораторија - ДФЛ

Работењето на лабораторијата зависи од функционалноста на фитосанитарниот систем, поточно од работата на фитосанитарната инспекција и инситуциите надлежни за креирање на фитосанитарната политика во Република Македонија.

4) Во насока на зајакнување на капацитетите за вршење на гранични фитосанитарни контроли на Аеродромот Александар Велики-Скопје е завршена изградбата на инспекциски место за врешење фитосанитарна контрола на пратки од растително потекло на граничен премин од страна на на концесионерот на Аеродромот Александар Велики-Скопје, турската компанија ТАФ.

5) Сектор за шумарство и ловство

Во периодот од 21-23.03.2011 година се реализираше експертска мисија од Словенија преку TAIEX програмата за изработка на изменувањата и дополнувањата на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

**Краткорочни приоритети**

**а) Правна рамка**

Законодавните активности во однос на понатамошно усогласување на националното законодаство со релевантното EU acquis од фитосанитарната област ќе продолжи и во 2012 година со донесување на предвдените подзаконски акти кои произлегуваат од постоечките закони кои ја уредуваат фитосанитарната политика.

Во 2012 година **Фитосанитарната управа** ќе продолжи со активностите за усогласување на националното законодавство со ЕУ регулативите. За таа цел предвидено е донесување на следниве Правилници: 1) Согласно Закон за здравјето на растенијата предвидено е донесување на 14 подзаконски акти и тоа: а) ISPM 01 Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за фитосанитарни принципи за заштита на растенијата и примената на фитосанитарни мерки во меѓународната трговија; б) ISPM 06 Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатства за надзор в) ISPM 09 Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатства за програмите за искоренување на штетни организми, г) ISPM 17 Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за известување за штетен организам ; д) ISPM 19 Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за упатства за листите на регулирани штетни организми; ѓ) ISPM 25 Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за пратки во транзит; е) ISPM 31 Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за методологија на земање примероци од пратки ; ж) ISPM 33 Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за компир, семенски материјал од компир и клубени ослободени од штетни организми за меѓународна трговија; з) Правилник за формата и содржината на Листата на алохтони видови организми, усогласен со одредбите од 32000L0029 ; ѕ) Правилник за техничките услови кои треба да ги исполнува барателот за увоз и користење на алохтони видови организми, усогласен со одредбите од 32000L0029, и)Правилник за начинот на поврзување на податоците на Фитосанитарната управа со другите бази на податоци и начинот на прибирање податоци од други бази на податоци, усогласен со одредбите од: 32000L0029.; ј) Правилник за начинот на водење на евиденција, регистри и бази на податоци кои се поврзани со информатичкиот систем, усогласен со одредбите од: 32000L0029.; к) Правилник за составот, бројот на членови и методот на работа на Стручниот совет, , усогласен со одредбите од: 32000L0029; л) Наредба за спроведување на посебен надзор за утврдување на присуството на габата Synchytrium endobioticum (Schilb.) Perc. и постапките за лабораториско испитување, усгогласен со одредбите од: 31969L0464 и љ) Наредба за спроведување на меѓународниот стандард за проектирање и функционирање на карантинските станици за увезени растенија, усгогласен со меѓународниот стандард ISPM 34.

2) Согласно Закон за производи за заштита на растенија за периодот 01.01.-31.12. 2012 година предвидено е донесување на следните 2 подзаконски акти: а) Правилник за потребните податоци, документите и постапката за одобрување на произвидите, што содржат активни супстанци што не се вклучени во листата Анекс 1 кои биле присутни на пазарот до јули 1993 година, усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 31991L0414, и б) Правилник за начинот и постапката под кои треба да се извршат експерименти или тестови, за истражување и развој што вклучуваат испуштање на неодобрени производи во животната средина и производ кој се корисни на начин различен од оној што е одобрен, просторните, кадровските или другите услови за физичкото или правното лице, усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 31991L0414 .

3) Согласно Закон за ѓубрива за периодот 01.01.-31.12.2012 година предвидени е да се донесат 3 подзаконски акти и тоа: а.) Правилник за формата и содржината на декларацијата за квалитет и означувањата на ѓубривата, усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003, б) Правилник за начинот и принципите за работа на стручниот совет, усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003 и в) Правилник за висината на трошоците за испитување при контрола на ѓубривата кои се произведуваат, увезуваат или пласираат на пазарот, усогласен со одредбите од ЕУ мерки: 32003R2003.

До 30 декември 2012 година ќе се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, со цел да се постигне потполно усогласување со Директивата 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјал и со Регулативата 1598/2002/ЕЗ за утврдување на детални правила за давање на взаемна административна помош од страна на надлежните органи.

б) **Институционална рамка**

Заради потребата од понатамошно зајакнување на административните капацитети за 2012 година планирани се 5 нови вработувања во **Фитосанитарната Управа** што се директно поврзани со евроинтеграциските процеси како и 5 нови вработувања во **Државната Фитосанитарна лабораторија (ДФЛ**).

За спроведување на меѓународните стандарди за фитосанитарните мерки , изготвување и спроведување на мониторингот на земјоделски култури за успешна имплементација на подзаконските акти односно меѓународните стандарди за фитосанитарните мерки, потребни се обуки за фитосанитарните инспектори заради нивно детално запознавање посебно за мониторингот на земјоделски култури кој ќе започне во 2012 година со практична примена на терен кој ке го спроведуваат фитосанитарните инспектори во рамки на Државниот инспекторат за земјоделство.

Во текот на 2012 година се предвидени 5 **нови вработувања** заради зајакнување на капацитетите на Управата за семе и саден материјал заради успешна реализација на активностите од областа на семе и саден материјал (имплементација на подзаконските акти од областа на семе и саден материјал, отпочнување на постапката за етикетирање на семенски и саден материјал, спроведување на пост-контрола на семенски и саден материјал, водење на регистри на снабдувачи на семенски и саден материјал во Управата, ажурирање на националната сортна листа, изработка на Билтенот и други стручни работи согласно законската регулатива). Исто така, Управата за семе и саден материјал согласно Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, ќе склучува договори согласно дадените јавни овластувања на правни лица за стручна контрола на производство на семенски посеви и насади, постконтрола и за испитување на видови на сорти на земјоделски растенија, како и јавни овластувања на лаборатории за испитување на семенски и саден материјал, земање и чување на дефинитивните примероци на сорти во ген банки.

Заради потребата од понатамошно зајакнување на административните капацитети на **Фитосанитарната Управа** што се директно поврзани со евроинтеграциските процеси во текот на 2012 година планирани се нови вработувања.

Имплементирањето на ISO 17025 и ISTA, и барањата произлезени од соодветните стандарди, ќе продолжат и наредната година 2012, со цел да се поднесе апликација во Институтот за акредитација на Република Македонија (ИАРМ) и да се акредитираат соодветните методи. Работењето на ДФЛ зависи од функционалноста на фитосанитарниот систем, поточно од работата на фитосанитарната инспекција и инситуциите надлежни за креирање на фитосанитарната политика во Република Македонија, односно од изготовката на мониторинг програмите и спроведување на истите на терен. Во овој период /2012 година/ ќе се преземат активности за реализирање на 2 нови вработувања и за студиска посета преку TAIEX програмата во делот на имплементација на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

**Среднорочни приоритети**

**Правна рамка**

Врз основа на Закон  за здравјето на растенијата („Службен Весник на РМ” бр. 29/05, бр 81/08/ бр 20/09 бр 57/10 бр17/11 и бр148/11) во текот на 2013  односно 2014 година предвидено е да се донесување на 24 подзаконски акти со што посебно ќе се преземат останатите меѓунардони стандарди за фитосанитарни мерки според Меѓународната конвенција за заштита на растенијата (IPPC) и тоа: ISPM 02, ISPM 04, ISPM 10, ISPM 11, ISPM 13, ISPM 14, ISPM 16, ISPM 18, ISPM 22, ISPM 24, ISPM 26:2006, ISPM 27, ISPM 29, ISPM 30 и ISPM 32, како и дел од одредбите од Директивата 32000L0029.

Врз основа на Законот за изменување и дополнување на Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, до крајот на 2014 година ќе се донесат подзаконски акти и тоа: Правлник за начинот на извршување на тестовите и оценување на резултатите од споредбените/генетските тестови со кој потполно ќе се транспонира Директивата 1999/105/ЕЗ за маркетинг на шумски репродуктивен материјал; Правилник за формата и содржината на „Информативен документ“ со кој ќе се транспонира Регулативата 1598/2002/ЕЗ за утврдување на детални правила за давање на взаемна административна помош од страна на службените органи и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за формата и содржината на уверението за признат основен материјал, како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на признат основен материјал со кој ќе се транспонира Регулативата 1597/2002/ЕЗ за утврдување на правила за формата на националните листи на основниот материјал на шумски репродуктивен материјал.

**Институционална рамка**

Со цел имплементација на ЕУ стандардите и процедурите,  како и успешна примена на националното законодавство, предвидени се обуки за постоечките и нововработените лица.  Управата во 2013 година ке продолжи со законската обврска за етикетирање на сертифициран семенски и саден материјал, сé со цел за подобра контрола и следење на квалитетот на истиот. Оваа активност обезбедува евиденција на производство на сертифициран материјал од сорти и контрола на семенскиот и садниот материјал кој се пушта во трговија. Со цел имплементација на ЕУ стандардите и процедурите,  како и успешна примена на националното законодавство, предвидени се обуки за постоечките и нововработените лица. За подобро спроведување на фитосанитарната политика од обласга на Управата за семе и саден материјал потребно е нејзино целосно доекипирање, како и 5 за во 2012 год. [27] Со цел јакнење на капацитетите на Секторот за шумарство и ловство се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување професионални обуки за вработените.

Потребна е континуирана подршка од меѓународни проекти за зајакнување на капацитетите на **Државната Фитосанитарна лабораторија (ДФЛ**) и доведување на лабораторијата да биде компаративна со истите ЕУ лабортории.

Со Проектот ИПА 2010 предвидено е опремување на објект за фитосанитарна контрола на Граничен Премин на Аеродромот "Александар Велики"-Скопје.

Заради следење и мониторинг на штетни организми кај шумските растенија и воспоставување на пасош за шумски растенија во рамки на Државниот Инспекторат замјоделство, Фитосанитарната Управа и Државната Фитосанитарна Лабораторија (ДФЛ) потребно е јакнење на капацитетите на институцијата се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување на професионални обуки за вработените. За таа цел потребно е исто така и вработување на инспекциски кадар со образовен профил шумарски инженер  и обуки на истиот з заради ефикасност во вршењето на фитосанитарната контрола.

## 3.13 **РИБАРСТВО**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

---

[27] При тоа треба да се напомене дека 5 нови вработувања во Управата за семе и саден материјал предложени за 2011 не се реализираа

Областа на рибарството и аквакултурата е уредена со Законот за рибарство и аквакултура, ("Службен весник на Република Македонија" бр.7/2008 и 67/2010, 47/2011 и 53/2011). Врз основа на законот, изработени се и донесени 24 пратечки прописи кои се објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр. 53 и 54 од 2008 година и број 7 и 94 од 2009 година 93, 117 и 162 од 2010 година и 24 и 109 од 2011 година .

Покрај Законот за рибарство и аквакултура, правната рамка во областа ја сочинуваат и пакет на закони од областа на ветеринарството, особено Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07) и Законот за јавно ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 114/07) како и Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/09) и донесените пратечки прописи врз основа на овие закони. Законите и подзаконските акти претставуваат основа за понатамошно уредување на материјата и политиката во областа на рибарството и аквакултурата во согласност со принципите на Заедничката политика за рибарство на ЕУ.

Во делот на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството***, одредбите од Законот за рибарство и аквакултура и претечките прописи кои поблиску ја уредуваат оваа материја, се однесуваат на дефинирање на риболовните води, начинот на вршењето на стопански и рекреативен риболов и дозволените риболовни средства за вршење риболов, постапките за одгледувањето на риби (аквакултурата), како и производството на порибителен материјал. Во функција на трајно користење на рибите преку одржлив развој, врз основа на законот, изработени се и донесени риболовните основи за три риболовни подрачја (природните езера), девет поголеми вештачки езера, за сите риболовни ревири во Република Македонија со определување на рекреативни зони и риболовни основи за помалите акумулации на територијата на Република Македонија и истите се објавени во Службен весник на Република Македонија бр.66/11 и 145/11.

***Структурните активности***, согласно одредбите од Законот за рибарство и аквакултура се уредуваат преку годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата, кои ги носи Владата на Република Македонија.

***Пазарната политика*** покрај Законот за рибарство и аквакултура и пратечките прописи кои се однесуваат на организирање и здружување во рибарството, местата за прва продажба на рибата како и квалитетот, големината и начинот на декларирање на рибите кои се ставаат во промет е уредена и со законската регулатива од делот на ветеринарството кој се однесува на рибарството и аквакултурата.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во рамките на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Одделението за рибарство и аквакултура (Сектор за земјоделство) е надлежно за изготвување, предлагање и надзор над спроведувањето на одредбите од законот за рибарство и аквакултура, како и за управни и стручни прашања од областа на рибарството. Во одделението за рибарство и аквакултура вработени се две лица.

Непосредно одговорен за инспекцискиот надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за рибарство и аквакултура е Државниот инспекторат за земјоделство, кој е орган во состав на МЗШВ. Во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибараството и аквакултурата при ДИЗ за вршење на инспекцискиот надзор се вработени вкупно 9 лица, а во Одделението за заштита на риболовните води вработени се 6 лица.

Здравствената заштита на рибите, како и безбедноста на производите од рибарството кои се пласираат на пазарот се во надлежност на Агенцијата за храна и ветеринарство.

За реализација на активностите во делот на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството*** од вкупниот број вработени во Одделението за рибарство и аквакултура е надлежно едно лице, а во делот на инспекциската контрола се вработени 4 лица во Одделението за инспекциски надзор од областа на рибараството и аквакултурата при ДИЗ.

За реализација во делот на ***структурни активности и пазарна политика*** во Одделението за рибарство и аквакултура е надлежно едно лице, а за целите на поефикасно вршење на надзор и контрола во областа вработени се 2 лица.

За реализација на активностите во делот на ***пазарната политика*** за целите на поефикасно вршење на надзор и контрола во областа во ДИЗ вработени се 2 лица.

Покрај тоа, во рамките на Одделението за рибарство и аквакултура, сектор за земјоделство се води евиденција за регистрираните репроцентри, производители на порибителен материјал од рибник наменет за промет, одгледувачи на риба, како и корисниците (концесионерите) на рибите од отворените риболовни води, со сите потребни податоци за следење на состојбите во областа. Воспоставен е и регистар на државната помош во рибарството

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во областа на рибарството во непосредна иднина, освен извесни дополнувања неопходни за следење на евро-интегративниот процес, не е предвидено донесување на закони од оваа област.

Пратечките прописи кои се донесени се однесуваат на ***управувањето со ресурси, инспекцијата и контролата во рибарството***, а ги допрецизираат одредбите околу искористувањето на природните ресурси (рибите) преку доуредување на начинот на вршење на рекреативниот риболов. Во ова подрачје, за дооформување на правната рамка изработени се риболовни основи за риболовните води во Република Македонија и истите се објавени во Службен весник на Република Македонија.

Во првиот квартал на 2012 година во областа на ***структурните активности*** предвидено е донесување на годишната Програма за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2012 година, со начин/упатство за реализација на истите, како и донесување на Програма за унапредување на рибарството и аквакултурата во Република Македонија за период од 12 години.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За зајакнување на административниот капацитет во тек на 2012 година во Одделението за рибарство и аквакултура се предвидува вработување на едно лице за подрачјето на ***пазарната политика***, со оглед на проширување на обемот на работа во областа, а за зајакнување на инспекциската контрола и вршењето на инспекциски надзор во областа, во Одделението за инспекциски надзор на рибараството и аквакултурата при ДИЗ во 2012 година трба да се вработат дополнителни 7 лица .

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој временски период ќе се изработат и реализираат годишните програми за финансиска поддршка во рибарството и аквакултурата во 2013 и 2014 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заради проширување на обемот на активностите во областа и зајакнување на административниот капацитет, на среден рок во Одделението за рибарство и аквакултура се предвидува вработување на едно лице, а во Одделението за инспекциски надзор на рибараството и аквакултурата при ДИЗ вработување на уште 2 лица .

## 3.14. **ТРАНСПОРТНА ПОЛИТИКА**

3.14.1 **ПАТЕН СООБРАЌАЈ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

*Пристап на пазарот*
Во делот на пристапот на пазарот матичен закон е Законот за превоз во патниот сообраќај со кој се регулирани условите и начинот на вршење на превозот на патници и стока во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.

Донесен е Закон за измени и дополнувања на Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11 и 53/11) со цел целосно имплементирање на прописите од Европската Унија. Имено, транспонирана е регулативата 1071/09, со тоа што сумата (капитал и резерви) од најмалку 9000 евра за прво возило и по 5000 евра за секое наредно возило при докажување на финансиската стабилност на фирмите кои се занимаваат со одделни видови на транспорт во патниот сообраќај, отпочна да важи од 01.09.2011 година. Инаку, во Законот за превоз во патниот сообраќај се имплементирани повеќе директиви и регулативи на Советот на Европската Унија и тоа: Регулатива бр. 1071/09/ЕЦ, Директива 96/96/ЕЦ, Директива 2000/30/ЕЦ, Директива 84/647/ЕЕЗ, Регулатива 56/83/ЕЕЗ, Регулатива 684/92/ЕЕЗ, Регулатива 881/92/ЕЕЗ, Регулатива 3118/93/ЕЕЗ, Регулатива 792/94/ЕЗ, Регулатива 3315/94/ЕЗ, Регулатива 12/98/ЕЗ, Регулатива 2121/98/ЕЗ, Директива 59/03/ЕЦ, Директива 94/06/ЕЦ.

*Патна инфраструктура*„
Во делот на патната инфраструктура, Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11 и 53/11) ги уредува условите и начинот на изградбата, реконструкцијата, одржувањето, заштитата, користењето, управувањето, финансирањето на јавните патишта, како и надзорот. Во Законот се имплементирани следните директиви: Директива 62/99/ЕЗ, Директива 52/04/ЕЗ.

*Опасни материи*
Превозот на опасни материи е регулиран со Закон за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр. 92/2007; 147/2008; 161/2009; 17/2011 и 54/2011) во кој се уредени условите под кои се врши превозот на опасните материи (подготвување на материјата, товарење, превоз, попатни манипулации, истивар, безбедност во превозот, опремување на возилата и обука на кадри). Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: Директива 94/55/ЕЗ, Директива 2000/61/ЕЗ, Директива 2001/7/ЕЗ, Директива 95/50/ЕЗ, Директива 2001/26/ЕЗ, Директива 2004/112/ЕЗ, Директива 1996/35/ЕЗ, Директива 2000/18/ЕЗ, Директива 98/91/ЕЗ, Директива 96/49/ЕЗ, Директива 2006/90/ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.
Во Законот за превоз на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, транспонирана е дел од директивата 94/63/ЕЗ кој се однесува на спецификациите за возилата цистерни.

*Безбедносни прашања*
Со Законот за работното време, задолжителните одмори на мобилните работници и уредите за запишување во патниот сообраќај се регулира прашањето за воведување на дигитални тахографи во возилата ("Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/09, 17/11 и 54/11). Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: Регулатива бр. 3821/85/ЕЕЦ, Регулатива 561/2006/ЕЦ, Директива 2006/22/ЕЦ, Директива 2002/15/ЕЦ.
Со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата(„Службен весник на Република Македонија“ бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09 и 161/09) се утврдени мерките за безбедност и заштита на патиштата, основните начела и меѓусебни односи на учесниците и другите субјекти во сообраќајот на патиштата, правилата на сообраќајот на патиштата, сообраќајните знаци и опремата на патиштата, должностите во случај на сообраќајна незгода, возачи, возила, уредите и опремата што мора да ги имаат возилата,

посебните мерки на безбедност и друго. Во Законот се имплементирани следните мерки од законодавството на ЕУ: 2002/85/ЕЗ, 1996/53/ЕЗ, 1991/671/ЕЗ, 1985/3820/ЕЗ, 1985/3821/ЕЗ, 1991/439/ЕЗ, 1997/26ЕЗ, 2002/15ЕЗ, 2004/11ЕЗ, 1992/6ЕЗ, 2000/56ЕЗ, 1996/47ЕЗ, 1996/96, 2003/127, 1989/459ЕЗ, 1988/599ЕЗ. Врз основа на Законот донесени се сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот.

Со Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр. 140/08), се регулира испитувањето на возилата, регистрацијата на возилата и техничкиот преглед на возилата. Врз основа на Законот се донесени сите подзаконски акти кои произлегуваат од него.

Министерството за внатрешни работи со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, изготви и усвои „Програма за унапредување на безбедноста во патниот сообраќај" која се спроведува на терен со цел подобрување на безбедносната состојба на патиштата.

Со Националната стратегија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014 се предвидуваат долгорочните потреби на државата за превземање на плански мерки и активности во делот на безбедност на сообраќајот и покажува спремност на државата за решавање на проблемите во овој сегмент. Беше донесен и Акциски план за спроведување на стратегијата, врз основа на кој се мерат индикатори за сголемување на безбедноста на сообраќајот.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

<u>Министерство за транспорт и врски</u>
Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на превозот на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај се: Министерството за транспорт и врски, Државниот инспекторат за транспорт – орган во состав на Министерството за транспорт и врски овластен за инспекциски надзор, Министерството за финансии – Царинска управа и Единиците на локална самоуправа.
Во Министерството за транспорт и врски постојат четири одделенија во рамките на Секторот за патен сообраќај и инфраструктура за работата околу превозот на патници и стоки во патниот сообраќај и патната инфраструктура. Во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура при Министерството за транспорт и врски работат вкупно 28 лица.

Во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура заклучно со ноември 2011 година се издадени:

- 2891 лиценци за вршење превоз на стоки во патниот сообраќај и
- 583 лиценци за вршење превоз на патници во патниот сообраќај,
- 11713 сертификати за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај и
- 5230 сертификати за професионална компетентност на управители или овластени лица за вршење превоз во транспортните компании.

Министерството за транспорт и врски е надлежна институција за подготовка на сите правни акти кои произлегуваат како обврски согласно Законот за јавни патишта, а надлежни институции за имплементација на Законот за јавни патишта се: Агенцијата за државни патишта и Единиците на локалната самоуправа.

Во рамките на Министерството за транспорт и врски работите од областа на патната инфраструктура се во налдежност на Одделението за патна инфраструктура во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура. Во одделението се вработени две лица со висока стручна спрема.

Согласно Законот за Јавни патишта избрано е правно лице за давање на услуги помош на пат.

Во врска со превозот на опасни материи во патниот и железничкиот сообраќај, Министерството за транспорт и врски е надлежен орган за изготвување на законската регулатива и имплементирање на законските одредби. Во рамките на Министерството за транспорт и врски, во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура функционира одделение за превоз на опасни материи во кое се вработени две лица со висока стручна подготовка.

Во Секторот за патен сообраќај и инфраструктура заклучно со месец ноември 2011 година се издадени:

- 162 сертификати за советници за безбедност при превоз на опасни материи

- Овластениот издавач на мемориски картички за дигитални тахографи во изминатиот период има издадено вкупно:
- 2945 мемориски карички, од кои: 2713 возачки картички, 191 превознички картички, 40 работилнички картички и 1 контролна картичка

Во Министерството за транспорт и врски во тек е набавка на опрема за вршење контрола на употребата на дигиталните тахографи. Потпишан е договор на 25.11.2011 за набавка на опрема за вршење на инспекциски надзор за контрола на времето на возење на возачите во патниот сообраќај со помош на уредите за запис т.н. тахографи и согласно договорот истите ќе бидат испорачани во рок од 15 дена од денот на потпишување на договорот. По испораката на уредите, односно најдоцна од 01.02.2012 година Државниот инспекторат за транспорт и Сообраќајна полиција ќе отпочнат со спроведување на контроли со што директно ќе се влијае врз подобрувањето на социјалното acquis.
На ден 29.08.2011 година се одржа состанок на Координативното тело за безбедност на сообраќајот на патиштата со цел разгледување на извештајот за реализирани активности од „Акциониот план за спроведување на Стратегијата за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и индикаторите од надлежните институции за спроведените активности“. Врз основа на заклучоците од одржаниот состанок СЕП ја извести ЕК за реализираните активности од Акциониот план.

Државен инспекторат за транспорт
Во Државниот инспекторат за транспорт функционираат 3 одделенија за инспекциски надзор на патишта, патен сообраќај и транспорт. Државниот инспекторат за транспорт има вкупно 42 вработени лица од кои 10 се инспектори за јавни патишта и 17 се инспектори за патен сообраќај.
Во 2011 (јануари-октомври) година Државниот инспекторат за транспорт ги има спроведено следните инспекциски контроли:
Државните инспектори за патишта заклучно со октомври 2011 година:

- Изготвиле вкупно 1484 записници за извршен надзор,
- донесле вкупно 271 решенија
- поднесле вкупно 244 барања до суд за поведување на прекршочна постапка,
- поднеске вкупно 357 барања за поведување на прекршочна постапка до комисија,
- издале 119 платни налози и
- издале 328 покани за наплата на глоба.

Државните инспектори за патен сообраќај заклучно со октомври 2011 година:

- Изготвиле вкупно 3765 записници за извршен надзор,
- донесле вкупно 1172 решенија
- поднесле вкупно 890 барања до суд за поведување на прекршочна постапка,
- поднесле вкупно 684 барања за поведување на прекршочна постапка до комисија,
- издадале 262 платни налози
- издале 467 покани за наплата на глоба,
- изклучиле од сообраќај 50 возила и
- одзеле 31 дозволи.

Исто така Државниот инспекторат за транспорт во своето работење е поврзан со Царинската управа, така што согласно Законот за превоз во патниот сообраќај Царинската управа, на граничен премин односно на друго место каде што се врши цариснки надзор, проверува дали домашен или странски превозник има

дозвола и други соодветни исправи и документи пропишани со Законот за вршење на соодветен вид на превоз, како и дали превозникот го врши превозот во согласност со тие документи. Доколку се утврди дека превозникот во возилото нема дозвола или друг потребен документ или дека истите не ги користи на пропишан начин, Царинската управа ќе забрани влез или излез на возилото во или од Република Македонија.

Во тек е реализација на проектот за Зајакнување на административните и оперативните капацитети на Државниот инспекторат за транспорт за ефикасно спроведување на легислативата во патниот транспорт финансиран преку средства од ИПА фондовите, чија цел е да овозможи дополнително подобрување на оперативните, менаџерските и административните капацитети на ДИТ што воедно ќе значи и зголемување на бројот на извршени инспекции. Проектот опфаќа спроведување на обука: „Спроведување на инспекциските контроли при вршење на превозот на патници и стоки во патниот сообраќај од страна на инспекторите од Државниот инспекторат за транспорт". Со обуката ќе бидат опфатени 10 лица. До средината на декември 2011 година ќе биде изготвена кратка листа на преткфалификациони понудувачи. Во фазата на преткфалификација се евалуираат 12 фирми.

Агенција за државни патишта

Во Агенцијата за државни патишта функционираат 4 сектори, во чии рамки има 11 одделенија и 4 самостојни одделенија, а вкупниот број на вработени изнесува 53 лица.

Согласно Законот, Агенцијата за државни патишта изготвува предлог Годишна програма за работите во врска со планирањето, финансирањето, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на државните патишта во Република Македонија. Програмата ја донесува Владата на Република Македонија.

Во врска со обновувањето на сообраќајната сигнализација во Република Македонија изготвен е Проект за обновување на сообраќајната сигнализација за Коридор 10 и за магистралните патишта. Потпишан е Договор за поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на автопатот А1/Е75: Граничен премин Табановце, Рафинерија – клучка Миладиновци со наплатна рампа, Аеродром Александар Велики – клучка Петровец со наплатна рампа, граничен премин Богородица. Вредноста на договорот изнесува 53.218.000,00 денари.

Заклучно со месец октомври 2011 година вкупниот број на поставена сообраќајна сигнализација на територијата на Република Македонија изнесува 3706 знаци.

Во врска со модернизацијата на наплатните станици и воведувањето на електронски систем за наплата на патарини долж Коридорот 10, во рамките на кредитот од ЕБРД за овој проект се обезбедени средства во износ од 17 милиони евра за проширување и адаптација на 5 постоечки наплатни станици (Романовце, Петровец, Сопот, Отовица и Градско) и изградба на 4 нови наплатни станици (Табановце, Неготино, Демир Капија и Гевгелија), како и набавка и инсталација на нов интегриран систем за наплата на патарина на споменатите наплатни станици. Проектот се одвива во 2 фази при што 1 фаза опфаќа проширување и адаптација на 5 постоечки наплатни станици и изградба на 1 нова наплатна станица, додека 2 фаза опфаќа изградба на 3 нови наплатни станици. 1 фаза е отпочната со објава на општа објава за набавка на градежни работи за изградба и инсталација на наплата на патарина на Коридор 10. Исто така избран е и консултант за помош при имплементација на системот за наплата на патарина и изработка на тендерска документација.

Исто така, поставени се пост-терминали на сите наплатни станици и веќе е овозможено плаќање на патарина платежна картичка.

Агенцијата за државни патишта во 2011 година ги има следните активности финансирани со странска помош:

- Реализирана е изградбата на автопатската делница Табановце-Куманово (Коридор 10) и официјално е пуштена во употреба на 08.09.2011 година. Вкупното чинење на проектот изнесуваше 12,6 милиони евра.

- Делница Демир Капија – Смоквица (Коридор 10)- затворена е финансиската конструкција, вредноста на градежните работи изнесува 245 милиони евра, а средствата се обезбедени преку ЕИБ, ЕБРД и ИПА. Тендерската документација е целосно усогласена со Делегација на ЕУ. Во тек е тендерска постапка за избор на иведувач, а јавно отварање на понудите е на 06.12.2011.
- За делниците од Коридор 8 кои беа дел од концесиските пакети, во Економскиот совет на Владата на Република Македонија се разгледуваат можностите и моделите за фазна реализација на делниците.
- Проект за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа во износ од 70 милиони евра финансиран преку Светска банка. Заклучно со III квартал 2011 година, од почетокот на Проектот повлечени се 35,9 милиони евра и платени се од сопствени средства за ДДВ 7,25 милиони евра.

Проект за подобрување на постоечката регионална и локална патна мрежа во износ од 50 милиони евра финансиран преку ЕБРД. Во текот на 2011 година повлечени се 7,3 милиони евра.

Во текот на 2011 година заклучно со 15.11.2011 година завршени се вкупно 56 локални патишта финансирани преку Светска банка и ЕБРД. Исто така завршени се и сите регионални патишта финансирани преку Светска банка.

Министерство за внатрешни работи

Министерството за внатрешни работи е надлежен орган за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста и контролата на сообраќајот на патиштата. Надлежни структури во Министерството за внатрешни работи кои се грижат за безбедноста на патниот сообраќај се: Секторот за полиција и криминалистички работи при Биро за јавна безбедност; 8 Полициски станици за безбедност на патен сообраќај, 26 Полициски одделенија за безбедност во патниот сообраќај и 3 полициски станици за безбедност на патниот сообраќај на автопатиштата.

Во текот на 2011 година претставниците на Министерството за внатрешни работи од делот на превенција во безбедноста во сообраќајот на патиштата има реализирано повеќе кампањи и активности меѓу кои:

- медиумска застапеност на униформираните полициски службеници по електронските и печатените медиуми на локални и на национални медиуми, (тековно)
- организирање и спроведување на сообраќајни поуки кои се однесуваат на сите учесници во сообраќајни, (тековно)
- организирање и спроведување на воспитни едукативни акции за младите учесници во сообраќајот за ученици од прво до четврто одделение "Безбедно од дома до училиште" и истата се врши со помош на авто-сообраќајни мобилни полигони (тековно)
- кампања за ограничување на брзината, (тековно)
- кампања за опасноста од управување со возило под дејство на алкохол и на други психотропни супстанции, (тековно)
- спроведена е акцијата "Детски семафор" во соработка со РСБСП, (тековно)

- Во текот на своето работење во 2011 година МВР има спроведено 41 селективни контроли на републичко ниво со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, а спроведените контроли се за:
- Општи контроли, (пет републички селективни контроли),
- Управување на моторно возило под дејство на алкохол, дрога и други психотропни супстанции, (шест републички селективни контроли),
- Престигнување спротивно на правилата на сообраќајот на патиштата, (пет републички селективни контроли),
- Управување на моторно возило со неприлагодена брзина според условите на патот (шест републички селективни контроли),
- Контрола на пешаците како учесници во сообраќајот, (четири републички селективни контроли),
- Контрола над возач на велосипед со помошен мотор, мопед, мотоцикл, лесен трицикл, трицикл, лесен четирицикл и четирицикл и лицата кои се превезуваат(пет републички селективни контроли),

- Контрола на техничката исправност на такси – возила и автобуси, (пет републички селективни контроли),
- Непочитување на правилата во сообраќајот во однос на недавање на првенство на минување, (пет републички селективни контроли),

Како резултат на работата на Министерството за внатрешни работи, во период од 01.01 до 01.10.2011 преземени се вкупно 229 305 мерки, од кои:

- Сообраќајни незгоди со квалификација на прекршоци – 5519,
- Поднесени барања за поведување прекршочна постапка – 88871,
- Предупредени учесници во сообраќајот – 19892,
- Времено одземени возачки дозволи – 3172,
- Спроведени санкции, забрана за управување на моторно возило – 1430,
- Упатени возачи на лекарски преглед – 48,
- Возачи исклучени од сообраќај – 12321,
- Возила исклучени од сообраќај – 11775,
- Упатени возила на вонреден технички преглед – 2598,
- Повикани на сообраќајна поука за сторен сообраќаен прекршок – 1854,
- Приведени возачи – 66,
- Задржани возачи – 6,
- Земено крв и урина за анализа – 799 и
- Употребен алкотест – 40689 и покажале знаци на алкохол – 4407.

Целосно е заживеана регистрацијата на негативните бодови за возачите на моторни возила кои направиле прекршок согласно со одредбите на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата(„Службен весник на Република Македонија“ бр.54/07, 86/08, 98/08, 64/09 и 161/09).

Во текот на 2011 година нивото на безбедност на сообраќајот на патиштата е подигнато на повисоко ниво со самиот факт дека е извршена реконстукција на повеќе патни правци на територијата на Република Македонија, а со тоа е извршено обновување на сообраќајните знаци, опремата и сигнализацијата на истите.

Формирано е и функционира Координативно тело за безбедност на сообраќајот на патиштата, чија цел е следење на напредокот во однос на реализацијата на Националната стратегија, во кое свои претставници имаат сите институции и правни лица кои имаат надлежност во било кој сегмент од безбедноста во сообраќајот на патиштата.

Министерството за внатрешни работи во текот на 2011 година собира и врши анализа на податоци со цел откривање на делници од патиштата со голем ризик, според бројот на настанати сообраќајни незгоди со цел да преземе мерки во соработка со другите надлежни институции за нивно санирање и отстранување.

Министерството за внатрешни работи има активно учество во изготвување и спроведување на голем број на кампањи чија цел е зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата преку снимање и емитување на спотови кои се застапени во печатените и електронските медиуми во Република Македонија.

Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата

Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата го реализираше акциониот план за 2011 година во сите негови елементи. Индикаторите на Советот се претежно позитивни, освен во активностите кои побаруваат поголеми финасиски средства, но не влијаат директно врз безбедносните показатели (превод на книги, набавка на литература......). Индикаторот за деца вклучени за едукација во сообраќајот 2010/2011 е 102%, индикаторот деца вклучени во натпревари од областа на сообраќајот 2010/2011 е 50%, бројот на снимени едукативни материјали (сообраќаен буквар за најмладите) индикаторот 2010/2011 е 300%.

Советот ја засили својата активност во областа на превенцијата, едукацијата и етиката во сообраќајот, но и подигање на јавната свест за важноста на безбедноста на сообраќајот. Во таа смисла подготвена е програма за обука за младите во средните училишта. Афирмирана е важноста на декадата за безбедност на сообраќајот на патиштата на ОН со анимирање и директно вклучување на престедателот на Република Македонија.

Советот во согласност со акцион план за 2011 организираше и собири за индивидуалната и корпоративната одговорност во сообраќајот во соработка со црвениот крст и со Армијата на РМ.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Пристап на зедничкиот пазар на транспорт

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, во текот на 2012 година се планира склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба.

- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Чешка, 31.03.2012 година.
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Кралството Шведска, рок 31.12..2012 година.
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Финска, рок 31.12.2012 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Литванија, рок 31.12.2012 година,

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерство за транспорт и врски

Секоја транспортна компанија во Република Македонија која ги исполнува условите предвидени во Законот за превоз во патниот сообраќај и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот, може да аплицира за добивање на лиценца за вршење на одделни видови превоз во патниот сообраќај. Континуирано се издаваат сертификати за учество на возачите во меѓународниот патен сообраќај, сертификати за професионална компетентност на управители или овластени лица за вршење превоз во транспортните компании.

Континуирано ќе се издаваат сертификати за превоз на опасни материи за возачите, како и сертификати за советници за безбедност при превоз на опасни материи.

Министерството за транспорт и врски ќе достави полугодишни извештаи на Координативното тело за безбедност на сообраќајот на патиштата за реализирани активности од „Акциониот план за спроведување на Стратегијата за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и индикаторите од надлежните институции за спроведените активности“. Целта е следење на спроведувањето на мерките за зголемување на безбедноста во сообраќајот на патиштата.

Државен инспекторат за транспорт

Државниот инспекторат за транспорт на секои три месеци ќе доставуваат извештаи до Владата на Република Македонија за бројот на извршени контроли од страна на Државниот инспекторат за транспорт, а исто така преку соопштенија за медиумите ќе се информира и јавноста за извршените контроли и изречените казни, со што превентивно ќе се влијае врз граѓаните во иднина да не сторуваат прекршоци.

Најдоцна од 01.02.2012, континуирано Државниот инспекторат за транспорт и Сообраќајна полиција ќе спроведуваат контроли на времето на возење на возачите во транспортниот сообраќај, со што директно ќе се влијае врз подобрување на социјалното acquis и на зголемувањето на бројот на инспекции.

На секои три месеци ќе се доставуваат извештаи до Владата на Република Македонија за бројот на извршени контроли од страна на Државниот инспекторат за транспорт, а исто така преку соопштенија за медиумите ќе се информира и јавноста за извршените контроли и изречените казни, со што превентивно ќе се влијае врз возачите во иднина да се придржуваат до прописите за времето на возење и одмор на возачи.

Агенција за државни патишта
Агенцијата за државни патишта во 2012 година ги има следните активности:
По однос на првата фаза од Проектот за модернизација на наплатните станици и системот за наплата на патарина долж Коридорот 10 која што е во тек, се очекува во прв квартал од 2012 година да биде распишан тендер за проширување и адаптација на 5 постоечки наплатни станици и изградба на 1 нова наплатна станица.
Склучување на договор за изградба на делница Демир Капија – Смоквица (Коридор 10) до крај на јуни 2012 година (за податалии информации треба да се види Поглавие 3.21).

Министерство за внатрешни работи
Во текот на 2012 година Министерството за внатрешни работи планира организирање и спроведување на акциите "Основи на сообраќајни правила и прописи" и "Сообраќајна етика" по државните средни училишта на територија на Република Македонија.
Континуирано во текот на 2012 година претставниците на Министерството за внатрешни работи од делот на превенција во безбедноста во сообраќајот на патиштата ќе реализираат повеќе кампањи и активности меѓу кои:

- медиумска застапеност на униформираните полициски службеници по електронските и печатените медиуми на локални и на национални медиуми,
- организирање и спроведување на сообраќајни поуки кои се однесуваат на сите учесници во сообраќај,
- организирање и спроведување на воспитни едукативни акции за младите учесници во сообраќајот за ученици од прво до четврто одделение "Безбедно од дома до училиште" со помош на авто-сообраќајни мобилни полигони
- кампања за ограничување на брзината,
- кампања за опасноста од управување со возило под дејство на алкохол и на други психотропни супстанции,
- акција "Детски семафор" во соработка со РСБСП

Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата
Во текот на 2012 година РСБСП ќе продолжи со реализација на активности преку вклучување на невладиниот сектор, согласно Програмата и акциониот план 2012 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Пристап на зедничкиот пазар на транспорт

Заради целосно регулирање на односите во патниот сообраќај со земјите од Европа, ќе продолжат активностите за склучување на Спогодби за меѓународен правоз на патници и стоки со земјите со кои Владата на Република Македонија сеуште нема склучено спогодба и тоа:

- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Португалија, рок 31.12.2013 година,
- Спогодба за меѓународен патен транспорт со Република Ирска, рок 31.12.2014 година,

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерство за транспорт и врски

Од 01.01.2013 година Министерството за транспорт и врски ќе отпочне со нов начин на издавање на сертификатите за стручна оспособеност на возачи на моторни возила за превоз на опасни материи, односно истите ќе бидат пластифицирани и со дополнителни безбедносни карактеристики (холограм, УВ текст и сл.), со што целосно ќе се усоласи со моделот предвиден во точката 8.2.2.8.5 од Европската спогодба за меѓународниот патен превоз на опасни материи АДР.

Агенцијата за државни патишта

Агенцијата за државни патишта на среден рок ги има следните активности:

Се планира завршување на прва фаза од проектот за модернизација на наплатните станици и системот за наплата на патарина долж Коридорот 10 во рок од 18 месеци од денот на потпишување на договор со најповолниот понудувач. Потоа ќе следи реализација на 2 фаза.

Изградба на автопат Демир-Капија Смоквица во период 2012-2016 година. (За податални информации треба да се види Поглавие 3.21.)

3.14.2. **ЖЕЛЕЗНИЧКИ СООБРАЌАЈ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**Законот за железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" 48/10, 23/11). Во февруари 2011 година, Собранието на Република Македонија го донесе Закон за измена и дополна на Законот за железничкиот систем, со кој се пропишуваат одредби за инспекцискиот надзор во насока на усогласување со Законот за инспекциски надзор.

**Закон за сигурност во железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" 48/10, 23/11, 53/11 и 158/2011) Во февруари 2011 година, Собранието на Република Македонија го донесе Закон за измена и дополна на Законот за сигурност во железничкиот систем, со кој се пропишуваат одредби за инспекцискиот надзор во насока на усогласување со Законот за инспекциски надзор. Во април 2011 година Собранието на Република Македонија го донесе Закон за измена и дополна на Законот за сигурност во железничкиот систем со кој се пропишува постапката на „молчењето е одобрување" за издавање на дозволата за управување со железничко возило, која ја израва органот за сигурност, односно Управата за сигурност во железничкиот систем . Во ноември 2011 година, Собранието на Република Македонија го донесе Закон за измена и дополна на Законот за сигурност во железничкиот систем, со кој се пропишуваат одредби со кои се регулира постапката за издавање на сертификат за субјектот за одржување на железнички возила, постапката за добивање на овластување за овластени обучувачи и овластени испитувачи, центарот за обука, субјектот задолжен за одржување на железнички возила како и условите што треба да ги исполнуваат другите железнички работници кои непосредно учествуваат во железничкоот сообрќај.

**Закон за интероперабилност во железничкиот систем** („Службен весник на Република Македонија" бр. 17 од 11.02.2011). Во февруари 2011 година, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за интероперабилност во железничкиот систем, со кој се пропишуваат условите што треба да се исполнат за да се постигне интероперабилност на железничкиот систем во Република Македонија на начин што е компатибилен со одредбите од Законот за сигурност во железничкиот систем. Овој закон е усогласен со ЕУ прописот 32008L0057.

**Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај** („Службен весник на Република Македонија" број 55/2007 и 148/2011). Во октомври 2011, Собранието на Република Македонија го донесе Законот за дополнување на Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај, со кој се

пропишуваат правата и обврските на патниците при превоз со железница како и на давателите на оваа услуга. Овој закон е усогласен со РЕГУЛАТИВАТА (ЕЗ) бр. 1371/2007 НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И НА СОВЕТОТ од 23 октомври 2007 година за правата и обврските на патниците во железничкиот сообраќај.

**Во делот на подзаконските акти**:

**Правилник** за составни делови на структурен и функционален подсистем на железнички систем, усогласен со ЕУ прописот 32008R0057, анекс II („Службен весник на Република Македонија“ број 64/2011).

- Правилник за основните барања кои треба да ги исполнува железничкиот систем, подсистемите и составните делови на интероперабилност, вклучувајќи го и меѓусебното поврзување на подсистемите, усогласен со ЕУ прописот 32008R0057 , анекс III („Службен весник на Република Македонија“ број 64/2011).
- Правилник за формата и содржината на барањето за издавње на првата потврда и доплнителната потврда за пуштање во употреба на железничко возило, како и формата и содржината на првата и доплнителната потврда за пуштање во употреба на железничко возило, а се однесува на возила кои ќе бидат усогласени со технички спецификации за интероперабилност или возила кои нема да бидат усогласени со ТСИ („Службен весник на Република Македонија“ број 64/2011).

**Годишна програма за фианнсирање на железничката инфраструктура за** 2011 **година** („Службен весник на Република Македонија“ број 08/2011, 27/2011, 81/2011 и 151/2011) со која се релизираат средства во висна од 301.556.000,00 денари, наменети за одржување на железничките пруги.

Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски за обезбедување и реализирање на финансиски средства наменети за железничката инфраструктура за период 2011-2013 година, **е склучен на** 07.07.2011 **меѓу Владата на Република Македонија претставувана од Министерот за транспорт и врски и Директорот на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Македонски Железници-Скопје**.

**Одлука за определување на услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници за период** 2011-2013 година број 51-7929/1 од 05.01.2011 („Службен весник на Република Македонија“ број 07/2011) и случен е Договор за вршење на јавна патничка услуга како услуга од јавен интерес во железнички превоз на патници и компензирање на дел од загубите при давање на услугата за период 2011-2013 меѓу Министерот за транспорт и врски и Генарелниот Директот на МЖ Транспорт АД-Скопје. За 2011 година се предвидува да се реализираат средства во висина од 229.579.259,00 денари за компензирање на дел од загубите при давање на јавната патничка услугата, односно надоместокот за користење на железничката инфраструктура при превозот на патници.

**Спогодбата за гранично регулирање на железничкиот сообраќај помеѓу на Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово**. На 15.09.2011 година, во Република Македонија се поитпиша Спогодбата, меѓу Министерот за транспорт и врски на Република Македонија и Министерот за инфраструктура на Република Косово.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Министерство за транспорт и врски** –Сектор за железници е надлежен за спроведување на политиката за развојот на железниците. Согласно Правилникот за организацијата и работни места во Серкторот има две одделенија: Одделение за железничка инфраструктура и Одделение за железнички транспорт. Во Секторот вкупно се вработени 6 државни службеници, вклучувајќи го и раководителот на сектор. Во 2011 година се реализираше 1 ново вработување, 1 државен службеник замина во пензија и 1 државен службеник е прераспределен во друг Сектор.

**Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Македонски железници-Скопје** (**управител на железничка инфраструктура**), е задолжено за управувањето со изградбата, реконструкцијата, ремонтот, одржувањето, заштитата на железничката инфраструктура, организирањето и регулирањето на железничкиот сообраќај, раководењето со системите за регулирање и сигурност и доделување на инфрастуктурните капацитети како дејности од јавен интерес.

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор – АРЖС** (**регулаторно тело**)
Обезбедува транспарентно и недискриминаторно работење на управителот на инфраструктура, превозниците, телата и институциите поврзани со работењето на железницата како и други учесници кои обезбедуваат железнички услуги во железничкиот јавен превоз. Бројот на вработените изнесува 4 вклучително и директорот. Во текот на 2011 година, Агенцијата изготви Годишен финансиски извештај со завршна сметка за 2010 година, Извештај за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за 2010 година, Годишна програма за работа и развој за 2011 година и Годишен финансиски план 2011 година.

Агенцијата воспостави комуникација со регулаторните агенции од регионот, заради размена на информации во врска со работењето и имплементацијата на барањата предвидени со ЕУ легислативата (со регулаторните тела на Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Бугарија, Црна Гора и Косово).

Во текот на 2011 година, беше остварено учество на работилници, работни средби со други регулаторни агенции од земјите на ЕУ Холандија и Австрија.
Агенцијата е член на работната група на регулаторните тела за железница при Генералниот Директорат за движење при Европската Комисија (DG MOVE).

**Управа за сигурност во железничкиот систем – УСЖС** (**орган за сигурност**).
Во тековната 2011 година Управата за сигурност во железничкиот систем (УСЖС) постапувајќи согласно своите надлежности на барање на железничкиот превозник Македонски железници Транспорт АД Скопје издаде 11(единаесет) први потврди за пуштање во употреба на железнички возила кои не се усогласени со техничките спецификации за интероперабилност како и 25 (дваесет и пет) први потврди за пуштање на железнички возила кои се усогласени со техничките спецификации за интероперабилност.
Поднесеното барање од страна на Словенске железнице Подружница Алпе Балкан Карго-Скопје,со кое бараа сертификат за безбедност Дел-Б, Управата за сигурност во железничкиот систем го одби поради тоа што барањето беше некомплетно. Исто така УСЖС одлучуваше по барања за издавање на дозволи за машиновозачи за управување со железнички возила, истите ги одби со оглед на законското решение дека постапката за издавање на дозволи за машиновозачи Управата за сигурност во железничкиот систем ќе ја спроведува по пристапувањето на Република Македонија во ЕУ.

УСЖС активно учествуваше при изготвување на измени и дополнувања на одредени законски и подзаконски акти

Со техничка помош обезбедена како грант средства, УСЖС во 2011 доби стручни советодавни услуги за поефикасно функционирање на Управта, како орган за сигурност и присуствуваше на семинари и работилници организирани од страна на меѓународни институции.

Организационо Управата за сигурност во железничкиот систем е организирана во 2 (два) сектора и тоа Сектор за сигурност во железничкиот ситем и Сектор за инспекциски надзор во железничкиот систем. Моментално во Управата се вработени 9 (девет) лица вклучително и Директор.

**Комитет за водење на истрага при случена сериозна несреќа**, **несреќа и инцидент** (**тело за истражување**) Комитетот како постојано тело е независен во својата организација , во донесувањето на одлуки и во својата работа (управителот на инфраструктура, превозникот, органот за сигурност, регулаторот на железницата и Министерството за транспорт и врски).

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во однос на правната рамка во 2012 ќе бидат донесни измени и дополнувања на Законот за железничкиот систем, со кој се пропишани одредби за дорегулирање на надлежностите на работењето на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, како регулаторно тело, во насока на вршење на контрола на квалитетот на услугите кои железничките превозници им ги обезбедуваат на патниците во железничкиот сообраќај и контрола на квалитетот на услугите кои управителот на инфраструктурата им ги обезбедува на железничките превозници, се воведува и анекс за осигурување за покривање на финансиски обврски на барателот-превозник, а во постапката за издавње на дозволата за вршење на јавен железнички превоз и одредба со која вршењето на јавен железнички превоз во ќе се дозволи на приватно домашно или странско правно лице по пристапување на Република Македонија за полноправна членка во Европската Унија.

Во 2012 ќе бидат изработени и донесени следните подзаконски акти и упатства:

1. Правилник за формата и содржината на образецот на барањето и упатството за пополнување на барањето за дозволата за вршење на јавен железнички превоз и анексот за осигурување за покривање на финансиски обврски, форма и содржина на образецот на дозволата, формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени дозволи, усогласен со COMMISSION RECOMMENDATION of 7 April 2004 on the use of a common European format for licence documents issued in accordance with Council Directive 95/18/EC on the licensing of railway undertakings *(notified under document number C(2004) 1279)* (2004/358/EC), L 113/37, 20.4.2004
2. Правилник за заеднички сигурносни показатели, усогласен со COMMISSION DIRECTIVE 2009/149/EC of 27 November 2009 amending Directive 2004/49/EC of the European Parliament and of the Council as regards Common Safety Indicators and common methods to calculate accident costs (Text with EEA relevance) L 313/65, 28.11.2009,
3. Упатство за примена на заеднички сигурносни методи при оценување на сообразноста на барањето на добивање на сертификат за сигурност за вршење на јавен железнички превоз, усогласен со COMMISSION REGULATION (EU) No 1158/2010 of 9 December 2010 on a common safety method for assessing conformity with the requirements for obtaining railway safety certificates (Text with EEA relevance) L 326/11, 10.12.2010
4. Упатство за примена на зеднички сигурносни методи при оценување на сообразноста на барањето на добивање на одобрение за сигурност за управување со железничка инфраструктура, усогласен со COMMISSION REGULATION (EU) No 1169/2010 of 10 December 2010 on a common safety method for assessing conformity with the requirements for obtaining a railway safety authorisation (Text with EEA relevance) L 327/13, 11.12.2010
5. Упатство за примена на зеднички сигурносни методи за процена на ризик и методи за процена на ризик, согласно член 6 од Законот за сигурност во железничкиот систем, усогласен со COMMISSION REGULATION (EC) No 352/2009 of 24 April 2009 on the adoption of a common safety method on risk evaluation and assessment as referred to in Article 6(3)(a) of Directive 2004/49/EC of the European Parliament and of the Council (Text with EEA relevance) L 108/4, 29.4.2009
6. Упатство за примена на параметри кои се применуваат при проверка на возила пред да се пуштат во употреба, усогласено со COMMISSION DIRECTIVE 2009/131/EC of 16 October 2009 amending Annex VII to Directive 2008/57/EC of the European Parliament and of the Council on the interoperability of the rail system within the Community (Text with EEA relevance) Official Journal L 273/12 from 17.10.2009
7. Правилник за формата и содржината како и начинот на водење на регистерот на одобрени типови на возила COMMISSION IMPLEMENTING DECISION of 4 October 2011 on the European register of authorised types of railway vehicles *(notified under document C(2011) 6974)* (Text with EEA relevance) (2011/665/EU) L 264/32 8.10.2011
8. Правилник за формата и содржината на регистерот на железничка инфратсруктура, COMMISSION IMPLEMENTING DECISION of 15 September 2011 on the common specifications of

the register of railway infrastructure *(notified under document C(2011) 6383)* (Text with EEA relevance) (2011/633/EU) L 256/1 1.10.2011

9. Упатство за пуштање во употреба на структурен подсистем и железнички возила COMMISSION RECOMMENDATION of 29 March 2011on the authorisation for the placing in service of structural subsystems and vehicles under Directive 2008/57/EC of the European Parliament and of the Council (Text with EEA relevance) (2011/217/EU), L 95/1, 8.4.2011

**Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за** 2012 **година** ќе биде донесена со утврдени средства за финансирање.

Извештај за реализација на **Годишна програма за финансирање на железничката инфраструктура за** 2011 **година**, согласно член 26 од Законот за железничкиот систем за рализација на годишната програма за 2011 година, управителот на железничката инфраструктура преку Министерството за транспорт и врски доставува Извештај до Владата на Република Македонија.

Во однос на пристапот до инфраструктурата ќе биде донесен Договор за пристап меѓу ЈП МЖ Инфраструктура-Скопје и МЖ Транспорт АД -Скопје за 2013 година, како и објава на мрежа за 2013 година.

Во делот на граничното олесување и намалување на т.н тесни грла во железничккиот сообраќај во 2012 година ќе бидат донесени

- Спогодба за гранично регулирање на железнички сообраќај меѓу Република Србија и Република Македонија
- Спогодба за гранично регулирање на железнички сообраќај меѓу Република Грција и Република Македонија,
- Ратификација јна за гранично регулирање на железнички сообраќај меѓу спогодбата а со Косово ќе биде ратификувана.

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор – АРЖС** (**регулаторно тело**)
Агенцијата ќе овозможи транспарентно и недискриминаторско работење на управителот на инфраструктурата и железничкиот превозник. Агенцијата ќе изготви годишна програма за работа и финансиски план за 2012 година и Годишен извештај за работењето на Агенцијата за 2011 година, активно ќе го контролира квалитетот на услугата обезбедена од сите учесници на пазарот на железнички услуги, како и ќе се грижи за почитување на правата на патниците кои ја користат железницата како превозно средство. До 31.03.2012 година до Собранието на Република Македонија ќе поднесе Извештај за реализација на годишната програма и финансискиот план за 2011 година.

**Управа за сигурност во железничкиот систем – УСЖС** (**орган за сигурност**)
За наредната 2012 година Управата ќе ја донесе годишната Програма за вршење на работите на инспекцискиот надзор. Во план е изработка на Упатствата за оценување на сообразноста на поднесените барања за добивање на Сертификат за сигурност за вршење на јавен железнички превоз и Одобрение за сигурност за управување со железничка инфраструктура.

**Во однос на Комитет за водење на истрага при случена сериозна несреќа**, **несреќа и инцидент (тело за истражување**) **во** 2012 **година ќе биде формиран и е**кипиран со 3 иследници од кои еден е одговорен иследник, а во согласност со усвоените измени и дополнувања на Законот за сигурност во железничкиот систем е („Службен весник на Република Македонија“ 48/10, 23/11, 53/11 и 158/2011) каде е предвидено Комитетот како постојано тело, да биде составено од најмалку двајца иследници, кои се стручни лица од областа на железницата и се во редовен работен однос во Генералниот секретаријат при Владата на Република Македонија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2013 и 2014 година ќе се следат измените и донесувањето на нови директиви на Европската унија кои ќе се усогласуваат со постојната законска рамка на Република Македонија во делот на железницата. Исто така ќе се иницира побрзо имплементирање и заживување на комбинираниот превоз по мрежата на железницата во Република Македонија.

**Агенција за регулирање на железничкиот сектор** – **АСЖС** (**регулаторно тело**)

Агенцијата ќе овозможи транспарентно и недискриминаторско работење на управителот на инфраструктурата и железничкиот превозник. Агенцијата ќе изготви годишна програма за работа и финансиски план за 2013 и 2014 година и активно ќе го контролира квалитетот на услугата обезбедена од сите учесници на пазарот на железнички услуги како и ќе се грижи за почитување на правата на патниците кои ја користат железницата како превозно средство.

**Управа за сигурност во железничкиот систем** – **УСЖС** (**орган за сигурност**)

УСЖС ќе предлага изработка на нови подзаконски акти од областа на сигурноста во железничкиот систем и ќе овозможи транспарентен пристап до законската и подзаконската регулатива на сите учесници во секторот.

3.14.3 **ВНАТРЕШЕН ВОДЕН СООБРАЌАЈ**

Внатрешната пловидба во Република Македонија опфаќа пловидба на природните и вештачки езера и пловидба на еден канал. Пловидбата се одвива за туристички цели и спорт и рекреација. Превоз на стоки не се врши. На внатрешните води забранет е превоз на опасни материи.

Во моментов не се одвива меѓудржавна и меѓународна пловидба, иако заради граничењето на природните езера со други држави (Република Албанија и Република Грција), во иднина постои можност да се реализира ваквата пловидба.

Во согласност со годишниот план за надзор над законитоста на спроведувањето на Законот за внатрешната пловидба за 2010 -2011 година и оперативен план за спроведување на истиот, во текот на 2011 година беа континуирано спроведувани од страна на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба при Капетанијата на пристаништата – Охрид.

Во делот на правната рамка беше донесен Правилникот за суштествените барања за производството, пласирањето на пазар и ставање во употреба на пловни објекти за рекреација "Службен весник на Република Македонија" бр. 6/2011 година, во кој се транспонираат Директивата 94/25/ЕЗ и Директивата 2003/44/ЕС. Со правилникот се пропишани суштествените барања за производството, пласирањето на пазарот и ставањето во употреба на пловни објекти за рекреација и на компонентите за инсталација, кои се однесуваат на дизајнот, конструкцијата, издувните емисии и емисиите на бучава, постапките и условите за оцена на сообразност, обележувањето и условите кои треба да ги исполнуваат телата за оцена на сообразност. Правилникот овозможува производство и пласирање на пазар на пловни објекти за рекреација со исполнети МКС ISO стандарди, што придонесува за безбедна пловидба.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежни органи за имплементација на работите што се однесуваат на безбедноста во внатрешната пловидба се Министерството за транспорт и врски и Капетанијата на пристаништата – орган во состав на

Министерството за транспорт и врски. Во рамките на Капетанијата постои едно одделение со вработени седум лица.

Во текот на 2011 година во делот на спроведување на законодавството и техничката исправност на пловилата извршен е технички преглед на бродовите кои пловат на внатрешните води во Република Македонија. Во текот на месец март и април од страна на признатото здружение за класификација Bureau Veritas, се изврши технички прегледи на бродовите кои пловат на внатрешните води на Република Македонија. Прегледот е вршен по извлекување на бродовите на суво. Определена е класа на бродовите и потврдена е нивната способност за пловидба, за што од страна на признатото здружение за класификација издадени се сертификати за способност за пловидба.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

1. До крајот на месец јуни 2012 година е предвидено да се подготви предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешната пловидба, во кој ќе се изврши транспонирање на Директива 76/135/ЕЕС од 20 јануари 1976 година за взаемно признавање на дозволите за пловидба на бродовите по внатрешните води и Директива 78/1016/ЕЕС од 23 ноември 1978 за изменување на директивата 76/135/ЕЕС и Директива 87/540/ЕЕС од 09 ноември 1978 за пристап кон професијата превозник на стоки по водени патишта во националниот и меѓународниот транспорт и заедничко признавање на дипломи, сертификати и други докази за формални квалификации во оваа професија.

2. До месец септември 2012 година ќе се подготви Предлог на правилникот за техничките правила за утврдување способност за пловидба на чамец и баждарење. Со техничките правила ќе се изврши имплементирање на одредбите од Директива 94/25/ЕС и Директива 2003/44/ЕС, која ја дополнува Директивата 94/25/ЕС. Со пропишувањето на техничките барања за утврдување способност за пловидба на чамец ќе се обезбеди: 1. безбедност на животот на луѓето, пловните објекти и имотот, 2. заштита на животната средина од загадување од штетни материи отпадни води и смет и 3. обезбедување услови на пловниот објект за превоз на патници.

3. Заокружување на активностите за завршување на градежно санационите работи на пристаништето во Охрид. Ова со цел обезбедување услови на пристаништето во поглед на неговиот капацитет, опременос и безбедност.

4. Согласно Законот за внатрешната пловидба и Годишниот план за работа на инспекторот за безбедност во внатрешната пловидба во текот на 2012 година е предвидено со редовни контроли вршење надзор над: 1. способноста за пловидба на пловните објекти, 2. пловните патишта, пристаништа, зимовници, сидришта и плажи, 3. бројот составот и стручната оспособеност на членовите на екипажот, 4. превозот на патници и товар во поглед на заштитата на животите на луѓето и имотот и 5. заштита од загадување од пловни објекти.

### 3.14.4 **КОМБИНИРАН СООБРАЌАЈ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Промовирањето на интермодалните и мултимодалните транспортни системи се една од целите на Националната транспортна стратегија на Република Македонија (2007-2017), со стратегијата се предвидува и да се создадат услови за превоз на стоки преку два или повеќе вида на транспорт, односно создавање на мултимодална транспортна мрежа.

Целосната законска рамка со која се лиценцираат мултимодалните транспортни оператори, ќе биде предизвик за во блиска иднина.

Согласно Националната Транспортна Стратегија во Република Македонија ќе се промовира :

- ефикасни сервиси од системот “од врата до врата“,
- најнови достигнувања во ЕУ во однос на стандардизација и хармонизација на товарните мултимодални единици,
- образование и обука кои ќе се фокусираат во насока на оперативни, маркетиншки, финансиски, економски и конкурентни односи помеѓу транспортните видови и нивна примена во мултимодалниот транспорт.

**ПРАВНА РАМКА**

Како дел од активностите за хармонизација на Европските директиви и регулативи во домашното законодавство е видливи и во: Законот за железнички систем (СВРМ 48/2010), Законот за сигурност во железничкиот сиетм (СВРМ 48/2010) и Законот за договорите за превоз во железничкиот сообраќај (Службен весник на РМ бр. 55/07) се вградени одредби со кои се регулираат односите помеѓу страните вклучени во вршењето на комбиниран превоз на стоки.

Усвоениот Закон за Јавни патишта во 2008 год (Службен весник на РМ бр. 84/08) вметнати се Европските позитивнуи искуства и е усогласен со Европските директиви.

### 3.14.5 **ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ**
### **ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

**Закон за воздухопловство** („Службен весник на РМ“ бр.14/2006, 27/2007, 103/2008 и 67/2010) - ги уредува условите и начинот на вршење на дејностите од обласга на воздухопловството во Република Македонија, ја воспоставува правната основа за трансформација на Управата за цивилна воздушна пловидба на регулатор и давател на услуги на воздухопловна навигација и ги регулира аеродромските такси. Подзаконските акти предвидени со овој Закон се изготвуваат во согласност со прифатените меѓународни воздухопловни стандарди, препорачаните практики и легислатива на ЕУ, ICAO, ECAC, JAA/EASA и EUROCONTROL. Меѓународните стандарди, регулативи, упатства и препорачани практики на кои подзаконските акти вршат само упатување се сметаат за прифатени и директно се применуваат. Овој закон дава основа за транспонирање на ЕУ мерки во подзаконските акти , а во самиот закон директно се транспонирани 31996L0067 и 32008R1008 (во делот за public service obligation(PSO)).

**Закон за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај** („Службен весник на РМ“ бр.85/2008 и 148/2011) - ги регулира прашањата поврзани со приватното право во доменот на воздухопловството, во однос на договорот за превоз, т.е. авиокартата за превоз на патници, одговорноста на авиопревозниците што произлегува од договорот за превоз, надоместување на штета, осигурување и сл. Овој закон е усогласен со следниве ЕУ мерки: 32008R1008, 31997R2027, 32002R0889, 32004R0261, 32005R2111, 32004R0785, 31989R2299 , 31999R0323 и 31993R3089.Собранието на Република Македонија во текот на 2011 година го донесе Законот за ратификација на Анексот за изменување на Анекс I на Спогодбата за ЕЗВО („Службен весник на РМ“ бр.98/2009), со кој се укинува една од ЕУ мерките кои се транспонираат со Закон и тоа, ЕУ Регулативата 2409/92. Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите и стварноправните односи во воздушниот сообраќај (“Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2011) беше во насока на

транспонирање на ЕУ Регулативата 32008R1008, која ја укинува ЕУ Регулативата 31992R2409.Пречистениот текст на Законот за воздухопловство е објавен во "Службен весник на Република Македонија" бр.118 од 06.09.2010 година.

Со ратификација на **Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област** (**ECAA**), потпишана на 09.06.2006 година во Луксембург („Службен весник на РМ" бр.27/2007 и 98/2009) за Република Македонија и ЕУ создадени се унифицирани услови за слободен пазар на услуги во воздушниот транспорт и унифицирани правила во областа на сигурноста, безбедноста, управувањето со воздушниот сообраќај, социјалната сфера и заштитата на животната средина. Од 2008 година Заедничкиот комитет на ECAA нема донесено нова одлука за ревизија на Анексот I од договорот со што се оневозможува процесот на хармонизација со ЕУ мерки донесени после 2008 година.

Во декември 2006 година Република Македонија ја ратификуваше **Хоризонталната спогодба** (**Спогодба помеѓу Република Македонија и ЕУ за некои аспекти на воздушниот сообраќај**), потпишана на 09.06.2006 година во Луксембург („Службен весник на РМ" бр.127/2006). Нејзина цел е измена или дополнување на некои одредби од билатералните спогодби за редовен воздушен сообраќај кои Република Македонија ги има склучено со земји членки на ЕУ со цел истите да бидат усогласени со законодавството на ЕУ и на тој начин да се одбегне дискриминацијата во воздушниот сообраќај во однос на другите земји членки на ЕУ.

**Билатерални спогодби**

Во текот на 2011 година беше потпишана Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република македонија и Владата на Република Турција и Спогодбата за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Државата Катар а беше парафирана Спогодбата за воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Соединетите Американски држави.

**Подзаконски акти на Законот за воздухопловство**

Во текот на 2011 година донесени се поголем дел подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.14/2006, 24/2007, 103/2008 и 67/2010). Во тој контекст веќе се транспонирани пет регулативи на ЕУ согласно обврските од Спогодбата за Европска заедничка воздухопловна област: 32004R0552, 32006R1032, 32006R1033, 32007R0219, 32007R0633, 32007R1265 и 32008R0482, 32004R0551, 32005R2150 и 32006R0730.

**Националната воздухопловна политика на Република Македонија** претставува главна основа за дефинирање на стратешките цели и приоритети на Република Македонија во областа на воздухопловството и е ориентирана кон реализирање на приоритетите во секоја од областите дефинирани во Спогодбата за создавање на Европска заедничка воздухопловна област и тоа: безбедност, услуги на воздухопловна навигација, инфраструктура, сигурност, заштита на животната средина, заштита на правата на потрошувачите, конкуренција и останати области поврзани со воздухопловството во Република Македонија.

**Национална стратегија за развој на воздухопловството во Република Македонија** дава насоки за: модернизирање и оптимизирање на идната организациона структура на националниот воздухопловен сектор, исполнување на високите меѓународни стандарди за безбедност и сигурност, подобрување на воздухопловната инфраструктура, одржливост на животната средина во услови на пораст на обемот на воздушниот сообраќај и транспорт, управување со воздушниот простор согласно принципот Единствено

европско небо, либерализација на услугите во воздушниот транспорт, како и мерките за заштита на постоечките и новите корисници на услугите во воздушниот транспорт во Република Македонија.

Дополнително во 2011 година беа донесени:

**Националната програма за безбедност бр**. 03-51/20 **од** 08.04.2011 **година** која има за цел унапредување на системите за управување со безбедноста и постигнување на прифатливо ниво на безбедност во воздушниот сообраќај. Донесувањето на Националната програма за безбедност е во согласност со остварувањето на регулаторната функција и одговорноста која ја има Агенцијата за цивилно воздухопловство во воздухопловната заедница. Донесувањето на Националната програма за безбедност е во согласност со стандардите на Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO) односно Анекс 6, Анекс 11 и Анекс 14 на ICAO кои содржат обврска секоја земја членка да донесе своја програма за безбедност со која ќе се овозможи безбеден и ефикасен воздушен сообраќај кој е целосно интегриран во севкупната транспортна мрежа.

**Националната програма за олеснување во воздухопловството** ("Службен весник на РМ" бр. 50/11) која има за цел спроведување на обврската од ICAO за договорните земји да ги обезбедуваат и олеснуваат формалностите за прекуграничен премин, кои треба да се извршат за воздухопловите кои се вклучени во меѓународен сообраќај и нивните патници, екипаж и карго. Со оваа програма се транспонираат Анекс 9 на ICAO и Документ 30, Дел 1 на ECAC.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Министерство за транспорт и врски**. Надлежностите на Министерството за транспорт и врски - Сектор за воздухопловство се утврдени во член 6 од Законот за воздухопловство. Во моментов, има шест (6) вработени сите во редовен работен. На 06 и 16.09.2010 година Министерството за транспорт и врски објави два огласи за вработување на три лица во Секторот за воздухопловство и тоа еден помлад соработник и двајца советници. На 29.10.2010 година донесени се решенија за вработување на еден советник за аеродроми и аеродромски услуги и еден советник за стратешки план и економски развој на цивилното воздухопловство (со важност од 01.11.2010 година), со што се реализирани предвидените вработувања по НПАА 2010. На 08.02.2011 година вработено е едно (1) лице на работно место помлад соработник за воздухопловство во Одделението за воздухопловна политика во Секторот за воздухопловство.

**Агенција за цивилно воздухопловство**. Надлежностите на Агенцијата за цивилно воздухопловтсво се утврдени во член 7-а од Законот за воздухопловство. Во моментов, во Агенцијата за цивилно воздухопловство се редовно вработени 60 лица со тоа што во текот на 2011 година немаше нови вработувања.

**Давател на услуги за воздухопловна навигација** (ANSP). Врз основа на член 60 од Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.14/2006, 24/2007, 103/2008 и 67/2010) за вршење на услуги на воздухопловна навигација, Владата на Република Македонија формираше Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје. Агенцијата за цивилно воздухопловство на 10.03.2010 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давател на услуги на воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје му издаде Уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација со број МК-01/2010ANSP М-НАВ АД СКОПЈЕ. Уверението е издадено во согласност со член 10 и член 53 став 4 од Законот за воздухопловство, а во врска со Уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење („Службен весник на РМ" бр.114/2008 и 117/2009).

**Јавно претпријатие за аеродромски услуги „Македонија“ – Скопје**. Новото Акционерско друштво за аеродромски услуги „АЕРОДРОМИ НА МАКЕДОНИЈА“ – во државна сопственост е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија на 22.08.2008 година.
**Концесионер „ТАВ Македонија“ ДООЕЛ**. На 01.03.2010 година концесионерот „ТАВ Македонија“ ДООЕЛ го превзема оперирањето со аеродромите „Александар Велики“ – Скопје и „Св. Апостол Павле“ – Охрид. На 10.03.2011 година од страна на Комисијата извршен е технички преглед, а во март 2011 година издадена е употребна дозвола за аеродромот „Св. Апостол Павле“ – Охрид.

**Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти**
Законот за воздухопловство предвидува формирање на Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти како независно истражно тело.
Комитетот треба да биде организациски, функционално и финансиски независен од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата и од субјектите на воздухопловната индустрија чии интереси можат да бидат во конфликт со неговите задачи и овластувања.

**Национален комитет за обезбедување во цивилното воздухопловство**. Согласно Националната програма за воздухопловна безбедност, формиран е Национален комитет за воздухопловна безбедност и именувани се членовите на Националниот комитет за воздухопловна безбедност. Национален координатор за воздухопловна безбедност е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Национален комитет за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај**. Согласно Националната програма за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.1272008) и стандардите од Анекс 9 кон Чикашката конвенција формиран е Национален комитет за олеснување на превоз во воздушниот сообраќај. Конститутивен состанок на Националниот комитет за олеснување на превоз во воздушниот сообраќај е одржан на 01.04.2009 година. Национален координатор за олеснување на превозот во воздушниот сообраќај е директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

**Цивилно-воен комитет за управување со воздушниот простор**
Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/10) за извршување на работите поврзани со управување со воздушниот простор и флексибилно користење на воздушниот простор Владата на Република Македонија треба да формира Цивилно-воен комитет за управување со воздушниот простор.

## СТРАНСКА ПОМОШ

### Програма за имплементација на регулативата за Единствено европско небо во земјите на Југоисточна Европа ИСИС - ISIS Programme

ISIS Програмата, која беше неактивна извесен период повторно беше иницирана од страна на Европската унија во септември 2010 година. Имено, Програмата целосно ја превзема техничката помош за ЕУ прописи од областа на навигацијата. На 06 и 07.09.2010 година во Агенцијата за цивилно воздухопловство се одржа состанок со претставник од Секретаријатот на ISIS, на кој беше утврден акционен план за транспонирање на ЕУ Регулативите 551/2004, 552/2004, 2150/2005 и 1315/2007. На 08.09.2010 година во Будва, Црна Гора се одржа состанок на Управувачкото тело во рамки на ISIS на кој се усвоија заклучоците за повторно иницирање на ISIS Програмата. Активностите на Република Македонија за техничка помош преку ISIS Програмата се предвидени за 2011 година, а согласно Националната програма за усвојување на правото на Европската унија. Наредниот состанок на управувачкото тело се одржа на 06-07октомври 2011 во Солин, Хрватска. Во рамките на програмата во текот на 2011 година Агенцијата за цивилно воздухопловство во соработка со Европската комисија и ICAO во периодот од 01-03.03.2011 година ја организираше работилницата за воздухопловна безбедност и перформанси во Скопје.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

**Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство**

Донесувањето на Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство е во насока на измена на член 12 од Законот за воздухопловство со цел имплементирање на Регулативата (ЕЗ) бр.1794/2006 на Комисијата од 6 декември 2006 година за утврдување на заеднички систем за наплата на услугите на воздухопловната навигација и обезбедување на стабилни извори на финансирање и финансиска независност на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Во рамки на Програмата за имплементација на регулативата за Единствено европско небо во земјите на Југоисточна Европа - ISIS утврден е акционен план за транспонирање на ЕУ Регулативите 551/2004, 552/2004 2150/2005 и 1315/2007, како и за измена на член 12 од Законот за воздухопловство.

Дополнително ќе се предвиди законска можност за давање на финансиска подршка од страна на Владата на Р.М на авиопревозници кои ќе ги користат аеродромите на Република Македонија. Дополнително во првиот квартал од 2012 година же биде донесен Правилник за начинот, правилата и посебните услови за вршење на инспекцијата на давањето на услуги на воздухопловна навигација

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

**Формирање на Цивилно-воен комитет**

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) за извршување на работите поврзани со управување со воздушниот простор и флексибилно користење на воздушниот простор Владата на Република Македонија треба да формира Цивилно-воен Комитет за управување со воздушниот простор. Во Комитетот ќе членуваат претставници од Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Агенцијата и давателот на услуги на воздухопловна навигација. Работата на Комитетот ќе ја координира претставникот од давателот на услуги на воздухопловна навигација. Комитетот за својата работа ќе поднесува извештај до Владата на Република Македонија најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година.

**Формирање на Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти**

За спроведување на техничко истражување на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) Владата на Република Македонија формира Комитет за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти како независно истражно тело.

Главна задача на Комитетот за истрага е да ги истражува и анализира несреќите и сериозните инциденти со цел утврдување на фактите и околностите под кои се случиле и да предлага мерки за нивно спречување.

Комитетот треба да биде организациски, функционално и финансиски независен од Министерството за транспорт и врски, Агенцијата и од субјектите на воздухопловната индустрија чии интереси можат да бидат во конфликт со неговите задачи и овластувања.

Комитетот се состои од тројца истражители кои ги именува Владата на Република Македонија, од кои еден се именува за претседател на Комитетот. Претседателот на Комитетот во случај на несреќа или сериозен инцидент може да ангажира надворешни експерти од областа на воздухопловството и странски истражни тела од цивилното воздухопловство и други тела кои се квалификувани за истрага на воздухопловни несреќи или сериозни инциденти.

**Претседавање на Република Македонија со Постојаната Комисија за безбедност во воздухопловната навигација на Европската организација за безбедност на воздушната пловидба** – Eurocontrol

Република Македонија е членка на Европската организација за безбедност на воздушната пловидба (Eurocontrol - European Organization for the Safety of Air Navigation) од 1999 година и оттогаш воздухопловните енититети на државата активно партиципираат во сите активности на организацијата.

Во управната структура на Eurocontrol главно одлучувачко тело е Постојаната Комисија за безбедност во воздухопловната навигација на Eurocontrol (Permanent Commission for the safety of Air Navigation of Eurocontrol) каде членуваат земјите членки претставени од министрите за транспорт, а земјите членки може да делегираат и повеќе делегати за да се овозможи соодветна застапеност на цивилните државни воздухопловни ентитети и државната одбрана. Во работата на Постојаната Комисија на Eurocontrol секоја земја членка без разлика на бројот на номинирани делегати има право само на еден глас во работата на Комисијата (член 1 точка 1 од Правилата за процедура на Постојаната Комисија).

Во работата на состаноците на Комисијата како постојани членови учествуваат министрите за транспорт на земјите членки или еден претставник кој треба да има обезбедено авторизација од постојаните членови на Комисијата.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

**Програма за имплементација на регулативата за Единствено европско небо во земјите на Југоисточна Европа ИСИС** - ISIS Programme

ISIS Програмата, ќе продолжи да работи со Република Македонија за трабспозиција на преостанатите ЕУ регулативи кои не беа транспонирани во 2011 година и ќе биде активно вклучена во изработка на студија на организација на воздушниот простор на Р.М. во FAB-ови.

Следејќи го концептот на „Единствено европско небо“, балканските држави превземаат чекори за реструктуирање на нивниот горен воздушен простор врз основа на протокот на сообраќај, а не според националните граници.

Согласно член 13 од Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област т.н. Спогодба за ЕЗВО („Службен весник на РМ“ бр.27/2007 и 98/2009), договорните страни соработуваат во областа на организацијата на воздушниот сообраќај со цел да се прошири Единственото европско небо во ЕЗВО, за да се подобрат тековните безбедносни стандарди и севкупната ефикасност на општите стандарди за воздушен сообраќај во Европа, да се оптимизираат капацитетите и да се намалат доцнењата. Европската заедница ги обврзува земјите пред-пристапнички со секоја работна иницијатива во областа на услугите за воздушна пловидба, воздушниот простор и заедничкото работење, кои произлегуваат од Единственото европско небо, конкретно преку рано вклучување на обидите на односните договорни страни за формирање на функционални блокови во воздушниот простор.

Согласно член 2 став 1 точка iv од Протоколот V од Спогодбата за ЕЗВО, Република Македонија треба да започне реорганизација на својот воздушен простор во функционален блок или блокови

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок Република Македонија ќе ги спроведува обврските преземени со втората преодна фаза на Спогодбата за европска заедничка воздухопловна област.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**Координиран аеродром или аеродром со олеснет распоред**

Во случаите кога ќе се појават проблеми со капацитетот на одреден аеродром, согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) и согласно условите од ЕУ Регулативата 95/93, Владата на Република Македонија на транспарентен, неутрален и недискриминирачки начин ќе дезигнира аеродром за координиран аеродром или аеродром со олеснет распоред.

Координиран аеродром значи секој аеродром каде со цел за слетување или полетување на некој авиопревозник или некој друг оператор на воздухоплов неопходно е да му биде доделен слот од страна на координаторот, со исклучок на државните летови, принудните слетувања и хуманитарните летови;

Аеродром со олеснет распоред значи аеродром на кој постои можност од загушување во некои периоди од денот, недела или година, кој е согласен за постигнување решение со доброволна соработка помеѓу

авиопревозниците и каде е именуван олеснувач на распоред за да се олеснат операциите на авиопревозниците кои вршат сообраќај или имаат намера да вршат сообраќај на тој аеродром.

**Координатор на аеродром или олеснувач на распореди за алокација на слотови за полетување и слетување**

Согласно член 71-а став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) Владата на Република Македонија ќе именува физичко или правно правно лице за координатор на аеродром или независен олеснувач на распоред по извршени консултации со превозниците, операторот на аеродром или Комитетот за координација, ако таков комитет постои. Со подзаконски акт Владата на Република Македонија ги пропиша правилата за доделување на слотови во кој ја транспонира ЕУ Регулативата бр.95/93 (Уредба за правилата за доделување на слотови „Службен весник на РМ“ бр.121 и 125/2010).

**Комитет за координација**

Согласно член 71-а став 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ" бр.67/2010) на координиран аеродром Владата на Република Македонија формира Комитет за координација согласно ЕУ Регулативата 95/93. Комитетот за координација може да е дезигниран за повеќе од еден аеродром. Членството во овој комитет е достапно за авиопревозниците кој редовно го користат предметниот/ите аеродромот/ите и нивните претставништва, операторот на предметниот аеродром, надлежната контрола на летање и претставници на општата авијација кои редовно го користат аеродромот. Како набљудувачи на состаноците од Комитетот за координација може да учествуваат претставници на Министерството за транспорт и врски и координаторот. Комитетот за координација ги дискутира предложените локални упатства за доделување на слотови како и оние предложените за надгледување на употребата на доделените слотови.

# 3.15 **ЕНЕРГЕТИКА**

## 3.15.1 **СИГУРНОСТ ВО СНАБДУВАЊЕТО**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во февруари 2011 година Собранието на Република Македонија го донесе **Законот за енергетика** (Службен весник на Република Македонија бр. 16/2011)._Законот за енергетика е изработен согласно обврските кои ги има Република Македонија во процесот на пристапување кон Европската унија, односно Догворот за стабилизација и асоцијација со Европската унија, како и врз основа на Догворот за основање на енергетска заедница Со законот се уредува правната рамка за вршење на дејностите во областа на енергетика која овозможува сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и енергенти; создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски оддржлив сектор; поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари почитувајќи ги начелата на недискриминација, објективност и транспарентност; интегрирање на енергетските пазари на државата во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори; зголемување на енергетската ефикасност и поттикнување на искористувањето на обновливите извори на енергија и заштита на животната средина од негативните влијанија при вршењето на одделние дејности од областа на енергетиката. Законот е усогласен со директивите за сигурност во снабдување со електрична енергија и природен гас 32004L0067 и 32005L0089.

Согласно обврските од Договорот за енергетска заедница, член 29, како и Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница, Република Македонија на секои две години има обврска од ажурирање

на Изјавата за сигурност во снабдувањето (Изјавата). Во текот на 2011 година, беше доставена Изјавата за сигурност во снабдувањето на Република Македонија до Секретаријатот на Енергетска заедница.

На 28.10.2011 година Министерството за економија и Македонската Академија на Науки и Уметности потпишаа Договор за изготвување на **Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката**, Програмата се изготвува во рамките на ГЕФ Проектот за одржлива енергија.

**Мали хидроелектрични централи** - На 25 февруари 2011 година беше објавен петтиот јавен повик за доделување на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи на кој се објавени 44 локации. Крајниот рок за доставување на понуди беше 30 мај 2011 година. Направена е евалуација на пристигнатите понуди. Одлуките се донесени од страна на Владата на Република Македонија, и по нивно објавување во службен весник ќе се пристапи кон потпишување на договорите.

Во досегашниот период потпишани се вкупно 47 Договори за давање на концесија за вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи со 12 (дванаесет) концесионери. Вкупниот инсталиран капацитет изнесува 34.704 kW, просечното годишно производство изнесува 142.791.000 kWh додека очекуваните инвестиции се на ниво од 63.5 милиони евра.

Задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати се формираат постепено според потрошувачката на одделни видови нафтени деривати во претходната календарска година, согласно со Енергетскиот биланс на Република Македонија, при што вкупните количини на резервите на соодветен вид нафтен дериват треба да достигнат покриеност на остварена просечна дневна потрошувачка на тој нафтен дериват за период од 90 дена во претходната календарска година или 25% од вкупно остварената потрошувачка на соодветниот вид нафтен дериват во претходната календарска година.

Динамиката на формирање на задолжителните резерви  се утврдува врз основа на Среднорочна Програма 2010 -2015 и Годишна програма за 2011 со финансиски план на Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати (Дирекција)

Согласно Годишната програма за 2011 во текот на декември 2011  се  спроведе последниот тендер за набавка за 2011 година за две горива: Еуродизел БС и Екстра лесно масло за домаќинство ЕЛ-1. Задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати заклучно со декември 2011, изнесуваат 34 **дена просечната потрошувачка на нафтени деривати во земјата**.

Во март 2011 година влезе во сила Законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати („Службен весник на РМ“ бр. 35/2011) со кој се изврши допрецизирање на одредбите кои се однесуваат на надлежностите на Дирекцијата, на Управниот одбор и Директорот на Дирекцијата, разграничување на обврските на обврзниците за уплата на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати во услови кога обврзникот е производител на нафтени деривати во земјата и кога  е увозник на нафтени деривати, како и прецизирање на одредбите кои се однесуваат на надзорот на задолжителните резерви кога истиот го врши Дирекцијата. Воедно во Законот се имплементирани одредени предлог – мерки за унапредување на казнената политика. Со овој законски текст не е извршено усогласување со Директивата 2009/119/ЕЗ.

Во насока на усогласување на националното законодавство со законодавството на ЕУ за задолжителни резерви на нафта, со Решение број 04-21282/1 од 24.06.2011 година, донесено од Министерот за

финансии, формирана е меѓуресорска работна група која има за цел анализа на директивата Директива 2009/119/ЕЗ и подготовка на законско решение. Истата во текот на 2011 активно работеше на анализа на директивата.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во текот на 2011 година започна евалуацијата на изразувањата на интерес во однос на Проектот за зајакнување на административниот капацитет на Секторот за енергетика во Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија во рамките на ИПА компонента 1.

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно Министерството за економија. Во Министерство за економија, во Секторот за енергетика постојано се вработени 14 лица .

Во текот на 2011, беа спроведени обуки во однос на статистичките енергетски податоци и нафтените резерви на претставници од Министерство за економија од страна на Енергетската заедница.

Во јуни 2011 година, во Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати спроведено е едно вработување, односно пополнето претходно испразнетото работно место – раководител на сектор за финансиски прашања. Согласно решението на Владата, на 30.09.2011 година беше именуван нов директор на Дирекцијата.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Согласно Законот за енергетика, и потпишаниот договор со најповолниот понудувач, МАНУ, **Програма за реализација на Стратегијата за развој на енергетиката** треба да се изготви во рок од 9-10 месеци од денот на потпишувањето, односно крајот на 2012 година. Со Програмата се утврдуваат: мерките, условите, начинот и динамиката на реализација на Стратегијата, како и обврските на државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа и вршителите на енергетските дејности што имаат обврска за обезбедување на јавна услуга. Во Програмата ќе се утврдат и потребните финансиските средства за нејзина реализација, како и изворите и начинот на обезбедување на средствата.

Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството, донесува **Уредба за квалитетот на течните горива** која особено содржи: вид на течни горива што можат да се пуштат на пазарот со нивните карактеристики, начин на утврдување на квалитативните својства на течните горива, начин и постапка за следење на квалитетот на течните горива, права и обврски на учесниците на пазарот на сурова нафта, нафтени деривати и горива за транспорт и права и обврски на учесниците на пазарот и државните органи во преодниот период потребен за замена на резервите на мешавините од фосилни и биогорива за транспорт. Учесниците на пазарот на течните горива се должни да се придржуваат кон обврските утврдени во уредбата. Уредбата за квалитет на течните горива согласно Законот треба да се донесе најдоцна една година од денот на влегувањето во сила на Законот односно февруари 2012.

**Задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати** - Динамиката на формирање на задолжителните резерви во 2012 ќе се утврдува врз основа на Среднорочна програма 2010 -2015 година донесена од

Владата на Република Македонија и Годишна програма за 2012 година со финансиски план донесена од Управниот одбор на Дирекцијата на почетокот на тековната година.

За тековната 2012 година, од очекуваниот прилив на средства на сметката на Дирекцијата се предвидува средствата да бидат наменети за стратешки резерви, односно за набавка на нафтени деривати за задолжителните резерви согласно Годишна програма за 2012. Основот за изработка на наведената проекција на финансиските средства е очекуваната уплата на надоместокот за задолжителни резерви согласно Законот.

Согласно постојната Среднорочна програма 2010-2015, проектирано е во 2012 година просечната пополнетост на задолжителните резерви на нафтени деривати да се зголеми за околу 10 дена просечната дневна потрошувачка во Република Македонија согласно Енергетскиот биланс за 2009. Покриеноста во денови за 2012 година ќе зависи од цената на нафтените деривати на пазарот, обезбеденост на складишен простор и од измената на Среднорочната програма. Пореална проекција ДЗРННД ќе може да даде до крајот на првото тромесечие, односно со првиот тримесечен извештај за 2012 година, а по извршената измена на програмата.

Формираната меѓуресорска работна група работи на анализа на Директива 2009/119/ЕЗ и подготвување на нов Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати во кој треба да се имплементира новата Директива 2009/119/ЕЗ континуирано ќе продолжи да работи на дадените обврски во текот на 2012 и согласно терминскиот план новиот закон треба да биде усвоен во текот на 2013 година. Во насока на подготовка на соодветен текст на законот, прилагоден у усогласен со европските стандарди, се предвидува ТАЕКС експертска мисија за законското решение кое ќе ја транспонира Директива 2009/119/ЕЗ во текот на 2012 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2012 година, *Министерството за економија*, се планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот во делот на сигурсност во снбдување во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се нови вработувања во 2012 година.

Во текот на 2012 година, во Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати предвидени нови вработувања, со цел да се реализира неопходната кадровската екипираност што пак ќе овозможи квалитетно и благовремено извршување на законските обврски.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно обврските од Договорот за енергетска заедница, Министерството за економија ќе подготви и достави Изјавата за сигурност во снабдувањето на Република Македонија до Секретаријатот на Енергетска заедница во 2013.

Во однос на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати ќе продолжи со имплементација на Среднорочната програма за периодот 2013 - 2014 година, се очекува приходот на средства, по основ на уплата на надоместок за задолжителни резерви, да биде наменет за стратешки резерви, односно за набавка на нафтени деривати за задолжителните резерви, по што е предвидено понатамошно зголемување на задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати.

Во текот на 2013 година се очекува подобрување на законодавната рамка, односно нејзино приближување до законодавството на ЕУ за задолжителни нафтени резерви, со донесување на нов Закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, кој ќе се имплементира Директива 2009/119/ЕЗ. По влегувањето во сила на новиот закон ќе се изврши усогласување на подзаконските акти и нивно донесување од надлежните институции како и усогласување на интерните акти на Дирекцијата.

Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати ќе ја анализира и можноста за складирање на нафтените деривати од задолжителните резерви на Република Македонија во складишта во земји членки на ЕУ врз основа на билатерални договори кои ќе треба да се склучат помеѓу Република Македонија и земјата членка на ЕУ во која времено или трајно ќе се складираат или чуваат задолжителните резерви. Исто така, Дирекцијата ќе ја испита можноста за пополнување на дел од задолжителните резерви по пат на обезбедување на „тикети“.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2013-2014 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на влучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се нови вработувања во 2013 година и 2014 година.

*Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати* планира да ја зајакнува институционалната рамка со нови вработувања на среднорочен период.

3.15.2 **ВНАТРЕШЕН ПАЗАР**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Во однос на подрачјето внатрешен пазар на енергија, со донесувањето на новиот **Законот за енергетика** (Службен весник на Република Македонија бр. 16/2011) се допринесе кон понатамошно усогласување со Acquis на Договорот на Енергетската заедница. Во Законот за енергетика опфатен е цел корпус на ЕУ мерки, дел од нив истовремено се и обврска од Договорот за Енергетска заедница, како: 32003L0054; 32003L0055; 32005L0089; 32004L0067; 32003R1228; 32005R1775; 32006L0032; 32004L0008; 32009L0028; 32009L0125; 32003L0030; 32010L0030; 32010L0031 и 32000L0055.

Целта на Законот за енергетика е натамошно усогласување со Европското законодавство во областа на енергетиката, односно со Директивите и Регулативите на ЕУ, кои се основни елементи од правната рамка на Договорот за основање на Енергетска заедница, со крајна цел натамошна либерализација на пазарите на енергија и создавање услови за стабилен и одржлив енергетски сектор. Со законот се уредува правната рамка за вршење на дејностите во областа на енергетика која овозможува сигурно, безбедно и квалитетно снабдување на потрошувачите со енергија и енергенти; создавање на ефикасен, конкурентен и финансиски одржлив сектор; поттикнување на конкуренцијата на енергетските пазари почитувајќи ги начелата на недискриминација, објективност и транспарентност; интегрирање на енергетските пазари на државата во регионалните и меѓународните енергетски пазари во согласност со обврските преземени со ратификуваните меѓународни договори; и друго.

Решенијата во Законот за енергетика се во насока на либерализација на пазарите на електрична енергија и природен гас согласно обврските превземени со Договорот за основање на енергетската заедница и се предвидува, по исполнување на одредени услови, односно носење на суштински акти, пазарот на електрична енергија и природен гас да се отворат за сите потрошувачи освен за домаќинствата.

Понатаму се решаваат начелата на недискриминаторен пристап на трети страни, како и пристап на мрежите за прекугранична размена на електрична енергија и пристап на мрежите за природен гас, правата и обврските на операторите на преносните и операторите на дистрибутивните системи, и др.

Во текот на 2011 година, Регулаторна комисија за енергетика (РКЕ) продолжи со својата работа во рамки на надлежностите дадени со Законот за енергетика, како и со активностите за донесување или одобрување на подзаконските акти кои се неопходни за ефикасно, конкурентно и непречено функционирање на енергетските пазари и со кои се врши имплементација на одредбите од Директивите 2003/54/ЕС и 2003/55/ЕС, како и Регулативите 1228/2003 и 1775/2005.

На 08.04.2011 година се потпиша **Меморандум за разбирање за партнерство на имплементација помеѓу Регулаторната комисија за енергетика**, **Министерството за економија и Секретаријатот на Енергетската заедница**, со кој страните се согласија на соработка при усвојувањето на подзаконските акти во временската рамка утврдена со Законот за енергетика и во согласност со обврските кои произлегуваат од Договорот за основање на Енергетска заедница. Во рамки на постојните работни групи на РКЕ се изработуваат превидените подзаконски акти, а потоа се покануваат претставниците на релевантните компании да дадат свои забелешки и мислења. Во согласност со Меморандумот за разбирање, РКЕ ги доставува предлог текстовите на подзаконските акти до Секретаријатот на Енергетската заедница на мислење и забелешки.

## I. **ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

На 21.02.2011 година РКЕ донесе **Правилник за цени на електрична енергија за тарифни потрошувачи** и **Правилник за начинот и условите за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија**, **организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија** објавени во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 21/2011 и усогласени со Законот за енергетика и Директивата 2003/54/ЕС. Со овие Правилници се уредува начинот и условите за формирање, одобрување и контрола на цените и тарифи со кои се остварува регулиран максимален приход потребен за вршење на следните регулирани дејности: производство на електрична енергија, снабдување со електрична енергија на тарифните потрошувачи, пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија. Регулираниот максимален приход се утврдува на ниво што на регулираното претпријатие му овозможува да оствари:

- покривање на оперативните трошоци и амортизацијата на средствата за вршење на соодветната регулирана дејност направени во рамки на нормализираните трошоци при остварување на пропишан квалитет на вршење на регулираната дејност; и
- обезбедување на определена стапка на принос на капиталот, во која се вклучени и инвестициите, со кои ќе се овозможи оспособување, одржлив развој и достапност на услугите кои што се обезбедуваат за сите потрошувачи на електрична енергија на територијата на Република Македонија.

На 28.02.2011 година РКЕ донесе 7 одлуки по барањата на компаниите и ги објави во „Службен весник на Република Македонија“, бр. 25/2011. Просечната цена за снабдување со електрична енергија на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа на ЕВН Македонија АД Скопје за 2011 година се зголеми за 5,48%.

Во ноември 2011 година компаниите АД ЕЛЕМ, АД МЕПСО, АД ЕВН Македонија, АД ЕЛЕМ Подружница Енергетика, ТЕЦ Неготино, поднесоа барања за одобрување на регулирани максимални приходи, цени и

тарифи. Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе одлуки за одобрување на регулирани максимални приходи, цени и тарифи на компаниите до крајот на 2011 година.

Во текот на 2011 година, согласно Законот за енергетика, РКЕ ги донесе следните подзаконски акти:

**Тарифен систем за продажба на електрична енергија на тарифни потошувачи** (Службен весник на Република Македонија", бр. 88/2011), со кој се имплементираат одредби од Директивата 2003/54/ЕС, има за цел да поттикне рационално и ефикасно производство, набавка, пренос, дистрибуција и користење на електричната енергија, како и да обезбеди остварување на регулираниот максимален приход за вршење на дејноста снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи утврден согласно Правилникот за цени на електрична енергија за тарифни потрошувачи („Службен весник на Република Македонија", бр.21/2011). Со овој Тарифен систем се утврдуваат критериуми за определување на категории, групи и подгрупи на тарифни потрошувачи, пресметковни елементи за утврдување на надоместок за испорачаната електрична енергија и основи за формирање на цени за испорачана електрична енергија за соодветните пресметковни елементи, според напонско ниво, времето на испорака во текот на денот и видот на мерењето. Со денот на влегувањето во сила на овој Тарифен систем престана да важи Тарифниот систем за електрична енергија („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/2010).

**Правила за снабдување на тарифните потрошувачи на електрична енергија** („Службен весник на Република Македонија", бр. 88/2011), со кои се имплементираат одредби од Директивата 2003/54/ЕС, се уредуваат општите услови и начинот на снабдување со електрична енергија на тарифните потрошувачи на електрична енергија, како и меѓусебните права, обврски и одговорности на снабдувачот со електрична енергија за тарифни потрошувачи, тарифниот потрошувач на електрична енергија и операторот на дистрибутивниот систем за електрична енергија. Со денот на влегувањето во сила на овие Правила престана да важи „Правилникот за услови за снабдување со електрична енергија" („Службен весник на Република Македонија", бр.162/2009).

**Измена и дополнување на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија на ЕВН Македонија АД Скопје** („Службен весник на Република Македонија", бр.95/2011). Измената е направена со цел усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/2011) и Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/2011), во однос на приклучувањето на објектите на дистрибутивниот систем и неовластеното користење на електрична енергија.

**Правилата за доделување на прекугранични преносни капацитети**, на АД МЕПСО Скопје, со кои се имплементираат одредби од Директивата 2003/54/ЕС и Регулативата 1228/2003, се уредува начинот на пресметка на расположливите прекугранични капацитети, начинот на доделување на прекуграничните преносни капацитети водејќи сметка за загушувањата во електропреносниот систем, начинот на плаќање при користење на прекуграничните преносни капацитети во случај на загушувања на интерконективните водови и начинот на објавување на податоците.

На 21.07.2011 година донесе Решение за одобрување на **Студијата за развој на преносната мрежа на Република Македонија во периодот** 2010 – 2020 **година**, изработена од АД МЕПСО, како оператор на електроенергетскиот систем. Со оваа студија ќе се обезбеди развој на преносната мрежа, како и сигурност, доверливост и безбедност при снабдување со електрична енергија во Република Македонија.

Во наредниот период до крајот на 2011 година, РКЕ ќе ги изработи и донесе следните подзаконски акти кои ќе бидат усогласени со Законот за енергетика и Директивата 2003/54/ЕС и ќе обезбедат ефикасно функционирање на пазарот на електрична енергија:

- **Правила за пазар на електрична енергија**,
- **Тарифен систем за пренос на електрична енергија**,
- **Тарифен систем за дистрибуција на електрична енергија**.

## II. **ПАЗАР НА ПРИРОДЕН ГАС**

На 31.10.2011 година РКЕ донесе **Правилник за начин и услови за регулирање на тарифи за пренос**, **управување со системот за пренос и дистрибуција на природен гас** ( „Службен весник на Република Македонија“, бр. 151/2011), со кој се уредува начинот и условите за формирање, одобрување и контрола на тарифите со кои се остварува регулираниот максимален приход за вршење на регулираните дејности од областа на природен гас: пренос на природен гас, управување со системот за пренос на природен гас и дистрибуција на природен гас.

Во текот на 2011 година РКЕ донесе повеќе одлуки[28] за природен гас. На 20.09.2011 година РКЕ донесе Решение за стекнување на својство на квалификуван потрошувач на природен гас на Друштвото за производство, трговија со електрична енергија КОГЕЛ СЕВЕР ДОО Скопје.

На 12.10.2011 година РКЕ донесе нов **Правилник за лиценци за вршење енергетски дејности** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/2011), усогласен со Законот за енергетика. Во наредниот период до крајот на 2011 година, РКЕ ќе изработи и донесе **Правилник за начин**, **услови и постапка за одлучување по спорови**, усогласен со Законот за енергетика.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно *Министерството за економија*. Во Министерство за економија, во Секторот за енергетика постојано се вработени 14 лица.

Во периодот од 24-25 ноември 2011 година во Литванија се одржа студиска посета за имплементација на третиот пакет на законодавство за внатрешен пазар на енергија на Европската унија. На студиската посета учествуваа 4 лица од Секторот за енергетика. Исто така од страна на вработените во Секторот за енергетика се посетуваа работни состаноци и раболтилници во рамките на Енергетската заедница.

Согласно Законот за енергетика (“Службен Весник на Република Македонија”, бр. 16/2011 и 136/2011), *Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија* е независен орган во однос на

[28] 2 Одлуки за утврдување на продажна цена на природен гас во првиот и вториот квартал од 2011 година за АД Макпетрол; 2 Одлуки за утврдување на продажната цена на природен гас во третиот и четвртиот квартал од 2011 година за МАКПЕТРОЛ ПРОМ-ГАС ДООЕЛ СКОПЈЕ;4 Одлуки за определување продажна цена на природен гас на квартално ниво, за тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција во Технолошко-индустриската развојна зона – Скопје;1 Одлука за одобрување на цена за вршење на дејностите пренос на природен гас и управување со системот за пренос на природен гас за периодот од 01.04. до 31.12.2011 година и за 2012 година од регулираниот период за АД ГА-МА Скопје;1 Одлука за одобрување на цена за вршење на дејноста снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас за периодот од 01.04. до 31.12.2011 година и за 2012 година од регулираниот период за Макпетрол АД Скопје;Одлука за примена на цена за вршење на дејноста снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас на МАКПЕТРОЛ ПРОМ-ГАС ДООЕЛ СКОПЈЕ;Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетската дејност снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас на МАКПЕТРОЛ ПРОМ-ГАС ДООЕЛ СКОПЈЕ;Одлука за престанување на лиценца за вршење на енергетската дејност снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас на МАКПЕТРОЛ АД Скопје;Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на природен гас на Јавното претпријатие за енергетски дејности СТРУМИЦА –ГАС Струмица; Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на природен гас на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти КУМАНОВО –ГАС Куманово; и Одлука за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти КУМАНОВО –ГАС Куманово.

работењето и донесувањето на правилниците, односно одлуките во рамките на надлежностите дадени со Законот за енергетика. Работењето и донесувањето на правилници и одлуки на РКЕ е уредено со Законот за енергетика, другите подзаконски акти, како и Статутот и Деловникот за нејзината работа. Правилниците и одлуките на РКЕ се објавуваат во „Службен весник на Република Македонија", како и веб страната на РКЕ: www.erc.org.mk. Со новиот Закон за енергетика се зајакна независноста на РКЕ и се зголемија надлежностите со цел обезбедување на ефикасно, конкурентно и непречено функционирање на енергетските пазари.

Работењето на РКЕ се финансира од сопствени извори на средства обезбедени преку наплата на надоместок за издадвање на лиценци и преку наплата на годишен надоместок од носителите на лиценци за енергетски дејности. На 10.01.2011 година Собранието на Република Македонија го одобри Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика за 2011 година. На 29.09.2011 година РКЕ достави до Собранието на Република Македонија заради одобрување, предлог Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за 2012 година со кој се предвидуваат 2 нови вработувања во 2012 година.

Согласно Правилникот за организација и систематизација на работните места и работните задачи на вработените на Регулаторната комисија за енергетика, во РКЕ се вработени 23 лица: членови на РКЕ: 5 лица; и извршители: 18 лица. Согласно Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика за 2011 година, до крајот на 2011 година треба да се вработат 3 нови лица. Доколку истите не се реализираат во 2011 година тогаш 3-те лица ќе бидат вработени во 2012 година.

На 07.02.2011 година, на предлог на Владата на Република Македонија, Собранието на Република Македонија донесе Одлука бр. 07-758/1 за именување на нов член на РКЕ, со мандат од пет години.

РКЕ остварува соработка со повеќе меѓународни организации, регулаторни тела и донатори, со што се зајакнува капацитетот на Регулаторната комисија за енергетика како независен државен орган во енергетскиот сектор на Република Македонија. РКЕ е полноправен член на Регулаторниот Одбор на Енергетската Заедница (ECRB) и учествуваше на состаноците на работните групи за електрична енергија, природен гас и заштита на потрошувачите на ECRB, состаноците на Групата за имплементација на канцеларијата за координирани аукции во Југоисточна Европа, , Форумите за електрична енергија и природен гас во Југоисточна Европа и др. РКЕ е полноправен член на Регионалната асоцијација на енергетски регулатори (ERRA) и учествуваше на состаноците и обуките на ERRA, и во 2011 година го освои третото место на натпреварот од областа на регулација и пазари на енергија, организиран од страна на ERRA во конкуренција од 10 земји.

## СТРАНСКА ПОМОШ

Во текот на 2011 година година започна евалуацијата на изразувањата на интерес во однос на **Проектот за зајакнување на административниот капацитет на Секторот за енергетика во Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија** во рамките на ИПА компонента 1.

Во 2011 година се продолжи со имплементацијата на ИПА Проектот за техничка помош на РКЕ и Твининг проектот за институционално зајакнување на РКЕ, со цел да се подобри регулаторната рамка за конкурентни, транспарентни и недискриминаторни пазари на енергија. РКЕ обезбеди простории, канцелариска опрема и други услови потребни за секојдневното работење на ангажираните консултанти.

За имплементација на **Проектот за техничка помош на РКЕ** беше избрана Холандската консултантска куќа КЕМА. Овој проект официјално започна на 18.09.2009 година, а заврши на 18.07.2011 година. Во овој

период се одржаа повеќе состаноци и работилници помеѓу претставниците на РКЕ и претставниците на КЕМА при што беа дадени насоки и препораки за РКЕ за изготвување на подзаконските акти кои се однесуваат на модели на пазарот на електрична енергија и правила за пазар на електрична енергија, тарифни методологии и модели за цени за електрична енергија и природен гас, снабдувач во краен случај, ранливи потрошувачи, повластени тарифи за производство на електрична енергија од биомаса, отпад и геотермална енергија, оценка на внатрешната организација на РКЕ и друго.

За имплементација на **Твининг проектот за институционално зајакнување на РКЕ** беа избрани Австриската агенција за европска интергграција и Австриската регулаторна комисија за енергетика (E-Control). Овој проект официјално започна на 01.01. 2010 година, а заврши на 30.04.2011 година. Во овој период беа одржани повеќе состаноци помеѓу претставниците на РКЕ и претставниците на E-control за лиценци, за формирање на база на податоци за мониторинг на пазарот на енергија, организацациона поставеност, како и за соработка со заинтересираните страни. Беа организирирани работилници за третиот ЕУ пакет на енергетско законодавство, правила за промена на снабдувач и интелегентни броила.

Во 2011 година РКЕ побара поддршка за обезбедување на **проект „Поддршка на Регулаторната комисија за енергија за воведување на ЕУ законодавството за ефикасен пазар на енергија во Република Македонија**" , при што истото беше поддржано од страна на Кралството Норвешка и се обезбедени средства од 950.000 евра. РКЕ ќе обезбеди 200.000 евра, како и простории, канцелариска опрема и други услови потребни за секојдневното работење на ангажираните консултанти. Во рамки на овој проект треба да се изработат правила за снабдување за електрична енергија и природен гас за снабдувач во краен случај, пазарни правила за природен гас, мрежни правила за пренос и дистрибуција на електрична енергија и природен гас, правила за следење на функционирањето на енергетските пазари и друго. Во тек е избор на консултанти за овој проект.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 година, согласно Законот за енергетика, се предвидува сите **потрошувачи на електрична енергија** и природен гас кои не се домаќинства да ги остварат правата за стекнување на статус на квалификувани потрошувачи, односно самите да можат да го изберат својот снабдувач. Тарифните потрошувачи кои не се домаќинства ќе се стекнат со статус на квалификувани потрошувачи со денот на влегувањето во сила на следниве прописи:

1. Правила за снабдување со електрична енергија,
2. Правила за снабдување во краен случај со електрична енергија,
3. Правилник за цени на електричната енергија за снабдувачот во краен случај,
4. Правила за пазарот на електрична енергија,
5. Тарифни системи за пренос и дистрибуција на електрична енергија и за услугите што ги обезбедува операторот на пазарот на електрична енергија.

Крајниот рок за носење на овие правилници е 18 месеци од денот на влегување на сила на Законот за енергетика, односно до 18 август 2012 година.

**Потрошувачите на природен гас**, кои што на денот на влегување во сила на Законот за енергетика се тарифни потрошувачи, ќе се стекнат со статус на квалификувани потрошувачи по влегувањето восила на следниве прописи:

1. Правила за снабдување со природен гас,
2. Правила за снабдување во краен случај со природен гас,
3. Правилник за цени на природен гас за снабдувачот во краен случај,
4. Правила за пазарот за природен гас,
5. Тарифни системи за пренос и дистрибуција на природен гас.

Крањиот рок за носење на овие правилници е 18 месеци од денот на влегување на сила на Законот за енергетика, односно до 18 август 2012 година.

Во 2012 година ќе продолжи имплементацијата на Законот за енергетика и ќе се донесат потребните подзаконските акти за функционирање на пазарите на енергија.

Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија во текот на 2012 година ќе ги донесе следните подзаконски акти потребни за воспоставување на функционални пазари на енергија согласно новиот Закон за енергетика и ЕУ законодавството, односно ќе се изврши имплементација на одредбите од директивите 2003/54/ЕС, 2003/55/ЕС, 2005/89/ЕС, 2004/67/ЕС, како и регулативите 1228/2003 и 1775/2005:

- Правилник за следење на функционирањето на енергетските пазари
- Правилник за цени на електричната енергија за снабдувачот во краен случај
- Тарифен систем за продажба на електрична енергија на потрошувачите што се снабдуваат од снабдувач во краен случај
- Правила за снабдување во краен случај со електрична енергија
- Мрежни правила за пренос на електрична енергија (АД МЕПСО)
- Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија (АД ЕВН Македонија)
- Мрежни правила за дистрибуција на електрична енергија (АД ЕЛЕМ Енергетика)
- Тарифен систем за пренос на природен гас
- Тарифен систем за дистрибуција на природен гас
- Правила за снабдување со природен гас
- Правилник за пазар на природен гас
- Правилник за цени на природниот гас за снабдувачот во краен случај
- Тарифен систем за продажба на природен гас на потрошувачите што се снабдуваат од снабдувач во краен случај
- Правила за снабдување во краен случај со природен гас
- Мрежни правила за пренос на природен гас (АД ГА-МА)
- Мрежни правила за дистрибуција на природен гас (ДТИРЗ)
- Правила за снабдување со електрична енергија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2012 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење активностите поврзани со вантрешен пазар на енергија во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 3 нови вработувања во 2012 година.

Во текот на 2012 година претставници од Секторот за енергетика ќе посетуваат работилници и обуки организирани од страна на Секретаријатот на енергетската заедница кои се во насока на усогласување на националното законодавството со законодавството на Европската унија во делот на внатрешен пазар на енергија и Договорот за основање на енергетската заедница.

Согласно предлог Финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика за 2012 година со кој се предвидуваат 2 нови вработувања во 2012 година. Согласно Финансискиот план на Регулаторната комисија за енергетика за 2011 година, до крајот на 2011 година треба да се вработат 3 нови лица. Доколку истите не се реализираат во 2011 година тогаш 3-те лица ќе бидат вработени во 2012 година, што значи дека во 2012 година ќе се вработат вкупно 5 лица за следните работни места: 1 помошник раководител во Секторот за правни работи, 1 помошник раководител во Секторот за економски работи, 1 советник во Секторот за техничко-енергетски работи од областа на природен гас, течни горива, топлинска и геотермална енергија, 1 стручен соработник во Секторот за техничко-енергетски работи од областа на природен гас, течни горива, топлинска и геотермална енергија, и 1 стручен соработник во Секторот за техничко-енергетски работи од областа на електрична енергија.

Во насока на зајакнување на административните капацитети на РКЕ, предвидени се следните обуки: „Усвојување на законодавството на ЕУ во областа на електрична енергија, природен гас и заштита на потрошувачи",преку Енергетската заедница за 6 лица и Обука за „Мониторинг активности, пазар на енергија, регулација на цени и тарифи и обновливи извори на енергија" за 10 лица од Регионалната асоцијација на енергетски регулатори (ЕРРА).

Во 2012 година РКЕ ќе донесе нов Правилник за организација и систематизација на работните места и работни задачи на вработените во Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија. Исто така во 2012 година РКЕ ќе донесе нов Деловник за работа и Етички кодекс со кои подетално ќе се определат правата и обврските на членовите и на вработените во стручната служба на РКЕ.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Во средината на 2012 година се предвидува да започне ИПА проект (2009) Зајакнување на административните капацитети на на Сектор енергетика при *Министерството за економија и Агенција за енергетика.* До крајот на 2012 година се очекува да се утврдат конкретните активности на консултантот и да започне со имплементација на проектот.

Во 2012 година ќе започне имплементацијата на проектот „Поддршка на Регулаторната комисија за енергија за воведување на ЕУ законодавството за ефикасен пазар на енергија во Република Македонија", поддржан од страна на Кралството Норвешка.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во делот на внатрешен пазар на енергија во текот на 2013 и 2014 година се планира да се направат измени на Законот за енергетика со цел да се изврши усогласување со Одлуката на Министерскиот совет на Енергетската заедница од 06.10.2011 година за имплементација на Директивата 2009/72/ЕС, Директивата 2009/73/ЕС, Регулативата (ЕС) 714/2009 и Регулативата (ЕС) 715/2009 и амандман на Членовите 11 и 59 од Договорот за основање на енергетската заедница.

Согласно Законот за енергетика и обврските од Договорот за основање на енергетската заедница почнувајќи од 1 јануари 2015 година и домаќинствата ќе се сетакнат со статус на квалификувани потрошувачи на електрична енергија.

Во периодот 2013-2014 година ќе продолжи имплементацијата на новиот Закон за енергетика и ќе продолжи отворањето на пазарите на електрична енергија и природен гас. Во периодот 2013-2014 година

ќе започне натамошно транспонирање и имплементација на Третиот пакет на законодавството за внатрешен пазар на енергија, сигурност во снабдувањето и пристапот на мрежите за прекугранична размена на електрична енергија и природен гас. Регулаторната комисија за енергетика ќе донесе соодветна регулатива за целосна имплементација на ЕУ законодавството.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2013-2014 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на актовностите поврзасни со внатрешен пазар на во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се нови вработувања во 2013 година и 2014 година.

Со цел да се обезбеди непречено извршување на надлежностите на *Регулаторната комисија за енергетика* ќе се овозможи зајакнување на административниот капацитет потребен за извршување на мониторинг на пазарот на енергија, при што се предвидени за 2013 година 2 нови вработувања и за 2014 година 2 нови вработувања.

### 3.15.4 **ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Република Македонија активно ги следи актите кои се донесуваат од страна на Европската унија во областа на обновливи извори на енергија и воедно го подготвува националното законодавство усогласено со регулативата на ЕУ земајќи ја предвид и новата Директива на ЕУ 2009/28 за промоција на енергијата произведена од обновливи извори на енергија.

Во февруари 2011 година Собранието на Република Македонија го донесе Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија", бр. 16/2011) кој има посебна глава која се однесува на обновливите извори на енергија (ОИЕ). Со предметниот Закон се утврдуваат мерки и активности кои ќе овозможат транспонирање и имплементација на одредбите од новата Директива 2009/28 за обновливи извори на енергија. Согласно предметната директива во Законот за енергетика е регулирано донесувањето на Акционен план за ОИЕ како и утврдување на целниот процент на енергија произведена од обновливи извори на енергија, како и начинот и динамиката на постигнување на целниот процент на енергија произведена од обновливи извори на енергија со донесување на подзаконски акт и методологија за пресметка на потребниот процент на намешување на фосилните и биогоривата за транспорт, заради реализација на зацртаните цели за вклучување на биогоривата. Со законот е доуреден начинот за воспоставување систем за поддршка, односно издавање на гаранции за потекло како и начин на стекнување статус на повластен производител како и создавање на услови согласно кои операторите на електропреносните или електродистрибутивните системи ќе обезбедат приоритет за пристап на системите за електричната енергија произведена од обновливи извори, водејќи сметка за ограничувањата што произлегуваат од оперативните можности на електроенергетскиот систем.

Согласно новиот Закон за енергетика и новата Директива за 2009/28, заради реализација на Стратегијата за обновливите извори на енергија, Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството, донесува **Акционен план за обновливите извори на енергија** за период од десет години. Во согласност со обврските кои ги има Република Македонија како потписник на Договорот за основање на

Енергетската заедница, симплифицирана верзија на Акциониот план за обновливите извори на енергија се изготви со техничка помош од УСАИД и истиот во месец јули се достави до енергетската заедница. Активностите за донесувањето на акциониот план согласно Законот ќе се донесе во определениот рок, односно до крајот на август 2012 година.

Врз основа на Законот за енергетика, Министерството за економија со цел за реализација на законската обврска во рамките на билатералната соработка со УСАИД во делот на енергетиката во текот на 2011 година ги изготви подзаконски акти, и тоа:
- Уредба за повластени тарифи
- Одлука со која се пропишува вкупната инсталирана моќност на повластените производители за секој одделен обновлив извор на енергија
- Одлука за целниот процент на енергија произведена од обновливи извори на енергија, како и начинот и динамиката на постигнување на целниот процент на енергија произведена од обновливи извори на енергија
- Правилник за обновливи извори на енергија.

**Уредба за повластени тарифи** е усвоена на седницата на Владата одржана на 14.12.2011 година. Со цел да се стимулира изградбата на нови електроцентрали за обновливи извори или на високоефикасни комбинирани постројки, производните објекти можат да се стекнат со статус на повластен производител, а со тоа и со право за продажба на произведената електрична енергија по повластени тарифи согласно Уредбата за повластени тарифи.

Во рамките на соработката со УСАИД изготвена е и Компаративна анализа на повластени тарифи за обновлива енергија. Согласно предметната Анализа дизајнот на повластените тарифи што во моментов се користат во Република Македонија е конзистентен со практиката во земјите од Европа и од регионот. Стапките на повластените тарифи се во рамките на главните трендови на тарифи што се користат во ЕУ и во земјите од регионот. Се смета дека дека повластените тарифи ќе ги испорачаат целите за обновлива енергија утврдени во владината стратегија за обновлива енергија, што е и примарната цел на повластените тарифи. Согласно тоа се оценува дека во овој период не постои генерална причина за менување на повластените тарифи во Република Македонија.

**Одлука со која се пропишува вкупната инсталирана моќност на повластените производители за секој одделен обновлив извор на енергија** (Службен весник на Република Македонија 100/2011). Владата на Република Македонија, во зависност од исполнувањето на целите и динамиката на реализација зацртани во Стратегијата за обновливи извори на енергија, Акциониот план на обновливите извори на енергија, Стратегијата за енергетска ефикасност и Акциониот план за енергетска ефикасност, во јули 2011 година со одлука ја пропиша вкупната инсталирана моќност на повластените производители за секој одделен обновлив извор на енергија.

**Одлука за целниот процент на енергија произведена од обновливи извори на енергија, како и начинот и динамиката на постигнување на целниот процент на енергија произведена од обновливи извори на енергија**. (Службен весник на Република Македонија 100/2011). Врз основа на анализи кои се направени во процесот на изготвувањето на Стратегијата за искористување на обновливите извори на енергија до 2020 година, Владата на Република Македонија во јули 2011 година ја донесе Одлуката за целниот процент на енергија произведена од обновливи извори на енергија, како и начинот и динамиката на постигнување на целниот процент на енергија произведена од обновливи извори на енергија. Предметната Одлука ќе се применува од 1 јануари 2013 година, односно кога новата Директива ќе се усвои од страна на Министерскиот совет на Секретаријатот за Енергетската Заедница и ќе стане задолжителна за Република Македонија, како земја потписничка..

Сценаријата кои се разработени во Стратегијата за искористување на обновливи изври на енергија во Република Македонија до 2020 година,  укажуваат дека Република Македонија може реално да оствари учество на ОИЕ од 21% во 2020 година. Целниот процент треба да се постигне со изградба на нови енергетски објекти кои користат обновливи извори на енергија како и засилени мерки на енергетска ефикасност согласно Стратегијата за искористување на обновливи извори на енергија до 2020 година во Република Македонија и Стратегијата за унапредување на енергетската ефикасност во Република Македонија до 2020.

Согласно **Правилник за обновливи извори на енергија** (Службен весник на Република Македонија бр. 113/2011) член 148 од Законот за енергетика Министерот со Правилник за обновливи извори на енергија поблиску ги пропишува:

1) видовите на постројки за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија,
2) методологија за пресметка на потребниот процент на намешување на фосилните и биогоривата за транспорт, заради реализација на зацртаните цели од Акциониот план за обновливи извори на енергија,
3) начинот на мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија,
4) начинот за издавање на одобрение за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија,
5) содржината, формата и начинот за водење на регистарот на електроцентралите кои што користат обновливи извори на енергија,
6) начинот за издавање, пренесување и одземање на гаранциите за потекло на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија по електронски пат со кој што треба да обезбеди точност, доверливост и да се оневозможат злоупотреби,
7) начинот, постапката и условите за признавање на гаранциите за потекло издадени во странство и
8) содржината, формата и начинот на водењето на електронски регистар на издадени гаранции за потекло на електричната енергија од обновливи извори на енергија, водејќи сметка иста количина на електрична енергија произведена од обновливите извори да биде регистрирана само еднаш.

Агенцијата за енергетика издава одобрение за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија и води регистар на постројки кои користат обновливи извори на енергија.

Во 2011 година Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија донесе 2 одлуки за одобрување на користење на повластени тарифи за купопродажба на електрична енергија произведена во мали хидроелектрани и 5 одлуки за одобрување на користење на повластена тарифа за купопродажба на електрична енергија произведена во фотоволтаични системи.

Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија го изработи и во декември 2011 го донесе **Правилникот за повластени производители на електрична енергија од обновливи извори на енергија**. При изработката на овој Правилник се земени во предвид забелешките дадени на подготвителната седница одржана на 22 јуни 2011 година, на која учествуваа претставници од компаниите, Министерството за економија, Агенцијата за енергетика, Македонската енергетска асоцијација, како и забелешките дадени од Секретаријатот на Енергетската заедница. Со овој Правилник се уредува начинот и постапката за стекнување на статусот на повластен производител на електрична енергија од обновливи извори на енергија, начинот и постапката за донесување на одлука за користење на повластена тарифа, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на повластени производители од обновливи извори на енергија.

Донесувањето на горенаведените подзаконски акти согласно Законот за енергетика се од значење за натамошна имплементација на Законот за енергетика во делот на обновливите извори на енергија.

Во рамките на ГЕФ проектот за одржлива енергија во текот на 2011 се изготви и се одржаа енколку јавни расправи по **Студијата за можноста за вклопување на ветерни електрани во електропреносниот систем на Република Македонија**, чијашто главна цел е да го проучи обемот на производство на ветерна електрична енергија што може да се приклучи на преносната мрежа во Македонија и тоа во различни периоди во иднина, вклучително и идентификација на потребните зајакнувања на преносната мрежа со цел да се олесни тој процес. Исто така, оваа студија предлага технички барања/стандарди за приклучување на објектите за производство на ветерна електрична енергија на преносната мрежа, што вклучува и анализа и предлози за измени на постоечкото техничко секундарно законодавство што се однесува на работата на преносната мрежа.

Во март 2011 година беше објавен **третиот оглас за субвенционирање на домаќинствата за купување и вградување на сончеви термални колекторски системи во домаќинства**. Согласно расположливите средства за оваа намена субвенционирани се 420 домаќинства кои ги исполнија условите за исплата за надоместување на дел од трошоците.

**Меморандумот за разбирање за влегување на Република Македонија во Потпрограма за интелегентна енергија на Европа** на 03 мај 2011е одобрен од страна на Европската комисија и истиот од нивна страна е потпишан на 21 јуни 2011. Предметниот Меморандум на 15 ноември 2011 е потпишан од страна на Министерот за економија.

Во тек се подготвителни активности за **истражување на потенцијалот на ветерната енергија** на други пет локации, од кои четири локации, кои треба да се реализираат во рамките на ГЕФ Проектот и една локација во рамките на Меморандум за разбирање меѓу Министерството за економија и Министерството за животна средина, земјиште и море на Република Македонија за “Формирање на база на податоци за ветер во Република Македонија“

Локациите на кои ќе се постави мерната опрема се следните: Берово, Свети Николе, Могила, Сопиште и Старо Нагоричане. Се очекува мерната опрема да биде испорачана и поставена на избраните локации на почеток на 2012 година. Согласно европската практика, мерењата за потенцијал на ветерна енергија траат најмалку 1,5 година од денот на поставувањето на мерната опремата.

Во текот на 2011 година, Агенцијата за енергетика на Република Македонија во согласност со Правилникот со кој се пропишува начинот за стекнување на статус на повластен призводител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија како и содржината и формата и начинот на водење на регистар на повластени производители на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија (Службен весник на Република Македонија_бр.29/09), издаде 5 решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија со што вкупниот број на издадени решенија сметајќи од 2009 година, од кога започна оваа активност, изнесува 16.

До 30.06.2011 година, Агенцијата за енергетика водеше регистар на повластени производители. Со измените во Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија_бр.16/2011), оваа надлежност премина во рамките на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Согласно Правилникот за обновливи извори на енергија за производство на електрична енергија (Службен весник на Република Македонија_бр. 127/08), Агенцијата за енергетика во 2011 година издаде 1 одобрение за мерење на потенцијалот на ветерната енергија.

Врз основ член 12 став 3 од Законот за енергетика „ ( Сл.Весник. на РМ, бр.16/2011 од 16.02.2011 година) и член 4 од „ Правилник за енергетски биланси и енергетска статистика„ ( Сл.Весник. на РМ, бр.138/2011

од 05.10.2011 година), Агенцијата за енергетика во соработка со Министерството за економија ја започна изработката на Енергетскиот биланс на Република Македонија за 2012 година.

Во 2011 година, Агенцијата за енергетика во Република Македонија продолжи со активностите поврзани со Инфоцентарот за енергетика во Скопје кој се финансира преку донација од Министерство за животна средина, земја и море на Италија.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Проект за формирање на база на податоци за ветерна енергија и набавка на една мерна станица, финансиран од донација на Министерство за животна средина, земја и море на Република Италија, отпочнат во февруари 2009 година, во чии рамки ќе биде набавена една мерна станица за мерење на потенцијалот на ветерната енергија во текот на 2012. Преку овој проект продолжува да работи Инфоцентарот за енергетика.

Во соработка со Министерството за економија кое го спроведува ГЕФ Проектот за одржлива енергија, се планира да се набават 4 мерни станица за мерење на потенцијалот на ветерната енергија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2011 година година започна евалуацијата на изразувањата на интерес во однос на Проектот за зајакнување на административниот капацитет на Секторот за енергетика во Министерството за економија и Агенцијата за енергетика на Република Македонија во рамките на ИПА компонента 1.

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно Министерството за економија. Во Министерство за економија, во Секторот за енергетика постојано се вработени 14 лица .

Во однос на институционалната рамка на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија види подрачје 3.15.2 Внатрешен пазар, Институционална рамка за 2011.

Преку Проектот UNECE беше спроведена Обука за бизнис планирање за проекти од областа на ЕЕ и ОИЕ на 29.06.2011 за претставниците од Агенцијата за енергетика.

Претставник од Министерството за економија во текот на 2011 година активно учествуваа во работата на Работната група за обновливи извори на енергија при Енергетската заедница.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2012 година, согласно новиот Закон за енергетика се планира донесување на следниве подзаконски акти:

Заради реализација на Стратегијата за обновливите извори на енергија, Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството, донесува **Акционен план за обновливите извори на енергија** за период од десет години. Акциониот план за обновливите извори на енергија ги дефинира мерките за унапредување на искористувањето на обновливите извори на енергија, а особено содржи:

очекувана бруто финална потрошувачка на електрична енергија, горива за транспорт, енергија за греење и ладење, во согласност со Стратегијата за развој на енергетиката и Стратегијата за обновливите извори на енергија, притоа водејќи сметка за мерките за зголемување на енергетската ефикасност, зацртани цели и годишна динамика на пораст на учеството на енергијата од обновливи извори во потрошувачката на енергија, мерки за остварување на зацртаните цели, приказ на релевантните политики и мерки за промоција на обновливите извори на енергија, специфични мерки за намалување на административните бариери, мерки за информирање и обуки и соодветен развој и усовршување на преносните и дистрибутивни системи, мерки за подршка за производство на електричната енергија, за искористување за греење и ладење, транспорт и користење на биомасата, оценка на очекуваниот придонес на одделните обновливи извори на енергија заради постигнување на целите зацртани во Стратегијата за обновливи извори на енергија, оценка на можни заеднички проекти со други земји со цел за исполнување на целите зацртани во Стратегијата за обновливи извори на енергија, финансиски извори, носителите и роковите за реализација на предвидените активности. Акциониот план за обновливите извори на енергија согласно Законот за енергетика треба да се донесе најдоцна 18 месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за енергетика, односно до крајот на август 2012 година.

Заради заштита на животната средина Владата на Република Македонија во согласност со Акциониот план, со **Одлука ја определува годишната процентуална застапеност на биогоривата во вкупните количини на горивата за транспорт во Република Македонија**. Одлуката може да се однесува за една или повеќе календарски години и истата се донесува најдоцна шест месеци пред нејзиното влегување во сила.Со одлуката ќе се определи и минималниот процент на намешаност на биогоривата во мешавините од фосилни и биогорива за транспорт, како и преодниот период за замена на резервите на мешавините од фосилни и биогорива за транспорт. Одлуката согласно Законот за енергетика треба да се донесе најдоцна 18 месеци од денот на влегувањето во сила на Законот за енергетика, односно до крајот на август 2012 година.

Во рамките на Буџетот на Министерството за економија во 2012 година се планира објавување на уште еден, четврти по ред јавен повик за **субвенционирање на домаќинствата за купување и вградување на сончеви термални колекторски системи во домаќинства.**

Во текот на 2012 година се планира да се одржи промотивен настан на кој ќе се промовираат можностите кои ги нуди **Потпрограма за интелегентна енергија на Европа** .

Во 2012 година Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија ќе продолжи да издава привремени решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, решенија за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија и одлуки за користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, како и да го води регистарот на повластени производители од обновливи извори на енергија

Агенцијата за енергетика ќе овозможи непречено издавање на одобренија за мерење на потенцијалот на ветерот за производство на електрична енергија, ќе води регистар на постројки кои користат обновливи извори на енергија, ќе издава, пренесува и одзема гаранции за потекло на електричната енергија произведена од обновливи извори на енергија како и водење на регистар на истите, ќе издава потврда по барање на Регулаторната комисија за енергетика дека постројката е изградена и ги исполнува специфичните услови и инсталираната моќност.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Имплементација на порект ИПА 2009 Зајакнување на административните капацитети на Министерството за економија, Сектор за енергетика и Агенција за енергетика на Република Македнија(за повеќе детали види подрачје 3.15.2 Внатрешен шпазар).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2012 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на вклучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се нови вработувања во 2012 година. Претставник од Министерството за економија во текот на 2012 година активно ќе учествува во Работната група за обновливи извори на енергија при Енергетската заедница.

Во Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2012 година, со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата и одговор на големиот број активности, што произлегуваат од Закон за енергетика, потребни се нови вработувања.

Во однос на институционалната рамка на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија предвидени се нови вработувања, за подетални информации види подрачје 3.15.2 Внатрешен пазар, Институционална рамка за 2012.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во периодот 2013-2014 година ќе продолжат активностите за усогласување на националното законодавство со европското законодавство во областа на обновливи извори на енергија.

Изготвување на подзаконски акти и ажурирање на постојните со цел целосно имплементирање на Директива на ЕУ 2009/28 за промоција на енергијата произведена од обновливи извори на енергија, како и следење на на новодонесените Директиви на Европска Унија од предметната област и нивно транспонирање во националното законодавство.

Министерството за економија на секои две години изготвува **извештај за реализација на Акциониот план за обновливи извори на енергија**_во изминатиот период. Доколку врз основа на наодите од извештајот се оцени дека не се остварува предвидената годишна динамика за учество на обновливите извори на енергија министерството ќе и предложи на Владата на Република Македонија дополнителни мерки и соодветни измени во Акциониот план.

Се планира и во текот на 2013-2014 година во рамките на Буџетот на Министерството за економија да се обезбедат средства за **субвенционирање на домаќинствата за купување и вградување на сончеви термални колекторски системи во домаќинства**.

По завршување на мерењата на потенцијалот на ветерната енергија на 5 локации потребно е да се изготви е предфизибилити студија за извршените мерења.

**Соларна електрана** - Изработка на фисибилити студија за Соларната електрана во Македонија е подржана од Францускаta Влада преку FASEP и преземено од Sogreah Carbonium. За таа цел за фисибилити студија за оваа електрана добиен е грант во износ од 500.000 - EUR од Француската Влада. Со производство на електрична енергија од оваа електрана би се добила чиста, флексибилна и сигурна

енергија. Вкупен износ за реализација би бил 76.000.000 EUR, а реализацијата е планирано да се одвива од 2013 – 2015 година.

**СТРАНСКА ПОМОШ**

Имплементација на порект ИПА 2009 Зајакнување на административните капацитети на Министерството за економија, Сектор за енергетика и Агенција за енергетика на Република Макеоднија(за повеќе детали види подрачје 3.15.2 Внатрешен шпазар).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2013-2014 година, *Министерството за економија*, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за следење на вклучувањето на обновливите извори на енергија во енергетската потрошувачка во Републиката. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се нови вработувања во 2013 година и 2014 година.

Во Агенцијата за енергетика на Република Македонија за среднорочниот период, со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата и одговор на големиот број активности, што произлегуваат од Закон за енергетика, се предвидени 2 нови вработувања.

Со цел да се обезбеди непречено извршување на надлежностите на *Регулаторната комисија за енергетика* ќе се овозможи зајакнување на административниот капацитет потребен за извршување на мониторинг на пазарот на енергија, при што се предвидени за 2013 година 2 нови вработувања и за 2014 година 2 нови вработувања.

### 3.15.5 **ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

1. **Прв Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија до** 2018 **година**:

Во текот на 2009 и 2010 беше изработен првиот Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија (АПЕЕ) до 2018 година, кој произлегува од работната задача бр.1 на Работната група за енергетска ефикасност (РГЕЕ) при Енергетската заедница за 2010 година и која пак е во врска со потребата од транспонирање на Директивата 2006/32/ЕС за енергетска ефикасност на крајни корисници и енергетски услуги. По спроведената постапка, а врз основа на член 131 од Законот за енергетика, АПЕЕ беше донесен од страна на Владата на Република Македонија на 05.04.2011 година. АПЕЕ го опфаќа периодот 2010-2018 и утврдува вкупна национална индикативна цел за енергетски заштеди од најмалку 9 проценти од потрошувачката на финалната енергија во земјата до 2018 година, во однос на просечната енергетска потрошувачка во земјата остварена во периодот 2002-2006, а исто така определува и времена национална индикативна цел за енергетски заштеди од 4% за период од три години, односно до 2012 година.Со првиот АПЕЕ се предвидуваат мерки за подобрување на енергетската ефикасност во секој од четирите сектори на финална потрошувачка на енергија, и тоа: резиденцијален сектор, комерцијален и услужен сектор, индустрискиот сектор и транспортниот сектор. Со реализација на превидените мерки, во 2012 година се очекува годишна енеретска заштеда од околу 66 ktoe или 4% во однос на просечната потрошувачка за периодот 2002-2006 година. Доколку се обезбеди финансиска поддршка, како и другите предуслови, со целосна реализација на сите предвидени мерки во Акциониот план за енергетска ефикасност, можна е годишна заштеда на енергија од околу 199 ktoe во 2018 година, или околу 12% во однос на просечната потрошувачка за периодот 2002-2006 година.

2. **Работната група за енергетска ефикасност - РГЕЕ** (Energy Efficiency Task Force) **при Енергетската заедница**:

Во текот на 2011 година беа одржани три состаноци на РГЕЕ. Главни теми од програмата за работа на РГЕЕ за 2011 година беа: следење на реализацијата на првите АПЕЕ на земјите потписнички на Договорот за основање на Енергетската Заедница, вклучувајќи и изработка на методологија за мерење и верификација на заштедите на енергија, следење на напредокот на одделните држави во транспонирањето на Директивите на Европската Унија во националните законодавства и следење на активностите за спроведување на кампањи за јакнење на свеста и градење на капацитетите за енергетската ефикасност. Посебно значајно е да се нагласи дека во 2011 година Секретаријатот на Енергетската Заедница најми консултантски куќи за изработка на две студии, и тоа: Студија за енергетска ефикасност на зградите, која ќе претставува основа за транспонирање на Директивата за енергетски карактеристики на зградите во одделните земји, додека втората Студија се однесува на финансирање на реализација на Националните Акциони Планови за енергетска ефикасност во одделните земји.

На 06.10.2011 година, во Кишињев, Молдавија се одржа Министерски совет на Енергетската заедница, на кој, покрај останатото, се донесе Одлуката бр. D/2011/03/MC-EnC. Одлуката се однесува на означување на производи кои што користат енергија и од неа произлегуваат обврски за земјите во своите национални законодавства да ги транспонираат: Регулативата 1059/2010 за означување на машини за миење садови; Регулативата 1060/2010 за означување на разладни производи за домаќинствата; Регулативата 1061/2010 за означување на машини за перење на садови; Регулативата 1062/2010 за означување на телевизори; и Регулативата 626/2011 за означување на климатизери. Обврската за Република Македонија преостанува уште за последната наведена Регулатива, бидејќи претходно наведените се транспонирани преку Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси на производите што користат енергија.

3. **Кампања за подигање на јавната свест и едукација – Штедете електрична енергија**:

Кампања се реализираше во периодот од ноември 2010 година до мај 2011 година од страна на Министерството за економија, АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО, преку најмен економски оператор. Кампањата вклучуваше изработка и дистрибуција на информативен материјал (флаери) наменет за домаќинствата и информативен материјал (флаери) наменет за деловните субјекти, во врска со најдобрите практики за заштеда на електрична енергија; одржување на отворени емисии на национални телевизии; емитување на телевизиски и радио спотови; подигнување на свеста за штедење на електричната енергија кај населението со организирање на предавања во основните училишта за начинот и можностите за штедење на електрична енергија и организирање на трибини по општините во Република Македонија; поставување на билборди на фреквентни места на територијата на Република Македонија и; изработка и дистрибуција на прирачник со конкретни примери за примената на енергетски ефикасни уреди и мерки во домаќинствата.

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за енергетика, беа подготвени и донесени следните подзаконски акти:

1. **Уредба за еко дизајн на производи**:

Во 2011 година, со техничка поддршка обезбедена во рамки на Регионалниот проект "Градење на капацитети за системи за мониторинг, верификација и евалуација на политики за енергетска ефикасност во Југоисточна Европа, во однос на процесот на пристапување кон Европската унија", согласно Законот за енергетика беше изработена и донесена Уредбата за еко дизајн на производи (Службен Весник на РМ бр. 100/2011). Со донесувањето на уредбата ќе се овозможи производите кои што користат енергија или производите кои што влијаат врз потрошувачката на енергија да можат да се пуштат на пазар или да се

стават во употреба само ако се сообразни со пропишаните барања за еко дизајн на производите и ако се означени во согласност со прописот кој што се однесува на таа група на производи. Уредбата се однесува на следните видови производи или група на производи: електрична и електронска опрема за користење во домаќинствата и деловните простории, надворешни напојувања, ненасочени сијалици за домаќинствата, флуоресцентни сијалици без интегрирани придушници, сијалици со електрично празнење со висок интензитет и придушници и светилки за оперирање со истите, приемници на интернет телевизија, телевизорски уреди, електрични мотори, разладни уреди што се користат во домаќинствата, независни потопни циркулациони пумпи и потопни циркулациони пумпи што се вградени во производите, машини за перење алишта за домаќинствата и машини за миење садови во домаќинствата.Со донесувањето на предметната уредба е транспонирана Европската Директива 2009/125/ЕК за воспоставување на рамка за барања за еко дизајн на производи кои се поврзани со потрошувачка на енергија, како и единаесет регулативни кои се однесуваат на одделни производи или групи на производи.

2. **Правилник за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси на производите што користат енергија**:

Во 2011 година, со техничка поддршка обезбедена во рамки на Регионалниот проект "Градење на капацитети за системи за мониторинг, верификација и евалуација на политики за енергетска ефикасност во Југоисточна Европа, во однос на процесот на пристапување кон Европската унија", во согласност со Законот за енергетика беше изработен и донесен Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси на производите што користат енергија (Службен Весник на РМ бр. 154/2011). Со предметниот правилник особено се уредуваат производите кои треба да бидат означени, начинот на означување на производите, начинот на определување на карактеристиките на производите, формата и содржината на ознаката (етикетата) како и начинот на контрола на означувањето. Производите на кои што се однесува овој правилник се: разладни производи за домаќинство (електрични фрижидери, замрзнувачи и нивни комбинации), телевизори, машини за миење садови, машини за перење алишта (машини за сушење алишта со барабан и комбинирани машини за перење и за сушење на алишта), електрични шпорети, клима производи и сијалици. На тој начин е овозможено транспонирање на Европската Директива 2010/30/EU за означување по пат на етикетирање и стандардни информации на производите за потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите кои што трошат енергија, како и на соодветните Директиви, односно Регулативи кои се однесуваат на конкретните производи.

3. **Уредба за индикативните цели за заштеда на енергија**:

Согласно Законот за енергетика, со техничка поддршка обезбедена од страна на УСАИД беше изработката и донесена Уредбата за индикативните цели за заштеда на енергија во Република Македонија (Службен Весник на Република Македонија бр. 112/2011). Уредбата дополнително е во согласност со Стратегијата за енергетска ефикасност и се однесува за периодот од девет години од денот на донесување на првиот Акционен план за енергетска ефикасност. Составен дел на Уредбата е и методологијата за пресметка на индикативните цели. Со нејзинотодонесување се овозможи дополнително транспонирање на Директивата 2006/32/ЕС за ефикасност на крајното користење на енергијата и за енергетски услуги.

4. **Правилник за високоефикасни комбинирани постројки**:

Согласно Законот за енергетика, беше изработен и донесен Правилник за високоефикасни комбинирани постројки (Службен Весник на Република Македонија бр. 128/2011). Со Правилникот поблиску се пропишуваат: методологијата за пресметка на коефициентот на полезно дејство на високоефикасните комбинирани постројки за производство на електрична и топлинска енергија, методологијата за проценка на заштедата на примарната енергија во високоефикасните комбинирани постројки; содржината, формата и начинот за водење на регистарот на таквите постројки; начинот за издавање, пренесување и одземање на гаранциите за потекло на електричната енергија произведена од високоефикасните комбинирани постројки, како и начинот, постапката и условите за признавање на гаранциите за потекло

издадени во странство; начинот и постапката за определување на енергетската вредност на горивата што се користат во високоефикасните комбинирани постројки и; содржината, формата и начинот на водењето на регистар на издадени гаранции за потекло на електрична енергија од високоефикасните комбинирани постројки. Со донесувањето на овој правилник се овозможи транспонирање на Директивата 2004/8/ЕС за промоција на комбинирано производство со двете придружни одлуки на Европската комисија, и тоа: Одлуката од 21 декември 2006 година за воспоставување на хармонизирани референтни вредности за ефикасност на одделно производство на електрична енергија и топлина за примена и Одлуката од 19 ноември 2008 година за воспоставување на детални прирачници за имплементација и примена на Анекс II од Директивата 2004/8/ЕС.

5. **Упатство за примена на мерките за енергетска ефикасност и заштеда на енергија при определување на карактеристиките на стоките и услугите што се предмет на јавните набавки**:

Агенцијата за енергетика, по претходно прибавено мислење од Бирото за јавни набавки, донесува упатство за примена на мерките за енергетска ефикасност и заштеда на енергија при определување на карактеристиките на стоките и услугите што се предмет на јавните набавки, како и за примена на критериумите коишто се однесуваат на енергетската ефикасност и заштедата на енергија при изборот на најповолен понудувач. На тој начин ќе се придонесе кон дополнително транспонирање на Директивата 2006/32/ЕС за ефикасност на крајното користење на енергијата и за енергетски услуги. Упатството е изработено и објавено на интернет страницата на Агенцијата за енергетика. На следниот состанок на Управен одбор истото ќе биде донесено

**СТРАНСКА ПОМОШ**

1. **ГЕФ Проект за одржлива енергија** (31.07.2007-30.09.2012):Проектот за одржлива енергија е финансиран од Глобалниот Еколошки Фонд (ГЕФ), а е управуван од Светската Банка со цел да промовира инвестиции во енергетска ефикасност и обновливи извори со поддршка на создавање на рамка, институционални капацитети и неопходни финансиски механизми. Со преструктуирањето на ГЕФ Проектот за одржлива енергија активностите се реализираат по следните компоненти:

1) Компонента 1 – Институционална подршка, техничка помош и управување со проектот;
2) Компонента 2 – Финансиска поддршка за реализација на мерки за подобрување на енергетската ефикасност во згради од јавниот сектор; и
3) Компонента 3 – Финансиска поддршка на проектите за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

Првата и втората компонента од проектот се спроведуваат од страна на Министерството за економија, преку Единицата за спроведување на проектот, додека третата компонента се спроведува од страна на Македонската Банка за Поддршка на Развојот.

Првата компонента вклучува три под-компоненти:
а) Воспоставување на Проектната единица за одржлива енергија;
б) Техничка поддршка за енергетска ефикасност во јавни згради; и
в) Реализација на започнати активности од проектот пред неговото преструктуирање.

Втората компонента обезбедува финансиски средства за примена на мерки за енергетска ефикасност во јавните изгради, со фокус на училишта и градинки. Оваа компонента е насочена кон тоа да овозможи поддршка за развој на едноставни и применливи модели на проекти од енергетската ефикасност кои би биле дел од националната програма за енергетска ефикасност на јавни згради. Оваа програма ќе се состои од две фази, и тоа:

- Првата фаза се реализира со 100% средства од ГЕФ грантот, почнувајќи во 2010 година, со избор на квалификувани проекти за енергетска ефикасност на јавни згради во различни општини.
- Втората фаза ќе се спроведе во следниот период до завршување на проектот, со учество на ГЕФ средства, но и со кофинансирање од страна на општините или од други извори за финансирање.

Третата компонента вклучува кредитна линија наменета за кредити за приватни проекти за енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија ќе се реализира со финансиски средства од ГЕФ грантот, финансиски средства од Македонската Банка за Поддршка на Развојот, но и со кофинансирање од страна на комерцијалните банки и сопствено учество на позајмувачот. Средствата од оваа кредитна линија за квалификуваните проекти се пласираат преку комерцијалните банки.

Во рамки на првата и втората компонента на проектот во досегашниот период се реализирани или се отпочнати со реализација бројни активности, меѓу кои:

- Избрани се шест шест општини во чии згради на училиштата и градинките се спроведуваат (односно ќе се спроведуваат) мерки за подобрување на енергетската ефикасност;
- Со ангажирање на две консултантски куќи, направени се енергетски контроли во избраните згради, изготвени се основни проекти и беа изготвени технички спецификации и тендерска документација врз основа на која беа спроведени неколку тендерски постапки и беа избрани компании за изведување на предвидените зафати за подобрување на енергетската ефикасност на зградите на избраните училишта и градинки;
- Ангажирана е компанија за вршење на ревизија на проектната документација за спроведување на мерките за енергетска ефикасност во јавните згради;
- Со ангажирање на консултант, во постапката на изработка е Национална Програма за енергетска ефикасност на згради во јавниот сектор. Предвидено е изработката на програмата да заврши до почетокот на 2012 година;
- Со ангажирање на компанија, отпочната е изработката на документарен филм за придобивките од спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност во училишта и градинки.
- Отпочната е втората фаза на реализација на проектот, преку прибирање на писма за интерес од страна на општините со кои беа доставени и конректни предлози за финансирање на мерки за енергетска ефикасност и финансики средства кои што општините се во можност да ги обезбедат.
- Отпочната е постапка за избор на консултантска компанија/компании за потребите од вршење на енергетски контроли, изработка на основните проекти, технички спецификации и тендерска документација за потребите од спорведување на тендерска постапка за избор на изведувачи, како и вршење на надзор над изведбените работи.

2. **Проект за Ублажување на климатските промени преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор** (**октомври** 2009 - **март** 2012): Проектот има за цел ублажување на климатските промени во земјата преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор, зголемување на јавната свест и капацитетите на соодветните институции за енергетска ефикасност. Партнери во овој проект се: Министерство за животна средина и просторно планирање, како извршна институција, имплементатори се УНДП и АДЦ (Австриска Развојна Кооперација), а директни корисници се Министерство за економија и ЗЕЛС. Во рамките на проектот се реализираа бројни активности меѓу кои позначајни се:

- Изработена методологија за определување на потребните климатолошки параметри за пресметка на енергетски карактеристики на градежни објекти;
- Изработена е климатолошка мапа на Република Македонија;
- Изработен е портал за енергетска ефикасност во јавни објекти (www.eeportal.mk);
- Изработена е софтверска алатка ExCITE која обединува две бази на податоци и тоа базата за инвентар на јавни објекти и базата на климатолошки податоци;
- Направена е анализа на правните аспекти за примена на софтверската алатка и пополнување на базите на податоци од страна наопштините;
- Изработени се нацрт верзии на Програми за енергетска ефикасност на Прилеп, Тетово и Кратово;

- Во тек се активности за подобрување на енергетската ефикасност на една избрана зграда на градинка во Општина Аеродром, како пилот проект.
- Спроведени обуки на претставниците на единиците на локалните самоуправи за енергетска ефикасност и за работа со софтверска алатка ExCITE;
- Организирани студиски посети на Чешката Република на претставници од единиците на локалните самоуправи, од институциите од централната власт, академскиот и приватниот сектор.

3. **Проект за Градење на капацитети за системи за мониторинг, верификација и евалуација на политики за енергетска ефикасност во Југоисточна Европа, во однос на процесот на пристапување кон Европската унија**_(јануари 2010 – декември 2011):Проектот е финансиран од отворениот регионален фонд за енергетика на ГИЗ (GIZ ORF-E) и е наменет за државите потписнички на договорот за основање на Енергетска заедница. Целта на овој проект е воспоставување на систем за следење на реализацијата на АПЕЕ, преку изработка на методологија за мерење и верификација на постигнатите заштеди од реализираните мерки. Предметната методологија е веќе изработена и истата ќе биде составен дел на Правилникот за енергетска контрола. Дополнително, во рамки на овој проект беше обезбедена техничка поддршка за Република Македонија за изработка на Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси за производите што користат енергија и Уредбата за еко дизајн на производи, кои се веќе донесени, како и за Правилникот за енергетска контрола, кој е во фаза на изработка. Реализацијата на Проектот завршува до декември 2011 година.

4. **Проект за енергетска ефикасност во згради во кои живеат семејства со ниски приходи** (**декември** 2009-**август** 2011):Со финансиска и техничка подршка од УСАИД беше реализиран Проектот за енергетска ефикасност во згради во кои живеат семејства со ниски приходи. Спроведени се мерки за енергетска ефикасност на три пилот згради и тоа две во Скопје и една во Куманово (со вкупно 57 стана) во кои живеат семејства со ниски приходи. Целта на Проектот е да се покаже дека инвестициите во подобрувањето на енергетската ефикасност треба да се користат како модел за намалување на енергетската сиромаштија. Реализацијата на Проектот беше спроведена од декември 2009 година до август 2011 година. Дополнително, планирано е проширување на овој проект во други општини во Република Македонија.

5. **Проектот за промоција на енергетската ефикасност** ENER Supply_(2011 – март 2012), финансиран од CEE Транснационалната програма, редовно се спроведува и преку истиот одржана е обука за изработка на акциони планови за енергетска ефикаснсот на лица претставници од општините Охрид и Скопје и набавена е опрема за извршување на енергетска контрола во објекти. Дел од лицата ангажирани во проектот извршија и две енергетски контроли во објекти на територија на град Скопје. Преку регионалниот проект беа одржани 2 обуки за претставници од општините во Скопје и Охрид. Првата обука се одржа во февруари и беше на тема „Енергетски менаџмент", додека втората обука беше одржана во октомври 2011 на тема „Обновливи извори на енергија". Преку овој проект е набавена мерна опрема за енергетска ефикасност. Проектот ќе продолжи да се имплементира и во 2012.

6. Во 2011 година заради технички неусогласености помеѓу страните во сервисниот договор за спроведување **на Проектот за создавање средина за воведување на енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија**, истиот не се имплементираше. На крајот на тековната година се направија дополнителни напори на потписниците на сервисниот договор и надлежните институции со цел за надминување на техничките проблеми и отпочнување на реализација на овој значаен проект.

7. Агенцијата за енергетика како Национална институција за спроведување на **Проектот за финансирање на инвестициите во проекти од областа на енергетската ефикасност заради ублажување на климатските промени** продолжи со спроведување на истиот, при што се организира Меѓународна конференција на тема „Бизнис планирање на проекти за ЕЕ и ОИЕ на земјите од Југо-Источна Европа. Во рамките на проектот се идентификуваа 6 проекти од областа на воведување на мерки за зголемување на енегетска ефикасност кои се доставени на разгледување до UNECE-Економската комисија на ОН за Европа, со цел за нивно финансирање.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Улогата на креатор на политиката во енергетскиот сектор ја има Владата на Република Македонија, односно Министерството за економија. Во Министерство за економија, во Секторот за енергетика постојано се вработени 14 лица .

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

*Министерството за економија*, согласно Законот за енергетика ќе ги разгледува и одобрува Програмите за обуки и полагање на енергетски контролори, изготвени од страна на Агенцијата за енергетика, заради спроведување на постапката за избор на правно лице за вршење на обуки и полагање на испити за енергетски контролори. Исто така, согласно Законот за енергетика, Министерството за економија ќе издава овластувања за вршење на енергетска контрола и ќе води регистар на овластени лица за вршење на енергетски контроли.

Енергетската Заедница, преку Работната група за енергетска афикасност, ќе продолжи со своите понатамошни активности во насока на поддршка на државите потписнички на Договорот за основање на Енергетската Заедница во транспонирање и имплементација на Европските Директиви од областа на енергетската ефикасност.

## ПРАВНА РАМКА

**Правилник за енергетски карактеристики на зградите**[29] е во фаза на подготовка во рамките на Проектот за создавање на средина за воведување на енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија. Со донесувањето на овој подзаконски акт ќе се овозможи дополнително транспонирање на Европската Директива 2010/31 за енергетски карактеристики на зградите. Правилникот ќе ги пропише: методологија за пресметка на енергетските карактеристики на зградите, минималните барања за енергетската ефикасност на новите згради, како и зградите што се предмет на значителна реконструкција, услови за проектирање и градба на нови и значителна реконструкција на постојни згради од аспект на енергетска ефикасност, начинот и периодот на контрола на системите за греење со котли и на системите за климатизација, означувањето на зградите и градежните единици во поглед на нивните енергетски карактеристики, и друго. Во текот на 2012 година предвидено е да продолжат активностите за изработка и донесување на Правилникот за енергетски карактеристики на зградите, најдоцна до 30.09.2012.

**Правилник за енергетска контрола** се изработува со техничка помош обезбедена во рамки на Регионалниот проект “Градење на капацитети за системи за мониторинг, верификација и евалуација на политики за енергетска ефикасност во Југоисточна Европа, во однос на процесот на пристапување кон Европската унија” и со него ќе се овозможи дополнително транспонирање на Директивата 2006/32/ЕС за

---

[29] Правилникот започна да се изготвува во рамки на Проектот за создавање на средина за воведување на енергетска ефикасност на градежни објекти во Република Македонија. Согласно Законот за енергетика, рокот за донесување беше 18.11.2011 година. Поради административни бариери во реализацијата на Проектот, изготвувањето на овој правилник е пролонгирано.

ефикасност на крајното користење на енергијата и за енергетски услуги. Со предметниот правилник поблиску ќе се уредат спроведувањето на енергетската контрола, начинот на проценка на основната потрошувачка на енергија, содржината и формата на извештајот за енергетската контрола, основните елементи за формирање на износот на надоместокот за вршење на енергетската контрола, начинот, постапката и условите за избор на правни лица што ќе вршат обуки за енергетски контролори, основните елементи на програмата и начинот на вршење на обука и полагање на стручен испит за енергетски контролори, издавањето, продолжувањето и одземањето на овластувањата за вршење на енергетска контрола, како и признавањето на важноста на овластувањата или други соодветни документи за вршење на енергетска контрола издадени во други држави, формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лицата овластени за вршење енергетска контрола и содржината и формата на извештаите што ги доставуваат лицата од јавниот сектор, односно Агенцијата за енегетика. Во досегашниот период беше изработена прва работна верзија на Правилникот која ќе биде доставена на мислења до релевантни инситутции и останати субјекти. Составен дел на предметниот Правилник ќе биде и методологијата за мерење и верификација на заштедата на енергија, чија изработка беше завршена и која што претходно беше разгледувана и усогласувана во рамки на неколку работни групи за таа намена.
Во текот на 2012 година предвидено е да продолжат активностите за изработка и донесување на Правилникот за енергетска контрола. Согласно Законот за енергетика, рокот за донесување на предметниот правилник е 18.02.2012 година.

**Правилник за дополнување на Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси на производите што користат енергија**: Во првата половина на 2012 година ќе се изработи и донесен дополнување на Правилникот за означување на потрошувачката на енергија и другите ресурси на производите што користат енергија, со цел транспонирање на новата Регулатива бр. 626/2011 на Европската Унија за означување со етикети на климатизери. Рокот за негово донесување е 30.06.2012 година.
**Втор акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија**: Во втората половина на 2012 година ќе отпочне да се изработува втор Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија. Изработката на вториот АПЕЕ произлегува како обврска од Законот за енергетика, но претставува и обврска кон Енергетската Заедница, произлегувајќи од обврските за имплементирање на Европската Директива 2006/32/ЕС. Второт АПЕЕ особено ќе содржи: анализа и извештај за спроведување на мерките и активностите од првиот акционен план; мерки и активности за подобрување на енергетската ефикасност во следниот тригодишен период, со цел да се постигнат индикативните цели за заштеда на енергија; едукативни и промотивни активности насочени кон поттикнување на рационално користење на енергијата; рокови во кои треба да се спроведат одделните активности; потребни средства за реализација на предвидените активности и начин на нивно обезбедување; носители на одделните активности. Рокот за негово донесување е 30.06.2013 година.

Агенцијата за енергетика во текот на 2012 година, ќе продолжи со реализација на законските обвски како: давање на мислења по тригодишните предлог-програми за енергетска ефикасност, со цел истите да бидат донесени од советите на единиците на локална самоуправа, изготвување на Извештај за усогласеноста на тригодишните програми за енергетска ефикасност на единиците на локална самоуправа со Стратегијата за енергетска ефикасност и Акциониот план за енергетска ефикасност. Изготвување на збирен извештај од доставените годишни планови за енергетска ефикасност на единиците на локална самоуправа.

Во делот на енергетските контроли, Агенцијата за енергетика ќе изработи збирен извештај за извршените енергетски контроли во јавниот сектор, надлежните министерства и единиците на локална самоуправа во претходната календарска година, ќе организира обуки и полагање на испити за енергетски контролори и обуки за усовршување на контролорите врз основ на програми за обука и полагање на испити изготвени од Агенцијата за енергетика, а одобрени од Министерството за економија. Агенцијата ќе подготви

годишен извештај од правните лица за вршење на енергетски контроли кај лицата од јавниот сектор во претходната календарска година.

## СТРАНСКА ПОМОШ

1. **ГЕФ Проект за одржлива енергија**:
Во рамките на овој проект се предвидено е да се реализираат сите останати активности кои се веќе отпочнати или се планира да отпочнат, како што се:

- Реализирање на втората фаза за спроведување на мерки за подобрување на енергетската ефикасност во згради на училишта и/или градинки во општини кои претходно ќе бидат избрани согласно определени критериуми;
- За потребите од спроведување на втората фаза, ќе се направат енергетски контроли, ќе се изработат основните проекти, технички спецификации и тендерска документација за потребите од спроведување на тендерска постапка за избор на изведувачи, како и вршење на надзор над изведбените работи, од страна на компанија која избрана согласно процедурите на Светската банка;
- Изработка и донесување Националната Програма за енергетска ефикасност на згради во јавниот сектор за периодот од 2012 до 2018 година;
- Изработка на документарен филм за придобивките од спроведувањето на мерките за енергетска ефикасност во зградите на училишта и градинките.

2. **Проект за Ублажување на климатските промени преку подобрување на енергетската ефикасност во градежниот сектор** (**октомври** 2009 - **март** 2012):
Во преостанатиот период од реализацијата на проектот предвидено е завршување на реализација на пилот проектот за подобрување на енергетската ефикасност во зграда на градинка на подрачјето на општина Аеродром во Скопје. Дополнително, до крајниот рок за имплементацијата на проектот ќе се разгледа можноста за реализација на уште еден проект за подобрување на енергетската ефикасност во новоизбрана зграда.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во текот на 2012 година Министерството за економија планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за реализација на активностите согласно надлежостите кои произлегаат од Законот за енергетика. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се нови вработувања во 2012 година.

Во Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2012 година, со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата и одговор на големиот број активности, што произлегуваат од Закон за енергетика, предвидени се нови вработувања.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Министерството за економија, согласно Законот за енергетика ќе ги разгледува и одобрува Програмите за обуки и полагање на енергетски контролори, изготвени од страна на Агенцијата за енергетика, заради споведување на постапката за избор на правно лице за вршење на обуки и полагање на испити за енергетски контролори. Исто така, согласно Законот за енергетика, Министерството за економија ќе

издава овластувања за вршење на енергетска контрола и ќе води регистар на овластени лица за вршење на енергетски контроли.

На среднорочен план, Агенцијата за енергетика ќе продолжи со реализација на законодавните активности во насока на промоција на енергетската ефикасност и обновливи извори на енергија.

**ПРАВНА РАМКА**

Доколку произлезат нови потреби за транспонирање на евентуални нови регулативи на Европската Унија, ќе се преземат активности на измена и дополнување на националното законодавство.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2013-2014 година, Министерството за економија, планира јакнење на капацитетот и обука на кадарот за реализација на активностите согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за енергетика. За реализација на активностите во Секторот енергетика неопходни се 2 нови вработувања во 2013 година и 2 нови вработувања во 2014 година.

Во Агенцијата за енергетика на Република Македонија за среднорочниот период, со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата и одговор на големиот број активности, што произлегуваат од Закон за енергетика, се предвидени 2 нови вработувања.

### 3.15.7 **НУКЛЕАРНА СИГУРНОСТ И РАДИЈАЦИОНА ЗАШТИТА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Областа на нуклеарната сигурност и радијационата заштита во Република Македонија е регулирана согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/02 , 135/07 и 54/11).

Дирекција за радијациона сигурност (ДРС) е единствено надлежна институција за вршење на управните и стручните работи од областа на заштитата од јонизирачко зрачење. Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, статусот на Дирекцијата за радијациона сигурност е дефиниран како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице.

Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, во текот на 2011 година Дирекцијата го донесе **Правилникот за квалификации и здравствена состојба на лица** (Службен весник на Република Македонија бр. 160/2011) кои може да ракуваат со извори на јонизирачко зрачење. Во овој правилник делумно се транспонирани одредбите од Директивата на Советот на Европската Унија 96/29 ЕВРОАТОМ од 13 Мај 1996 за основните сигурносни стандарди за заштита на здравјето на работниците и населението од штетното влијание на јонизирачкото зрачење, како и одредби од Директивата на Советот на Европската Унија 97/43/ЕВРОАТОМ од 30 јуни 1997 за здравствена заштита на поединците од опасноста од јонизирачко зрачење во врска со медицинската изложеност на зрачење и укинување на Директивата 84/466/ЕВРОАТОМ. Донесувањето на овој правилник од страна на Дирекцијата придонесе кон понатамошо усогласување на националното законодавство во областа на нуклеарната сигурност и радијационата заштита со ЕУ законодавството.

Имајќи ја предвид состојбата по земјотресот од 11 март 2011 година во Јапонија и несреќата во нуклеарната централа Фукушима, Дирекцијата за радијациона сигурност континуирано ја следеше состојбата и беше во постојана комуникација и размена на податоци со МААЕ и со ЕК користејќи ги нивните системи за рана размена на информации во случај на радиолошки вонреден настан *IEC* и *ECURIE,* соодветно. Притоа Дирекцијата редовно ја информираше јавноста во Република Македонија преку својата веб страна со редовно ажурирање на извештаите за ситуацијата со нуклеарната централа во Фукушима.

Дополнително, а со оглед на законодавството на Европската Комисија за воведување на посебни услови кои се однесуваат на увозот на храна и на добиточна храна која потекнува од или е испорачана од Јапонија по несреќата во нуклеарната централа Фукушима, Дирекцијата за радијациона сигурност со цел имплементирање на одредби од ЕУ acquis и со тоа постигнување на заштита на населението и животната средина, Дирекцијата донесе **Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за максимално дозволени количини на радионуклиди во храна**, **вода**, **воздух**, **земјиште**, **производи и суровини од животинско и растително потекло и предмети за општа употреба** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/11).

Правилникот за изменување на Правилникот за висината на трошоците за издавање на дозволи и лиценци е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 132/11.

Со цел проверка на степенот на усогласеност на дел од правилниците донесени согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност од страна на Дирекцијата за радијациона сигурност со ЕУ Acquis, во периодот 03-07 октомври 2011 година во просториите на Дирекцијата се реализираше **ТАЕКС експертска мисија**. Во рамките на мисијата беа прегледани 10 правилници во кои се имплементирани одредби од ЕУ законодавството во областа на нуклеарната сигурност и радијациона заштита, а пред се од Директивите на Советот на Европската Унија 96/29 и 97/43. Дополнително, исто така, беше прегледан и Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност.

Притоа како заклучок произлезе дека законот и правилниците се во основа и широко усогласени со законодавството на ЕУ и притоа во текот на мисијата, од страна на експертот беа дадени неколку детални препораки со цел понатамошно усогласување на националното со ЕУ законодавството во оваа област.

Со **Договорот меѓу Европската Заедница за Атомска Енергија** (**ЕВРОАТОМ**) **и земјите кои не се членки на Европската Унија за нивно учество во аранжманите на Заедницата за рана размена на информации во случај на радиолошки вонреден настан** (ECURIE), Република Македонија пристапи кон системот (ECURIE). Притоа, Центарот за управување со кризи е институција која е номинирана како контакт точка, додека Дирекцијата за радијациона сигурност е номинирана како институција надлежна согласно член 7 од Договорот.

**Планот за заштита на населението во случај на радијационен вонреден настан во Република Македонија** со кој се уредува системот на подготвеност и одговор на радијационен настан во Република Македонија е усвоен и објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 84/11. Целта на планот е воспоставување на основа за подготвеност и ефективен одговор на радијациони вонредни настани на територијата на Република Македонија, кој ќе биде интегриран со одговорите не само на национално, туку и на меѓународно и локално ниво. При изработката на планот, во периодот 20-24 декември 2010, година беше реализирана мисија од експерт на МААЕ за преглед на нацрт планот за заштита на населението во случај на радијационен вонреден настан.

На предлог на Дирекцијата за радијациона сигурност, **Законот за ратификација на Изменувањето и дополнувањето на Конвенцијата за физичка заштита на нуклеарен материјал** е објавен во Службен весник на Република Македонија бр. 148/11. Целите на Измените и дополнувањата на Конвенцијата се постигнување на ефективна физичка заштита на нуклеарен материјал кој се користи за мирољубиви цели како и на нуклеарни постројки за мирољубиви цели, спречување и борба против нападите кои се однесуваат на таквите материјали ширум светот, како и олеснување на соработката помеѓу државите кои пристапиле кон овие цели.

Согласно обврските од **Законот за ратификација на Дополнителниот протокол** кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со договорот за неширење на нуклеарно оружје („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2007), Дирекцијата за радијациона сигурност поднесе 4 квартални и годишни извештаи во текот на 2011.

Дирекцијата за радијациона сигурност го поднесе 2-риот Национален извештај согласно **Законот за ратификација на Конвенцијата за нуклеарна безбедност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 10/2006) за имплементација на обврските кои произлегуваат од одредбите на Конвенцијата и наменет за 5 –тиот состанок за преглед. Во периодот 04-14 април 2011 година, во седиштето на Меѓународната агенција за атомска енергија во Виена се одржа 5 –тиот состанок за преглед на која присуствуваше и делегација на Република Македонија со претставници од Дирекцијата за радијациона сигурност и на кој од страна на Дирекцијата беше презентирано исполнувањето на обврските согласно Конвенцијата од страна на Република Македонија, како и напредокот постигнат од 4 –тиот состанок за преглед одржан во 2008 година.

Врз основа на **Законот за ратификација на Заедничката Конвенција за сигурност при управување со искористено нуклеарно гориво и сигурност при управување со радиоактивен отпад** („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/2009) од страна на Дирекцијата за радијациона сигурност е номинирано контакт лице за следење на спроведувањето на обврските од конвенцијата. Дополнително, од страна на Дирекцијата е подготвен првиот национален извештај за исполнувањето на обврските согласно Заедничката конвенција кој е наменет за 4 –тиот состанок за преглед кој ќе се одржи во периодот 14-23 мај 2012 година. Во извештајот е даден преглед за националната политика за управување со радиоактивен отпад, институционалната рамка и законодавството кое се однесува на имплементацијата на одредбите од Конвенцијата.

Во поглед на зајакнување на **меѓународната соработка** во областа на заштитата од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, на 25 мај 2011 година во Охрид, е потпишан Меморандум за разбирање помеѓу Дирекцијата за радијациона сигурност и Агенцијата за заштита на животната средина на Црна Гора за соработка во полето на радијациона заштита. Притоа, со Меморандумот се пропишува соработката меѓу Дирекцијата за радијациона сигурност и Агенцијата за заштита на животната средина во областа на радијационата заштита, борбата против нелегалната трговија и постапување во случај на вонредни настани.

Во првата половина на 2011 година, е реализирана **инспекција** од Меѓународната агенција за атомска енергија на декларираните локации согласно Ревидираниот протокол за мали количества кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарното оружје („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/2007).

Во дополнение, Дирекцијата за радијациона сигурност поднесе ажуриран извештај за инвентарот на нуклеарен материјал во Република Македонија и извештај за промена во инвентарот на нуклеарен материјал согласно овој Протокол.

Поднесени се **Квартални анализи на ризик**, од доменот на работа на Дирекцијата за радијациона сигурност за потребите на интегрираното гранично управување до Националниот координативен центар за гранично управување.

Изработен е **Стратешки план** 2012-2014 **на Дирекцијата за радијациона сигурност**. Донесувањето на овој стратешки план претставува трет циклус на стратешко планирање од страна на Дирекцијата, во кој јасно се претставени нејзините насоки и цели и во чија основа се наоѓаат стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за интеграција на Република Македонија во Европската Унија и НАТО. Истовремено Стратешкиот план претставува водич кон реално остварување на поставените цели и приоритети на Дирекцијата во среднорочен период, при што неговото доследно спроведување ќе придонесе во зголемувањето на оперативноста, ефикасноста и транспарентноста во спроведувањето на надлежностите на Дирекцијата.

Превземени се активности со цел обезбедување на соодветна **финансиска независност** на Дирекцијата за радијациона сигурност. Во моментот, политиката на Владата на Република Македонија е во насока на намалување на буџетските корисници со цел полесно следење на институциите, одвојувањето на Дирекцијата за радијациона сигурност како посебен буџетски корисник од Министерство за здравство е оставено како прашање по кое ќе се решава понатаму. Дирекцијата исто така дополнително, во текот на 2011 година направи Анализа за можностите за добивање на финансиска независност на Дирекцијата за радијациона сигурност и состојбата во телата за радијациона сигурност во неколку земји членки на Европската Унија", која ги разгледува основните стандарди на Европската Унија и на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ), како и состојбата во телата за радијациона сигурност во неколку земји членки на Европската Унија во однос на прашањето за финансиската независност.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Со цел зајакнување на институционалните капацитети, од страна на Дирекцијата за радијациона сигурност беа реализирани **обуки во областа на радијациона заштита**. Во периодот од 20 до 24 јуни во Скопје, Дирекцијата за радијациона сигурност во соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија организираше суб-регионален тренинг курс со наслов **„Медицинска подготвеност и одговор на нуклеарен или радиолошки вонреден настан**". Целта на тренинг курсот беше обезбедување на знаење за подготвеност на здравствениот систем и медицинскиот одговор во случај на радијациони вонредни настани, вклучувајќи и практични аранжмани за третирање на контаминирани или прекумерно изложени (потенцијално прекумерно изложени) лица на јонизирачко зрачење. Притоа, на тренинг курсот земаа учество 14 претставници од Бугарија, Хрватска, Кипар, Естонија, Латвија, Литванија, Црна Гора, Словенија, Србија и Турција, како и 17 претставници од надлежни иститутции од Република Македонија.

Во периодот 25-26 мај 2011 година, Дирекцијата за радијациона сигурност во соработка со Амбасадата на САД организираше **„Регионална конференција за зајакнување на соработката во спречување на нелегална трговија со радиоактивен материјал**" во Охрид. На конференцијата учествуваа 22 претставници од Албанија, Косово, Хрватска, Босна и Херцеговина, Бугарија, Турција и Црна Гора, како и 6 претставници од Република Македонија. Целта на конференцијата беше размена на искуства помеѓу земјите во регионот во однос на националната инфраструктура и постапките за спречување на нелегалната трговија со радиоактивни материјали, како и постапувањето при инциденти на граничните премини.

Дирекцијата, во соработка со Меѓународната агенција за атомска енергија во периодот 27–29 Септември .2011 година организираше и спроведе „**Национална работилница за Дизајн на проценка на закани за**

**нуклеарна безбедност**“ за 27 претставници од надлежни институции во Република Македонија. Целите на националната работилница беа:

- Опис на процесот за дизајн на проценка на закани и начинот на употреба;
- Улогите и одговорностите кои се препорачуваат;
- Опис на улогата на проценката на заканите;
- Опис на информациите и одлуките кои се потребни за развој на дизајн на проценка на закани;
- Начин на кој дизајнот на проценка на закани може да се имплементира во националната инфраструктура за нуклеарна безбедност; и
- Идентификација на основните услови за преглед и надградба на дизајнот за проценка на заканите.

Од 05-09 септември, Дирекцијата за радијациона сигурност беше домаќин на **еднонеделна научна посета** во организација на Меѓународната агенција за атомска енергија на директорот на Агенцијата за регулирање на нуклеарни и радиолошки активности при Министерството за вонредни ситуации на Азербејџан. Целта на посетата беше запознавање на претставникот со искуството на Република Македонија во подготовка и донесување на Планот за заштита на населението во случај на радијационен вонреден настан во Република Македонија односно во воспоставување на системот за подготвеност и одговор на радијациони вонредни настани.

Во текот на 2011 година, Дирекцијата за радијациона сигурност продолжи со континуираната активност на издавање на **дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење**.

Исто така, Дирекцијата продолжи со континуираната активност на вршење на **инспекциски надзор** над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот преку инспектори за радијациона сигурност.

**Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење**, кој го води Дирекцијата за радијациона сигурност се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

Во текот на 2011 година, со оглед на тоа што финансиски средства за нови вработувања беа ограничени, нови вработувања во Дирекцијата не беа реализирани.

Во текот на септември 2011 година претставници од Дирекцијата за радијациона сигурност учествуваа на 55-та Генерална конференција на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) како членови на делегацијата на Република Македонија.

Вработените во Дирекцијата за радијациона сигурност континуирано учествуваа на обуки, како во однос на општи обуки организирани од Агенцијата за државни службеници така и на специјализирани обуки организирани од МААЕ, Амбасада на САД во РМ итн.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

## ПРАВНА РАМКА

Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 48/02, 135/07 и 53/11), Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2012 година ќе донесе Правилник за просторот, уредите, опремата и лицата кои можат да работат со извори на јонизирачко зрачење.

Со оглед на тоа дека во законодавството на ЕУ во полето на нуклеарна сигурност беше усвоена нова Директивата на ЕУ за воспоставување правната рамка на Заедницата за нуклеарна сигурност на нуклеарните инсталации (CELEX 32009L0071), која истовремено е и препорака од ЕК, Дирекцијата за радијациона сигурност ќе изврши анализа на влијанието на истата во постоечкото законодавство.

Со цел проверка на степенот на усогласеност на дел од правилниците донесени согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност од страна на Дирекцијата со ЕУ Acquis Дирекцијата за радијациона сигурност предвидува реализација на **ТАЕКС експертска мисија**, во рамките на која се предвидува преглед на 10 правилници во кои се имплементирани одредби од ЕУ законодавството во областа на нуклеарната сигурност и радијациона заштита.

Во текот на 2012 година се предвидува потпишување на Меморандуми за соработка со регулаторните тела на Албанија и Босна и Херцеговина.

Во 2012 година за Дирекцијата за радијациона сигурност предвидува учество на повеќе состаноци и конференции, како:

- 4 –тиот состанок за преглед на Заедничката конвенција за сигурност при управување со искористено нуклеарно гориво и сигурност при управување со радиоактивен отпад кој ќе се одржи во периодот 14-23 мај 2012 година, која ќе се одржи во Виена, Австрија, со цел презентирање на првиот национален извештај во кој е даден преглед за националната политика за управување со радиоактивен отпад, институционалната рамка и законодавството кое се однесува на имплементацијата на одредбите од Конвенцијата;
- вонредниот состанок за преглед на Конвенцијата за нуклеарна безбедност кој ќе се одржи во периодот 27-31 август 2012 година во Виена, Австрија, со цел споделување на научените лекции од несреќата во Фукушима и да се продискутираат планираните активности или активностите кои се превземени со цел јакнење на сигурноста во нуклеарните инсталации по Фукушима, како и да се разгледуваат евентуални измени на Конвенцијата со цел подобрување на нејзината ефикасност;
- 56-та генерална конференција на Меѓународната конференција за атомска енергија – МААЕ, која ќе се одржи во септември 2011 година во седиштето на МААЕ, во Виена, Австрија.

Дирекцијата за радијациона сигурност ќе продолжи со континуираните активности на издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење.

Дирекцијата за радијациона сигурност ќе продолжи со континуираното спроведување на инспекциски надзор над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот.

**Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење**, кој го води Дирекцијата за радијациона сигурност ќе се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

За 2012 е предвидено јакнење на административните капацитети на Дирекцијата за радијациона сигурност со реализација на нови вработувања, доколку се обезбедат финансиски средства.

Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење, Дирекцијата во 2012 година предвидува реализирање на обуки во областа на радијациона заштита и сигурност.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Дирекцијата за радијациона сигурност во 2013 година ќе пристапи кон изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, со цел понатамошно усогласување со европското законодавство.

Согласно Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07), Дирекцијата за радијациона сигурност во текот на 2013 година ќе донесе Правилник за критериуми и мерки за заштита од јонизирачко зрачење при вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење.

Континуираните активности на Дирекцијата на издавање на дозволи за вршење на дејност со извори на јонизирачко зрачење и спроведување на инспекциски надзор над примената на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и подзаконските акти донесени врз основа на законот ќе продолжат и во текот на 2013 година.

**Националниот регистар на извори на јонизирачко зрачење**, кој го води Дирекцијата за радијациона сигурност ќе се ажурира постојано, со користење на електронски систем за евиденција на извори и корисници на извори на јонизирачко зрачење.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За 2013 е предвидено јакнење на административните капацитети на Дирекцијата за радијациона сигурност со реализација на нови вработувања. Со цел зајакнување на меѓуинституционална соработка и зајакнување на контролата на извори на јонизирачко зрачење Дирекцијата во 2013 година предвидува реализирање на обуки во областа на радијациона заштита и сигурност.

## 3.16 **ОДАНОЧУВАЊЕ**

### 3.16.1 **Индиректно оданочување**

**ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Оданочувањето на потрошувачката на стоки и услуги во Република Македонија е регулирано со Законот за данокот на додадена вредност (Сл. весник на РМ бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/2000, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006 , 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/2010, 102/2010, 24/2011 и 135/2011).

Со овој закон како основен правен акт е уредено пресметувањето и плаќањето на данокот на додадена вредност при промет на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност, како и увозот на добра.

Законот за данокот на додадена вредност во РМ е со примена од 1.04.2000 година, и во него во најголем дел се транспонирани барањата од ЕУ законодавството за ДДВ и тоа на :

1.Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388 за усогласување на законодавството на земјите членки во врска со даноците на промет – Заеднички систем на данокот на додадена вредност: единствена основа на пресметување, и

2.Тринаесеттата директива на Советот - 31986L0560, за усогласување на законодавството на земјите - членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата.

Во ЗДДВ, согласно со ЕУ актите се регулирани предметот на оданочување, даночен обврзник, местото на прометот, даночната основа, даночните ослободувања, времето на настанување на даночниот долг, одбивката на претходниот данок, оданочувањето, регистрацијата, враќањето на данокот, административните обврски, пропишувањето на специјални шеми за оданочување за тур-операторите.

Во однос на висината и бројот на применетите даночни стапки, ЗДДВ кореспондира со она што е предвидено во Директивите на ЕУ, од причина што во РМ во примена се две даночни стапки и тоа општата од 18%, и повластената од 5%.

Хармонизираност е постигната и во делот на даночниот третман на инвестиционите добра (опремата наменета за производство на стоки и услуги кои подлежат на оданочување и недвижностите потребни за вршење на стопанската дејност) кај кои со примена на механизмот на одбивка на претходниот данок се постигнува оданочувањето во целокупниот претприемачки домен да не доведе до даночно оптоварување. Согласно постојната регулатива е постигнато оптоварување на целокупната приватна и јавна потрошувачка како и потрошувачката на деловните субјекти чии вкупни приходи не го надминале прагот на регистрација и доброволно не се регистрирани за целите на ДДВ, а со тоа и немаат можност да го користат правото на одбивка на претходен данок.

Заради продолжување на процесот на хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ, поконкретно, усогласување на Законот на данокот на додадена вредност на Република Македонија со Директивата 32006L0112 (со сите нејзини измени и дополнувања) која е замена на Шестата (системска) директива на Советот 31977L0388, како и други акти на ЕУ, во тек е проект-Хармонизација на македонското даночно право со правото на ЕУ (период 10/2007 – 12/2009), во кој е вклучена техничка помош од страна на GIZ (претходно GTZ -Германско друштво за техничка соработка).

Поради обемот на работа како и поради измените на Директивата 32006L0112 проектот беше продолжен со време траење од 07/2009 до 12/2011), а согласно потребите проектот ќе продолжи и во период од 01/2012 до 07/2013. Во рамки на проектот континуирано се врши проучување на Директивата 32006L0112 со сите нејзини измени и дополнувања и се подготвуваат нови даночни прописи кои во целост ќе бидат усогласени со европското право кое ја уредува материјата што се однесува на данокот на додадена вредност.

Во текот на месец февруари донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност (Службен Весник на Република Македонија бр.24 од 25.02.2011) со кој се изврши проширување на листата на добра за кои ќе се применува повластена стапка за данок на додадена

вредност која изнесува 5%, односно од донесувањето на законот повластена стапка да се применува при увозот и прометот на медицинска опрема, помагала и други уреди чија што намена е за олеснување или третирање на инвалидност исклучиво за лична употреба од страна на инвалидни лица. Претходното решение предвидуваше примена на повластена даночна стапка при промет и увоз на медицински помагала (помагала за надополнување или замена на анатомски дел од телото или физиолошки процес, ортопедски помагала, помагала за отстранување на анатомски, односно функционални пореметувања, како и инвалидски колички). Допрецизирање на добра за кои се применува повластена стапка се изврши со донесување на Одлуката за изменување и дополнување на определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност (Службен Весник на Република Македонија бр. 41 од 01.04.2011)

Во почетокот на месец октомври донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност (Службен Весник на Република Македонија бр. 135 од 03.10.2011). Со овие измени и дополнувања се изврши проширување на листата на добра и листата на услуги за кои ќе се применува повластена даночна стапка која изнесува 5%, односно повластена стапка да се применува при прометот и увозот на сурово масло кое се употребува за производство на храна за човечка исхрана и за услуги на сместување (ноќевање) или сместување со појадок, полупансион или полн пансион, во сите видови на комерцијални угостителски објекти. Со донесување на Одлуката за изменување и дополнување на определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност поблиску се определија добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност (Службен Весник на Република Македонија бр. 150 од 27.10.2011).

Со измените на законот се изврши и продолжување на рокот на примена на повластена даночна стапка која изнесува 5% на првиот промет на станбени згради и станови во оној дел во кој истите се користат за станбени цели и кој ќе се изврши во рок од пет години по изградбата, односно повластената стапка ќе се применува до крајот на 2015 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно Законот за ДДВ, надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии, Управата за јавни приходи и Царинската Управа.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2012 година ќе продолжи да се врши анализа на постојните законски решенија кои се однесуваат на данокот на додадена вредност и нивната усогласеност со Директивата 32006L0112 и останатите даночни прописи на Европската Унија, кои се однесуваат на оваа материја.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во периодот од 2013-2014 година ќе следи континуиран и интензивен процес на проучување и усогласување на законодавството со одредбите на директивите на ЕУ од што ќе се утврди потребата за донесување на Закон со кој ќе се изврши изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност или пак ќе резултира со донесување на нов Закон за данок на додадена вредност со соодветни подзаконски акти. Процесот на хармонизација особено ќе оди во насока на:

- Примена на ДДВ при вршењето на промет на добра и услуги внатре во Заедницата помеѓу даночните обврзници.

Во процесот на хармонизација на домашното законодавство во делот на ДДВ во предвид ќе бидат земени следните ЕУ акти:

Директива на Советот 2006/112/ЕЗ од 28 Ноември 2006 година за заеднички систем на данокот на додадена вредност и сите нејзини измени и дополнувања;

Директива на Советот 2007/74/ЕЗ за ослободување од данок на додадена вредност и акцизни давачки за лица кои увезуваат стоки при патување (влез) од трети земји

Директива на Советот 2008/9/ЕЗ од 12 Февруари 2008 година со која се пропишуваат правилата за враќање на данок на додадена вредност предвидени во Директива на Советот 2006/112/ЕЗ, за даночни обврзници кои не се со седиште во земјата членка на враќање, но се со седиште во друга земја членка (со сите нејзини измени и дополнувања)

Тринаесетта директива на Советот 31986L0560 (Тринаесетта директива на Советот 86/560/ЕЕЗ од 17 ноември 1986 за усогласување на законодавството на земјите - членки во врска со даноците на промет - Аранжмани за рефундирање на данокот на додадена вредност на даночни обврзници кои немаат седиште на територијата на заедницата);

Директива на Советот 2009/132/ЕЗ од 19 Октомври 2009 со која се утврдува опфатот на член 143(б) и (в) од Директивата Директива на Советот 2006/112/ЕЗ во врска со ослободување од данок на додадена вредност на крајниот увоз на определени добра.

Регулативата бр. 1777/2005 на Советот за утврдување на мерките за имплементација на Директивата 77/388/ЕЕЗ за заедничкиот систем на ДДВ.

Директива 2006/79/ЕЗ од 5 октомври 2006, за ослободување од даноци за увоз на мали пратки на стоки за некомерцијални цели од трети земји.

**АКЦИЗИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**

Законот за акцизите (Службен весник на РМ, број 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008,105/2009, 34/2010, 24/2011, 55/2011 и 135/2011) е основен правен акт кој ги уредува акцизите кои се наплаќаат посредно или непосредно за потрошувачка на територијата на Република Македонија и тоа за: минерални масла, алкохол и алкохолни пијалоци, тутунски добра и патнички автомобили и ги содржи одредбите за оданочување, акцизните повластувања, акцизните ослободувања, административните обврски, регистри, правна заштита и казнените одредби.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите, кој е објавен во Службен весник на Република Македонија број 24 од 25 февруари 2011 година, заради спречување на злоупотреба на обележаните минерални масла кои се користат како погонско гориво наместо како гориво за греење, се пропиша дека не е дозволено да се отстрани средството за обележување, да се намали концентрацијата или да се додаваат состојки кои ќе оневозможат утврдување на обележувањето.

Со Законот за изменување на Законот за акцизите кој е објавен во Службен весник на Република Македонија број 55 од 15 април 2011 година, се пропишани измени во насока на намалување на акцизата на одделни нафтени деривати. Оваа мерка беше од времен карактер, односно одредбите беа во примена до 10 август 2011 година, а беше вградена заради ублажување на ефектот врз потрошувачите од зголемените цени на нафтените деривати, како резултат на зголемената цена на барел сировата нафта на светските пазари.

Законот за акцизите е делумно хармонизиран со новата Системска Директива на Европската Унија, како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи, и тоа со:

ДИРЕКТИВА НА СОВЕТОТ 2008/118/ЕЗ од 16 декември 2008 година во врска со општите аранжмани за акцизи и укинување на Директивата 92/12/ЕЕЗ,

-ДИРЕКТИВА 2003/96/ЕЗ НА СОВЕТОТ од 27 октомври 2003 година за преструктурирање на рамката на Заедницата за оданочување енергетски производи и електрична енергија,

-Директивата на Советот 2011/64/ЕУ на 21 Јуни, 2011 за структурата и стапките на акциза кои се применуваат кај преработен тутун

-РЕГУЛАТИВА (ЕЗ) бр. 684/2009 НА КОМИСИЈАТА од 24 јули 2009 година за применување на Директивата 2008/118/ЕЗ на Советот за компјутеризираните постапки за движење на акцизни стоки под режим на одложено плаќање на акцизни давачки.

Сегашните стапки за неколку акцизни производи сеуште се пониски од минималните барања на acquis. Со започнувањето на преговорите за влез во ЕУ, Република Македонија ќе има потреба од транзиционен период за примена на минималните стапки предвидени со ЕУ acquis, првенствено заради ублажување на ценовниот удар врз населението и адаптирање на домашните претпријатија на конкурентските услови на стопанисување во заедничкиот пазар на ЕУ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Согласно Законот за акцизите надлежни институции за негова имплементација се Министерството за финансии и Царинската Управа. Врз основа на донесените измени во законодавството, Царинската управа врши унапредување на интерните процедури за спроведување на акцизното законодавство. При подготовка на унапредените интерни процедури посебно ќе се има во предвид новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2012 година ќе продолжи континуирано проучување на деловите на директивите на ЕУ кои не се усогласени со системот на акцизите, како и анализа со можност за измени во легислативата во делот кој се однесува на воспоставување на процедури и постапки кои ќе допринесат во олеснување на акцизните постапки и зголемување на контрола од страна на Царинската управа.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во периодот од 2013-2014 година ќе следи интензивен процес на усогласување со директивите на ЕУ, кои децидно се однесуваат на системот за акцизите, особено на полето на воспоставување на правна рамка за имплементација на Системот за контрола на движење на акцизните добра, компатибилен со EMCS (Excise Movement Control System) на ЕУ. Ќе се изврши усогласување и вградување на одредбите од Директивата на Советот 2008/118/ЕЗ од 16 декември 2008 година во врска со општите аранжмани за акцизи и укинување на Директивата 92/12ЕЕЗ.

Истовремено, ќе се изврши усогласување и вградување на одредбите на Директивата за преструктуирање на рамката на Заедницата за оданочување на енергетски производи и електрична енергија (32003L0096), како и усогласување на стапките на акциза на тутунските добра и алкохолните пијалаци со минималното ниво на акцизите кое е пропишано со Директивите. Бидејќи вградувањето на одредбите од овие директиви ќе има значителни импликации врз малопродажните цени на енергетските производи и електричната енергија и на цигарите, РМ веројатно ќе има потреба од транзиционен период заради ублажување на ценовниот удар врз населението.
Новиот Закон за акцизите, во кој ќе бидат вградени одредби од новата системска директива како и нејзините придружни структурни директиви поодделно за секој вид добро кое подлежи на оданочување со акцизи, ќе се имплементираат со влезот на РМ во ЕУ.

Согласно препораките на првата ИТ мисија на DG TAXUD, во периодот 2012-2014, Царинската управа ќе воведе и имплементира нов Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) - решение што во рамки на царинските и акцизните постапки ќе и обезбеди на Царинската управа управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, прифаќање, евидентирање, обработка, архивирање), контрола на движењето на акцизните стоки и размена на електронски пораки во рамки на автоматско административно вршење на операции, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други

давачки, олеснување на трговијата преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на Европската унија и Светската царинска организација.

3.16. 2 **ДИРЕКТНО ОДАНОЧУВАЊЕ**
**ДАНОК НА ДОБИВКА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**Правна рамка**
Законот за данокот на добивка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 5/97, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05,139/06,160/07,159/08, 85/10, 47/2011 и 135/2011) го уредува начинот на оданочување на добивката што ја остваруваат правните лица, резиденти и нерезиденти на Република Македонија.

Со цел да се поттикне инвестиционата активност и економскиот развој на земјата, нераспределената добивка на компаниите е ослободена од оданочување со данокот на добивка. Имено, компаниите ќе имаат обврска да платат данок на износот на непризнаените расходи за даночни цели и на износот од добивката, но доколку одлучат да ја распределат истата за дивиденди и други распределби од добивката, во моментот на исплатата, освен за дивиденди кои се исплатуваат на правните лица - резиденти на Република Македонија.
Во текот на месец април донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка (Службен Весник на Република Македонија бр.47 од 08.04.2011) кој ги содржи следните решенија:

- дефинирање на даночната основа составена од: фискалната основа која ја сочинуваат непризнаените расходи за даночни цели и финансискиот резултат - сметководствената бруто добивка, која по покривање на загубите од работењето во изминатите даночни периоди, се оданочува во годината на нејзината распределба за исплати во вид на дивиденди и други исплати од добивката;
- доуредување на категориите на трошоци кои претставуваат нефункционални расходи;
- детално опишување на расходите и помалку искажаните приходи кај поврзаните субјекти, особено во делот на каматите по основ на заемите добиени од содружниците или акционерите посредно или непосредно поврзани со правното лице;
- во однос на оданочувањето на распределбите од добивката во вид на исплати на дивиденди и други исплати од добивката, се изврши допрецизирање на одделните категории како што се: исплатена дивиденда, аванс на дивиденда и други исплати од добивката на даночниот обврзник;
- се ослободуваат од оданочување трошоците по основ на уплатените доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд кои не го надминуваат износот од четири просечни месечни бруто плати на годишно ниво по вработен;
- се дефинира опфатот на трговските друштва кои плаќаат годишен данок на вкупен приход по однос на оние трговски друштва класифицирани како мали и микро трговци и се врши проширување на примената на овој систем на оданочување и на правните лица резиденти на Република Македонија кои што водат сметководство и изготвуваат годишни сметки согласно Законот за трговските друштва, а кои што според природата и обемот на дејноста се сметаат за трговци;
- се врши поедноставување на системот на оданочување на мали и микро бизниси преку воведување на самооданочување, на тој начин што утврдувањето на данокот се врши од страна на самите даночни обврзници со поднесување на даночната пријава, така што не е потребно износот на данокот да се утврдува со решение од страна на Управата за јавни приходи, и
- се поедноставува постапката за регистрација и дерегистрација на даночните обврзници за плаќање на годишен данок на вкупен приход.

Во текот на месец октомври донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка (Службен Весник на Република Македонија бр.135 од 03.10.2011) кој има за цел да се поттикне основањето на нови и развојот на постојните микро и мали бизниси во Република Македонија како значајна сфера за развојот на приватната иницијатива и самовработувањето во Република Македонија од кои егзистираат голем број на граѓани. Со Законот се пропиша целосно ослободување од обврската за

плаќање на данок за даночните обврзници чиј вкупен приход остварен во претходната година по сите основи, не изнесува повеќе од 3 000 000 денари.

Од друга страна, се изврши дополнување на законот, при што се пропишаа нови одредби со кои ќе се воведе можноста за избор на режимот/моделот на оданочување за оние даночни обврзници чиј вкупен приход изнесува од 3 000 001 до 6 000 000 денари, така што истите имаат можност да плаќаат данок на вкупен приход во висина од 1%, наместо данок на добивка по стапка од 10 % како што беше предвидено со претходното законско решение.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежни институции за имплементација на Законот за данокот на добивка се Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во текот на 2012 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот за данокот на добивка.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во периодот од 2013-2014 година ќе продолжи процесот на усогласување на Законот за данокот на добивка со директивите на ЕУ. Предмет на хармонизација ќе бидат одредбите на директивите кои се однесуваат на: заедничкиот систем на оданочување во случај на спојување, поделба, трансфер на средства и размена на акции помеѓу компании од различни земји членки (31990L0434 - 32009L0133), заедничкиот систем на оданочување во случај на матични компании и подружници во различни земји членки (31990L0435), наплатата на давачка за придонеси на капитал во капиталните компании (31969L0335-32008L0007) и заедничкиот систем на оданочување во случај на исплати на камати и авторски права помеѓу поврзани претпријатија од различни земји членки (32003L0049).

## ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК НА ДОХОД

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Законот за персоналниот данок на доход ("Службен весник на Република Македонија" бр.80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07, 159/08, 139/09, 171/2010, 135/2011) го уредува начинот на оданочување на доходот на физичките лица остварен во текот на годината како збир од следните видови приходи: лични примања, приходи од самостојна дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од авторски права и права од индустриска сопственост, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и од други приходи. Освен приходите на кои се плаќа данок, со Законот е уредено и кои приходи се изземени од оданочување, кој е даночен обврзник, даночната основа, даночната стапка и начинот на пресметување и плаќање на персоналниот данок на доход.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежни институции за имплементација на Законот за персоналниот данок на доход се Министерството за финансии и Управата за јавни приходи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во текот на 2012 година ќе продолжи континуираното проучување на директивите на ЕУ кои се однесуваат на системот на персоналниот данок на доход.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во периодот 2013-2014 година ќе продолжи процесот на усогласување на Законот за персоналниот данок на доход со директивите и препораките на ЕУ. Во законската регулатива ќе бидат вградени директивите и препораките од оваа област и тоа: директивата за заедничкиот систем на оданочување кој се применува на интеграции, поделби, делумни поделби, префрлување на средства и размена на акции кои се однесуваат на компании на различни земји -членки (31990L0434-32009L0133), во делот кој се однесува

на оданочувањето на акционерите односно кој го третира подрачјето на доходот на физичките лица, како и на Препораката за оданочување на одделни ставки на доходот што го добиваат нерезиденти во друга земја-членка (94/79 ЕС) и Препораката за оданочување на мали и средни претпријатија, чии одредби се однесуваат на физичките лица - вршители на самостојна дејност кои се обврзници на персоналниот данок на доход (94/390 ЕС) .

Од особена важност за овој закон ќе биде неговото усогласување со директивата (32003L0048) која се однесува на оданочувањето на доходот во форма на каматни исплати. Основна намена на оваа директива е потврдување дека доходот од заштедите во облик на плаќања на камати, кои се исплатени во државата членка на физичко лице кое е резидент на друга држава членка, да биде успешно оданочен во согласност со законодавството на последната држава, односно на државата во која физичкото лице е резидент. Со оглед на наведената намена, за повеќе држави членки е одреден механизам на автоматска размена на информации за исплатените камати на физичките лица. За таа цел, а во согласност со Директивата за заедничката помош од органите во земјите членки надлежни за директните даноци, одредени видови акцизни давачки и оданочувањето на премиите за осигурување, Република Македонија по усогласувањето на домашното законодавство со ЕУ директивите, треба да ги примени условите за автоматска размена на информации во делот на каматните исплати и другите приходи на физичките лица кои се предмет на оданочување согласно персоналниот данок на доход.

### 3.16.3 **АДМИНИСТРАТИВНА СОРАБОТКА И МЕЃУСЕБНА ПОМОШ**

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Хармонизацијата на законодавството по однос на взаемната помош кај директното оданочување (31977L0799, изменета со директивата број 1070/ЕЕЦ од 06.12.1979), се применува преку Договорите за одбегнување на двојното оданочување склучени помеѓу Република Македонија и земјите членки на ЕУ.
Република Македонија има склучено вкупно 39 Договори за одбегнување на двојното оданочување, и тоа со: Албанија, Австрија, Белгија, Белорусија, Бугарија, Данска, Египет, Естонија, Иран, Ирска, Италија, Катар, Латвија, Литванија, Молдова, Мароко, Народна Република Кина, Норвешка, Обединето Кралство на Велика Бријатнија и Република Ирска, Полска, Република Кина, Романија, Русија, Словачка, Словенија, СР Германија, СР Југославија, Турција, Тајван, Украина, Унгарија, Финска, Франција, Холандија, Хрватска, Чешка Република, Швајцарија, Шведска и Шпанија. До влегување во сила на договорот склучен помеѓу Р.Македонија и Белгија ќе се применува договорот склучен помеѓу СФРЈ и Белгија. Од вкупниот број на 39 договори, 22 се со земјите членки на ЕУ.

Регулативата 32003R1798, како еден од најбитните документи од областа на размената на информации и взаемна соработка на државите членки, директно ќе се применува од датумот на пристапување на Република Македонија во ЕУ, со оглед на тоа што е правен пропис кој директно ја обврзува земјата членка на примена на истата и нема потреба од нејзино претходно инкорпорирање во македонското законодавство.

#### ПРАВНА РАМКА

Договорите за одбегнување на двојното оданочување и за заштита од фискална евазија кои Република Македонија ги има склучено со други земји, вклучувајќи ги и земјите членки на ЕУ, претставуваат правна рамка и основа за унапредување на економската соработка помеѓу државите договорнички како во доменот на размената на стоки и услуги така и во доменот на заедничките вложувања.

Како основа за водење на преговорите при склучувањето на овие договори се користи ОЕЦД моделот.
Размената на информации со земјите со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување се врши врз основа на договорот.

Размената на информации со земји со кои не е склучен меѓународен договор за обегнување на двојното оданочување се врши преку органот на државната управа надлежен за надворешни работи (Министерството за надворешни работи).

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална дирекција, регионални дирекции (5 регионални дирекции и една Дирекција за големи даночни обврзници) и даночни одделенија (8), даночни шалтери (72) и со вкупно 1.334 вработени (состојба на 01.12.2011 год.)
Како земја кандидат за членство во ЕУ, Република Македонија преку Управата за јавни приходи врши размена на информации со соодветните органи на државите договорнички, со што придонесува за развој на системот на взаемна размена на информации согласно Регулативата 32003R1798.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Краткорочни приоритети се забрзување на процесот на потпишување и ратификација на Договорите за одбегнување на двојното оданочување со Луксембург, БиХ и Кувајт, како и склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со останатите земји членки на ЕУ и тоа со Португалија, Грција, Кипар и Малта.
Приоритети на Управата за јавни приходи на краток рок во однос на размената на податоци согласно член 26 од ОЕЦД моделот на даночна конвенција за данок на доход и данок на капитал се:

1 ажурирање и комплетирање на регистарот на овластени лица за размена на информации со овластените лица од сите земји со кои е склучен меѓународен договор за одбегнување на двојното оданочување и
2 воспоставување на непосреден контакт со овластени лица од други држави за размена на искуство во примена на договорите за одбегнување на двојно оданочување

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Како приоритет на среден рок претставува продолжувањето на водење на преговори со цел склучување на Договори за одбегнување на двојното оданочување со земји членки на ЕУ како и други воневропски држави.

Среднорочни приоритети на Управата за јавни приходи се воспоставување на електронска и спонтана размена на податоци со земјите членки на ЕУ и со други земји.

3.16.4 **ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ И КОМЈУТЕРИЗАЦИЈА**
**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
Управата за јавни приходи во насока на подобрување на услугите на даночните обврзници, зголемување на ефикасноста на контролата и зголемување на приходите по основ на сите јавни давачки, активно работи на операционализација на стратешките цели, дефинирани во Стратешкиот план за период 2012 – 2014 година.
Стратешкиот план на Управата за јавни приходи е усогласен и произлегува од:

1. Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија во 2011 година ("Службен весник на РМ" бр. 58/2010).
2. Програма на Владата на Република Македонија за периодот 2011-2015 година.
3. Имплементација на Партнерството за пристапување на РМ.
4. Имплементација на препораките од Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување.
5. Препораките наведени во извештајот изготвен по завршување на Проектот за реформа на даночната администрација спроведуван со Одделот за фискални работи на ММФ.

Со имплементација на стратешките цели се зајакнуваат административните капацитети на УЈП и се прошируваат функциите и надлежностите на овој орган, со што се обезбедува зголемено ниво на даночните приходи во Буџетот на РМ, подобрување на услугите кон даночните обврзници, развој на човечките ресурси и зајакнување на меѓународната соработка со органите и институциите од членките на ЕУ и земјите надвор од неа.

Проширувањето на функциите и надлежностите на УЈП беше направено согласно новите измени на Законот за радиодифузна дејност и Законот за извршување со кои на Управата за јавни приходи и беа доделени нови надлежности кои се однесуваат на наплатата на радиодифузната такса и наплатата на

парични казни, глоби и трошоци во корист на РМ. Во насока на успешно спроведување на новите надлежности во рамките на Управата за јавни приходи започна со работа новиот Центар за наплата на глоби преку кој се обезбеди нивна стабилна наплата. Во рамките на Управата за јавни приходи беше формиран и „Центар за складирање и впаричување на запленети движни ствари“ како нова организациона единица со која се модернизираше и се зголеми ефикасноста на деловните процеси поврзани со постапките на присилна наплата на даночните долгови.

Како најнов организационен ентитет во рамките на УЈП е формирана Даночната академија, која преку имплементација на својата годишна програма ги подигнува квалитативните стандарди на работењето, го зајакнува професионалниот интегритет и обезбедува поддршка во воведувањето на висок степен на компјутеризација на работните процеси преку систематска и современа едукација на вработените, се со цел приближување кон практиките и стандардите на Европската Унија и поставување на Управата за јавни приходи како модел за професионална организација во јавниот сектор, која обезбедува висок квалитет на услуги за даночните обврзници.

Процесот на поттикнување на даночните обврзници за доброволно и законско исполнување на даночните обврски без интервенции на УЈП продолжи преку проширување на мрежата на даночни шалтери во сите општини во РМ и со обезбедување и развој на нови електронски услуги. Градењето на висок степен на компјутеризација на работните процеси и унапредувањето на услугите кон даночните обврзници продолжи со процесот на развој и доградба на новиот информатички систем преку воведувањето на новата електронска услуга за даночните обврзници -”Електронски увид во даночна картица”, која овозможува во секој момент по електронски пат да се врши проверка на состојбите на даночните побарувања и обврски кои ги води УЈП. Исто така беше воведена и нова електронска услуга за пријавување на неправилности преку интернет како надополнување на линијата 198 во рамките на проектот “Е-форми на комуникација”. Пакетот на електронски услуги кои ги дава Управата за јавни приходи беше проширен и со воведувањето на новата можност за електронско пријавување на даночни неправилности преку веб порталот на УЈП, а беше пуштен во употреба и новиот веб сајт за е-аукции кој овозможува преглед на сите движни и недвижни ствари кои се предмет на аукција, запознавање со нивните карактеристики и истовремено, во реално време учество во јавното наддавање кое се спроведува он-лине.

Надворешната контрола на даночната администрација во РМ продолжи да ја зголемува својата ефикасност и ефективност преку воведувањето на хоризонтален мониторинг како Пилот Проект во Дирекцијата за големи даночни обврзници, со унапредување на ИТ алатките за контрола во делот на финансиските извештаи и финансиските показатели како и со утврдување на постапката за обезбедување на податоците за ажурирање на споредбените анализи, со што се овозможи истите да се применуваат и кај банките, штедилниците и другите финансиски институции, друштва за осигурување, самостојни вршители на дејност и непрофитни организации. Активната обука на даночните инспектори за примена на ИТ алатките ја олеснуваат имплементацијата на законските процедури за спроведување на надворешната контрола и овозможуваат следење на мерките за учинок кај секој инспектор поодделно.

Во насока на подигнување на капацитетот на Управата за јавни приходи за успешно спроведување на законодавството се продолжи со натамошно развивање на системот за аналитичко информирање за состојбите од работењето и создавање на статистика преку оформување на нови менаџерски извештаи и воведување на нови статистики за поддршка на функциите на УЈП, а исто така беа проширени и унапредени мерките за учинок.

Во ниту еден момент не е заборавена основната цел на УЈП која води до модернизирање на даночната администрација, а тоа е да биде сервис на даночните обврзници.

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која го одредува административниот капацитет на Управата за јавни приходи во поглед на делокругот, организацијата, начинот на вршење на работата и раководењето, како и овластувањата и одговорностите при собирањето, евидентирањето, обработката и заштитата на податоците во врска со работите на Управата за јавни приходи претставува Законот за Управата за јавни приходи.

Со Законот за Даночна постапка се создаваат единствени основи за општото даночно право и даночната управна постапка. Со него на единствен начин се регулира: општото даночно право, постапката на утврдување на данокот, постапката на контрола, постапката на наплата на јавните приходи, правата и обврските на даночните обврзници и даночната казнена постапка и постапката за паричните казни. За примена на овој закон донесени се повеќе подзаконски акти и оперативни инструкции за работа на функциите.

Со оваа правна рамка се обезбедува засилување на административниот капацитет за спроведување на законодавството и борба против одбегнување на плаќање на даноците со преземање на краткорочни и среднорочни мерки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Управата за јавни приходи е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии со својство на правно лице. Работите од својот делокруг ги извршува преку Генерална дирекција, регионални дирекции (5 регионални дирекции и една Дирекција за големи даночни обврзници) и даночни одделенија (8), даночни шалтери (72) и со вкупно 1.334 вработени (состојба на 01.12.2011 год.)

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Управата за јавни приходи во рамките на своите надлежности и овластувања ќе се фокусира на зајакнување на административните капацитети и подигнување на квалитативните стандарди на работењето, потпомогнато со систематска и современа едукација на вработените, со што УЈП ќе претставува модел за високо професионална организација во јавниот сектор. Оваа заложба ќе се постигне со исполнување на следните краткорочни приоритети:

1. Унапредување на ИТ системот за деловните процеси во УЈП
2. Воспоставување на систем на нумерирани ДДВ фактури
3. Воспоставување на интерконекција со трети страни за ефикасна и ефективна размена на податоци.
4. Продолжување на процесот на подобрување на системот на комуникација во рамки на УЈП и информирањето на јавноста
5. Јакнење на капацитетот на надворешната контрола и развој на нови методи за борба против корупцијата и сивата економија.
6. Унапредување на системската едукација на вработените преку натамошен развој на Даночната академија
7. Натамошен развој на системот на професионални стандарди

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Управата за јавни приходи во рамките на своите надлежности и овластувања, ќе се фокусира на зајакнување на административните капацитети, како и надградување на ИТ системот, со цел зголемување на наплатата на приходите. Оваа заложба ќе се постигне со исполнување на следните среднорочни приоритети:

1. Воведување на интегриран информатички систем кој ќе биде зајакнат со силни безбедносни критериуми
2. Натамошно зајакнување на Генералниот даночен инспекторат преку имплементација на проектот “ИТ Форензик лабараторија за даночни цели”
3. Остварување на размена на податоци на УЈП со даночните администрации од државите членки на ЕУ
4. Развој на комуникациските капацитети и усовршување на Интранет,
5. Воспоставување на електронска и спонтана размена на податоци со други земји со цел одбегнување на двојното оданочување или неоданочувањето.
6. Создавање на хардверска и софтверска основа за размена на податоците за даночни измами, што ќе доведе до намалување на финансискиот криминал и даночните измами.

7. Формирање на Канцеларија за врски за размена на податоци од областа на ДДВ во рамките на ЕУ и создавање на соодветна хардверска и софтверска база за VIES со кој ќе се овозможи основа за унифицираната конекција за размена на податоци за ДДВ во рамките на ЕУ.

# 3.17 **ЕКОНОМСКА И МОНЕТАРНА УНИЈА**

## 3.17.1 **МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***

Во 2011 година, при услови на поволен макроекономски амбиент, Народната банка ја задржа основната каматна стапка на непроменето ниво од 4,0% и продолжи да ги применува благајничките записи, како основен инструмент за повлекување на вишокот ликвидност од банкарскиот систем. Во насока на поддршка на финансиската стабилност во земјата, Народната банка во февруари 2011 година воведе нов инструмент - запис за шестмесечен депозит (*Одлука за запис за шестмесечен депозит кај Народната банка на Република Македонија*, "Сл. весник на РМ" бр. 14/2011). Воедно, Народната банка продолжи со активностите за зголемување на ефикасноста на рамката за спроведување на монетарните операции и за приближување на монетарниот инструментариум кон поставеноста на истиот во евро-зоната. Кај инструментот задолжителна резерва, направена е измена (*Одлука за задолжителна резерва,* "Сл. весник на РМ" бр. 126/2011) со цел поттикнување на долгорочното штедење на населението и стимулирање на развојот на репо пазарот. Согласно оваа измена, почнувајќи од 2012 година, за обврските кон физичките лица со договорна рочност над 2 години и за обврските врз основа на репо-трансакции во денари ќе се применува стапка на задолжителна резерва од 0%. Дополнително, со измените се воведе индикативен календар за периоди на исполнување на задолжителна резерва, според кој почетокот на секој период на задолжителна резерва ќе соодветствува со денот на одржување (порамнување) на редовните монетарни операции.

Народната банка направи измени и кај *Одлуката за утврдување на инструментите за обезбедување при спроведување монетарни операции* ("Сл. весник на РМ" бр. 126/2011). Со овие измени се прошири опфатот на инструментите кои Народната банка ги прифаќа како обезбедување. Во таа смисла, *Листата на хартии од вредност за обезбедување при спроведување на монетарни операции* се дополни со континуираните државни обврзници и државните обврзници за структурни потреби. За овие инструменти беа утврдени коефициенти на покритие, согласно моделот "вредност изложена на ризик", кој се применува од страна на ЕЦБ.

Во насока на зголемување на флексибилноста на управување со ликвидноста, Народната банка во 2011 година започна да применува операции за фино регулирање на ликвидноста во банкарскиот систем *(Одлука за купување и продавање хартии од вредност на привремена и дефинитивна основа од страна на Народната банка на Република Македонија*, "Сл. весник на РМ" бр. 81/2011). Согласно Одлуката, купувањето и продавањето на хартии од вредност на привремена основа преку репо-трансакциии ќе се користи како инструмент за фино регулирање на ликвидноста, додека купувањето и продавањето на хартии од вредност на дефинитивна основа има за цел структурно прилагодување на ликвидносната позиција на банкарскиот систем.

Со цел понатамошен развој на меѓубанкарскиот пазар на депозити, во 2011 година беа донесени нови *Правила за пресметување и објавување на меѓубанкарската каматна стапка на пазар на депозити (СКИБОР).* Согласно Правилата, од почетокот на јули 2011 година, покрај стандардните рочности на СКИБОР, банките започнаа со котирање на каматни стапки СКИБОР и на подолги рочности (6, 9 и 12 месеци).

Заради одржување на стабилноста на финансискиот систем во услови на постоење ликвидносни проблеми кај поединечни банки, Народната банка во септември 2011 година донесе *Одлука за кредит за ликвидност во крајна инстанца* ("Сл. весник на РМ" бр. 126/2011). Новина кај оваа одлука е

систематската разработка на техниките на користење на средствата за обезбедување, односно примената на репо-трансакциите и залогот кај должничките хартии од вредност и своп-трансакциите, кога обезбедувањето на кредитот е во форма на девизи.

Заради усогласување на регулативата од областа на монетарните операции со новиот *Закон за Народната банка на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" бр. 158/2010)*, заснован на постулатите на законодавството на ЕУ, Народната банка во 2011 година ги донесе и следните одлуки:

- Одлука за издавање, тргување и исплата на благајничките записи на Народната банка на Република Македонија *("Сл. весник на РМ" 42/2011)*,
- Одлука за расположлив кредит преку ноќ *("Сл. весник на РМ" 42/2011)*,
- Одлука за интрадневен кредит*("Сл. весник на РМ" 42/2011)*,
- Одлука за девизен депозит кај Народната банка на Република Македонија *("Сл. весник на РМ" 42/2011)*,
- Одлука за референтната стапка за пресметување на стапката на казнената камата *("Сл. весник на РМ" 42/2011)*,
- Одлука за укинување на Одлуката за каматните стапки на Народната банка на Република Македонија *("Сл. весник на РМ" 42/2011).*

Во рамки на активностите за натамошно подобрување на процесот на управување со ликвидноста на банкарскиот систем, во текот на 2011 година беа анализирани можностите за примена на модел за утврдување на износот на интервенции преку основниот инструмент за монетарно регулирање. За таа цел, беше изготвена методологија за изработка на симплифициран дневен биланс на Народната банка и се овозможи автоматско генерирање на податоци за билансот на Народната банка, од аспект на основните текови на креирање и повлекување на ликвидност.

***Статистика***

Народната банка на Република Македонија (НБРМ), во областа на статистиката во 2011 година, вложи дополнителни напори за понатамошно усогласување со меѓународните и ЕУ стандарди. Напредок е постигнат во следните области:

- Понатамошно усогласување на статистиката на надворешниот долг и надворешните побарувања со меѓународните стандарди предвидени во *Прирачникот за статистика на надворешниот долг на ММФ,* во делот за начинот на вреднување на инструментот заеми. Почнувајќи од април 2011 година, податоците за состојбата на надворешниот долг и надворешните побарувања наместо по постојниот принцип на доспеаност се пресметуваат со примена на принципот на акумулирана камата. Кварталните податоци за надворешниот долг и надворешните побарувања за 2010 година, заедно со дополнетите методолошки појаснувања, се објавени на интернет страната на НБРМ. Истовремено извршена е и методолошка промена на начинот на вреднување на кредитните трансакции со нерезиденти во рамки на платно-билансната статистика. Со објавувањето на податоците за платниот биланс во октомври 2011 година, објавени се и овие податоци со примена по принципот на пресметана камата (accrual), за 2010 и 2011 година.
- Натамошно усогласување на платно-билансната статистика со меѓународните стандарди преку дефинирање на методолошките основи за пресметување на увозот и извозот на услугите за финансиско посредување - мерени индиректно (FISIM). Податоците за увозот и извозот на услугите за финансиско посредување - мерени индиректно (FISIM) за 2011 година се објавени со објавувањето на податоците за остварувањето на платниот биланс за март 2011 година, а со редовната годишна ревизија на податоците за платен биланс во октомври 2011 година истите се вклучени и во временската серија (2003 - 2010 година).
- Во рамки на активностите за воспоставување на статистиката на инвестициските и приватните пензиски фондови, во јули 2011 година донесен е подзаконски акт со кој се утврдува начинот, формата и роковите за доставување статистички податоци и информации до НБРМ за средствата и обврските на останатите финансиски институции (приватните пензиски и

инвестициски фондови и осигурителните компании). Согласно истиот, останатите финансиски институции ќе треба да известуваат почнувајќи од 01.01.2012 година, со што се овозможува подобар статистички опфат на податоците за финансискиот сектор.

- НБРМ како една од основните институции учеснички во процесот на вклучување на Република Македонија во Специјалниот стандард за објавување на податоците (SDDS), во 2011 година ги реализира сите планирани подготвителни активности поврзани со овој процес, конкретно: подготви специјални форми за методолошката рамка на сите статистички показатели во надлежност на НБРМ согласно DQAF рамката и го уреди доставувањето на податоците до официјалната интернет страница на Република Македонија во рамки на SDDS интернет порталот. Како резултат на овие активности, во ноември 2011 година националниот статистички систем на Република Македонија пристапи кон Специјалниот стандард за објавување на податоците (SDDS) на ММФ.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно член 60 од Уставот на Република Македонија Народна банка е утврдена како емисиона банка која е самостојна и одговорна за стабилноста на валутата, за монетарната политика и за општата ликвидност за плаќањата во Републиката и кон странство. Согласно Уставот, организацијата и работата на НБРМ се уредуваат со закон.

Во согласност со Законот за организација и работа на органите на државна управа („Службен весник на РМ" бр. 58/00, 44/00) надлежна институција за подготовка на Законот за Народна банка е Министерство за финансии, предлагач е Владата, а Народна банка е надлежна институција за имплементација на законот, како и носител и надлежна институција на подзаконските прописи.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***

Во 2012 година, Народната банка ќе продолжи со примена на пазарно-ориентирани монетарни инструменти, заради ефикасно спроведување на монетарната политика. Притоа, во фокусот на активностите ќе биде натамошното подобрување на оперативната рамка на монетарната политика преку преиспитување на поставеноста на системот на задолжителната резерва и преку анализа на меѓузависноста помеѓу инструментите за монетарно регулирање и прудентната регулатива на централната банка.

Во функција на натамошно поддржување на развојот на меѓубанкарскиот пазар на пари ќе се разгледа можноста за воведување на нова референтна каматна стапка, каматен своп. Истовремено, со цел промовирање на *обезбеденото позајмување помеѓу банките*, Народната банка ќе организира работилница за користење на репо трансакциите и ќе го ревидира *Генералниот репо договор*.

Во насока на натамошно стимулирање на развојот на меѓубанкарскиот девизен пазар, Народната банка ќе ја преиспита можноста за користење на термински трансакции.

***Статистика***

На полето на статистиката до крајот на 2012 година ќе се реализираат следните активности:

- Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе започнат да се применуваат од 2014 година;
- Подготвителен процес за редовна трансмисија на податоци за платно-билансните статистики до ЕУРОСТАТ;

- Воспоставување на статистика на инвестициски фондови и статистика на осигурителни друштва и приватни пензиски фондови;
- Развој на статистика на финансиски сметки.

***Финансиско сметководство***

Во доменот на финансиско сметководство од јули 2011 година започна процесот на имплементација на интегрираниот сметководствен систем. Процесот се планира да се реализира во период од четиринаесет месеци, со следната динамика:

- изработка на blueprint за имплементација на сметководствениот софтвер во текот на четвртиот квартал од 2011 година;
- усвојување на овој Извештај (blueprint) во првиот квартал од 2012;
- почеток на имплементацијата на интегрираниот сметководствен систем по усвојување на Извештајот.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

***Инструменти на монетарна политика и политика на девизен курс***

На среден рок, Народната банка ќе продолжи да го прилагодува монетарниот инструментариум согласно поставеноста и трендовите во евро-зоната, понапредните транзициони економии и економиите кои спроведуваат слична монетарна стратегија. Во таа насока, се планира континуирано прилагодување на подзаконската регулатива на Народната банка кон директивите на Европската Унија, подобрување на институционалниот и стручниот капацитет на Народната банка, како и натамошна надградба на инфраструктурата за спроведување на монетарните операции.

***Статистика***

Со цел понатамошно прилагодување на статистиката (делот кој е во домен на НБРМ) кон барањата на ЕЦБ, во наредниот период НБРМ континуирано ќе врши прилагодувања.

- Народната банка на Република Македонија ќе работи на обезбедување на соодветно ниво на дезагрегираност по земји, по валути и по сектори, соодветна поделба на финансиските инструменти, како и на понатамошно унапредување на квалитетот на податоците, применетата методологија и изворите на податоци;
- Подготвителен процес за редовна трансмисија на податоци за платно-билансните статистики до ЕУРОСТАТ;
- Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе отпочнат да се применуваат од 2014 година;
- Унапредувања на методологијата за проценка на приватните трансфери во платниот биланс преку вклучување на добиените резултати од спроведеното анкетно истражување;
- Развој на статистика на финансиски сметки.

***Финансиско сметководство***

Согледувајќи ја идната потреба, НБРМ како членка на ЕСЦБ и ЕЦБ да известува и според Guideline of European Central Bank on the Legal Framework for Accounting, во вториот квартал од 2011 година се започна со анализа на разликите кои произлегуваат од примената на ИФРС стандардите и стандардите на ЕЦБ за сметководствено известување (главно преку реализација на експертска мисија во рамките на TAIEX програмата). Активностите се планираат да продолжат и во наредниот период, како среднорочен приоритет во оваа област. Врз основа на сознанијата и искуствата планирано е да се подготви План и динамика на активности за усогласување на евидентирањето и подготвувањето на финансиските извештаи на НБРМ во согласност со политиките на Европската централна банка. Идентификуваните разлики би биле формулирани како правила за признавање на реализирани и нереализирани приходи,

измени на дел од правилата на вреднување на билансните позиции, промени во начинот на финансиско известување и слични промени.

Целосна реализација на проектот се планира до крајот на 2013 година.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

***Усогласување со регулаторната и оперативната рамка на ЕСЦБ и на ЕЦБ***

Јакнењето на институционалниот капацитет на НБРМ, во смисла на овозможување на повисок степен на усогласеност со регулаторната и оперативната рамка на ЕСЦБ и на ЕЦБ претставува среднорочен приоритет, при што еден сегмент од неговата реализација ќе биде поддржан со проектот "Needs Assesment Project for the NBRM in the Process of ECB and ESCB accession", финансиран во рамки на првата компонента на ИПА. Целта на овој проект е да даде оцена на јазовите во регулаторната и оперативната рамка на работењето на НБРМ во однос на работењето на ЕСЦБ и ЕЦБ, со што ќе се идентификуваат приоритетните области каде што е потребно усогласување. Проектот ќе резултира со изготвување на синтетички извештај во кој ќе се презентираат рамка за активности и временска рамка за усогласување, како и потребните финансиски средства и човечки ресурси за реализација на активностите. На ваков начин ќе се овозможи систематизирање на сите аспекти од процесот на легислативно и оперативно усогласување на работењето на НБРМ согласно фазите на ЕУ интеграцијата, а воедно ќе се воспостават и формални врски со институциите - партнери на НБРМ во процесот на интеграција.

## 3.17.2 **ЕКОНОМСКА ПОЛИТИКА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

***Јавен долг***

Законската регулатива која го регулира задолжувањето на јавниот сектор во Република Македонија е следна:

- Законот за јавен долг и Правилникот за начинот и постапката за издавање и исплата на државни хартии од вредност, Правилникот за формата и содржината на барањето за задолжување на јавните установи основани од Република Македонија и на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и Правилникот за формата и содржината на барањето за задолжување на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како негови подзаконски акти;
- Законот за буџети;
- Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и
- Стратегијата за управување со јавен долг.

Во март, 2011 година Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за јавен долг. Со измените на Законот се направи измена на статусот на Стратегијата за управување со јавен долг, односно истата ќе биде опфатена во политиката за управување со јавен долг како составен дел од Фискалната стратегија. Ваквата измена е иницирана заради досегашната неконзистентност на Фискалната стратегија и Стратегијата за управување со јавен долг, во однос на временската рамка за нивно донесување. Измените во овој дел ќе обезбедат и целосна конзистентност на податоците кои ја дефинираат фискалната рамка и јавниот долг. Според тоа, проектираната рамка за задолжување како и идните насоки за подобрување на карактеристиките на должничкото портфолио на Република Македонија ќе бидат дефинирани во Фискалната стратегија.

Друга позначајна новина која се воведе со измената на Законот е скратената постапка за задолжување на носителите на јавен долг. Имено, сите носители на јавен долг започнуваат постапка за задолжување по добиена согласност на Министерството за финансии, за разлика од претходно кога постапката можеше

да се отпочне по добиена согласност на Владата на Република Македонија дадена врз основа на претходно мислење на Министерството за финансии. Во насока на олеснување на постапката за задолжување, се донесоа и два правилника: Правилник за формата и содржината на барањето за задолжување на јавните установи основани од Република Македонија и на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и Правилник за формата и содржината на барањето за задолжување на јавните претпријатија и трговските друштва во целосна или доминантна сопственост на државата, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Основни цели во управување со јавниот долг согласно Законот за јавен долг се:

- Стабилно финансирање на потребите на државата со минимални трошоци, на среден и долг рок, како и со прифатливо ниво на ризик и
- Развој и одржување на ефикасен домашен финансиски пазар.

Задолжувањето во јавниот сектор може да биде во форма на заем од домашни или странски кредитори или во форма на државни хартии од вредност (ДХВ) издадени на домашен или странски пазар.

Согласно Законот за јавен долг носители на јавниот долг се: Владата на Република Македонија, јавните установи основани од Република Македонија, општините и градот Скопје, јавните претпријатија и трговските друштва кои се во целосна или доминантна сопственост на државата, како и Народна Банка на Република Македонија. При надворешното и домашното задолжување и при издавање на државни гаранции за надворешно и домашно задолжување согласно Законот за јавен долг потребно е добивање согласност од Министерството за финансии. Понатаму, доколку се работи за надворешно задолжување или издавање на државна гаранција при надворешно задолжување потребно е усвојување на закон за задолжување/издавање на државна гаранција од страна на Парламентот на Република Македонија. Доколку пак станува збор за задолжување кај домашни кредитори или пак издавање на хартии од вредност на домашниот пазар на капитал, потребна е согласност од Владата на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

***Макроекономска политика***

Макроекономската политика во 2011 година беше насочена кон одржување на макроекономска стабилност и кон побрзо закрепнување на домашната економија од последиците од светската економска криза. Така, во 2011 година се интензивираше економската активност, главно движена од домашната потрошувачка. Во првата половина од 2011 година регистриран беше значителен просечен реален раст на БДП од 5,2%. Во првиот квартал стапката на раст изнесуваше 5,1% (движен главно од инвестициите), додека во вториот квартал економскиот раст дополнително се забрза на 5,3% (главен извор на растот беше приватната потрошувачка). Буџетскиот дефицит и во 2011 година, како и во претходните години, ќе остане низок и во рамки на проектираниот, а долгот далеку под Мастришкиот критериум. Остварениот буџетскиот дефицит, како основно фискално сидро, во 2011 година, се очекува да се задржи на ниско ниво до 2,5% од БДП.

Во текот на 2011 година беа реализирани повеќе активности во насока на унапредување на капацитетите за економско планирање и дизајнирање на економските политики. Имено, во рамки на Инструментот за техничка помош и размена на информации, преку експертска мисија беше реализирана обука за јакнење на административните капацитети за подготовка на Претпристапната економска програма, одржана од страна на експерт од Република Словенија, кој директно бил вклучен во подготовката на Претпристапната економска програма на својата земја и во текот на обуката ги пренесе искуствата, даде конструктивни коментари и сугестии за подобрување на Претпристапната економска програма на Република Македонија и на процесот на нејзина подготовка.

***Јавен долг***

Министерството за финансии има склучено договор за фискален агент со Народна Банка на Република Македонија за спроведување на аукциите на државните хартии од вредност, договори за овластени директни учесници на пазарот на државни хартии од вредност со комерцијалните банки и договор со Централниот депозитар на хартии од вредност за запишување, водење и доставување на податоци за имателите на државните хартии од вредност.

Во текот на 2011 година беа реализирани активности во насока на унапредување на капацитетите во Секторот за управување на јавен долг преку соодветни обуки на дел од вработените. Исто така, беа реализирани неколку експертски посети со кои се дадоа препораки за усовршување на стратегијата за управување со јавен долг, развој на домашниот пазар на државни хартии од вредност, согледување на правната рамка и постапката за задолжување на државата.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

***Макроекономска политика***

Во 2012 година се очекува да се задржи курсот на дисциплинирана и прудентна макроекономска политика, така што буџетскиот дефицит се предвидува да се задржи на ниско ниво до 2,5% од БДП во 2012 година. Целите на фискалната политика на краток рок, ќе останат насочени кон зачувување на макроекономската стабилност и поддршка на македонската економија, преку подобрување на квалитетот на јавните финансии.

На краток рок, се планира да се реализираат повеќе обуки кои ќе ги зајакнат капацитетите на Секторот за макроекономска политика за макроекономски анализи и макроекономски проекции.

***Јавен долг***

Секторот за управување со јавен долг заклучно со ноември 2011 година има 10 вработени лица. Согласно потребата од проширување на активностите во следните години, се планираат и административни зајакнувања во текот на 2012 во сите одделенија во рамки на секторот.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

***Јавен долг***

Рамката која ја одредува политиката на задолжување во Република Македонија е Фискалната стратегија.

Во Фискалната стратегија е предвидена рамка на надворешно и домашно задолжување во период од 3 години, како и насоки за подобрување на карактеристиките на должничкото портфолио на Република Македонија.

Согласно среднорочната фискална стратегија, Министерството за финансии продолжува со континуирано издавање на државни хартии од вредност (ДХВ) и во наредниот период. Целта е одржување на редовна застапеност на државните записи со постојните рочности, како и проширување на портфолиото ДХВ со подолги рочности (7 и 10 години) во зависност од состојбите на пазарот и желбите на инвеститорите.

Од досегашното искуство на издавање на ДХВ се дојде до заклучок дека фреквентноста на издавање на хартиите од вредност е соодветна на пазарните потреби и Министерството за финансии ќе продолжи со динамика која ја диктира пазарот.

Со цел обезбедување на финансирање на потребите на државата со најнизок можен трошок на среден и на долг рок со истовремено одржливо ниво на ризик, во рамките на Фискалната стратегија се дефинираат среднорочни горни граници кои го регулираат движењето на вкупниот јавен долг во однос на БДП, државниот долг во однос на БДП и гарантираниот долг во однос на БДП, како и учеството на долгот во евра во однос на вкупниот јавен долг во странска валута.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

***Макроекономска политика***

Макроекономската политика на Република Македонија за периодот 2012-2014 година се темели на тековната економска состојба во земјата и на проценките за економските движења во Европа и во светот. Истата е во функција на остварување на повисок економскиот раст и зголемување на конкурентноста на економијата на трајна основа, зголемување на вработеноста, подобрување на животниот стандард и квалитетот на живот на населението. Просечниот реален раст на БДП во Република Македонија за периодот 2012-2014 година е проектиран на ниво од 5%, со изгледи за одредено интензивирање на растот, движејќи се од 4,5% во 2012 година до 5,5% во 2014 година и истиот се очекува да биде воден од домашната побарувачка.

Фискалната политика во следниот тригодишен период ќе биде во функција на поддршка на макроекономската стабилност и на македонската економија, имплементирана преку разумни и недисторзивни стапки на буџетски дефицит и државен долг во рамки на Мастришкиот критериум, подобрување на квалитетот на јавните финансии, пред сѐ преку зголемување на капиталните инвестиции за подобрување на инфраструктурата и физичкиот капитал, притоа водејќи сметка за надворешно - трговската позиција и зачувување на стабилниот курс на денарот.

***Јавен долг***

Согласно потребата од проширување на активностите во следните години, предвидени се административни зајакнувања и во текот на 2013 година, распоредени во сите одделенија во рамките на Секторот за управување со јавен долг.

По зајакнувањето на административниот капацитет на одделенијата, Секторот ќе биде целосно кадровски екипиран.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

***Макроекономска политика***

Се планира реализација на Проектот за јакнење на капацитетите на Министерството за финансии - Сектор за макроекономска политика, за макроекономски анализи и формулирање на политики, со цел унапредување на процесот на креирање на политики и исполнување на критериумите за пристапување кон ЕУ, кој ќе биде финансиран во рамки на ИПА 2009, Компонента 1. Целта на овој проект е подобрување на аналитичките капацитети на Министерството за финансии за макроекономски анализи и дизајнирање на кохерентна среднорочна и долгорочна макро-фискална рамка. Исто така, со овој проект се очекува да се зголеми капацитетот на Секторот за макроекономска политика за формулирање на политики, преку подобра оценка на ефектот од планираните владини политики и мерки.

# 3.18 СТАТИСТИКА

## 3.18.1 СТАТИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

Законот за изменување и дополнување на Законот за државната статистика беше усвоен од страна на Собранието на Република Македонија и истиот беше објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 51/2011. Изменувањето и дополнувањето на Законот е направено заради усогласување со Регулативата 223/2009 на Европскиот парламент и Советот и тоа особено во однос на:

- принципите на кои се заснова официјалната статистика,
- критериумите за квалитет,
- условите за објавување на индивидуални податоци, особено со потенцирањето на пасивната доверливост,
- потенцирањето на улогата на Државниот завод за статистика како координатор на статистичкиот систем на земјата, како во домашни, така и во меѓународни услови,
- имплементацијата на Кодексот за работа на европската статистика во работењето на Заводот,
- намалувањето на глобите до 30%,
- условите за потребната стручна подготовка кои треба да ги исполни лицето именувано за директор, односно заменик-директор на ДЗС,
- условите за гарантирање на производството на квалитетни и објективни статистички податоци.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2011 година, во Државниот завод за статистика (ДЗС) беа вработени 37 лица. Вкупниот број на вработени во ДЗС, на почетокот на декември 2011, изнесува 305 лица. Донесен е Стратешкиот план на ДЗС за периодот 2012-2014.

Во 2011 година, во рамките на институцијата беа реализирани 3 интерни обуки на кои присуствуваа вкупно 72 вработени. Темите на обуките беа од областа на функционирањето и идните активности на Библиотеката на Државниот завод за статистика (2 обуки за различни целни групи) и од областа на Статистички регистар и типологија на земјоделски стопанства.

Во Државниот завод за статистика во 2011 година беа активни следниве проекти:

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

- Подготовка на нов Закон за државна статистика поптполно усогласен со европскиот
  - Проучување на искуството во импламентацијата на Европскиот закон за статистика кај земјите членки
  - Предлог и Усвојување на Законот за државна статистика

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

- Намалување на товарот на извештајните единици:
  - Реализирање на активностите од акциониот план (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Зголемување на ефикасноста на процесот на стратешко планирање, буџетирање и на менаџментот со човечки ресурси:
  - Анализа на резултатите од примената на системот за следење на трошоците по активности
  - Анализа на резултатите од трето само-оценување според CAF (Common Assessment Framework)

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Зголемување на ефикасноста на процесот на стратешко планирање, буџетирање и на менаџментот со човечки ресурси:
  - Четврто само-оценување според заедничката рамка за оценување (Common Assessment Framework - CAF)

## ПОДДРШКА НА СТАТИСТИЧКИТЕ АУТПУТИ, ТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

## ОЦЕНКА И УПРАВУВАЊЕ СО КВАЛИТЕТ

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Изработката на извештаи за квалитет по завршувањето на статистичките истражувања почнува да станува редовна практика за оние истражувања за кои во Еуростат постојат наменски развиени темплејти.

Во делот на квалитетот на процесите, беше подготвена Програма за обезбедување на квалитет во фазата на обработка на податоците од Пописот. Истата може да послужи како основа за подготовка на програми за осигурување на квалитет и кај други статистички истражувања.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Изготвување на извештаи за квалитет за истражувањата

- o Изготвување на извештаи за квалитет по завршувањето на статистичките истражувања (продолжува и во среднорочни приоритети)
- Развивање на систем за управување со квалитетот на статистичките податоци и процеси
  - o Подготвување на документ за следење на квалитет на процесите (продолжува и во среднорочни приоритети)
  - o Подготвување на прирачници и процедури за собирање, контрола, шифрирање, внес и обработка на податоци (продолжува и во среднорочни приоритети)

## Б. ИТ ИНФРАСТРУКТУРА И УСЛУГИ НА ДЗС

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во поглед на техничката инфраструктура во 2011 година, изработката на апликациите за внес на податоците од Пописот 2011 и за контрола на внесениот материјал беа комплетно и навремено завршени.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

- Одржување континуитет во осовременување на ИТ опкружувањето, во функција на ефикасна поддршка на процесот на статистичка продукција и интерна и екстерна комуникација
  - o Подобрување на капацитетот на компјутерска мрежа со регионалните одделенија
  - o Воведување на електронско прибирање на податоци за селектирани статистички истражувања (продолжува и во среднорочни приоритети)

## ИТ НОРМАЛИЗАЦИЈА И КОЛАБОРАТИВНА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ЕВРОПСКИОТ СТАТИСТИЧКИ СИСТЕМ (ЕСС)

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Редовно се следат промените и унапредувањата што ги прави Еуростат кај алатките за трансмисија на податоци преку единствената влезна точка, со користење на алатките од системот eDAMIS (веб апликација (eWA) , веб портал (eWP) и веб форми (eWF), а кои овозможуваат мониторинг на трансмисијата како и upload и on-line форми заедно со автоматска валидација и конверзија на форматите.

Бројот на пренесени датасетови до Еуростат преку користењето на единствената влезна точка е зголемен за приближно 68% во однос на 2010 година. Кај дел од истражувањата е применет SDMX стандардот за пренос на податоци и метаподатоци.

Споредба на број на датотеки пратени од ДЗС во Еуростат (2010 - 2011)

| | Први појавувања | | Вкупно датотеки | |
|---|---|---|---|---|
| | 01.11.2010-30.10.2011 | 01.11.2009-30.10.2010 | 01.11.2010-30.10.2011 | 01.11.2009-30.10.2010 |
| Вкупно | 283 | 193 | 344 | 238 |
| eWA | 271 | 181 | 332 | 226 |
| eWP | 0 | 2 | 0 | 2 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| eWF | 12 | 10 | 12 | 10 |

*КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

- Користење на Единствена Влезна Точка за редовно доставување на податоци и метаподатоци до Евростат
  - Зголемување на дата сетовите доставени до Евростат (продолжува и во среднорочни приоритети);
  - Изработка на апликации за транскодификација на податоци од статистички истражувања кои се доставуваат до Евростат (продолжува и во среднорочни приоритети)
  - Транскодификација и трансмисија на податоците од АПД (Анкета за потрошувачка на домаќинства) за 2010 година
  - Трансмисија на податоците од Анкетата за приходи и животен стандард - СИЛК до Евростат
  - Доставување на податоци до Евростат согласно Регулативата бр. 1392/2007

*СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

- Користење на Единствена Влезна Точка за редовно доставување на податоци и метаподатоци до Евростат
  - Трансмисија на податоци од истражувањето EHIS до Евростат согласно ЕУ стандардите
  - Подобрување на обемот и квалитетот на податоците од темата 1.05 Здравје и безбедност согласно ЕУ стандардите

**РЕФЕРЕНТНИ ПОДАТОЦИ И МЕТАДАТА СКЛАДИШТА**

*ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Имплементацијата на усвоениот статистички бизнис процес модел започна во делот на подготовката на Програмата за работа за 2012 година како и во направената реорганизација на Одделението за внес и поддршка на анкети. Подготвена е Стартегија за развој на метаинформацискиот систем на ДЗС. Во врска со активностите за регистрирање на статистичките варијабли, подготвени сетемплејти за опишување на нивните атрибути.

*КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

- Развој на систем на метаподатоци во ДЗС
  - Полнење на базата на референтни метаподатоци според ESMS структурата за сите статистички истражувања
  - Понатамошна имплементација на статистичкиот бизнис процес модел во ДЗС (продолжува во среднорочни приоритети)
  - Изработка на акциски план за имплементација на стратегијата за развој на метаинформациски систем на ДЗС
  - Имплементација на Стратегија за развој на метаинформациски систем на ДЗС (продолжува во среднорочни приоритети)
  - Опис на статистичките варијабли и почеток на процес на нивно регистрирање (продолжува во среднорочни приоритети)

**ИСТРАЖУВАЊА ВО СТАТИСТИКАТА И МЕТОДОЛОГИИ**

*ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Се проучуваа начини и методи за валидација и едитирање на податоци, конкретно во истражувањето Анкета за приходи и услови на живеење (АПУЖ). При валидацијата се определуваат и клучните варијабли за кои понатаму треба да се направи импутација. Важен дел од импутацијата е определувањето на регресорите, што е направено врз база на субјективно експертско опредлување (чуство за бројки). По определувањето на регресорите, импутирањето се прави со примена на слободниот софтверскиот програм IVEWARE кој е општо прифатен во Европскиот статистички систем.

## СИГУРНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ И СТАТИСТИЧКА ДОВЕРЛИВОСТ

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во поглед на статистичката доверливост, усвоени се документите (правилник, барање за пристап, договор) кои го регулираат пристапот до микроподатоци за научно истражувачки цели и во согласност со усвоениот правилник организирана е т.н. безбедна просторија каде може да работат со заштитени микроподатоци квалификувани лица, согласно усвоените правилници.

Се работеше на проучување на концептите, дефинициите и методите за заштита од статистичко разоткривање од што произлезе Прирачник за заштита од статистичко разоткривање. Во поглед на алатките за заштита од статистичко разоткривање обучени се лица за користење на слободниот софтвер Argus, кој вообичаено се користи во Европскиот статистички систем.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

- Подобрување на сигурноста на податоците со ажурирање на технологијата (хардвер, софтвер) и правилата за заштита од неавторизиран пристап до податоци
  - Набавка и ставање во функција на хардвер и софтвер за централизирано архивирање и бекапирање (продолжува и во среднорочни приоритети)
- Имплементација на европската регулатива за статистичка доверливост
  - Имплементација на процедури за пристап до микроподатоци од различни статистички области (подготовка на заштитени микро датотеки), за научноистражувачки цели (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Имплементација на контрола од статистичко разоткривање во различни статистички области со прилагодување на расположиви софтвери во ЕСС (продолжува во среднорочен приоритет)

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Подобрување на сигурноста на податоците со ажурирање на технологијата (хардвер, софтвер) и правилата за заштита од неавторизиран пристап до податоци

- Подготовка на прирачник и кодекс за управување со информатичката безбедност

## ДИСЕМИНАЦИЈА

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во областа на дисеминацијата во 2011 година реализирани се следните активности:

- Ставена е во функција новата веб страна;
- Воведени се калкулатор за трошоцте на животот, општини и населени места, анимирани графикони за индустријата, невработеноста, инфлација и БДП. Имплементиран RSS каналот, додаден е делот за корисничка подршка
- Подготвени Упатство за поправање грешки, Упатство за ракување со барањата на корисниците на податоци и информации и Упатство за подготвување на статистички публикации и Упатства поврзани со библиотеката на Државниот завод за статистика

**Остварени се следните резултати**:

- ажурирање и дополнување на базата на статистички податоци на интернет со податоци по области и по општини
- бројот на посетители на WEB страницата изнесува 1250000, а во базата на податоцина веб има 43000 посети
- објавени се 290 изданија во едицијата „Соопштенија“,
- објавени се 30 изданија во едицијата „Статистички прегледи“,
- објавени се 7 други публикации,
- добиени се 569 барања за податоци од корисниците во земјата и во странство во периодот до 10.11.2011.
- Присуството во печатените медиуми е 622 написи.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

- Дефинирани форми за редовна комуникација со корисниците
  - Спроведување на Анкета за мерење на задоволство на корисниците
  - Воспоставување и одржување на регистар на корисници
  - Анализа за имиџот на институцијата

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Дефинирани форми за редовна комуникација со корисниците
- Анкета за мислење на давателите на податоци

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

Во Државниот завод за статистика во 2011 година беа активни следниве проекти:

- **Националната програма ИПА** 2007 - **Поддршка на Државниот завод за статистика во имплементацијата на** Acquis. Целта на Проектот е да го подобри квалитетот на официјалната статистика, хармонизирана со ЕУ acquis и меѓународните стандарди. Проектот опфаќа техничка помош за четири приоритетни области кои имаат потреба од понатамошен развој: развој на квалитетен систем за производство на статистики во сите процеси, доусогласување на националните сметки и други монетарни и финансиски статистики, подобрени деловни статистики, подобрени социјални статистики.
- **ИПА** 2008 **Повеќекорисничка програма за статистичка соработка**. Овој проект опфаќа 11 пилот-проекти: статистики на надворешната трговија, хармонизиран индекс на трошоците на животот, паритет на куповната моќ, национални сметки, Попис на населението и домаќинствата, статистики на слободни работни места, подготовка на економски сметки во земјоделството, трансмисија на резултатите од пописите на земјоделството или истражувањата за структурата на фармите до Еуростат, структурни деловни статистики, истражување во индустријата (Prodcom) и деловни регистри.
- **ИПА** 2009 **Повеќекорисничка програма за статистичка соработка**. Проектот има за цел развивање на систем за производство на квалитетни статистики, вклучувајќи: понатамошен развој на Националните сметки, Паритетот на куповна моќ, Хармонизираниот индекс на цени на потрошувачка, Надворешната трговија, Агромонетарните статистики, Енергетските статистики и Анкетата за работна сила.
- **Македонско-шведско партнерство во статистика** 2009-2011. Оваа соработка предвидува техничка помош во развојот на земјоделските структурни статистики, Фарм-регистар, цени на земјоделските статистики и економски сметки во земјоделството, статистики за приватни шуми, статистики на животната средина, PC Axis, метаподатоци, набавка на ИТ опрема.

Покрај тековните проекти, во ДЗС се планирани и следниве проекти:

**Национална програма ИПА** 2009 – **Поддршка на Државниот завод за статистика за градење на капацитетите и подобрување на усогласеноста на статистиките со стандардите на ЕУ**. Проектот има за цел развивање на систем за производство на квалитетни статистики, вклучувајќи: понатамошен развој на националните сметки, земјоделските статистики и статистиките на животната средина, подобрување на прибирањето на податоци во социјалните статистики, воспоставување на систем за бекапирање и оправување од катастрофи (Backup and Disaster Recovery System) и набавка на опрема; понатамошен развој на алатките за Географски информатички систем (Geographic Information System) и достапност на напреднати он-лајн услуги за прибирање на податоци.
Национална програма ИПА 2012 – Развој на приватниот сектор преку подобрување на деловната клима, градење на капацитетите на ДЗС, конкурентност и иновација на малите и средните претпријатија. Целта на овој проект е зајакнување на капацитетите за развој и спроведување на мерки за одржување на одржлив раст, зголемување на конкурентноста на приватниот сектор и обезбедување на здрава бизнис клима за инвестиции, вработување базирано на знаење и зајакнување на иновациите.

### 3.18.2 **КЛАСИФИКАЦИИ И РЕГИСТРИ**
***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

Меѓународната стандардна класификација за образование ISCED 2011 е во процес на донесување на ниво на Евростат. Во текот на 2012 година ќе биде дадена за глобална дискусија, а донесувањето се планира за 2013 година. Државниот завод за статистика ќе ги следи активостите во врска со донесувањето на класификацијата и ќе ги направи неопходните подготовки за нејзиното имплементирање.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Усогласување на системот на националните стандарди со европскиот систем на стандарди:
  - Следење на промените во економски класификации НКД Рев. 2, Национална класификација на дејности (НКД) Рев. 2, Класификација на производи по дејности (КПД), Национална номенклатура на индустриски производи (ННИП), Царинска номенклатура, (продолжува во среднорочни приоритети)
  - Следење на процесот на донесување на ISCED 2011 - Меѓународна стандардна класификација за образование и подготовки за нејзино имплементирање

**РЕГИСТРИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**Статистички деловен регистар** (**СДР**) - Континуирано се работи на развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (воведување на групи на претпријатија и демографија на претпријатија).

**Регистар на земјоделски стопанства** – Континуирано се работи на развивање на методолошките основи, процедурите за ажурирање и вклучување на историската компонента во регистарот.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Активности за ослободување на Државниот завод за статистика од административните и управните функции и целосно насочување кон основната дејност
  - Трансфер на методолошко-организационата и техничката обработка на податоците од Избирачкиот список во Државна изборна комисија (ДИК)

- Развивање на Статистичкиот деловен регистар (СДР)
  - Развивање на методолошките основи и функционалноста на СДР, усогласени со европските стандарди и препораки (воведување на група на претпријатија и мултинационални групи на претпријатија) (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Водење и ажурирање на статистичкиот регистар на население (СРН)
  - Воведување на варијабли за потребите на СРН, усогласени со европските стандарди и препораки и согласно методолошките подобрувања во административниот регистар на население (во МВР)

- Развој на статистичкиот Регистар на фарми
  - Имплементација и воведување на нови процедури за ажурирање на Регистарот на фарми (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Развивање на статистичкиот територијален регистар
  - Воспоставување процедури за превземање податоци од административниот регистар на просторни единици и податоци од други административни извори (продолжува и во среднорочни приоритети)

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Развивање на Статистичкиот деловен регистар (СДР)
  - Спроведување на статистичко истражување за подобрување на квалитетот на податоците во СДР
  - Вклучување во ЕУРОГРОУП регистар – трансмисија на податоци од СДР

- Водење и ажурирање на Статистичкиот регистар на население(СРН)
  - Редовно ажурирање на СРН со податоци од статистички истражувања

3.18.3 **СТАТИСТИКА ПО СЕКТОРИ**
**ДЕМОГРАФСКА**, **СОЦИЈАЛНА СТАТИСТИКА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**Структура на заработувачка**
Анкетата за структурата на заработувачката е реализирана во текот на 2011 година прво како пилот истражување и во ноември се спроведе и редовното статистичко истражување. Целта на истражувањето е добивање на податоци за структурата на приходите и различните категории на заработувачката (приходи, бонуси, бонуси за одмор, платени часови, празнични денови и сл.) според различните карактеристики на деловните субјекти или нивните единици (големина, класа активност, сопственост и сл.), како и според карактеристиките на вработените (пол, образование, занимање и сл.). Во 2012 година ќе се изврши обработка и анализа на овие податоци, како и нивно публикување.
**Истражување за слободни работни места**
Во текот на 2011 година се реализира пилот-истражувањето за слободните работни места како едно од истражувањата за следење на пазарот на трудот, чија цел е да се добијат информации за слободните работни места во претпријатијата во Република Македонија кои се важни за следење на макроекономските движења и политики на пазарот на трудот. Од 2012 година ќе започне редовното спроведување на истражувањето. Воедно ќе се испита и можноста за добивање и користење на овие податоци и од административни извори на кои ќе се заснова нивната натамошна статистичка обработка
**Статистика на социјална заштита**

Во тек на 2011 година подготвени се програми (шеми) за социјална заштита од областа на социјална заштита,заштита на деца,пензиско и инвалидско осигурување,управата за прашања на борци и воени инвалиди, труд.

**Здравствена статистика**

Во 2011 година, доставени се податоци до ЕУРОСТАТ за Темата 1.05. Здравје и безбедност во модулот 1.05.01. Јавно здравје, кои се однесуваа на 2009 година.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Анализа на добиените податоци од спроведената Анкета за структура на заработувачката
  - o Обработка и анализа на податоците од анкетата за структура на заработувачка
  - o Публикување на податоците;
- Анкета за слободни работни места
  - o Спроведување на Анкетата за слободни работни места
  - o Истражување на можноста за добивање и користење на административни податоци во анкетата за слободни работни места
  - o Анализа на податоците од административни извори од аспект на нивно користење во статистичкото истражување за слободни работни места
- Примена на методологијата за трошоци на социјална заштита-ESSPROS
  - o Пресметка на трошоци за социјална заштита по категории корисници според ESSPROS(утврдување на програми-шеми за социјална заштита за сите области кои ги покрива ЕССПРОС методологијата, утврдување на пробни квалитативни и квантитативни обрасци, утврдување на базен период од кој ќе се доставуваат податоци, регулирање на односи меѓу институции, доставување на податоци ) и доставување на податоци -продолжува и по 2012 г. (продолжува и во среднорочни приоритети)

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Подобрување на квалитетот на податоците од здравствената статистика, преку спроведување на EHIS истражување (Examination and Health Inerview Survey)

## СТАТИСТИКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во согласност со предвидената динамика, во текот на 2011 година, во областа на статистикта за животна средина се реализира, истражувањето  за отпад во останатите НКД сектори (Национална класификација на дејности) (енергија, рударство и вадење камен)

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Обезбедување на податоци за следење на статистиката на животната средина во согласност со Европските регулативи:

- Подготовка и спроведување на пилот истражување за трошоци за животна средина

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Обезбедување на податоци за следење на статистиката на животната средина во согласност со Европските регулативи

- Употреба на пестициди во домакинставта и деловните субјекти

## МАКРОЕКОНОМСКА СТАТИСТИКА

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во текот на 2011 година продолжи работата на секторските сметки, а со цел имплементација на Регулативата 2223/96 согласно  со ЕСА 1995 (Европски систем на сметки - European System of Accounts –

ESA). Во Рамките на ИПА 2007 националниот Проект се работеше на прелиминарни пресметки на табелите за прекумерниот долг заедно со Министертвото за финансии и Народната банка на Република Македонија. Во 2011 година се подготвија и објавија табелите за понуда и употреба за 2008 по тековни цени со имплементирање на подобрувањата направени во рамките на ИПА 2007 и истите се доставени до Еуростат.

Направени се **претходни податоци** на табелите на понуда и употреба по постојани цени за 2008 година.

Во текот на 2011 година ДЗС подготви податоци за БДП за 2009 и 2010 според НКД Рев. 2 класификацијата и инвестиции во основни средства според Класификацијата НКД Рев. 2.

До Еуростат се доставија податоци за структурните статистики за 2008 година.

Во рамките на ИПА 2008 Повеќекорисничката програма за статистичка соработка добиени се и анализирани податоците собрани со дополнителното истражување за основни средства за малите субјекти што се вградени во редовните пресметки за инвестиции за 2010.

Во тек е реализацијата на активностите од Европската програма за споредба 2011. Сите фази се усогласени со временската табела на Еуростат и со земјата-лидер. За пресметките на БДП според Стандардот на куповна моќ (PPS - Purchasing Power Standard, Регулатива бр. 1445/2007) за 2007-2009 година се доставени сите потребни табели.

Подготвени се и публикувани нови податоци за индикаторите за одржлив развој.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Составување на економски сметки по институционални сектори и изработка на интегрираниот сет на економски сметки
  - Составување на годишни нефинансиски сметки

- Хармонизација на пресметките на макроагрегатите согласно ЕСА 95
  - Продолжување на активностите во рамките на Проектот ППП (паритет на куповната моќ), рунда 2012
  - Испитување на расположиви податоци за проценка на вредноста на инвестиции за софтвер од сопствено производство

- Понатамошна хармонизација на податоците за секторските сметки според ЕСА 95 и ЕСА 2010
  - Работа на интегрирање на изворните податоци (продолжува и во среднорочни приоритети)

- Унапредување на секторските сметки
  - Билансирање меѓу сметките по сектори вклучително и сметката Странство (продолжува во среднорочен приоритет)

- Подобрување на методите за пресметка на додадената вредност на регионално ниво
  - Унапредување на методите за пресметка (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Ревизија на податоците согласно подобрени методи за пресметка вклучувајќи и НАЦЕ Рев. 2 (продолжува и во среднорочен приоритет)
  - Подготвување на табела за вработени и инвестиции по региони (продолжува и во среднорочен приоритет)

- Подготвување на податоците за БДП на квартално ниво
  - Подобрување на категориите на БДП и пресметка на додадената вредност на квартално ниво (продолжува во среднорочен приоритет)
  - Пресметка на БДП на квартално ниво согласно НКД рев 2 (продолжува и во среднорочен приоритет)

- o Пресметка на десезонирани податоци за БДП во рамките на ИПА 2009 (продолжува и во среднорочен приоритет)

- Подобрување на квалитетот на податоците во инпут-аутпут табелите за доставување до Еуростат
- o Унапредување на методолошките постапки при балансирањето на податоците во табелата на понуда и на употреба (продолжува во среднорочен приоритет)
- o Пресметка на табелите на понуда и на употреба по постојани цени (продолжува во среднорочен приоритет)

- Обезбедување на индикаторите за одржлив развој и евроиндикатори :
- o Унапредување на воспоставениот сет на индикатори за одржлив развој (продолжува во среднорочен приоритет)

- Развивање на сметките за здравство
- o Анализа и подготвување на расположливите податоци за сметките во здравството (продолжува во среднорочен приоритет)
- o Составување на експериментална табела за здравствена потрошувачка (продолжува во среднорочен приоритет)
- o Подобрување на податоците за сметките (продолжува во среднорочен приоритет)

- Имплементирање на НКД Рев. 2 (Национална класификација на дејности), СНА 2008 (Систем на национални сметки - System of National Accounts - СНА) и ревидираната ЕСА 2010 (Европски систем на сметки – European System of Accounts – ESA)
- o Подготвување на податоците за национални сметки според НКД Рев. 2 (продолжува во среднорочен приоритет)
- o Подготвителни активности за имплементирање на СНА 2008 (продолжува во среднорочен приоритет)
- o Подготвителни активности за имплементирање на ревидираната ESA 2010 (продолжува во среднорочен приоритет)

- Имплементирање на НКД Рев. 2 (Национална класификација на дејности), СНА 2008 (Систем на национални сметки - System of National Accounts - СНА)и ЕСА 2010 (Европски систем на сметки – European System of Accounts – ESA)

## СТАТИСТИКА ЗА АНАЛИЗА НА ДЕЛОВНИТЕ ЦИКЛУСИ

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во 2010 година се реализираа следните активности:

- Се изврши пресметување на цените на трошоците за градење по позиции на градба од расположивите податоци во ДЗС со базна 2005 година
- Имплементација на НКД Рев.2 во краткорочните статистики
  - o Се изврши пресметување на индексите на приходи од продажба во индустријата (редовно месечно соопштение)
  - o Пресметка на индекс на индустриско производство прилагоден со работни денови согласно Регулативата за краткорочни статистики (1165/98)

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци за цени во градежништвото
  - o Развивање на статистиката на градежништво во согласност со Регулативата за краткорочни статистики (1165/98) (продолжува во среднорочни приоритети)

- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во индустријата

- o Пресметка на индекси на цени на индустриски производители за странски пазар и вкупен индекс (вклучувајки го домашниот пазар)
  - o Промена на базна година во индустријата (2010 = 100) (продолжува во среднорочни приоритети)
  - o Развивање на статистиката на прометот во индустријата во согласност со Регулативата 1165/98 (продолжува во среднорочни приоритети)
  - o Промена на базна година во цените на индустриски производители (2010 = 100) (продолжува во среднорочни приоритети)

- Обезбедување на релевантни статистички податоци во согласност со Европската номенклатура на индустриски производи (ПРОДКОМ 2008)
  - o Изработка на ротирачки примерок за малите претпријатија за годишното истражување ПРОДКОМ

**ДЕЛОВНИ СТАТИСТИКИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Континуирано се врши усогласување на статистиките од областа на енергијата со ЕУ регулативи.

Се изврши усогласување на Листата на енергенти со Класификација на производи по дејности и Комбинираната номенклатура

Направено е ревидирање и хармонизирање на статистиката за месечно следење на дистрибутивната трговија согласно Регулативата за краткорочни статистики и се доставени податоците до Еуростат..
Во областа на транспортот се изврши оценка на квалитетот и натамошно хармонизирање на статистиката на товарниот транспорт со ЕУ регулативите за товарен транспорт.
Се спроведе Пописот на патничкиот и железничкиот сообракаји податоците се доставени до Еуростат.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Обезбедување на структурни статистики во согласност со регулативата на Европската комисија за Структурни деловни статистики бр.250/09 со која се имплементира регулативата 295/2008 за каракетристиките, техничкиот формат за трансмисија на податоците и барањата за двојно известување по класификација НАЦЕ Рев 1 и НАЦЕ Рев 2.
- o Пресметка на варијаблите од СДС дефинирани во Анекс 2 ,( модул за структурни статистики од областа на индустријата ) според регулативата на Европската комисија бр.295/2008 на европскиот парламент која се однесува на структурните деловни статистики (продолжува во среднорочен приоритет)
- o Имплементирање на НКД Рев. 2 во системот на пресметки на СДС (продолжува во среднорочен приоритет)
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци во туризамот, угостителството и транспортот
- o Хармонизирање со европските регулативи за патничка мобилност

**СТАТИСТИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Направена е пресметка на стандард аутпут коефициенти за 2005-2009 и пресметка на економската големина и типот на фармите врз основа на резултатите од структурното истражување 2010

Подготвена е матрица за транскодификација на податоците од Пописот 2007 и структурното истражување 2010 година.

Направена е хармонизација на статистиката на шумарство со европските регулативи преку воведување на нови варијабли

Во областа на агромонетарните статистики подготвено е Методолошко упатство и објавени се економските сметки во земјоделството по постојани цени..

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Обезбедување релевантни податоци за поддршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор во РМ
  - Воведување на статистика на органско производство

- Обезбедување на релевантни податоци за агромонетарните сметки во земјоделството
  - Подготовка на сет од податоци за регионални сметки во земјоделството

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Обезбедување релевантни податоци за подршка на донесувањето на одлуки за развој на земјоделскиот сектор во РМ

- Развивање на структурното истражување во согласност со европската регулатива
- Подготовка на биланси за растително производство

**МОНЕТАРНА, ФИНАНСИСКА, ТРГОВСКА СТАТИСТИКА И СТАТИСТИКА НА ПЛАТНИОТ БИЛАНС**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Народна банка на Република Македонија (НБРМ), во областа на статистиката во 2011 година, вложи дополнителни напори за понатамошно усогласување со меѓународните и ЕУ стандарди. Напредок е постигнат во следните области:

Понатамошно усогласување на статистиката на надворешниот долг и надворешните побарувања со меѓународните стандарди предвидени во Прирачникот за статистика на надворешниот долг на ММФ, во делот за начинот на вреднување на инструментот заеми. Почнувајќи од април 2011 година, податоците за состојбата на надворешниот долг и надворешните побарувања наместо по постојниот принцип на доспеаност се пресметуваат со примена на принципот на акумулирана камата. Квартaлните податоци за надворешниот долг и надворешните побарувања за 2010 година, заедно со дополнетите методолошки појаснувања, се објавени на интернет страната на НБРМ. Истовремено извршена е и методолошка промена на начинот на вреднување на кредитните трансакции со нерезиденти во рамки на платно-билансната статистика. Со објавувањето на податоците за платниот биланс во октомври 2011 година, објавени се и овие податоци со примена по принципот на пресметана камата (accrual), за 2010 и 2011 година.

Натамошно усогласување на платно-билансната статистика со меѓународните стандарди преку дефинирање на методолошките основи за пресметување на увозот и извозот на услугите за финансиско посредување - мерени индиректно (FISIM). Податоците за увозот и извозот на услугите за финансиско посредување - мерени индиректно (FISIM) за 2011 година се објавени со објавувањето на податоците за остварувањето на платниот биланс за март 2011 година, а со редовната годишна ревизија на податоците за платен биланс во октомври 2011 година истите се вклучени и во временската серија (2003 - 2010 година).

Во рамки на активностите за воспоставување на статистиката на инвестициските фондови и статистиката на осигурателните друштва и приватните пензиски фондови, во јули 2011 година донесен е подзаконски акт со кој се утврдува начинот, формата и роковите за доставување статистички податоци и информации до НБРМ за средствата и обврските на останатите финансиски институции (приватните пензиски и инвестициски фондови и осигурателните компании). Согласно истиот, останатите финансиски институции

ќе треба да известуваат почнувајќи од 01.01.2012 година, со што се овозможува подобар статистички опфат на податоците за финансискиот сектор.

НБРМ како една од основните институции учеснички во процесот на вклучување на Република Македонија во Специјалниот стандард за објавување на податоците (SDDS), во 2011 година ги реализира сите планирани подготвителни активности поврзани со овој процес, конкретно: подготви специјални форми за методолошката рамка на сите статистички показатели во надлежност на НБРМ согласно Рамка за оценка на квалитетот на податоците (Data Quality Assessment Framework - DQAF) рамката и го уреди доставувањето на податоците до официјалната интернет страница на Република Македонија во рамки на SDDS интернет порталот. Како резултат на овие активности, во ноември 2011 година националниот статистички систем на Република Македонија пристапи кон Специјалниот стандард за објавување на податоците (SDDS) на ММФ.

Министерството за финансии и понатаму активно соработува со Државниот завод за статистика во делот на Статистиката на национални сметки односно статистика за секторот Држава во процесот на имплементација на методологијата од Европскиот систем на сметки (ESA '95). Формирана е работна група со учесници од Министерство за финансии и ДЗС која работи на пополнување на табелите за државен долг (ЕДП нотификации) со помош на консултант. До сега е работено на податоци од 2008 година и двете институции ќе продолжат и понатаму со соработка во целиот подготвителен процес.

Статистиката на надворешната трговија целосно е усогласена со европските регулативи за (Надворешна трговија со земјите што не се членки на ЕУ). Направено е усогласување на Законот за државна статистика со европската регулатива за надворешно трговското работење во однос на доверливоста на податоците т.е. воведување на пасивна доверливост

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Подготовка на табели за државен долг (ЕДП нотификации)
  - Подготовка и доставување на податоци до ДЗС за потребите на Статистиката на национални сметки за сектор Држава
- Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе отпочнат да се применуваат од 2014 година.
  - Измени во подзаконската регулатива за статистичко известување за директни инвестиции со цел методолошко усогласување и прилагодување на статистиката на директни инвестиции кон новите меѓународни препораки предвидени со Прирачникот за директни инвестиции на ОЕЦД (IV издание)
  - Измени на апликативниот софтвер за обработка на податоците за странски директни инвестиции.
  - Промени во апликативните решенија за одредени ставки во билансот на плаќања (стоки, услуги, директни инвестиции) (продолжува и во среднорочни приоритети)
  - Измени во подзаконската регулатива со цел воспоставување на систем на редовно известување за тргувањето на резиденти со хартии од вредност на странските пазари.
  - Изготвување на апликативниот софтвер за обработка на податоци за трансакциите со хартии од вредност
- Подготвителен процес за редовна трансмисија на податоци за платно-билансните статистики до ЕУРОСТАТ
  - Развој и адаптација на апликативните софтвери, со цел рационализација во изготвувањето на податоците и задоволување на потребите за известување до ЕУРОСТАТ (продолжува и во среднорочни приоритети)
- Воспоставување на статистика на инвестициски фондови и статистика на осигурателни друштва и приватни пензиски фондови
  - Изготвување на биланси и прегледи на останати финансиски институции и изработка на консолидиран преглед на финансискиот сектор.
- Развој на статистика на финансиски сметки
  - Меѓуинституционална соработка со цел утврдување на институција примарен носител за изготвување на финансиски сметки.

- o Изготвување на акционен план на активности и потпишување на меѓуинституционален договор за размена на податоци потребни за изготвување на финансиски сметки
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци од областа на надворешна трговија
- o Подобрување на квалитетот на податоците за надворешно трговската размена со воведување на дополнителни контроли во царинското работење
- o Пилот истражување за реални увозно-извозни цени согласно Регулативата за краткорочни статистики

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

- Прилагодување на екстерните статистики кон новите меѓународни стандарди кои ќе отпочнат да се применуваат од 2014 година
- o Методолошки усогласувања и прилагодувања на изворите на податоци за платно билансната статистика кон барањата на новиот Прирачник за меѓународна инвестициона позиција и платен биланс на ММФ (BOP Manual VI)
- Понатамошно прилагодување на статистиката (делот кој е во домен на НБРМ) кон барањата на EUROSTAT
- o Усовршување на постојните извори на податоци за платно-билансна и монетарна статистика со цел обезбедување на податоци со соодветна секторска и валутна дистрибуција, како и соодветна поделба по финансиски инструменти
- Развој на статистика на финансиски сметки
- o Постепена реализација на активностите од акциониот план за одделните институционални сектори и финансиски инструменти во рамки на финансиските сметки
- Обезбедување на краткорочни статистички податоци од областа на надворешната трговија
- o Воведување на редовно статистичко истражување за реални увозно-извозни цени согласно Регулативата за краткорочни статистики

## 3.19 **СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ВРАБОТУВАЊЕ**

### 3.19.1 **Трудово право**

Во текот на година продолжија активностите насочени кон хармонизација на националното трудово законодавство со законодавството на Европската унија.

Се подготви посебен Закон за европски работнички совет во кој е транспонирана Директивата 2009/38/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот за воведување на Европски работнички совет или постапка во трговските друштва што работат на ниво на Европската унија и групации на трговските друштва што работат на ниво на Европската унија за информирање и консултирање со вработените.

Во функција на подготовка на овој Закон, дополнително зајакнување на капацитетите и размена на искуства во однос на хармонизирањето на трудовото законодавство во оваа област, во февруари 2011 година во Скопје се одржа работилница за Европски работнички совети, во рамките на техничката помош од TAIEX програмата на Европската комисија. На работилницата се расправаше и беа пренесени искуства во однос на транспонирањето и имплементацијата на релевантните ЕУ Директиви 94/45/ЕЗ, 97/74/ЕЗ, 2006/108/ЕЗ и 2009/38/ЕЗ од страна на претставници од Европската федерација на металските работници, Германската федерација на хемиските работници, претставник од Генералниот Директорат за вработување при Европската Комисија, од Министерството за труд и социјална политика на Полска, Бугарија и од Институтот на Европските синдикати. На оваа работилница претставниците од релевантните институции и социјални партнери од Македонија, преку презентираните практични искуства

од земјите-членки на ЕУ (Германија, Полска, Бугарија), имаа можност детално да се запознаат со процесот на воспоставување и функционирање на Европските работни совети (European Work Councils) на ниво на Европската унија, како еден од начините на унапредување на правото на информирање и консултирање на вработените.

Донесен е и посебен Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат, кој е усогласен со соодветната ЕУ Директива од оваа област - 92/85/ЕЕЗ.

Во изминатиот период беа превземани и дополнителни активности насочени кон подобрување на имплементацијата и практичното спроведување на законската регулатива во делот на трудовото право. Меѓу другото, со цел да се зајакне одговорноста во спроведувањето на законските одредби, превентивно да се делува и да се спречи евентуалното непочитување на законите, беа подготвени и усвоени измени и дополнувања во сите закони од областа на трудовото право, при што дел од промените беа и во однос на прекршочните одредби. Утврден е значително зголемен износ на глоби за пропишаните прекршоци со законот и за правните и физичките лица, како и за одговорното лице кај работодавачот.

Паралелно со ова се преземаат и континуирани мерки на зголемен и засилен надзор врз спроведувањето на законските одредби од страна на Државниот инспекторат за труд.

По постигнувањето на спогодбата помеѓу трите социјални партнери, Владата, синдикалните организации и организациите на работодавачите, за утврдување на минимална плата во Република Македонија која ќе почне да се применува од 1 јануари 2012 година, беше подготвен и посебен Закон за минимална плата.

Со овој закон, за прв пат во Република Македонија, се дефинира правото на минимална плата и висината на минимална плата во државата, како и органите надлежни за утврдување и објавување на минималната плата и сл. Покрај тоа, со законот се утврди и определен преоден период од три години на достигнување на нивото на минимална плата кај дејностите кои имаат пониско ниво на плата, со цел да се избегне евентуално отпуштање на работници во одделните дејности, како што се производство на текстил, производство на кожа и на облека.

### 3.19.2 **Здравје и безбедност при работа**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во текот на 2011 година, во согласност со утврдениот план и динамика, продолжи процесот на хармонизирање на националното законодавство во областа на безбедност и здравје при работа и транспонирање на релевантните директиви на Европската заедница во овој дел. Така, беа подготвени и усвоени законски измени и дополнувања, како и неколку подзаконски акти, а во функција на обезбедување на понатамошен развој и подобрување во делот на безбедноста и здравјето при работа, беа донесени и стратешки документи од областа.

Во октомври 2011год, беше усвоен **Законот за измени и дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа**, објавен во „Службен весник на РМ", бр.136/11. Усвоените законски измени се во насока на обезбедување на целосна усогласеност на Законот за безбедност и здравје при работа со Рамковната директива 89/391/ЕЗ, при што се инкорпорираа и забелешките и коментарите добиени при Мисијата од областа на БЗР од страна на делегација од Европската комисија (DG EMPL). Истовремено, со овие измени се изврши и дополнување на Законот во однос на воведувањето на едукација на работодавачите од страна на Инспекторатот за труд за утврдените повреди согласно Законот, како и создавање правна основа за донесување на други подзаконски акти, во функција на зајакнување на спроведувањето на одредбите од Законот.

Во рамки на транспонирањето на конкретни директиви од областа на безбедност и здравје при работа, во текот на годината беа донесени правилници во кои се транспонираа следните директиви:

- Директива 92/85/ЕЕЗ на Советот од 19 октомври 1992 година за воведување на мерки за подобрување на безбедноста и здравјето при работа на бремените работнички и работнички кои неодамна се породиле или дојат (десетта поединечна Директива во смисла на член 16 (1) од Директивата 89/391/ЕЕЗ) - транспонирана во ***Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат*** ("Службен весник на РМ" бр.119/11 од 05.09.2011);
- Директива 92/91/ЕЕЗ на Советот од 3.11.1992 за минималните барања за подобрување на безбедноста и здравјето на работниците во индустријата за екстракција на минерали со бушење - транспонирана во ***Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени во индустријата за вадење на минерали со бушење*** ("Службен весник на РМ" бр.163/11 од 25.11.2011).

Во соработка со Министерството за здравство, Институтот за медицина на трудот, социјалните партнери и невладиние организации од областа на безбедност и здравје при работа, беше изготвена и усвоена **Стратегијата за безбедност и здравје при работа на Република Македонија** (2011-2015), со **Акционен план за периодот** 2011-2012. Активно учество во процесот на консултации и подготовка на Стратегијата и Акциониот план имаше Советот за безбедност и здравје при работа. Усвоената Стратегија овозможува реално согледување на тековната состојба во областа и дава стратешки насоки за вклучување на сите релевантни актери во постигнување на модерен, ефикасен и ефективен систем на безбедност и здравје при работа во Република Македонија, што ќе има за цел да придонесе и кон намалување на повредите на работа и професионалните заболувања.

За полесна, побрза и поефикасна размена на податоците и воведување на унифицирано и консолидирано евидентирање на повредите при работа и тешките повреди со смртни последици, Државниот инспекторат за труд пристапи кон подоготовка и потпишување на меморандуми за сорабока со неколку релевантни институции и органи. Досега е потпишан *Меморандум за соработка* со Институтот за медицина на трудот, со Институтот за јавно здравство, Македонското здружение за заштита при работа и со Техничката инспекција, при Министерството за економија, а меморандумот за соработка со Фондот за здравствено осигурување е во постапката на потпишување.

Во насока на доследна имплементација на Законот за безбедност и здравје при работа и спроведувањето на подзаконските акти за полагање на стручен испит и лиценцирање за вршење на стручни работи од

областа на БЗР, од отпочнувањето на примената на овие прописи, заклучно со октомври 2011 година, вкупниот број на положени стручни лица за безбедност при работа изнесува 353.

Во однос на лиценцираните фирми, односно овластени правни субјекти за вршење стручни работи за безбедност при работа, согласно утврдената постапка која вклучува комисиски испитувања на кадровскиот потенцијал, техничките и други услови, заклучно со октомври 2011 година, овластени се вкупно 29 правни субјекти за вршење на стручни работи за безбедност при работа.

Со ваквото создавање на кадровски потенцијал (стручни лица за безбедност при работа и овластени субјекти за безбедност при работа) се овозможува и значително зајакнување на системот за безбедност и здравје при работа.

Во текот на годината беа преземени низа активности во насока на понатамошно јакнење на капацитетот на Државниот инспекторат за труд, со цел подобрување на вештините, знаењата и успешноста во работата на инспекторите од областа на безбедност и здравје при работа. Во соработка со Македонското здружение за заштита при работа, со Меѓународната организација на трудот и со останати меѓународни експерти беа одржани повеќе семинари, обуки, работилници кои имаа за цел подобрување на знаењето и успешноста во работата на трудовите инспектори.

Меѓу другото, во соработка со МОТ беа оддржани обуки за обучувачи за инспекција на трудот, во рамките на кои беше развиена нова програма за инспекција на трудот, заснована на модуларниот прирачник за обука што опфаќа голем број на аспекти поврзани со инспекцијата на трудот, од принципи, политики и стратегии до практични алатки и методи за надзор. Исто така одржани се и повеќе семинари со учество на меѓународни експерти за начините на препознавање и справување со ризиците на работните места,

Одржан е дводневен семинар во организација на Македонското здружение за заштита при работа со експерти од областа од Австрија за начините на препознавање и справување со ризиците на работните места, како и обуки и семинари за практична имплементација на барањата од специфични БЗР директиви (Директива 89/654/ЕЕЗ, Директивата 92/57/ЕЕЗ, Директива 89/655/ЕЕС, Директива 2003/10/ЕЗ).

Покрај ова, во текот на годината беше реализирана и струдиска посета за претставници од Државниот инспекторат за труд на Република Македонија во Франција, која имаше за цел на учесниците да им овозможи поблиску да се запознаат со француските искуства и практичната примена на директивите од областа на безбедност и здравје при работа кои се однесуваат на заштитата на привремени и мобилни градилишта и заштитата при ракување со азбест (92/57/ЕЕС и 83/444/ЕЕС).

На 25 октомври Државниот инспекторат за труд, во соработка со Македонското здружение за заштита при работа, ја одбележа Европската недела за безбедност и здравје при работа, во што учествуваа и преставници на социјалните партнери, државните инспектори за труд, Министерот за труд и социјална политика, преставници на Македонското здружение за заштита при работа, како и претставници на Европската Агенција за безбедност и здравје при работа од Билбао, од Норвешкиот инспекторат за труд и други.

По однос на зајакнувањето на кадровскиот капацитет на Државниот инспекторат за труд во текот на 2011 година се бележи дополнително зголемување на бројот на инспекторите и тоа: во 2009 година вкупниот број на инспектори изнесува 105, во текот на 2010 година 108 инспектори и во 2011 година 111 инспектори.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во текот на 2012 година ќе продолжи процесот на хармонизација на националното со европското законодавство во областа на безбедност и здравје при работа, така што во текот на годината се планира транспонирање на следните директиви на Европската Заедница:

- Директива на Советот 92/104/ЕЕС од 3 декември 1992 година, за минималните барања за подобрување на безбедноста и здравјето на работниците во индустриите за површинска и подземна експлоатација на минерали (12-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС), и

- Директива 2006/25/ЕС на Европскиот парламент и на Советот од 5 април 2006 година, за минималните барања за здравје и безбедност на вработените изложени на ризици од физички агенси-вештачко оптичко зрачење (19-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС).

Согласно одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, ќе се донесе Правилник за континуирана едукација на стручни лица од областа на безбедност при работа, со кој значително ќе се придонесе кон обезбедување на услови за понатамошно континуирано зајакнување на капацитетите на стручните лица за безбедност при работа, а со самото тоа ќе се обезбеди и континуирано подигнување на квалитетот на безбедноста и здравјето при работа во државата.

Во насока на имплементација на Стратегијата за безбедност и здравје при работа ќе биде подготвен Акциониот план за имплементација на Стратегијата за безбедност и здравје при работа за периодот 2012-2013 година.

Со цел понатамошно јакнење на капацитетите на Државниот инспекторат за труд и во наредниот период ќе продолжи организирањето на обуки, работилници и други активности за подобрување на знаењето и капацитетиоте во делот на БЗР. Меѓу другото, планирано е одржување на специфични обуки за методологијата за изработка на проценката на ризик, како и за практичната примена на Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на привремени и мобилни градилишта и Правилникот за безбедност и здравје при работа на вработените изложени на ризик од механички вибрации.

Вакви обуки и активности за јакнење на капацитетите на инспекторите и на социјалните партнери во делот на безбедноста и здравјето при работа ќе се реализираат и со поддршка од страна на Меѓународната организација на трудот. Посебно ќе се посвети внимание на подобрувањето на безбедноста и здравјето при работа во градежништвото, за што ќе се реализираат обуки, како и посебна кампања за подигнување на свеста и подобрување на знаењата во овој дел.

Во текот на годината ќе се отпечатат и ќе се дистрибуираат и сите постоечки подзаконски акти, т.е правилници во областа на БЗР, како и други промотивни и информативни материјали од областа

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок ќе продолжи процесот на усогласување со acquis од областа на безбедност и здравје при работа.

Во рамките на овој процес, планирано е изготвувањето на подзаконски акти/правилници, во рамките на кои ќе бидат транспонирани директивите:

- Директива на Советот 2004/40/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот од 29 април 2004 година за минималните барања за безбедност и здравје на вработените изложени на физички агенси - електромагнетни полиња, и
- Директива на Советот 93/103/ЕС од 23 ноември 1993 година, за минималните барања за безбедност и здравје за работа на рибарски бродови (13-та индивидуална Директива во согласност со членот 16(1) од Директивата 89/391/ЕЕС).

Ќе продолжи процесот на континуирана реализизација на активности за понатамошно зајакнување на административниот капацитет на Државниот инспекторат за труд, подобрување и унапредување на спроведувањето на постојната регулатива во делот на безбедност и здравје при работа, како и активното вклучување на социјалните партнери во сите фази на изготвување на регулативата од оваа област и во нејзината практична имплементација на терен.

### 3.19.3 **Социјален дијалог**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во изминатиот период продолжија активностите насочени кон успешно и ефикасно функционирање, развој и понатамошно унапредување на социјалниот дијалог на сите нивоа. За остварување на оваа цел социјалните партнери (сите регистрирани синдикати и организации на работодавачи на национално ниво) беа активно вклучувани во сите активности поврзани со социјалниот дијалог и останатите релевантнни области, а покрај тоа се реализираа и повеќе активности за јакнење на капацитетите на социјалните партнери, со цел да се обезбеди нивна поголема инволвираност и ефикасност

Економско социјалниот совет, забележа значителен интензитет во своето работење и во текот на 2011 година одржа седум седници на кои беа разгледувани повеќе закони, беше покрената иницијатива за утврдување на минималната плата и сл. Исто така, беа давани мислења и препораки за различни прашања поврзани со економската и социјална сфера.

Покрај во работата на седниците на ЕСС, претставници на социјалните партнери активно учествуваа и во подготовката на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи во кој меѓу другото, се изменија казнените одредби и се уреди прашањето за работа на Комисијата за утврдување на репрезентативноста на социјалните партнери. Со овие измени се утврди во работата на Комисијата да учествуваат и претставници на репрезентативните синдикати и работодавачи.

Исто така, социјалните партнери учествуваа во подотовката на Законот за европски работнички совет, Закон за минимална плата во Република Македонија, а даваа и свои мислења и сугестии во врска со измените и дополнувањата на Законот за исплата на платите и Законот за вработување и осигурување во

случај на невработеност.  Го разгледаа и го прифатија Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2011 година.

Социјалните партнери активно учествуваа во процесот на дефинирање на среднорочните стратегии и предизвици на пазарот на трудот кои се утврдија во Националната стратегија за вработување на Република Македонија 2015 година, како и планираните активности кои треба да обезбедат реализација на поставените цели преку дефинирањето на мерките во Националниот акционен план за вработување 2011-2013 година.

Паралелно со ова, реализирани се повеќе активности кои имаа за цел јакнење на капацитетите на социјалните партнери. Во овој дел, од страна на Министерство за труд и социјална политика беа организирани различни активности (семинари, работилници, конференции) кои беа насочени кон поттикнување активно учество и придонес на социјалните партнери во функционирањето на социјалниот дијалог. Во нив беа вклучени сите синдикати и организации на работодавачи на национално ниво.

Активно беа вклучени во имплементација на проектот „Стратегии за поддршка на заздравувањето од кризата во Југоисточна Европа“ поддржан од Меѓународната организација на трудот. Целта на проектот беше промовирање на продуктивно заздравување насочено кон инвестиции, вработување и социјална заштита и повик за ставање на можностите за пристојна работа во центарот на решенијата на кризата, за што се одржаа неколку состаноци со експертите ангажирани на овој проект, како и конференции на кои се разгледаа состојбите и искуствата во останатите земји од регионот вклучени во Проектот. Се изготви и Извештај за процена на ефектите од светската економска криза.

Во насока на јакнење на капацитетите и функционирањето на социјалниот дијалог во земјата, за членовите на Економско-социјалниот Совет, со поддршка обезбедена од страна на Меѓународната организација на трудот, се организираше студиска посета на Кралството Холандија, при што учесниците имаа можност поконкретно и подетално да се запознаат со функционирањето на социјалниот дијалог и да извршат размена на искуства, знаења и практики во функционирањето на социјалниот дијалог.

Трипартитна делегација со претставници на Владата и социјалните партнери учествуваше на 100-тата годишна Конференција на МОТ во Женева, на која се донесе препорака за домашните работници C189, со која се промовира достојната работа за сите, преку постигнување на целите на декларацијата на МОТ за фундаменталните принципи и права на работното место и на декларацијата на МОТ за социјална правда и праведна глобализација признавајќи го придонесот на домашните работници во глобалната економија.

Социјалните партнери активно партиципираа и на состаноците на Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската унија и Република Македонија, на кои се разгледуваа и дискутираа прашања поврзани со искуството за европскиот социјален дијалог и социјлниот дијалог во Република Македонија, руралниот развој и вработувањето во Западен Балкан, превенцијата и борбата против корупцијата и сл.

Исто така во насока на јакнење на капацитетие на социјалните партнери во изминатиот период се организираа семинари, обуки и конференци во областа на родово-сензитивни грански колективни договори, мирно решавање на трудови спорови на ниво на претпријатие, родова еднаквост во работните односи, механизмите за трипартитен социјален дијалог и европските добри практики на медијација и помирување на трудови спорови во јавните служби.

Продолжи процесот на бипартитниот социјален дијалог. Направени се измени и дополнувања на 7 колективни договори (1 општ и 6 грански). Во тек е постапка на подготовка на нов Општ колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во наредниот период ќе се преземаат активности за зголемување на ефикасноста на работата на Економско-социјалниот Совет, како и мерки и активности за зголемено учество на социјалните партнери во целокупниот процес на развој и имплементација на политиките од областа на економската и социјална сфера, имајќи ги во предвид и меѓународните искуства во овој дел.

Преку работата на Заедничкиот консултативен комитет за граѓанското општество на Европската унија и Република Македонија, социјалните партнери во континуитет ќе имаат можност да бидат запознаени, да расправаат и да дадат свои препораки за различни области, релевантни за процесот на евроинтеграција на Република Македонија.

Истовремено ќе се настојува да се поттикнува трипартитниот дијалог и на локално ниво, како и бипартитниот социјален дијалог преку колективното договарање на ниво на гранка и на ниво на претпријатие.

Особено внимание ќе се посвети на понатамошно подобрување и јакнење на капацитетите на социјалните партнери со цел да се овозможи нивно поголемо влијание во развојот и имплементација на социјалните политики и политиките за вработување.

За таа цел во текот на годината ќе се реализираат поголем број на обуки, семинари, работилници, конференции и слични настани за јакнење на капацитетите, во кои активно ќе бидат вклучени социјалните партнери. Исто така, од големо значење ќе биде и планираното активно вклучување на социјалните партнери во имплементацијата на поголем број на активности во рамките на Twinning Проектот за „Поддршка на политиките за вработување“, во рамките на кој ќе се безбеди и јакнење на капацитетите и на социјалните партнери за долгорочни предвидувања и проекции на пазарот на трудот и мониторинг и оценка на политиките и програмите за вработување.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Како еден од приоритетите во наредниот период останува континуираната поддршка на механизмите за ефикасно функционирање на социјалниот дијалог на сите нивоа, како и зајакнување на капацитетите на социјалните партнери за нивна активна партиципација во креирањето и водењето на политиките и мерките од економската и социјалната сфера, учество во подготовката на законската регулатива преку работа во работните групи во Економско-социјалниот совет.

Преку имплементација на Програмата за пристојна работа 2010-2013 дополнително и понатаму ќе се зајакнуваат капацитетите на социјалните партнери, што ќе придонесе и кон подобрување на можностите за нивното активно вклучување во Европскиот социјален дијалог, по зачленувањето на Македонија во ЕУ

### 3.19.4 **Политика на вработување и Европски социјален фонд**

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

***<u>Политика на вработување</u>***

Политиките за вработување имплементирани во текот на 2011 година беа во насока на зголемување на учеството на пазарот на трудот и намалување на структурната невработеност, преку стимулирање на побарувачката на пазарот на трудот и промовирање на претприемништвото, усогласување на понудата и побарувачката на работна сила согласно потребите на пазарот на трудот, подобрување на понудата на работната сила, олеснување на процесот за трансформација од школо на работа, како и намалување на сивата економија.

Како резултат на тоа и во овој период се забележуваат понатамошни позитивни тенденции во однос на основните статистички показатели на пазарот на трудот :

| 15-64 **год**. | 2009 | 2010 (QI) | 2010 (QII) | 2010 (QIII) | 2010 (QIV) | 2011 (QII) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | 64.0 | 63.6 | 63.3 | 65 | 65.1 | 63.9 |
| **Вработеност** | 43.3 | 42.2 | 42.9 | 44.2 | 44.8 | 43.7 |
| **Невработеност** | 32.3 | 32.6 | 32.1 | 31.9 | 31.2 | 31.6 |

Извор: Државен завод за статистика

Политиките во овој дел пред сé, се спроведуваа преку:

- имплементација на активните програми и мерки за вработување;
- вклучување на практиканството во формалното образование, согласно потребите на работодавците, пропишано согласно Правилникот за начинот и условите за организирање на практичната настава за студентите („Службен весник на РМ“ бр.120/2010);
- подобрување на услугите за невработените лица и работодавачите од страна на Агенцијата за вработување на РМ;
- активности за континуирано јакнење на капацитетите и соработката на релевантните институции на пазарот на трудот, подобрување на соработката, како и јакнење на капацитетите на социјалните партнери;
- изработка на акциски планови за локален економски развој во неколку општини во државата во агротуризмот и прехрамбената индустрија.

Во 2011 година се продолжи со имплементацијата на активните мерки на пазарот на трудот содржани во „Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2011 година“, Проектот „Поддршка на вработувањето на млади лица, долгорочно невработените и жените“, како и преку Проектот „Самовработување со кредитирање“. Овие програми и мерки опфаќаа различни видови на поттици и поддршка на невработени лица, пред сé на млади лица, жени, повозрасни и други ранливи групи, како и програми за подобрување на вештините на невработените лица, во согласност со потребите на пазарот на трудот.

Со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2011 година, преку различните програми и мерки за вработување предвидено е опфаќање на 7,265 невработени лица за што се обезбедени околу 500 милиони денари. Заклучно со октомври опфатени се 4,628 невработени лица. Покрај тоа, со имплементацијата на проектот за „Самовработување со кредитирање" планиран е опфат на 800 невработени лица за што се обезбедени околу 115 милиони денари. Заклучно со октомври опфатени се 605 невработени лица.

При дизајнирањето и имплементацијата на активните програми и мерки за вработување се вложуваат напори за континуирано подобрување на нивната ефикасност и ефективност, при што:

- субвенциите за отпочнување бизнис (start up incentives) се насочни кон одржливоста на бизнисите, правилно таргетирање на учесниците, изработка на бизнис планови, тренинг за претприемништво, како и понатамошна помош во првите години од постоењето на бизнисите преку дополнително вклучување во програмите за дополнителни вработувања во најуспешните претпријатија. Со тоа тие покрај стимулирање на побарувачката на пазарот на трудот, влијаат и врз трансформацијата од неформална во формална економија и стимулирање на претприемништвото;
- програмите за тренинг се дизајнираат согласно барањата на работодавачите, врз основа на Анализата за потреби од вештини и дополнителните анализи на Центрите за вработување, кои даваат информации за потребите во наредната година преку краткорочно предвидување на потребите на пазарот на трудот и поврзување на понудата и побарувачката. Исто така во 2011 година се продолжи и со индивидуалниот пристап, согласно потребите на локалниот пазар. Во насока на јакнење на капацитети и согледување на недостатоците се одпочна со развивање на методологија за евалуација на обуките за занимањата кои се побарувани на пазарот на трудот;
- кај субвенциите за вработување (employment incentives) се зема во предвид одржливоста на работното место и се насочени кон стимулирање на вработување на лицата кои многу тешко можат да се вклучат на пазарот на трудот. Се имплементира и Пилот-програма за мобилност на работната сила со цел зголемување на интерната мобилност.

За обезбедување на континуитетот во реформите на пазарот на трудот, се подготви **Национална стратегија за вработување на Република Македонија** 2015, во која се дефинираа главните предизвици на пазарот на трудот согласно Европската економска стратегија - Европа 2020 и Носечките иницијативи релевантни за политиките за вработување. Во Стратегијата е даден приказ на економската состојба и состојбите на пазарот на трудот, идентификувани се клучните предизвици, дефинирани се стратешките приориотети и цели кои треба да се остварат до 2015 година, како и политиките кои треба да доведат до остварување на поставените цели. Конкретните активности, надлежни институции и финансиски средства се дефинирани во **Националниот акционен план за вработување на Република Македонија** 2011-2013 **година** и истиот е подготвен согласно Интегрираните насоки на Европа 2020 за економски политики и политики за вработување на земјите членки на Европската унија кои ги покриваат микроекономските политики (насока 6) и насоките за вработување (7, 8, 9 и 10). Во процесот на подготовка на Стратегијата и Акциониот план, преку TAIEX инструментот на ЕУ, експерти од земји членки на Европската унија обезбедија дополнителна експертска поддршка и дадоа препораки за постигнување на усогласеност на овие национални стратешки документи со стратегијата на ЕУ - Европа 2020.

Во текот на годината започна реализацијата на twinning **проектот „Поддршка на политиките за вработување**", што се финансира во рамките на IPA Компонентата 4. Проектот ќе го поддржи воспоставувањето на систем за долгорочно предвидување на пазарот на трудот и јакнење на капацитетите на релевантните институции во овој дел, како и во делот на подобрувањето на мониторингот, евалуацијата и известувањето за политиките за вработување.

Кон крајот на годината, врз основа на редовното следење на имплементацијата на активните програми и мерки за вработување и анализата на нивната успешност и ефикасност, како и врз основа на утврдените цели и приоритети кои треба да се остварат, подготвен е Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2012/2013 година.

***Европски Социјален Фонд***

Во 2011 година завршија тендерските постапки за најголем дел од проектите предвидени со финансиските алокации за периодот 2007-2009 година, во рамки на ИПА Компонентата 4 „Развој на човечките ресурси". Исто така, започна и практичната имплементација на дел од овие проекти.

Врз основа на ревидираната Оперативна програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013", Оперативната структура за IPA компонентата 4, во текот на годината започна со подготовка на нови проекти за финансиските алокации 2010-2011 година.

Се спроведе среднорочна евалуација на имплементацијата на Оперативната програма и врз основа на резултатите од оваа евалуација, беа преземени подготвителни активности за ревидирање на Оперативната програма, за финансиските алокации 2012-2013 година.

Во функција на обезбедување на поддршка и јакнење на капацитетите на Оперативната структитра за ИПА Компонентата 4, во текот на 2011 година се реализираше twinning проектот „*Поддршка за подготовка на земјата за управување со Европскиот социјален фонд, преку спроведување на IPA компонентата - Развој на човечките ресурси*". Во рамки на овој проект, во соработка со експертите од финската администрација се спроведоа поголем број активности за зајакнување на капацитетите на Оперативната структура за поефикасна имплементација на Оперативната програма.

Информациите за постигнатиот прогрес во однос на институционалниот и административниот капацитет за апсорпција на компонентата 4 од IPA се подетално наведени и во *Поглавјето 22 „Регионална политика и координација на структурни инструменти*".

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

***Политика на вработување***

Како основни приоритети во делот на политиките за вработување на краток рок и понатаму остануваат зголемувањето на учеството на пазарот на трудот и намалувањето на структуралната невработеност.

Покрај тоа, преку имплементацијата на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2012/2013 година, ќе се продолжи со имплементација на активни политики за вработување кои стимулираат побарувачка на пазарот на трудот, усогласување на понудата и побарувачката на работната сила, зголемување на вработливоста на невработените лица, вклучување на инвалидните лица и останати ранливи групи на пазарот на трудот, тековно следење на имплементацијата на активностите од политиките за вработување, евалуација на постигнатите резултати од имплементираните програми и мерки, како и искористување на овие резултати и оценки во циклусот на креирање на програми и мерки за вработување.

Исто така и во претстојниот период ќе се продолжи со јакнење на капацитетите на институциите одговорни за планирање, креирање, следење и имплементација на политиките на пазарот на трудот, како и поголемо вклучување на социјалните партнери во фазата на подготовка и имплементација.

Планирано е да се направи оценка на ефектите на мерките за обука на дефицитарни занимања, со што ќе се согледаат ефектите од нивната реализација и ќе се дадат насоки за постигнување на поголема ефикасност на овие мерки во наредниот период.

Како поддршка на постоечките активни програми и мерки за вработување, во текот на првата половина на годината, Агенцијата за вработување на РМ ќе продолжи со имплементацијата на Проектот „*Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени*“, ко-финансиран од Европската унија во рамките на Оперативната Програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“ (IPA Компонента 4). Овој проект претставува поддршка на активните мерки и програми на пазарот на трудот, кои се имплементираат од страна на Агенцијата и има за цел да обезбеди полесно интегрирање на пазарот на трудот на младите лица, долгорочно невработените и жените, преку подобрување на нивната вработливост, односно зголемување на нивните компетенции, знаења и вештини. Со овој проект се опфатени три активни програми и мерки за вработување и тоа практиканство, како поддршка за прво вработување на млади лица до 27-годишна возраст, обуки за општи вештини и обуки за вештини според потребите на пазарот на трудот.

Истовремено, ќе се преземат подготвителни активности за доделување на вториот директен грант на Агенцијата за вработување на Република Македонија (проект „*Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени II*“) со цел да се обезбеди континуитет и истиот да започне по завршување на имплементацијата на првиот директен грант.

Во текот на 2011 година ќе продолжи имплементацијата на Twinning Проектот „*Поддршка на политиките за вработување*“, ко-финансиран од Европската унија преку IPA Компонентата 4. Главната цел на овој проект е обезбедување на поддршка за воспоставување на систем за долгорочно предвидување на пазарот на трудот и развој на капацитетите во Министерството за труд и социјална политика и останатите релевантни институции и социјалните партнери за долгорочно предвидување на пазарот на трудот, како и за мониторинг, евалуација и известување за политките за вработување. Врз основа на направената оценка на постојните капацитети за долгорочно планирање, ќе се развие систем за долгорочно планирање преку соодветни методи, техники, постапки и соодветна институционална рамка. Ќе се спроведе и соодветна обука на стручните лица за долгорочно планирање на пазарот на трудот, ќе се зајакне меѓуинституционалната соработка и координација и соработката со социјалните партнери во врска со овие прашања. Со развивање на системот за следење и оценување на политиките за вработување, ќе се направи проценка на постоечките политики, ќе се идентификуваат предизвиците, ќе се создаде детален систем за следење и оценка на политиките и програмите за вработување, во согласност со Европската стратегија 2020, ќе се воведат индикатори потребни за исполнување на европските обврски, како и целосно вклучување на насоките за вработување.

Во однос на понатамошното јакнење на капацитетите и подигнување на квалитетот на работата на Агенцијата за вработување на РМ, во текот на 2012 година, ќе се имплементира Проектот за „*Модернизација на АВРМ*“, ко-финансиран од Европската унија, преку IPA Компонентата 4. Целта на проектот е понатамошна модернизација на Агенцијата за вработување, подобрување на квалитетот, ефикасноста и ефективноста на услугите што Агенцијата ги обезбедува на работодавачите и невработените лица. Во рамки на проектот ќе се формулира и спроведе план за промени во начинот на работа и опслужување на клиентите. Проектот вклучува и организирање на обуки за вработените на Агенцијата. На среден рок, проектот се очекува да допринесе во подготовка на Агенцијата за вработување соодветно да одговори на предизвиците што ќе произлезат во процесот на приближување на Република Македонија кон ЕУ на полето на политиките за вработување.

***Европски Социјален Фонд***

На краток рок, приоритетно е да се обезбеди ефективна и ефикасна имплементација на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“.

По повеќегодишните подготовки, со започнувањето и поинтензивното спроведување на проектите, во текот на 2012 се очекуваат и првите резултати во рамки на четирите приоритети на Оперативната програма.

Паралелно ќе продолжи разработката на проектите за алокациите 2010-2011 и подготовката на тендерската документација за нив. Овие проекти ќе ја поддржат имплементацијата на политиките за вработување, образование и обука и социјална инклузија и ќе овозможат интеграција на пазарот на трудот на невработените и неактивните лица и групи. Помал дел од проектите ќе бидат насочени кон подобрување на работењето и услугите на институциите задолжени за имплементација на политиките за вработување, образование и обука и социјална инклузија.

Во 2012 ќе се ревидира Оперативната програма заради додавање на новите алокации за 2012-2013. Ревизијата ќе се заснова на резултатите од времената евалуација на Оперативната програма, како и на националните стратешки приоритети во областа вработување, социјална инклузија, образование и обука.

Се планира зголемување на капацитетите на организационите единици што ја сочинуваат Оперативната структура, преку вработување на дополнителен број на лица, но и преку искуството што се стекнува низ секојдневната работа и преку обуки.

Подетални информациии за краткорочните приоритети во однос на институционалниот и административниот капацитет за апсорпција на IPA компонентата 4 се подетално елаборирани и во *Поглавјето 22 „Регионална политика и координација на структурни инструменти“*.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

***Политика на вработување***

Ќе се продолжи со активности за натамошно јакнење на капацитетите на релевантните субјекти во планирањето, креирањето, имплементација, мониторингот и оценувањето на политиките за вработување, како и понатамошно зајакнување на меѓуинституционалната соработка за подобрување на успешноста на политиките за вработување преку обуки, семинари и работилници, како и поголема вклученост на социјалните партнери во процесот на креирање и имплементација на политиките за вработување.

Планираните активности за зголемување на вработеноста ќе се реализираат со континуирано зголемување на средствата и бројот на лицата опфатени со активните програми и мерки за вработување согласно потребите на пазарот на трудот. Политиките ќе бидат насочени кон потикнување и подршка за вработување на невработени лица кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот (млади, долгорочно невработени лица, жени, лица со хендикеп и др.), заради зголемување на нивната вработливост и конкурентноста на пазарот на трудот, како и намалување на сивата економија.

***Европски Социјален Фонд***

И на среден рок, еден од основните приориотети е да се обезбеди ефективна и ефикасна имплементација на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013“, а со тоа и стекнување на искуство за спроведување политики и мерки во областа развој на човечките ресурси финансирани со претпристапната помош. За таа цел, ќе продолжи имплементацијата на започнатите проекти и ќе почне реализацијата на нова група на проекти.

Се планира развој и имплементација на проекти за финансиските алокации 2012-2013 година.

И понатаму ќе се унапредува институционалниот капацитет за управување и апсорпција на претпристапната помош, преку оптимизација на структурите и натамошно подобрување на кадровските капацитети и процедури.

Се планираат и подготвителни активности за програмскиот период по 2014 година.

Дополнителни информации за среднорочните приоритети во однос на институционалниот и административниот капацитет за апсорпција на IPA Компонентата 4 се наведени и во рамките на *Поглавјето 22 „Регионална политика и координација на структурни инструменти“* од IPA.

### 3.19.5 **Социјална вклученост**

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во текот на 2011 година и понатаму континуирано се реализираа активности кои се во функција на поддршка на подготовките на државата за отпочнување на процесот на изготвување на JIM (Заедничкиот меморандум за социјална инклузија) и за идна партиципација во Отворениот метод на координација. Во фокусот на овие активности пред сé, беше јакнењето на партнерскиот приод помеѓу сите релевантни субјекти за прашањата од областа на социјалното вклучување и јакнење на партиципативниот пристап во креирањето и имплементацијата на политиките, вклучувајќи ги тука сите засегнати страни, вклучително и граѓаните кои се директно засегнати со проблемот на сиромаштија и социјалната исклученост. Преку зајакнати капацитети на Македонската платформа против сиромаштија (МППС), граѓанскиот сектор директно учествуваше во креирањето на политики од оваа област во различни домени и за различни ранливи групи.

Во насока на понатамошно зајакнување на капацитетите на локалната самоуправа, на центрите за социјална работа и на невладините организации, во текот на годината беа реализирани обуки за 100-тина претставници од 8-те избрани пилот општини (Липково, Студеничани, Чашка, Неготино, Кавадарци, Росоман, Пехчево и Берово) и тоа во областите: пристап заснован на човекови права, антидискриминација, социјална инклузија, родови прашања, управување со проектен циклус.

За подобро согледување на состојбите, проблемите и предизвиците на локално ниво, подготвена е Студија за состојбите во областа на социјалната вклученост и сиромаштијата во неколку општини во државата (Берово, Пехчево, Радовиш, Конче, Студеничани, Липково, Чашка и Неготино), која претставуваше основа за изработка на стратешки документи на локално ниво. Врз основа на согледувањата и подготвените анализи, утврдените локални проблеми и приоритети за секоја општина поединечно, изработени се 8 локални стратегии за социјално вклучување во 8-те општини, како локални стратешки документи кои ги препознаваат потребите на ранливите групи на локално ниво, а истовремено овозможуваат истите да се поврзат со утврдените политики на национално ниво, односно со усвоената Национална стратегија за намалување на сиромаштија и социјална исклученост во Република Македонија 2010-2020. Овие локални стратегии се подготвени со партиципативен пристап, од страна на

локалните партнерски групи составени од претставници на локалните самоуправи, Центрите за социјална работа, невладини организации и бизнис секторот од избраните општини и преку утврдување на потребите на ранливите групи на локално ниво со директни средби со повеќе од 200 претставници од различни ризични групи. Согласно усвоените локални стратешки документи од страна на Советите на Општините, изработени се и Акциски планови со конкретни фискални импликации за приоритетни активности во секоја поединечна општина.

Исто така, обезбедено е кофинансирање од страна на Министерството за труд и социјална политика за спроведување на микропроекти од областа на борбата против сиромаштија и социјалната исклученост во 8-те општини, преку што дополнително ќе се јакнат капацитетите на НВО на локално ниво за имплементација на проектни активности поврзани со локалните стратегии.

Во рамките на процесот на деинституционализација, во текот на 2011 година отворени се 3 нови станбени единици за организирано живеење со поддршка, на територијата на град Скопје. Со ова се оформи една Служба за домување во заедницата, со 8 станбени единици во која се сместени 31 корисник, деинституционализирани од ЈУ Специјален Завод Демир Капија, додека во регионот Неготино-Демир Капија, исто така функционира една служба за домување во заедницата со 7 станбени единици во кои се сместени 33 корисници.

Подготвени се измени и дополнувања на Законот за социјална заштита со кои што се воведува посебен додаток во фиксен износ од 7,000 денари за слепило и посебен додаток за мобилност, којшто ќе го користат потполно слепите лица, лицата со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој, коишто без помош на инвалидска количка не може да ги задоволат основните животни потреби, како и за лицата со 100% телесна попреченост.

Согласно Законот за употреба на знаковниот јазик, спроведени се обуки за изучување на знаковниот јазик согласно Програмата на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Македонија, и тоа една група со по дваесет лица на прво (почетно) ниво, три групи со по дваесет лица за изучување на второ ниво, две групи со по 15 лица за напредна обука за толкувачи, три групи за напредно оспособување за толкувачи на заинтересирани граѓани и една група за почетно оспособување за толкувачи на заинтересирани граѓани.

Подготвен е Оперативен план за 2011 и 2012 година за имплементација на Националната стратегија за стари лица со која се овозможува стратешки и координиран пристап во подигнувањето на квалитетот на живот на оваа ранлива категорија, со посебен акцент на развојот на социјалните сервиси за стари и изнемоштени лица на локално ниво. Оперативниот план за 2011 и 2012 година, како сеопфатен документ за имплементирање на Стратегијата, јасно ги дефинира конкретните активности и мерки за постигнување на предвидените цели и насоки во Стратегијата, утврдувајќи ги исто така индикаторите и очекуваните резултати за следење на напредокот во спроведувањето на Стратегијата, како и временската рамка и одговорните институции за нејзино спроведување. Формирано е и Национално координативно тело за имплементација на Националната стратегија за стари лица во Република Македонија, кое ќе врши годишен мониторинг и евалуација на реализацијата на истата. Во функција на подобрување на грижата и квалитетот на животот на оваа ранлива категорија, отворен е Дневен центар за стари и возрасни лица во Бучин, општина Крушево, кој е третиот ваков Дневен центар во државата. Отварањето на вакви дневни центри ќе продолжи и во наредниот период.

Во насока на посеопфатна заштита на децата на улица, отворен е Транзитен центар за деца од улица на територија на Град Скопје. Транзитниот центар е нова форма на вонинституционално згрижување, третман и заштита, што обезбедува 24-часовна достапност на услугите за децата на улица, без оглед на нивното матично место на живеење.

Исто така, дополнително се зајакнати капацитетите и подобрена е координација во постапувањата со деца на улица, преку одржувањето на регионални работилници во Скопје, Охрид и Штип за претставници на релевантните државни институции и невладини организации, со цел анализирање на проблемите со кои се соочуваат стручните работници при работењето со децата од улица како и превземање на координирани мерки за нивно ефикасно надминување.

Во текот на 2011 година реализирани се обуки за 1,500 наставници од основните училишта во Република Македонија за превенција од насилство, во рамките на активностите за превенција и спречување на насилството меѓу учениците. Овие активности беа поддржани и со посебна кампања за подигнување на свеста кај сите субјекти за ефикасно спречување на насилството во училиштата.

Согласно Акциониот план за имплементација на Законот за маололетничка правда, се спроведуваат низа на меѓуресорски активности во насока на прилагодување и преструктуирање на постоечките инстититуционални капацитети заради побрза интервенција, прифат, третман, заштита, ресоцијализација и реинтеграција на децата во ризик и малолетни сторители на кривични дела.

Преку имплементација на Програмата за економско јакнење на жени-жртви на семејно насилство, преку трите подпрограми за самовработување, субвенционирано вработување и обуки за прекфалификација на жртвите на семејно насилство, во текот на годината успешно се вклучија 29 жени.

Отворено е Советувалиште за работа со сторители на семејно насилство во Скопје, кое работи согласно усвоена програма за работа со сторители на семејно насилство, со цел да се прекине кругот на насилството.

Во 2011 година отворено е и Советувалиште за деца и жени жртви на семејно насилство во Скопје, преку кое се зајакна борбата против семејното насилство и успешното надминување на тешкотиите и последиците кај жените и децата, директни и индиректни жртви на семејно насилство. Во периодот јануари-март 2011 година, формирани се 30 локални координативни тела за превенција од семејно насилство, кои функционираат во рамките на Советите во 30 општини во државата. Во овој дел, реализирана е и кампања за подигнување на свеста и за откривање на жртвите на семејно насислство, со наслов "Заедно да излеземе од мракот на насилството".

Во согласност со национални акциони и оперативни планови од Декадата и Стратегијата за Роми, во текот на оваа година, продолжи имплементацијата на различните програми и активности за подобрување на социјалната инклузија на Ромите. Во овој дел реализирани се повеќе проекти и активности, меѓу кои:

- програмата за вклучување на Ромските деца во предучилишно образование (детските градинки), програма која во континуитет се реализира од 2006 година и која, во текот на учебната 2010/2011 година, со активно учество и на локалната самоуправа се реализираше во градинките од 18 општини во државата, при што во оваа учебна година беа опфатени 306 деца-Роми на возраст од 4.5 до 5.5 години;
- програма за стипендирање и менторирање на ученици-Роми во средно образование за учебната 2010/2011 година, со цел зголемување на бројот на Роми со завршено средно образование, подобрување на успехот и стапката на задржување во училиштата. Во рамките на оваа програма доделени се 650 стипендии на средношколци-Роми;
- имплементирање на активни мерки за вработување во кои Ромите се посебна целна група, со цел подобрување на состојбата со невработеноста кај Ромите. Меѓу другото, реализирани се обуки за невработени Роми за занимања за кои има недостиг на пазарот на трудот, а како посебна целна група Ромите се вклучувани во други активни мерки за вработување, како што се програмите за самовработување, за поддршка на формализацијата на постојни бизниси и други;
- реализирање на мерки и активности за подобрување на пристапот кон здравствени услуги и подобрување на опфатот на ромското население во систем на здравствена заштита;

- реализација на програмата за Ромски здравствени медијатори, кои меѓу другото, имаат за цел да обезбедуваат едукација на ромската популација во делот на здравствената заштита, учество во кампањи за промоција на здравјето, имунизацијата итн.;
- обезбедување на поддршка на функционирањето на Ромските информативни центри, формирани како линк помеѓу ромската заедница и институциите на локално и национално ниво. Во општина Кочани во текот на 2011 година, отворен е нов Ромски информативен центар, со што вкупниот број на овие центри во државата изнесува 9. Превземани се и бројни активности за јакнење на капацитетите на РИЦ-овите, преку зголемување на бројот на ангажирани лица во Центрите и преку организирање на голем број на обуки и работилници за вработените во овие центри;
- имплементација на голем број на активности за јакнење на капацитетите на сите релевантни субјекти на национално и на локално ниво вклучени во координацијата и имплементацијата на активностите за инклузија на Ромите;
- одржување на бројни средби со локалното Ромско население со цел директно да се запознаат и информираат за различните права, програми и можности кои можат да ги користат, како на пример средби за информирање на локалното население за огласите за упис во основно и средно училиште и обезбедување на поддршка при уписот на децата во образовните институции, информативни средби со локалното население во врска со правата и обврските кои произлегуваат од визната либерализација и спречувањето на злоупотребите во тој дел, информирање за начинот на остварување и користење на правото на социјална помош, информирање на Ромската популација за постојните програми за поддршка на вработувањето, условите, критериумите и начините на аплицирање, запознавање на локалната заедница со процедурите за легализација на дивоградбите, поддршка во процесот на вакцинација на Ромските деца итн.;
- во текот на 2011 година отпочна масовна и координирана акција за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги, при што директно на терен се врши лоцирање и идентификација на лицата Роми кои не се евидентирани во матичните книги на родените. Оваа активност се спроведува директно на терен од страна на мешовити тимови составени од претставници на подрачните служби на Министерството за внатрешни работи, Управата за водење на матичните книги на евиденција, Центрите за социјална работа, Ромските информативни центри и ромските невладини организации;
- од јануари 2011 година започна и имплементацијата на Проектот за „Поддршка на имплементацијата на Стратегијата за Роми“ кој е финансиран во рамките на IPA Компонентата 1 (TAIB). Во рамките на овој проект се обезбедува експертска помош и поддршка за јакнење на капацитетите на релевантните субјекти на сите нивоа вклучени во координацијата и имплементацијата на акционите планови за инклузија на Ромите, се организираат обуки, работилници и семинари, ревидирање на постоечки и изработка на нови локални акциони планови итн.;
- организирање на настани во рамките на претседавањето на Република Македонија со Декадата на вклучување на Ромите 2005-2015 (од 1 јули 2011 до 30 јуни 2012 година).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во функција на успешна имплементација на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, ќе биде формиран Координативен механизам кој ќе ја координира и следи имплементацијата и ќе функционира на две нивоа и тоа Совет на министри како извршно ниво и Работно тело составено од претставници на линиските министерства задолжени за социјално вклучување во различните области. Во текот на 2012 година ќе се работи и на ревидирање на Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост 2010-2020, во насока на обезбедување на нејзина усогласеност со Стратегијата на ЕУ - Европа 2020.

Ќе се подготви и Оперативен план за имплементација на Стратегијата за намалување на сиромаштија и социјална исклученост за 2012 година.

И во претстојниот период интензивно ќе продолжи имплементацијата на активности насочени кон јакнење на капацитетите за прашањата за социјална инклузија и борба против сиромаштијата на локално ниво. Ќе бидат одржани работилници со градоначалниците на 8-те избрани општини за прашања поврзани со резултатите од подготвените студии во делот на сиромаштијата и социјалната исклученост, а ќе бидат организирани и дополнителни обуки на претставници на македонската платформа против сиромаштија за механизмите за отчетност, мониторинг и јавно учество на локалните невладини организации во политиките, програмите и буџетот на општинско ниво. Во текот на годината во општините ќе се спроведуваат и избраните микро проекти од областа на социјалната инклузија, социјална заштита и намалувањето на сиромаштија, врз основа на објавените јавни повици во 8-те партнерски општини.

Во овој дел особено ќе бидат значајни и активностите кои во текот на 2012 година ќе се реализираат во рамките на Проектот "Зајакнување на релевантните актери за социјална инклузија на локално ниво", (кофинансиран преку IPA-Компонентата 4), преку кој ќе се обезбеди значително зајакнување на капацицетите на околу 120 претставници од локалната самоуправа и 60 претставници од невладиниот сектор во државата за подготовка, менаџирање и имплементирање на проекти во областа на социјалната инклузија.

Во делот на подигнување и подобрување на грижата кон старите лица, планирано е понатамошно развивање на социјални сервиси за стари и изнемоштени лица во државата, во општини каде се јавува потреба и можност за реалиазација. Во рамките на овие сервиси ќе функционираат соодветни патронажни тимови преку кои ќе се задоволуваат основните егзистенцијални потреби на старите лица, како и обезбедување на потребната медицинска нега.

Во насока за подобрување на состојбата со институционалната заштита на старите лица, во 2012 година се планира и започнување со активности за отварање на Регионален дом за стари лица во општина Пехчево.

Ќе започне со работа Национално координативно тело за имплементација на Националната стратегија за стари лица во Република Македонија, кое ќе врши годишен мониторинг и евалуација на реализацијата на истата.

За да се овозможи целосна имплементација на Законот за малолетничка правда потребно е подобрување на квалитетот на грижата и заштита на децата во ризик и малолетните сторители на кривични дела, за да се намалат негативните последици што ги носи институционалниот третман и да се зајакне превенцијата. Заради таа цел, ќе се продолжи со почетните и континуирани обуки на стручните работници во ЦСР и ЈУ за социјална заштита. Ќе се спроведат обуки на обучувачи на национално ниво (едукација на едукатори). Исто така ќе се работи на стандардите и инструментите за работа.

Потребно е отварање на нови форми за третман и заштита на овие лица на локално и национално ниво (отварање на мали групни домови). Ќе се развива формата на специјализираните згрижувачки семејства за деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела, а ќе се донесат и програми за обука на овие згрижувачки семејства.

Во однос на унапредување на работата и социјалната заштита на децата жртви на семејно насилство, планирано е проширување на мрежата на советувалишта за работа со родители и деца-жртви на насилство (отворање на советувалиште во општина Ресен).

Во претстојниот период ќе се работи и на зајакнување на социјалната и здравствената заштита на децата под 18 години пробатори на психоактивни супстанци. За таа цел, во првата половина на 2012 година ќе се отвори првото советувалиште за оваа категорија на деца во социјален ризик, со што значително ќе се

подобри системскиот одговор на оваа штетна појава и ќе допринесе до намалување на штетите предизвикани од користење на овие супстанци врз личноста на овие деца, а воедно ќе допринесе до подобра ресоцијализација и реинтеграција на децата и до нивно целосно вклучување во општеството.

Во првата половина на 2012 година, во насока на намалување на појавата на деца на улица, ќе се прошири мрежата на транзитни центри за деца на улица со отварање на нов ваков центар во општина Охрид, со што ќе се унапреди заштитата на оваа категорија на деца, Исто така ќе се продолжи со обуките на стручните работници во Центрите за социјална работа, за работа со деца на улица, пред се во делот на теренската работа и во делот на работа со семејствата и со локалната заедница.

Во однос на унапредување за заштитата на жртвите на семејно насилство ќе се ревидира Националната стратегија за заштита на семејно насилство за период 2012-2015 година, со цел да се обезбеди мултисекторски координиран пристап во заштитата од семејно насилство, како на национално, така и на локално ниво.

Во првата половина на 2012 година планирано е да се реализира Национално истражување за утврдување за застапеноста на семејното насилство кај жените и старите лица на цела територија на РМ.

Во однос на активностите за подобрување на социјалната вклученост на Ромите и понатаму ќе се продолжи со имплементација на Националните Акциони Планови од Стратегијата за Ромите и Декадата за вклучување на Ромите 2005-2015.

За подобрување на вклученоста на Ромското население на пазарот на трудот и следната година е предвидено, во рамките Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување 2012/213 година, невработените Роми да бидат вклучени како посебна целна група во рамките на сите програми и мерки кои ќе се имплементираат, со што и понатаму директно ќе се придонесува кон подобрување на состојбата со невработеноста кај ромската популација.

Програмата за „Инклузија на децата Роми во предучилишното образование" ќе продолжи да се имплементира и во текот на 2012 година, при што планирано е со оваа програма, во текот на учебната 2011/2012 година да бидат опфатени 425 деца-Роми на предучилишна возраст во 19 општини. Програмата ќе се реализира во соработка со општините и јавните предшколски установи. Оваа Програма успешно се реализира во континуитет од 2006 година.

Исто така и во наредниот период ќе се продолжи со имплементација на програмата за стипендирање и менторство на средношколци Роми, која има за цел да придонесе кон зголемување на проодноста на средношколците Роми од година во година, како и кон подобрување на успехот на учениците и кон забрзување на интеграцијата во рамките на училишните активности. Во рамките на оваа програма предвидено е стипендирање, т.е обезбедување на финансиска поддршка на 600 ученици Роми за учебната 2011/12 година, потоа обезбедување на менторство, преку избор на професори по математика и останати стручни и општествени предмети за кои самите ученици Роми се изјаснуваат дека имаат потреба од дополнителна помош за совладување на одреден предмет, како и туторство, односно помош за успешно полагање на државна матура на ученици од 4 -та година. Оваа програма ќе се имплементира со меѓусебна соработка помеѓу Министерството за образование и наука (Управа за развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците) и Ромскиот едукативен фонд (РЕФ).

И во текот на 2012 година ќе продолжи функционирањето и поддршката на работата на 9-те Ромски информативни центри кои моментално функционираат на територијата на Р. Македонија, а планирано е

во текот на годината да се отвори и уште еден нов РИЦ во во Скопје - во населбата Топанско поле, каде што ромското население е застапено во поголем број. И во овој период работата на РИЦ-овите ќе биде фокусирана, пред сé на информирање на ромската заедница и обезбедување на потребната помош и поддршка на ромската популација во остварувањето на правата и искористувањето на можностите.

Исто така, планирано е и понатаму да се реализираат бројни активности за јакнење на капацитетите на сите релевантни субјекти во државата на национално и на локално ниво, кои се вклучени во планирањето, имплементацијата и следењето на програмите и мерките насочени кон подобрување на социјалната инклузија на Ромската популација.

Овие активности, меѓу другото, ќе бидат поддржани и од страна на Проектот „Поддршка на имплементацијата на Стратегијата за Роми", финансиран во рамките на IPA Компонентата 1, чија што имплементација ќе продолжи и во првата половина на 2012 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок интензивно ќе продолжи имплементацијата на активности насочени кон подобрување на состојбите во делот на социјалната инклузија и борбата против сиромаштијата.

На среднорочен план, приоритет ќе претставува континуираната и доследна реализација на целите кои се зацртани во усвоените стратешки документи - Националната стратегија за борба против сиромаштијата и социјалното исклучување, Стратегијата за деинституционализација, Стратегија за заштита од семејно насилство, Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност, Националната стратегијата за заштита на старите лица.

Ќе продолжат обуките за изучување на знаковниот јазик, согласно Законот за употреба на знаковниот јазик и Програмата на Националниот сојуз на глуви и наглуви на Македонија, финансирани од Буџетот на РМ.

Во делот на подигнувањето на грижата кон децата со пречки во развојот, планирано е отварање на 3 нови дневни центри за оваа катерорија на деца (во општините Кратово, Валандово и Липково).

Во функција на континуирано подигнување на грижата кон старите лица, планирано е понатамошно развивање на социјални сервиси за стари и изнемоштени лица во државата. Ќе бидат воспоставени сервисни услуги во домашни услови во најмалку 6 општини во соработка со единиците за локална самоуправа и невладините организации, во општините каде се јавува потреба и можност за реалиазација. Во рамките на овие сервиси ќе функционираат соодветни патронажни тимови кои ќе обезбедуваат услуги во задоволувањето на основните егзистенцијални потреби на старите лица, кои имаат потреба од помош и нега во домот, услуги поврзани со обезбедување намирници, исхрана,одржување на лична хигиена и хигиена во домот.

Во наредниот период се планира и продолжување со активностите околу отварање на регионален дом за стари лица во општина Пехчево, со цел подобрување на состојбите во однос на институционалната заштита на старите лица.

Националното координативно тело за имплементација на Националната стратегија за стари лица во Република Македонија ќе врши годишен мониторинг и евалуација на реализацијата на истата и ќе доставува годишни извештаи за преземените мерки за спроведување на Стратегијата до Владата на Република Македонија.

Заради подобрување на квалитетот на грижата и заштитата на деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела ќе се зајакнат капацитетите преку отварање на мали групни домови за деца со воспитно-социјални проблеми и ќе се отворат соодветни простории за деца во сите Центри за социјална работа.

На среднорочен план ќе продолжи унапредувањето на заштитата на децата на улица, преку проширување на мрежата на Дневни центри за деца на улица во општина Прилеп, а ќе се продолжи и со зајакнување на професионалните капацитети на стручните лица кои работат со појавата на деца на улица. Планирано е зголемување на превентивните активности во насока на намалување на ризикот за економска и физичка злоупотреба на децата.

Континуирано ќе се унапредува заштитата на децата-жртви на семејно насилство, преку зајакнување на стручните капацитети на вработените во центрите за социјална работа и преку проширување на мрежата на советувалишта за родители и деца (во општина Кратово).

И на среден рок, активно ќе се работи на континуираната и доследна реализација на целите од Националната стратегија за Ромите во Република Македонија и Декадата за вклучување на Ромите и имплементација на планираните активности за подобрување и унапредување на положбата и социјалната инклузија на ромската популација.

### 3.19.6 **Социјална заштита**

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

Во текот на 2011 година се подготвија и се усвоија измени и дополнувања на Законот за социјалната заштита („Службен весник на РМ" број 36/11 и 51/11), кои имаа за цел да обезбедат поголема социјална вклученост на потполно слепите лица, лицата со умерени, тешки и длабоки пречки во менталниот развој коишто без помош на инвалидска количка не се во состојба да ги задоволат основните животни потреби, како и за лицата со 100% телесна попреченост. За овие лица се воведе посебен паричен надоместок со цел да се овозможи нивна поголема мобилност, а со тоа и достапност до услугите. За време на болничко лекување, овие лица имаат право на придружник, а трошоците за престој во јавна здравствена установа на придружникот се на товар на Министерството за труд и социјална политика.

Исто така, во насока на создавење на услови за непречен процес на редовно студирање и стручно усовршување на јавните високообразовни установи, за лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, по напуштање на установата или згрижувачкото семејство, утврдено е ново право на парична помош во висина соодветна за непречено завршување на образовниот процес.

Во јануари 2011 година, согласно одредбите од Законот, се изврши усогласување на висините на правата на парична помош од социјална заштита со порастот на трошоците на живот, според објавените податоци од Државниот завод за статистика.

За најзагрозените категории на граѓани, корисници на социјална парична помош и постојана парична помош, во текот на годината продолжи имплементацијата на Програмата за субвенционирање на потрошувачката на енергија, како и Програмата за условен паричен надоместок за вклучување и редовна посета во образовниот процес во средни училишта за децата од домаќинствата, корисници на социјална парична помош.

Во Законот за социјална заштита се изврши допрецизирање на условите и постапката за давање, обновување, продолжување и одземање на лиценца за работа на стручните лица во установите за социјална заштита, по што во октомври се формираше Комисија за лиценцирање. Подготвена е и потребната тренинг програма за стручните работници од центрите за социјална работа и установите за социјална заштита за непречено реализирање на процесот на почетна и континуирана едукација.

Во насока на обезбедување на повисок квалитет и натамошно подобрување во имплементацијата на законските одредби од обласста на социјалната заштита, во текот на годината беа спроведувани редовни, контролни и вонредни инспекциски надзори во 29 центри за социјална работа и во 11 јавни установи за социјална заштита, со цел за следење и оцена на примената и спроведувањето на прописите од оваа област.

Јавната установа Завод за социјални дејности - Скопје, заради унапредување на работата и квалитетот на социјалните услуги, во текот на 2011 година организираше повеќе обуки за стручните лица во центрите за социјална работа и установите за социјална заштита. Во рамките на овие активности, посебен акцент се стави на едуцирање на стручните лица во областите како работа со деца во ризик, социјализација на децата од Дневните центри и згрижувачките семејства, превенцијата од сексуална злоупотреба на деца и педофилија, работа со деца на улица итн. Во функција на зајакнување на капацитетите и на општинската администрација за развој на програми и акциони планови за социјална заштита за граѓани изложени на одредени социјални ризици, се спроведоа и повеќе обуки во неколку општини во државата.

Согласно предвидените мерки и активности во Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, во овој период фокусот беше насочен кон потребата да се изврши длабинска анализа на состојбите и капацитетите на локално ниво и зајакнување на општинските капацитети за вршење на социјални услуги за граѓаните од своето подрачје. Координативното тело за следење на имплементацијата, по извршената анализа за спроведните мерки и активности ќе подготви оперативен план за понатамошно спроведување на програмата и ќе ги утврди понатамошните активности за остварување на поставените резултати.

Во делот на пензискиот систем, од февруари 2011 година целосно е оперативен софтверот за електронско решавање и исплата на пензиите во Фондот за пензиско и инавалидско осигурување. Преку овој софтвер се постигнува поголема ефикасност во постапката на остварување на правата од пензиско и инвалидско осигурување и се намалува времетрањето на постапката.

Во март 2011 година донесени се измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на РМ“ бр.36/2011), со кои се прошируваат можностите за инвестирање на средствата од задолжителните пензиски фондови, имајќи во предвид дека средствата континуирано растат, а дозволените инструменти за инвестирање на домашниот пазар се искористуваат.

Во рамките на програмските активности за обезбедување социјална заштита и социјална сигурност на старите лица и во 2011 година продолжи да се реализира Проектот „Бањско-климатска рекреација на корисници на пензија“, при што во текот на 2011 година со овој проект беа опфатени 5,000 пензионери кои ги користеа услугите.

Во октомври 2011 Фондот за ПИОМ започна да го имплементира т.н. Проект „Портокалов плик“, во чии рамки започна до осигурениците да доставува известувања што содржат податоци за вкупниот пензиски стаж за кој е платен придонес и остварените плати, податоци за пензиски стаж кој не е комплетиран, а за осигурениците коишто се две години пред пензионирање во известувањето ќе има и проценка на

пресметка за нивната старосна пензија. На почетокот од имплементација на овој проект опфатени се осигуреници од пет филијали на Фондот и тоа: Кавадарци, Неготино, Струга, Македонски Брод и Валандово, т.е. околу 30,000 осигуреници добија известувања.

Буџетската независност на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) беше постигната во 2010 година со измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, согласно кои буџетот на МАПАС беше одвоен од буџетот на Република Македонија. Во оваа насока, МАПАС отвори сопствена сметка во деловна банка која е активна од 10.01.2011 година, со што се потврдува финансиската независност.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

И во наредниот период ќе продолжи обезбедувањето на дополнителна поддршка на најзагрозените категории на граѓани, преку носењето и спроведувањето на посебните програми за субвенционирање на потрошувачката на енергија и условените парични надоместоци за редовно посетување на средно образовение.

Координативното тело за следење на имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, ќе ги утврди понатамошните мерки и активности во Оперативен план за 2012 година. Воедно, во вториот квартал ќе се изврши и евалуација на спроведениот пилот проект за длабинска анализа на состојбите и капацитетите на локално ниво и зајакнување на општинските капацитети за вршења на социјални услуги за граѓаните од своето подрачје. Согласно со утврдените резултати од евалуацијата на активностите, ќе се дизајнираат понатамошните мерки за поголема вклученост на општините во обезбедување на социјални услуги на локално ниво. Посебен акцент ќе се стави на воведување на поефективна превенција во областа на социјалната заштита во рамките на остварување на дејноста во установите за социјална заштита.

Во 2012 година ќе се реализира почетна обука и проверка на примената на стекнатото знаење заради добивање на лиценца за работа на стручните лица во установите за социјална заштита. Понатамошните активности ќе се насочат кон спроведување на програмата за почетна и континуирана обука за стручните лица, кои ќе се реализираат согласно донесената програма.

Во делот на пензискиот систем во Република Македонија, покрај буџетската независност на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), во 2012 година ќе се имплементира институционална независност на оваа институција. За таа цел, до крајот на годината е планирано да се подготват и усвојат измените и дополнувањата на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, со кои ќе се изврши промена на поставеноста на МАПАС, односно статусот, одговорноста за работењето, самостојноста и независноста, како и за надзорот над работењето на Агенцијата, за што надлежноста од извршната власт, т.е Владата на Република Македонија и ресорното Министерство за труд и социјална политика, ќе се пренесе на Собранието на Република Македонија.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, ќе се координира и следи преку годишните оперативни планови донесени од Координативното тело.

Подршката на најзагрозените категории на граѓани во насока на обезбедување на дополнителни програмски парични надоместоци ќе продолжи и во наредниот период.

Во делот на пензискиот ситем, на среден рок планирани се активности поврзани со воспоставување на мултифондови во вториот и третиот столб на пензискиот систем, со цел во наредниот период да се овозможи избор на инвестициски опции за членовите, во зависност од нивните преференции за ризик и принос во рамките на пензиско штедење, усогласено со животниот циклус на членовите. Со воведување на мулти фондови ќе се воспостави можност за намалување и на лимитите во доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, во кое се опфатени професионалните пензиски шеми, што е препорака и на Европската Комисија.

### 3.19.7 **Антидискриминација и еднакви можности**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во текот на 2011 година интензивно се работеше на реализација на голем број на активности за промовирање на Законот за спречување и заштита од дискриминација во јавноста, за јакнење на свеста кај населението, а се реализираа и голем број на обуки, работилници и други настани за јакнење на капацитетите наменети за релевантните субјекти на национално и локално ниво кои дејствуваат во областа на антидискриминацијата и еднаквите можности.

Така, со учество на меѓународни и локални експерти од областа, беа организирани обуки за 24 обучувачи од редот на локалните координатори за еднакви можности и невладиниот сектор, кои потоа во 12 градови низ државата, реализираа обука на 300 претставници од единиците на локалната самоуправа и месните заедници за концептот на недискриминација, за одредбите од донесениот Закон за спречување и заштита од дискриминација, за механизмите за заштита од дискриминација, како и за подигање на свеста кај населението да ја препознае и пројави дискриминацијата.

Исто така, во рамки на програмата „Активни граѓани“ во текот на 2011 година во неколку општини во градот Скопје беа реализирани 6 тркалезни маси во локалната самоуправа и во основните училишта, кои имаа за цел да ја подобрат информираноста за концептот на дискриминацијата, различните основи и видови на дискриминација, како и за теми поврзани со насилството врз жената, трговијата со луѓе и родовата рамноправност.

Согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација, беше основана Комисија за заштита од дискриминација, која започна со работа на 1 јануари 2011 год. Комисијата за заштита од дискриминација е самостоен и независен орган кој има широки законски надлежности во доменот на превенција и заштита од дискриминација, афирмација и унапредување на правото на еднаков третман како едно од основните човекови права. Во текот на годината, беа реализирани и повеќе активности (обуки, средби, тркалезни маси, студиски посети итн.) за јакнење на капацитетите на членовите на Комисијата, како и за промовирање на нејзината работа. Комисијата за заштита од дискриминација функционираше во текот на годината, согласно одредбите од Законот, така што во периодот од отпочнувањето на нејзината работа во јануари до крајот на ноември, до Комисијата се пристигнати вкупно 56 претставки по различни основи, истите се процесуирани и по нив се постапува. Заклучно со 30 ноември, Комисијата има решено вкупно 23 претставки, а за преостанатите, постапката е сеуште во тек.

Во текот на годината, во рамките на партиципативен процес, со учество на сите релевантни државни институции и невладиниот сектор, беше подготвена Национална стратегија за еднаквост и

недискриминација (НСЕН), опфаќајќи превенција и заштита од дискриминација по основ на пол, етничка припадност, возраст и инвалидност. Во подготовката на Стратегијата обезбедена е поддршка и од Мисијата на ОБСЕ во Република Македонија. Овој стратешки документ на Владата на Република Македонија ги дефинира целите, мерките, индикаторите, клучните креатори на политиката за унапредување на еднаквите права и еднаквите можности во различните области од животот, одговорните чинители и сите засегнати страни во воспоставувањето на еднаквост и недискриминација во Република Македонија. Националната стратегија за еднаквост и недискриминација е димензионирана за периодот 2012-2015. Основна цел на овој документ е да се обезбеди континуиран развој во реализацијата на еднаквите права, еднаквите можности и недискриминацијата. Конкретните задачи и активности на краток и среден рок за постигнување на целите и имплементацијата на мерките од Стратегијата, ќе бидат утврдени во Акциските планови за различните области, кои ќе се подготват во претстојниот период.

Подготвен е нов Закон за еднакви можности на жените и мажите. Целта на донесувањето на овој закон е целосно транспонирање на Директивата 2002/73/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот за спроведување на принципот на еднаков третман на жените и мажите што се однесува до пристапот до вработување, стручна подготовка и унапредување и до работните услови, Директивата на Советот 2000/78/ЕЗ за воспоставување на општа рамка за еднаков третман во вработувањето и занимањето и Директивата на Советот 2004/113/ЕЗ за спроведување на принципот на еднаков третман помеѓу мажите и жените во пристапот и обезбедувањето на добра и услуги.

Министерство за труд и социјална политика, како одговорен орган за известување пред Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената, го подготви четвртиот и петтиот по ред периодичен Извештај по Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жената (CEDAW) и го достави до Комитетот на Обединетите Нации за елиминација на сите форми на дискриминација.

Во насока на внесување на родовиот концепт во буџетските политики, Министерството за труд и социјална политика започна со работа на тригодишен проект подржан од UN women во кој се предвидени повеќе активности меѓу кои и изработка на Стратегија за родово буџетирање.

Владата го усвои вториот Национален акциски план за унапредување на општествената положба на жената Ромка. Во рамки на имплементацијата на овој акциски план, реализирани се и неколку активности насочени кон јакнење на капацитетите за подобрување на социо-економската интеграција на Ромските жени. Реализирани се работилници за невработени жени-Ромки, преку кои тие имаа можност да се запознаат со активните мерки за вработување, правата од здравствена и социјална заштита, остварување на човековите права, спречување и заштита од дискриминација, а се организираа и обуки за подигање на свеста кај службениците во државната администрација за надминување на нееднаквиот третман на жените Ромки.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

Во претстојниот период еден од главните приоритети ќе претставува обезбедувањето на ефективна имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и на новодонесената Национална стратегија за еднаквост и недискриминација (НСЕН) 2012-2015.

Согласно утврдените стратешки приоритети и цели во Националната стратегија, во текот на годината ќе бидат подготвени посебни, двогодишни Акциски планови за различните области, во кои ќе се дефинираат конкретните активности што ќе бидат превземени за превенција и заштита од дискриминација по основ на

инвалидитет, возраст, етничка припадност и пол.  Во овие Акциски планови ќе се утврдат конкретните задачи и активности на краток и среден рок за постигнување на целите и имплементацијата на мерките од Стратегијата, начинот на имплементацијата, конкретната временска рамка, надлежните институции за мплементација и предвидениот буџет, очекуваните резултати, како и квалитативните и квантитативните индикатори за постигнатиот успех. Во овој процес ке бидат вклучени релевантни институции и невладини организации на централно и локално ниво.

И понатаму ќе продолжи имплементацијата на бројни активности во текот на наредната година, кои ќе имаат за цел јакнење на капацитетите на Комисијата за заштита од дискриминација, промовирање и унапредување на нејзината работа и зајакнување на соработката на Комисијата со други органи, институции и субјекти активни во областа на превенцијата и борбата против дискриминација. Во оваа насока, планирани се повеќе обуки и студиски посети за јакнење на капацитетите и размена на искуства, реализирање на обуки со Академијата за судии и јавни обвинители за подигнување на свеста во судството за концептот на недискриминација, реализирање на дополнителни активности на локално ниво во насока на понатамошно развивање на концептот на недискриминација, како и зајакнување на соработката на Комисијата со Собраниските комисии и други релевантни субјекти.

Во текот на следната година ќе се промовираат новините во новиот Закон за еднакви можности на жените и мажите и ќе започне со негова имплементација .

Како една од редовните активности, планирано е на почетокот на годината да се изработи и годишниот Оперативен план за 2012 година, за имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012. Ваквиот оперативен план ќе овозможи поефикасна имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност и Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите, во текот на 2012 година планирано е да се изработи и донесе Стратегија за родова рамноправност, а исто така ќе се формира и меѓу-ресорска советодавна група за еднакви можности на жените и мажите, чија задача ќе биде да обезбеди поефикасна имплементација на регулативата и програмите од обласа на родовата рамноправност.

Во рамки на три годишниот проект за родово буџетирање што се имплементира во соработка со UN women, ќе се изработи и Стратегија за родово одговорно буџетирање. Оваа Стратегија ќе утврди статешки цели и конкретни активности, како и одговорни институции за нивно имплементирање, со цел да се обезбеди внесување на родовиот концепт и родовото буџетирање како алатка за постигнување на еднаквост помеѓу жените и мажите, но и подобрување на економската и социјална состојба на мажите и жените во општеството.

До крајот  на годината  ќе се изработи и донесе Национален акциски план за имплементација на Резолуцијата на Обединетите нации 1325 за жената, мирот и сигурноста. Овој НАП ќе придонесе кон промовирање и унапредување на учеството на жените во креирање на мировни политики и нивна поголема вклученост во телата каде се носат одлуки, како и промовирање на нивната улога во зачувување на мирот и мирно разрешување на конфликтни ситуации.

Во текот на годината и понатаму ќе продолжат континуирани  активностите за соработка и координација со ЕЛС и  механизмите за еднакви можности на жените и мажите на национално и локално ниво.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во претстојниот период планирано е да се изготви евалуација на постоечкиот Национален План за акција за родова рамноправност.

Планирана е изработка и донесување на Акциски план, согласно Стратегијата за родова рамноправност.

Ќе се продолжи со јакнење на капацитетите на механизмите за родова рамноправност на национално и локално ниво.

# 3.20 **ПРЕТПРИЈАТИЈА И ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА**

## 3.20.1 **ПРИНЦИПИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈА НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Принципите на политика на претпријатија во Република Македонија се реализираат преку постојано подобрување на деловната клима и елиминирање на административните бариери (регулаторната гилотина, РИА, едношалтерски систем) како и преку политики и програмски активности за создавање и поттикнување на конкурентноста на економијата преку имплементација на мерките од: Индустриската политика на Република Македонија 2009-2020, Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, базирана на принципите на Актот за мали бизниси (Small Business Act), Програмата за поттикнување инвестиции во Република Македонија 2011-2014, насочена кон елиминрање на разни бариери за инвестиции, како и многу други развојни стратегии и документи, кои се во тек на подготовка, а директно влијаат на поттикнување на конкурентноста, извозната промоција, развој на иновации, соработка и кластерско здружување и слично. Сите документи кои се подготвуваат ги следат препораките од стратегијата и поврзаните иницијативи ЕУ 2020 за инклузивен, одржлив и паметен раст.

Со спроведувањето на Регулаторната реформа преку Регулаторна гилотина и Проценката на влијанието на регулативата (РИА) се намалија бирократските процедури и се олесни водењето бизнис. Во текот на 2011 континуирано се реализираа мерките од втората и третата фаза на Регулаторната гилотина, кои се однесуваат на процедури од повеќе области: земјоделство, труд и социјална политика, здравство, животна средина, осигурување и друго. Со реализација на дел од мерките од овој проект се отстрани голем административен товар и се поедностави голем дел од постапките и процедурите за издавање на одобренија и дозволи за водење бизнис.

Како комплементарни алатки на проектот Регулаторна гилотина, а во насока на превенција на создавање на дополнителни административни пречки и бариери во новите законски решенија е процесот на Проценка на влијание на регулативата – РИА и Единствениот национален регистар на прописи (ЕНЕР). До крајот на ноември 2011 година, во Единствениот електронски регистар на прописи се внесени 1744 постојни прописи, од кои 451 се предлог закони што биле достапни за коментари на јавноста и кои поминале низ РИА процесот.

Процесот на забрзување на постапката за регистрација на компании продолжува со реализација на втората фаза на Проектот едношалтерски систем за регистрација, кој ги вклучува Агенција за вработување, Фондот за здравство, Централен регистар на РМ Фондот за пензиско осигурување. Проектот се состои од три компоненти и тоа: електронско поднесување документи при регистрација, воведување „црна листа“ на субјекти и електронски систем за стечајни постапки и електронски систем за регистрација на залог и лизинг.

Од аспект на принципите за создавање конкурентна економија базирана на знаење и иновации процесот на зголемување на конкурентноста како комплексен процес вклучува многу актери.

Имплементацијата на документот „*Индустриска политика на Република Македонија 2009-2020*", кој ги дефинира основните правци во развојот на македонската индустрија базирани на знаење, иновации, интернационализација, соработка и еко аспектите во развојот, се реализира тековно преку повеќе програми и мерки кои ги реализираат различни институции- министерства и агенции. Во тек е подготовка на Акционен план за имплементација на индустриската политика за 2012-2013 како и годишна програма за 2012 година., а продолжува имплементацијата на годишната Програма за имплементација на индустриската политика за 2011.

Со цел успешна имплементација на Индустриската политика, се одвиваат активности за координација, комуникација, консултација и постојан дијалог со сите инволвирани стејкхолдери, вклучувајќи ја и бизнис заедницата, преку формираниот Меѓуминистерки комитет за конкурентност и Меѓуминистерката експертска работна група за индустриска политика - МЕРГ. Оваа работна група одржува редовни состаноци, а за нејзино институционално зајакнување и поефикасно координирање во текот на 2011 беа организирани повеќе специјализирани семинари, работилници и обуки (како да се подготви програма, мониторинг и евалуација на индустриската политика, улогата на кластерите, имплементацијата на индустриската политика - работиме како тим, проширување на знаењето за европските фондови и подготовка на проекти и др.). На дел од обуките беа поканети претставници од стопанските комори.

Политиките и активностите за поддршка и развој на МСП произлегуваат од Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013, Стратегија за развој на занаетчиство 2012-2012, годишните програми за МСП и Актот за мали бизниси на ЕУ.

Институционалната поддршка на претпријатијата се одвива преку Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ, Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ, повеќе бизнис и регионални центри. Секако дека од посебна важност се разните форми на партнерства, кластерите и други организациони форми поддржани од разни донатори.

Продолжува имплементацијата на воспоставената пракса за дијалог со бизнис заедницата преку редовни средби со стопанските комори, посета на голем број фирми, организирање заеднички конференции и семинари. За регуларно следење на конкурентноста во економијата се следат рангирањата на РМ во Светскиот Економски Форум, Doing Business и други.

Со цел воспоставување на покоординиран пристап во креирање и имплементирање на политиките формирани се повеќе специјализирани комитети на министерско ниво со кои претседава Претседателот на Владата (комитет за претприемништво и иновации, комитет за технолошки развој, комитет за странски инвестиции, комитет за туризам, економски совет итн.)

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во насока на подобрување на деловната клима и остварување на континуиран дијалог со бизнис заедницата во текот на 2012 ќе се продолжи со нови консултации и ќе започне четвртата фаза на Регулаторната гилотина - "Предност на малите", каде фокусот ќе биде ставен врз поедноставување на условите за работа на малите и средни претпријатија.

Исто така започна и нов проект - "Регулаторна Гилотина за поедноставување на прописите и намалување на трошоците за занаетчиите", чија цел ќе биде намалување на административниот товар на занаетчиите кој ќе се реализира во наредниот период.

Со цел унапредување на Проценката на влијание на регулативата, во следниот период се планира спроведување на усвоените Препораки и Акцискиот план за подобрување на регулаторната реформа во Македонија, со кои во следниот период ќе бидат спроведени следните активности:

- Формирање на Централно тело за подобра регулатива и градење на неговите капацитети,
- Подобрување на правната рамка за проценка на влијание на регулативата,

- Проширување на опсегот на Проценка на влијание на регулативата, поддршка при нејзина примена во Парламент и при вршење на ex-post анализа,
- Постојано градење на капацитетите на министерствата и Централното тело за техники и методи за подобро креирање на закони.

Со цел олеснување на процесот на започнување и водење на бизнис во Република Македонија, како и овозможување на потенцијалните инвеститори сите потребни информации за процедурите, постапките и потребните документи да ги добијат од едно место, Владата на Република Македонија спроведува активности за формирање на Едношалтерски систем за инвеститори (Регистар). Формирањето на ваков Регистар ќе овозможи информациона поддршка, посредување, усогласување, техничка помош и финансиско информирање. Имајќи ја предвид комплексноста на проектот и потребата од вмрежување на повеќе институции, се предвидува активностите за воведување на Регистарот да траат до крајот на 2013 година. За 2012 планиран е Пилот проект со Министерство за транспорт и врски, а во координација од Министерството за информатичко општество.

Како продолжување на дијалогот со бизнис заедницата во текот на наредните години ќе продолжи да се спроведува проектот "Учиме од бизнис –заедницата", чија цел е согледување на идеите и иницијативите на бизнис заедницата, а кои се во насока на подобрување на деловното окружување, како и идентификување на главните проблеми со кои се соочуваат компаниите при своето работење.

Создавање поволна деловна клима и поттикнувањето на конкурентноста на македонската индустрија се дел од клучните приоритети и за нивна реализација продолжува процесот на развивање програми, нивна координација, дијалог со бизнис заедницата и другите актери, како и евалуација на истите.

Како краткорочен приоритет за понатамошна поддршка и поттикнување на конкурентноста е успешна имплементација на стратешките документи за индустриска политика на РМ 2009-2020, Стратегијата за развој на МСП, Стратегија за занаетчиството, преку имплементацијата на годишни програми и мерки кои се имплементираат од страна на различни институции – министерства и агенции како и имплементација на ново усвоениот документ Стратегија за промоција на извозот. Во текот на 2012 ќе се усвои Програмата за поттикнување на инвестициите во Република Македонија 2011-2014, и ќе се финализира Стратегијата за иновации за период 2012-2020 во соработка со ОЕЦД и други поврзани документи.

Во рамките на ИПА Компонента 1, одобрен е проект "*Зајакнување на капацитетите за имплементација на индустриската политика*" кој е наменет за зајакнување на институционалниот капацитет за имплементација на индустриската политика како и имплементација на дел од мерките на индустриската политика опфатени во повеќе стратешки документи. Реализацијата на проектните активности е планирана во 2012, што ќе има позитивни ефекти врз сите засегнати страни, а ќе бидат преземени активности за ревизија на индустриската политика и понатамошна соработка и координација на донаторските проекти.

Заради успешно имплементирање на мерките ќе продолжи активноста за водење ефикасен дијалог со бизнис заедницата, координација на активностите меѓу институциите како и ефикасна координација со донаторските проекти преку програмскиот пристап и билатерално.

Со цел зголемување на ефективноста на странската помош и зајакнување на приоритетната област индустрија, Министерството за економија е координатор на Работна група за деловно опкружување, конкурентност и иновации во рамки на програмскиот пристап за координација и испорака на странска помош, што Владата на РМ во соработка со донаторската заедница го воведе во декември 2009 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок ќе се работи на континуирано подобрување на деловната клима, привлекување СДИ, зголемен извоз, зголемување на конкурентноста базирана на знаење и иновации, развој на претприемништвото, поттикнување и развој на занаетчиството преку имплементација на стратешките документи, зајакнување на институционалниот капацитет и континуиран дијалог со бизнис заедницата. Во насока на одржлив економски развој ќе следи ефикасно користење на структурните фондови.

## 3.20.2 **ИНСТРУМЕНТИ НА ИНДУСТРИСКА ПОЛИТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Инструментите кои се користат за спроведување на индустриската политика и за поттикнување на конкурентноста на Република Македонија се дефинирани во повеќе програмски документи. Во оваа насока, во изминатиов период континуирано се спроведуваа следниве годишни програми: Програма за имплементација на индустриската политика за 2011, Програмите за поддршка и развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП за 2011, Програма за развој на кластерите за 2011, Програма за технолошки развој, Програма за поттикнување инвестиции во Република Македонија 2011-2014, Програмата за техничка култура, како и голем број индивидуални проекти.

Програмата за имплементација на индустриската политика за 2011 година се реализира за прв пат, при што обезбеди поддршка за бизнис секторот во делот на зајакнување на капацитетите за развој и имплементација на проекти за создавање конкурентен производ, развој на пазар преку поддршка на истражување на пазар, развој на бренд, маркетинг стратегија, прилагодувања на барањата на европскиот пазар, технолошки развој, интернационализација, поддршка на еко производство, комерцијализација на патентирани иновации и слично.

Поддршката на МСП се реализира преку програмите за развој и поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП кои се имплементираат на годишно ниво од страна на Министерство за економија и Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ (АППРМ), соодветно.

АППРМ реализираше бројни активности за промоцијата на претприемништвото и претприемачкото учење со посебен акцент на обуки за женско претприемништво. и учествуваше во глобални промотивни настани како Европска недела на МСП и Глобална недела на претприемништвото. Воедно активностите на Агенцијата се зајакнати и преку учеството како партнер институција во конзорциумот на Европскиот Информативен и Иновативен Центар во Македонија (дел од Enterpise Europe Network), Проектот "Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење„ - поддржан од Австриската Развојна Агенција, Проектот "Интеррегионална соработка за валоризација на истражувачките резултати„- ИПА Програма за транснационална соработка на ЕУ за ЈИЕ; Проектот "Регионална Програма за докторски студии за претприемништво и менаџмент во земјите на Западен Балкан„ - во рамките на TEMPUS Програмата. Исто така, Агенцијата е вклучена и во програмата на Владата на РМ за Активни политики за вработување за 2011 – поддршка за самовработување со грант и кредитирање.

Министерството за образование и наука ја имплементираше годишната Програма за технолошки развој со која се поттикнуваат и помагаат субјектите на технолошкиот развој во остварување на нивните развојни цели и програми како и Програмата за техничка култура со која се поттикнува и помага реализирање на програмските активности на носителите на јавни овластувања во техничката култура.

Во врска со создавање поволна деловна клима за инвестиции, со поддршка од UNCTAD и OECD подготвена е четвртата по ред Програма за поттикнување инвестиции во Република Македонија (2011-2014) чија цел е развој на политики и спроведување реформи кои ќе доведат до привлекување на повеќе и поквалитетни инвестиции, подинамичен економски раст и развој на земјата. Програмата е во владина процедура. Во нивната подготовка активно учество зедоа деловната заедница, инвеститорите и владините институции.

Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот - АСИПИ е главната институција која е задолжена за промоција на инвестиции и промоција на извозот. Агенцијата продолжува интензивно да работи на обезбедување на aftercare што пред се, се однесува на помагање на странските инвеститори и обезбедување на различни услуги откако компаниите веќе донеле одлука за инвестирање во државата. Што се однесува до процесот на економска промоција, моментално активно работат 18 економски промотори сместени во Амбасадите и ДКП- ата во различни европски земји, САД, Индија, Кина, Јапонија

и Катар чиј што број дополнително ќе се зголемува. Економските промотори, покрај работа на презентација и промоција на инвестиционите можности, паралелно работат и на извозна промоција.

Привлекувањето странски инвестиции во технолошките индустриски развојни зони претставува еден од приоритетите на Владата. Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ги врши работите поврзани со основањето, развојот и следењето на ТИР зоните.

По однос на промоција на извозот како нова надлежност која и беше доделена со закон на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот во 2010 година, во соработка со Министерството за економија на РМ, а со финансиска поддршка од Светска Банка беше изработена Стратегија за промоција на извозот, која е усвоена од страна на Владата. Оваа стратегија претставува план како да се зголеми вредноста на извозот на македонските компании за 30% во тек на три години и како да се унапреди институционалната рамка за промоција на извозот. Имплементацијата на Стратегијата за извоз ќе се реализира преку Акцискиот план за промоција на извозот за 2012 година, во соработка со повеќе институции и донаторски проекти. Новиот проект на УСАИД ИДЕАС изработи Стратешка рамка и бизнис модел со која се утврдуваат секторите со најголем извозен потенцијал и се дефинираат активностите кои ќе ги извршува Агенцијата во оваа област и услугите кои ќе ги нуди. Светска банка подготви оценка за македонската трговска конкурентност нудејќи конкретни препораки за нивно зголемување.

Имплементацијата на Национална Агенда за општествена одговорност на претпријатијата (ООП) 2008-2012 година се реализира тековно, преку промовирање на принципот на општествена одговорност со што се поттикнуваат компаниите да ги интегрираат социјалните грижи и грижата за заштита на околината во нивните деловни активности и во нивната интеракција со заинтересираните страни. Проектот „*Поддршка на Националната агенда за ООП во РМ*“ кофинансиран од ЕК во рамките на првата компонента на ЦИП (Competitiveness and Innovation Programme) успешно се реализира.

*Програмата за поддршка и развој на кластерското здружување во 2011 година* поддржа активности за подобра промоцијата на можностите кои што ги нудат кластерите, обука и унапредување на менаџментот на кластерите, поддршка на проекти од кластерските здруженија, организирање на тркалезна маса за дефинирање на индикатори за мерење на успешноста и нивото на развој на кластерските здруженија. Владината поддршка, која се реализира низ јавно- приватниот дијалог, ќе придонесе за создавање на нови кластерски иницијативи, како и самоодржливост на кластерите, базирани на иновации.

Во насока на подобра информираност за европските програми и можностите за соработка со странски фирми *„Enterprise Europe Network“* и *Европскиот информативен и иновативен центар во Македонија* (ЕИИЦМ), како дел од оваа мрежа, активно продолжуваат да ги реализираат зацртаните проектни активности во делот на бизнис соработка и информации за европскиот пазар и ЕУ фондовите, трансфер на иновации, технологии и знаења, научни истражувања и развој.

Република Македонија има пристап за користење на Програмата за конкурентност и иновации ЦИП (*Competitiveness and Innovation Programme*), *Под- програмата за претприемништво и иновации* (Enterpreneurship and Innovation Programme). Во тек се завршните активности за вклучување на Република Македонија во *Под- програмата за поддршка на информациски и комуникациски технологии* и *Под-програма за интелигентна енергија на Европа*, односно втората и третата компонента од ЦИП. Република Македонија има право за учество и веќе учествува на повиците за предлози од *Под - програмата за интелигентна енергија на Европа* а процедурата на финализирање на потпишувањето на Меморандумот е во тек. За поефикасно користење на средствата од Програмата ЦИП, Министерството за економија, ги координира активностите и ја промовира програмата преку учество на јавни настани, конференции, форуми, средби на бизнис заедницата, објавува информации, повици за предлози, се грижи за зајакнување на капацитетите, како и за отворање на можноста за употреба на финансиските инструменти.

Република Македонија е полноправна членка на *Програмата ЕУРЕКА*, преку која со партнери од земјите членки на ЕУРЕКА, се реализираат иновациски и развојни проекти со кои се поддржува бизнис секторот, а исто така има пристап за користење на средства од Рамковната програма за научноистражувачка

дејност и технолошки развој (*FP 7- Seventh Framework Programme for research and technological development*).

Агенцијата за вработување на Република Македонија во текот на 2011 година ги имплементираше активните програми и мерки за вработување согласно Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2011 година, во рамките на кои се имплементираа и програми со кои се овозможува поддршка на невработените лица да започнат сопствен бизнис. Исто така се спроведуваше и Проектот за самовработување со кредитирање.

Во рамките на Оперативната Програма “Развој на човечки ресурси 2007-2013” –ИПА Компонента IV, во текот на 2011 година отпочната е имплементација на Проектот “Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени”, а целта на проектот е полесно интегрирање на пазарот на трудот на младите лица, долгорочно невработените лица и жените, преку зајкнување на нивната вработливост, односно зголемување на нивните компетенции, знаења и вештини и ставови. Во една од компонентите на проектот ќе се спроведуваат обуки за општи вештини, меѓу кои и обуки за претприемништво во траење од еден месец.

Од аспект на подобрување на пристапот до финансии тековно се реализираат повеќе мерки преку Македонска Банка за поддршка на развојот (МБПР) и тоа:

- Воведување на нови кредитни линии за поддршка на МСП
- Отпочнување со директна поддршка на извозни компании.
- Се имплементираше кредитна линија од ЕИБ 100 мил. ЕУР за поддршка на МСП и приоритетни проекти, која е една од најголемите и најповолните кредитни линии со каматната стапка фиксирана на 5,5% годишно (истата е субвенционирана од страна на државата).
- Намалена е каматната стапка кај кредитната линија за поддршка на извозни компании од 8% фиксно годишно на 7% фиксно годишно, односно на 6,5% фиксно годишно ако дел или цел извоз е осигурен преку МБПР. Исто така продолжен е рокот на отплата до 2 години како и скратена е постапката и процедурата за аплицирање и одлучување по истата.
- Покрај осигурувањето на извозните побарувања, со цел намалување на ризиците на компаниите воведено е и осигурување на домашни побарувања. Притоа, и кај двата вида на осигурувања, МБПР гарантира наплата од минимум 90% од вредноста на побарувањето,
- Воведено е и осигурување на побарувањата на подружниците на македонските компании во странство, и воведено е осигурување од политички ризик.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во 2012 планирано е да се усвојат и да се имплементираат новите годишни програми и тоа: Програма за имплементација на индустриската политика, Програма за поддршка и развој на кластерското здружување, Програмите за поддршка и развој на МСП, Програма за поттикнување инвестиции во Република Македонија 2011-2014, Програмата за технолошки развој и Програмата за техничка култура, повеќе акциони планови по стратешки документи и индивидуални проекти, преку кои се продолжи процесот на поддршка на компаниите во поттикнување и развој на конкурентноста и зајакнување на институционалниот капацитет за поддршка.

Во 2012 ќе се имплементираат мерките и активностите од Програмата за имплементација на индустриската политика насочени кон надоместување на дел од трошоците за фирмите за зајакнување на капацитетите и имплементација на проекти за создавање конкурентни производи, развој на пазарот и технолошки развој.

За подобрување на претприемништвото и конкурентноста на МСП предвидени со Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија во Република Македонија 2002-2013 и мерките и активностите согласно Стратегијата за занаетчиството во РМ, во 2012 ќе се реализираат активностите утврдени со годишната програма за МСП. Документот „Стратегија за иновации на Република Македонија 2012-2020“ се очекува да биде усвоен во текот на 2012 година.

Во периодот 2012- 2014 година генерално активностите ќе бидат насочени кон зајакнување на институционалната инфраструктура за поддршка на МСП и на занаетчиството, подобрување на деловното опкружување и подобрување на конкурентноста и иновативноста базирана на принципите на Актот за мали бизниси (Small Business Act) и на Стратегијата за иновации на Република Македонија 2012-2020.

Во 2012 година *Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија* ќе продолжи со следење на најновите и најуспешни практики за промоција на инвестиции и промоција на извоз, ќе предлага новитети во пакетот на инвестициони поволности за потенцијални инвеститори и активно ќе работи на координација со ресорните министерства и други институции за олеснување на административните процедури при услужување на инвеститорите во реализација на инвестиционите проекти. Притоа фокусот ќе биде на зголемување на интерактивноста и комуникацијата со постојните инвеститори, идентификување на пречките со кои се соочуваат и преземање на дејствија за нивно отстранување. Во текот на 2012 ќе се преземат активности за реализација на Акциски план од Стратегијата за промоција на извозот. Како дополнително зајакнување на процесот на промоција на Република Македонија како добра бизнис и инвестициска дестинација, во текот на месец јануари 2012 дополнително ќе бидат упатени на работа 9 нови економски промотори во Велика Британија, Белгија, Франција, Турција (Анкара), Канада, Република Кореа, Италија, Косово и Холандија. Истите моментално се наоѓаат на обука во Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија. Дополнително, во тек е процес на селекција за економски промотор за Казахстан.

Со цел обезбедување на одржливост и ефикасно реализирање на поставените цели на АСИПИ согласно Законот, предвидено е да се обезбеди стручно и кадровско зајакнување со нови вработувања, како и континуирана обука на новите и постојни вработени за најдобрите пракси и современи методологии за реализација на промоцијата (извозна и инвестициона), поефикасна логистика за подобрување на понудените услуги, соработка, комуникација и поддршка на таргетните групи инвеститори и извозници.

Во насока на привлекување странски инвестиции во ТИРЗ ќе продолжи соработката и координацијата меѓу институциите.

Новиот проект на USAID - IDEAS - Investment Development and Export Advancement Support, ќе нуди конкретна помош во реализација на активностите за имплементација на индустриската политика, водење ефикасен јавно- приватен дијалог и успешна извозна промоција.

За подобра транспарентност и информираност на бизнис секторот и поефикасно користење на средствата, а пред се поради големиот број програми кои нудат мерки за поддршка наменети за развој на компаниите, со поддршка од УСАИД се планира изработка на веб решение каде сите информации ќе бидат полесно достапни до фирмите.

Подготовките за учество на Република Македонија во *Под- програмата за поддршка на информациски и комуникациски технологии* се завршени и се очекува одговор од Европската комисија.

Со Програмата за поддршка и развој на кластерското здружување во 2012 година ќе продолжат да се имплементираат повеќе мерки за промоција на можностите кои ги нудат кластерите, обука и унапредување на менаџментот, зајакнување на технолошката соработка во кластерите и воведување на регистар за македонски компании со најголем капацитет за иновации и истражување, поддршка на проекти на клстерските здруженија и слично.

Министерството за образование и наука во 2012 ќе ги продолжуваат активностите за донесување и имплементација на годишна Програма за технолошки развој која нуди: поддршка (поттикнување и помагање) на развојно- истражувачки проекти на субјектите на технолошкиот развој, поддршка (поттикнување и помагање) на проекти/програми на носителите на јавни овластувања во техничката култура, продолжување со активностите на програмите FP-7, EUREKA, COST, IAEA и др.

Во врска со поттикнување на иновативноста на македонското стопанство и подигање на свеста за развој на иновативноста, покрај мерките и програмите кои ги преземаат Министерство за економија и Министерство за образование и наука, со поддршка од ОЕЦД се изработува Стратегија за иновации. Ова ќе придонесе кон подобро искористување и вклучување на македонските компании во програмите ЦИП, ФП 7, ЕУРЕКА и подобрување на рангирањето на РМ во EISB. Се очекува поголема промоција и поголема ефикасност на проектот ЕЕН (Enterprise Europe Network).

Министерството за економија се вклучува во неколку регионални проекти за поддршка на иновативноста и тоа WBC, INCO, NET и FINNO.

Планирани активности на МБПР за понатамошно подобрување на пристапот до финансиски средства во 2012 се:

- Воведување на нови кредитни линии за поддршка на МСП ( кредитна линија за поддршка на МСП со гарантна шема, продолжување на соработката со ЕИБ).
- Отпочнување со директна поддршка на извозни компании.
- Отпочнување со практицирање на факторинг, особено во однос на побарувањата кои се осигурени во МБПР при што значајно би се подобрила ликвидноста на компаниите.
- Отпочнување со осигурување за извоз пред испорака (покривање на случаи кога специфична стока е нарачана, истата е произведена и во последен момент купувачот поради стечај не е во можност да ја плати нарачаната стока).

Владата, како дел од стратешката определба за поддршка на развојот на приватниот сектор, презема активности за формирање на Еквити инвестициски фондови во Република Македонија. Активностите за основање на фондовите се со временска рамка од 2011-2013 година. Формирањето на фондовите има за цел да обезбеди поддршка на развојот на МСП, да овозможи трансфер на нови технологии и know- how, како и поттикнување на иновациската активност во овој сектор. Фондовите за техничка помош ќе бидат обезбедени од страна на различни меѓународни финансиски институции и донатори кои ќе покажат интерес. Исто така, фондовите ќе соработуваат со програмите за техничка помош и обуки кои се во организација на Владата на Република Македонија.

Од аспект на вработувањата во претстојниот период, ќе се имплементира новиот годишен Оперативен план за активни програми и мерки за вработување за 2012 и 2013 година, вклучувајќи ги и програмите кои предвидуваат поттикнување на невработените лица за осознавање на претприемништвото, подготовка на оддржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и субвенција за започнување на бизнисот.

Исто така Агенцијата за вработување ќе продолжи со имплементација на Проектот за самовработување со кредитирање, согласно кој се одобруваат кредити под поволни услови за самовработување на невработените лица.

Агенцијата за вработување во 2012 година, ќе продолжи со имплементација на Проектот “Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени” финансиран во рамките на Оперативната Програма “Развој на човечки ресурси 2007-2013” –ИПА Компонента IV.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок, ќе продолжи координацијата и имплементацијата на сите програмски документи од страна на министерствата и соодветните агенции. Предвидено е зајакнување на капацитетите на институциите за имплементација на политиките и ефикасно координирање на странската помош и структурните фондови.

Во периодот 2013-2014 година генерално активностите ќе бидат насочени кон зајакнување на институционалната инфраструктура за поддршка на МСП и на занаетчиството, подобрување на деловното опкружување и подобрување на конкурентноста и иновативноста базирано на принципите на Актот за мали бизниси (Small Business Act) и на Стратегија за иновации на Република Македонија 2012-2020.

Во идниот период согласно програмата на Владата на Република Македонија се очекува имплементација на повеќе проекти кои имаат за цел создавање на економија базирана на знаење и иновации.

За успешна имплементација на стратегиите и политиките за поттикнување на конкурентноста на македонската економија од големо значење е повлекување на повеќе средства од фондовите и програмите на Европската унија, што директно ќе придонесе кон развој на политиката за претпријатија и нивна поддршка кон создавање конкуренти фирми способни за настап на странските пазари, диверзификација на производството базирано на знаење и иновации и слично.

### 3.20.3 **ПОЛИТИКИ ПО СЕКТОРИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Како постоечки секторски стратегии и програми во РМ се во делот на челичната индустрија, текстилна индустрија и туризам.

Во рамките на челичната индустрија континуирано се имплементира Национална програма за преструктурирање и конверзија на челичната индустрија на Р.М., како обврска од Протокол 2 од Спогодбата за Стабилизација и Асоцијација. Секоја компанија опфатена со Националната програма има сопствен Индивидуален бизнис план, кој е во функција на подобрување на работењето на компанијата.

Во рамките на активностите предвидени со Програмата, беше организирана еднодневна конференција за металургија, која се одржи на 12. октомври, 2011 година во Скопје, на тема: Финансиски и едукациски менаџмент на претпријатијата – инструменти за просперитет. Предавачи беа универзитетски професори и менаџери на компании од областа на металургијата.

Во врска со Стратегија за развој на текстилната индустрија од 2011 година нема посебни мерки наменети за поддршка само на текстилниот сектор туку тие се имплементираат преку Програмата на индустриска политика, која важи за сите преработувачки индустрии.

За секторот туризам, главен документ е Национална Стратегија за развој на туризмот (2009-2013) и Ревидираната верзија на стратегијата со акционен план за имплементација во периодот 2011-2015 година, која е во владина процедура за усвојување.

Постојат две годишни програми и тоа: Програма за развој на туризмот за 2011 и Програма за поддршка на туризмот кои се имплементираат преку Министерството за економија и Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот. Законската рамка која го регулира секторот на туризмот е воспоставена преку Закон за угостителска дејност (Службен весник на Република Македонија бр. 62/2004, 89/2008, 115/10 и 53/11) и Закон за туристичка дејност (Службен весник на Република Македонија 62/2004, 89/2008,12/2009, 17/11, 47/11, 53/11), Законот за такса за привремен престој (Службен весник на Република Македонија бр. 19/96, 26/02, 51/03, 88/08) и Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија (Службен весник на Република Македонија бр. 103/08).

Во 2011 се направија измени и дополнувања на сите три закони од двете области со цел намалување на казнената политика во просек од 40 – 50 %, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитет на давањето на услуги и поголема заштита на потрошувачите.

Со цел поефикасен развој и промоција на туризмот и развој на инфраструктурата за туризмот, формиран е посебен Комитет за туризам со кој претседава Претседателот на Владата на Република Македонија и во кој комитет учествуваат оние институции кои имаат допирна точка со туризмот. Од месец август 2011 година, намален е Данокот на Додадена Вредност од 18 на 5 % на угостителските објекти. Оваа мерка се превзема со цел признавање на туризмот како важна извозна гранка и конкурентен туристички производ на светскиот пазар.

Во рамките на промоцијата на туризмот беа реализирани низа активности насочени кон унапредување и промоција на туризмот во Република Македонија и учество на многубројни саеми за туризмот во повеќе земји низ светот.

Исто така започна капиталниот проект „Македонско село„, како виртуелна туристичка атракција. Рок за завршување на овој проект е почетокот на 2013 година. Цел на проектот е запознавање со традицијата, македонската традиционална архитектура од 12 различни региони, како и заживување на старите занаети.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Во секторот на челик продолжува праксата за подготвување на Информацијата за процесот на имплементација на Националната Програма за реструктурирање на челичната индустрија на Република Македонија и Индивидуалните бизнис планови.

Во рамките на Секторот туризам и угостителство и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Македонија, ќе се имплементираат Програмата за развој на туризмот за 2012 година и Програмата за промоција на туризмот за 2012 година кои вклучуваат голем број на активности во делот на развојот на туризмот, поддршка на туристички проекти, ревидирање на законската регулатива и системот на категоризација на угостителските објекти, правење на неколку студии и анализи од областа на туризмот, поддршка и кофинансирање на разни туристички манифестации и форуми, субвенционирање на странски организираниот туристички промет и меѓународни односи со организации од областа на туризмот (СТО, ЕТЦ, ЦЕИ, и др), како и капиталниот објект, изградба на туристичката атракција Македонско село.

Во делот на промовирањето на Македонија како туристичка дестинација предвидено е подготовка и печатење на промотивни материјали во одделни сегменти на туристичката понуда, презентација на меѓународни туристички берзи; субвенции за учество на бизнис форуми и други манифестации; соработка со странски туроператори, новинари и разни федерации во функција на промоција на македонскиот туризам преку странски туристички медиуми.

Светска банка во 2012 година ќе подготви четири секторски анализи за трговската конкурентност и тоа за: автомобилската индустрија, текстилната, прехрамбената и логистика со дистрибуција, кои ќе претставуваат основа за понатамошни проекти и поддршка на овие сектори.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**
Понатамошна имплементација на стратешките документи и проекти.

## 3.21 **ТРАНС-ЕВРОПСКИ МРЕЖИ**

### 3.21.1 **Транспортни мрежи**

Согласно приоритетите од Партнерството за пристапување, Република Македонија продолжува со имплементацијата на Меморандумот за разбирање за Југоисточно-Европската главна регионална мрежа и активно учествува во регионалните иницијативи, со цврста и значајна соработка во рамките на Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа (СЕЕТО). Република Македонија учествува во изработката на новиот петтогодишен план на СЕЕТО за 2012 - 2016 и реализирање на приоритетите од повеќе годишниот план 2012.

Исто така, Република Македонија активно учествува во преговорите за Договорот за основање на Транспортна заедница помеѓу ЕУ и земјите од ЈИЕ, кои започнаа во јуни 2008. На техничко ниво, текстот од Договорот за основање на Транспортна заедница помеѓу Европската Унија и земјите од Југо - источна Европа беше договорен на последната рунда на преговори одржана во Брисел во мај 2010. За Договорот да влезе во сила неопходно е негово парафирање од сите земји кориснички и ратификација од најмалку 4

земји (од вкупно 7). Пред ратификацијата мора да се добие зелено светло и од Советот на Европа. Беше договорено земјите од регионот со дописи да го иницираат ова прашање да се реши на заемно договорен начин и при тоа да се даде поддршка на Договорот. На 17 Јуни 2011 Министерството за транспорт и врски достави ваков допис до Европската комисија. Од страна на Европска Комисија се уште не е прецизиран датумот за потпишување на Договорот.

Во 2011 година се отвори за сообраќај делницата Табановце-Куманово со должина од 7,5км. Делницата Табановце-Куманово е автопат со кој се доби нова еднонасочна коловозна лента со широчина од 11 метри, паралелно со постоечкиот пат, разделена со зелен појас одвоен од него со ограда во широчина од 4 метри. Постојниот паралелен пат е еднонасочен и е проширен од постојните 7,5 метри на 11 метри.

Со завршување на делницата **Демир Капија-Смоквица**, Пан - Европски Коридор 10 кој што минува низ целата држава поврзувајќи ги границите со Република Србија и со Република Грција ќе биде на ниво на автопат.

Тендерот за градба беше објавен на 30.08.2011 година. Крајниот рок за доставување на понуди е 90 дена од денот на објавувањето. До 6 Декември компаниите треба да поднесат понуди. Договорот со избраната компанија се очекува да се склучи во првата половина од 2012 година.

Започната е и тендерска постапка за избор на надзор врз градежните работи. Евалуацијата за претквалификација за избор на консултант-надзор започна на 6 мај 2011 при што беа доставени 22 понуди и сите се евалуираа. Се очекува надзорот да се избере во декември 2011. Градбата се очекува да започне во првиот квартал од 2012 година со траење од 48 месеци плус дополнителен гарантен период од 24 месеци.

На 10.04.2011 година направено е свечено отварање на реконструираниот аеродром Св Апостол Павле-Охрид. На аеродромот „Св. Апостол Павле“ во Охрид се изврши реконструирање на постоечкиот паркинг, реновирање на објектите во карго центарот, изградба на ВИП објект, пречистителна станица, реконструкција на постоечката административна зграда, набавка на нови патролни и противпожарни возила, како и набавка на нова потребна опрема за аеродромот да функционира согласно меѓународните стандарди

На 06.09.2011 направено е свечено отворање на реконструираниот аеродром „Александар Велики“ - Скопје. Концесионерот „ТАВ Македонија“ изгради нова терминална зграда од 40.000 м2 (само за споредба, површината на постоечката терминална зграда е 4.000 м2), продолжување на полетно-слетната патека за 500 м, изградба на паркинг за автомобили, пристапен пат со нова клучка, набавка и инсталирање на системи за навигација, изградба на потребната комунална инфраструктура, доградба на постоечката или изградба на нова на административна зграда, изградба на нов карго терминал, изградба на нова противпожарна станица, нов паркинг за воздухоплови, како и набавка на нова потребна опрема за аеродромот да функционира согласно меѓународните стандарди.

**Модернизација на Коридор** X –**железница**

Во однос на Коридор X – железница во тек е проект за подготовката проектни студии и проектна документација за железничките делници по должина на Коридор 10 и кракот 10д односно подготовка на студии за оправданост, студии за анализа на трошоци и придобивки, студии за проценка на влијанието врз животната средина како изработка на идејни и основни проекти согласно потребата за комплетирање на проектната документација за железничките делници Куманово–Дељадровце, Драчево–Велес и Битола–Кременица. Во текот на 2011 година се подготви тендерската документација за овој проект и се спроведе тендерска процедура за избор на консултантска фирма согласно правилата за набавка на

Европската унија. Фазата на предквалификација на подобни компании заврши во Август 2011 година, а во последниот квартал на 2011 година се вршеше фазата на селекција на најподобна компанија од предквалификуваните. Се очекува до крајот на декември 2011 да се склучи договорот со консултантот кој би ги изработил проектните документации до средина на 2013 година.

Во 2011 година започна и проектот за **рехабилитација и надградба на железничката станица во Скопје**. Целта на овој проект е на патниците да им се олесни пристапот до станицата и до пероните со посебен осврт кон луѓето со специјални потреби. Рехабилитација и надградбата предвидуваат градежни работи околу железничката станица и во неа, при што ќе се постават лифтови и нови ескалатори, ќе се реконструираат влезовите и излезите од станицата, ќе се воведат современи системи за информирање на патниците, сигнализација, осветлување и ќе се реконструираат санитариите, внатрешниот простор и пероните. Во тек е подготовка на проектна документација на ниво на главен проект. Консултантите започнаа со работа на 24.08.2011 година и треба да завршат до крајот на 2011 година.Рехабилитација на железничката станица се очекува да започне кон крајот на 2012 година и да заврши до крај на 2013.

Во текот на 2011 година, за обезбедените средства по пат на кредит од ЕБОР започна постапката за избор на градежна фирма која ќе изврши ремонт на делниците Табановце-Куманово вкупна должина од 11,7 км и Миравци –Смоквица во вкупна должина од 12,5км. Од страна на ЈПМЖ инфраструктура-Скопје се изготвуваат проектите за ремонт на делницата од Ногаевци-Неготино ( 28,2 км), а истите се ревидирани од страна на Градежниот факултет.

**Комплетирање на Коридор** VIII-**железница**

Во текот на вториот квартал на 2011 година. со средства од Буџет на Министерството за транспорт и врски се изработи Физибилити студија, со идејно решение и Елаборат за екологоја за делницата од Кичево до Лин, граница со Република Албанија. За проектот Изградба на нова пруга од Кичево до Лин, граница со Република Албанија во должина од 62.6 км, во текот на 2011 година беше подготвен Образецот за идентификација на проектот согласно процедурите на Евопската унија и потребно е истиот да се одобри од нивна страна за да може понатаму да се продолжи со подготовка на тендер за ангажирање на консултант кој ќе го подготви главниот проект. Според динамиката предвидено е тој да почне со работа до крајот на 2012 година и да заврши до крајот на 2016 година.

Во текот на 2011 година се работеше на Физибилити студија и Студијата за оценка на влијанието на животната средина и социо-економскиот живот за делницата од Куманово до Дева Баир, граница со Република Бугарија. До крајот на 2011 година Физибилити Студијата треба да биде усвоена како финална. Исто така во февруари 2011 година се одбрија грант средства во висина од 1,5 милиони евра за изработка на пректната докуметација и тендерска докуметација за делницата од Куманово до Бељаковце. За таа цел во јули се распиша оглас за избор на консултанстка куќа која ќе ги изготвува основните прокети и до крајот на годината се очекува да биде избрана консултантската куќа.

Во месец ноември 2011 година од страна на ЕБОР беше доставен Образецот за избор на услови за заем за рехабилитација на делницата од Куманово до Бељаковце.

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која се однесува на транспортните мрежи е дел од правната рамка која ја регулира транспортната политика. Види Поглавје 3.14

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**

- **Повеќе-годишен план на Транспортната опсерваторија за Југоисточна Европа-СЕЕТО** (2012-2016)

Повеќегодишен план на СЕЕТО 2012-2016 ќе се фокусира на имплементацијата на проектите за развој на СЕЕТО мрежата и инвестираните средства за таа намена, како и на јасна приоретизација на инвестициските проекти во периодот 2012-2016.

- **Програма за јавни инвестиции** (2012-2014)

Програмата за јавни инвестиции е стратешки документ на Владата на Република Македонија за период од три години. Развојната политика на Владата на Република Македонија за инвестирање во јавната инфраструктура на земјата на среден рок се базира на динамична инвестициона активност која се очекува да резултира со оптимализација на користење на постојните капацитети, реконструкција и модернизација на јавната инфраструктура во функција на обезбедување економичност и повисока ефикасност.

- **Национална транспортна стартегија** (2007-2017)

Третото ажуирање на Националната транспортна стратегија е направено во март 2010 година

Во иднина, на секои 2 (две) години ,Министерството за транспорт и врски, со меѓусекторска соработка, е одговорно за следење на имплементација на целите предвидени во Националната транспортна стратегија 2007 – 2017, како и за подготовката на информацијата за степенот на реализација на целите предвидени во Националната транспортна стратегија (2007 до 2017) која ќе се доставува до Владата на Република Македонија. Следното ажурирање на Националната транспортна Стратегија е предвидено за месец април 2012 година.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во рамките на Министерството за транспорт и врски, Секторот за Евроспка интеграција со гласно систематизација од Правилник од 11.07.2008 година се состои од три одделенија: Одделение за преговори и интеграција, Одделение за ИПА фондови , и Одделение за програми на Заедницата и други меѓународни инвестиции. Во Секторот за Европска унија има 14 вработени од сите се постојано вработени. Надлежни институции за спроведување на проектите од трансевропските мрежи се Министерство за транспоррт и врски, Агенцијата за државни патишта, МЖ Инфраструктура, Министерство за финансии, Сектор за железници од МТВ.

За институционалната рамка за железничка инфраструктура и инфраструктура во воздушниот сообраќај види Поглавје 3.14.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

- **Реализација на проектот Демир Капија-Смоквица** во должина од 28.км Пан - Европски Коридор 10 кој што минува низ целата држава поврзувајќи ги границите со Република Србија и со Република Грција ќе биде на ниво на автопат. Проектот во дожина од 28км се реализира со средства од ИПА Компонента за Регионален развој, Владата на Република Македонија , Европска Банка за обнова и равој и Европска инвестициона банка.Тендерот за градба беше објавен на 30.08.2011 година. Крајниот рок за доставување на понуди е 06.12.2011 година Договорот со избраната компанија се очекува да се склучи во почетокот на 2012 година.

Започната е и та постапка за избор на надзор врз градежните работи. Евалуацијата за претквалификација за избор на консултант-надзор започна на 6 мај 2011. Се очекува надзорот да се избере во првиот квартал од 2011. Градбата се очекува започне во првиот половина од 2012 година со траење од 48 месеци плус дополнителен гарантен период од 24 месеци.

- **Реконструкција на Железничка станица Скопје** .
За овој проект се обезбедуваат средства од Буџетот на Република Македонија, како и средства кои се обезбедени преку ИПА. Евалуацијата за најповолен понудувач за изработка на главен проект заврши, евалуациониот извештај беше доставен до Делегација на ЕУ (ДЕУ) на одобрување на 12 јули 2011. Истиот е одобрен на 27.07.2011 и избраната фирма започна со работа на 24.08.2011.

Во согласност со Планот за набавки кој е усогласен со ДЕУ:

1. Проект за изработка на Главен проект за рехабилитација, Тендер за градба и Тендер за надзор. Следува период за одобрување на Тендерот за градба и Тендерот за надзор од страна на ДЕУ, ревизија на Главниот проект, тендерски процедури за избор на изведувач и надзор и склучување на договорите. Откако ке се склучат договорите следуваат:

2. Рехабилитација на железничка станица Скопје последниот квартал од 2012- 2014 год.

3. Надзор врз градежните работи - последниот квартал од 2012- крај на 2014

- **Подготовка на проектни студии и проектна документација за железничките делници долж коридор** 10 **и кракот** 10**д**, (Куманово-Дељадровце,Драчево-Велес и Битола - Кременица). Тендерот за изработка на проектна докуменација е во тек. До крај на 2011 да се одбере изведувач, кој до средина на 2012 треба да ја изработи проектната документација за Битола Кременица. Се очекува проектот да заврши во 2014 година. За овој проект Владата на Република Македонија обезбеди средства, како и средства преку ИПА.

**Модернизација на Коридор** X –**железница**. Во првиот квартал од 2012 година ќе започнат градежните работи на Табановце-Куманово (11,7 км) и Миравци –Смоквица ( 12,5км ) . Ремонтот на двете делници се планира да се реализира на почетокот на 2013 година. Исто така во овој период се планира да се распише јавен повик за избор на градежна фирма која ќе ги изведува градежните работи на ремонт на пругата на делницата од Ногаевци-Неготино ( 28,2 км).

**Ремонт со реконструкција на делницата** (железничката пруга) **Битола** – **Кременица** (граница со Р. Грција) како дел од крак 10Д од Коридорот 10 (мај 2013-мај 2016). По изработка на проектната документација, треба да се ревидира проектот и да се изработи тендерот за градба и надзор. Тендерската процедура за градба да започне во трет квартал на 2012 и договорт за градба да се склучи во средина на 2013. Треба да се заврши со градежни работи до средина на 2015 год.

**Комплетирање на Коридор** VIII-**железница**
**Изработка на физибилити студија и ЕСИА за ремонт Куманово** - **Деве Баир** граница со Република Бугарија. До мај 2012 година се очекува Студијата за оценка на влијанието на на животната средина и социо-економскиот живот да биде одобрена од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Рехабилитација на делницата Куманово-Бељаковце**: Во првата половина од 2012 година, консултантот треба да ги изработи основните проекти за рехабилитација на делницата Куманово Бељаковце, како и тендесркаta докуметација за избор на гардежна фирма која ќе ги изведува градежните работи на рехабилитацијата, во средината на 2012 година да се распише јавен повик за избор на грдежна фирма која ќе ги изведува градежните работи на рехабилитацијата на оваа делница, до крајот на 2012

година да се склучи договор со избрана фирма, а градежните работи да се изведуваат во период од 2 години, односно до 2013-2015 година.

**Изработка на основен и изведбен прокет за пругата од Кичево до Лин**, граница со Република Албанија во должина од 62.6 км.Треба консултнатот да започне со работа до крајот на 2012 и да заврши со до крајот на 2012.

Во април 2012 година ќе се направи четвртото ажурирање на Националната Транспортна Стратегија. Ажурирањето се врши на секои 2 (две) години,а има за цел следење на имплементација на активностите предвидени во Националната транспортна стратегија 2007 – 2017, како и подготовката на информацијата за степенот на реализација на целите предвидени во Националната транспортна стратегија (2007 до 2017)

Датумот за потпишување на Договорот за транспортна заедница не е прецизиран од страна на Европската Комисија

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2012 година се планира зајакнување на административните капацитети на Секторот за Европска унија, при Министерството за транспорт и врски.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Идејниот проект за делницата од магистралниот пат Клучка Дреново - Клучка Градско и Мост Раец - Клучка Дреново** изготвен од Балкан Консалтинг ДОО Скопје како и предфизибилити студија за економска оправданост за изградба на делницата се изработени. Потрено е изработка на основен и изведбен проект. Средства за тоа се предвидени во буџетот на АДП за 2012 година.

**Модернизација на Коридор** X –**железница**. Во 2013 година се планира ремонтот на последната делница предвидена за изведување на градежни работи на ремонт од Ногевци до Неготино да завршат и со тоа да заврши и релизиацијата на кредитот од ЕБОР.

**Рехабилитација**, **надградба и реконструкција на поголемите железнички станици на Коридорот** 10 **и кракот** 10**Д** според најдобрите практики во ЕУ. (април 2014 – 2016).. Образецот за идентификација на проект ( ОИС ) е доставен од страна наМинистерство за финансии(ЦФЦД) до Европската Комисија на 06.05.2011 година. Имплементација се очекува да започне во периодот од втората половина на 2013 до Јули 2016.

**Проект за радио диспечер** (GSMR) **на железничката пруга од Табановце до Гевгелија** Набавка и инсталација на опрема за радио диспечер по должината на Коридор 10 (Табановце – Гевгелија), Образецот за идентификација на проект ( ОИС ) е доставен од страна на ЦФЦД до Европската Комисија на 06.05.2011 година. Имплементација се очекува да започне во периодот од втората половина на 2013 до крај на 2015

**Автоматска регулација на брзина** (ETCS) **на железничката пруга од Табановце до Гевгелија** Набавка и инсталација на опрема за автоматска регулација на брзина на возовите по должината на Коридор 10 (Табановце – Гевгелија), Образецот за идентификација на проект ( ОИС ) е доставен од страна на ЦФЦД

до Европската Комисија на 06.05.2011 година. Имплементација се очекува да започне во периодот од втората половина на 2013 до крај на 2015.

**Рехабилитација на делницата Куманово-Бељаковце**: Во 2013 година се планира да започнат градежните работи на рехабилитацијата на делницата од Куманово до Бељаковце и истите да завршат до крајот на 2015 година. Паралелно со изведбата на градбата, избраната консултантска куќа ќе врши надзор над градбата на ремонтот на пругата.

**Изработка на основна техничка документација и тендерска документација за градба за делницата од Бељаковце до Дева Баир**, **граница со Република Бугарија**. Во период од 2 години, одосно 2013 и 2014 година ќе се работи на изготвување на проектната документација, како и тендерска докуметација за градба за делницата.

### 3.21.2 Транс-европски енергетски мрежи

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**Стратешки документи**

За постигање на целите на Договорот за основање на Енергетска заедница, активностите на земјите потписнички опфаќаат, меѓу останатото, и создавањето единствен механизам за прекугранична алокација на капацитети и пренос или транспорт на овој вид енергија и создавање пазар на електрична енергија и природен гас без внатрешни граници за сите земји-потписнички на Договорот, вклучително и координација на заемната помош во случај на сериозно нарушување на функционирањето на енергетските мрежи. За имплементација на ***механизмот за прекугранична алокација на капацитет и пренос на електрична енергија***, потребно е да се формира проектен тим (компанија) кој ќе биде задолжен за воспоставување на аукциска куќа во регионот на југоисточна Европа која ќе има задача да биде оперативна од правен, технички и организационен аспект. За таа цел се усогласени конечната верзија на договорот за основање за компанија за ограничена одговорност (Agreement on the Foundation of a Limited Liability Company), договорот за придружување (Articles of association) и акциониот план (Буџетот) на Проектниот Тим Компанија. Во фаза е процесот на потпишување на декларација за финансиско учество на сите преносни-систем оператори од југоисточна Европа за формирање на проектниот тим. Во буџетот на проектот преку 80% ќе учествуваат меѓународните финансиските институции (EBDR, KfW, USAID) од кои се чека официјална потврда за нивно учество во проектот. По потврдата од меѓународните финансиските институции електропреносните систем оператори ќе треба да доставaт номинации за вработени во проектот и ќе отпочне интерна процедура во самите преносни систем оператори за прифаќање на споменатите документи.

***Европска асоцијација на електропреносните-систем оператори*** *ENTSO-E*[30] ( European Network of Transmission System Operators for Electricity) е составена од електропреносните систем-оператори од 34 земји во Европа. АД МЕПСО е полноправен член на ENTSO-E. Формирањето на ENTSO-E ја зајакнува соработката меѓу електропреносните систем -операторите на многу полиња: развој на технички и маркет ориентираните кодови, координација на работата на систем операторите и развој на мрежата, а една од главните цели на оваа асоцијација е да се забрза развојот на европскиот единствен пазар на електрична енергија, што ќе придонесе за сигурна и координирана работа на целиот европски преносен систем на електрична енергија. Во тек е процес на изработка на на Десет годишниот план за развој на мрежи и Регионалниот план за инвестиции и оценка на регионалните проекти кои се од пан Европско значење.

[30]формирана во декември 2008 година, како организација која ја продолжува работата на UCTE

МЕПСО е автор/коавтор на неколку секции од Регионалниот инвестициски план за ЈИЕ – RgIP 2012, и тоа на секциите: методологија и претпоставки (дел за пресметка на преносните капацитети GTC),преглед на тековни состојби и потреби од инвестиции,инвестиции, и на прилозите за резултатите од пазарните и мрежните анализи.

Во организација на МЕПСО од 15 - 17 ноември 2011 година се одржа првиот регионален Самит на преносни систем-оператори „ТСО - СЕЕ“ на кој учествуваат претставници на 12 преносни систем-оператори од: Бугарија, Турција, Грција, Србија, Албанија, Македонија, Косово, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија и Романија. Темите на разговор на самитот беа развојот на регионалниот пазар на електрична енергија, приклучувањето на обновливите извори на електрична енергија на преносната мрежа и проблемите кои што произлегуваат од приклучокот на истите и пазарот на балансна енергија.

Во рамки на ***Програмата*** *SECI* (Southeast European Cooperation Initiatve) во тек е реализација на Проектот за регионално планирање на електроенергетските системи во Југоисточна Европа (Transmission System Planning - TSP), започнат во 2001 година со техничка помош од USAID и USEA (United States Energy Association). Работата во рамките на овој проект продолжува со изработка на регионалните модели на преносната мрежа за 2015 и 2020 година. Во тек е изработка на регионална Студија за интегрирање на ветерните електрина во региoанот на југоисточна Европа (Study on Large Scale Wind Integration in SEE). Првата нацрт верзија треба да биде изработена до крајот на ноември 2011 година.

***Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до*** *2030* ***година*** усвоена и донесена во 2010 година. Во неа е предвидено поврзување на електроенергетскиот систем на Република Македонија со 400 kV интерконективни далноводи: Македонија – Србија, Македонија- Албанија и Македонија Косово со цел за целосна интеграција во регионалниот систем. За развој на електроенергетскиот систем во Републиката е предвиден 110 kV далновод за поврзување на ХЕ Бошков Мост на преносната мрежа, како и вложување и во ревитализацијата и замена на делови од преносната мрежа и трафостаници.

***Студијата за развој на преносната мрежа на Република Македонија во период*** *2010-2020* ***година*** е изработена врз основа на Студијата за доверливост на електроенергетскиот систем утврдена во Мрежните правила за пренос на електрична енергија и истата претставува законска надлежност за одржување и развивање на преносната мрежа, како и извршување на обврските за обезбедување на јавна услуга на сигурен начин, што подразбира сигурно, навремено и квалитетно напојување со електрична енергија по разумна цена на испорака и грижа за заштита на животната средина. Студијата е усвоена од страна на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на 21.07.2011 година. МЕПСО ја развива преносната мрежа на начин предвиден во предметната студија.

**Мрежните правила за пренос на електрична енергија** ќе се надградат врз основа на постојниот Закон за енергетика (Службен Весник бр.16/11) и истите ќе треба да бидат доставени на одобрување до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија до март 2012 година. Во нив ќе се имплементираат и документите на ENTSO-E кои МЕПСО како членка на ENTSO-E е должна да ги спроведува согласно европската регулатива.

**Привремените Правила за доделување на прекугранични капацитети на интерконективните врски на електроенергетскиот систем на Република Македонија на годишно ниво и Привремените Правила за доделување на прекугранични капацитети на интерконективните врски на електроенергетскиот систем на Република Македонија на месечно и неделно ниво** АД МЕПСО ги донесе во септември 2011 година согласно Законот за енергетика(Службен Весник бр.16/11) по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Во тек е реконструкција и ревитализација на постојните преносни трафостаници и далекуводи со Проектот ***„Изградба на објекти од електрична мрежа“*** со што се подобруваат перформансите на електропреносниот систем на РМ и се обезбедува доверливо снабдување со електричната енергија на потрошувачите. Проектот е започнат во 2004 година и е финансиран од Европската Банка за Инвестиции (EIB) со кофинансирање од страна на АД МЕПСО. До сега е завршена изградбата на ТС Скопје 5 – I фаза и набавена е високонапонска опрема за ТС Драчево и ТС Петровец. ТС Драчево е завршена и пуштена под напон месец Ноември 2009. За реализација на ТС Петровец во 2011 година првата тендерска постапка за изведба е поништена и истата ќе се повтори. И покрај проблемите со изведувачот започнаа активностите за реализација на втората делница на 2 x 110 kV двосистемски ДВ од Вруток до Тетово .

Во рамките на Стратешкиот план на Светска Банка за инвестирање во Енергетската заедница на Југоисточна Европа за Развој на Регионалниот Енергетски Пазар влезен е ***„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија“***.Проектот е комплексен со 5 компоненти од кои во тек се следните компоненти:

*Компонента 2:* Реконструкција иградба на интерконективен и надземни далекуводи.

Во рамките на оваа компонента планирана е изградбата на 2x110 kV ДВ ТС Битола 3 - ТС Битола 4 за која во 2011 е завршена тендерската постапка и е потпишан договорот со изведувачот кој започна со имплементација на проектот со испорака на опрема и проектирање. Во течение е експропријацијата на земјиштето.

Во рамките на оваа компонента планирана е и реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1 за кој на 11.04.2011 година беше потпишан договорот за дополнителен заем од Светска Банка за дополнителни 3 милиони евра за овој проект. Завршени се основниот проект, проектот за пристапни патишта, проектот за инфраструктура кој е доставен до Министерството за транспорт и врски на одобрување.Во фаза на подготовка е тендерската документација за изградба на овој проект.

*Компонента 4:* Надградба и реконструкција на постојните 110/x kV трафостаници е тековна. Потпишани се договори за: - набавка на високонапонска опрема, - набавка на опрема за непрекинато напојување во 110 kV ТС-и, - набавка на опрема за заштита и локално управување на дел од 110 kV ТС-и, - набавка на крајни станици и мерни претварачи за 110 kV ТС-и, - набавка на оптичко јаже. Сите активности се во фаза на реализација.

*Компонента 5:* Поддршка на институционалниот развој. Тендерската документација е изработена и дадена на одобрување до Светска Банка. Продолжува реализацијата која се очекува да заврши во првиот квартал од 2012 година.

**Проектот Нов** SCADA/EMS **систем** ќе овозможи поквалитетен надзор и управување со ЕЕС на Република Македонија во реално и проширено време со висока доверливост, сигурност и расположивост согласно со ENTSO-E регулативата и стандардите. Овој проект е дел од Програмата за јавни инвестиции 2012-2014. За реализација на овој проект се потребни 6,4 милиони евра од кои 3,4 милиони евра се преостанати средства од заемот од ЕБОР за 400 kV интерконекција ТС Штип (Македнија) – ТС Червена Могила (Бугарија), а 3 милиони евра ќе ги обезбеди МЕПСО. Во 2012 година консултантот ќе ја изработи тендерската документација за да во вториот квартал на 2012 започне тендерската постапка, а на крајот од 2012 година се потпише договор со изведувачот.

***Новиот проект за ревитализација и модернизација на преносната мрежа*** за кој е потребна странска помош од 25 милиони ЕУР, МЕПСО ќе учествува со 15,51 милиони ЕУР, е составен од четири компоненти:

1. Ревитализација на 110 kV далеководи

2. Примарна опрема

3. Комплетно затварање на оптичкиот прстен со поставување оптички кабел во преносната мрежа

4. Далечинско следење, видео надзор и управување со трафостаници

Со овој проект ќе се постигне ревитализација на веќе застарената опрема над 30 години(примарна опрема и 110 kV далекуводи со бетонски столбови) и ќе се овозможи преку затварањето на оптичкиот прстен во преносната мрежа далечински да се управуваат трафостаниците во преносната мрежа и да се следат со видео надзор , а со цел да се обезбеди сигурен и доверлив надзор и управување со ЕЕС како и сигурно и доверливо снабдување на потрошувачите со електрична енергија.

***Во насока на Коридор** 10*

*400 kV **интерконеконективна врска Штип** (**Македонија**) – **Ниш** (**Србија**)*

Предвидените средства за реализација на овој проект се 19,2 милиони евра од кои 11 милиони евра се заем од Светска Банка, а останатите 8,2 милиони евра се сопствени средства на АД МЕПСО. Започнување со изградбата е предвидено за четвртиот квартал од 2012, а завршување на изградбата на далекуводот во 2014.

Во 2011 година се изработени Основниот проект и проектот за инфраструктура(ДУПД) кој е доставен на одобрување до Министерството за транспорт и врски. Во течение е тендерската постапка за избор на консултант согласно процедурата на Светска Банка. Во третиот квартал 2011 година започната е и постапката за експропријација на земјиштето.

*400 kV **интерконеконективна врска Македонија** (**Скопје**) – **Косово** (**Ново Косово**)*

На 20 Октомври 2011 е потпишан Меморандумот за разбирање помеѓу МЕПСО и КОСТТ(Косовскиот електропреносен систем оператор). Во меморандумот е нагласена соработката за започнување на постапка за изработка на фисибилити студија за втората 400 kV интерконективна врска Македонија - Косовосо со прв чекор изнаоѓање средства за истата.

***Во насока на Коридор** 8:*

*400 kV **интерконеконективна врска Македонија** – **Албанија*** е приоритетен проект согласно Стратегијата за развоја на енергетиката на Република Македонија до 2030 година како и во среднорочните проекти на АД МЕПСО. Одобрени се грант средства од WBIF за изработка на фисибилити студија за 400 kV интерконекција Македонија – Албанија како и за студијата за ОВЖС за делот од интерконекцијата на македонската територија. Експертот од WBIF ја припреми прелиминарната Проектна задача за фисибилитит студијата. На 13.04.2011 година МЕПСО и OST-Албанија потпишаа Меморандум за разбирање за учество во изработката на Фисибилити студијата и имплементацијата на овој проект. На 19.04.2011 под покровителство на Секретаријатот на Европската заедница беше одржан состанок на кој присуствуваа: МЕПСО, OST (Албанскиот електропреносен систем оператор), EBRD (финансиска

институција која одобри грант за овој проект), KfW (финансиска институција која одобри грант за овој проект) и консултантот од WYG International на WBIF кој ја презентираше прелиминарната проектната задача за фисибилити студијата и студијата за ОВЖС. Во мај 2011 МЕПСО, OST заедно со консултантот од WYG International ја усвоија проектната задача која беше дадена на одобрување до EC DG ELRAG и истата ја усвоија во октомври 2011. Во ноември 2011 година е одржан првичниот состанок со консултантите COWI- WBIF кои се во фаза на избор на тимот на експерти за реализација на студиите и се очекува во декември 2011 година да се одржи следниот состанок.

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Врз основа на изработените идејни проекти од физибилити студијата за гасификација се изработуваат основни и изведбени проекти за 5 делници:

1.Клечовце-Штип-Кавадарци(96.6 км

2.Кавадрци-Прилеп-Битола(91.7 км)

3.Штип - Радовиш-Хамзали (59,96 км)

4.Хамзали-Струмица-Богданц-Граница Грција (50,39 км)

5.Скопје-Тетово-Гостивар со продолжување до Кичево ( 110 км).

Изработката на проектната документација за четирите делници ќе завршат до крај на декември 2011 година, а изработката на проектната документација за петтата делница ќе заврши до крај на март 2012 година.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**А) ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Краткорочното – годишно, среднорочното и долгорочното планирање и инвестирање во електропреносниот систем на МЕПСО се заснова на Стратегијата за развој на енергетиката во Република Македонија до 2030 година и Студијата за развој на преносната мрежа на Република Македонија во период 2010-2020 година. Во Стратегијата е предвидено поврзување на електроенергетскиот систе на Република Македонија со 400 kV интерконективни далноводи: Македонија – Србија, Македонија- Албанија и Македонија Косово со цел за целосна интеграција во регионалниот систем.

Активностите во проектот ***„Изградба на објекти од електрична мрежа“***- поточно за изградбата на ТС Петровец и 2 x 110kV двосистемски ДВ Вруток -Тетово продолжуваат и во 2012 година.

За изградбата на ТС Петровец и приклучниот 110 kV далекувод се очекува да се повтори тендерската постапка и да се избере најповолен изведувач и истовремено да се добие одобрение за градење и изградбата да заврши во 2012.

За 2 x 110 kV двосистемски ДВ Вруток -Тетово се очекува во 2012 година да заврши изградбата на далекуводот со комплетирање на втората и третата делница Гостивар - Полог и Полог – Тетово.

Во рамки на ***„Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија“*** во *Компонента 2* за 2x110 kV ДВ ТС Битола 3 - ТС Битола 4, се очекува да заврши постапката за експропријација и да се добие одобрението за градење. Изградбата на далекуводот се очекува да заврши во 2012.

За реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1 се очекува да заврши постапката за експропријација и да се добие Одобрението за градење. Во 2012 ќе се објави меѓународен тендер за избор на изведувач.

Реализацијата во *Компонента 4* продолжува, а во 2012 завршува реализацијата на *Компонента 5*.

Реализација на **Проектот Четири трафостаници** 400/110 kV продолжува.

**Проектот Нов** SCADA/EMS **систем** ќе овозможи поквалитетен надзор и управување со ЕЕС на Република Македонија во реално и проширено време со висока доверливост, сигурност и расположивост согласно со ENTSO-E регулативата и стандардите. Овој проект е дел од Програмата за јавни инвестиции 2012-2014. За реализација на овој проект се потребни 5 милиони евра од кои 3,4 милиони евра се преостанати средства од заемот од ЕБОР за 400 kV интерконекција ТС Штип (Макеоднија) – ТС Червена Могила (Бугарија), 1,6 милиони евра ќе ги обезбеди МЕПСО. Во 2012 година консултантот ќе ја изработи тендерската документација за да во вториот квартал на 2012 започне тендерската постапка, на крајот од 2012 година ќе се потпише договор со изведувачот.

***Коридор** 10:*

*400 kV **интерконеконективна врска Штип** (**Македонија**) – **Ниш** (**Србија**)*

Во првиот квартал на 2012 година ќе започне тендерската постапка за изградба во фази. Изборот на изведувачот се очекува да биде на почеток од третиот квартал од 2012, а кон крајот на 2012 да започне градбата. До крајот на вториот квартал од 2012 се очекува да заврши експропријацијата , а одобрението за фазно градење би требало да се добие во третиот квартал од 2012.

*400 kV **интерконеконективна врска Македонија** (**Скопје**) – **Косово** (**Ново Косово**)*

Ќе продолжи соработаката со КОСТТ(Косовскиот електропреносен систем оператор) за изработка на проектна задача за фисибилтити студија и изнаоѓање средства за оваа интерконекција.

***Коридор** 8:*

*400 kV **интерконеконективна врска Македонија**) – (**Албанија**)*

Со изборот на тимот на експерти и нивно одобрување од ЕС DG ELRAG, ќе продолжи соработката со консултантите од COWI во насока на реализирање на проектната задача за фисибилити студијата и студијата за ОВЖС за овој проект. Во студиите ќе биде земена предвид и новата 400/110 kV ТС Охрид која ќе биде приклучена со влез-излез на оваа интерконекција и чија оправданост е потврдена во

*Студијата за развој на преносната мрежа на Република Македонија во период 2010-2020 година.* Изработката на студиите ќе биде 12 месеци.

**Б**) **ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Изградба на делницата Клечовце-Штип-Хамзали-Стојаково-граница со Република Грција во должина од 170 км ќе се финансира со средства обезбедени од "Спогодбата меѓу Владата на РМ и Владата на Руската Федерација за регулирање на обврската на поранешниот СССР по пресметките сврзани со стоковната размена меѓу поранешниот СССР и поранешната СФРЈ". Се планира изградбата да започне во 2012 година, а да заврши до крај на 2015 година.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**А**) **ЕЛЕКТРОПРЕНОСНА ИНФРАСТРУКТУРА**

За ***Проектот за развој на електроенергетскиот систем на Република Македонија***, се предвидува во *Компонента 2* да завршат активностите за изградба и реконструкцијата на постојниот 110 kV ДВ ТС Скопје 1-ТС Тетово 1 кон крајот на 2013 година и да заврши реализацијата на *Компонента 4.*

Се очекува **проектот Четири трафостаници** 400/110 kV да заврши до крајот на 2014 година.

Реализацијата на **Проектот Нов** SCADA/EMS **систем** ќе продолжи во 2013 година и се очекува во 2014 година да биде завршен.

***Коридор** 10:*

*400 kV* ***интерконеконективна врска Штип*** *(**Македонија**)* – ***Ниш*** (***Србија***)- Реализацијата на проектот се очекува да биде во текот на 2013 година и да заврши во 2014.

Во однос на *400 kV* ***интерконеконективна врска Република Македонија*** (***Скопје***) – ***Косово*** *(**Косово Ц**),* на среднорочен план предвидено е изработка на фисибилити студија и техничка документација. Коридорот на 400 кV интерконекција ќе ги користи постојните коридори на 220 kV ДВ-и од Скопје до Косово А кои не се во функција од 1999 год.

***Коридор** 8:*

Во однос на *400 kV* ***интерконеконективна врска****: 400 kV* ***далековод*** (***Македонија***) – (***Албанија***) во 2013 се очекува да заврши изработката на фисибилити студијата и студијата за ОВЖС. АД МЕПСО ќе треба по потврдување на оправданоста на овој проект да започне постапка за обезбедување на заем за овој проект во соработка со Министерството за финансии. Во 2013 и 2014 година ќе треба да се експроприра земјиштето и да се изработи соодветната техничка документација, да се добие одобрени за градба и да се изработи тендерска документација. Изградбата на овој проект 400 kV интерконективниот далекувод и 400/110 kV ТС Охрид се очекува да трае 30 месеци.

**Б) ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА**

Изградба на трасата Скопје-Тетово-Гостивар и Изградбата на Штип-Неготино-ТЕЦ Неготино-Кавадарци-Прилеп-Битола и РЕК Битола-Кременица-граница со Република Грција ќе се финансира со заем од ЕБРД и ЕИБ, како прва фаза. Изградбата се планира да започне 2013 година и да заврши до крај на 2015 година.

Како втора фаза од заемот ЕБРД/ЕИБ ќе се финансираат делниците Гостивар-ТЕЦ Осломеј-Кичево, Хамзали-Ново Село-граница со Република Бугарија и преостанатиот дел на магистралните гасоводи од Националниот гасоводен систем во Република Македонија. Овие делници се планираат да започнат 2015(2017) година и да завршат до крај на 2022 година.

### 3.21.3 **Транс-европски комуникациски мрежи**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА** (2011)

Во текот на 2011 година, Република Македонија ги продолжи преговорите со Европската Комисија (ЕК) за членство во втората програма на Рамковната Програма за конкурентност и иновации (ЦИП) 2007-2013 на Европската Унија, Подпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии. Комуникацијата на преговори се водеше помеѓу Министерството за економија како национална партнер институција на РМ за ЦИП, и Генералниот директорат за информатичко општество и медиуми, како институција која управува со потпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии во рамки на ЕК. Текот на преговорите го следеше и мисијата на РМ во Брисел.

На 02.08.2011 година Европската Комисија донесе одлука за одобрување и потпишување на Меморандумот за разбирање за вклучување на Република Македонија во Потпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии.

Од страна на Република Македонија, на седницата одджана на 08.11.2011, донесе одлука за одобрување и потпишување на Меморандумот за разбирање за вклучување на Република Македонија во Потпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии, и воедно го овласти министерот за економија во име на Владата да го потпише Меморандумот.

Понатаму, во делот на финансиските обврски, во рамки на предлог Буџетот на РМ за 2012 година побарани се средства за исплата на влезниот билет за оваа подпрограма за 2011 година. Средствата кои ќе бидат исплатени од страна на Република Македонија за влезен билет, во одреден износ ќе бидат рефундирани од страна на Европската комисија согласно ИПА проектот за Учество во Програмите и Агенциите на Унијата.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Се предвидува во првиот квартал од 2012 година да се потпише Меморандумот за разбирање за учество на Република Македонија во Потпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии. Понатаму, ќе следи и исполнување на финансиската обврска, односно плаќање на влезниот билет на РМ за Потпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии за 2012 година, именување на член на РМ за учество во координативното тело на оваа програма. За поефикасно користење на Подпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии, Министерството за економија во соработка со Министерството за информатичко општество и администрација со цел запознавање на јавноста за можностите кои ги нуди оваа програма, ќе ги

координира активностите и ќе ја промовира програмата преку учество на јавни настани, конференции, форуми, средби на бизнис заедницата, понатаму ќе објавува информации, повици за предлози,

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

На среден рок, бидејќи Рамковната Програма за конкурентност и иновации (ЦИП) 2007-2013 на Европската Унија е предвидено да трае до 2013 година, согласно Меморандумот за разбирање за учество на Република Македонија во Потпрограмата за поддршка на политики за информатичко комуникациски технологии, ќе продолжат тековните активности за координација и имплементација на потпрограмата.

## 3.22 РЕГИОНАЛНА ПОЛИТИКА И КООРДИНАЦИЈА НА СТРУКТУРНИ ИНСТРУМЕНТИ

### 3.22.1 ЗАКОНОДАВНА РАМКА

**Тековна состојба**

Република Македонија во делот на регионалната политика и координација на структурните инструменти треба да го спроведе законодавството на Европската унија во насока на користење на Структурните фондови и кохезивниот фонд по добивањето на статусот земја членка во ЕУ.

На 13.11.2010 година стапија во сила Законот за заштита на конкуренцијата и Законот за контрола на државната помош, објавени во Службен весник на РМ бр.145/10, при што орган надлежен да врши надзор и контрола над примената на овие законите е Комисисијата за заштита на конкуренцијата.

Во тек е анализа за изменување и дополнување на Законот за рамномерен регионален развој. За таа цел, одржани се консултации со Центрите за развој на осумте плански региони, ангажирен е консултант од Република Словенија со поддршка на ГТЗ-Ред програма од Германската техничка помош за Република Македонија.

Со цел комплетирање на правната и стратешка рамка за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој беше донесен Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за регионален развој на Република Македонија (2010 – 2012 година) (62/2010). Овој акцискиот план се однесува врз основа на Стратегијата за регионален развој донесена на 30 Септември 2009 година која се однесува на периодот 2009-2019 година (119/09) и ги утврдува приоритетните мерки во функција на потикнување на економскиот раст на планските региони, инфраструктурна изградба и развој на компаративните предности на различните плански региони. Во моментов, се подготвува извештај за Владата на Република Македонија за спроведување на Акцискиот план за спроведување на Сратегијата за регионален развој на Република Македонија за 2010 година.

Националниот совет за рамномерен регионален развој како главно тело за координација заседаваше во декември 2009 каде беа одобрени Програмите за развој на планските региони. Овие програми се среднорочни плански документи со време на важење од 5 години, изработени согласно Стратегијата за рамномерен регионален развој, со кои се утврдуваат потребните цели на регионалниот развој и мерките, инструментите и потребните финансиски и други ресурси за остварување на тие цели.

Исто така, донесени се и Акциските планови за спроведување на програмите за развој на планските региони со временска важност од 1 година. Донесувањето на овие акциски планови е во надлежност на Советите на планските региони. Советите се составени од градоначалниците на општините кои

влегуваат во состав на планскиот регион, кои на седници на Советот ги донесуваат овие годишни Акциски планови.

Со цел утврдување на приоритетите за финансирање и утврдување на буџетските средства беа донесени Програмата за рамномерен регионален развој за 2010 година (“Службен весник на Република Македонија “ бр. 08/10 ) и Програмата за рамномерен регионален развој на Бирото за регионален развој (“Службен весник на Република Македонија “ бр. 20/10 ) од 11.02.2010 година. Со овие програми се уредува намената на средствата за спроведување на политиката за рамномерен регионален развој на Република Македонија односно на Бирото за регионален развој во определен износ утврден во Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Во согласност со Законот за рамномерен регионален развој беа донесени следниве подзаконски акти:

- Правилник за постапка за избор на оценувачи и методологија за оценување на планските документи за регионален развој.
- Правилник за избор на оценувачи и постапка и методологија за тековно и завршно оценување на проектите за регионален развој.

Во Декември 2010 од страна на Министертсво за локална самоуправа се подготвува нова Програма за 2011 година за утврдување на приоритетите за финансирање и утврдување на буџетските средства која Владата на Република Македонија ќе ја донесе во Јануари 2011 година а на регионално ниво се подготвуваат Акциски планови за спроведување на Програмите на планските региони.

Во делот на законодавната рамка, во септември 2009 година *“Уредбата за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од Инструментот за прет-пристапна помош (ИПА) на Европската Унија*”, ("Службен весник на Република Македонија", бр. 132/2008) беше изменета и дополнета (”Службен весник на РМ” број 119/2009) со цел да се вградат забелешките од Ревизорскиот извештај изготвен од Генералниот Директорат за Проширување на Европската Унија испратен како резултат на Ревизорска Мисија одржана во периодот од 9 до 13 март 2009 година во поглед на органите и структурите за децентрализирано управување со првата ИПА Компонента. Измените и дополнувањата се однесуваа на начинот на номинирањето на Програмскиот службеник за авторизација и Вишиот програмски службеник.

Согласно препораките од Мисијата на ЕК за оценка на усогласеноста на системот за децентрализирано управување со ИПА помошта во Република Македонија со критериумите за акредитација воспоставени од страна на Европската комисија:

- ревидирана е правната рамка која го дефинира системот за децентрализирано управување со ЕУ фондовите, и тоа:

- ревидиран е Договорот за спроведување на проектите финансирани од ИПА во кои се утврдени одговорностите и взаемните права и обврски на Националниот координатор за авторизација (НКА)/ Националниот фонд (НФ) и Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД),

- ревидирани се Оперативните договори потпишани помеѓу ЦФЦД и ресорните министерства кои се дел од Оперативните структури за тратата и четвртата ИПА компонента;

- ревидиран е Договорот за субделегирање на задачи во однос на Проектот Коридор X од ИПА Компонента III – Регионален развој, потпишан помеѓу Министерството за транспорт и врски и Агенцијата за државни патишта, и одобрен од Раководителот на Оперативната Структура за Регионален развој.

Соодветните Генерални директорати во Европската комисија се известени за погоре наведените измени од страна на Националниот координатор за авторизација.

**Краткорочни приоритети**

Донесување и спроведување на Програмата за рамномерен регионален развој за 2012 година и Програмата за рамномерен регионален развој на Бирото за регионален развој за 2012 година.

Потпишана Финансиска спогодба за Оперативна програма за регионален развој

Потпишана Финансиска спогодба за Оперативна програма за развој на човечки ресурси

За 2012 година планирано е да се подготви програма за рамномерен регионален развој. За поефикасно имплементирање на оваа програма ќе бидат изготвени 3 одлуки за доделување на средства за финасирање на проекти на Центрите на планските региони.

**<u>Среднорочни приоритети</u>**
Утврдување на потребите од измени во постоечката релевантна правна рамка согласно европското законодавство, а во рамки на Акциските планови со цел воведување на Целосно децентрализирано управување со ИПА компонентите 3 и 4 , што треба да овозможи оперативната структура да се подготви за користење на програмите од структурните и кохезиониот фонд на Европската Унија во согласност со: релевантните ЕУ Регулативи[31].

**<u>Странска помош</u>**
Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

**<u>Тековна состојба</u>**
***<u>ИПА Компонента I I – Прекугранична соработка</u>***
По добивање на Извештајот од одржана советодавна мисија за оценка на капацитетите на структурите на национално ниво за децентрализирано управување со втората ИПА компонента од страна на Генералниот Директорат за проширување во периодот од 19-21 Јули 2010 година, беше одржан координативен состанок со оперативната структура за дефинирање на активностите кои треба да бидат преземени понатаму со цел спроведување на согледувањата и препораките од Извештајот.
Исто така, на 3 март 2011 година Националниот координатор за авторизација достави до Владата на Република Македонија Информација со Акциски план со цел сите релевантни институции да преземат неопходни чекори за воспоставување на систем за децентрализирано управување со ИПА Компонентата 2. Владата на Република Македонија на својата 224 Седница одржана на 29 март 2011 година, ги усвои заклучоците со кои се задолжуваат надлежните институциии во дадените рокови да преземат активности за воспоставување на стабилен систем за управување и контрола во согласност со барањата на ЕК.

Во согласност со усвоениот Акциски план за преземање на активности според препораките и согледувањата на ревизорите од ГД за Проширување на ЕК за воспоставување на Оперативна структура за ИПА Компонента 2, Националниот ИПА Координатор на 18 април 2011 година, официјално го назначи за Координатор за прекугранична соработка за ИПА Компонента 2, државниот советник при Министерството за локална самоуправа.

<u>**ИПА Компонента** III – **Регионален развој и ИПА Компонента** IV- **Развој на човечки ресурси**</u>
Институционалната воспоставеност за децентрализирано спроведување на ИПА Компонентите за Регионален развој и Развој на човечки ресурси со претходна контрола, нема да бидат значително променети во наредниот период. Телата и структурите ќе бидат главно насочени кон натамошно

[31] Regulation (EC) No 1080/2006 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on the European Regional Development Fund and repealing Regulation (EC) No 1783/1999; Regulation (EC) No 1081/2006 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on the European Social Fund and repealing Regulation (EC) No 1784/1999; Regulation (EC) No 1082/2006 of the European Parliament and of the Council of 5 July 2006 on a European grouping of territorial cooperation; Council Regulation (EC) No 1083/2006 of 11 July 2006 laying down general provisions on the European Regional Development Fund, the European Social Fund and the Cohesion Fund and repealing Regulation (EC) No 1260/1999; и Council Regulation (EC) No 1084/2006 of 11 July 2006 establishing a Cohesion Fund and repealing Regulation (EC) No 1164/94

развивање и јакнење на нивните капацитети со цел зголемување на ефикасноста и поголема искористенот на ИПА средствата.
Во периодот од 11-13 мај 2011 година, Генералниот директорат за вработување, спроведе ревизорска мисија за следење на исполнувањето на наодите утврдени во Анекс 1 од Одлуката за пренос на надлежностите за децентрализирано управување со ИПА Компонентата 4 на националните власти.

За време на завршниот осотанок со ревизорите беше договорено дека финалниот извештај со првичните наоди ќе биде доставен до националните власти во текот на јуни/ јули 2011 година.

Дополнително, како што беше најавено за време на мисијата на DG EMPL, во текот на декември, 2011 година се одржа обука за националните власти за користење на електронскиот систем за ИПА Компонентите III и IV – SFC.

Согласно искуство од минатата година, беше воочена потребата од продолжување на рокот за подготовка на Годишна изјава за гаранција за функционирање на системот за децентрализирано управување со ИПА средствата. Во оваа насока Оперативните договори помеѓу Раководителот на Оперативната структура (ХОС) и ИПА Координаторите беа ревидирани и потпишани.

Во текот на месец март 2011 година, Ревизорското тело започна системска ревизија за верификација на ефективното функционирање на системите за управување и контрола во Секторот за централно финансирање и склучување на договори во Министерството за финансии, Оперативната структура за ИПА Компонента 3 – Регионален развој, Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање, како ресорните министерства кои се дел од Оперативната структура за ИПА Компонента 4 – Развој на човечки ресурси, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука. При тоа, не беа идентификувани поголеми слабости во функционирање на системот .

Во периодот јули/ август 2011 година, Ревизорското тело спроведува ревизорска Мисија за ревизија на операции за верификација на веродостојноста на сметководствените информации доставени и законитоста и исправноста на трошоците во Националниот фонд, ЦФЦД и ресорните министерства кои се дел од Оперативните структури за ИПА Компонента 3 и ИПА Компонента 4. При тоа, не беа идентификувани поголеми слабости во функционирање на системот .

Дополнително заради надминување на ревизорските наоди подготвен е "Guidelines for grants" за ИПА Компонентата IV – Развој на човечки ресурси. Документот е подготвен од страна на Секторот за централно финансирање и склучување на договори, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, а со техничка поддршка од страна на твининг партнерите од Литванија и од Финска.

Согласно член 18 и член 8(4)(ц) од Регулативата за спроведување на ИПА, како и согласно член 31 и Анекс VII од Финансиските спогодби за Оперативната програма за регионален развој и Оперативната програма за развој на човечки ресурси, Патокази за воспоставување на децентрализиран систем за спроведување без “ex-ante” контрола беа подготвени и доставени до DG REGIO и DG EMPL согласно утврдените рокови.

Патоказите се во функција на определување на главните чекори на процесот на воспоставување на систем за децентрализирано управување без претходна ex-ante” контрола, преку поставување на одредници и барања кои треба да се исполнат од страна на Република Македонија. Истовремено, крајна цел на децентрализираното управување во контекст на претпристапната стратегија е да се овозможи Република Македонија во иднина самостојно да ги користи ЕУ фондовите и да покаже подготвеност за

преземање на обврските кои произлегуваат од идното членство во насока на користење на структурните и кохезиони фондови.

Патоказите содржат одредници и барања кои треба да се исполнат со цел надминување на “ex-ante” контролата од страна на Делегацијата на ЕУ, во однос на:

- институционалната поставеност;
- Бројот на вработени;
- функционирањето на децентрализираниот систем со ex-ante контроли;
- спроведување на проекти / операции, и
- тендерирање и склучување договори.

Покрај тоа, државните органи добија Упатство од DG REGIO и DG EMPL за методологијата и процедурите кои DG EMPL и DG РЕГИО ќе ги користат во оценувањето на подготвеноста на телата и структурите да аплицираат за децентрализирано управување без претходна контрола. Во согласност со ова Упатството националните власти ги ревидираа Патоказите.

Согласно заклучоците од четвртата седница на ВРМ одржана на 01.08.2011 година, по финализирање на Патоказите за воспоставување на ЕДИС за третата и четвртата компонента од ИПА и имплементација на препораките дадени од страна на службите на ЕК, документите пред да се испратат до ЕК во текот на септември, 2011 година, беа доставени до Владата на Република Македонија на одобрување, со оглед на тоа што во процесот на целосна децентрализација без претходни контроли од страна на Делегацијата на ЕУ се вклучени повеќе институции (ресорни министерства).

**Краткорочни приоритети**
Донесување на одлука за вклучување на регионалната конкурентност во оперативната програма за трета компонента врз основа на спроведената оценка за дадени приоритети во земјата и препораки за предлог мерки како и предлог институција одговорна за спроведување на активностите во рамки на регионалната конкурентност.

**Среднорочни приоритети**
Национална акредитација на Оперативната структура за ИПА Компонента II, подготовка и доставување на акредитациски пакет до Европската Унија и добивање одлука за пренос на надлежностите за децентрализирано спроведување на втората ИПА Компонента од Европската Унија на националните структури во Република Македонија.

**Странска помош**

Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

### 3.22.3 **АДМИНИСТРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ**

**Тековна состојба**
Градењето на административните капацитети е континуиран процес кој што се реализира во текот на целата година. Согласно акредитацискиот критериум 1 од Анекс I од Регулативата за спроведување на ИПА 718/2007 и воспоставените постапки за контрола во рамки на системот за децентрализирано управување со ИПА (ДИС), на редовна основа се собираат сите потребни информации во однос на бројот на нови вработувања, потребите за обуки, како и информации за реализираните обуки на вработените лица во рамки на Оперативните структури за ИПА Компонентите II, III и IV.

Основа за зајакнување на административните капацитети на Оперативните структури за ИПА Компонентите II, III и IV во текот на 2011 година се Анализите на обем на работа, Плановите за вработување, Регистрите на обуки, Анализата за потреба од обуки и Планот за обуки за 2011 година кои се реализираа во текот на годината.

Подготвени се Анализите за обем на работа и Плановите за вработување за 2011 година од страна на НФ, ЦФЦД и сите ресорни министерства/институции корисничи кои се дел од Оперативните структури за децентрализирано спроведување на ИПА средствата. ЦФЦД и НФ извршија проверка на квалитетот на Анализите за обем на работа и Плановите за вработување за 2011 година, подготвени од страна на сите институции. Вработувањата согласно Плановите за вработување за 2011 година се следат континуирано во текот на целата година.

Во текот на 2011 година настанати се следниве промени во кадровската екипираност на институциите кои се дел од Оперативните структури и тоа:

- Во март 2011 година во Секторот за централно финансирање и склучување договори (ЦФЦД) беше редовно вработено едно лице на позицијата помлад соработник во Одделението за следење на програми кое беше претходно ангажирано преку Агенција за привремени вработувања. Во јуни 2011 година еден Советник во одделението за следење на програми го напушти секторот. На 03.10.2011 година еден Помлад соработник во одделението за следење на програми спогодбено го напушти секторот. Во ноември 2011 година еден Помлад соработник во одделението за следење на програми беше превземен во Министерството за култура со спогодба за преземање на државен службеник. Во моментот во Секторот за централно финансирање и склучување на договори се вработени вкупно дваесет (20) лица.

Во Националниот Фонд во текот на 2010 година беа настанати следните промени:

1 Едно лице од Одделението за внатрешна ревизија на ЕУ-ИПА при Министерството за финансии беше прераспределено во НФ во Февруари 2010, со договор за привремено вработување.
2 Помошник Раководителот на Сектор за Трезор (Раководител на Национален Фонд) беше вработен во Јуни 2010 година по престанокот на вработувањето на претходниот Помошник Раководителот на Сектор за Трезор (Раководител на Национален Фонд).
3 На две лица (Помлад соработник за сметководствени работи на фондовите на ЕУ и Советник - финансиски менаџер) им престана работниот однос во Министерството за финансии во периодот Септември - Ноември 2010 година.
4 Во ноември 2010 година беше редовно вработено едно лице кое претходно беше ангажирано преку Агенција за привремени вработувања. Во истиот период едно лице ангажирано преку Агенција за привремени вработувања по завршувањето на Договорот, му заврши работниот однос во МФ.

- Во Министерството за локална самоуправа во септември 2011 година две (2) лица ја напуштија ИПА структурата. Имено на едно лице кое беше вработено на позицијата Советник за имплементација на ИПА му престана работниот однос на 05.09.2011 година, додека едно лице кое беше вработено на позицијата Помлад соработник за стручно административна поддршка за програмирање на ИПА на 30.08.2011 година беше превземено од страна на Министерството за правда – подрачно одделение Струга со Спогодба за преземање на државен службеник. Во ИПА Структурата во Министерството за локална самоуправа во моментот работат седум (7) лица. Работата на ИПА Структурата е координирана од страна на Координатор за ИПА Втора компинента кој воедно ја има и функцијата на Раководител на Оперативната Структура за истата ИПА Компонента. Со тоа, вкупно осум (8) лица се ангажирани во

процесот на програмирање, координирање, следење, мониторинг и евалуација на инструментот за претпристапна помош - ИПА.

- Во ИПА структурата во *Министерството за животна средина и просторно планирање* сметано од 19 февруари 2011 година беше редовно вработено едно лице, кое беше претходно ангажирано преку Агенција за привремени вработувања, на позицијата Помлад соработник за програмирање на инструментот за претпристапна помош - ИПА. На 13 октомври 2011 година едно лице беше интерно прераспределено и започна со работа во ИПА структурата на позицијата Виш соработник за техничко спроведување на претпристапна помош – ИПА. Вкупниот број на лица вработени во ИПА структурата во Министерството за животна средина и просторно планирање изнесува осум (8) лица.

- Во Агенцијата за државни патишта во октомври 2010 година беше вработен дополнителен кадар со цел зајакнување на капацитетите на Агенцијата. На 22.03.2011 беше извршена промена на решението за формирање на Единицата за имплементација на проектот со што бројот на лицата во ИПА Структурата во Агенцијата за државни патишта се зголеми на 12 лица. Пет од седумте нововклучени лица во ЕИП беа од новвработените лица во Агенцијата од октомври 2011 година.

- По донесувањето на новиот Акт за систематизација на работни места на Министерството за труд и социјална политика, сметано од 1 јануари 2011 година еден Советник за имплементација на – ИПА Компонента IV беше интерно прераспределен со што се намали бројот на лица во ИПА структурата во МТСП. На 15.02.2011 ИПА Координаторот во Министерството за труд и социјална политика беше именуван за Директор во друга институција и неговото работно место беше ставено во мирување. Со цел пополнување на позицијата ИПА Координатор од страна на Министерот за труд и социјална политика беше донесено ново Решение за именување на ИПА Координатор со кое Државниот советник беше именуван за ИПА Координатор на Министерството за труд и социјална политика. Новиот ИПА Координатор беше избран за пратеник во Собранието на Република Македонија и по верификацијата на неговиот мандат работниот однос му беше ставен во мирување, со што од 25.06.2011 година Министерството за труд и социјална политика нема назначено нов ИПА Координатор за ИПА Компонента IV – Развој на човечки ресурси. Во моментот во ИПА Структурата за ИПА Компонента IV во Министерството за труд и социјална политика работат седум (7) лица од кои едно лице е ангажирано врз основа на договор со УНДП.
  - Во *Министерството за образование и наука* во мај 2011 година едно лице на позицијата Советник за имплементација и координација на ИПА Компонента I и IV беше интерно прераспределен во орган во состав на Министерството за образование и наука со времетраење од 12 месеци – заклучно со мај 2012. На 1 септември 2011 година едно лице ангажирано преку проект на УНДП како МАПС асистент надлежен за програмирање на ИПА Компонента I и IV ја напушти ИПА структурата по истекот на договорот со проектот. На 04.10.2011 година со Решение за прераспределување на државен службеник, едно лице – Соработник за следење и евалуација на ИПА Компонента I и IV беше прераспределено во друг сектор во министерството. Во средината на декември со Спогодба за преземање, едно лице со статус на помлад соработник од Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор е распоредено во ИПА Структурата на МОН. Поради нецелосно завршената постапка за преземање и распоредување, работното место во ИПА Структурата на кое што ќе биде поставено новото лице ќе биде дополнително определено. Во моментот ИПА Структурата во Министерството за образование и наука е составена од четири (4) лица и тоа ИПА Координатор, Раководител на одделение за следење и евалуација, ,еден Советник за имплементација и координација на ИПА I и IV и Помлад соработник за ИПА I и IV.

Обуки

Во март 2011 година до сите вработени во Оперативните структури беа циркулирани нови формулари за проценка на потребите од обуки врз основа на кои беа подготвени Анализата на потреби од обуки и Планот за обуки за 2011 година. Планот содржи преглед на обуки кои се предвидува да се реализираат

во рамките на проектите за техничка помош и Твининг проекти финансирани преку мерките за техничка помош од ИПА Оперативните програми и ИПА Центарот за обуки кој започна со имплементација во јуни 2010 година.
Реализацијата на обуките според Планот за обуки за 2011 година од 21.04.2011 година во најголем дел се обезбедува во рамки на проектите за техничка помош кои се финансирани преку алоцираните средства од Инструментот за претпристапна помош – ИПА.

Во текот на 2011 година се спроведоа бројни обуки и други активности за градење на капацитетите на институциите вклучени во имплементацијата на ИПА компонентите II, III и IV преку следниве проекти за техничка помош.

Во рамките на ***ТАИБ Националната програма за 2007 година***, во рамки на Проектното фише 1.3, во 2011 година се спроведуваат два договора за техничка помош кои имаат за цел поддршка на ДИС системот, и тоа:

- Проект за техничка помош за Центар за обуки за ИПА - Договор за услуги. Проектот има за цел воспоставување на одржливо тело кое е специјализирано за спроведување обуки во областите кои се однесуваат на регулативата, принципите на политиките на ЕУ и регулативата за ИПА и Структурните и Кохезиските фондови. Проектот започна со имплементација во јуни 2010 год. и ќе се спроведува до јуни 2012 година. Во рамките на компонента 3 од проектот во 2011 година се спроведени 4 модули за обука; 14 обуки на локално ниво во кои се опфатени 162 лица и 12 обуки на централно ниво со кои се опфатени 188 лица. Дополнително е спроведена и една работилница за подготовка на програмата за основната ИПА обука. Како производ на овие обуки од страна на 24 лица од повеќе државни институции беа потпишани четиригодишни договори со кои овие лица се именуваат за обучувачи за ИПА и се обврзуваат да спроведуваат обуки за Центарот за обуки.
- Проект за техничка помош за ДИС - Договор за услуги, со кој е предвидено понатамошно развивање на административните капацитети на ДИС структурите во земјата како би се овозможило ефективно и ефикасно управување со ИПА средствата. Носител на проектот е СЕП. ЦФЦД, НФ/НАО и линиските министерства/институциите кои се јавуваат како корисници на дел од техничката помош. Во рамки на овој проект беа спроведени три (3) обуки за програмирање и една (1) обука за Годишна изјава за гаранција и досега беа обучени над 40 лица од ИПА Компонентите II, III и IV.

Преку ***ТАИБ Националната програма за 2008 година*** е финансиран проектот Техничка помош за зајакнување на капацитетите на институциите за управување и спроведување на Оперативните програми (EuropeAid/129392/C/SER/MK). Проектот започна да се спроведува во април 2011 година и за цел го има зајакнувањето на административните капацитети на Оперативните структури и корисниците на проекти финансирани од ЕУ за ефективно и ефикасно управување со проектите финансирани од ИПА средствата и од ЕУ. Во рамки на овој проект досега беше спроведена една студиска посета во Р. Словачка во која биле посетени повеќе институции кои работат на управување со ЕУ фондови во кои било споделено искуството на администрацијата на Словачка за имплементација на Кохезискиот и Структурните фондови, со посебен акцент на следење на спроведувањето на проектите и евалуација.

Во рамки на четвртата приоритетната оска од ***Оперативната програма за Регионален развој (2007-2009)*** се обезбеди техничка помош преку која се спроведуваат обуки за зајакнување на капацитетите на Оперативната структура за Регионален развој и се јакнат капацитетите за подготовка на проекти.

1.) Техничка помош за поддршка на Оперативната структура за спроведување на ОПРД – Подготовка, организирање, спроведување на обуки. Целта на помошта е да обезбеди обуки за вработените во Оператинста структура за ИПА Компонента III за да ги зајакне административните капацитети и вештини потребни за управување и спроведување на ИПА фондовите во рамки на регионалниот развој. Проектот започна да се спроведува на 16.05.2011 година. Од страна на експертите од проектот беше изготвен План за обуки кој почна да се спроведува на 25.09.2011 година и досега се спроведени седум обуки, една обука на лице место

и една практична обука со посета на терен.

2.) Поддршка за идентификација, проценка и селекција на проекти погодни за финансирање преку ИПА Компонентата за Регионален развој во делот на животна средина. Помошта придонесе кон развој на капацитетите на Министерството за животна средина и просторно планирање за развивање на солидна и одржлива листа на инвестициски проекти во областите на управување со отпадни води и цврст отпад. Проектот започна да се спроведува на 13.12.2010 и заврши со своите проектни активности на 03.06.2011 година.

3.) Поддршка за идентификација, проценка и селекција на проекти погодни за финансирање преку ИПА Компонентата за Регионален развој во делот на транспорт. Помошта беше насочена кон развој на капацитетите на Министерството за транспорт и врски за развивање на солидна и одржлива листа напроекти во областите на железнички и патен транспорт. Проектот Проектот започна да се спроведува на 16.12.2010 и заврши со своите проектни активности на 08.06.2011 година.

Во февруари 2011 година започна да се спроведува и Твининг проект за подготовка за управување со Европскиот социјален фонд финансиран од ***Оперативната програма за развој на човечки ресурси*** - Мерката за техничка помош кој е наменет за поддршка на Оперативната структура за спроведување на ИПА компонента IV – Развој на човечки ресурси. Во рамките на овој проект, предвидени се обуки за сите аспекти на управување, имплементација и одржување на ревизорски траги во постапките во врска со Оперативната Програма за развој на човечки ресурси. Во периодот од февруари 2011 до декември 2011 година беа спроведени 30 обуки со кои беа опфатени 30 лица од Оперативната структура за ИПА Компонента IV – Развој на човечки ресурси. Дополнително преку овој проект беа спроведени и две студиски посети, во Финска и Литванија, на кои беа посетени институции кои работат на управување и спроведување на проекти финансирани од Европскиот социјален фонд и проекти финансирани преку други финансиски инструменти на Европската унија за земјите членки на Европската унија.

Како дополнување на обуките кои се планирани во рамки на Планот за обуки, вработените во Оперативните структури за ИПА континуирано посетуваа обуки организирани во рамки на нивните институции/министерства како дел од помошта обезбедена преку програмите на билатералните донатори и програмите за обуки на Агенцијата за државни службеници.

Во согласност со воспоставените процедури за оперативните структури, Раководителот на Оперативната структура спроведува континуирана проценка на капацитетите на сите ИПА структурите во рамките на оперативната структура. Во таа насока, ЦФЦД најмалку еднаш годишно спроведува верификациски мисии на институции кои се дел од Оперативната структура. Во согласност со Планот за реализирање на верификациските мисии за 2011 година кој што е одобрен на 15.03.2011 година, се реализирани верификациските мисии за проценка на капацитетите во институциите од Оперативните структури за ИПА Компонентите III и IV. Досега идентификувана е поголема промена во ИПА Структурата за ИПА Компонентата IV – Развој за човечки ресурси во Министерството за труд и социјална политика. Имено по одржувањето на вонредните парламентарни избор во Република Македонија, 09.06.2011 година, ИПА Координаторот во Министерството за труд и социјална политика, г. Марјанчо Тодоровски, беше избран за пратеник во новиот состав на Собранието на РМ и со тоа престана да ја врши функцијата ИПА координатор во министерството. Досега не е именуван нов ИПА координатор во Министерството за труд и социјална политика, а задачите и обврските на ИПА Координатор ги извршува Министерот за труд и социјална политика. За овие промени соодветно беа известени и службите на европската комисија. За сите помали проблеми кои беа забележани од страна на вработените во ЦФЦД беа веднаш беше известен НАО и истите соодветно беа разрешени.

**Краткорочни приоритети**

Да се зајакне административниот капацитет на Националниот фонд и институциите кои се дел од Оперативните структури за ИПА Компонентите II, III и IV за управување и контрола на претпристапните средства од ЕУ, како подготовка за спроведување на Кохезиската политика на ЕУ.

**<u>Среднорочни приоритети</u>**
Владата на РМ континуирано ќе продолжи со зајакнување на административните капацитети преку вработувања и интензивни обуки на структурите за управување со средствата од претпристапната помош од ЕУ, а потоа и за управување со средствата од Кохезискиот и Структурните фондови на ЕУ кои се достапни на земјите-членки.

**<u>Странска помош</u>**
Во однос на ИПА компонента II - Прекугранична соработка, Министерството за локална самоуправа користи техничка поддршка преку следната странска помош:

2011

- проект ЦБИБ финансиран од ЕУ беше во тек до ноември 2011,
- техничка поддршка од германска влада преку ГИЗ-РЕД,
- поддршка од Службата на Владата на Република Словенија за регионален развој и локална самоуправа.

2012

- трета фаза од проект ЦБИБ финансиран од ЕУ,
- техничка поддршка од германска влада преку ГИЗ-РЕД,
- поддршка од Службата на Владата на Република Словенија за регионален развој и локална самоуправа.

### 3.22.4 **ПРОГРАМИРАЊЕ**

**<u>Тековна состојба</u>**
***<u>ИПА Компонента I I – Прекугранична соработка</u>***
Во рамки на првиот повик за проектни предлози од ИПА Програмата за прекугранична соработка со Албанија, 14 договори за грант се потпишани од страна на Делегацијата на ЕУ во Македонија во вкупен износ од 571.270,46 евра. Вториот повик за проектни предлози беше објавен на 19 април 2010 година, а беше отворен до 19 јули 2011 година. Евалуацијата на овој повик е во тек и се очекува да заврши до крајот на октомври 2011 година.
Во рамки на првиот повик за проектни предлози од ИПА Програмата за прекугранична соработка со Бугарија, избрани се 36 проекти за склучување на договори. Договорите со избраните понудувачи се склучени во текот на април/мај 2011 година. Вториот повик за проектни предлози за ИПА Програмата за прекугранична соработка со Бугарија беше објавен на 14 јуни 2011 година и беше отворен до 14 септември 2011 година. Вкупниот износ на овој повик е 5.869.638 евра, од кои 4.989.191 е придонес од ЕУ, а остатокот од 880.447 евра е национално кофинансирање од двете земји.

Првиот повик за проектни предлози од ИПА Програмата за прекугранична соработка со Грција беше објавен на 19 јули 2010 година и беше отворен до 18 октовмри 2011 година. Процедурата за избор е во тек и се очекува договорите за грантови да бидат потпишани до крајот на 2011 година. Исто така, во јули 2010 година објавен заеднички повик за воспоставување на Заедничкиот технички секретаријат/Антена, на 1 јуни 2011 година финализирана е заедничката процедура за избор и се очекува наскоро да бидат потпишани договорите за вработување со избраните кандидати.

Во однос на ЈИЕ Програмата, во текот на 2010 година пет договори за грант беа потпишани во рамки на прввиот повик за проектни предлози од страна на Делгацијата на Европска унија. Министерството за локална самоуправа ги потпиша договорите за национално кофинансирање со проектните партнери во текот на 2011 година. Вкупниот износ на овие проекти е 394,150 евра (ЕУ придонес и национално кофинансирање). Во рамки на вториот повик за проектни предлози, беа избрани 26 проекти, а во пет од нив учествуваат македонски партнери. Износот на овие проекти приближно изнесува 250.000 евра. Третиот повик за проектни предлози беше објавен на 28 април 2011 година и беше отворен до 17 јули 2011 година. Се очекува четвртиот повик за проектни предлози да биде објавен кон крајот на октомври 2011 година. На 24 март 2011 година со одлука на Европската комисија, управувањето на програмата беше променето од транснационално во интегрирано управување.

Во однос на соработката со Косово, нацрт верзија на ИПА *Програмата за прекугранична соработка со Косово* беше изготвена и испратена на одобрување до Европската комисија на 13 мај 2010 година.

**<u>ИПА Компонента</u>** <u>III</u> **<u>– Регионален развој</u>**

<u>I - **Големи проекти-**</u> **Статус на имплементација**

I.1 - **Изградба на делницата Демир Капија – Смоквица на ниво на автопат како дел од Пан-европскиот Коридор** 10

Во однос на процесот за оценка и одобрување на ИПА апликацијата од страна на ЕК, службите на Комисијата во мај 2011 година доставија до националните власти дополнителни коментари за Планот за следење на проектот. Коментарите се однесуваат на некои од мерките за смалување на влијанието врз животната средина приложени во Планот. Коментарите се земени во предвид од страна на релевантните институции вклучени во подготовка на апликацијата и ревидираната верзија од Планот за следење е доставена по електронска пошта до ЕК на 20 мај 2011 година.

Дополнително, во консултации со службите на ЕК, националните власти го ревидираа текстот на ИПА апликацијата и ја доставија ревидираната верзија до ЕК на 21 јуни 2011 година. Имено, последната ревизија на апликацијата беше направена во насока на следново:

- Усвојување на Одлука за модификација на Оперативната програма за Регионален развој со вклучување на ИПА алокациите за 2010-2011 година,
- Потпишување на модификуваната Финансиска спогодба,
- Дополнително ажурирање на одредени делови од текстот на апликацијата со цел рефлектирање на напредокот во спроведувањето на одредени тековни проекти во транспортниот сектор во периодот од претходното доставување на апликацијата,
- Промени во планот за набавки на проектот и
- Статусот со одобрувањето на двата заеми од страна на ЕИБ и ЕБРД на Република Македонија.

Понатаму, дополнителната документација кон ИПА апликацијата беше ревидирана (Анекс 7 од ИПА апликацијата – Мерки за намалување на влијанието врз животната средина) во поглед на прашањата врзани за животната средина и следење на имплементацијата на мерките за намалување на влијанието врз животната средина и надоместување во однос на градежните работи на проектот.

Европската комисија донесе Одлука за одобрување на Проектот на 24 ноември 2011 година (C (2011) 8616) по што следеше потпишување на Билатералниот договор на 9 декември 2011 година, со кој на Република Македонија и беше одобрен грант за финансирање на Проектот во износ од 45 милиони евра.

I.2 - **Подобрување на собирање и третман на отпадни води во Прилеп**
ИПА апликацијата за Проектот и дополнителен сет на документи кон истата беше доставена до службите на ЕК во јули/ октомври 2010 година, последователно.
Европската комисија донесе Одлука за одобрување на Проектот на 23 ноември 2011 година (C (2011) 8617) по што следеше потпишување на Билатералниот договор на 9 декември 2011 година, со кој на Република Македонија и беше одобрен грант за финансирање на Проектот во износ од 14,5 милиони евра.

II- **Листа на Проекти во подготовка**
Ангажираните консултанти во рамки на двата рамковни договори „Поддршка во процесот на идентификација, оценка и избор на проекти кои се оправдани за финансирање во ИПА Компонентата за регионален развој" – дел Транспорт и дел Животна средина, обезбедија поддршка на релевантните ресорни министерства за развој на нивните капацитети за воспоставување на стабилна и одржлива листа на зрели проекти. Предложените методологии од страна на консултантите за подготовка на листа на проекти беа базирани на двоен пристап, односно класификација и рангирање на проектите со паралелен систематски преглед на секој расположив проект во однос на компатибилноста со барањата на ИПА. Се воспостави листа на приоритети врз основа на анализа базирана на повеќе критериуми, како и список на инвестициски проекти во соодветните сектори: железници, патишта, собирање и третман на отпадни води и управување со отпад.

Спроведувањето на проектите беше реализирано во периодот декември 2010 година до јуни 2011 година, а капацитетите на ресорните министерства беа зајакнати во однос на понатамошно одржување на листата на зрели проекти во соодветните сектори.

III- **Подготовка на Обрасци за идентификување на операции за програмскиот период** 2010-2011 **година**
Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање го започнаа процесот на програмирање за периодот 2010-2011 со изготвување на Обрасци за идентификување на операции, кои ќе се финансираат во рамки на расположливите ИПА алокации за овој програмски период.
Во таа насока, пет Обрасци беа изготвени во областа на секторот транспорт кои предвидуваат реконструкција на железничката секција и рехабилитација на железничките станици долж Коридор 10, набавка и инсталација на опрема за мобилни комуникации и контрола на возови (GSM-R и ETCS), како и подготовка на документација за основен проект за една железничка секција долж Коридор 8.

Во однос на областа на животната средина, четири Обрасци за идентификување на операции беа изготвени и истите предвидуваат подготовка на основен проект и проектна документација за подобрување на инфраструктурата за собирање и пречистување на вода во неколку општини, рехабилитација и надградба на мрежата за собирање отпадни води во Прилеп (2-ра фаза), изградба на пречистителна станица за отпадни води во Струмица, како и подготовка на проектни студии и основни проекти за воспоставување на интегриран систем за управување со отпадот во Источниот и Североисточниот регион.

Согласно добиените коментари од ЕК во текот на првата половина од 2011 година, дел од изготвените Обрасци за идентификување на операции се во фаза на ревидирање од страна на линиските министерства, а со цел усогласување со ДЕУ.

***ИПА Компонента** IV- **Развој на човечки ресурси***

Во 2011 година завршија тендерските постапки за најголем дел од проектите предвидени со финансиските алокации за периодот 2007-2009 година, во рамки на ИПА Компонентата 4 „Развој на човечките ресурси". Исто така, започна и практичната имплементација на дел од овие проекти.

II- **Подготовка на Обрасци за идентификување на операции за програмскиот период** 2010-2011 **година**

Врз основа на ревидираната Оперативна програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013", Оперативната структура за IPA компонентата 4, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука го започнаа процесот на програмирање за периодот 2010-2011 со изготвување на Обрасци за идентификување на Операции, кои ќе се финансираат во рамки на расположливите ИПА алокации за овој програмски период.

Во таа насока, предложените операции во секторот труд и социјална политика, ги покриваат следниве области:

- Подобрување на услугите на Агенцијата за вработување, преку поддршка на спроведувањето на активни програми финансирани од ИПА и набавка на опрема за потребите на Агенцијата;
- Поддршка на политиките на вработување на локално ниво;
- Спроведување на струдии и анализи на пазарот на трудот;
- Поддршка на вработувањето на млади луѓе, долгорочно невработени и жени (втора и трета фаза);
- Решавање на прашањето за непријавено работење;
- Зајакнување на социјалната вклученост на ранливите групи на пазарот на трудот (програма за доделување на неповратни средства);
- Подобрување на социјалните услуги преку подобрување на физичката инфрраструктура и условите за работа со корисниците во установите за социјална заштита.

Исто така, се водеа интензивни дискусии и започна планирањето на втората фаза од предложената активност „Поддршка при вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени" за преостанатиот износ од 2,93 милиони евра во рамки на мерката 1.3 од финансиските алокации 2007-2009. Согласно предложеното, втората фаза ќе се спроведува како втор директен грант за Агенцијата за вработување.

Во однос на областа на образованието, беа изготвени два Обрасци за идентификување на операции, кои предвидуваат зајакнување на доживотното учење преку модернизација на стручното образование и обука и на системот за образование на возрасни и постигнување на квалитетно образование преку обезбедување безбедна средина за учење на сите етнички заедници.

Првично предложените операции се во фаза на ревидирање од страна на ресорните министерства согласно забелешките на ЦФЦД и Делегацијата на Европската Унија.

Во втората половина на 2011 година беа преземени подготвителни активности за ревидирање на Оперативната програма, за финансиските алокации 2012-2013 година.

**Краткорочни приоритети**

- Допрограмирање на финансиските алокации за 2010 и 2011 година во рамките на ревидираната Оперативна програма за Регионален развој;
- Програмирање на финансиските алокации за 2010 и 2011 година во рамките на ревидираната Оперативна програма за Развој на човечки ресурси;
- Подготовка на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси за наредниот програмски период 2012-2013 година согласно резултатите од спроведената среднорочна евалуација на Програмата, со цел постигнување на конзистентност со програмските документи за рамномерен регионален развој;

**Среднорочни приоритети**

- Подготовка на Оперативната програма за Регионален развој за наредниот програмски период 2012-2013 година согласно резултатите од спроведената среднорочна евалуација на

Програмата, со цел постигнување на конзистентност со програмските документи за рамномерен регионален развој;

- Програмирање на финансиските алокации за 2012 и 2013 година во рамките на ревидираната Оперативна програма за Регионален развој;
- Програмирање на финансиските алокации за 2012 и 2013 година во рамките на ревидираната Оперативна програма за Развој на човечки ресурси;
- Редовно ревидирање и одржување на Листата на проекти во подготовка:
- Подготвителни активности за програмирање на претпристапната помош по 2014 година.

**Странска помош**
Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

3.22.5 **СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ**

**Тековна состојба**
Годишниот извештај за имплементација на Оперативната програма за регионален развој за 2010 година и Годишниот извештај за имплементација на Оперативната програма за развој на човечки ресурси за 2010 година беа подготвени од страна на Оперативните структури за ИПА Компонентите III и IV и по претходно разгледување на текстот на Извештаите од страна на релевантните Секторски комитети за следење, на 30 јуни 2011 година истите беа доставени до Европската комисија, Националниот ИПА Координатор, Стратешкиот координатор и Националниот службеник за авторизација. Последователно, во текот на јули 2011 година беа добиени дописи за прифаќање на истите од страна на ЕК.

*Електронски Систем за управување со информации (МИС)*
Со цел редовно информирање за статусот на спроведување на проектите и програмите во рамки на децентрализираното управување со ИПА помошта, како и следење и контрола на нивното спроведување - како физичко така и финансиско се воспостави електронски Систем за управување со информации. Овој систем ќе овозможи широк пристап, како и прибирање на податоци од страна на структурите и институциите вклучени во децентрализираното управување со ИПА фондовите. Првичното прифаќање на системот е реализирано на 25 февруари 2011 година, додека финалното прифаќање е предвидено за почетокот на 2012 година. Во периодот мај-јули 2011 година, се спроведе надворешна ИТ ревизија, а финалниот извештај беше доставен во ноември, 2011 година. Во тек е прифаќање на препораките во извештајот со цел подобрување на системот пред неговото финално прифаќање.

*Секторските комитети за следење*
Секторските комитети за следење се постојано воспоставени тела во рамките на системот за децентрализирано управување што вршат редовно следење на севкупната ефективност, квалитет и поврзаност на активностите при реализацијата на Оперативните програми.

На 20 јуни 2011 година, во Скопје се одржа четвртиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за развој на човечки ресурси._Претставниците на Оперативната структура го презентираа напредокот во имплементацијата на идентификуваните операции во рамки на Оперативната програма за развој на човечки ресурси. Претставниците на граѓанскиот сектор и социјалните партнери активно учествуваа во дискусиите и покажаа голем интерес за резултатите кои треба да се постигнат во рамки на сегашната програма, а преку размена на идеи дадоа вреден придонес во насока на идниот програмски период.

На 22 јули 2011 година, во Скопје се одржа четвртиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за регионален развој, каде посебен акцент са даде на двата големи проекти како и статусот на програмирање на финансиските алокации за 2010-2011 година.

На 7 декември 2011 година во Скопје се одржа петтиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за регионален развој. Се презентираше прогресот на сите проекти во рамките на ОПРД вклучувајќи го и статусот на проектите кои ќе се финансираат од програмскиот период 2010-2011. Од страна на линиските министерства се презентираше листата на проекти од областа транспорт и животна средина кои се подобни за финансирање во рамките на ОПРД, приоретизирани според веќе усвоена методологија.

На 12 декември 2011 година во Скопје се одржа петтиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на Оперативната програма за развој на човечки ресурси на кој се презентираше напредокот на проектите од програмскиот период 2007-2009. Предмет на разгледување беше и нацрт финалниот извештај за времената евалуација на ОП.

**Евалуација на Оперативните програми**
Беше спроведена времена евалуација (interim evaluation) на Оперативната програма "Развој на човечките ресурси 2007-2013" од страна на ангажираниот независен тим на експерти. Проектот се финансира во рамки на приоритетот 4 од Оперативната програма „Развој на човечките ресурси 2007-2013". Извештајот од спроведената евалуација беше разгледуван на Комитетот за евалуација и од Секторскиот комитет за следење по што ќе биде доставен до Европската комисија.

*ИПА Компонента II*

***Заедничкиот комитет за следење на програмата***
**Краткорочни приоритети**

Подобрување на Системот за управување со информации.

Набавка на информатичка опрема согласно техничката спецификација.

Спроведување на среднорочната евалуација за Оперативната програма за Регионален развој.

Проектот за времена евалуација на ОПРД започна на средината на ноември 2011 година. Проектот ќе се имплементира во период од 3 месеци. Предвидено е нацрт финалниот извештај за времена евалуација на ОПРД да се подготви до средината на февруари 2012 година. Истиот претставува значаен инпут за ревидирање на ОПРД за програмскиот период 2012-2013 година.

Спроведување на среднорочната евалуација за Оперативната програма за Развој на човечки ресурси.

Проектот за времена евалуација на ОПРЧР е во тек. Нацрт финалниот извештај за времена евалуација е подготвен и истиот е предмет на разгледување на петтиот официјален состанок на Секторскиот комитет за следење на ОП за развој на човечки ресурси.

**Среднорочни приоритети**
**Странска помош**
Информации се дадени во подрачјето 3.22.3

### 3.22.6 ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

Користењето на средствата достапни во рамки на Инструментот за претпристапна помош се обезбедува преку Буџетските потпрограми за секоја ИПА компонента во рамките на Буџетот на Република Македонија. Имено, има четири ИПА потпрограми за првите четири ИПА Компоненти – МА, МБ, МВ и МГ, во рамки на владината програма за ЕУ интеграции. Овие буџетски потпрограми се дел од развојната програма на Буџетот на РМ, кои ги вклучуваат достапните ЕУ средства во рамките на специфичните ИПА

компоненти, како и националното кофинансирање кое е потребно да биде обезбедено од националниот буџет. Земајќи во предвид дека овие потпрограми се повеќегодишни, средствата алоцирани за овие потпрограми се планираат на повеќегодишна основа, односно среднорочно.

**ИПА Компонента** 3 – **Регионален рзавој**
Согласно член 40(3) од Регулативата за имплементација на ИПА, на 21 февруари 2011 година, НАО/НФ достави до релевантните служби на Европската комисија *План за користење на алоцираните ИПА средства* за тековната и наредната година за 3 компонента од ИПА.

На 18 јануари 2011 година НАО го испрати првото Апликација за плаќање (за меѓу плаќање) до Европска комисија заедно со изјавата за трошоци за сите прифатливи трошоци кои се настанати до 31 декември 2010 година во рамките на Оперативната програма за Регионален развој. ГД за регионален равој го одбри барањето за плаќање (за меѓу плаќање) и одобрените средства беа преферлени на сметката на Национален фонд на 16.03.2011 година.

Втората Апликација за плаќање (за меѓу плаќање) за ова програма се очекува да се достави до крај на декември 2011 година и ќе ги опфати трошоците за периодот од 01.01 – 15.12.2011 година.

Исто така на 18.11.2011 година од страна на НАО е доставено Барање за претфинансирање до ЕК со кое се барат префелување на средсвта во износ од 14.7 милиони Евра. Со одобрување на ова барање од стран на ЕК, се намдинува ризикиот за губење на ИПА средсвтата за 2011 година , согалсно правилото н+3 за трошење на ИПА средсвата.

Статусот на финансиска имплемантација на ОПРД е следен:

| | | 2007-2009 | 2010-2011 |
|---|---|---|---|
| 1. | Вкупно расположливи средства според Оперативна Програма: | 40.500.000 | 68.700.000 |
| 2. | Вкупен износ на средства за кои се склучени договори: | 638.540 | |
| 4 | Вкупен износ на исплатени ИПА средства | 383.124. | |

**ИПА Компонента** 4 – **развој на човечки ресурси**
Согласно член 40(3) од Регулативата за имплементација на ИПА, на 21 февруари 2011 година НАО/НФ достави до релевантните служби на Европската комисија План за користење на алоцираните ИПА средства во рамки на 4 компонента за тековната и наредната година.
Согласно Финансискиот договор помеѓу Европската Комисија и Република Македонија во однос на Оперативната Програма за Развој на човечки ресурси , НАО на 22 февруари 2011 година ја испрати првата Апликација за плаќање (за меѓу плаќање) до Европска комисија заедно со изјавата за трошоци за сите прифатливи трошоци кои се настанати до 15 февруари 2011 година во рамките на Оперативната програма за Развој на човечки ресурси .
Втората Апликација за плаќање (за меѓу плаќање) за ова програма е доставена од стран на НАО до ЕК на 03.11.2011 година, и со истата се опфатени сите трошоци направени до 14.10.2011 година.
Исто така до крај на 2011 година се очекува да се достави Барање за претфинансирање до ЕК со кој што ќе се овозможи надминување на ризикот за губење на ИПА средсвата согласно правилото н+3.
Статусот на финансиска имплементација на ОПРЧР е следен:

| | 2007-2009 | 2010-2011 |
|---|---|---|
| Вкупно расположливи средства 2007-2011: | 16.300.000,00 | 17.200.000 |
| Вкупен износ на средства за кои се склучени договори: | 7.150.151 | / |
| Вкупен износ на исплатени ИПА средства | 2.938.768 | |

**Хоризонтални прашања**

Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување за неправилоностите е усвоена од Владата на Република Македонија на 03.05.2011 година (Службен весник бр. 63/2011). Уредбата дополнително придонесува до зајакнување на системот за известување на нерегуларностите и обезбедување на координација помеѓу сите засегнати страни во заштитата на финансиските интереси на ЕУ средствата и националниот буџет. Дополнително, усвојувањето на Уредбата е во согласност со исполнување на одредбите на Законот за јавна внатрешна финансиски контрола.

За напредокот во врска со заштитата на финансиските интереси на Европската унија известено е во детали во Глава 3.32 финансиска контрола.

Исто така, потребно е да се спомене дека е обезбеден **доволен капацитет за внатрешна ревизија** во секоја институција која е дел од структурата за имплементација на 3 и 4 ИПА компонента, во рамките на постоечките Одделенија за внатрешна ревизија во ресорните министерства.

Според одредбите од Законот за ревизија на ИПА, главниот ревизор за ИПА е назначен од страна на Владата на Република Македонија на 19 Мај 2011 година.

Ревизорското тело за ИПА е официјално регистрирано како правно лице во Централниот регистар на Република Македонија на 09 Јуни 2011 година. Истото ќе функционира како самостојно и независно правно лице кое е функционално независно од сите учесници во системот за управување и контрола на Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Правилникот за организација и работа (01-3/1) и правилникот за систематизација на работните места (01-4/1) на Ревизорското тело се усвоени од страна на гавниот ревизор за ИПА на 09 јуни 2011 година.

# 3.23 **ПРАВОСУДСТВО И ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА**

## 3.23.1 **СУДСТВО**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ПРАВНА РАМКА

За натамошно зајакнување на независноста, непристрасноста, професионализација и транспарентноста на судството, во 2011 год. се преземени активности за реализација на новите законските решенија од 2010 година, во делот на изборот на судии, следење и оценување на работата на судиите според новите критериуми, воведување на нови услови и редефинирање на постапките за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција и дисциплинска одговорност, воведување на систем на кариера во напредувањето на судиите, зголемување на транспарентноста во работењето на судовите, подобрување на финансирање на судството преку утврдување на фиксен процент во износ од 0,8% од БДП, како и обезбедување на уставно загарантираното право на жалба во управните спорови.

За натамошна професионализација на судството преземени се активности за имплементација на Закон за Академија за судии и јавни обвинители, донесени се сите подзаконски акти[32], изготвени се психолошките тестови, а во подготовка се и тестовите за интегритет.

За имплементација на Законот за измени и дополнување на Законот за судскиот совет, Судскиот совет на РМ на 30.03.2011 год. усвои Правилник за методологија за утврдување на сложеноста на предметите по материја по која постапуваат судовите.

За имплементација на Законот за измени и дополнување на Законот за судовите, на 19.04.2011 год. донесено е Упатство за начинот на спроведување на испитувањето на претставките и поплаките на граѓаните за работата на судовите, кои се однесуваат на одолжување на судската постапка.

За имплементација на Законот за управување со судски предмети (започна да се применува од 07.07.2011 г.), со кој се обезбедува целосна и ефикасна примена на АКМИС софтверот и се уредува начинот и роковите за објавување на судските одлуки, на 04.04.2011 год. донесено е Упатство за начинот на објавување и пребарување на судски одлуки на веб страните на судот[33], а на 04.02.2011 год. ССРМ изготви Годишен план за управување со движење на предметите, и го достави до претседателите на сите судови во Република Македонија. ВЕБ - страниците на судовите се функционални и граѓаните можат да добијат информации за работата на судот и судските одлуки, кои согласно законот, судовите задолжително ги објавуваат во рок од 2 дена. Исто така, странката може да поднесе барање за добивање примерок од судската одлука која во рок од 24 часа без надоместок му се доставува на лицето по електронски пат.

Заради намалување на влијанието на извршната власт во судството, во јули 2011 год. беа усвоени измени и дополнувања на Законот за Судскиот совет на Република Македонија, со кои е одземено правото на глас на Министерот за правда во Судскиот совет, како и измени и дополнувања на Законот за

32 Нов Статут на Академијата; Правилник за начинот на реализација на програмите за континуирана обука; Правилник за внатрешна организација; Правилник за систематизација на работните места; Правилник за утврдување на надоместоци на членовите на Управниот одбор, Програмскиот совет, Комисијата за приемен испит и Комисијата за завршен испит, предавачите, слушателите на почетната обука и кандидатите за судии и јавни обвинители.

33 Сл.Весник 44/2011

јавни обвинители, со кои Министерот за правда повеќе не е член на Советот на јавни обвинители. Судскиот совет и Советот на јавните обвинители, од септември 2011 година ги одржуваат своите седници согласно овие измени.

Со цел за уредување на статусот, правата, должностите, одговорноста на јавно-обвинителската служба, како и системот на плати и надоместоци, на 28.11.2011 год. формирана е Работна Група за изготвување на Предлог Закон за јавнообвинителска служба.

Во насока на зголемување на ефикасноста на судовите, од 09.09.2011 год. започна да се применува Законот за измени и дополнувања на Законот за парнична постапка, со кој се намалува времетраењето на постапката, се воведува електронска достава и тонско снимање на рочиштата и се воведува медијацијата како алтернативен начин за решавање на споровите. За примена на законот, Академијата за судии и јавни обвинители спроведе 20 обуки за 748 учесници (судии, судски соработници и адвокати), како и осумдесет судници беа опремени со опрема за тонско снимање на рочиштата.

Согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување од 01.07.2011 год. судовите се растоварени од неспорните предмети со трансфер на околу 402.272 извршни предмети од судовите кај нотарите и извршителите.

За афирмирање на медијацијата, како алтернативен начин на решавање на споровите, во март 2011 год. донесен е Акционен план со мерки за промоција на постапката за медијација, структуиран во три дела и тоа: Нормативен дел, Спроведување на обуки и Промоција на постапката за медијација.

Со цел воспоставување на унифицирана судска статистика, на 27.07.2011 год. донесена е Методологија за водење на унифицирана статистика врз основа на (Gojust) насоки во рамките на Европската комисија за ефикасност на правдата (CEPEJ), со што се придонесува за развој на сигурни и споредливи статистички податоци за правилно оценување на ефикасноста на судскиот систем.

По однос на реформата на казненото право, во текот на 2011 година, се продолжи со спроведување на Акциониот план за имплементација на Законот за кривична постапка. Во поглед на нормативната рамка, на 11 април 2011 година усвоен е Закон за измени и дополнување на Кривичниот законик, во тек е подготовка на измени на Законот за јавно обвинителство, како и измени на Законот за малолетничка правда. Во делот на обуките донесена е Рамковна програма за обуки за ЗКП, извршен е избор на 25 идни обучувачи (судии, јавни обвинители и претставници од Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Управа за спречување перење пари и финансирање тероризам, Царинската управа и Адвокатската Комора, како и професори од Правниот факултет во Скопје). Од 30 јуни до ноември 2011 спроведени се 12 базични обуки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Советот за судски реформи, редовно одржува состаноци во полн состав, за следење на реализацијата на реформите во правосудството (на 12.10.2011 год. одржан е 11-от состанок).

Судскиот совет на Република Македонија во текот на 2011 година има извршено избор на 63 судии, разрешено 8 судии[34], а 2 постапки за разрешување се запрени. Согласно Образецот за оценка на работата на судиите и претседателите на судовите, Судскиот совет спроведе и оценување на работата на 606 судии и претседатели на судовите за 2010 година, од кои 533 судии или 87,95% се оценети со оценка многу добар, додека од вкупно оценети 30 претседатели на судови, 13 се оценети со оценка многу добар или 43,33%. Со цел обезбедување на начелото на транспарентност, Судскиот совет на РМ, во 2011 г. има одржано 9 јавни седници на кои се разгледани околу 1407 претставки и поплаки поднесени од граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите.

За натамошно унапредување на финансирањето на судството, Судскиот буџетски совет, согласно Стратешкиот план за капитални инвестиции во судството 2011-2013 година, на 27.01.2011 год. донесе Годишна програма за капитални инвестиции, со која се предвидени инвестиционите активности во насока на подобрување на условите за работа во судските институции чија реализација до декември 2011 изнесува 83,01 %. Буџетот на судската власт за 2011 год. во однос на 2010 год. е зголемен за 6.511.000 денари и изнесува 1,750,412,000 денари, додека во 2012 год. буџетот е зголемен за 1,87% ( или 32.721.000 денари) и изнесува 1.784.133.000 денари. Во завршна фаза е изработката на Студијата за определување на цената на чинење на судските предмети и изготвен е Извештај со анализа на судовите, мониторинг, евалуација и финансиски модел за пресметка на цена на судски предмет.

Советот на јавните обвинители (СЈО), во текот на 2011 година има извршено избор на 11 јавни обвинители (од кои, 5 од кандидатите од АСЈО) и има донесено 6 одлуки за престанок на јавно обвинителска функција поради исполнување на право на старосна пензија.

Со цел утврдување на идните потреби од човечки ресурси во правосудството, Судскиот совет и Советот на јавни обвинители во јуни 2011 г. донесоа Стратегија за утврдување на бројот на судии и јавни обвинители (2011-2013), со која е планирано бројот на идните три генерации на слушатели на почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители да изнесува 43 кандидати.

Академијата за судии и јавни обвинители, продолжи со спроведување на почетна и континуирана обука. Во однос на изборот на кандидатите од АСЈО, од 71 кандидати од I, II и III генерација досега се избрани вкупно 51 кандидати (32 судии и 19 јавни обвинители). Четвртата генерација од 9 кандидати, ја заврши практичната обука на 18.11.2011 год., а во декември 2011 год. се спроведе завршниот испит.

---

[34] ОС Свети Николе, ОС Тетово, ОС Гостивар, АС Скопје, ОС Крива Паланка, ОС Струмица и 2 ОС Битола.

Во поглед на континуираната задолжителна обука во 2011 год. спроведени се вкупно 254 обуки со 6.954 учесници[35] на теми од областа на: граѓанско право, кривично право, меѓународно право, право на ЕУ, трговско право, управно право и уставно право, како и спроведени се вкупно 19 обуки со 389 судски и јавнообвинителски службеници. Исто така, во рамки на во рамки на Специјализираната програма за обуки на новоизбрани судии и јавни обвинители спроведени се 3 обуки и тоа: на „Општи теми", за 26 новоизбрани судии и јавни обвинители (17 судии во основните судови и 9 јавни обвинители во основните јавни обвинителства); „Граѓанско право" за 19 новоизбрани граѓански судии и „Казнено право" за 23 учесници (14 јавни обвинители и 9 судии од кривичните и прекршочните оддели).

Во рамки на Проектот ИПА 2008 за натамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата кој ќе заврши во мај 2012 година, реализирани се следните активности: изготвена е нова Програма за континуирана обука, нова Програма за почетна обука, подготвени се материјали за обука од областа на правото на ЕУ и меѓународното право и спроведени се 12 обуки. Исто така, инсталиран е нов систем за електронско учење со набавка на хардвер и софтвер; изработена е нова база на податоци која содржи материјали од домашното, европското и меѓународното право, извршена е набавка на 26 книги за библиотеката на АСЈО.

Во насока на обезбедување на уставно загарантираното право на жалба во управните спорови, на 30.06.2011 година, се конституираше и започна да работи Виш Управен суд, за чие ефикасно функционирање избрани се 13 судии и Претседател на судот, како и екипиран е со 12 службеници.

За натамошно зајакнување на капацитетите на Управниот суд, на 30.11.2011 год. Судскиот совет изврши избор на 7 судии и претседател на судот, со што вкупниот број на судии изнесува 29 судии[36]. Исто така, вработени се нови 9 лица, така што вкупниот број на администрација изнесува 43 лица.

Во рамки на Проектот ИПА 2007 „Поддршка за поефикасно, ефективно и модерно функционирање на Управниот суд", кој ќе заврши во април 2012 година, реализирани се следните активности: изготвени се Извештај за Организација на управниот спор како судска контрола на поединечните управни акти и Анализа на начинот на работење на Управниот суд, Извештај за предлогот на *Законот за измена и дополнување на Законот за управните спорови*, Извештаи со предлози за подобрување на судскиот деловник и други прашања кои се однесуваат на работењето на судот со предлози за подобрување со управувањето на предметите човечките и материјалните ресурси, спроведена е стандардна алатка за само-оценување Common Assessment Framework – CAF, направена е Анлаиза на АКМИС системот; донесена е Стратегија за обука за управните судии и стручните соработници според која се спроведени 6 обуки и реализрани се две студиски посети. За подобрување на системот за ИТ, подготвена е Студија за изводливост со предлог решенија за интер-конекција на Управниот суд, со државните органи во поглед на

[35] Судии, обвинители, стручни соработници од судовите, стручни соработници од обвинителствата, раководни службеници од судството, раководни службеници од обвинителствата, административни судски службеници, административни службеници од обвинителствата и други учесници вработени во министерствата.
[36] Согласно систематизацијата преостанува да се изберат уште 3-ца судии.

размена на податоци и документи кои се составен дел од списите на предметите во управно-судската постапка.

Во насока на обезбедување на полесен пристап до правдата за граѓаните на РМ, во сите судови во РМ отворени се 33 канцеларии за односи со јавност, и назначени се одговорни лица за односи со јавност, до кои секое заинтересирано лице може да се обрати со барање за добивање на информации во врска со работата на судот и текот на предметите.

Во рамки на Проектот за Правна и правосудна имплементација и институционална поддршка во 2011 год. завршено е реновирањето и опремувањето на ОС Битола, со што целосно се реновирани 11 судски згради на Основни судови[37] со проширена надлежност во Македонија во вкупна површина од 28.800м2. Исто така, во тек е изградбата на новата зграда на Кривичниот суд во Скопје со површина од 8.826 м2, како и изградба на нова зграда на Јавното обвинителство со површина од 9.620 м2.

## СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ

- Стратешки план на Министерство за правда за 2012-2014 година;
- Стратегија за Информациско комуникациска технологија 2007-2010 година;
- Стратегија за реформа на казненото право од 2007-2010 година;
- Пред –пристапна економска програма 2011-2013 година;
- Стратегија за утврдување на бројот на судии и јавни обвинители.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

За натамошно зајакнување на независноста, непристрасноста, професионализацијата и транспарентноста на судството, во текот на 2012 година, ќе се продолжи со активности за релизација на новините во правната рамка, во однос на изборот на судии, следење и оценување на судиите според новите критериуми, системот на кариера во напредувањето на судиите, финансирањето на судството, како и активности за обезбедување полесен и побрз пристап на граѓаните до правдата.

---

[37] Основниот суд Тетово, ОС Велес, ОС Струга, ОС Охрид, ОС Штип, ОС Струмица, ОС Прилеп, ОС Гостивар, ОС Кочани, ОС Куманово и ОС Битола.

По однос на реформата на казненото право, во текот на 2012 година, ќе се продолжи со реализација на активностите за имплементација на Законот за кривична постапка, преку донесување на измени на законите од аспект на усогласување со ЗКП, така до јуни 2012 год. ќе се донесат измени на Законот за Јавно обвинителство; Кривичниот законик; Законот за судовите; Законот за прекршоците; Законот за адвокатурата. Исто така, до април 2012 год ќе се донесат и подзаконските акти, кои произлегуваат од Законот за кривична постапка и тоа: Акт за висината и начинот на определување на трошоците во кривичната постапка; Акт за начинот на вршење на снимањето на обвинетиот; Акт за уредување, начин на водење и чување на казнена евиденција; Акт за начинот на примањето и распоредувањето на притворените во затворите, како и условите за работа на притворениците. Исто така, ЈОРМ ќе донесе Одлука за формирање на истражен центар, како и ќе се преземат активности за зајакнување на кадровските капацитети на јавните обвинителства.

Со цел за уредување на правата, обврските и одговорностите на вработените во јавните обвинителства, до мај 2012 ќе се донесе Закон за јавнообвинителска служба.

Во насока на уредување на постапката пред управните судови, како посебна постапка, различна од парничната постапка, во 2012 ќе се пристапи кон изготвување на Анализа за потребата од донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за управните спорови.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Советот за судски реформи во текот на 2012 година ќе продолжи со следење на реализацијата на реформата во правосудството, преку одржување на координативни состаноци.

Во насока на натамошна имплементација на новините во правната рамка, Судскиот совет на РМ, во текот на 2012 година месечно ќе известува за активностите во однос на изборот, разрешувањето на судиите, за јавните седници за расправање по претставките и поплаките од граѓаните и правните лица за работата на судиите, како и континуирано ќе известува за постапките за нестручно и несовесно работење и дисциплинска одговорност. Исто така, ССРМ ќе изготви Извештај за следење и оценување на работата на судиите и претседателите на судовите за 2011 година.

Советот на јавни обвинители, во текот на 2012 год. месечно ќе известува за активностите во однос на изборот, разрешувањето на јавни обвинители, додека во соработка со ЈОРМ континуирано ќе известува за постапки за нестручно и несовесно работење и дисциплинска одговорност.

Судскиот совет на РМ и Советот на јавни обвинители во текот на 2012 г. ќе ги реализираат Плановите за избор на судии и јавни обвинители од II и III генерација кандидати од АСЈО, според кои треба да се изберат уште 20 кандидати и тоа: 10 судии (3 судии -II генерација и 7 судии - III генерација) и 10 јавни обвинители (5 јавни обвинители - II генерација и 5 јавни обвинители - III генерација кандидати, како и ќе превземат активности за реализација на планот за избор на јавни обвинители од четвртата генерација.

За имплементација на Стратегијата за утврдување на бројот на судии и јавни обвинители за период 2011-2013, Судскиот Совет на РМ и Советот на јавни обвинители на РМ во 2012 и 2013 год. ќе подготват Програми за примена на критериумите за определување на бројот на судиите и јавните обвинители за 2014-2019.

Академијата за судии и јавни обвинители во 2012 год. во соработка со Судскиот совет на РМ и Советот на јавни обвинители, ќе продолжи со активности за прием на петта генерација на кандидати за почетна обука, како и ќе продолжи со натамошна реализација на Програмите за почетна и континуирана обука на судиите и обвинителите, стручниот судски и обвинителски кадар, како и судските и јавно обвинителските службеници.

За евиденција на учеството на судиите во континуираната едукација, до март 2012 год. ќе завршат активностите за поврзување на дата базите помеѓу ССРМ и АСЈО.

Во мај 2012 година ќе заврши реализацијата на активностите од Проектот ИПА 2008 „Натамошно јакнење на институционалните капацитети на Академијата за судии и јавни обвинители", за што ќе биде изготвен Финален извештај и препораки од страна на проектниот тим.

Со цел да се утврдат резултатите од примената на начелото на транспарентноста на работењето на судовите, Врховниот суд на Република Македонија во соработка со Судскиот совет на РМ континуирано ќе известува за работата на канцелариите за односи со јавност и ќе изготви полугодишни Извештаи за активностите на Канцелариите за односи со јавност.

За имплементација на Законот за изменување и дополнување на Законот за судски буџет, во 2012 год. ќе се започне со постепено зголемување на судскиот буџет за 0,1%, се до достигнување на 0,8% од БДП до 2015 година.

За натамошно унапредување на планирањето и управувањето со судскиот буџет, Судскиот буџетски совет ќе изготви Анализа на тековните трошоците од работењето на судовите.

Со цел следење на работата на судовите, Министерството за правда, во соработка со Судскиот Совет на РМ и Врховниот суд, ќе изготви полугодишни Извештаи за состојбата со совладување на приливот и намалување на заостатокот на предметите, врз основа на податоците од Основните судови, 4-те Апелациони судови, Управниот суд и Вишиот Управен суд.

Во 2012 год. ќе се изготви Извештај за примената на Законот извршување во однос на трансферот на извршите предмети и ќе се продолжи со именување на извршители за непополнетите извршителски места.

Во насока на подобрување на имплементација на медијација во граѓански и трговски предмети, во текот на 2012 година ќе се реализира МАТРА Проект за поддршка на унапредувањето на спроведувањето на медијацијата во РМ.

За имплементација на Методологијата за водење на унифицирана судска статистика, во 2012 година, предвидено е да се реализира проект за набавка и тестирање на софтверска апликација за генерирање на табели и извештаи за работата на судовите, кои ќе бидат функционални од 2013 година.

Во текот на 2012 год. АСЈО ќе продолжи со спроведување на континуирани обуки за судии, советници и судските службеници во Управниот суд и Вишиот Управен суд. Воедно, во април 2012 година ќе заврши реализацијата на активносите од Проектот ИПА 2007 „Поефикасно, ефективно и модерно функционирање на Управниот суд". Ќе биде изготвен Финален извештај и препораки од страна на проектниот тим, исто така со цел јакнење на капацитетите на судиите.

По однос на реформата на казненото право, во текот на 2012 година, ќе се продолжи со реализација на активностите за имплементација на Законот за кривична постапка, преку спроведување на обуки за судиите, јавните обвинители, припадниците на Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција, Царинската управа и адвокатите.

Во рамки на ИПА проект 2009 за Поддршка во спроведувањето на реформата на кривично правниот систем, ќе се преземат активности за јакнење на капацитетите на јавните обвинители, правосудната полиција и останатите релевантни институции со цел имплементација на новата законодавна рамка, како и активности за зголемување на ефикасноста во имплементацијата на кривичната законодавна рамка и обезбедување на усогласеност помеѓу ново донесените закони.

Со цел воспоставување на функционален ИКТ систем во јавните обвинителства, во 2012 год. ќе се изработи Студија за потребите од воведување на софтвер за управување со предмети во јавните обвинителства, воведување на интернет, изработка на веб страни и мрежно поврзување на сите јавни обвинителства.

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

#### ПРАВНА РАМКА

Активностите во правосудството, среднорочно ќе бидат насочени кон натамошно јакнење на независноста, ефикасноста, како и на континуирано спроведување на реформата на казненото право.

На среден рок, Судскиот буџетски совет ќе продолжи со активностите за имплементација на Законот за изменување и дополнување на Законот за судски буџет, со кој е предвиден фиксен процент од 0,8% од БДП, кој ќе се зголемува во еднакви износи, така што во 2013 год. ќе се постигне процент од 0,6%, во 2014 од 0,7% и во 2015 год. од 0,8%.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Академијата за судии и обвинители, ќе продолжи со натамошна реализација на Програмите за почетна и континуирана обука на судиите и обвинителите,стручниот судски и обвинителски кадар, како и судските и јавно обвинителските службеници.

Судскиот совет и Советот на јавни обвинители, ќе продолжат со активностите за пополнување на слободните судиски односно јавно обвинителски места, согласно Стратегијата за утврдување на бројот на судии и јавни обвинители за период 2011-2013.

Во 2013 година ќе продолжи реализацијата на активностите предвидени во рамки на ИПА проект 2009 за Поддршка во спроведувањето на реформата на кривично правниот систем.

Во 2013-2014 год. предвидено е да отпочне проект ИПА 2010 "Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство", со цел јакнење на капацитетите на Судскиот Совет и Советот на јавни обвинители за ефикасно вршење на нивните надлежности поврзани со изборот и разрешувањето на судиите и јавните обвинители, планирањето на човековите капацитети, водењето на судските предмети и транспарентност во правосудството.

Во 2013 година ќе се генерираат извештаи за работата на судовите согласно Методологијата за водење на унифицирана судска статистика.

## 3.23.2. АНТИКОРУПЦИСКА ПОЛИТИКА

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**ПРАВНА РАМКА**

Во насока на зајакнување и подобрување на анти-корупциската политика, во текот на 2011 год. континуирано се преземаа активности за ефикасна имплементација на новите законски решенија, реализација на ГРЕКО Препораките од III круг на евалуација, зајакнување на меѓуинституционалната соработка за борба против организираниот криминал и корупција, како и подготовка на новата Државна програма за превенција и репресија на корупција и за спречување на судир на интереси со Акцискиот план.

Во текот на 2011 година успешно се реализирани сите 13 препораки од III круг на евалуација на ГРЕКО[38]. Така по однос на инкриминациите и финансирањето на политичките партии донесени се следниве закони:

- Закон за измени и дополнување на Кривичниот законик (усвоен на 11.04.2011 год.), со кој се извршени измени во делот на кривичните дела на активен и пасивен поткуп, воведени се нови кривични дела „Неовластено давање подароци" и „Давање на награда за противзаконито влијание", се врши

[38] Група за борба против корупцијата на Советот на Европа

проширување на инкриминациите во приватниот сектор, како и се предвидува задолжително изрекување на казнената забрана за користење средства за финансирање политички партии од Буџетот на Република Македонија.

- Закон за измени и дополнување на Изборниот законик (усвоен на 02.04.2011 год.), со кој се дефинираат активностите и времетраењето на изборната кампања, се пропиша задолжително отворање на посебна жиро-сметка за изборна кампања, се утврди обврска за организаторот на изборната кампања да води регистар на добиени донации, да поднесува периодични финансиски извештаи, како и финален финансиски извештај по завршување на изборната кампања до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни истите јавно да ги објават.

- Закон за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политичките партии (усвоен на 19.10.2011 год.), со кој се даде водечка улога на една институција со тоа што се утврди надлежност на Државниот завод за ревизија да врши надзор над материјално-финансиското работење на политичките партии и во случај на утврдени неправилности во годишниот финансиски извештај на политичката партија, да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена од денот на утврдување на неправилностите.

За реализација на препораката на ЕК за проверка на содржината на изјавите за судир на интерси, во собраниска постапка е Закон за измени и дополнување на Законот за судир на интереси, со кој е предвидено донесување на подзаконски акт за начинот на проверка на изјавите за судир на интереси.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Меѓуресорското тело, редовно одржува состаноци за координација на активностите против корупцијата, при што на 28.11.2011 год. одржан е 6-от состанок.

За реализација на ГРЕКО препораката (III круг на евалуација) заклучно со ноември 2011 г. одржани се 8 обуки на тема „Поткуп преку концептот на службено лице", со учество на вкупно 199 учесници[39]. По однос на реализацијата на ГРЕКО препораките од III круг на евалуација, Министерството за правда изготви Информација за статусот на реализација на препораките од ГРЕКО - Трет круг на евалуација, која е усвоена од страна на Владата на РМ на 28.09.2011 год.

Во јануари 2011 година ДКСК донесе Извештај и анализа за статусот на реализација на активностите од Акциониот план за спроведување на Државната програма за превенција и намалување на појавата на судирот на интереси мај 2008-декември 2010 год., согласно кој реализацијата на активностите е 72%.

[39] 86 судии, 87 јавни обвинители, 12 стручни соработници од судовите, 1 стручен соработник од јавно обвинителство и 13 претставници од други релевантни институции.

Додека во април 2011 год. донесена е „Оценка за остварувањето на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата 2007-2011 год.“, согласно која реализацијата изнесува 74%.

ДКСК, ја донесе новата Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015, изготвена во соработка со СЕП и Министерството за правда, како и со техничка подршка од Делегацијата на Европската Унија и УНДП. На 09.12.2011 год., на Меѓународниот ден за борба против корупција, во организација на ДКСК одржана е промоција на Програмата со Акцискиот план. Со Државната програма опфатени се 11 приоритетни сектори и тоа: Политички сектор, Јавен сектор, Приватен сектор, Образование и Спорт, Здравство и Труд и социјала, Правосуден сектор, Контролни и Органи за спроведување на законот, Јавна администрација, Локалната самоуправа и Медиуми и Граѓанско општество и Царинска Управа.

ДКСК во 2011 год. започна со систематска потврда на анкетните листови, согласно Критериумите за начинот за определување на анкетни листови при што во периодот април-јуни 2011 г. спроведена е проверка на 9 анкетни листови од 122 носители на јавни функции од законодавната власт; 28 анкетни листови од 124 носители на јавни функции од извршната власт; и 89 анкетни листови од 913 носители на јавни функции од судската власт. Исто така во јули 2011 год. ДКСК поднесе 29 барања за испитување на имот и имотна состојба до Управата за јавни приходи.

По однос на препораките во врска со финасирањето на парламентарните избори од јуни 2011 год. ДКСК изготви Информација за примената на законските прописи во предвремените парламентарни избори 2011 г., во која се содржани податоци за постапувањата на политичките партии – организатори на изборни кампањи, вкупни финансиски извештаи за финансирање на изборната кампања, како и заклучоци и препораки.

ДКСК во април 2011 год. изготви Информација за реализација на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси за период од 01.01.2010 – 31.03.2011 год., како и Извештај за степенот на реализација на Стратешкиот план за унапредување на односите со јавност.

Во 2011 год. континуирано се реализираа обуки за борба против корупцијата:

Во текот на 2011 година МИОА спроведе 2 обуки на тема: Антикорупциски мерки и Етика во државната служба со учество на 45 државни службеници (27 од централната и 18 од локалната власт). Исто така, одржани се 4 обуки за царинските службеници на теми борба против корупција, организиран криминал и употреба на посебни истражни мерки во борба против организираниот криминал и корупцијата, етика и спречување на корупцијата и градење на етичка работна средина. Академијата за судии и јавни

обвинители во текот на 2011 год. спроведе 7 обуки за судии и јавни обвинители на тема „Спречување на судир на интереси“ на која учествуваа вкупно 153 учесници[40].

Во насока за успешна примена на измените на КЗ, АСЈО во текот на 2011 год. спроведе вкупно 5 обуки за судии, јавни обивнители и преставници од релевантните институции на тема „Проширена конфискација, противправно стекнување на имот и одговорност на правни лица“ со вкупно 154 учесници.

Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, во текот на 2011 год. постапила по вкупно 387 жалби, од кои 273 жалби се поднесени поради молчење на администрацијата, 32 се поднесени против решенија за одбивање на пристапот до информации, по 32 против заклучоци со кои се прекинува постапката поради непоседување на информацијата и по 40 против одговори од имателите на информации од кои барателите биле незадоволни. Комисијата во периодот од 9 мај до 1 јули, одржа десет регионални обуки на тема: „Право на слободен пристап до информации од јавен карактер“[41].

Државниот завод за ревизија согласно Годишната програма за работа, во периодот септември - декември 2011 година изврши ревизија на финансиските извештаи на 17 политички партии, кои учествуваа на предвремените парламентарните избори (јуни 2011 година).

Во насока на подигнување на професионализацијата и едукацијата на субјектите кои се активни учесници во постапките за доделување на договори за јавни набавки, Бирото за јавни набавки во текот на 2011 година организираше 14 обуки, на кои присуствуваа 242 учесници, 200 договорни органи и 42 економски оператори.

По однос на транспарентност на договорите за јавни набавки види *Поглавје 3.05. Јавни набавки.*

По однос на активностите за воспоставување на Националната разузнавачка база на податоци види *Поглавје 3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал.*

**СТРАТЕШКИ ДОКУМЕНТИ**:

- Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015;
- Стратешки план на ДКСК за унапредување на односите со јавност.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

[40] 66 судии, 61 јавни обвинители, 8 стручни соработници од судовите, 6 стручни соработници од обвинителствата и 12 претставници од други релевантни институции.

[41] За граѓаните, Здруженијата на граѓани, Невладини организации, како и за службените лица кај имателите на информации од јавен карактер, кои директно учествуваат во спроведување на Законот.

Во 2012 година, ќе се донесе подзаконски акт со кој ќе се уреди начинот на проверка на содржината на изјавите за интереси, согласно новите измени и дополнувања на Законот за спречување на судир на интереси.

Во 2012 година ќе се донесат измени и дополнувања на Законот за спречување на корупција, со цел да се уреди систематска и институционална заштита на лицата кои сакаат да пријават случаи на корупција, како и прашањето за интегритетот..

Бирото за јавни набавки во март 2012 г. ќе донесе Правилник за Кодексот за однесување при спроведување на јавните набавки и Правилник за изменување и дополнување на Програмата за спроведување едукација за јавни набавки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во врска со реализацијата на ГРЕКО препораките од Третиот круг на евалуација, во април 2012 година Министерството за правда ќе ја информира Владата за заклучоците од Извештајот на ГРЕКО за усогласеност на Република Македонија со препораките од III круг евалуација. Во текот на 2012 година ќе се продолжи со нивна имплементација. Исто така, ќе се продолжи со обуките за јакнење на капацитетите на судии, јавни обвинители и припадници на полицијата, за активниот и пасивниот поткуп на домашни и странски арбитри, опфатени преку концептот на службено лице, согласно Кривичната конвенција за корупција на Советот на Европа.

Во поглед на Четвртиот круг на евалуација на Република Македонија од страна на ГРЕКО, во текот на 2012 година ќе се превземат активности за подготовка за Четвртиот круг на евалуација на Република Македонија од страна на ГРЕКО, на тема - Превенција на корупцијата по однос на членови на парламентот, судии и јавни обвинители.

ДКСК континуирано ќе ја следи реализацијата на активностите предвидени во Акциониот план на Државна програма за превенција и репресија на корупцијата, и превенција и намалување на појавата на судир на интереси 2011-2015.

Согласно Законот за измени и дополнување на Законот за спречување на судир на интереси и донесениот подзаконски акт, ДКСК континуирано ќе известува за содржината на изјавите за интереси на избраните и именуваните лица и ќе постапува по предмети за можен судир на интереси.

ДКСК континуирано ги прибира и објавува на својата веб страница анкетните листови и ја следи имотната состојба на избраните и именуваните лица, при што во текот на 2012 година ќе продолжи со проверка на податоците од анкетните листови за избраните и именуваните лица согласно воспоставениот систем за проверка, и Критериумите за начинот за определување на анкетни листови.

Во текот на 2012 год. ДКСК ќе донесе нов Стратешки план за унапредување на односите со јавност на Државната комисија за период 2012-2014 година.

Исто така, во текот на 2012 година ќе се продолжи со спроведувањето на Протоколот на ДКСК за соработка за превенција и репресија на корупцијата и на судирот на интереси, при што ДКСК ќе изготви Извештај за спроведување на Протоколот.

Во текот на 2012 година, ДКСК во соработка со АСЈО ќе продолжат со спроведување на обуки за ризици од корупција, превентини мерки и подигнување на јавната свест. Министерството за информатичко општество и јавна администрација, ќе спроведе обука за антикорупциски мерки и Етика во државната служба. Исто така, Царинската управа ќе продолжи со континуирани обуки на царинските службеници.

За имплементација на Законот за финансирање на политички партии, Државниот завод за ревизија согласно спроведените ревизии на политичките партии во јануари 2012 година ќе изготви Извештај со препораки од извршени ревизии на политичките партии и истите ќе ги објави на својата веб страна, по што во 2012 година ќе го следи извршувањето на препораките од страна на политичките партии. Воедно, согласно последните измени на Законот за финансирање на политички партии, Државниот завод за ревизија ќе има надлежност да врши надзор над материјално-финансиското работење на политичките партии и во случај на утврдени неправилности во годишниот финансиски извештај на политичката партија, ќе може да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена од денот на утврдување на неправилностите.

Исто така, ДКСК редовно ќе известува за превземените мерки и поднесени иницијативи за покренати постапки за евентуално утврдени неправилности во годишните финансиски извештаи на политичките партии, извештаи за донации и извештаи за изборни кампањи.

Меѓуресорското тело за борба против корупција во текот на 2012 год. ќе продолжи со одржување на координативни состаноци, при што редовно ќе се известува за одржаните состаноци и теми на дискусија.

Со цел спроведување на одредбите за проширена конфискација и незаконско збогатување од Законот за измени и дополнување на Кривичниот законик во текот на 2012 година, АСЈО ќе продолжи со спроведување на обуки на овие теми за судиите и јавните обвинители. Воедно, ќе се следи и известува за евентуални случаи на проширена конфискација и незаконско збогатување.

Во рамки на Твининг проект на Бирото за јавни набавки кој започна кон крајот на 2011 год. предвидени се повеќе активности во поглед на дополнително зајакнување на системот на јавните набавки. Со цел континуирано градење на капацитетите на договорните органи Бирото ќе започне со сертифицирање на службениците кои работат на јавните набавки.

По однос на транспарентност на договорите за јавни набавки види *Поглавје 3.05. Јавни набавки.*

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Ќе се продолжи со натамошно ефикасно спроведување на борбата против корупцијата, преку имплементација на правната рамка, како и реализација на активностите од новата Државна програма за превенција и репресија на корупцијата и Државна програма за превенција и намалување на појавата на судирот на интереси со Акцискиот план.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

ДКСК на среден рок, ќе продолжи со следење на реализацијата на активностите утврдени со Акциските планови на Државна програма за превенција и репресија на корупција и Државната програма за превенција и намалување на појавата на судирот на интереси, за што ќе доставува известувања за степенот на реализација на Акциските планови.

ДКСК ќе продолжи со натамошна реализација на активностите утврдени во Стратешкиот план за односи со јавност 2012-2014.

Во рамки на ИПА 2010 – „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата", ќе се обезбеди подобрување на имплементацијата на националната законодавна рамка за борба против корупција, јакнење на националните механизми за превенција и борба против корупцијата, зајакната соработка помеѓу Државната Комисија за спречување на корупција, правосудните органи, надлежните органи за спроведување на законот и останатите релевантни институции во обласа на откривање, превенција и санкционирање на коруптивните кривични дела.

За зголемување на транспарентноста на финансирањето на политичките партии, Државниот завод за ревизија ќе продолжи со објавување на конечните ревизорски извештаи на својата веб страна.

По однос на активностите за воспоставување на Националната разузнавачка база на податоци види *Поглавје 3.24.6 Полициска соработка и борба против организиран криминал.*

## 3.23.3 **ФУНДАМЕНТАЛНИ ПРАВА**

(да се види и во делот I- Политички критериуми, 1.02. Човекови права и заштита на малцинставата)

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

1.2.1 **Почитување на меѓународно право за човекови права**

Во насока на натамошна ратификација на меѓународните инструменти за човекови права, беа ратификувани Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност и Факултативниот протокол кон истата како и ревидираната Европска социјална повелба.

Во 2011 година продолжи праксата за доставување на апликации до Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) против РМ како и доставувањето на жалби до Владата на Република Македонија на одговор. Дополнително, ЕСЧП со Одлука од 3 Ноември 2011 година[42], го прогласи за ефикасно домашното правно средство пред Врховниот суд за заштита на правото за судење во разумен рок.

Академијата за обука на судиии и јавни обвинители редовно реализираше обуки поврзани со Европската Конвенција за човекови права.

Беше формирано Биро за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права согласно Законот за застапување на РМ пред ЕСЧП.

Продолжи практиката на преведување, објавување и доставување на одлуките на ЕСЧП до судиите и институции вклучени во конкретниот предмет.

1.2.2. **Граѓански и политички права**

Отпочнат е Проект „Отворен ден" во Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди кога граѓаните можат да се информираат за основните човекови слободи и права при примена на полициски овластувања, да даваат конкретни забелешки и сугестии.

Отпочна судската постапка против членот на полициската единица Тигри за сторено убиство за време на пост-изборниот собир во Скопје.

Во однос на реформата на затворскиот систем, континуирано се реализираат активности за изградба, реконструкција, и опремување на пенитенцијарните установи, како и активности за подобрување на третманот со осудените лица.

Комплетно е завршено реновирањето на петтото крило во КПД Идризово и стражарските кули додека за второто крило во тек е постапка за негово реновирање. Дополнително, отпочна изградбата на објекти во Затвор Куманово.Беа преземени мерки кои се однесуваа на психосоцијален третман на осудени лица кои злоупотребуваат дрога, а се на издржување казна затвор во КПД Идризово.

Во насока на јакнење на административните капацитети на затворската администарција, во текот на 2011 година се спроведоа три циклуси на обука за директорите и раководните лица во затворите во рамките МАТРА ЕНПАП Проектот "Зајакнување на менаџерските капацитети во пенитенцијарниот систем на

[42] ECHR decision - A.nos. 38914/05 and 17879/05

РМ"[43]. Во рамките на Проектот беа изработени Процедури и Протоколи за постапување на вработените во казнено-поправните и воспитно-поправните установи[44]. Дополнително, согласно Програмата за почетна и континуирана обука и проверка на знаењата и способностите беа реализираа задолжителни обуки на раководителите на секторот за обезбедување и секторот за ресоцијализација во КПУ и ВПУ, како и обуки на вработените во секторот за ресоцијализација во КПД Идризово и Затвор Скопје. Реализирани се и обуки со поддршка на инструментот за техничка помош TAIEX[45].

Со цел воведување на пробациски служби, беше изготвена компаративна анализа за пробациски служби и физибилити студија за воспоставување на пробациска служба во Република Македонија.

По однос на препораката на Европскиот парламент од 2007 година за следење на случајот на наводен вонсудски притвор на Калед Ел Масри, по барање на адвокатот на тужителот, кој се наоѓа на издржување казна затвор во Германија, од каде што треба да биде пуштен во февруари 2012, ќе се чека на негово сведочење и понуда на доказен материјал за тврдењето.

Беа изготвени измени на Законот за бесплатна правна помош заради вклучување на барателите на азил во категоријата на корисници на правото на бесплатна правна помош. Во Регистарот на организации кои даваат бесплатна правна помош,  регистрирани се вкупно 4 организации..

Во однос на слободата на изразување, во септември 2011, Владата и Здружението на новинари на Македонија отпочнаа дијалог за прашања поврзани со работата на медиумите како отворен и континуиран процес, кој ќе продолжи во име на градење на подобри демократски стандарди во однос на слободата на медиумите. Формирана е работна група која подготвува Акционен план со мерки за потребните законски измени, правилната имплементација на законите, концентрацијата на медиумите, декриминализацијата на клеветата и сите други релевантни прашања од областа на медиумското работење.

Согласно Каталогот за задолжителна континуирана обука на Академијата за обуки на судии и јавни обвинители за периодот септември-декември 2011 беа одржани обуки за судиите и јавните обвинители за јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права, за слободата на изразување.

Во однос на слободата на мисла, совест и религија, континуирано се имплементира Законот за цркви, верски заедници и религиозни групи.

1.2.3 **Економски и социјални права** (да се види и Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување)

[43] подржан од Холандската Амбасада, кој е продолжение на реализираниот проект МАТРА.
[44] Постапка при контрола на хигената во казнено-поправните установи; Претрес на осудени лица и простории; Постапката за прием и постапување со  осудени лица во приемно одделение; Постапка за остварување на здравствена заштита  на осудените лица во казнено-поправната установа; Постапка при  реализирање на работно ангажирање на осудените лица во казнено-поправните установи; Процес на спречување  на бунт; Постапка во случај на насилно однесување на осудено лице; Постапка за извршување на спровод; Постапка во случај на бегство; Постапка при посета на осудени лица
[45] на тема Стрес Менаџмент и на тема - третман на лица осудени за кривични дела со елементи на насилство

Во однос на правата на жените и родовата еднаквост, беше изработен нов Закон за еднакви можности на жените и мажите во насока на натамошно хармонизација со европското законодавство од областа[46].

Отпочна имплементација на тригодишен проект, подржан од UN women, во насока на внесување на родовиот концепт во буџетските политики, Министерството за труд и социјална политика.

Беше усвоен вториот Национален Акциски план за унапрдување на општествената положба на Ромската жена. Беа реализирани 6 работилници (во Кочани, Штип и Куманово) на кои невработените Ромки имаа можност да се запознаат со активните мерки за вработување, правата од здравствена и социјална заштита и остварување на човековите права, спречување и заштита од дискриминација и за надминување на нееднаквиот третман од страна на државни службеници при пристапот и барањето на одредени услуги од институции.

Во текот на 2011 година, воспоставен е мултисекторски координиран пристап во заштитата на жртвите на семејно насилство преку изготвувањето на Заедничкиот протокол за постапување во случај на семејно насилство. На локално ниво формирани се 30 локални координативни тела кои работат на превенција и на практична имплементација на Протоколот за постапување на професионалните структури. Континуирано се имплементира Програмата за економско јакнење на жртвите на семејно насилство[47] преку трите подпрограми во вид на активни мерки за вработување на пазарот на трудот за:самовработување, субвенционирано вработување и квалификација/докфалификација. Континуирано се зајакнуваат капацитетите на стручните работници преку обуки[48]. Со цел да се обезбеди домашна база на тренери кои ќе работат на третман на сторители на семејно насилство во Советувалиштето за сторители на семејно насилство успешно се обучени 14 стручни лица за работа со сторители на семејно насилство. Дополнително, беше отворено првото советувалиште за работа со сторители на семејно насилство во Скопје.

Во насока на подигнување на јавната свест за пријава на семејно насилство во 2011 година отпочна националната кампања за семејно насилство под логото “Заедно да излеземе од мракот на насилството“, која се емитува на сите национални медиуми. Изготвени се постери и флаери на: македонски, албански, ромски и турски јазик.

Во областа на правата на децата, континуирано се спроведуваат активности во насока на прилагодување и преструктуирање на постоечките инстититуционални капацитети заради побрза интервенција, прифат,

[46] Новиот Закон транспонира одредби од Директивата 2002/73/ЕЗ на Европскиот Парламент и на Советот за спроведување на принципот на еднаков третман на жените и мажите што се однесува до пристапот до вработување, стручна подготовка и унапредување и до работните услови, Директивата 2000/78/ЕЗ на Советот на ЕУ за воспоставување на општа рамка за еднаков третман во вработувањето и занимањето и Директивата 2004/113/ЕЗ на Советот на ЕУ за спроведување на принципот на еднаков третман помеѓу мажите и жените во пристапот и обезбедувањето на добра и услуги

[47] Во 2011 година аплицираа 115 жени жртви на семејно насилство од кои 29 успешно се вклучени во програмата

[48] Обуките се посетени од претстаници од полиција, центри за социјална работа, судии/јавни обвинители - Вкупни 120 професионалци учествуваа на обуката

третман, заштита, ресоцијализација и реинтеграција на децата во ризик и малолетни сторители на кривични дела.

Согласно Годишната програма на Државниот совет за малолетничка деликвенција, во текот на 2011 година, Советот редовно учествуваше на седниците на локалните совети кои резултираа со конституирање на општински совети за малолетничко престапништво во Прилеп, Кавадарци, Неготино и Скопје. Беа иницирани одредени реформи во ургентно делување на планот на зајакнување на капацитетите и условите на соодветните институции за извршување на санкции и континуирано се следеше имплементацијата на Националната стратегија за малолетничко престапништво. Советот во текот на 2011 одржа 12 седници.

Во врска со социјално ранливите лица и/или лица со пречки во развојот, континуирано се имплементираше Ревидираната Национална стратегија за изедначување на правата и можностите на лицата со инвалидност 2010-2020.

Во насока на подобрување на условите во психијатриски болници, во текот на 2011 извршена е целосна реконструкција на женско хронично одделение и женско геријатриско одделениево Психијатриска болница Демир Хисар. За ЈЗУ Психијатриска болница "Негорци" – Гевгелија целосно се реновирани хроничното женско одделение заедно со кујната и трпезаријата и санитарните јазли на целата болница. Хоспитализацијата е од пансионски тип. Во тек е анализа за потреба од средно медицински кадар (болничари, сестри итн). Пациентите се ангажирани со работна терапија во Психијатриска болница "Негорци" – Гевгелија и во Психијатриска болница Демир Хисар. Овие работни активности и во двете установи се реализираат како работна терапија под постојана контрола на медицинско лице – терапевт. Во тек е подготовка на сопствена програма за обука и тренинг на новопримен персонал како и континуирано едукација на истиот како и Протоколи за адекватно однесување на медицинскиот персонал кон пациентите како и да спроведуваат континуирана обука на средниот медицински персонал (болничари и медицински сестри).

Во сите психијатриски установи на видно и лесно достапно место беа поставени кутии за поплаки и жалби при што се запазени принципите на доверливост и дискреција се запазени. Отстранети се сите предмети кои можат да бидат употребени како ладно оружје, а кои се лесно достапни за пациентите.

По однос на Специјалниот Завод Демир Капија каде се сместуваат лица со тешка и најтешка ментална ретардација согласно Планот и Програмата за работа се отпочна со интензивна психомоторна реедукација на корисниците, со која што се настојува преку индивидуален пристап и искористување на постоечките потенцијали на корисниците да се постигне максимум во нивните психофизички способности односно да се поттикне нивната самостојност, развој и корекција на говорот, развој на моториката и елементарните правила на однесување.

Дополнително, пристапено е  кон реновирање на Одделот за нега, здравствена заштита и рехабилитација каде што се сместени лицата со најтешка ментална ретардација . Во насока на зголемување на можноста поголем дел од денот корисниците да го минуваат на отворен простор, беше реновирано постојното игралиште каде што поголем дел од своето време корисниците го поминуваат.

Во рамките на реализација на процесот на деинституционализација на корисниците со попреченост во менталниот развој над 18 години од ЈУ Специјален завод Демир Капија, во текот на 2011 година дооформена е втората служба за поддршка на домувањето во заедницата на територија на град Скопје. Во моментот функционираат две служби со 15 станбени единици за организирано живеење со поддршка кои сместуваат 64 корисници.

Во областа на анти-дискриминациската политика, во насока на ефективна имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација, беа реализирани обуки за обучувачи со кои беа опфатени 24 лица (локални координатори за еднакви можности и претставници на НВО). Обучените лица од 12 градови во РМ направија обука на 300 претставници од едниците на локалната самоуправа и месните заедници. Дополнително, во рамки на програмата Активни граѓани во текот на 2011 година во градот Скопје (Ѓорче Петров,Карпош,Чаир) беа организирани 6 тркалезни маси во општините и основните училишта со цел информирање на граѓаните за концептот на дискриминацијата,основи на дискриминација и видови на дискриминација како и теми поврзани со насилството врз жената, трговијата со луѓе и родовата рамноправност. Комисијата за заштита од дискриминација стана целосно оперативна и почна да постапува по поднесените преставки. Од вкупно доставените 57 претставки, по 25 веќе е донесено мислење[49]. По останатите претставки, постапката е во тек. Континуирано беа преземани активности за подигнувањето на јавната свест за проблемот на дискриминација преку редовно медиумско претставување, печатење и дистрибуција на промотивен материјал и воспоставување на интернет страница на Комисијата www.kzd.mk. Воспоставена е редовна соработка со Народниот правобранител на РМ, со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во рамки на Собранието на РМ, со Министерството за труд и социјална политика, со комисиите за еднакви можности во рамки на единиците на локалната самоуправа, како и со сите останати релевантни чинители во ова поле.Беа усвоени и Деловник и Стратешки план за работењето на Комисијата.

Подготвена е Националната стратегија за еднаквост и недискриминација по основ на пол, етничка припадност, лица со различна возраст и лица со посебни потреби. која го покрива периодот  2012-2015 чија цел е обезбедување на континуиран развој во реализацијата на еднаквите права и еднаквите можности.

### 1.2.4 **Почитување и заштита на малцинствата, културни права**

[49] Од 25 поднесени претставки, Комисијата постапуваше по 10, од кои во 5 случаи утврди дискриминација, додека во 5 – не утврди. По 15 претставки, Комисијата не постапуваше, врз основа на членот 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација

Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор продолжи со преземање на активности насочени кон унапредување на правичната застапеност на преставниците на сите етнички заедници, процесот на децентрализација, употреба на јазикот на немонозинските заедници и образовниот систем.

Беше одбележана 10 годишнината од потпишувањето на Охридскиот Договор на која беше потврдена цврстата определба за продолжување со целосно спроведување на сите нормативни акти произлезени од Охридскиот договор.

Во насока на подобрување на правичната застапеност во државната и јавната администрација, во текот на 2011 реализирани се  два огласа од 2010 година за вкупно 79 државни службеници. Во тек се огласите за 328 државни службеници од кои 250 наменети за припадници на помалите етнички задници.  Во текот на 2011 година беа објавени огласи за вкупно 249  извршители.

Донесени се измените на Законот за употреба на јазикот што го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните во Република Македонија и во единиците на локалната самоуправа[50]. Во текот на 2012 ќе биде усвоен Акциски план за употребата на јазиците.

Дополнително, беа усвоени и измени на Законот за употребата на знамињата[51].

Со цел промовирање на меѓуетничките односи согласно рамковниот договор, беа доделени 11.000.000,00 денари за програмски активности на здруженија и фондации.

Согласно определбата за воспоставување на јасна и значителна промена во општиот пристап во образовниот систем според мултиетничката реалност во Република Македонија беа одржувани Високи стратешки состаноци. Интегрирано образование, согласно Стратегијата, е воведено и функционира во општина Чаир (паралелка за интегрирано образование на македонски и на албански јазик ) и во училиштата во општините Јегуновце (на македонски и албански јазик), Василево и Струмица ( македонско-турски паралелки), каде низ воннаставни активности учениците се учи јазикот на другата етничка заедница.

Во рамките на Проектот за подобрување на меѓуетничките односи кој се имплементира во Куманово, Кичево и Струга формиран е форум помеѓу единиците на локалната самоуправа и бизнис заедницата на трите општини, спроведени се обуки за Законите кои ги тангират помалите заедници и мониторинг на новите Закони кои се тесно поврзани со Европската Интеграција, обуки за подобрување на координацијата и комуникацијата меѓу единиците на локалната самоуправа, цивилниот сектор и медиумите како и подобрување на соработката и комуникацијата меѓу централната власт, цивилниот сектор и медиумите.

---

[50] Службен весник на Републик Македонија, бр.100/2011
[51] Службен весник на Републик Македонија, бр.100/2011

Во рамки на активностите кои се спроведуваат за вработувањето на Ромите, изготвен е нов Оперативен план за активни програми и мерки за вработување 2012-2013 година преку чии програми и мерки за вработување ќе бидат спроведени обуки за невработени лица Роми за одредени занимања преку теоретска настава која ќе се реалзира преку релевантни институции и практичен дел – настава, кој ќе биде спроведен во соработка со соодветни заинтересирани работодавачи.

Продолжи имплементацијата на Проектот за стипендирање и менторирање на ученици Роми од 1-ва до 4-та година средно образование. Во учебната 2011/12 година беше обезбедена финансиска поддршка на 600 ученици.

Во делот на здравство, отпочна имплементација на програма за ромски здравствени медијатори.

Во текот на 2011 година се изврши реалокација на РИЦи во соработка со единиците на Локалните самоуправи. Во моментот функционираат 9 Ромски информативни центри. Преку мобилни канцеларии за правна помош во рамките на веќе постоечките канцеларии на РИЦи во Скопје, Делчево и Штип, се реализираат активности за советување за правата на Ромите.

Отпочна акција за идентификација на лицата кои што не се евидентирани во матичните книги. Формирано е работно тело од претставници од Министерството за труд и социјална политика, Министерството за внатрешни работи и Управата за водење на матичните книги на евидинеција, кое континуирано ги разгледува и дискутира наодите од терен. Во правата фаза од решавање на овој проблем, фокусот ќе биде ставен на лицата кои воопшто ги нема во евиденација, додека во втората фаза ќе бидат опфатени лицата кои немаат лични документи, регулирано државјанство или се со статус на странци. Во текот на периодот на известување добиени се вкупно 45 предмети од три населби во Скопје. Предметите понатаму ќе бидат доставени до Управата за водење на матични книги на евиденции заедно со МВР за класификација на предметите и отпочнување на постапка за нивно решавање за решливите предмети, додека пак за предметите за кои што постои потреба од понатамошно и поинакво третирање ќе се враќаат во МТСП, каде што понатаму ќе се бара механизам за нивно дополнително решавање.

Агенцијата за остварување на правата на заедниците изработи база на податоци за состојбите со соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците на централно и локално ниво. Дополнително, беше изработена и база на податоци на здруженија на граѓани и фондации кои во своите статутарни одредби имаат предвидено и унапредување и заштита на правата на припадниците за заедниците во РМ. Беше реализирана кампањата за попис на население домаќинства и станови преку посета на 12 пописни реони, поделба на промотивни материјали, организирање на трибини и средби со граѓани чија цел беше припадниците на заедниците во РМ да се запознаат со своите права за пописот. Беше имплементиран Проект за јакнење на капацитетите на Агенцијата во рамки на кој се реализирани повеќе обуки за вработените а на 3 обуки вклучени беа и представници на граѓанскиот сектор. Агенцијата ги подготви Стратешкиот план за 2012-2014 година и Годишната програма за 2012 година.

Во однос на почитувањето на приватноста беше донесена Стратегијата за заштита на личните податоци во Република Македонија за периодот 2012-2016 година. Се донесоа измените и дополнувањата на Законот за заштита на личните податоци[52]. Утврдена е Методологија за мониторинг на имплементацијата на стратешките документи на Дирекцијата. Континуирано се имплементира Проект - ИПА 2008, Поддршка на Дирекцијата за заштита на личните податоци, во текот на годината беше имплеметитран и ИПА Проектот за поддршка во изработката на предлог стратешки документи, и истражување на јавното мислење кај медиумските работници. Беше реализиран проектот - Пристап до судските одлуки и правото на заштита на личните податоци. Дирекцијата организираше Меѓународна Конференција за стратешки пристап во развој на механизми за заштитата на личните податоци. Продолжи перманентната обука на контролорите и обработувачите согласно годишната програма и дополнителните барања. Беше зајакнат инспекцискиот надзор, а се реализираа и поголем број на вонредни надзори кои произлегоа од пријави на граѓани за повреда на нивните лични податоци. Набавена е и ставена во функција нова информатичка опрема и службени возила за вршење на инспекцискиот надзор Континуирано се ажурира Централен регистар за збирки на личните податоци што ги водат контролорите и се евидентираат и податоци за офицерот за заштитата на личните податоци. Беше подготвен Годишен план за инспекциски надзори за 2010 и за 2011 година. Дирекцијата брои 20 вработени, за кои согласно годишните програми за обуки за вработените се обезбедени генерички обуки, и специјализирани обуки за заштитата на личните податоци за специфични области како и сертифицирани ИСО обуки за инспектирање на информатичка сигурност.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

#### Правна рамка

### 1.2.1 **Почитување на меѓународно право за човекови права**

Во насока на доследно почитување на меѓународното право за човекови права, во 2012 година се предвидува ратификација на Европската повелба за регионални или малцински јазици. Исто така, предвидена е ратификација на Конвенција на заштита на жени од домашно и сексуално насилство.

#### Институционална рамка

### 1.2.2. **Граѓански и политички права**

Во насока на админстративно јакнење на Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи, дополнително ќе бидат вработени 11 лица, согласно Систематизација на работни места на Министерството.

Предвидено е опремување на Секторот за внатрешна контрола со опрема за самостојно обезбедување на докази за сторители извршители на кривични дела од редовите на полицијата и Министерството. Ќе

[52] Службен весник на Република Македонија бр. 135/011

продожи соработката со Народниот правобранител и невладиниот сектор, и одржувањето на заеднички обуки на истите. Ќе бидат потпишани Меморандуми за разбирање меѓу Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди во Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Дирекцијата за внатрешна контрола и Дирекцијата за професионални стандарди при Министерство за внатрешни работи на Република Албанија.

Во однос на реформа на пенитенцијарниот систем, ќе се продолжи со преземање на активности за подобрување на третманот на лицата кои злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции. Во прваиот квартал на 2012 година ќе биде изготвена Програма за третман на оваа ранлива категорија на осудени лица, додека во вториот квартал на 2012 година, ќе биде изготвена Стратегија за здравствена заштита во казнено-поправните и воспитно-поправните установи со цел подобрување на здравствената заштита на осудените лица согласно меѓународните стандарди. Управата за извршување на санкции ќе продолжи со активностите за сузбивање на организираниот криминал и корупција во казнено-поправните установи и спроведувањето на редовни, вонредни и контролни надзори. Во насока на подобрување на инспекцискиот надзор на работењето на КПУ и ВПУ, до крајот на септември 2012 година, ќе биде изготвен Прирачник за вршење на стручно-интрукторскиот надзор. Ќе продолжи имплементацијата на проектот “Реконструкција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија”[53] со кој ќе се изврши изградба на нови објекти во КПД Идризово, нов ВПД Тетово, доградба на затворот Куманово и реновирање и изградба на затворот Скопје. Управата за извршување на санкциите континуирано ќе продолжи со спроведување на задолжителните обуки на вработените во КПУ и ВПУ.

Ќе биде изработена анализа на примената на Законот за бесплатна правна помош[54] која ќе услови потреба од натамошни измени и дополнувања на Законот базирани на досегашната практична примена како и согледување на компаративните искуства во делот на остварување на правото на бесплатна правна помош.

Во согласност со Законот за здруженија и фондации, во првиот квартал од 2012 година предвидено е формирање на Комисија за доделување на организациите статус од јавен интерес.

Во однос на слободата на изразување, ќе биде подготвен Акционен план со мерки за потребните законски измени, правилната имплементација на законите, концентрацијата на медиумите, декриминализацијата на клеветата и сите други релевантни прашања од областа на медиумското работење. Исто така предвидена е изработка на компаративна анализа на сите држави каде што е уредено прашањето на декриминализација на клевета и навреда по однос на медиумите. Ќе продолжи и редовниот дијалог воспсотавен меѓу Владата на Република Македонија и Здружението на новинари.

[53] Вкупниот износ изнесува 52 милиони евра, обезбедени од Банката за развој при Советот на Европа, Буџетот на Република Македонија.
[54]Службен весник на Република Македонија бр.161/09

Комисијата за односи со верски заедници и религиозни групи во текот на 2012 година, ќе организира Балканска Конференција - Верскиот Идентитет како Основен Фундамент за Идентитетот на Нациите.

1.2.3 **Економски и социјални права** (да се види и Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување)

Во 2012 година ќе се промовираат новините во Законот за еднакви можности на мажите и жените и ќе започне негова имплементација. На почетокот на 2012 ќе се изработи годишната Оперативна програма за имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност 2007-2012. Дополнително ќе биде донесена Стратегија за родова рамноправност, а ќе биде формирана и меѓу- ресорска советодавна група за еднакви можности на жените и мажите заради поефикасна имплментација на регулативата и програмите од областа на родовата рамноправност.

Ќе се изработи Стратегија за родово одговорно буџетирање која ќе ги даде статешки цели и конкретни активности, за постигнување на еднаквост помеѓу жените и мажите како и подобрување на економската и социјална состојба на мажите и жените во општеството. До крајот на 2012 ќе се изработи Национален Акциски план за имплементација на Резолуција 1325 на ОН -жени, мир и сигурност, во насока на промовирање и унапредување на учеството на жените во креирање на мировни политики и нивна поголема вклученост во телата каде се носат одлуки како и промовирање на мирно разрешување на конфликтни ситуации. И понатаму ќе продолжат континуирани активностите за соработка и координација со единиците на локалната самоуправа и механизмите за еднакви можности на жените и мажите на национално и локално ниво.

Комисијата за заштита од дискрминација ќе изработи база на податоци за примените претставки врз основа на дискриминација. Се предвидува зајакнување на капацитетите на Комисијата преку ангажирање на два надворешни соработници како и преку континуирано посетување на обуки, работилници,студиски посети и соработка со странски тела, еквиваленти на Комисијата, задолжени за афирмација, промоција и спроведување на еднаквоста од страна на вработените. Исто така, ќе биде изработен Водич за дискриминација во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители. Дополнително, ќе бидат донесени стандардни оперативни процедури за меѓуинституционална соработка.

По однос на заштитата од семејно насилство, ќе се ревидира Националната Стратегија за заштита од семејно насилство за периодот 2012-2015 година и ќе се спроведе национално истражување за застапеноста на семејното насилство кај старите лица.

За да се овозможи целосна имплементација на Законот за малолетничка правда ќе се работи на подобрување на квалитетот на грижата и заштита на децата во ризик и малолетните сторители на кривични дела, за да се намалат негативните последици што ги носи институционалниот третман и да се зајакне превенцијата. За таа цел ќе се продолжи со почетните и континуирани обуки на стручните работници во ЦСР и ЈУ за социјална заштита, ќе се спроведат обуки на обучувачи на национално ниво и ќе се работи на стандардите и инструментите за работа. Исто така предвидено е отварање на мали

групни домови како нови форма за третман и заштита на овие лица на локално и национално ниво. Ќе се развива формата на специјализираните згрижувачки семејства за деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела.

Во текот на 2012 година, ќе продолжи имплементацијата на Националната стратегија за превенција на малолетничкото престапништво како и следење и имплементација на меѓународните документи од областа на малолетничката превенција. Дополнително се предвидува иницирање и поддржување на изработка на оперативни планови за превенција на малолетничкото престапништво од страна на релевантните министерства. Исто така ќе се работи на сензибилизирање и зголемување на јавната свест за проблемот на малолетничкото престапништво и важноста на функционирањето на Државниот совет.

Во 2012 година ќе продолжи имплементацијата на Акцискиот план за превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија 2009-2012 година и ќе се направи ревидирање на истиот согласно резултатите добиени од истражувањето за состојбата со сексуалната злоупотреба на деца и педофилијата во Република Македонија. Дополнително, ќе се отпочне медиумска кампања за сензибилизирање и подигање на јавната свет за проблемот на сексуалната злоупотреба на деца и педофилијата, како и изработка на плакати, флаери, прирачници, ДВД и друг визуелен материјал. Се предвидува продолжување на работата на СОС линијата и WEB страната за пријавување на случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија. Ќе продолжат и активностите насочени кон обезбедување на средства и механизми за спроведување на помош и заштита на децата од сексуална злоупотреба и педофилија и ќе се унапредува координираниот систем на соработка помеѓу владините институции, како и соработката помеѓу владините институции и невладините организации кои ја покриваат оваа проблематика.

Во насока на намалување на појавата на деца на улица, на почетокот на 2012 година, ќе се прошири мрежата на транзитни центри за деца на улица во општина Охрид. Исто така ќе се продолжи со обуките на стручните работници во Центрите за социјална работа, за работа со деца на улица, пред се во делот на теренската работа и во делот на работа со семејствата и со локалната заедница.

До крајот на март 2012, во насока на усогласување на националното законодавство со Конвенцијата на обединетите нации за правата на детето, ќе се изврши ревидирање на националниот план за акција за правата на децата 2006-2015 година.

Во насока на оценка на степенот на имплементација на Ревидираната Национална стратегија за изедначување на правата и можностите на лицата со инвалидност 2010-2020, од страна на Националното координативно тело ќе биде изготвен Извештај за спроведени активности со евалуација на степенот на имплементација на истата.

Во насока на континуирана имплементација на процесот на деинституционализација, во 2012 година се планира отворање на уште една служба во Скопје, со која ќе бидат опфатени 32 нови корисника.

Во наредниот период претстои отворањето на отварање на 1 дневен центар за деца со аутизам во Скопје и 1 дневен центар во општината Струмица во насока на подигнување на грижата за децата со пречки во развојот.

1.2.4 **Почитување и заштита на малцинствата**, **културни права**

Ќе биде усвоен Стратешкиот план на Секретаријатот за имплементација на рамковниот договор за периодот 2012-2014.

Во рамки на активностите кои се спроведуваат за вработувањето на Ромите, континуирано ќе се имплементира новиот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување 2012-2013 година преку чии програми и мерки за вработување ќе бидат спроведени обуки за 25 невработени лица Роми за одредени занимања преку теоретска настава која ќе се реализира преку релевантни институции и практичен дел – настава, кој ќе биде спроведен во соработка со соодветни заинтересирани работодавачи.

Во делот на образование на Роми, ќе продолжи имплементацијата на Проектот „Инклузија на деца-Роми во детски градинки" во учебната 2011/12 година. Новитет е во оваа циклусна година да бидат вклучени деца-Роми на возраст од 3,8 – 4,7 (две години пред започнување во задолжително основно образование). Покрај зголемување на бројот на запишани деца-Роми во ЈОУД[55], во овој циклус предвидено е подобрување на капацитетите на родителите-Роми, чии деца се вклучени во проектот, подобрување на социјалните и јазичните вештини на децата-Роми како и вклучување на локалните власти во подобрувањето на интеграцијата на деца-Роми.

Во делот на здравство, активностите ќе бидат насочени кон градење на капацитетите на 16 ромски здравствени медијатори во 8 општини.

Во периодот што претстои ќе биде отворен дополнително уште еден Ромски информативен центар (РИЦ) во Скопје и ќе се продолжи со обуките за градење на капацитетите на вработените во РИЦи.

Во рамки на претседателството на Република Македонија со Декадата на Роми 2005-2015, предвидено е одржување на регионална конференција за проблемот на лица без документи како follow – up по однос на добиените препораки од реализираната конференција "Овозможување на пристап на Ромите до документи за лична документација – регионален предизвик", реализирана во Јуни 2010, година.

Во текот на годината континурано ќе се спроведуваат обуки за градење на капацитетот на одделението во рамки на ИПА проектот "Поддршка на имплементацијата на Стратегијата на Роми". До крајот на

[55] предвидено е да бидат опфатени 425 деца-Роми во 19 Единици на локална самоуправа (ЕЛС). Во претходниот циклус 372 деца-Роми во 18 ЕЛС

реализација на проектот планирани се уште 9 соодветни модули на обука[56] наменети за вработените во одделението, претставници од РИЦи,од општините, и членовите на НКТ.

Во рамките на ИПА 2008 "Поддршка на имплементацијата на Стратегијата на Роми", во насока на јакнување на оперативните координативни структури на национално и на локално ниво за имплементирање на Стратегијата за Ромите, ќе продолжи спроведувањето на обуки за градење на капацитетите на релевантните страни[57], зајакнување на дијалогот со граѓанското општество и промовирање на приоритетите на Стратегијата за Ромите како дел од националните и секторските политики. Дополнително , како поддршката за имплементација на локални акциони планови, постојаните ќе бидат ревидрани а ќе бидат изработени и нови и при тоа ќе се обезбеди финансиска поддршка за имплементација на нивните приоритети. Предвидена е подготовка на Каталог со најдобрите пракси идентификувани при имплементацијата на ЛАП-овите.

Во текот на 2012 година, Агенцијата за остварување на правата на заедниците ќе изработи анализа за состојбата со соодветната и правичната застапеност на припадниците на заедниците во органите на државната управа и јавните установи за 2012 година и анализа на вработени раководни државни службеници на централно и локално ниво. Дополнително, се предвидува изработка и на анализа на состојбите во образованието на припадниците на заедниците, анализа за постоечката состојба со културното наследство на припадниците на заедниците како и анализа за постоечката состојба со информирањето на јазиците на припадниците на заедниците. Заради континуирано унапредување и заштита на правата на заедниците, се предвидува одржување на тримесечни партиципативни форуми со сите засегнати страни (граѓански организации, релевантни институции, меѓународни организации). Во рамките на Агенцијата, ќе биде формирано и екипирано одделение за следење на состојбите со правата на заедниците.

Во однос на **заштитата на личните податоци**, предвидена е подготовка на анализи за состојбата во легислативата по однос на заштитата на личните податоци во неколку различни области. Ќе отпочне имплементацијата на Стратегијата за заштитата на личните податоци 2012-2016 година согласно која ќе биде создаен одржлив систем за континуирана едукација на ученици, наставници и професори за начелата за заштитата на личните податоци во основното и средното образование. Предвидено е зајакнување на механизмите на правна заштита поради очекувани измени на Директивата 46/95 на Европската Комисија за заштита на поединци во однос на обработка на лични податоци и слободно движење на таквите податоци. Ќе се работи на интензивирање на соработката и реализација на

[56] Приоритети за финансирање од ИПА 2011-2013; генерирање на фондови преку подготовка на проекти и пристап до фондови на ЕУ;Мониторинг и евалуација на имплементацијата на ЛАП-овите;Последователна обука за мониторинг и евалуација – креирање и користење на техники и алатки за мониторинг и евалуација за поднесување на извештаи за состојбата со имплементацијата на Стратегијата за Ромите;веб постинг и дизајн;Правна анализа и правно пишување;Процедури за работа и прирачници за човечки ресурси и администрација;Ефективна канцелариска комуникација и подготвување на службена кореспонденција;Партнерство и мрежно поврзување; застапување и лобирање; Тимска работа и лидерство

[57] вработените од ОИСДР и кабинетот на МбР, членовите на Националното координативно тело, претставници на целните општини, вработените во РИЦ-овите и НВОи

заеднички активности со Комисијата за слободен пристап до информации од јавен карактер, Народниот правобранител како и невладиниот сектор. Ќе се донесе Стратегијата за комуникација и ќе отпочне со имплементацијата на истата.

Се предвидува воспоставување на систем со унифициран и препознатлив механизам за пријава на повреди на правото на заштитата на личните податоци и подигнување на свеста и нивото на соработка со контролорите и обработувачите. Континуирано ќе се реализираат обуки (генерички и специјализирани обуки по области) за контролорите и обработувачите на збирки со лични податоци. Предвидени се активности во насока на зајакнување на институционалната рамка за вршење на инспекциски надзор и имплементација на Годишниот план за инспекциски надзори за 2012 година и спроведување на вонредни надзори во текот на годината. Во однос на Централниот регистар предвидено е унапредување на неговата функционалност за подигање на јавната свест и обезбедување едноставен пристап на граѓаните до неговите содржини како и негово зајакнување за подршка на инспекцискиот надзор. Планирано е кадровско зајакнување преку редовни и специјализирани обуки и обезбедување на нови и соодветни работни простории за работ ана Дирекцијата.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

#### Правна рамка

По однос на зашититата на личните податоци, ќе се продолжи со процесот на целосно транспонирање на ЕУ легислативата за заштитата на личните податоци во националното законодавство. Зависно од промените на ЕУ легислативата во областа на заштитата на личните податоци (во тек е подготовка на на нова регулатива за заштитата на личните податоци во ЕУ со која треба да се замени важечката Директивата 95/46 ) ќе се изврши хармонизација и на домашното законодавство.

### 1.2.4 **Почитување и заштита на малцинствата**, **културни права**

Агенцијата за остварување на правата на заедниците ќе го донесе Правилник за мониторинг и евалуација на програмите и проектите на невладиниот сектор финансирани од фондот на Агенцијата. Континуирано ќе се следи националното законодавство и европските регулативи на полето на унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците

#### Институционална рамка

### 1.2.1 **Почитување на меѓународно право за човекови права**

Во насока на ефикасно спроведување на одлуките на ЕСЧП, на среден рок во рамките на ИПА 2011 твининг проектот, ќе се реализираат активности за јакнење на националниот систем за навремено и ефективно извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права.

### 1.2.2. **Граѓански и политички права**

До средината на 2013 година ќе биде изготвена Стратегијата за развој на пробациската служба во Република Македонија. Ќе продолжи имплементацијата на проектот "Реконструкција на казнено-поправните и воспитно-поправните установи во Република Македонија"[58] со кој ќе се изврши изградба на нови објекти во КПД Идризово, нов ВПД Тетово, доградба на затворот Куманово и реновирање и изградба на затворот Скопје. На среден рок предвидена е имплементација на ИПА Проект 2009 "Градење на капацитетите на инстутуциите за спроведување на законот за соодветен третман на притворени и осудени лица" и ИПА Проект 2010 "Понатамошна поддршка за независно, одговорно, стручно и ефикасно судство и промоција на условната казна и алтернативни мерки". Во рамките на ИПА Проектот 2009 предвидено е изработка на Национална Стратегија за развој на затворскиот систем во Република Македонија, која треба да биде финализирана до средината на 2013 година.

Во однос на слободата на мисла, совест и религија, предвидено е обезбедување на посебни простории за вршење верски обреди во болниците, домови за деца и домови за стари лица, армиски и полициски институции, затворите и казнено-поправните домов, со цел овозможување на лицата да имаат посебни простории во кои ќе ја остваруваат слободата на вероисповедта изразена со извршување на молитва, обред и друго изразување на верата. Во насока на имплементација на меѓународното хуманитарното право за идентификација и заштита на верските објекти, како и за подобро запознавање и разбирање на религиите кои се присутни во РМ, во текот на 2013 ќе биде изработена "Монографија на Верски Објекти во Република Македонија".

1.2.3 **Економски и социјални права** (да се види и Поглавје 3.19 Социјална политика и вработување)

Во однос на родовата еднаквост, се предвидува изготвување на евалуација на постоечкиот Национален План за акција за родова рамноправност (2013-2017) како и продолжување со јакнење на капацитетите на механизмите за родова рамноправност на национално ниво.

Врз основа на добрите практики на Советувалиште за работа со сторители на семејно насилство во Скопје, ќе се отвараат вакви советувалишта и во останатите градови на територијата на РМ

На среднорочен план ќе продолжи унапредувањето на заштитата на децата на улица, преку проширување на мрежата на Дневни центри за деца на улица во општина Прилеп. Исто така ќе се продолжи со зајакнување на професионалните капацитети на стручните лица кои работат со појавата деца на улица и до зголемување на превентивните активности во насока на намалување на ризикот за економска и физичка злоупотреба на децата.

Заради подобрување на квалитетот на грижата и заштитата на деца во ризик и малолетни сторители на кривични дела ќе се зајакнат капацитетите преку отварање на мали групни домови за деца со воспитно – социјални проблеми и ќе се отворат пријатни простории за деца во сите Центри за социјална работа.

[58] Вкупниот износ изнесува 52 милиони евра, обезбедени од Банката за развој при Советот на Европа, Буџетот на Република Македонија.

Во насока на континуирана имплементација на процесот на деинституционализација за 2013 година се планира отворање на нова служба за поддршка на домувањето во регионот Неготино-Кавадарци - Велес.

Исто така, предвидено е отварање на 3 Дневни центри за возрасни лица со попреченост во менталниот развој во општините Кратово, Валандово и Липково за грижа на децата со пречки во развојот.

1.2.4 **Почитување и заштита на малцинствата**, **културни права**

Ќе отпочне имплементација на Стратегијата за комуникација на Агенцијата за остварување на правата на заедниците. Континуирано ќе се спроведуваат обуки на вработените како и на припадниците на невладиниот сектор од заедниците.

По однос на **заштитата на личните податоци**, се планираат промени во организационата поставеност на Дирекцијата за заштита на личните податоци во функција на зајакнување на инспекцискиот надзор, односите со јавноста и меѓународната соработка и обезбедување доволен стручен и обучен кадровски потенцијал за остварување на функциите на Дирекцијата. Ќе се работи на обезбедување на ефикасен систем на заштита на личните податоци, олеснување на пристапот и подобрување на ефикасноста во евидентирањето на збирките на лични податоци како и натамошно зголемување на нивото на јавната свест за правото на приватност и развивање на домашна и меѓународната соработка. Согласно промените на европската легислатива во областа на заштитата на личните податоци, по однос на тековната подготовка на регулатива за заштитата на личните податоци која ќе ја замени важечката Директивата 95/46 која се однесува на заштитата на лица во однос на процесирање на лични податоци и слободно движење на таквите податоци ќе се изврши хармонизација и на домашното законодавство.

# 3.24 **ПРАВДА**, **СЛОБОДА И БЕЗБЕДНОСТ**

## 3.24.1 **МИГРАЦИЈА**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ПРАВНА РАМКА

Усвоен е Миграцискиот профил на Република Македонија за 2010 година. Во октомври 2011 потпишана е Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за условите за патување на државјаните на двете земји и истата е ратификувана од страна на Собранието на Република Македонија во декември 2011 година.

Во декември 2011 година потпишана е Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Република Албанија за измени и дополнувања на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Република Албанија за заемни патувања на граѓаните, со која исто така ќе им се овозможи на државјаните на двете земји да ја преминуваат државната граница и краткорочно престојуваат и со важечки биометриски лични карти. Се очекува постапката за ратификација да биде отпочната во најкус можен рок.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Спроведени се обуки за крајните корисници и администраторите на Интегрираната база на податоци за странци, а обучени се вкупно 168 лица.

Во насока на унапредување на реинтеграцијата на повратниците согласно реадмисионите договори, Центарот за интеграција на бегалци и странци е трансформиран во Национален центар за интеграција на бегалци и странци и реинтеграција на повратници.

Отворени се уште два Центри за миграциони услуги во Струмица и Тетово во рамки на подрачните служби на Агенцијата за вработување, кои обезбедуваат информации, совети и ги упатуваат потенцијалните мигранти, повратници и имигранти. Помеѓу информациите кои ги обезбедуваат спаѓаат информациите за можностите за мигрирање во главните земји – дестинации, условите за влез, информациите за дозволи за престој и работа, системите за социјално и здравствено осигурување, јазовите во пазарите на труд, можностите за образование и стипендии, итн. Центрите исто така им помагаат на мигрантите повратници со информации за нивните матични земји.

Во организација на УНХЦР, во ноември 2011 беше одржана работилница за меѓуресорска соработка во областа на мешовитите миграции и правната заштита на бегалците.

Континуирано се спроведуваат обуки за инспекторите за странци поврзани со работа на ИМАГО системот за издавање документи, како и обуки на полициски службеници за борба против илегална миграција.

Обврските превземени со Спогодбата за реадмисија помеѓу Република Македонија и Европската заедница за преземање на лица со незаконски престој редовно се исполнуваат.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Согласно Законот за странците, ќе се донесат Уредба за доделување на пристап до податоците во Интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи; Уредба за начинот на одржување на Интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи и Уредба за обезбедување на тајност, заштита и безбедност на податоците содржани во Интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи.

Ќе се донесе Закон за ратификација на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Република Албанија за измени и дополнувања на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Советот на министрите на Република Албанија за заемни патувања на граѓаните, со која исто така ќе им се овозможи на државјаните на двете земји да ја преминуваат државната граница и краткорочно престојуваат и со важечки биометриски лични карти.

Ќе се потпише Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора за условите за патување на државјаните на двете земји со која меѓу другото се овоможува преминување на државната граница и краткорочен престој и со важечки биометриски лични карти, како и Закон за нејзина ратификација

Ќе се донесе Закон за измени и дополнувања на Законот за странците согласно извршената анализа на Директивата бр.2008/115/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 16 декември 2008 година за заедничките стандарди и постапки во земјата членка за враќање на државјани на трета земја со нелегален престој.

Ќе биде донесен Миграциски профил на РМ за 2011 година.

Предвидени се измени и дополнувања на Правилникот за странците со цел усогласување на образецот за одбивање на влез на странец во Република Македонија, согласно Анекс 5 од Шенгенскиот граничен кодекс.

Ќе продолжат преговорите во насока на склучување на договори за реадмисија со Црна Гора и преговори за потпишување Протоколи за спроведување на Спогодбата за реадмисија со ЕЗ со Латвија, Литванија и Словачка.

Ќе се донесе Програма за обезбедување пакет на основна здравствена заштита за повратниците согласно реадмисионите договори, за период непосредно по враќањето на повратниците не подолг од 60 дена.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се воспостави Интегрираната база на податоци за странци, која опфаќа податоци за азилот, миграциите и визите. Базата ќе овозможи статистика за миграции согласно европските стандарди и поврзување на Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи и Министерството за труд и социјална политика кои ќе бидат крајни корисници на базата.

Интегрираната база за странци ќе обезбеди истоветна терминологија на дефиниции и водење на статистика согласно Регулативата (ЕЗ) бр. 862/2007 на Европскиот парламент и на Советот од 2007 година за статистиката на Заедницата за миграцијата и меѓународната заштита.

Ќе продолжи имплементацијата на мерките и активностите утврдени во Акцискиот план на Резолуцијата за миграционата политика на РМ 2009-2014 со зајакнат мониторинг над реализација на предвидените мерки и активности, кој ќе се реализира преку доставување на редовни квартални извештаи за реализација до ВРМ.

Ќе се формира Меѓуресорска група составена од претставници на МВР и МНР која ќе биде задолжена за изнаоѓање најефикасно решение поврзано со воведување на компјутерска евиденција во ДКП на

Република Македонија во странство, на пријави за престој подолг од три месеци и за достава на податоците од оваа евиденција до МВР.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Континуирано ќе се врши процена за понатамошна хармонизација на националното законодавство согласно промените во областа на миграцијата со законодавството на ЕУ.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Ќе се воспостави компјутерска евиденција во ДКП на РМ во странство на пријави за престој подолг од три месеци. Ќе се отворат уште два Центри за миграциони услуги во рамки на подрачните служби на Агенцијата за вработување.

Континуирано ќе се спроведуваат обуки за ефикасна имплементација на новините во законодавството кои ќе следат по транспонирањето на предвидените ЕУ директиви.

Ќе се имплементираат мерките утврдени во Акцискиот план за Резолуцијата на Миграциската политика на РМ. Ќе се продолжи со кварталните известувања за степенот на реализација на мерките и активностите утврдени во Акцискиот план за Резолуцијата на Миграциската политика на РМ.

## 3.24.2 **АЗИЛ**

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Донесени се измените на Законот за бесплатна правна помош врз основа на кои ќе се утврди правен основ за обезбедување бесплатна правна помош за барателите на азил.

Донесени се Правила за постапување со непридружувани малолетници, со што се прецизираат правата и обврските на релевантните институции во постапката за постапување со непридружуван малолетник, при утврдување на правото на азил.

Донесени се Процедури за меѓуинституционална соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука и Министерството за здравство.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во јули 2011 стапи на сила Законот за изменување и дополнување на Законот за управните спорови (Службен весник на РМ бр.150 од 18.11.2010 година), кој предвидува дека во управните спорови

Управниот суд одлучува за законитост на актите и за самата управна работа. Согласно измените воспоставен е Виш управен суд кој решава, по жалба на одлука за азил донесена од Управниот суд (за дополнителни информации види Поглавје 3.23 Правосудство и фундаментални права).

Воспоставена е интегрирана база за странци, која опфаќа азил, миграции и визи. (за дополнителни информации види 3.24.1 Миграција)

Изготвен е Концепт на политиката за долгорочни и трајни решенија за домување во процесот на интеграција на бегалците, кој предвидува изградба на станбени единици за бегалската популација.

Донесена е Програма за интеграција на лица на кои им е признато правото на азил во Р. Македонија и има за цел поддршка на домаќинства кои се станбено необезбедени и кои се корисници на право на социјална парична помош, а кои имаат поднесено писмено барање за локална интеграција во Република Македонија. За реализација на програмата предвидени се 20 милиони денари.

Извршено е проширување на надлежностите на Центарот за интеграција на бегалци и странци, како посебна проектна единица во рамки на МТСП и истиот е трансформиран во Национален центар за интеграција на бегалци и странци и реинтеграција на повратници.

Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи започна со собирање на податоци од земјата на потекло на барателите за азил, а особено од Република Косово, Авганистан, Алжир, Еритреја, Иран, Иран, Непал, Пакистан, Палестина, Шри Ланка, Сомалија, Сирија.

Изготвени се брошури кои содржат информации за постапката за азил и правата на барателите на азил на повеќе јазици на барателите на азил, и тоа на англиски, француски, албански и арапски јазик.

Прифатниот центар за баратели на азил брои 11 вработени на неопределено работно време, а техничкото доопремување на постојната кујна е завршено.

Реализирани се обуки од страна на вработените во Одделението за азил за полициските службеници од СВР Скопје поврзани со постапување со баратели на азил.

Во организација на УНХЦР, во ноември 2011 беше одржана работилница за меѓуресорска соработка во областа на мешовитите миграции и правната заштита на бегалците.

Се врши квартално известување за степенот на реализација на мерките и активностите содржани во Националниот Акциски план на Стратегија за интеграција на бегалци и странци во РМ 2008-2015 кои се реализираат континуирано.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Предвидени се измени на Законот за азил и привремена заштита преку кои ќе се обезбеди натамошно усогласување со ЕУ мерките од релевантната област (Директивите 83/2004; 9/2003 и 85/2005). Изготвените предлог измени беа доставени на мислење до ЕК и земајќи ги предвид коментарите на Комисијата подготвени се нови предлог измени кои повторно ќе се достават на мислење.

Ќе се донесе Закон за измени и дополнувања на Законот за здравствено осигурување со кој ќе се изедначи постапката за остварување на правото на задолжително здравствено осигурување на лицата со признаен статус на бегалец и на лицата под супсидијарна заштита со постапката предвидена за државјаните на Република Македонија.

Во сорботка со УНХЦР ќе се изготви Прирачник за постапката за признавање право на азил.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел обезбедување на преведувачи на јазиците од Азија и Африка ќе се преземат мерки во насока на вклучување на Република Македонија во Проекти за обезбедување на преведувачи на ниво на ЕУ.

Понатамошна реализација на мерките и активностите содржани во Националниот Акциски план на Стратегија за интеграција на бегалци и странци во РМ 2008-2015, а со цел реализацијата на предвидените активности, обезбедени се финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

Прифатниот центар за баратели на азил ќе биде зајакнат со вработување на дополнителен стручен кадар.

По стапување на сила на измените на Законот за азил и привремена заштита ќе се спроведат обуки за вработените во Одделението за азил во МВР и Одделението за азил, миграции и хуманитарна помош во МТСП за начинот на имплементација на најновите измени.

Со поддршка на УНХЦР ќе се организираат работни средби со претставници од Одделението за азил во МВР, со претставници од Регионалните центри за гранични работи, како и со судиите во Управниот Суд во насока на зајакнување на меѓусекторската соработка во областа на азилот.

Со поддршка на УНХЦР предвидени се обуки за вработените во Одделението за азил во МВР во насока на зајакнување на административниот капацитет за водење на постапката по барања за азил, техники на интервју и донесување решенија.

Со поддршка на УНХЦР, како и од страна на Одделението за азил, предвидени се обуки за полициските службеници во ПС за граничен надзор за постапување со баратели на азил.

Ќе се зајакнат административните капацитети на Одделението за азил во МВР, со вработување на две лица (кореспондент и евидентичар).

Започна имплементацијата на Проектот ИПА 2008, кој ќе допринесе за зајакнување на капацитетите на Управниот Суд при одлучување во постапки за азил.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Континуирано ќе се врши анализа за потребите од понатамошна хармонизација на националното законодавство согласно промените во областа на азилот со законодавството на ЕУ.

Предвидени се измени на Актот за систематизација на работните места во МВР, во делот кој се однесува на Секторот за криминалистича техника, со цел зголемување на бројот на извршители за едно лице кое ќе работи на работната единица за обработка, евиденција, идентификација и размена на дактилоскопски материјал.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Ќе се продолжи со организирање на обуки за вработените во Прифатниот центар за баратели на азил, Одделението за азил, миграции и хуманитарна помош при Министерството за труд и социјална политика, Одделението за азил при Министерството за внатрешни работи и судиите во Управниот суд и Вишиот Управен суд.

Ќе започне издавањето на биометриски лични карти за барателите на азил и лицата со признат статус на бегалец и лица под субсидијарна заштита.

Предвидено е воспоставување на Национална единица за споредба на отпечатоци на прсти за ефикасна примена на Даблинската конвенција, која ќе се состои од: компјутеризирана база на податоци и средства за пренос на податоци помеѓу земјите членки и централната база на податоци.

Со цел здобивање на знаење и искуство за потребите на Национална единица за споредба на отпечатоци на прсти предвидени се обуки на вработените во Секторот за криминалистичка техника и Одделението за азил при МВР.

# 3.24.3 ВИЗНА ПОЛИТИКА

## ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Република Македонија е во голема мера хармонизиран со визниот режим на ЕУ утврден со Регулативата на Советот бр. 539/2001Меѓуресорска работна група изврши детална анализа на усогласеност на националното законодавство со Регулативата (ЕЗ) број 810/2009 на Европскиот парламент и на Советот за воспоставување на Кодекс за визи на Заедницата (Кодекс за визи - Visa Code) од 2009 година.

Продолжуваат активностите за правилно спроведување на визната либерализација со земјите членки на ЕУ и Шенген земјите. Продолжува со работа координативното тело за следење на имплементацијата на визната либерализација. Континуирано се превеземаат мерки за информирање на граѓаните за значењето на визната либерализација и за одвраќање на потенцијалните баратели на азил во европските земји. Согласно горенаведеното донесени се и одредени законски измени.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Согласно препораките во ЕУ Шенгенскиот каталог за издавање на визи (препораки и најдобра пракса) изработени беа трите елаборати: Елаборат за техничко опремување на дипломатско-конзуларните претставништва со опрема за откривање на фалсификувани документи, Елаборат за опремување и уредување на ДКП-та на Република Македонија со цел исполнување на минималните стандарди за безбедност на објектот во кој е лоцирано ДКП-то, Елаборат за класификација на ДКП-та според степенот на ризик (низок, среден и висок ризик) и за изборот на кадри со соодветни квалификации во зависност од условите во земјата на приемот.

Извршено е техничко поврзување на ДКП на РМ во Осло со Н-Вис и истото е во функција од крајот на месец ноември.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**ПРАВНА РАМКА**

Континуирано усогласување на Визниот режим на Република Македонија со Регулативата на Советот број 539/2001 и Регулативата на Советот број 851/2005 од 2 јуни 2005 со која се изменува и дополнува Регулативата на Советот број 539/2001.

Врз основа на анализата на усогласеност на националното законодавство со EU Community Code on visas (Visa Code, Кодекс за визи) формирана е, и започна со работа меѓуресорска работна група со цел изработка на предлог – текст на Закон за изменување и дополнување на Законот за странци.

Ќе бидат донесени измени и дополнувања на Правилникот за начинот на издавање, поништување, отповикување на визи, скратување и продолжување на нивната важност, начинот на водење на евиденција за издадени, поништени и отповикани визи, во насока на нивно усогласување со Визнот код (Visa Code) и измените во Законот за странци.

По донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за странци и Правилникот за издавање на визи, доколку се процени дека има потреба за донесување на Упатство за Визен центар ќе се пристапи кон изработка на соодветно упатство.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**ПРАВНА РАМКА**

Континуирано усогласување на Визниот режим на Република Македонија со Регулативата на Советот број 539/2001 и Регулативата на Советот број 851/2005 од 2 јуни 2005 со која се изменува и дополнува Регулативата на Советот број 539/2001.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Континуирано спроведување на обуки на дипломатско конзуларниот персонал (вклучително и обуки за откривање на фалсификувани документи) пред заминување на работа во ДКП-ата на Република Македонија во странство.

Континуирано поврзување со Н-ВИС и обука на кадри во сите новоотворени ДКП-а на Република Македонија во странство.

## 3.24.4 **НАДВОРЕШНИ ГРАНИЦИ И ГРАНИЦИ НА ШЕНГЕН ЗОНАТА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Донесен е Законот за гранична контрола (Сл.весник на РМ 171/2010). Донесен е Правилникот за начинот на преминување на внатрешната граница (Сл.весник на РМ број 162/2011).

Донесена е Листата на пасоши или други патни документи издадени во согласност со меѓународните стандарди, а кои се издадени од држави и меѓународни организации кои се признаени и прифатени од страна на Република Македонија, или од специјални административни региони и субјекти и територијални власти кои не се признаени како држави.(Сл.весник на РМ 162/2011).

Потпишан е Договорот за полициска соработка меѓу Р Македонија и Р Србија.

Склучен е Протокол за изведување мешани патроли долж заедничката државна граница со Р Србија. Потпишани се Протоколите за основање на заеднички контакт центри за полициска соработка со Србија и со Косово.

НК за ИГУ ги одобри Правилата за урбанистичко планирање на просторот на граничните премини на Р Македонија. Согласно новиот Закон за гранична контрола, донесена е Одлука за формирање на Национален координативен центар за гранично управување (Сл.весник на РМ 151/2011).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Отпочна со функционирање Заедничкиот контакт центар за полициска и царинска соработка со Р Бугарија, и се донесени Правилата за функционирање на наведениот Центар.

Воспоставени се и функционираат заеднички мешани патроли долж државната граница со Албанија, Бугарија и Косово.

Се спроведоа активностите во доменот на ИГУ, согласно Акцискиот план за 2011.година.

Формирана е мобилната единица на централно ниво, насочена кон оперативна примена на анализа на ризик, откривање на илегални мигранти и други видови на прекуграничен криминал. Извршено е кадровско екипирање на еден од петте тимови.

Со измените на Актот за систематизација на работните места во МВР се изврши административно спојување на определени ПС за гранични проверки и ПС за граничен надзор, што е предуслов за планирање на нивното информатичко поврзување со централните бази на податоци.

Се продолжи со издавање на електронски патни документи во согласност со ICAO и европските стандарди. Се изврши имплементација на процесот на персонализација на отпечатоците од прсти во патните документи, согласно Регулативата 2252/2004 на Советот.

Врз основа на склучениот Договор помеѓу МВР и Аеродромскиот оператор ТАВ-Македонија ДООЕЛ за регулирање на меѓусебните односи за користење на просторот и објектите за извршување на граничната контрола, се изврши реконструкција на аеродромите во Скопје и Охрид.

Во рамките на националното кофинансирање за проектот Тетра, од страна на МВР изработена е тендерска документација и објавен е тендер за набавка на опрема за оптимизација на мрежата. Потпишан е договорот со најповолен понудувач.

Преку Националниот координативен центар за гранично управување (НКЦГУ) континуирано се врши размена на податоци со Фронтекс.

Претставниците на граничната полиција учествуваа во две заеднички операции на Фронтекс (Нептун 2011 и HUBBLE 2011).

Согласно Наставната програма за напредни и специјални обуки за гранична полиција за 2011 година, спроведени се вкупно 113 обуки на кои учествувале 3253 лица-припадници на граничната полиција. Се изврши усогласување на Програмата за основна обука на полицаец за Гранична полиција со Наставната програма за основна обука на Фронтекс. Од страна на Центарот за обука, изготвен е Националниот план за имплементација на основната обука за граничната полиција според Фронтекс.

Согласно програмата ИПА 2008, се изврши реконструкција на девет ПС за граничен надзор. За наведената цел, во рамките на ИПА 2008 одобрени се 2 милиони евра, од кои 1,25 милиони евра се средства на Р Македонија по основ на кофинансирање. Од страна на ЕУ се финансира реконструкција на четири ПС за ОДГ, во вредност од 750.000 евра.

Во завршна фаза е реализацијата на проектот за модернизација на ГП Блаце, финансиран од кредит од Светската банка, во рамките на вториот проект за олеснување на трговијата и транспортот во ЈИЕ (ТТФСЕ-2) за што Царинската управа склучи договор во износ од околу 100 милиони денари. До крајот на 2011 година се предвидува завршување на наведениот објект и затворање на проектот, за што се обезбедени буџетски средства во износ од 29 милиони денари.

Воспоставена е централна база на специмени и фалсификувани документи.

НКЦГУ на редовна основа изготвуваше извештаи за анализа на податоците за состојбата на државната граница (квартални и месечни) а по завршување на годината, ќе биде изготвен и годишен извештај за 2011.

Секторот за гранични работи донесе документ – Анализа на ризик во внатрешноста на државата, од аспект на детерминираните канали за илегална миграција, за 2010.година.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во тек е донесување на подзаконски акти и тоа: Правилник за начинот на извршување на гранични проверки и граничен надзор, Правилник за формата и содржината на штембилот за влез и излез во Република Македонија и начинот и постапката на неговото втиснување и употреба, и Правилник за обликот, содржината и начинот на поставување на гранични табли, ознаки и друга сигнализација.

Потпишување на Протокол за воспоставување и функционирање на заедничкиот контакт центар за полициска соработка со Албанија.

Согласно заклучокот на Владата на Р Македонија од оддржаната седница на 08.11.2011.година, се планира донесување на Одлука за престанок на важењето на Одлуката за образување на НК за ИГУ и на Решение за престанок на важењето на Решението за именување Претседател и на членовите на НК за ИГУ, со што ќе се изврши пренесување на ингеренциите од НК за ИГУ на НКЦГУ во насока на следење и координирање на Стратегијата за ИГУ.

Донесување на Уредба за минималните стандарди за материјално-техничките средства, опрема и просторно сместување според категоризацијата на граничните премини.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Воспоставување и операционализација на заедничките мешани патроли со Србија.

Воспоставување на заеднички контакт центар за полициска соработка со Р Албанија.

Учество во заедничките операции на Фронтекс.

Целосно кадровско екипирање на тимовите од мобилната единица за оперативна примена на анализа на ризик и откривање на илегални мигранти. Опремување и обука на припадниците на мобилната единица, за што ќе се побара соработка со Фронтекс, ОБСЕ и партнерските држави.

Пополнување на работни места за анализа на ризик, воведени со новиот Акт за систематизација на работните места во МВР во рамките на Регионалните центри на граничната полиција.

Надградба на постојните бази на специмени и фалсификувани документи.

Зајакнување на институционалните и функционалните капацитети на НКЦГУ, со превземање на надлежности на поранешната Национална комисија за ИГУ, преку формирање работно тело во рамките на НКЦГУ за следење на активностите предвидени со Акцискиот план за ИГУ.

Имплементација на Елаборатот за минимум/оптимум стандарди за техничко опремување на полициските станици за гранични проверки и граничен надзор, ПС за обезбедување на државната граница и мешовитите полициски станици, согласно одобрените финансиски средства.

Отпочнување со активностите за ИТ поврзување на ПС за граничен надзор со централната база на податоци во МВР.

Завршување на втората фаза на Проектот Тетра со што би се опфатила покриеност од 65% од територијата.

Спроведување на обуките на припадниците на граничната полиција, согласно Програма за 2012. Превземање потребни активности за целосна имплементација на Програмата за обука за средно и високо ниво и спроведување на обуките за целокупниот персонал на наведените нивоа.

Зајакнување на административниот капацитет на НКЦГУ со вработување на едно лице од информатичка област.

Спроведување обуки за персоналот на НКЦГУ, во соработка со Фронтекс, ИОМ и други партнерски организации.

Имплементација на потпишаните меморандуми за разбирање меѓу институциите што имаат надлежност во ИГУ (континуирана активност).

Спроведување на Националниот акциски план за развој на воспоставениот систем на ИГУ.

Изработка на редовни извештаи за анализа на ризик од страна на НКЦГУ.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Разгледување на можните опции за измена на статусот на НКЦГУ со цел зајакнување на неговите надлежности и функции, преку донесување посебен пропис.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Стандардизирање на обуката на службениците од средно и високо ниво и поврзување на овие програми како задолжителна квалификација за определни работни места и услов за напредување во кариера.

Операционализација на базата на податоците во рамките на Информациониот систем за ИГУ за размена на податоци и информации меѓу државните органи и институции во рамките на НКЦГУ.

Имплементација на Проектот – Систем за набљудување и контрола на границата, кој ќе се спроведе на дел од северната граница на РМ. Период на имплементација на проектот е во траење од 2 години. По комплетирање на целиот Проект, се предвидува активностите на Системот за набљудување и контрола на границата да бидат мониторирани од главниот команден центар лоциран во МВР.

Поврзување на ПС за ГН со централна база на податоци во МВР.

Децентрализација на буџетското работење на граничната полиција.

Целосна оперативност на дигиталниот радио систем Тетра – Реализирање на третата фаза на проектот, со што ќе се обезбеди покриеност на максимум 90% од територијата.

Надградување на воспоставениот ИТ систем за ИГУ.

Зајакнување на административниот капацитет на НКЦГУ со вработување на едно лице од информатичка област.

Надградување на постојниот СКПВ со цел автоматска и централизирана проверка на должината на престојот на странците.

## 3.24.5. СУДСКА СОРАБОТКА ВО КРИВИЧНИ И ГРАЃАНСКИ ПРЕДМЕТИ

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**ПРАВНА РАМКА**[59]

---

[59] Законот за кривична постапка, („Службен весник на РМ“ бр.15/97, 44/02, 74/04, 83/08 и 67/09)
Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, Стразбур 20.04.1959 година („Службен весник на РМ“ бр.32/99);Дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, Стразбур 17.03.1978 година („Службен весник на РМ“ - меѓународни договори бр.32/99); Втор дополнителен протокол на Европската конвенција за меѓусебна правна помош во кривичната материја, Стразбур 08.11.2001 (Службен весник на РМ“ – меѓународни договори бр. 32/99, 44/2003 и 103/08);
Европска конвенција за екстрадиција, Париз 13.12.1957 година (Службен весник на РМ“ – меѓународни договори бр.32/99); Дополнителен протокол на Европската конвенција за екстрадиција, Стразбур 15.10.1975 година (Службен весник на РМ“ – меѓународни договори бр.32/99); Втор дополнителен протокол на Европската конвенција за екстрадиција, Стразбур 17.03.1978 година (Службен весник на РМ“ – меѓународни договори бр.32/99).

Во 2010 година Република Македонија го потпиша Третиот дополнителен протокол на Конвенцијата за екстрадиција на Советот на Европа. Во тек е постапка за ратификација на истиот.

Во април 2011 година потпишани се три билатерални договори меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово, за правна помош во кривичните предмети; за екстрадиција; за трансфер на осудени лица.

Во април 2011 година со Амандманот XXXII извршена е измена на Уставот на Република Македонија, со кој се предвидува дека државјанин на Република Македонија не може да биде предаден на друга држава, освен врз основа на ратификуван меѓународен договор, со одлука на суд.

Во 2011 година Министерството за правда на Република Македонија потпиша два билатерални договори за екстрадиција, и тоа: Договор за екстрадиција со Република Хрватска потпишан на 31.10.2011 и Договор за екстрадиција со Црна Гора потпишан на 04.10.2011, во кои е регулирано и издавањето на сопствени државјани, само за најтешките облици на организиран криминал, корупција и перење на пари.

На 30.11.2011 година Министерот за правда на РМ потпиша три билатерални договори со Република Србија, Договор за правна помош во граѓански и кривични предмети, Договор за екстрадиција и Договор за заемно извршување на судски одлуки во кривичната материја.

На 04.10.2011 година потпишан е Протокол за соработка меѓу Министерството за правда на Република Македонија и Министерството за правда на Босна и Херцеговина со кој ќе се унапреди соработката меѓу двете земји во делот на правосудството и меѓународната правна помош.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За спроведување на Договорот за соработка меѓу Република Македонија и ЕВРОПРАВДА (EUROJUST), преку кои може да се остварува директна комуникација помеѓу надлежните правосудни органи на Република Македонија и земјите членки на Европската Унија во спречувањето и решавањето на делата

---

Европска конвенција за трансфер на осудени лица, Стразбур 21.03.1983 година (Службен весник на РМ" – меѓународни договори бр.32/99); Дополнителен протокол на Европската конвенција за трансфер на осудени лица, Стразбур 18.12.1997 година (Службен весник на РМ" – меѓународни договори бр.32/99).

Европска конвенција за пренос на казнените постапки, Стразбур 15.05.1972 година („Службен весник на РМ" бр.49 од 21.07.2004 година.

Договор за соработка меѓу Република Македонија и ЕВРОПРАВДА (EUROJUST), Брисел 28.11.2008 година („Службен весник на РМ" бр.51 од 16.04.2009).

Конвенција за граѓанска постапка, Хаг, 01.03.1954, („Службен лист на ФНРЈ" – додаток бр.6/62)

Конвенција за укинување на потребата од легализација на странски јавни исправи, Хаг, 05.10.1961 година („Службен лист на ФНРЈ" – додаток бр.10/62)

Конвенција за доставување во странство на судски и вонсудски акти во граѓански или трговски работи, Хаг, 15.11.1965 година („Службен весник на РМ" бр.107/2008)

Измени и дополнувања на статутот на Хашката Конференција за меѓународно приватно право („Службен весник на РМ", бр. 103/2008 година.

Конвенција за прибавување на докази во странство во граѓанските или трговските работи, Хаг, 18.03.1970 година („Службен весник на РМ, бр. 140 од 06.11.2008 година;

на организираниот криминал, во јуни 2011 година номинирани се претставник од Јавното обвинителство за организиран криминал и претставник од Министерството за правда како контакт лица кои директно ќе соработуваат со EURIJUST во согласност со склучениот договор.

Од 01 април до 21-ви ноември 2011 година, примени се 4.534 предмети, по кои е постапено 8.687 пати. Реализирани се 69 екстрадиции, од кои од странство во Република Македонија се екстрадирани 47 македонски државјани, а од Република Македонија во странство екстрадирани се 22 странски државјани.

Исто така, во текот на 2011 година извршен е трансфер на 16 лица, од кои 7 се од странски земји во Република Македонија, кои преостанатиот дел од казната ја издржуваат во Казнено поправниот дом во Идризово, и 9 странски државјани кои се трансферирани од Република Македонија во земјите чии државјани се.

Во 2011 година во  Академија на судии и обвинители, одржани се:

- Во организација на TAIEX , одржан е семинар на тема Меѓународна соработка во кривична материја,
- Во организација на OSCE, одржана е работинлица за примена на Законот за кривична постапка;
- Во рамки на ИПА проект, одржан е семинар за Меѓународно приватно право;

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Поведување постапка за ратификација на Третиот дополнителен протокол на Конвенцијата за екстрадиција на Советот на Европа од 10 Септември 2010 потпишан на 10.11.2010.

Во текот на 2012 година предвидено е склучување/ратификација на  билатерални договори со соседните земји за правна помош во граѓанските и кривичните предмети, за меѓусебно признавање и извршување на судските одлуки, преку кои ќе се изврши натамошно усогласување со европското законодавство од оваа област.

Предвидена е ратификација на трите билатерални договори потпишани во април 2011 година меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово, за правна помош во кривичните предмети; за екстрадиција; и за трансфер на осудени лица.

Во текот на 2012 година, предвидена е ратификација на три договори со Црна Гора и тоа Договор за екстрадиција, Договор за правна помош во граѓански и кривични предмети и Договор за меѓусебно признавање и извршување на судските одлуки, ратификација на три договори со Р. Србија и тоа Договор за екстрадиција, Договор за правна помош во граѓански и кривични предмети и Договор за меѓусебно признавање и извршување на судските одлуки; ратификација на три договори за изменување и

дополнување на три договори (Договор за екстрадиција, Договор за правна помош во граѓански и кривични предмети и Договор за меѓусебно признавање и извршување на судските одлуки) склучени со Босна и Херцеговина, како и ратификација на Договор за  екстрадиција со Хрватска..

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Предвидена е континуирана обука на вработените во Секторот за меѓународна правна помош и други вработени во Министерството за правда, судии и јавни обвинители преку Академијата за обука на судии и јавни обвинители, во делот на кривичната материја, со посебен акцент на европските конвенции за меѓусебна правна помош, екстрадиција, трансфер, пренос на казнени постапки со дополнителните протоколи, Европравда, европски налог за апсење, како и за имплементација на Законот за меѓународна соработка во кривичната материја.

Ќе продолжат активнстите за спроведување на Договорот за соработка меѓу Република Македонија и ЕВРОПРАВДА (EUROJUST).

### СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

#### ПРАВНА РАМКА

Склучување на билатерални договори во кривичната и граѓанската област на регионално и меѓународно ниво.

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

За натамошно спроведување на мултилатералните и билатералните договори потребна е континуирана обука, семинари советувања за примена на Европските конвенции во граѓанскаат и кривичната област, на вработените во Секторот за меѓународна правна помош и други вработени во Министерството за правда, судии и јавни обвинители преку Академијата за судии и јавни обвинители.

Ќе се преземат активности и за надградба на системот за водење на евиденција на предметите во меѓусебна правна помош во граѓанска и кривична материја.

## 3.24.6 **ПОЛИЦИСКА СОРАБОТКА И БОРБА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ПРАВНА РАМКА

Собранието на Република Македонија го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за Центарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа[60] (SELEC).

[60] Службен весник на РМ бр.18/ 2011

Донесен е Законот за ратификација на Договорот за оперативна и стратешка соработка со Канцеларијата на европската полиција (ЕВРОПОЛ)61.

Потпишан е Меморандум за зајакнување на соработката во областа на внатрешната контрола помеѓу министерствата за внатрешни работи на Република Македонија и Република Србија.

Во насока на регулирање на начинот на остварување координација на меѓународната соработка, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии: Финансиска полиција, Царинска Управа, Министерство за правда и Јавно обвинителство потпишаа Меморандум за соработка, со кој се обврзаа да ги преземат сите неопходни активности за функционирање на Единицата за меѓународна координација на органите надлежни за спроведување на законот. “

Во насока на адресирање на констатираната противречност во поглед на примената на т.н. амбиентално следење, беа донесени измени и дополнувања на Законот за кривичната постапка62. Исто така се уредува вршењето на претресување на дом и лице без присуство на двајца полнолетни граѓани како сведоци, а на лицето на кое се однесува наредбата за претрес му се остава правото на присуство на бранител при вршењето на истото.

Во мај 2011 година донесен е Закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик на Република Македонија63, со кој се воведуваат одредби од областа на заштита на деца од сексуална злоупотреба, како и инкриминациите од областа на корупцијата. Паралено со овие одредби се изменија и неколку други инкриминации чија досегашна примена покажа одредени слабости во праксата.

Донесен е Закон за изменување и дополнување на Закон за испитување и жигосување односно обележување на огненото оружје и муницијата64 со кој се врши усогласување со Директива 2008/51/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот од 21 мај 2008 со која се изменува и дополнува Директива за контрола на набавување и поседување на оружје 91/477/ЕЕС на Совет на Европа, 18.06.1991 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Воспоставена е Единицата за меѓународна координација на органите надлежни за спроведување на законот (ILICUs).

Секторот за меѓународна полициска соработка е назначен за Национална централна единица за соработка со земјите потписнички на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа.

Согласно новиот Акт за систематизација на работни места во Министерството за внатрешни работи, Одделот за организиран криминал прерасна во Центар за сузбивање на сериозен и организиран

[61] Службен весник на РМ, бр.172/2011
[62] Службен весник на РМ бр.51/2011
[63] Службен весник на РМ бр. 51/2011
[64] Службен весник на РМ“ бр. 47/2011

криминал. Во транспарентна постапка спроведени се интерни огласи за сите раководни места во Центарот. Во тек се активности околу започнување на постапка за објавување на конкурс за непополнетите 169 работни места во Центарот, од кои во: Одделот за финасиски криминал- 30 извршители; Оддел за надозволена трговија со дрога -9 извршители; Оддел за криминалистичко разузнавање- 26 извршители; Оддел за криминалистичка разузнавачка анализа- 19 извршители, Оддел за прикриени операции-45 извршители; Оддел за сериозен криминал-30 извршители.

Република Македонија е рангирана во групата ТИЕР 1, во земјите коишто целосно ги исполнуваат стандардите во борбата против трговијата со луѓе од страна на Стејт департментот на САД.

Обезбеден е соодветен простор за Одделението за заштита на сведоци и извршено е негово соодветно опремување. Со цел јакнење на капацитетите на Одделението за заштита на сведоци, се спроведува Регионален Проект ИПА 2009: Соработка во областа на кривичното право: заштита на сведоци во борбата против сериозниот криминал и тероризмот (WINPRO).

Едукацијата и усовршувањето на вработените од Министерството за внатрешни работи се одвива континуирано, во соработка и со повеќе меѓународни организации65 како и со амбасади и министерства за внатрешни работи66. Во периодот јануари-септември 2011 спроведена е обука за 155 вработени од Центарот.

Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам спроведе голем број на обуки за вработените како и за субјектите задолжени да даваат извештаи за целите на спечување на перење пари и финансирање на тероризам.

Воспоставена е соработка на Министерството за внатрешни работи со БАФА-(Federal office of economics and export control) кој преставува Центар за контрола на извозот. Направено е реновирање на простории за складирање на испукани чаури од оружје кое граѓаните легално го поседуваат, компјутерска опрема мебел и сл. со опрема во вредност од приближно 70.000,00 ЕУР донирана од страна на SEESAC(South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse for the Control of Small Arms and Light Weapons) Националната комисија за борба со трговија со луѓе и илегална миграција во континуитет ги спроведува своите планирани активности. Спроведени се 3 работилници со цел јакнење на капацитетите на локалните совети за превенција во борбата против трговијата со луѓе. Во соработка со ОБСЕ изготвен е образец за следење и известување на случаи на трговија со луѓе на Националниот известувач.

Центарот за лица- жртви на трговија со луѓе во текот на 2011 година има примено 8 лица жртви на трговија со луѓе на возраст од 16 до 21 година, од македонска, ромска и албанска националност. Центарот работи со помош на НВО„Отворена порта„ во која се вработени 7 лица, НВО „Среќно детство„

[65] OBSE, UNDP, ICITAP, ILECU, CIVIPOL, IOM, FRONTEX, TAIEX, UNODC и др)
[66] САД, Франција, Словенија, Австрија, Бугарија и др.

во која се вработени 3 лица, и НВО „Еднаков Пристап„ која обезбедува реинтеграција на жртвите на трговија со луѓе.

Со цел на зајкнување на регионалната соработка во борба против трговија со луѓе спроведен е проект „Интегриран пристап за превенција на трудова експлоатација помеѓу земји на потекло и дестинација„ кој е спроведен во соработка со земјите во регионот. Носител на проектот е Романија, а учесници во проектот се 6 земји: Р.Македонија, Р.Бугарија, Р.Грција, Р.Кипар, Р.Унгарија.

Владата на Република Македонија донесе нова Национална Стратегија за перење пари и финансирање на тероризам за период 2012-2014 година.

Дополнително, Владата на Република Македонија ги усвои Стратегијата и Акцискиот план за координација на активностите во борбата против организираниот криминал со кои се предвидува формирање на Националниот координативен центар за борба против организиран криминал.

Потпишан е Меморандум за соработка на Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризмот со Агенцијата за разузнавање.

Во насока на зајакнување на меѓународна соработка, Управата за спречување и перење пари и финансирање на тероризам потпиша меморандуми за соработка со Република Унгарија и Израел.

Донесена е Одлука за формирање на Советот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам67.

Донесен е Законот за ратификација на Договорот за оперативна и стратешка соработка со Канцеларијата на европската полиција.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во текот на 2012 година, во областа на полициска соработка ќе се донесат следните правни акти:

- Закон за ратификација на Конвенција на заштита на жени од домашно и сексуално насилство;
- Потпишување на Договорот меѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Министерството за внатрешни работи на Република Албанија за отворање и функционирање на заеднички контакт центар за полициска соработка.
- Донесување на Упатство за дефинирање на статусот и надлежностите на ILECUs единица

[67] Службен весник на РМ“ бр. 159/2011

- Со Европол ќе се потпише билатерален договор за поврзување на компјутерски мрежи и Меморандум за разбирање за воспоставување на нова безбедна комуникациска врска, со кои ќе се овозможи директно поврзување со апликацијата за безбедна размена на информации и анализа на мрежи на Европол - SIENA.

- Во насока на имплементација на Стратегија и Акционен план за координација на активностите во борбата против организираниот криминал, во 2012 година ќе се донесе правен акт со кој ќе се уреди начинот на функционирање на Националниот координативен центар за борба против организираниот криминал.

Согласно Акцискиот план за имплементација на Законот за кривичната постапка, ќе се донесат следните закони:

- Закон за измена и дополнување на Законот за следење на комуникациите, со кој меѓу другото, ќе се адресираат забелешките од Извештајот на Европската Комисија за напредокот на РМ во 2011 година;

- Закон за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство и донесување на подзаконски акт со кој ќе се дореди формирањето на истражните центри;

- Закон за измена и дополнување на Законот за внатрешни работи;

- Закон за измена и дополнување на Законот за полиција.

- Закон за финансиска полиција.

По завршување на постапката за избор на најдобар понудувач во рамките на набавката на системот на Националната криминалистичко разузнавачка база ќе се потпише Договор со најповолниот понудувач за изведување на работите. За функционирањето на Националната разузнавачка база на податоци ќе се донесе:

- Одлука за воспоставување на Комисија за управување со Националната криминалистичко разузнавачката база на податоци.

- Уредба за начинот на деделување на пристап, нивоа на пристап, критериуми според кои се уредува нивото на пристап, времетраење на пристапот, постапката за уредување на престанување и за одземање на пристапот.

- Уредба за начинот на обработка и чување на податоците во базата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на успешна имплементација на Договорот за соработка со Европол, Министерството за внатрешни работи ќе номинира офицер за врска во седиштето на Европол во Хаг, Холандија.

Капацитетите на Секторот за меѓународна полициска соработка ќе се зајакнат со 8 нови извршители, од кои 2 во Одделение за Европол.

Царинската Управа и Министерството за внатрешни работи-Сектор за гранични работи и миграција ќе номинираат офицери за врска во Единицата за меѓународна координација на органите надлежни за спроведување на законот (ILECUs).

Ќе се формираат истражните центри и правосудната полиција согласно Законот за кривична постапка.

Ќе се продолжи со имплементација на Проектот за воспоставување на Национална криминалистичко разузнавачка база на податоци.

Во рамките на активностите за воспоставување Национална криминалистичко разузнавачка база на податоци, периодот за избор на најдобар понудувач е пролонгиран до крајот на јануари 2012 година поради потребата од дополнителен период за анализа на доставените понуди, за што до економските оператори е доставено барање за продолжување на важноста на гаранциите

Во насока на континуирана борба против организираниот криминал, во текот на 2012 година Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција ќе донесе нова Стратегија за борба со трговија со луѓе и илегална миграција со Акциски план за периодот 2013-2015.

Со цел обезбедување на стратешки и систематски пристап во развивањето и имплементацијата на национален модел за криминалистичко разузнавање во Јавно обвинителство, Министерство за внатрешни работи, Царинска управа, Финансиска полиција, Управа за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам и Управа за јавни приходи, ќе се донесе Стратегија и Акциски план за воспоставување Национален модел за криминалистичко разузнавање.

Во насока на имплементација на Стратегијата и Акциониот план за координација на активностите во борбата против организираниот криминал, во 2013 година ќе се изготви студијата за изводливост за воспоставување на Националниот координативен центар за борба против организираниот криминал.

Ќе се зајакнат капацитетите на Центарот за борба против организираниот криминал преку:

- кадровско зајакнување на единиците во рамки на Центарот за борба против организираниот криминал согласно актот за систематизација на работни места,
- материјално-техничко опремување на Центарот за борба против организираниот криминал;
- специјализираните обуки ќе се спроведуваат согласно Годишниот план за обуки на МВР и со подршка на странски експерти, со посебен акцент на обука за новите законски решенија и развивање на криминалистичко-разузнавачкиот процес.

Ќе продолжи процесот на материјално-техничко опремување на Одделението за заштита на сведоци.

Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција ќе изврши евалуација на исполнетост на Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2009-2012

Во рамките на проектот „Интегриран пристап за превенција на трудова експлоатација помеѓу земји на потекло и дестинација„ кој е во насока на зајакнување на регионална соработка во борбата за трговија со луѓе ќе се спроведе „Студија за состојбата на трговија со луѓе за трудова експлоатација„.

Ќе продолжат активностите на спроведување на Акцискиот план за имплементација на Законот за кривична постапка.

Ќе продолжи реализацијата на активностите од Акциски план за имплементација на Стратегијата за мало и лесно оружје.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

На среден рок се предвидува изработка на Анализа на усогласеноста на националното законодавство со Заеднички став за извоз на оружје на Совет на ЕУ 2008/944/CFSP и разгледување на можноста за нејзино транспонирање во националното законодавство.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Се предвидува учество во работните досиеја за анализа на Европол, активност која станува возможна со потпишувањето на Договорот за оперативна и стратешка соработка помеѓу Република Македонија и Европол.

Ќе се воспостави и стави во фунција Националната криминалистичко разузнавачка база на податоци како и Националниот Координативен Центар за борба против организираниот криминал.

Ќе се имплементира Националниот модел за криминалистичко разузнавање во Јавно обвинителство, Министерство за внатрешни работи, Царинска управа, Финансиска полиција, Управа за спречување на перење на пари и финансирање на тероризам и Управа за јавни приходи.

Понатамошно техничко опремување на Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Јавното обвинителство и Управата за спречување на перење на пари во областа на борба против организираниот криминал.

Ќе се продолжи со понатошна обука на вработените во Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Јавно обвинитество и Управата за спречување на перење на пари во областа на борба против организираниот криминал

## 3.24.7 **БОРБА ПРОТИВ ТЕРОРИЗАМ**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

#### ПРАВНА РАМКА

Донесени се измени и дополнувања на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам68. Беше усвоен Законот за меѓународни рестрективни мерки69. Дополнително, беа ратификувани измените и дополнувањата на Конвенцијата за физичка заштита на нуклеарен материјал70

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Беше усвоена Националната Стратегија за борба против тероризам на Република Македонија за период 2012-2015, која е во согласност со Стратегијата на Европската Унија за борба со тероризам. Исто така, беше усвоена Национална Стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам за периодот 2012-2014. Агенцијата за разузнавање донесе Стратешки план на Агенцијата за периодот 2012-2014 година. Агенцијата потпиша Меморандуми за соработка со домашните институции71 по прашања од взаемен интерес, кои опфаќаат сегменти поврзани со борбата против тероризмот

Формирано е Координативно тело за спроведување на меѓународни рестриктивни мерки, составено од претставници на Министерство за внатрешни работи, Министерство за економија, Министерство за надворешни работи, Министерство за одбрана и Министерство за финансии.

Република Македонија стана членка на „Counterterrorissam initiative-(CTI)" на Совет на Европската Унија, со што се овозможува користење и размена на разузнавачки информации во насока на зајакнување на регионалната соработка во борбата против тероризам.

Континуирано се остварува ефикасна меѓународна соработка со Европол, Интерпол, СЕКИ Центарот во Букурешт, Евроџаст, и ОБСЕ .

Беше изработен Елаборат за подобрување и развој на разузнавачките капацитети на Агенцијата за Разузнавање.

---

[68] Службен Весник на Република Македонија бр. 35/2011
[69] Службен весник на Р.Македонија бр.36/2011
[70] Службен весник на Република Македонија бр. 148/11
[71] Управа за јавни приходи, Управа за спречување на перење пари и финансирање тероризам, Царинска Управа и Финансиска полиција

Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање во континуитет остваруваат интензивна меѓународна соработка со странските безбедносни и разузнавачки служби со цел размена на сознанија, разузнавачки податоци и информации заради превентивно делување и преземање на мерки и активности во правец на откривање и спречување на терористички активности и решавање на безбедносни проблеми од интерес на остварување на безбедноста на национално регионално и глобално ниво.

Продолжува соработка со НАТО, односно NOS(Нато канцеларија за безбедност), ILU(Разузнавачка единица за врски) и TTIU( Разузнавачка единица за терористички закани) преку редовна размена разузнавачки информации од заеднички интерес, а со цел спречување на терористички закани насочени кон НАТО, земјите членки на Алијансата, Република Македонија и други земји. УБК и АР продолжија со активно членство и соработка во рамките на Конференцијата на разузнавачките служби на Југоисточна Европа (SEEIC) и средноевропската конференција (MEC).

Комитетот за борба против тероризмот на Советот за безбедност на ОН формиран со Резолуција 1373 (2001) на 13 октомври 2011 година изврши евалуација на целокупниот систем за борба против тероризмот во земјата.

Во текот на 2011 година за вработените во УБК и АР беа спроведени повеќе обуки и семинари кои се однесуваат на теми за борба против тероризмот и неговото финансирање.

Редовно беа доставувани квартални и годишни извештаи до Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со договорот за нештирење на нуклеарно оружје.

Назначено е контакт лице за следење на спроведувањето на обврските од ратификуваната Заедничката Конвенција за сигурност при управување со искористено нуклеарно гориво и сигурност при управување со радиоактивен отпад.

Беше реализирана инспекција од Меѓународната агенција за атомска енергија на декларираните локации согласно Ревидираниот протокол за мали количества кон Договорот меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на безбедносни мерки во врска со Договорот за неширење на нуклеарното оружје[72] „.

Беа спроведени 2 регионални тренинг курсеви (Медицинска подготвеност и одговор на нуклеарен или радиолошки вонреден настан и „Регионална конференција за зајакнување на соработката во спречување на нелегална трговија со радиоактивен материјал“) со цел зајакнување на регионалната соработка на полето на радиационата сигурност и 1 национална работилница („Национална работилница за Дизајн на проценка на закани за нуклеарна безбедност“) со цел подигнување на нивото на знаење на нуклеарна безбедност.

[72] Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2007

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Ќе бидат донесени измени и дополнувања на Законот на Агенција за разузнавање во насока на негово усогласување со другите закони од безбедносно разузнавачки сегмент и законодавството на ЕУ. По донесувањето на наведениот закон, ќе бидат донесени интерни акти со кои ќе се доразработи работењето на агенцијата за разузнавање.

Ќе се донесе Правилник за организација и работа на Управата за безбедност и контраразузнавање.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Ќе се изготви Акциски План за борба против тероризам за период 2012-2015 година.

Континуирано ќе се имплементираат мерки и активности кои произлегуваат од Стратегија за борба против тероризам.

Ќе се формира координативно тело за борба против тероризам во насока на имплементација на Стратегија за борба со тероризам.

Ќе продолжи процесот на следење на спроведување на меѓународни рестрективни мерки.

Ќе биде интензивирана меѓуинституционалната соработката на безбедносните органи во Република Македонија и другите институции чиј домен на надлежност вклучува и одредени аспекти на спротивставување на тероризмот и подобрување на меѓусебната координација;

Ќе се продолжи со интензивирање на постојната разузнавачка соработка со странските партнерски разузнавачки служби, на билатерално и мултилатерално ниво, како Конференцијата на разузнавачките служби на ЈИЕ (СЕЕИК) и Средноевропската конференција (МЕК);

Ќе се имплементира системот за криптирана комуникација во Агенцијата за разузнавање и размена класифицирани информации во рамките на Средноевропската конференција (МЕК). Дополнително, ќе бидат зајакнати капацитетите на Агенцијата за разузнавање преку преку набавка на нова опрема (хардвер) и соодветни оператионби системи (софтвер), како и специјализирани обуки.

Ќе продолжи процесот на обука на вработените во Управата за безбедност и контраразузнавање како и Агенцијата за разузнавање за најновите форми на терористички закани на глобално ниво.

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Предвидена е ратификација на Конвенција на ОН за заштита на лица од присилно исчезнување..

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се подготви анализа на Директивата на ЕУ за воспоставување правната рамка на Заедницата за нуклеарна сигурност на нуклеарните инсталации,и согледување на можности за нејзино транспонирање во македонското законодавство.

Ќе се имплементира Националната  Стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам.

Континуирано ќе се унапредува и интензивира соработката на безбедносно-разузнавачките служби во меѓународни рамки како на билатерално така и на мулилатерално ниво.

Ќе се обезбеди техничко и материјално опремување на АР и УБК за нивно поефикасно дејствување во рамки на нивните законски надлежности.

## 3.24.8 **БОРБА ПРОТИВ ДРОГА**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**ПРАВНА РАМКА**

Севкупното законодавство во областа на дрогите е хармонизирано со меѓународните стандарди.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Продолжи имплементацијата на Акцискиот план (за периодот од 2008-2012) во рамките на Националната стратегија. Од страна на Центарот за следење на дроги и зависности од дрога, Сектор за контролирани супстанции, Министерство за здравство, направена е евалуација на реализираните активности од стратегијата за дроги за делот Намалување на побарувачката на дроги и истата е разгледана и усвоена од Државната меѓуресорска комисија заборба против дрога, а потоа и од страна на Владата на Република Македонија.

Се прибираат податоци неопходни за евалуација на реализираните активности на стратегијата за делот Намалување на побарувачката со дроги, кое ќе се реализира во четвртиот квартал од 2012.

Донесени се акциони планови за сите за сите 8 Сектори за внатрешни работи и 4 Гранични регионални Центри, за 2011 година.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

**ПРАВНА РАМКА**

Министерството за внатрешни работи, во текот на првиот квартал на 2012 година ќе изработи акциски планови за активност во 2012 год, за сите 8 Сектори за внатрешни работи и 4 Гранични регионални

Центри, согласно целите за намалување на снабдувањето со дрога од Националната стратегија за дрога на Република Македонија. Акциските планови ќе бидат усвоени од Државната меѓуресорска комисија за борба против дрога.. Акциските планови имаат за цел да ја подобрат координираноста на локално и регионално ниво, ефикасноста и ефективноста во борбата против криминалот поврзан со дрога.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за здравство,ќе изработи Акциски план за специјализирани обуки за дрога, психотропни супстанции и прекурсори наменета за претставниците на министерството за внатрешни работи. Покрај Секторите за внатрешни работи и  Граничните регионални центри во обуката ќе се вклучат и специјалните единици, особено единицата за специјални задачи на МВР. Обуката ќе ги вклучува и претставниците на Царинските служби. Обуката ќе ја вршат заеднички тимови на Министерство за здравство, МВР и Царинската Управа (представници на државната меѓуресорска комисија за борба против дрога) и истата има за цел зголемување на знаењето, вештините, а со тоа и ефикасноста во спречувањето на нелегалната трговија со дрога.  Овој акциски план е потикнат од потребата за јакнење на човековите ресурси на МВР и Царинската Управа. Со тоа, покрај вработувањата на дополнителни службеници во Одделот за борба против организиран криминал, за кои процедурата е во тек, ќе се врши зајакнување на потенцијалите за борба против дрога и во квалитативна смисла преку обуки, но и со вклучување и на единицата за специјални задачи на МВР во севкупните активности.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Активностите на среден рок ќе бидат насочени кон изработка на нова стратегија за дрога, за што ќе се настојува да бидат обезбедени соодветни  финансиски средства од ИПА фондовите.  Носител на активноста ќе биде Секторот за контролирани супстанции,Биро за лекови Министерство за здравство, а мониторинг ќе се врши од Државната меѓуресорска комисија заборба против дрога.

## 3.24.9 **ЦАРИНСКА СОРАБОТКА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Основни прописи со кои се регулира царинската соработка во казнените одредби се: Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр. 39/05, 4/08, 48/10, 158/10 и 44/11) и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2005 и измените и дополнувањата објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 73/2006, 40/2007, 62/2007, 42/2009, 38/2010, 46/2010 и 61/2010).

Во врска со Конвенцијата за меѓусебна соработка и помош на царинските служби, правен основ за царинска соработка помеѓу Република Македонија и државите членки на ЕУ, е Протоколот 5 од

Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската заедница и нејзините држави членки.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се работи на подобрување на институционалната структура за спроведување на Конвенцијата за меѓусебна помош и соработка помеѓу царинските служби со соодветните акти (Неапол 2), како и Конвенцијата за употреба на информациска технологија заармински цели.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Ќе се пристапи кон Конвенцијата за употреба на информатичка технологија за царински цели и ќе се продолжи со активностите за пристапување кон Конвенцијата за меѓусебна помош и соработка помеѓу царинските служби со соодветните акти.

## 3.24.10 **ФАЛСИФИКУВАЊЕ НА ЕВРО**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**ПРАВНА РАМКА**

Донесена е Одлука за воспоставување на Централна канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето на пари (во натамошниот текст: Канцеларијата) од страна на Владата на Р.Македонија. Улогата на Канцеларијата ја врши Одделот за финансиски криминал во Центарот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, Министерство за внатрешни работи.

Донесена е Одлука за утврдување на постапката за откривање и повлекување фалксификувани пари[73], од страна на Советот на Народна Банка на Република Македонија во март 2011 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Континуирано се спроведуваат тренизи и обуки од страна на централната Канцеларија за истраги во областа на сузбивањето на фалсификувањето на пари, на кои се презентира Прирачникот за методологија за откривање и документирање на фалсификувани пари кој е во согласност со прирачниците кои се користат во земјите на Европска унија.

Изработен е План за обуки од областа на фалсификување на евро. Во ноември 2011 година спроведени се 8 едукативни обуки од областа на фалс на евро, со кои без бидат опфатени вработени во сите 8

[73] Службен весник на РМ бр.42/11

Сектори за внатрешни работи на МВР , Царинска Управа, Финансова полиција и Народна Банка на Р.Македонија.

Заради остварување на активноста во надлежност на Канцеларијата, назначени се контакт лица за размена на информации од областа на сузбивањето на фалсификувањето на пари со Канцеларијата.

Се потпиша Меморандумот за соработка помеѓу институциите задолжени за борба против фалсификување на пари.

Продолжија активностите на Национален Аналитички Центар во рамките на Народна банка како единствено овластен да дава стручно мислење за автентичноста на книжните и кованите пари деноминирани во денари или во странска валута на Република Македонија

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во 2012 ќе се донесат следните Правилник за користење на базата за фалсификувани пари и Процедурте за соработка и постапување на помеѓу потписниците на меморандумот за соработка од областа фалсификување на пари

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во насока на зајакнување на институционалните капацитети во оваа област ќе се воспостави базата на податоци за фалсификување на пари. Паралелно, ќе се спроведат обуки на вработените за користење на базата за фалсификувани пари.

Ќе се зајакнат кадровските капацитети на Канцеларијата со двајца нови извршители, помеѓу кои еден аналитичар и еден технички документарист

## СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Ќе се измени Правилникот за водење на евиденции– регистар поврзани со проблематика фалсификување на пари.

Ќе продолжат активностите за хармонизација на националното законодавство со регулативите на ЕУ во областа на фалсификување на евро.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Континуирано зајакнување на материјално, техничките и кадровските капацитети на Централната канцеларија.

# 3.25 **НАУКА И ИСТРАЖУВАЊЕ**

## *3.25.1* ***ПОЛИТИКА НА ИСТРАЖУВАЊЕ***

### ***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

*Обезбедување на стратешка и законодавна рамка за развој на истражувачката политика*

Во текот на 2011 година се зајакна законодавната рамка со донесувањето на Закон за изменување на Законот за научно - истражувачка дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.24/11) и Правилник за изменување и дополнување на правилникот за постапката и поблиските критериуми за финансирање и надзор на годишните програми за научно - истражувачката дејност на субјектите на научно - истражувачката дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.25/11).

Беше усвоен Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/11). Основна цел на новиот закон е технолошкиот развој да се стекне со значење на приоритетна активност за МОН и Владата на РМ. Формирањето на Комитетот за технолошки развој, како меѓуресорско тело, ќе обезбеди програмирањето на дејноста да биде усогласено со владините политики во другите дејности, што ќе се овозможи реално утврдување на приоритетите на технолошкиот развој. Комитетот за технолошки развој ја предлага Програмата за технолошки развој, која ја носи Владата на РМ. Новиот закон предвиде со - финансирање на мали развојно - истражувачки проекти и иновациски проекти за подобрување и развој на технолошката инфраструктура, како и иновациски проекти во износ до 50.000 евра во денарска противвредност и големи проекти во висина над овој износ. Законот предвидува намалување на учеството на државата во кофинансирање на проектите, односно програмите со цел зголемување учеството на бизнис секторот во истражувањата.

Во ноември 2011 година се формираше Комисија за технолошки развој која е стручно тело за Комитетот за технолошки развој. Комисијата ја формира Министерот за образование и наука, и ова тело врши анализирање на европските и светските трендови и стандарди во технолошкиот развој и предлага мерки за нивно применување во Република Македонија; дава мислења и предлози за технолошкиот развој; дава мислења и предлози за подготвување на програмата за технолошки развој; дава мислења, предлози и насоки за меѓународната соработка; врши евалуација на оценетите предлози на проекти од страна на експертите и врши избор на мали проекти кои ќе бидат софинансирани од страна на Министерството, врши евалуација на оценетите предлози на проекти од страна на експертите и дава предлози и препораки до Комитетот за технолошки развој за избор на големи проекти кои ќе бидат софинансирани од страна на Министерството и врши и други работи кои ќе ги определи Комитетот за технолошки развој.

Во текот на август 2011 беше формиран Национален комитет за научно-истражувачка дејност, како експертско и советодавно тело на Владата на РМ за политиките на науката и развојот на севкупната научна дејност.

Беше подготвена нацрт - Националната програма за научно - истражувачка дејност 2012-2016 година. Во програмата се утврдуваат појдовните основи, целите, содржината и обемот на задачите во областа на науката, начинот на координирање и спроведување, потребната истражувачка инфраструктура, начинот на финансирање на научно - истражувачката дејност, човечките ресурси, показателите на остварувањето на научно - истражувачката дејност, меѓународната димензија и поврзаноста со стопанството.

Се реализираа редовните активности за развој на научно истражувачка дејност. Проектите/програмите на носителите на јавни овластувања во техничката култура за 2011 година, беа евалуирани програми/проекти на 24 носители на јавни овластувања, беа изготвени и потпишани договорите за кофинансирање на проектите/програмите.

Се обезбеди пристап до 50 електронски научни списанија со фактор на влијание.

Се реализира Конкурс за доделување на 20 стипендии "Борис Трајковски" за студенти за втор циклус на студии за извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд во Грција, за 2011/2012 година и беше направен избор на 20 кандидати .

Беа доделени стипендии на шест кандидати (тројца кандидати запишани на 20 прворангирани универзитети во Европа и на тројца кандидати запишани на Академијата за филмска и ТВ уметност – ФАМУ, во Прага, Р.Чешка.

Проектот за "Набавка на наставно - научна и истражувачка опрема за јавните научни институти и државните универзитети ", имаше успешна реализација во измината година, како резултат на што досега доставена е опрема за вкупно 42 лаборатории до крајните корисници.

Во рамки на Проектот „ Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД И Англија а од областа на правото во Франција и Германија", беа тековно реализирани промоции. Во изминатиов период, од почетокот на 2011 год. до сега, беа реализирани седум промоции и промовирани 101 наслов, со што бројот на преведени книги во рамки на проектот досега е 527.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за научно-истражувачка дејност. Со донесувањето на измени на Законот за научно - истражувачка дејност ќе се создаде правна основа за донесување подзаконски пропис со кој ќе се уредат посебни критериуми за избор и евалуација на Научни центри за извонредност. Стекнувањето на статус на научен центар на извонредност на установата или на групата истражувачи им обезбедува значаен основ за ориентирани истражувања, вмрежување и соработка со водечки европски и светски истражувачки центри, подобрување на учеството на македонските истражувачи во проекти на Европската Унија и јакнење на капацитетите на истражувачки партнери кои би претставувале поддршка на индустријата. Воедно, ќе се уредат можности за склучување на билатерални и мултиратерални договори за партнерство со веќе етаблирани научни центри на извонредност во странство за заеднички научни истражувања во научни полиња од национален интерес, искористувања на средствата од меѓународните партнери, особено во сферата на економијата, здравството, земјоделството, животната средина, градежништвото, со што ќе биде обезбедено стабилно финансирање на научните центри на извонредност и успешност на научните истражувања.

Усвојување на Националната програма за научно - истражувачка дејност 2012 - 2016 година. Донесувањето на Национална програма за научно - истражувачка дејност подразбира лоцирање и активирање на сите механизми со цел содавање нови импулси во научно-истражувачката дејност; овозможување утврдување приоритети во научно-истражувачката дејност на национално ниво во функција на потребите на економијата и општеството, како и интеграцијата на Република Македонија во Европската Унија; создавање клима за поголема конкурентност во научно-истражувачката дејност, како на домашен така и на меѓународен план; создавање на рамка за партнерска соработка помеѓу научно-истражувачките институции и приватниот сектор, итн.

Донесување на Програма за технолошки развој во која ќе се утврдат насоките на развој на политиките и активностите во технолошкиот развој и приоритетните подрачја на развојни истражувања во функција на технолошкиот развој.

Формирање на Одбор за етичност. Основната надлежност на Одборот ќе биде следење и оценување на примената на етичките начела и вредности во научно - истражувачката дејност, заштитата на човечкиот интегритет во научните истражувања и етичност во деловните односи меѓу субјектите за вршење на научно - истражувачката дејност. Согласно Законот за научно - истражувачка дејност, Македонската академија на науките и уметностите и Интеруниверзитетската конференција, до кабинетот на министерот, достави предлог - листа на можни кандидати за членови на Одборот. Од предложените кандидати Владата именува членови на Одборот.

Утврдување на критериуми за прогласување Центри на извонредност. Стекнувањето статус на научен центар на извонредност, на установата или пак на група истражувачи, обезбедува значаен стимул за ориентирани истражувања, вмрежување и соработка со водечките европски и светски истражувачки центри, ја стимулира меѓународната соработка, иницира заеднички истражувања насочени кон специфични проблеми и кон подобрување на учеството на македонските истражувачи на проекти на Европската унија. Прогласувањето на научни центри на извонредност ќе го поттикне и натпреварувањето помеѓу високообразовните и научните установи, а со тоа ќе се зголеми и зајакне квалитетот на научно - истражувачката работа во Република Македонија. Научните центри на извонредност се развиваат континуирано и освен што се значајни за развој на науката во Република Македонија и нејзина меѓународна димензија, се и од суштинско значење за економскиот раст и привлекувањето на инвестиции. Со цел обезбедување на развој на научно - истражувачката дејност на научните центри на извонредност потребно е обезбедување на стабилни финансиски средства. Дел од тие средства научниот центар на извонредност треба да биде во состојба да ги обезбеди како резултат на предвидените активности и како такви тие се вклучени во критериумите за избор и евалуација на научните центри на извонредност.

Формирање на Комитет за технолошки развој. Комитетот за технолошки развој го формира Владата на РМ. Составен е од претседател и шест членови: заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, министерот за финансии, министерот за економија, министерот за образование и наука, министерот за информатичко општество и администрација, министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и министерот за животна средина и просторно планирање.

Продолжување со реализација на Проектот за “Набавка на наставно - научна и истражувачка опрема за јавните научни институти и државните универзитети ”.

Продолжување со реализација на Проектот „Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД И Англија а од областа на правото во Франција и Германија”.

Продолжување со активности за финансиска поддршка на младиот научно - истражувачки кадар

Продолжување со активностите за финансирање на научно -истражувачки програми односно проекти на јавните научно - истражувачки институции

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Продолжување со реализација на Проектот за “Набавка на наставно - научна и истражувачка опрема за јавните научни институти и државните универзитети ”.

Продолжување со реализација на Проектот „Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД И Англија а од областа на правото во Франција и Германија".

Продолжување со активности за финансиска поддршка на младиот научно - истражувачки кадар

Продолжување со активностите за финансирање на научно -истражувачки програми односно проекти на јавните научно - истражувачки институции

## 3.25.2 **РАМКОВНИ ПРОГРАМИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Во рамки на Седмата рамковна програма, изминатиот период беа реализирани бројни активности.

Во текот на април 2011 беше одржана презентација на ФП7 Програмата на тема „Истражувањето во општествено-економските и хуманитарни науки во контекст на ФП7" Конференција „ Состојбата на истражувањата во општествените науки во РМ и промоција на ФП7 програмата и приоритетот општествени науки на Факултетот за туризам и шпедиција во Охрид.

Македонските претставници земаа учество на работилница во организација на Словенечкото здружение за бизнис и истражување, Европскиот центар за мир и Стопанската Комора на Македонија. Одржаната презентација беше опсервација и коментирањето на досегашните искуства.

На 2-ри мај 2011 година беше реализиран информативен ден на кој се овозможи промовирање на можностите на Мари Кири акциите во рамки на 7-мата Рамковна програма. Овој настан беше организиран во рамки на проектот "Транснационална соработка меѓу Националните контакт точки – програма ЛУЃЕ и беше наменет за магистранти, докторанти, доценти, истражувачи и иноватори од мали-средни претпријатија, јавни и приватни установи и други заинтересирани страни.

Во текот на месец мај, во Охрид се одржа состанок на претставници на земјите за проширување на ЕУ, на кој се разговараше подготовката на документ за изразување на заедничката позиција за понатамошно учество во 8-мата Рамковна програма. Во периодот од 7-ми до 9-ти јуни 2011 се реализира учество на Недела на иновативни региони во Европа и на работилницата Оценка и нови предизвици за истражувачкиот потенцијал, на која земаа учество координаторите, члeновите на Програмските комитети и Националните контакт лица на ФП 7под-програмите Региони и Истражувачки потенцијал, во Унгарија. Главни теми на Конференцијата беа синергија помеѓу европските, националните и регионалните политики во однос на истражувачката инфраструктура; стимулирање на економскиот и општествениот развој: развој на истражувачката инфраструктура и кластерите; пазари на знаење и компетитивност; регионална димензија на Иновативната Унија. .

Работилницата за Оценка и нови предизвици за истражувачкиот потенцијал беше од исклучително значење за сите земји од нашиот регион како и поновите земји членки (Полска, Белорусија итн), но исто така и за некои од Земјите членки на ЕУ како Шпанија, Италија, Грција, кои имаат послабо развиени региони, бидејќи им овозможи на учесниците да се произнесат за концептот на новата рамка за истражување и развој 2014-2020 со која се предвидува исклучување на проектната поддршка од оваа програма за јакнење на истражувачкиот потенцијал и нејзино трансферирање под ИПА и структурните фондови, што е крајно неповолно и несоодветно за сите овие групи земји, бидејќи на тој начин ќе бидат значително намалени можностите за воспоставување соработка и формирање мрежи и конзорциуми со познатите Европски истражувачки центри, учество во значајни научноистражувачките проекти, што е и основната потреба и интерес за учество во оваа Програма. Се заседе цврст став околу ова прашање со

препорака за истиот да се дискутира на повисоките инстанци и да се земе предвид при конципирањето на новата Рамковна програма.

Во текот на септември се реализираше „Презентација на Отворени повици за 2012" за сите тематски области: транспорт, животна средина, општествени и хуманистички науки, здравство, мали и средни претпријатија, информатичка и комуникациска технологија, храна, земјоделие и биотехнологија, мобилност, енергија, рег-пот ( истражувачки капацитети), нано науки, нано технологии, материјали и нови производни технологии.

Македонија зема учество на Регионалната Министерска конференција која се одржа во Брисел, на која присуствуваше  и Министерот за образование и наука. Се дискутираа напорите што државите од регионот ги превземаат за унапредување на истражувањата и иновациите и нивно позиционирање на повисоко ниво на политичката агенда на земјата; успешноста и потребата од понатамошно учество на земјите од регионот во ФП7; зајакнување на соработката со Зеднички истражувачки центри на ЕК како и сугестии за мерки и активности за успешно понатамошно учество на земјите од регионот во следната Рамковна програма “Horizont 2020”.

Во текот на септември 2011 се одржаа и промовирање на активностите на Пан-европската манифестација „Ноќ на истражувачи 2011“, Форум „ Жените во науката“, предавање за животот и делото на Марија Кири во рамки на проектот „Истражувачка видливост 2011 - Македонија“, како и Инфо ден „Презентација на Отворени повици за 2012“ наменет за бизнис заедницата. Воедно, беа реализирани и индивидуални средби на Националните контакт лица со претставниците на компаниите и малите и средни претпријатија со цел поддршка при подготовка на предлог проектот.

Промоцијата продолжи и во текот на ноември 2011, во рамки на мрежата на Национални контакт лица за ФП7 приоритетот Здравство, во Букурешт, Романија се одржа редовен состанок на мрежата и работилница за Интелектуална сопственост. Во декември 2011, во Стопанската комора на РМ се одржа настан именуван на тема „ Од Фирмите за Фирмите- искуства од ФП7 проекти“ каде главни презентации дадоа фирми и МСП кои учествувале во ФП7 проекти и кои го споделија своето искуство и значење од учество.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

Промоција на можностите кои ги нуди 7мата Рамковна програма. Задржување на позитивниот тренд на апликации за учество во 7ма РП, преку одржување на инфо денови, обуки за сите заинтересирани страни и информирање за отворените повици.

Реализирање активности со цел интензивирање на мобилноста на македонските истражувачи и поврзаноста со бизнис секторот  - Мари Кири активности.

Реализирање активности со цел постигнување на поголема вклученост на Малите и средни претпријатија во ФП7.

***СРЕДНОРОЧНИ  ПРИОРИТЕТИ***

Континуирана дисеминација на информации за 7- ма Рамковна програма со цел обезбедување поголема информираност и транспарентност за можностите што ги нуди Програмата со посебен акцент на актуелните повици.

Организирање семинари, инфо денови, обуки и презентации со кои ќе бидат опфатени државните и приватните универзитети, јавните и приватните научни установи, малите средни претпријатија, самостојните истражувачи и локалната самоуправа.

Подготовка на истражувачкиот и бизнис сектор за претстојната Рамковна програма Хоризонт 2020.

### *3.25.3 **ЕВРОПСКИ ИСТРАЖУВАЧКИ ПРОСТОР***

#### ***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

*WBC- INCO-NET и SEE ERA NET plus проекти*

Се продолжи со реализација на WBC- INCO-NET проектот, финансиран во рамки на ФП7, кој има за цел поддршка на билатерален и регионален дијалог во научно-техничката соработка, идентификување на приоритетите и потенцијалите на земјите од Западен Балкан и зајакнување на учеството на истражувачите од Западен Балкан во европските проекти од заеднички интерес. Министерството за образование и наука во периодот од 24 до 27 мај 2011 година организираше значајни состаноци во рамки на проектите WBC INCO NET и SEE ERA NET PLUS кои се одржаа во Охрид. Се одржаа состаноци на Управниот одбор на проектот WBC INCO NET и SEE ERA NET PLUS, со цел проширување и продлабочување на соработката во областа на науката со земјите од регионот и земјите членки на Европската унија. Воедно се одржа Форум за иновации фокусиран на идните механизми за финансирање. Најзначајниот настан, Извршна платформа беше одржан на 26-ти мај 2011 година. Извршната платформа е високо тело за креирање и координирање на политиките во областа на истражувањето и развојот за земјите од Западен Балкан. Цел на состанокот беше подготовка на земјите од Регионот за поголемо и поуспешно учество во 7–та Рамковна програма и подготовка за претстојната 8-Рамковна програма. Се реализираа дополнително значајни настани во текот на октомври. Беше финансирано учество на 4 експерти од РМ кои презентираа предлог идеи за аплицирање на повик од област транспорт, на семинар од областа на транспортот како и во рамки Светска конференција за истата област кои се одржаа во Солун, Грција. Македонската страна со цел зајакнување на капацитетите зема учество на работилницата организирана од WBC-Inco-net проектот на тема Финансиски и легални прашања и Ревизија на ЕУ проекти . Од 23 до 25 Ноември 2011, во Белград се одржа официјален настан за почеток на проектот Регионална Стратегија за истражување и развој на иновации за Западен Балкан финансирана од ЕУ и Светска Банка. Главна цел на настанот беа дефинирање на водечката структура за имплементација на проектот, методологијата и активностите што ќе бидат имплементирани во наредните 2 години. Од 28 ноември до 1 декември 2011, во Сараево се одржаа состаноци на Управниот одбор на проектот WBC INCO NET и Извршната платформа во присуство на високи претставници од Европската Комисија претставници од 20 земји од Европската Унија, и партнерите во проектот од регионот Западен Балкан. Цел на состанок беше подготовка на земјите од Регионот за поголемо и поуспешно учество во 7–та Рамковна програма и подготовка за претстојната Рамковна програма Хоризонт 2020.

*Соработка со Заеднички истражувачки центри на ЕК*

10 истражувачи од Република Македонија го посетија Институтот во Испра, како резултат на интензивираните активности за соработка со Заедничкиот истражувачки Центар (ЗИЦ) на Европската Комисија, а по покана на Институтот во Испра. ЗИЦ отвори 40 позиции за дописни истражувачи наменети за земјите од Западен Балкан. Беше реализирана промоција на ФП7 Програмата и ЗИЦ во електронски медиум. Покрената е Иницијатива за одржување на заеднички состанок на Земјите од Регионот и ЗИЦ со цел зацврстување на позициите во понатамошната соработка во планирањето на идните активности на

ЗИЦ за проширување и интегрирање. Националното Контакт Лице од РМ активно учествуваше во подготовките на иницијативата со конструктивни предлози кои на состанокот во Брисел беа прифатени од претставниците на регионот и од на ЗИЦ. Во текот на ноември 2011, претставникот на Бордот на Гувернери од РМ учествуваше активно на работниот состанок на мрежата на Националните контакт лица на кој се утврди дека ќе се забрза процедурата за прифаќање и потпишување на Меморандумот за разбирање меѓу РМ и ЗИЦ.

*Учество во тела на Европска истражувачка област*

Во текот на месец мај, се воспостави редовна комуникација со службите на Комитетот на Европскиот истражувачки простор и беа доставени одговори на детален Прашалник за инвестирање во истражување и развој за 2011 година.

*Учество во програмата ЕУРЕКА*

Во рамки на програмата ЕУРЕКА, беше потпишан договор за ко-финансирање на проект меѓу Машинскиот факултет при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ Скопје, претпријатието „Раде Кончар“- Скопје и компанијата „ArcelorMittal“- Скопје, од македонска страна и Универзитетот од Љубљана заедно со компанијата „Горење Ородјарна“ од Велење и претпријатието LIV HIDRAULIKA IN KOLESA од Постојна, од словеначка страна. Во рамки на истата програма, потпишан е и договор за ко-финансирање на проект во рамки на програмата ЕУРЕКА меѓу претпријатието „ЕЛМЕД“-Скопје и Факултетот за електротехника и информациски комуникации - Скопје, од македонска страна и претпријатието „Искра Медикал“- Љубљана и Институтот за истражување и развој „ИскраТехно“ – Поднарт, од словеначка страна.

*ЕУРАКСЕС*

Во март, во Македонската Академија на науки и уметности се промовираше ЕУРАКСЕС проектот за мобилност на истражувачи. Првата фаза на реализација на овој проект, што подразбира изработен и активен интернет портал е во завршна фаза.

*Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ)*

Во периодот од 19-ти до 23-ти септември 2011 год., во седиштето на ООН во Виена се одржа 55. редовно заседание на Генералната конференција (ГК) на Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ). На Конференцијата учествуваше делегација на Република Македонија предводена од Министерот за образование и наука. Република Македонија веќе пристапи кон најзначајните меѓународни правни инструменти за нуклеарна сигурност и во целост е посветена на понатамошното зајакнување на безбедносните механизми и меѓународната соработка. Особено внимание се посветува на борбата против недозволената трговија со радиоактивни и нуклеарни материјали со зајакната редовна контрола на граничните премини. За новиот проектен циклус 2012-2013 Република Македонија предложи 6 проекти, од кои, по спроведената техничка евалуација од страна на Агенцијата, одобрена беше имплементација на 3 проекти. Во изминатиот циклус се бележи стапка на имплементација од 95% поради кои како резултат на стручната подготвеност на проектните тимови и успешно менаџирање на соработката од страна на националниот координатор од Министерството за образование и наука и соработката со Постојаната мисија во Виена.

*Билатералната соработка*

Во септември започна изборот на рецензенти (експерти) кои ќе ги рецензираат доставените предлог-пријави по однос на двата конкурса: Конкурсот за кофинансирање на билатерални проекти меѓу

Република Македонија и Република Словенија за периодот 2012 – 2013 год. и Конкурсот за кофинансирање на билатерални проекти меѓу Република Македонија и Република Хрватска за периодот 2012 – 2013 година.

Во согласност со Спогодбата за соработка во областа на образованието меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора започнати се преговори и дадени се нацрт верзии за потпишување на Програма за соработка во областа на образованието меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за образование и спорт на Црна Гора.

Билатералната соработка со Република Србија во областа на науката и технологијата досега се реализираше врз основа на Спогодбата за научно-техничка соработка меѓу Владата на Република Македонија и Влада на Сојузна Република Југославија, потпишана во 1997 година, но со оглед на потребата за интензивирање на соработката се укажа потреба од склучување на нова Спогодба. Од македонска страна доставена е Предлог Спогодба за соработка во областа на науката и технологијата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија. Спогодбата е прифатена од српската страна и текстовите меѓу двете министерства се усогласени. Поради новата организација и работа на органите на државната управа на Република Србија, поточно, формирање на Министерство за образование и наука, постапката беше во мирување. Сега активностите се повторно во тек.

Изготвена е нацрт Спогодба за соработка во областа на образованието и науката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово. По одредени технички усогласувања е доставена до косовската страна.

**Краткорочни приоритети**

Потпишување Меморандум за разбирање за соработка со Заеднички истражувачки центри.

Презентирање на проектите WBC INCO-NET, SEE ERA NET plus пред научноистражувачката јавност, со цел поголема транспарентност и дисеминација на информациите и резултатите кои произлегуваат од работата на нивните тела и од реализација на проектите.

Имплементација на WBC INCO-NET и SEE ERA NET plus со цел зголемено учество на научната јавност од Република Македонија во ЕРА, преку одржување на соодветни обуки и презентации.

Продолжување со реализација на активностите во рамки на програмите ЕУРЕКА, КОСТ и МААЕ

Потпишување на Програма за соработка во областа на образованието меѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Министерството за образование и спорт на Црна Гора.

Потпишување на Спогодба за соработка со Република Србија во областа на науката и технологијата.

Потпишување на Спогодба за соработка во областа на образованието и науката со Косово (Се очекува повратна информација од косовската страна за да може да се спроведе соодветната процедура која ќе доведе до потпишување на Спогодба за соработка во областа на образованието и науката меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Косово.)

**Среднорочни приоритети**

Подготовка за претстојната Хоризонт 2020

Имплементација на активностите предвидени со Меморандумот за разбирање со Заедничките истражувачки центри

Имплементација на Регионална стратегија за истражување и развој на иновации за земјите од Западен Балкан изготвена во рамките на проектот WBC-INCO-NET. Министерството за образование и наука активно ќе учествува и ќе даде свој целосен придонес за успешно реализирање на истата.

Продолжување со реализација на активностите во рамки на програмите ЕУРЕКА, КОСТ И МААЕ

# 3.26 **ОБРАЗОВАНИЕ И КУЛТУРА**

## 3.26.1 **ОБРАЗОВАНИЕ**, **ОБУКА И МЛАДИ**

***Предучилишно воспитание и образование***

Бирото за развој на образованието (БРО) изработи дидактичко - методски помагала за предучилишното образование. Државниот просветен инспекторат врши контрола на јавните предучилишни установи во делот на воспитно-образовниот процес.

Во тек е пилот проект „Рана социјализација", со кој ќе се обезбедат информации потребни за креирање политики за рана социјализација и зголемен опфат на децата во предучилишно воспитание и образование во годината пред нивното поаѓање во училиште. Во тие рамки, во тек е истражување „Позитивни влијанија на воспитно-образовната работа во детските градинки врз успехот на учениците во совладување на наставните програми во прво одделение".

**Краткорочни приоритети**:

- Реализација на истражувањето ,,Позитивни влијанија на воспитно-образовната работа во детските градинки врз успехот на учениците во совладување на наставните програми во прво одделение"
- Активности на Државниот просветен инспекторат за контрола на јавните предучилишни установи во делот на воспитно-образовниот процес
- Натамошна имплементација на Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образoвен систем“ во предучилишните установи.

***Реформи и институционални зајакнувања во основно и средно образование***

*Легислатива/ концепции / наставни програми*

Донесени се Закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование и Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование (Сл.весник на РМ бр. 18/11) со кои општините и Градот Скопје можат да основаат меѓународно јавно училиште со настава на странски јазик (англиски, француски, германски), зајакната е воспитната улога на училиштето, предвидено е советување на родителите и задолжително организирање на дополнителна и додатната настава во училиштето. Во насока на јакнење на компетенциите на наставниците, со измените и дополнувањата се предвидува задолжителна педагошко-психолошка и методска подготовка и воведување на тест на личност за идните наставници. За подобрување на администрирањето, транспарентноста и информираноста, воведен е е-дневник.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование, („Службен весник на Република Македонија, бр 51/11), се утврдуваат процедурите за верификација на средно училиште.

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/11), предвиден е рок од 60 дена за донесување решение за признавање на свидетелство стекнато во странство.

Во тек е формирање на центри за кариера во средните училишта и на факултетите при државните универзитети.

БРО спроведе истражување за идентификација на надарените и талентираните ученици од основните училишта и истаржување за потребата за воведување на содржини од областа на иновации и претприменииштво во наставните планови за основно и средно образование.

Донесена е одлука за воведување претприемништво како предмет во средното образование. Во рамките на SEECEL регионалниот проект за образование за претприемништво, формирана е мрежа на основни училишта за пилотирање на образованието за претприемништво, во која се вклучени 4 основни училишта од РМ.

БРО реалзира околу 70 различни видови на обуки со преку 30.000 учесници, од кои позначајни се: обуки за околу 5.500 наставници од основните училишта и на 800 наставници од средните училишта за новите наставни програми, обуки за развој на едноставни дигитални содржини за предмети во основното образование, обуки за критериуми за изработка на учебници и методологија за нивно вреднување, како и обуки за планирање на наставата, следење на постигањата на учениците и оценување. Одржани се семинари, стручни средби со активите на наставниците, советувања и посети на 150 основни и средни училишта.

ДПИ врши мониторинг на имплементацијата на проектот „Компјутер за секое дете“, од аспект на поставеноста на ИКТ и нејзината активна примена во воспитно-образовниот процес. Продолжуваат активностите за имплементација на ЕМИС, кој ќе придонесе за подобрување на статистиката и собирањето на податоци за основното и средното образование.

Училиштата од Република Македонија се вклучуваат во меѓународна соработка и развиваат мрежи со активно учество на учениците и наставниците. Особено успешно е учеството во проектот aces на програмата ЕВРОПА финансирана од Ерсте фондацијата, проектот „Граѓани на Македонија“, финансиран од Владата на Италија и проектот на УНЕСКО „Учество на младите во заштитата и промовирањето на светското наследство“.

*Обезбедување на квалитет во основно и средно образование*

Публикуван е прирачник Индикатори за квалитет на работата на училиштата.

Државниот просветен инспекторат (ДПИ) подготвува Правилник за самоевалуација на училиштата. Државниот испитен центар (ДИЦ) спроведе државна матура 2011 и изготви анализа на резултатите од матурата; спроведува обуки и испити на кандидати за директори на основни и јавни средни училишта на македонски и албански јазик; реализира пробно екстерно проверување на постигањата на учениците во основното и средното образование; спроведе тестирање во рамките на меѓународната студија ТИМСС; активира електронска банка на тест задачи, со тест задачи по различни наставни предмети, што наставниците можат да ги користат во наставата; спроведе обуки на воспитно образовниот и раководниот кадар за процедурите за екстерно проверување на постигањата на учениците од завршните години од средното образование и ја подготвува државната матура 2012.

ДПИ изврши интегрална евалуација на 152 основни и средни училишта. Контролните инспекциски надзори (6 месеци по интегралната евалуација), покажаа подобрувања, особено во однос на почитување на постапките за избор на наставен кадар и одржување на хигиената.

Република Македонија учествуваше во регионалниот проект за квалитет во образованието, координиран од Европската фондација за обука (ЕТФ), кој препорача јакнење на самоевалуацијата. Препораките се имплементираат во рамките на интегралната евалуација на училиштата.

*Социјална кохезија и еднаквост*

Се подготви анализа на образованието на деца со посебни образовни потреби. Подобрена е статистиката за деца со посебни потреби во редовното образование. На учениците со посебни образовни потреби им е овозможена полесна проодност низ образовниот систем. На учениците со оштетен вид и на учениците со оштетен слух овозможено им е стекнување на четиригодишно образование за период од пет години, полагање државна матура и упис во високото образование. Публикуван е прирачник за

заштита и спречување на дискриминација на повеќе јазици. Извршена е промоција и обука за негово спроведување.

Продолжи обезбедувањето бесплатни учебници за основно и средно образование, бесплатен превоз на 18.000 ученици во основно и 45.000 ученици во средно образование чиј дом е подалеку од 2 км. од училиштето, како и бесплатно сместување во ученички домови. Доделени се: 146 стипендии на спортисти, 61 стипендија на ученици со посебни образовни потреби, 50 стипендии на талентирани студенти и 339 стипендии на талентирани ученици со послаба материјална состојба.

Во годината кога Република Македонија претседава со Декадата на Ромите, продолжуваат активностите за зголемен опфат на ученици Роми. Ромите можат да се запишат во средно образование со 10% помалку поени од предвидените со Конкурсот. Се реализира проект за стипендирање и менторство на 800 ученици Роми и туторство за средношколци Роми. Продолжуваат обуките на наставниците за поуспешно инклузивно образование. Продолжува олеснетиот пристап на Ромите во високо образование.

Во рамките на регионалниот проект координиран од ЕТФ во периодот 2008-2011, Република Македонија е вклучена во регионалната мрежа за политики од областа на образованието и обуката на наставници за инклузивно образование. Изработено е проектно фише од повеќекорисничката ИПА програма, за натамошна промоција на концептот, политиките и практиките за инклузивно образование. Проектот има четири компоненти: јакнење на свеста и кампања; мрежа за политики од областа; регионален развој на модули за обука на наставници (2 за иницијално и еден за континуиран професионален развој) и поддршка на училиштата за инклузивно образование (вкупно 48 училишта, 6 од секоја држава).

Согласно препораките од Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2011 година, во наредниот среднорочен период ќе се превземаат бројни активности за имплементација на Стратегијата за интегрирано образование во координација со Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор (СОРД). Заради зголемена ефикасност и синергија се формира Управен одбор, ко-претседаван од министерот за образование и наука и заменик претседателот на Владата задолжен за сп-роведување на Охридскиот рамковен договор. Донаторската заедница активно ја поддржува имплементацијата на Стратегијата со повеќе проекти, од кои позначајни се: билатерален проект на Кралството Норвешка и Република Македонија за мулти-етничко образование; проект на УСАИД за под-дршка на интер-етничка интеграција во образованието со четири меѓусебно поддржувачки и меѓусебно поврзани компоненти; двегодишен работен план за квалитетно и ефективно образование, потпишан помеѓу МОН и УНИЦЕФ (2010-2011), со активности за: унапредување на политичката и нормативната рамка поврзана со инклузивното образование, подготовка на планови и програми за обука на наставниците на работно место, со акцент на програмата *образование за животни вештини*; дефинирање на политики и програми за унапредување на меѓуетничките односи во образованието, како и унапредување на програмата *училиште по мерка на детето*; активности за образование во рамки на Заедничката програма на ООН „Зајакување на меѓуетничкиот дијалог и соработка меѓу заедниците“, имплементирани од УНИЦЕФ и од УНЕСКО за проектот „Светското наследство во рацете на младите“ и УНЕСКО седишта на високообразовните установи во РМ, како и проект поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка за ширење на мрежата на интегрирани училишта, имплементиран од точката на Нансен дијалог центарот во Република Македонија.

Започна реализацијата на твининг проект за мерката 2.2. Обезбедување пристап до квалитетно обра-зование за припадниците на етничките заедници во рамките на ИПА компонента 4 – Развој на човечки ресурси, со кој ќе биде опфатена Управата за унапредување и развој на образованието на јазиците на припадниците на заедниците при Министерството за образование и наука.

*Инвестициски проекти и децентрализација*

Во 2011 година, во втора фаза на децентрализација беа вклучени 5 општини.

Продолжи реализацијата на програмите на Владата на Република Македонија за изградба и реконструкција на основни и средни училишта. Заврши изградбата на 5 основни училишта, продолжи изградбата на 6 основни, заврши реконструкцијата на 9 основни училишта (од кои 5 се на албански

наставен јазик, 1 со мешани паралелки на албански и македонски и 3 на македонски јазик) и продолжува реконструкцијата на 2 основни училишта, од кои 1 на албански и 1 на македонски наставен јазик). Согласно Програмата за средно образование: продолжува изградбата на 2 средни училишта (од кои 1 за децата од ромската заедница во населба Шуто Оризари-Скопје и 1 во Струга, со настава на албански јазик); заврши реконструкцијата и надградбата на средното уметничко училиште во Скопје, во кое учат деца од сите националности во Република Македонија.

Започна Проектот за изградба на модуларни училишта за изградба на 44 монтажни основни училишта во рурални средини. Обврските се поделени помеѓу општините и Министерството за образование и наука. Со првата фаза се опфатени 20 училишта, од кои 6 се училишта со настава на албански јазик. Завршени се и предадени 3 училишта, а во 12 училишта работите се во тек.

Во рамките на Проектот за изградба на 145 училишни спортски сали, завршени се 21 сали, а се градат 28 сали. Согласно Проектот, а со цел подобрување на условите за изведување на наставата, во седум средни училишта во кои се градат спортски сали, извршени се инфраструктурни интервенции за подобрување на условите за изведување на наставата. Во 2011 година започна потпроектот за доопремување на постоечките спортски сали во 49 средни училишта, вклучувајќи и инсталирање на 170 пинг-понг маси.Проектот се реализира со средства од буџетот на РМ и со заем од банката на Советот на Европа. Во перидот 2012-2014, покрај училишните сали, во рамките на проектот ќе се реконструираат и 130 основни и средни училишта.

**Краткорочни приоритети**

*Легислатива / наставни планови / концепции*

- Донесување на Закон за средното образование, во кој ќе се транспонира Директивата за образование на деца на мигранти (Директива на Советот 77/486/ЕЕС - овој дел од Законот ќе биде со одложена примена)
- Воведување на претприемничко учење во наставните планови и програми
- Спроведување на различни видови обуки за наставници (обуки на 10.000 наставници од деветгодишното основно образование, обуки според акредитирани програми на понудувачи на услуги за околу 36.000 учесници, обуки на 1.400 наставници по матаматика во основно и средно образование)
- Јакнење на капацитетите за обезбедување поддршка на ЕМИС Натамошна имплементација на Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ во основното и средното образование
- Јакнење на регионална соработка преку продолжување на веќе воспоставените мрежи и воспоставување на нови

*Обезбедување квалитет во основно и средно образование*

Ќе продолжи имплементацијата на активности за обезбедување квалитет во основното и средното образование согласно европските трендови и Националната програма за развој на образованието 2005-2015 година. Од особено значење се активностите на:

- Државниот испитен центар (подготовка и спроведување на државна матура, спроведување обуки на кандидати за директори на основни и јавни средни училишта и спроведување на испити на македонски и албански јазик, пробно екстерно оценување на постигањата на учениците во основно и средно образование, обработка на податоците од меѓународната студија ТИМСС, развој и унапредување на испитните програми за матурата и завршниот испит и др.)
- Државниот просветен инспекторат (спроведување интегрални евалуации во 100 училишта, како и јакнење на човечките ресурси на ДПИ со обуки на инспекторите за надзор над примената на законите, примената на казнените одредби и спроведување квалитетни интегрални евалуации).

*Социјална кохезија и еднаквост*

- Поддршка на ученици со посебни образовни потреби
- Активности за социјална инклузија на Ромите по пат на образование и обука, вклучувајќи и туторство и менторство
- Имплементација на Стратегијата за интегрирано образование, особено од аспект на синергија помеѓу проектите: ИПА твининг проект „Поддршка на интеграцијата на етничките заедници во образованиот систем“; билатерален проект помеѓу Кралството Норвешка и Република Македонија; проект поддржан од УСАИД; проект на ООН „Зајакнување на меѓуетничкиот дијалог и соработка меѓу заедниците“ и проект за ширење на мрежата на интегрирани училишта.

*Инвестициски проекти и децентрализација*

- Продолжување на унапредувањето на образовната инфраструктура во основното образование: почеток на изградба на нов училишен простор за 8 основни училишта; продолжување со изградба на 5 основни училишта; реконструкција на 8 училишта
- Продолжување на унапредувањето на образовната инфраструктура во средното образование: почеток на изградба на нов училишен простор за 5 средни училишта; продолжување со изградба на училишен простор за 4 средни училишта; реконструкција на 9 училишни објекти
- Завршување на изградбата на започнатите спортски сали и потребните реконструкции на училиштата, како и започнување на изградба на 13 спортски сали во основните училишта.
- Продолжување на изградбата на 20 училишта од првата фаза на Проектот за монтажни училишта во руралните средини
- Изградба на спортски сали за пет средни училишта.

**Среднорочни приоритети**

- Зголемување на инвестирањето во основното и средното образование
- Континуиран развој и унапредување на наставните планови и програми и обука на наставниците
- Завршна година на имплементацијата на Програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“

*Обезбедување квалитет во основното и средното образование*

- Натамошно учество во меѓународни мерења за постигнувањата на учениците
- Имплементација на активности за обезбедување квалитет во основното и средното образование согласно програмите за работа на Државниот испитен центар и Државниот просветен инспекторат.

*Социјална кохезија и еднаквост*

- Поддршка на ученици со посебни образовни потреби
- Поддршка на вклучувањето на Ромите во системот на образование и обука
- Имплементација на Стратегијата за интегрирано образование.

*Инвестициски проекти и децентрализација*

- Продолжување на унапредувањето на образовната инфраструктура во основните и средните училишта согласно програмите на Владата на Република Македонија
- Изградба на 24 училишта од втората фаза на Проектот за изградба на монтажни училишта во руралните средини
- Отпочнување на изградба на 25 спортски сали во 2013 г. Изградбата на преостанатите спортски сали ќе започне во 2014 година.

- Влез на сите општини од Република Македонија во втора фаза на децентрализација.

*Стручно образование и обука*

**Тековна состојба**

Изготвена е Интегрална концепција за стручното образование во Република Македонија. Отпочнати се подготвителни активности за изработка на Стратегија за развој на стручното образование и обука. Со поддршка на Европската фондација за обука (ЕТФ), одржани се работилници со заинтересирани страни и избрани се два национални експерти за изготвување анализа на постојната состојба во СОО како основа за изработка на Стратегијата.

Изготвени се 14 стандарди на занимања во 14 струки во стручното образование, со учество на претставници од работодавачите, Центарот за стручно образование и обука (ЦСОО) и наставници од стручните училишта (поддршка од Британскиот совет).

Продолжи подготовката на наставни програми и стандарди согласно потребите на пазарот на трудот. Одобрени се 3 испитни програми за вертикална проодност на учениците од тригодишно во четиригодишно стручно образование.

Согласно Оперативниот план на Владата на Република Македонија за активни мерки и политики 2011 за намалување на невработеноста, ЦСОО учествуваше во подготовка на програми за обуки и нивна реализација за одредени занимања.

Започна реализацијата на твининг проектот Поддршка на Модернизација на системот за образование и обука, ИПА компонента IV, Мерка 2.1 Модернизација на системот на образование и обука во рамки на Повеќегодишната оперативна програма за развој на човечките ресурси 2007-2013, во рамки на кој се подготвуваат стандарди за стручни квалификации. Се реализираат обуки на клучните засегнати страни на проектот.

**Краткорочни приоритети**

Реформи во стручното образование и обука и поврзување на системот за СОО со потребите на пазарот на труд:

- Изработка на Стратегија за развој на стручно образование и обука во РМ
- Подготовка на наставни планови и програми и други програмски документи согласно потребите на пазарот на трудот
- Продолжување на реформите во стручното образование во делот на подготовка на стандарди за занимања, дел од струките и образовните профили
- Имплементацијата на твиниг проектот *Поддршка за модернизација на системот за образование и обука* МК/07/IB/SO/03, ИПА компонента IV за изработка на стандарди за стручни квалификации, наставни планови и програми за стручно оспособување и стручно образование за занимања и обука на обучувачи во стручното образование.

**Среднорочни приоритети**

- Унапредување на образовната технологија што се користи за стручно образование и набавка на лаборатории за училиштата за стручно образование во рамките на проектот „Вешти и компетентни“
- Финализирање на твиниг проектот *Поддршка за модернизација на системот за образование и обука* МК/07/IB/SO/03
- Имплементација на Стратегијата за развој на стручното образование и обука.

***Реформи во областа на образованието на возрасните***

**Тековна состојба**

Донесен е нов Статут на ЈУ Центар за образование на возрасните – Скопје (ЦОВ). Усвоен е Правилникот за верификација на програми за образование на возрасните.

Донесена е Стратегијата за образование на возрасните 2010-2015 и Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за 2011 година. Утврдени се следните стратешки цели: зајакнување на системот на образование на возрасните преку развивање на информациско-статистички систем за следење на образовната мобилност на возрасните; создавање услови доживотното учење и мобилност да станат реалност; подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието и обуката на возрасните; промовирање на рамноправност, социјална кохезија и активно граѓанство; промоција на образованието на возрасните и културата на учење преку активен пристап во образованието и обуката на возрасните.

Потпишан е Меморандум за соработка меѓу ЦОВ и УНДП, согласно кој се изготвени: Прирачник за постапката за верификување на програмите за образование на возрасни, Прирачник за постапката на лиценцирање на установи и институции односно понудувачи на услуги на програмите за образование на возрасни, Критериуми за изработка на листа (регистер) на понудувачи на услуги и програми за образование на возрасни, како и Препораки во врска со критериумите за членување на стручни соработници во комисиите за верификување на програмите за образование на возрасните.

ЦОВ стана придружен член на Европската асоцијација за образование на возрасните (ЕАЕА).

Започна имплементацијата на Твининг проектот „Поддршка за градење на капацитетите на Центарот за образование на возрасните, развој на програми за образование на возрасни и програми за описменување и за дооформување на основното образование на исклучените лица“, во рамките на ИПА Оперативна програма за компонента 4 – Развој на човечки ресурси. Во тек е процена на потребите за обука на вработените во ЦОВ и развивање на стратегија и план за обука врз база на процената на потребите за обука.

**Краткорочни приоритети**

- Изготвување и усвојување на Акционен план за спроведување на Стратегијата за образование на возрасните 2010-2015 за 2012 година
- Верификација на програмите и лиценцирање на установите и институциите понудувачи на образование на возрасните
- Издавање на каталог на верификувани програми
- Издавање на каталог на лиценцирани установи и институции за образование на возрасните
- Организирање кампања за подигнување на свеста на населението за можностите во областа на образованието на возрасните
- Имплементација на проектот за средно образование на возрасни во повеќе општини од Република Македонија
- Имплементација на ИПА твининг проектот: јакнење на капацитетите на ЦОВ, изготвување на 6 програми за образование на возрасните врз основа на анализа на пазарот на трудот и 6 програми за описменување и за дооформување на основното образование на исклучените лица, врз основа на проценка на потребите на возрасните за вакви програми
- Учество во реализација на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување 2012 година на Владата на Република Македонија (ЦОВ ќе се вклучи во мерката Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот со верификација на занимањата)
- Нови вработувања во ЦОВ, потребни за реализирање на предвидените активности, а особено за успешно продолжување и реализирање на ИПА твининг проектот.

**Среднорочни приоритети**

- Усвојување и имплементација на акционен план за натамошно спроведување на Стратегијата за образование на возрасните 2010-2015, за 2013 и 2014 година
- Продолжување на имплементацијата на ИПА твининг проектот и негово завршуавње во јули 2013 година
- Развој на информатичко-статистички систем за следење на образовната мобилност на возрасните.

***Високо образование и Програми на заедницата кои поддржуваат реформи во системот на високо образование***

**Тековна состојба**

*Легислатива*

Се усвоија две измени и дополнувања на Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" број 17/11 и 51/11), со кои: се овозможи формирање на Одбор за акредитација и евалуација во високото образование како национално тело за обезбедување квалитет, се утврдија евалуациони методи за надворешна евалуација, самоевалуација и оценување на квалитетот на академскиот кадар, се зајакнаа критериумите за ментори во рамките на докторските студии, воведена е и надвореша проверка на знаењата на студентите, се прецизира постапката за признавање на странски високообразовни квалификации и др.

Донесен е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за задолжителни компоненти што треба да ги поседуваат студиските програми од прв, втор и трет циклус на студии („Службен весник на Република Македонија" број 154/11).

Министерството за образование и наука усвои Методологија за начинот на рангирање на високообразовни установи. Центарот за универзитети од светска класа од Џиао Тонг Универзитетот од Шангај (Кина) беше избран на меѓународниот тендер да изрши рангирање на високообразовните установи од Република Македонија согласно усвоената Методологија. Во тек е прибирање на податоците и нивна обработка.

*Реформи во високото образование*

Како членка на Европскиот простор на високото образование, Република Македонија продолжува да реализира активности во согласност со Болоњскиот процес.

Се конституира Одбор за акредитација и евалуација во високото образование, кој покрај акредитацијата на студиски програми за прв и втор цилкус, започна со акредитација на студии од трет циклус (докторски студии). На состанокот на Генералното собрание на Европската асоцијација за обезбедување квалитет во високото образование (ENQA), (Букурешт-Романија, октомври 2011), Одборот стекна статус на придружна членка на Асоцијацијата.

При разгледувањето на барањата за акредитација на студиските програми, Одборот за акредитација и евалуација ја разгледува нивната заснованост на резултатите од учењето (learning outcomes) и користените дескриптори и ја оценува нивната усогласеност со Уредбата за Националната рамка за високообразовни квалификации.

Во академската 2011/2012 година, организирани се 72 дисперзирани студиски програми во 16 града на Република Македонија.

Продолжи реализацијата на проектот Високо образование на возрасни (35/45), за вклучување на возрасните во високото образование. Во академската 2011/2012 година се запиша втората генерација од 296 нови студенти, со што со вкупниот број на студенти е околу 700.

На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје започна со работа нов Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, со 8 студиски програми.

**Краткорочни приоритети**

- Донесување Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, што ќе понуди механизми за подобрување на системот на финансирање на високото образование и воведување на државна квота за студенти од втор и трет циклус на студии
- Донесување Закон за студентскиот стандард, со цел усогласување со Законот за високото образование, подобрување на квалитетот на студентскиот стандард, подобрување на критериумите за доделување стипендии на студенти од повеќе категории (талентирани, стипендисти на Владата на Република Македонија и од социјално загрозени семејства).
- Донесување подзаконски акти кои произлегуваат од законот за високо образовани

  - Правилник за организацијата, работата и начинот на одлучување за прашањата од надлежност на Одборот за акредитација и евалуација во високото образование
  - Уредба за мерила и критериуми за финансирање на дејноста на високообразовните установи
  - Правилник за мерила и критериуми за стимулирање на талентирани студенти и за стипендирање на студенти кои постигнуваат натпросечни резултати во студиите
  - Правилник за мерила и критериуми за кофинансирање на студиите на јавните високообразовни установи и за партиципациите на другите давачки на студентите на високообразовни установи
  - Правилник за методот на проектно финансирање на високото образование.

*Реформи во високото образование*

- Активности за натамошна имплементација на Болоњскиот процес
- Основање Совет за развој и финансирање на високото образование
- Прилагодување на националните процедури за обезбедување квалитет во високото образование со европските стандарди и препораки во рамките на Болоњскиот процес.
- Завршување на проектот за рангирање на високообразовните установи од Република Македонија
- Продолжување на проектот Високо образование за возрасни (35/45)
- Донесување на Програма за високообразовна дејност, со која ќе се утврдат целите, правците на развој, изворот и обемот на средствата потребни за финансирање на државните потреби и за остварување на развојот на дејноста на јавните високообразовни установи, насоките во кои ќе се развива мрежата на високообразовни установи и др.

Национална рамка на квалификации

- Продолжување на активности за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации.

**Среднорочни приоритети**

- Поднесување апликација и спроведување на постапка за полноправно членство на Одборот за акредитација и евалуација во високото образование во ENQA
- Натамошна имплементација на Болоњскиот процес.

*Програми на заедницата и регионална соработка*

*Темпус и Еразмус Мундус*

Од 2011 година, високообразовните установи од Република Македонија можат да учествуваат во програмата на самофинансирачка основа. Националната Темпус канцеларија продолжи со мониторинг на тековните Темпус проекти. Во септември 2011 година се одржа "Националната Темпус постер недела", на која беа презентирани 33 проекти.

Република Македонија учествува во Акција 1 и Акција 2 од програмата Еразмус Мундус (2009-2013). Се организира информативен ден и се поделија информативни материјали.

*Регионална соработка во областа на образованието*

Република Македонија соработува со земјите од Централно-Источна Европа во процесите на интеграција кон Европската високообразовна област и зголемување на академската мобилност во рамките на Централно-источно европската програма за размена во областа на универзитетските студии (CEEPUS). Во тек се студиски престои во летниот семестар од учебната 2011/2012 година во РМ и од РМ кон земјите членки на CEEPUS програмата. Високообразовните установи од Република Македонија се вклучени во 28 CEEPUS.

Во рамки на Иницијативата за соработка во областа на реформите на образованието во Југоисточна Европа (Education Reform Initiative in South East Europe – ERI SEE), претставници на образовни и државни институции учествуваат во регионалните мрежи, кластери на знаење, како и на средби поврзани со значајни аспекти на образовните реформи.

**Краткорочни приоритети**

- Завршна конференција за официјално затворање на Темпус програмата
- Продолжување на учеството во програмата Erasmus Mundus во 2012 година
- Мобилност на студенти од прв, втор и трет циклус и на визитинг професори од Република Македонија кон земјите членки на CEEPUS мрежите и обратно.

**Среднорочни приоритети**

- Продолжување на учеството во програмата Erasmus Mundus во 2013 година
- Продолжување на учеството во третата фаза на CEEPUS програмата со назив „Од размена до истражување"
- Продолжување на учеството во Иницијативата за соработка во областа на реформите на образованието во Југоисточна Европа ERI SEE.

***Млади***

**Тековна состојба**

Министерството за правда и работната група формирана од Владата на Република Македонија изготвија нацрт Закон за млади. Нацртот е во постапка на доработка.

Агенцијата за млади и спорт (АМС) во 2011 година продолжи со спроведување на Акциониот план за реализација на Националната стратегија за млади.

Во приоритетната област *Локална младинска работа*, АМС во соработка со Коалицијата СЕГА, го реализира проектот Креирање на Локални младински стратегии во три општини (Дебар, Велес и Неготино). Со тоа, вкупниот број на Локални младински стратегии е 13.

Во приоритетната област *Младинска партиципација*, воспоставен е механизам во три општини (Струмица, Кавадарци и Неготино ) за зголемено младинско учество во процесот на донесување на одлуки во ЕЛС, со формирање на Локални совети на млади.

Во приоритетната област *Квалитет на живеење:* од проектот Изградба на 35 спортски сали завршени се 27; од проектот Изградба на 50 помошни фудбалски терени, до крајот на годината сите 50 помошни фудбалски игралишта ќе бидат во употреба; од проектот Изградба на 100 тениски терени, до крајот на 2011 се пушти во употреба 31 терен; пуштена е во употреба Вештачка карпа за спортско качување.

Доделени се 500 спортски стипендии за млади талентирани спортисти - Спортска надеж.

**Краткорочни приоритети**

- Усвојување и имплементација на Законот за млади
- Ревизија на Националната Стратегија за млади и изработка на Акционен план (2012- 2015) за спроведување на Националната стратегија за млади
- Изработка на Локални младински стратегии.
- Формирање на Локални совети на млади
- Формирање на Државен совет за млади
- Капитални инвестиции за подобрување на спортската инфраструктура

**Среднорочни приоритети**

- Формирање на локални совети на млади
- Изработка на локални младински стратегии
- Доделување стипендии за млади талентирани спортисти
- Продолжување на капиталните инвестиции за подобрување на спортската инфраструктура.

### *3.26.2* ***Програми на Заедницата***

*Доживотно учење и Млади во акција – децентрализирани акции*

Согласно измените на Законот за основање на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (Сл. весник на РМ бр. 24/11), следните акти на НАЕОПМ: Прирачник за внатрешни процедури на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Правилник за систематизација на работните места на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, Табеларен преглед на работните места и звања во Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Органиграм на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, се усогласени со Законот за државни службеници (Сл. весник на РМ бр. 35/10 и 167/10).

Прирачниците за работа со програмите „Доживотно учење" и „Млади во акција" беа усогласени со Водичот за НАЕОПМ за 2011 година, изготвен од Европската Комисија (ЕК). Измените беа вградени во интегралниот текст на Прирачникот за внатрешни процедури на НАЕОПМ.

МОН и НАЕОПМ ги заврешија сите активности предвидени со Акцискиот план за подигнување на суспензијата на програмите, како резултат на што ГД Образование и култура донесе одлука за подигнување на суспензијата на програмите Доживотно учење" и „Млади во акција" за Република Македонија (31 октомври 2011).

*Развивање на ефективен систем на мониторинг над НАЕОПМ од страна на МОН*

Изготвена е Методологија за воспоставување на систем на второстепени контроли на работата на Националната агенција. Истата се дополнува со листи за проверка, кои се усогласуваат со Европската Комисија. Во декември 2011 потпишан е нов Договор за соработка помеѓу Министерството за образование и наука и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

**Краткорочни приоритети на НАЕОПМ и Министерството за образование и наука**

*НАЕОПМ:*

- Подготовка и усвојување на работни програми за подготвителната фаза 2012 за програмите „Доживотно учење и за „Млади во акција
- Потпишување на Договор помеѓу Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Генералниот Директорат за образование и култура на Европската Комисија за подготвителната фаза 2012 година
- Обука на вработените и административно зајакнување на капацитетите на НАЕОПМ со цел имплементација на програмите и други подготвителни активности
- Организирање 12 инфо денови за програмата Доживотно учење и 8 инфо денови за програмата „Млади во акција" во Скопје и по региони
- Одржување и надградување на Веб порталите на НАЕОПМ
- Менаџирање на животниот циклус на пилот проектите од програмите Доживотно учење и Млади во акција
- Кадровско зајакнување на НАЕОПМ - вработување на 3 лица во 2012 година

*Министерство за образование и наука:*

- Дополнување на Методологијата за второстепени контроли на работењето на НАЕОПМ со листи за проверка
- Одобрување на Годишна работна програма на НАЕОПМ
- Второстепени контроли на работењето на НАЕОПМ
- Второстепени контроли на крајни корисници на НАЕОПМ.

**Среднорочни приоритети на НАЕОПМ и Министерството за образование и наука**

*НАЕОПМ:*

- Дисеминација и експлоатација на резултатите од реализираните проекти во рамките на акциите од секторските програми
- Подготовки на НАЕОПМ за координирање на Еуропас
- Добивање на акредитација на НАЕОПМ за целосен децентрализиран менаџмент на европските образовни програми.

*Министерство за образование и наука:*

- Континуиран мониторинг и супервизија на работата на НАЕОПМ
- Издавање годишна Декларација за гаранција за работењето на НАЕОПМ
- Одобрување на Годишната работна програма на НАЕОПМ
- Второстепени контроли на работењето на НАЕОПМ
- Второстепени контроли на крајни корисници на НАЕОПМ.

*ЕУ програма „Доживотно учење " – централизирани акции*

Потпишување Меморандум за разбирање за учество на Република Македонија во централизираните акции на програмата „Доживотно учење" во 2012 и 2013 година. Соодветни институции од Република Македонија ќе можат да учествуваат во мултилатерални проекти, мултилатерални мрежи, придружни мерки и др. Република Македонија ќе може да се вклучи во мрежите Eurydice, Europass и Euroguidance.

***Програма Европа за граѓаните*** *2007 - 2013*

Платен е влезен билет за учество на Република Македонија во Програмата во 2011 година. Организирани се вкупно 7 информативни средби, од кои 4 информативни денови за промоција на можностите на програмата (во Скопје, Велес, Куманово и Кавадарци), 2 информативни средби специјално посветени на Акцијата 4 „Активно европско сеќавање" и 1 средба за Акцијата 2, Мерките 1 и 2: „Структурна поддршка

на ЕУ тинк тенкови“ и „Структурна поддршка на организации на граѓанското општество на ниво на ЕУ“. Одржани се преку 30 индивидуални консултации со тимови заинтересирани за подготовка на апликации за сите акции и мерки на Програмата.

Се одржуваат ажурни базите на невладини организации, општини, регионални претставници на локалната самоуправа и образовни установи - потенцијални учесници во Програмата.

Водичот за Програмата беше преведен од англиски на македонски јазик. Електронската верзија од преводот е поставена на веб страната на Министерството за образование и наука во октомври 2011 и доставена до претставници на невладини организации, општини и регионални структури на локалната самоуправа, образовни установи и други потенцијални учесници во Програмата.

Заклучно со септемврискиот повик во 2011 година, апликанти или партнери учествуваат во 24 проекти за различни акции и мерки на Програмата, со вкупен буџет од 1.509.282,73 €.

Беше обезбедено учество на состанокот на Програмскиот комитет во мај 2011 и на консултативен состанок за Програмата во периодот 2014-2020, како и на сесијата на контакт точките за размена на искуства и предлози за функционирање на Програмата во периодот 2014-2020.

**Краткорочни приоритети**

- Превод, подготовка и печатење на Водичот за Програмата Европа за граѓаните 2007 – 2013 на албански јазик
- Организирање посети и одржување на 5 презентации во општините во РМ за промоција на компонентите и поткомпонентите на Програмата
- Организирање и одржување инфо денови за промоција на компонентите и поткомпонентите на Програмата
- Учество на состаноци на Контакт точките и на Комитетот на Програмата Европа за граѓаните.

**Среднорочни приоритети**

- Ажурирање на базата на податоци на потенцијални учесници во Програмата
- Организирање Инфо денови за промоција на компонентите и поткомпонентите на Програмата
- Учество на состаноци на Контакт точките и на Комитетот на Програмата Европа за граѓаните.

### 3.26.2 **КУЛТУРА**

## Соработка во областа на културата

Во рамки на Министерската конференција одржана за време на македонското претседателство со Комитетот на министри на Советот на Европа 2010, се потпиша *Рамковната конвенција за вредноста на културното наследство за општеството* - Фаро конвенција 2005. која се ратификуваше и стапи на сила на 1 ноември 2011 год.

*Проект за дигитализација на културното наследство*

Продолжи имплементацијата на Проектот за дигитализација на културното наследство, поддржан од УНЕСКО. Се усвои Национална стратегија за дигитализација на културното наследство. Беа зајакнати капацитетите на претставници од надлежните установи за недвижно и движно културно наследство преку обуки за дигитализација на културното наследство, во организација на УНЕСКО со странски и домашни експерти. Се надградува Националниот информативен систем за недвижно и движно културно наследство. Подготвен е делот кој се однесува на дигитализација на духовното културно наследство како дел од Националниот информативен систем.

Во текот на наредниот период краткорочни приоритети ќе се фокусираат на понатамошни активности за внес на податоци во Националниот информативен систем за културното наследство и почеток на функционирање на веб страница за Националниот информативен систем.

*Развој на Креативни индустрии*

Министерството за култура презеде подготвителни активности за промоција и координација на спроведувањето на Националната стратегија за развој на креативните индустрии. Во наредниот период краткорочни приоритети ќе се фокусираат на Промоција на Националната стратегија за развој на креативните индустрии во Република Македонија и реализација на тематски работилници за креативните индустрии.

*Регионална програма за културно наследство на Југоисточна Европа*

По завршувањето на проектот Заеднички рехабилитационен проект план/Процена на архитектонското и археолошкото наследство на Југоисточна Европа (заеднички проект на Советот на Европа и Европската комисија), во 2011 се продолжи со процесот насловен како „Љубљански процес 2 – рехабилитација на заедничкото наследство“. Проектот се реализира со средства од Повеќекорисничката ИПА програма и е координиран од Советот за регионална соработка. Во рамки на краткорочни приоритети ќе се формира на Национална работна група за имплементација на проектот на национално ниво и подготви Ревизија на Листа на приоритетни интервенции и изготвување на Прелиминарни технички проценки и рехабилитациски проекти за новите споменици/локалитети на ЛПИ

*Пилот проектот за локален развој на регионот Дебар и Река (Регионалната програма за културно и природно наследство во Југоисточна Европа - Компонента Ц)*

Во 2011 година е завршен дел од дијагностичката фаза: завршена е Пред-дијагностичката мисија и извештајот е усвоен од Управувачкиот комитет; изработено е лого на проектот; изготвени се Меморандум за разбирање и Комуникациска стратегија; формирана е Меѓуминистерска комисија и Управувачки комитет . Во наредниот период ќе се пристапи кон Завршување на Дијагностичката фаза, на изработка на Развојна стратегија и Реализација на активностите предвидени со Комуникациската стратегија.

*Соработка со УНЕСКО*

Во октомври 2011, Република Македонија стана член на Извршниот одбор на УНЕСКО на 36-то заседание на Генералната конференција на УНЕСКО, со мандат од 4 години. Република Македонија стана членка и на Меѓународниот комитет на УНЕСКО за Конвенцијата за заштита и унапредување на разноликоста на културните изразувања (јуни 2011), со мандат од 4 години.

Во рамките на двогодишната Програма на УНЕСКО за партиципација 2010–2011 година од девет апликации, поддржани се 4 (1 – од област на култура, 2 - образование и 1 – наука ).

Управата за заштита на културното наследство во соработка со Канцеларијата на УНЕСКО во Венеција и Националната комисија за УНЕСКО на Македонија, во октомври 2011 во Скопје организираа Меѓународен експертски состанок на тема „Стратегии за јакнење на свеста, комуникации и приближување до јавноста: борба против недозволената трговија со културни добра во Југоисточна Европа”.

Основана е катедра на УНЕСКО за „Медиуми, дијалог и заемно разбирање“, при Високата школа за новинарство и за односи со јавноста. Катедрата беше промовирана на конференцијата “Образованието за новинари, професионалните вредности и културната разновидност“ (јуни 2011). Основана е катедра на УНЕСКО и на Филозофскиот факултет на Универзитетот “Кирил и Методиј“ за интер-културни студии и истражувања. Во рамки на краткорочните приоритети ќе бидат организирањето на две состанока на Меѓународниот комитет за организација на Третата светска конференција, која ќе се одржи во 2013 година.

Учество во ИПА

Во рамки на краткорочните приоритети ќе се продолжи со имплементација на ИПА Проектите “CULTEMA” и ИПА Проект "CHERPLAN".

*Програмата на Заедницата „Култура“ 2007 – 2013*

Во 2011 година, ККТ Македонија продолжи со спроведување на Програмата Култура согласно предвидените годишни програми во Оперативните грант договори на ККТ Македонија и учество на што поголем број културни оператори во проекти поддржани од Програмата Култура 2007 -2013.

Промоција на ЕУ Програмата Култура 2007-2013 национално и регионално/локално ниво, со цел да се доближи до што поголем број културни оператори од РМ, како и промоција на успешните проекти од РМ како примери на добра пракса преку организирање на јавни настани (инфо денови/семинари/работилници/), веб страната на ККТ, промотивни материјали, медиумски кампањи и сл.

Во следниот период во рамки на краткорочни приоритети ќе се реализираат следниве активности :

Се предвидува учество на ККТ Македонија на 9 настани (семинари, работилници и сл) во Македонија во организација на други заинтересирани страни/организации и во рамки на реализацијата на тековните проекти поддржани од Програмата Култура со цел промоција на Програмата Култура, примерите на добра пракса, актуелните процеси во културната политика на ЕУ, новата Програма после 2013 – 2012 и сл

Ќе се реализираат на 10 настани (инфо денови, работилници,семинари) во организација на ККТ Македонија на национално (Скопје) и регионално/локално ниво (Струга, Гостивар, Прилеп, Гевгелија) за полесен пристап до Програмата и техничка помош при подготовка на апликациите

Се планира реализирање на 5 настани во Македонија во соработка со другите Културно контактни точки (ККТ Хрватска, Словенија, Финска, Бугарија, Чешка, Србија) и националните контакт точки (НКТ на Европа за граѓаните од РМ) на другите Програми на ЕУ во РМ

Ќе се одвива континуирано Давање техничка помош на операторите при подготовка на проект апликациите: индивидуални консултативни состаноци со македонските културни оператори и Развој на базата на податоци за културни оператори во РМ. Ќе се подготви брошура за Програмата Култура на ЕУ, Превод на Водичот низ програмата на македонски во електронска форма. Ќе се продолжи со медиумска промоција на поважните настани и информации за имплементацијата на Програмата Култура на национално ниво.

Како среднорочен приоритет ќе се продолжи со Спроведување на Програмата Култура од страна на ККТ Македонија согласно годишните програми во Оперативните грант договори на ККТ Македонија и учество на што поголем број културни оператори во проекти поддржани од Програмата Култура 2007 -2013 на ЕУ.

# 3.27 **ЖИВОТНА СРЕДИНА**

## 3.27.1 **ХОРИЗОНТАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО**

### ***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

Во текот на 2011 година, се спроведоа поголем број на активности во областа на животната средина. Се финализираше 6-от скрининг, односно Прогрес мониторинг во областа на животната средина ,со кој се оценува степенот на приближување на националното законодавство на Република Македонија кон законодавството на Европската унија. Прогрес мониторингот се води во рамките на Регионалната мрежа за животна средина за пристапување кон ЕУ (РЕНА) ,во соработка со Европската комисија - ГД за животна средина а Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) е надлежно за негово спроведување.

Во текот на 2011 година се донесе Законот за измени и дополнувања на Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија” бр.51/2011) со кој се изврши изменување на постапката за стратегиска оцена со цел поефикасно и побрзо спроведување на истата како и доусогласување со ЕУ мерката 32001L0042.

Со промената на постапката се донесе и нов Правилник за формата, содржината, и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена („Службен весник на Република Македонија“ бр.122/11). Со правилникот се воведува формулар кој овозможува да се оцени потребата за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена како и определување на обемот на оцената уште во најраната фаза на подготовка на планските документи.
Воедно беа направени измени на подзаконските акти кои се однесуваат на спроведување на постапката за стратегиска оцена и на учество на јавноста и тоа:
- Уредба за изменување на Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.45/11);
- Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми за кои задолжително се спроведува постапката за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето („Службен весник на Република Македонија“ бр.45/11);

Во 2011 година донесени се и следните подзаконски акти:
Одлука за формирање на Државна мрежа за мониторинг на животната средина,која се состои од државните мрежи за мониторинг на одделни медиуми и области на животната средина и тоа на воздух, вода и бучава („Службен весник на Република Македонија“ бр.122/11) Правилник за формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистарот на испуштање и пренесување на загадувачи, во кој се транспонира ЕУ Регулативата 32006R0166 за формирање на Европскиот регистар за испуштање и пренесување на загадувачи. („Службен весник на РМ“бр. 27/11)

Владата на Република Македонија ја донесе Програмата за инвестирање во животната средина за 2011 година („Службен весник на Република Македонија” бр.6/11година) со која се алоцираа 122.500,00 денари за финансирање и кофинансирање на проекти од областа на животната средина за 2011 и тоа за изработка на техничка документација и реализирање на проекти и активности за заштита, зачувување и подобрување на квалитет на водите, заштита на природата и биолошката разновидност, подигање на јавна свест, едукација и обука од областа на животната средина, поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии за заштита на животната средина и природата, поддршка на проекти и активности на НВО, кофинансирање на тековни проекти, реализација на проекти и активности одобрени согласно Програмата за инвестирање за 2010 година и трошоци за спроведување на програмата. Конкурсот за реализација на програмата беше објавен во “Службен весник на Република Македонија” бр.12/11,а резултатите од конкурсот во врска со избраните субјекти и проекти беа објавени во „Службен весник на Република Македонија” бр. 39/11 година.
Во 2011 година се изработи и Преглед на состојбите со животната средина во соработка со Европската економска комисија на Обединетите Нации.

МЖСПП во соработка со УНДП подготви апликација за доделување на финансиски средства за спроведување на активности - изработка на Национален План за справување со опустинувањето и ублажување на ефектите од суши, усогласен со Стратегијата и кој ги следи препораките на Конвенцијата за борба против опустинувањето (УНЦЦД). Во постапка на подготовка е методологија за изработка на Национален План за справување со опустинувањето и ублажување на ефектите од суши кој се носи согласно Законот за животна средина.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
МЖСПП редовно врши собирање, обработување и известување на податоци и информации добиени преку мониторинг мрежата за медиуми во животната средина и областите - воздух, води, бучава, почва и

отпад. МЖСПП доставува 75% од вкупно бараните податоци до Европската Агенцијата за животна средина (ЕЕА) каде има статус на земја соработник и е дел од работните групи на Агенцијата. Изработени се 12 индикатори за животна средина во рамките на публикацијата „Регионални индикатори за животна средина“ и направен е извештај за состојбата на животна средина за министерска конференција за животна средина која се одржа во Астана во октомври 2011 година.
Во текот на 2011 година ажурирани и објавени се Индикатори за животна средина на Република Македонија. Во тек е подготовка на двегодишната публикација - Статистики во животна средина 2011, во соработка со Државниот завод за статистика. Исто така публикувани се и брошури за работата и соработката со Европската агенција за животна средина и брошура за Катастри на загадувачи и загадувачки материи.

Согласно одредбите од Законот за животна средина започнато е со изработка на Листа на показатели на параметрите за животната средина.

Во текот на 2011 година преземени се низа активности за подигање на свеста на јавноста преку одбележување на денови од еколошкиот календар, промоции, презентации, работилници, консултативни средби и емитување ТВ емисии со еколошки теми.

И во изминатата година редовно се спроведуваа прекршочните постапки и постапките за посредување од Комисијата за прекршоци и Комисијата за посредување на МЖСПП.

Во 2011 година продолжи со реализација проектот „ Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за спроведување на стратешка оцена за животната средина (СОВЖС)“, финансиран од Кралството Холандија. Во декември се одржа Првата национална конференција за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина во Македонија. Воедно, во рамките на овој проект се одржаа повеќе работилници и обуки кои се однесуваа на зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за срповедување на стратегиската оцена. Се воспостави интернет страна за СОВЖС (www.sea-info.mk) достапна на македонски, албански и англиски јазик со цел зголемување на можноста за учество на јавноста во донесувањето на планските документи и обезбедување помош во спроведувањето на стратегиската оцена. Продолжија активностите за реализација на два пилот проекти за спроведување на СОВЖС за Планот за управување со речен слив на Преспа Парк и Генерален Урбанистички план на град Скопје.

Дополнително, во рамките на проектот „Технички Стандарди во животната средина“, се спроведоа три обуки на тема: „Добри практики за примена на стратегиска оцена на влијание врз животната средина (СОВЖС)“, во организација на МЖСПП и Германското друштво за меѓународна соработка - (GIZ) на кои учествуваа претставници од МЖСПП, локалните самоуправи и невладиниот сектор.

Во врска со постапката за оцена на влијание врз животната средина во месец ноември 2011 година одржани се четири јавни расправи за спроведување на проектите: “Површински коп на минерална суровниа бакар и злато на локалитетот и “Изградба на автопат Миладиновци-Св.Николе-Штип“. Изготвен е извештајот за соодветност на студијата за оцена на влијание врз животната средина за проектот: “Површински коп на минерална суровнина бакар и злато на локалитетот Иловица “. Издадено е решение за утврдување на потребата од спроведување на проектот: “Надградба на магистралниот пат М-6 Штип - Струмица во автопат“.
МЖСПП донесе План за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје за 2011 година согласно кој Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје спроведе надзор над четири општини и тоа во: општина Ѓорче Петров, Аеродром, Гостивар, Кавадарци, Струга и Берово. Надзорот се спроведе во однос на следните надлежности: постапка за одобрување на

елаборати за животна средина, постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола и надзор на надлежностите на органите на општината согласно Законот за заштита од бучава во животната средина

Во 2011 година продолжи со реализација проектот „Поддршка на националните подготовки за членство во ЕУ од областа на животната средина гледано од перспектива на земја членка" помеѓу МЖСПП и Шведската Агенција за заштита на животната средина (СЕПА). Имено во рамките на проектот во период 12-16 септември 2011 година беа организирани мини семинари на кои практично се работеше на подготовка на преговарачки позиции и инструкции за 4 ЕУ директиви од областа на животната средина (отпад, води, воздух и природа ). Беше изработен Прирачникот за работа за прашања поврзани со ЕУ во областа животна средина. На 14 и 15 Ноември 2011 година во Скопје во рамките на проектот се одржа семинар на тема „ Улогата на невладиниот сектор во процесот на преговорање за пристапување во ЕУ во областа на животната средина". На семинарот се дискутираше за улогата и делувањето на невладиниот сектор во процесот на подготовка за отпочнување на преговорите со Европската Комисија, како и начинот на вклучување, комуникација и соработка во рамки на тој процес. Како резултат на семинарот на 12 декември 2011 година се одржа посебен состанок со невладините организации, во присуство на Министерот за животна средина и просторно планирање и преставниците на невладини организации кои делуваат во областа на животната средина.

*Климатски промени*
Во текот на 2011 година, активностите на Република Македонија се одвиваа во повеќе области, притоа развивајќи меѓународна, регионална, билатерална и соработка со Европската унија на полето на намалување на климатските промени и намалување на ранливоста на најранливите сектори од климатските промени.
Министерството за животна средина и просторно планирање учествува во работата на Регионалната мрежа РЕНА, во работната група 2 за климатски промени.

Претставници на МЖСПП учествуваа во креирање на нови програми за ниско-емисиони развојни стратегии (на иницијатива на УСАИД и на Владата на Р.Словенија преку Европската Територијална соработка 2007-2013), како и во иницијативата за нов регионален проект за адаптација кон климатските промени на сливот на р. Дрим поддржана од GIZ. Во таа насока започнаа прелиминарни разговори со УСАИД за започнување нов проект за развивање на ниско-јаглеродни развојни стратегии, согласно обврската која ја има превземено Владата на САД на Самитот за клима во Копенхаген во 2009 г., како и согласно иницијативата на САД за унапредување на капацитетите за ниско-емисиони развојни стратегии, иницирана е помош на земјите кои се членки на Енергетската заедница за надминување на бариерите за ниско-јаглероден раст. Воедно, на ниво на Владата на Република Македонија започнаа активности за развивање на политики за ,,зелен,, развој што се спроведуваат преку Светска Банка.

Иницирaн е предлог за намалување на климатските промени преку мерки на индустриска енергетска ефикасност за искористување на средства од GEF - дел за климатски промени преку Програмата на ОН за индустриски развој. Развиена е софтверска алатка за релизирање на законската обврска на општините за изработка на Програми за енергетска ефикасност, поддржана со тренинзи на одговорни лица за употреба и одржување на истата.

Во текот на 2011 се промовира и првиот Акциски план за ниско-емисионен кампус со пилот еколошка зграда на универзитетот на југо-источна Европа изработен во рамките на билатералната соработка и Меморандумот за соработка со Министерството за животна средина, територија и море на Република Италија.

*Управа за хидрометеоролошки работи*

Република Македонија продолжи да ја јакне билатералната соработка во областа на хидрометеоролошките работи со земјите од Европската унија, како резултат на што се потпиша Меморандумот за разбирање и соработка во научно техничките области на метеорологијата и хидрологијата помеѓу Управата за хидрометеоролошки работи на Република Македонија и Словачкиот Хидрометеоролошки Институт.
Беше реализирана посета на Институтите на Заедничкиот Истражувачки центар во Испра Италија (ЈРЦ) за соработка на Република Македонија со ЈРЦ, на која организатор беше Европска комисија-Заеднички истражувачки центар. Во рамките на Проектот „Центар за управување со суши во Југо-источна Европа“ (DMCSEE) се организира тренинг за практично работење со климатолоши податоци (MASH, MISH). Дополнително претставници на УХМР учествуваа на повеќе обуки, работилници и семинари кои имаа за цел зајакнување на капацитетите на управата и се однесуваа на управување со климатолошки и метеоролошки податоци, користење и управување на податоците, оспособување за работа со ЕУМЕТСАТ и слично.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во почетокот на 2012 предвидено е да започне седмиот Прогрес мониторинг во областа на животната средина, со кој се оценува степенот на приближување на националното законодавство на Република Македонија кон законодавството на Европската унија.
На почетокот на 2012 година ќе започне постапка за изработка на Извештај за состојбата со животната средина што произлегува како обврска од Законот за животна средина и согласно Правилникот за формата, содржината, целите, начинот на изработка, видот и изворите на податоци за изработка на извештај за состојбата на животната средина („Службен весник на Република Македонија бр 81/2010). Воедно ќе се изработи Листата на показатели за животната средина и Индикаторите за животна средина на Република Македонија за 2012.
И во 2012 година ќе продолжат активностите за спроведување на програмата GLOBE.
До крајот на 2012 ќе се усвои Протоколот за стратешка оцена на животната средина кој произлегува од Конвенцијата за оцена на влијанието врз животната средина во прекуграничен контекст (Конвенција ЕСПО).
Ќе се донесе Програма за вршење на инспекциски надзор за Државниот инспекторат за животна средина и овластените инспектори за животна средина, ќе се врши надзор на нејзиното спроведување и ќе се донесе извештај за инспекциски надзор.

Во 2012 година е предвидено донесување на План за управен надзор над работата на Единиците на локална самоуправа (ЕЛС) за 2012 и негово реализирање. Со Планот ќе се определат областите во кои ќе се изврши управен надзор во периодот за 2012 година. Управниот надзор ќе се врши од страна на Комисија формирана за таа цел.
Во овој период ќе се транспонира Директивата за еколошки криминал во Кривичниот законик, а надлежна институција за донесување на измените и дополнувањата на Кривичниот законик е Министерството за правда.
МЖСПП во соработка со УХМР ќе започне со активности за донесување на Националниот план за справување со опустинувањето и ублажувањето на ефектите од суши. Истиот произлегува како обврска од Конвенцијата на ООН за борба против опустинувањето во земјите што се соочуваат со сериозни суши и/или со опустинување, особено во Африка од 2002 година, како и од Законот за животна средина.

*Климатски промени*

Во 2012 година се очекува првичен извештај за потребните чекори за спроведување на Одлуката на ЕУ за мониторинг, известување и верификација на стакленичките гасови за учество во шемата за трговија со емисии на ЕУ (2003/87/ЕС и 2009/29/ЕС). Планирана е промоција на Извештајот за моделите за проценка на последиците од климатските промени врз одредени сектори во одредени места.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2012 година планирано е учество на претставници од МЖСПП на работилница во врска со обврските кои произлегуваат од INSPIRE Директивата, во организација на регионалната мрежа РЕНА.
Исто така преку TAIEX ,МЖСПП аплицираше за одржување работилница на која ќе се презентираат обврските кои произлегуваат од INSPIRE Директивата. По одржувањето на работилниците МЖСПП ќе може да подготви концепт за нејзино транспонирање во националното законодавство.
Потребно е зајакнување на капацитетите на централно ниво и на локално ниво за спроведувањето на законодавството, особено за надлежностите на единиците на локална самоуправа (ЕЛС). Ова ќе се направи преку обезбедување нови вработувања и реализирање обуки за надлежните органи, вклучувајќи ги и инспекторите за животна средина на централно и локално ниво. Имено, активностите ќе се однесуваат на:
- зајакнување на капацитети на централно и локално ниво и на индустријата во врска со обврските кои произлегуваат од Законот за ратификација на Протоколот за Регистарот на загадувачи и Правилникот за Регистарот на загадувачи, донесен врз основа на Законот за животна средина;
- зајакнување на капацитети на централно и локално ниво во врска со постапките за ОВЖС, СОВЖС и ИСКЗ.
- Обезбедување на опрема на Државниот Инспекторат за животна средина;

Во наредниот период ќе се продолжи со подржување на реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктури објекти во областа на отпадот и водите, како и во други области финансирани преку годишната Програма за инвестирање во животната средина за 2012 година и преку буџетите на МЖСПП и Министерството за транспорт и врски (МТВ).

Во рамките на проектот „Поддршка на националните подготовки за членство во ЕУ од областа на животната средина гледано од перспектива на земја членка, фаза 2 " во 2012 година предвидено е одржување на работилница со единиците на локална самоуправа за запознавање со обврските кои ќе следат во процесот на преговарање, како и дополнителни мини семинари за подготовка на преговарачки позиции и имплементациони планови за одредени ЕУ директиви. Исто така, во однос на поддршка на процесот на национални подготовка за членство во ЕУ од областа на животната средина во 2012 година предвидено е подготовка на интерни правила во МЖСПП за спроведување на процесот на преговарање.

Со цел надградување на Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина, ќе продолжат активности за проценка на постојните мрежи (мониторинг станици) кои вршат мерења на квалитетот на медиумите (вода и воздух) и областите (бучава) на животната средина.

И во овој период ќе се продолжи со одржување на Листата на експерти за оцена на влијанието врз животната средина и Листата на експерти за стратешка оценка на влијанието врз животната средина. Ќе продолжи спроведување на прекршочни постапка, постапка за посредување и постапки на инспекциски надзор.

*Климатски промени*
До септември 2012 се очекува воспоставување на проектната канцеларија за спроведување на третиот национален извештај за климатски промени. Со Одлука на Влада на Република Македонија ќе се воспостави механизам за следење на напредокот во спроведувањето на Програмата за ,,зелен,, развој на Република Македонија, координирано од страна на канцеларијата на потпретседателот на Владата задолжен за економски прашања. Истовремено, во рамките на РЕНА, ќе се одржи обука за ЕУ политиките и законодавството во одбласта на клима.

*Управа за хидрометеоролошки работи*
Ќе се изврши зајакнување на капацитетите на УХМР со нови вработувања и со стручно оспособување и усовршување на вработените и зајакнување на потенцијалите на Управата за подготвување точни прогнози на времето и предупредувања, поточни климатски предвидувања и проценки и попрецизни хидролошки прогнози и проценки.

Во 2012 година ќе се одржат повеќе работилници и обуки организирани од ЕУМЕТСАТ, ECMWF, EUMETNET, Meteo France, како и Работни состаноци на координативни тела во ECMWF.
Ќе се се започне со обнова на телекомуникацискиот систем, како и ќе започнат активности за акредитација на лабораторија за детерминирање на заканувачки материи и супстанции во водите, воздухот и почвата.

## *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**
До крајот на 2014 година предвидено е донесување на Закон за просторно информативен систем во кој ќе се транспонира INSPIRE Директивата (2007/2/ЕЗ).
Во 2013 година ќе се донесе Извештај за состојбата со животната средина и Статистики за животна средина 2013. Во периодот од 2013- 2014 година, одделно за секоја година ќе се подготви и донесе нов план за управен надзор за оние области од областа на животната средина и општини кои не се опфатени со претходно донесениот план од 2011 и 2012 година.

*Климатски промени*
Се очекува да се усвојат насоки за ниско-емисионен развој, како резултат на програмски активности поддржани од Светска Банка и УСАИД за ниско-емисионен ,,зелен,, раст. Во овој период се очекува резултат за регионалната иницијативата на Влада на Република Словенија за ниско-јаглеродна југо-источна Европа во рамките на Европската територијална соработка 2007-2013. Исто така, се очекува започнување со спроведување на проект во рамките на ИПА компонента 1 2012-13- во делот за клима.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во наредниот период ќе продолжат активностите за зајакнување на капацитетите на секторите и органите во состав на МЖСПП и тоа: Управата за животна средина (МЖСПП_УЖС) , Државниот инспекторат за животна средина (МЖСПП_ДИЖС) и Службата за Просторно информативниот систем, органи во состав на МЖСПП, преку нови вработувања, набавка на опрема и обуки во однос на спроведување на прописите од областа на животна средина.
Во 2013 се очекува да започне прокетот од ИПА компонента 1 со што ќе се обезбеди зајакнување на капацитетите за инспекциски надзор на државните и локалните инспектори за животна средина.

Посебно внимание ќе се посвети на обуки во насока на зајакнување на капацитетите за спроведување на прописите за одговорност за штета во животна средина; обуки за имплементација на Е-ПРТР и моделирање со податоци, користење на софтверска апликација од ПРТР; обуки за информатичка технологија; набавка на опрема за мониторинг, моделирање и за национален информативен систем. Истовремено планирано е да се продолжи со зајакнувањето на капацитетите на ЕЛС за управување со животната средина на локално ниво, преку обезбедување на: нови вработувања; техничко опремување и обезбедување на обуки на вработените во надлежните институции на локално ниво за спроведување на законските обврски што произлегуваат од областа на животната средина.

Ќе се донесе Национален план за справување со опустинување и ублажување на ефектите од суши.

До крајот на 2014 година предвидено е воспоставување на Регистарот на загадувачи во Македонија.

И во овој период ќе продолжи реализирањето на кампањи за подигнување на јавната свест во животната средина, како и поттикнувањето на образовни, истражувачки и развојни студии, програми и проекти за заштита и унапредување на животната средина и природата.

И понатаму ќе продолжи доставувањето податоци и соработката со Европската агенција за животна средина (ЕЕА) и ќе се настојува да се обезбеди поголем процент на доставување на податоци за животната средина.

Среднорочно се планира надградување на Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина, а ќе продолжи поддршката за реализирање проекти на ЕЛС за изградба на инфраструктурни објекти во областа на отпадот и водите, финансирани преку годишните програми за инвестирање во животната средина, преку буџетот на МЖСПП и МТВ, како и преку европските фондовите и другите билатерални и мултилатерални соработки.

*Климатски промени*
Се очекува започнување на спроведувањето на Одлуката за мониторинг, известување и верификација на стакленички гасови, со предлог институционално решение за спроведување на Одлуката. Во овој период се очекува завршување на ревизијата и надградбата на инвентарите на стакленички гасови и на сценаријата за климатски промени. Исто така, се очекува усогласено секорското фише како и можно започнување со спроведување на ИПА компонента 1 2012-2013-дел за клима.
Во 2014 година ќе биде усвоен Третиот национален план за климатски промени, согласно Законот за животна средина и Конвенцијата за климатски промени на ОН.

*УХМР*
Ќе продолжи зајакнувањето на капацитетите на УХМР за спроведување на нивните активности преку нови вработувања и обуки, при тоа ќе се продолжи со реализација на претходно превземените активности поврзани со санација, реконструкција на градежните објекти на главните метеоролошки станици во Република Македонија, автоматизирање на метеоролошките инструменти и размената на метеоролошките информации.
Ќе започне процесот на користење на упатствата од Светската метеоролошка организација за утврдување на критериуми за формирање и воспоставување и начин на работа на државната хидрометеоролошка мрежа на станици и за изградба, опремување, одржување, работа, заштита и развој на државната хидрометеоролошка мрежа на станици.

Ќе се преземат активности за обновување и модернизација на мрежата на хидролошки станици за површински и подземни води и опремување на истите со софистицирана опрема; набавка на нов радарски систем за покривање на југоисточниот дел на Република Македонија (триаголникот: Кавадарци-Струмица-Гевгелија), обнова на телекомуникацискиот систем, изработка на централна база на хидрометеоролошки податоци, акредитација на лабораторија за детерминирање на загадувачки материи и супстанции во водите, воздухот и почвата.

## 3.27.2 **КВАЛИТЕТ НА ВОЗДУХОТ**

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

#### ПРАВНА РАМКА
Во текот на 2011 година продолжи усогласувањето на националното законодавство со ЕУ acquis преку донесувањето на Уредба за определување на согорувачките капацитети кои треба да преземат мерки за заштита на амбиентниот воздух од загадување, преку намалување на емисиите на одредени загадувачки супстанции во воздухот (Службен весник на Република Македонија бр. 112/2011), во која се транспонираше дел од ЕУ мерката 32001L0080.
Во текот на 2011 година донесени се следниве подзаконски акти, кои иако не транспонираат ЕУ мерки, се од голема важност за националното законодавство од областа на воздух:
- Правилник за поблиските услови за вршење на определени видови стручни работи, во поглед на опремата, уредите, инструментите и соодветните деловни простории кои треба да ги исполнуваат субјектите кои вршат определени стручни работи за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија бр. 69/2011);
- Правилник за формата и содржината на обрасците на доставување на податоците од емисиите во амбиентниот воздух од стационарни извори, начинот и временскиот рок на доставување согласно капацитетот на инсталацијата, содржината и начинот на водење на дневникот на емисии во амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија бр.79/2011);

Во текот на 2011 година се донесе Програмата за работа на Државната автоматска мониторинг мрежа за квалитет на амбиентен воздух за 2012 година, која управувана од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Подготвен е Правилник за методите, начините и методологијата за мерење на емисии во воздухот од стационарни извори, во кој е транспониран дел од ЕУ мерката 32001L0080.
Подготвен е Закон за изменување и дополнување на Законот за квалитет на амбиентниот воздух со кој се изврши транспонирање на ЕУ мерката 32008L0050.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Заштитата на квалитетот на воздухот во Република Македонија е институционализирана со работата на повеќе органи и тела на државната управа и на јавниот сектор кои имаат директни и/или индиректни надлежности во овој домен, утврдени со Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010 и 124/2010) и Законот за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/2004, 92/2007 и 35/2010 и 47/2011).
Носечките активности во делот на обезбедување на податоци од мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, како и инвентаризација на емисиите од стационарни извори ги врши Секторот македонски информативен центар за животна средина (МИЦЖС) во МЖСПП. Во рамките на овој сектор функционира и Одделение за мониторинг на квалитет на амбиентен воздух во чиј склоп работи Автоматскиот мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух на МЖСПП. Податоците од мониторинг мрежата и извршените мерења се доставуваат до МИЦЖС и соодветно се обработуваат. Поединечни мерења на емисиите во воздухот од инсталациите врши Централната лабораторија, одделение во состав на Управата за животна средина (УЖС).

Заштитата на воздухот се остварува од УЖС преку издавање и контрола на дозволите за усогласување со оперативен план кои се задолжителни за сите постојни инсталации кои се под режимот на интегрирани еколошки дозволи. Имено во УЖС функционира Секторот за индустриско загадување и управување со ризик, во кој постојат Одделение за Интегрирано спречување и контрола на загадувањето (ИСКЗ) и Одделение за управување со ризик и хемикалии, како и Одделение за атмосфера. Воедно, Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) врши редовен надзор над инсталации кои емитираат загадувачки супстанции во воздухот и кога е потребно издава задолженија за преземање на мерки со цел намалување на емисиите и нивно доведување во дозволените граници.

Во август 2011 се формираше Државната мрежа за мониторинг на медиумите и областите во животната средина во рамките на која се определи Државната мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух. Државната мрежа за мониторинг на квалитет на воздух ги опфаќа мерните станици кои се дел од Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух со кој управува МЖСПП, потоа мерните места за мониторинг на тешки метали во аероседимент во надлежност на Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) и мерните места за мониторинг на радиоактивност на воздухот и атмосферските талози исто така во надлежност на ИЈЗ.

Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух се надополни со две нови автоматски мониторинг станици. Станиците се лоцирани во Скопје, во општините Карпош и Центар. Станицата во Карпош го следи квалитетот на воздухот во т.н. урбана позадина со цел да се добијат информации за просечните нивоа на квалитетот на воздухот и изложеноста во урбаните средини. Мониторинг станицата во општина Центар го мери квалитетот на воздухот во област каде има голема фреквенција на сообраќај. Со овие станици се започна за прв пат мониторингот на суспендирани честички со големина до 2,5 микро метри (PM2.5). Мониторинг станиците беа набавени како дел на техничката поддршка на проектот од ИПА 2008 програмата „Зајакнување на капацитетите на локално и централно ниво за управувањето на животната средина“. Во рамките на истиот проект се набави софтвер

AIRVIRO за управување со податоците за квалитет на воздух, со цел воспоставување на информативен систем за квалитет на воздух. Воедно се подготви План за индикативни мерења и согласно истиот се отпочна со индикативните мерења на лесно испарливи органски соединенија (VOC) на две мерни места. Анализите на земените примероци се вршат во Финскиот метеоролошки институт.

Во 2011 година беше финализиран CORINAIR инвентарот со податоци за 2009 година и истиот беше испратен до УНЕЦЕ и до Европската Агенција за животна средина.

Претставници од Одделението за аналитика и известување во областа на квалитетот и емисиите во воздухот и Одделението за мониторинг на квалитетот на воздухот од МИЦЖС учествуваа на повеќе работилници и семинари со цел транспонирање и имплементација на ЕУ мерките за подобрување на квалитетот на воздухот.

Во рамките на твининг проектот од програмата ИПА компонента 1 за 2008 се реализираа повеќе обуки за спроведување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух со примена на процедури за контрола на квалитетот, обработка на податоците добиени од мониторингот, моделирање и нивна примена за оценка на квалитетот на воздухот, сервисирање и одржување на мониторинг станиците за воздух, управување со квалитетот и емисиите во воздухот како и извршување на активностите за преземање на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот и подготовка на акциони планови и програми за подобрување и заштита на квалитетот на амбиентниот воздух.

Во рамките на втората фаза на „Проектот за помош на земјите од Западен Балкан за ратификација и подготовка на имплементациони планови за три протоколи од Конвенцијата за прекугранични пренос на аерозагадувањето на UNECE од 1979 година и тоа: Протоколот за тешки метали од 1998 година, Протоколот за перзистентни органски загадувачи (ПОПс) од 1998 година и Протоколот за намалување на закиселување, еутрофикацијата и приземен озон од 1999 година“, се започна подготовката на Национален план за заштита на квалитет на амбиентен воздух, Национален план за редукција на емисии и се заврши изработката на Инвентар за тешки метали. Во август 2011 година се потпиша Меморандум за соработка меѓу МЖСПП и Холанската амбасада од Белград, за реализација на третата фаза од горе споменатиот проект.

## *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### ПРАВНА РАМКА

Во текот на 2012 година ќе се подготват измени и дополнувања на постоечките подзаконските акти: Правилник за критериуми, методи и постапки за оценување на квалитетот на амбиентниот воздух и Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанци во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности,маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели со цел транспозиција на ЕУ мерките 32008L0050 и 32004L0107,а дополнително ќе се подготви подзаконски акт со кои ќе се определат мерките против емисија на гасни и цврсти загадувачки супстанции од мотори со внатрешно согорување од вонпатни возила, согласно ЕУ мерката 31997L0068.

Министерството за економија ќе донесе Уредба за квалитет на течните горива, согласно новиот закон за енергетика. Новата уредба е фокусирана на ажурирање и подобрување на транспонираните ЕУ мерки 31999L0032, 31998L0070, 32003L0030 кои се однесуваат на квалитетот на бензините, дизелите и биогоривата, изработка и имплементирање на систем за редовна анализа и контрола на квалитетот на течните горива.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Ќе се изработи Програма за работа на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух за 2013 година. Во овој период ќе се обезбеди и зајакнување на капацитетите на органите кои вршат мониторинг на воздухот преку вработување на нов кадар и спроведување на обуки.

Како континуирана активност на МЖСПП ќе се продолжи со редовно одржување на мониторинг мрежата за воздух која ја управува МЖСПП. Во текот на 2012 ќе се извршат и дополнителни-индикативни мерења на испарливи органски соединенија на две мерни места (во Скопје, на мерното место ректорат и во Миладиновци, во близина на рафинеријата ОКТА).

Во текот на 2012 година ќе се финализира изработката на Националниот план за редукција на емисиите со кој ќе се имплементира дел од директивата 32001L0081и 32001L0080 со кој ќе се утврдат и проекциите за количините на загадувачките супстанции во воздухот за период 2010-2020 година. Исто така ќе се заврши подготовката и на Националниот план за заштита на амбиентниот воздух кој произлегува од Законот за квалитет на амбиентниот воздух со кој ќе се дефинираат идните мерки за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух и за минимизирање или целосно отстранување на негативните ефекти врз квалитетот на амбиентниот воздух во зоните и агломерацијата во Република Македонија.

Во рамките на твининг проектот од програмата ИПА компонента 1 за 2008 ќе се зајакнат капацитетите на администрацијата на локално и централно ниво преку спроведување на обуки и тоа за: спроведување на мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух со примена на процедури за контрола на квалитетот, обработка на податоците добиени од мониторингот, моделирање и нивна примена за оценка на квалитетот на воздухот, сервисирање и одржување на мониторинг станиците за воздух, управување со квалитетот и емисиите во воздухот како и извршување на активностите за преземање на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот и подготовка на акциони планови и програми за подобрување и заштита на квалитетот на амбиентниот воздух.

CORINAIR инвентарот со податоци ќе се ревидира и во првата половина на февруари 2012 година , а податоците ќе се доставaт до Европската агенција за животна средина и до УНЕЦЕ.

Во рамките на редовните кампањи кои ги спроведува МЖСПП, ќе се опфатат и активности кои ќе бидат насочени кон подигнување на јавната свест за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух, преку подготовка на брошури и промотивни материјали за квалитет на воздух.

Во овој период ќе се воспостави систем за следење на квалитетот на течните горива кое ќе се врши врз основа на годишен план за контрола на квалитетот на течните горива пуштени на пазарот во Република Македонија кој ќе биде донесен од страна на МЕ.

За исполнувањето на планираните активности ќе се реализираат нови вработувања во Одделението за мониторинг на квалитет на амбиентен воздух при МЖСПП.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**
Во текот на период 2013 – 2014 година ќе се продолжи со донесување на нови или измена на постојните подзаконските акти за емисии во воздухот.
За адекватна примена и правилно користење на Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот и правилникот за методологијата, начините, постапките, методите и средствата за мерење на емисиите од стационарните извори, ќе се подготви Упатство во рамки на твининг проектот од програмата ИПА компонента 1 за 2008 г.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во Одделението за атмосфера при УЖС треба да започнат активности за воспоставување на Национален систем за инвентаризација со кој ќе се изврши инвентаризација на годишните емисии од сите загадувачки супстанци на национално ниво. Имено, инвентаризација ќе се изврши согласно номенклатурите и методологиите на CLRTAP, UNFCCC и Конвенцијата за заштита на озонската обвивка

односно методологијата на EMEP/CORINAIR, инвентарот на стакленички гасови (GHG/IPCC од UNFCCC), инвентарот на супстанции кои ја осиромашуваат озонската обвивка и инвентарот на сите супстанции од национално значење. Истовремено, ќе се подобри капацитетот на МЖСПП преку вработување на нов кадар и спроведување на обуки.
Зајакнувањето на капацитетите на администрацијата со цел подобрување во управувањето со квалитетот на воздухот ќе биде една од активностите на кои ќе се посвети особено внимание и во овој период. Во овие активности се опфатени нови вработувања и обука на вработените во МЖСПП во Одделението за мониторинг на квалитет на воздух при МИЖЦ и Министерството за економија во Одделението за течни и цврсти горива при Секторот за енергетика. Се планираат обуки за извршување на активностите за преземање на мерки за подобрување на квалитетот на воздухот, за спроведување на мониторингот Дел од обуките ќе се спроведат во рамките на твининг проектот и во нив ќе бидат опфатени и ЕЛС.

Ќе се продолжи со надградување на мрежата за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух преку редовно одржување на постојните мониторинг станици и проширување на мрежата со воспоставување на нови автоматски мониторинг станици. Ќе се подготви Програма за работа на Државната мрежа за мониторинг на животната средина во која ќе биде опфатена мрежата за Квалитет на воздух. По завршување на подготовките во рамките на твининг проектот се планира акредитација на лабораторијата за калибрација на инструментите од Автоматскиот мониторинг систем за квалитет на воздух за 2014 година.

Ќе се започне со преземање на мерки за акредитирање на независна лабораторија која ќе го следи и испитува квалитетот на горивата согласно Законот за безбедност на производи („Службен весник на Република Македонија“ бр.33/2006 и 63/2007). Спроведувањето на годишниот план за контрола на квалитетот на течните горива пуштени на пазарот во Република Македонија ќе претставува основа за подготвување на месечни и годишни извештаи за количините на течни горива и нивниот квалитет кои се употребуваат во Република Македонија. Извештаите ќе бидат доставувани до Министерството за економија и МЖСПП, со цел понатамошна обработка на податоците.

Согласно донесените плански документи во областа на воздухот (Национален план за заштита на амбиентен воздух, Национален план за редукција на емисиите во воздухот,и планови за имплементација на конвенцијата LRTAB), ќе се обезбеди институционално зајакнување на УЖС со цел следење на имплементацијата на истите.

## 3.27.3 **УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

#### ПРАВНА РАМКА

Во 2011 година се донесе Законот за управување со отпад од електрична и електронска опрема со кој се транспонираат ЕУ мерките: 32002L0096 и 32002L0095 .
Исто така врз основа на Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори донесени се следните подзаконски акти:
- Правилник за начинот на означување на батериите и акумулаторите и на батериските пакувања, како формата и содржината на симболите за одделно собирање и на тешките метали. ("Службен весник на РМ" бр. 52 /2011 )
- Правилник за начинот на водење како и формата и содржината на обрасците на базата на податоци за следење на повторната употреба и преработка на искористените возила и на целите кои треба да се постигнат со повторна употреба и преработка на искористените возила (Службен Весник на РМ бр. 74/2011).
- Правилник за методологијата за начинот на следење и пресметка на реализацијата на стапките за собирање на отпадни батерии и акумулатори како и формата и содржината на образецот за следење и пресметка („Службен весник на РМ“ бр. 67/11)

- Правилник за формата и содржината на образецот на годишниот извештај за постапувањето со отпадните батерии и акумулатори и начинот на неговото доставување, како и формата и содржината на образецот за водење на евиденција за количините и видовите на батерии и акумулатори кои се пуштени на пазар во Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 167/10).
- Правилник за начинот и условите за надминување на содржината на тешки метали во пакувањето, начинот на водење на пакувањата и содржината на евиденцијата и извештајот за постапување со отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија “ бр. 78/11 ).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Согласно Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија “ бр. 68/2004, 107/2007, 102/2008, 143/2008 и 124/2010), МЖСПП, УЖС и ДИЖС се одговорни органи на национално ниво за негово спроведување. Свои одговорности имаат и Министерството за здравство (Државен санитарен и здравствен инспекторат) во однос на контролата на медицинскиот отпад, Министерството за економија и Државниот пазарен инспекторат во однос на отпадот од ископувањата од минерални суровини и контролата на означувањата на пакувањата и батериите и акумулаторите што се пуштени на пазар во РМ.
Единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), овластените инспектори за животна средина и комуналните инспектори се надлежни и одговорни за управувањето со комунален и друг вид на неопасен отпад и јавната чистота на локално ниво.

Во 2011 година Комисијата за полагање на стручен испит за вршење на работите на управител со отпад, спроведе испит за управител со отпад , при што има доделено вкупно 33 уверенија за управител со отпад.

Со поддршка на Република Словенија, во 2011 година се донесе План со физибилити студија за воспоставување на систем за управување со отпад од електрична и електронска опрема и управување со отпадни батерии и акумулатори во Република Македонија.

Продолжи активноста за издавање на дозволи од областа на управувањето со отпадот за чие издавање е надлежна УЖС. Исто така, воспоставен е системот за регистрација на производители кои пуштаат на пазарот на РМ батерии и акумулатори и издадени се четири потврди за упис во регистарот на производители кои пуштаат на пазар или увезуваат како крајни корисници во РМ батерии и акумулатори.

Согласно со Законот за управување со пакување и отпад од пакување, формирана е Комисија за Управување со отпад од пакување, (Сл. Весник бр. 112 /11), донесена е Програма за управување со отпад од пакување и издадена е една дозвола за правно лице за управување со пакување и отпад од пакување. Во 2011 година континуирано се одвиваше третата фаза од процесот за ажурирање и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад и надградување на софтверот за апликација на податоци во катастарот за отпад. Имено електронската база се пополнува и ажурира со податоците добиени од дистрибуираните прашалници до идентификуваните субјекти, проверка на податоците и мерења по потреба.

Во 2011 година течеа активностите во рамките на следниве проекти :

„Градење на капацитетите за имплементирање на ЕУ директивата за депонии – затворање на нелегалните депонии и инспекција“, поддржан од Кралството Шведска и имплементиран преку Шведската Агенција за животна средина (СЕПА) - реализирана е студиска посета со претставници од ДИЖС и претставници од Источниот и Североисточниот Регион и изготвен е предлог текст за програмата за затворање на депониите кои не се во согласност со барањата на ЕУ директивата за депонии како и листи за проверка за инспекторите.

Во рамките на проектот за изработка на План и студија за изводливост за постапување и намалување на количините на биоразградлив отпад, кој започна во декември 2010 година, финансиран преку Владата на Кралството Холандија од програмата Г2Г, презентирана е првата верзија на студијата за изводливост подготвена во рамките на овој проект и реализирана е студиска посета;

Во рамките на проект „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за имплементација и примена на законодавството од областа на управување со отпад и ИСКЗ", во рамки на програмата ИПА компонента 1 за 2008, се одржаа регионални работилници, со цел запознавање со интегриран пристап за управување со отпад во ЕУ земјите (за Источниот и Североисточниот регион на РМ), и се спроведе: проценка и собирање на постоечките информации во врска со управувањето со отпадот; ревидирање на законската регулатива во делот на отпадот а во согласност со барањата на ЕУ; зајакнување на капацитетите за имплементација на законодавството; зајакнување на координацијата помеѓу локално, регионално и централно ниво; се изработи модел на локален План за управување со отпад; поддршка на регионалните тела за управување со отпад; развивање и имплементација на програма за сите инволвирани субјекти; подигнување на јавната свест и развивање на пилот за систем за информирање;

Во рамките на проект за „Отстранување на полихлорирани бифенили (ПХБ) и опрема контаминирана со ПХБ", финансиран од Глобалниот фонд за животна средина (GEF), кој се имплементира заедно со UNIDO, во 2011 се распиша меѓународен тендер за набавка на технологија за третман на ПХБ-опрема и се избра технологија за третман на ПХБ-опрема. Во рамките на проектот се дефинира распоредот по кој ќе се врши деконтаминација на ПХБ опремата.

Во делот на зголемување на нивото на инвестиции и воспоставување систем за интегрирано управување со отпад беа реализирани следните активности:

Заврши втората фаза од јавниот повик за конкурентен дијалог бр.2 за доделување концесија за финансирање, проектирање, изградба и управување со регионална депонија за комунален цврст отпад во Југоисточниот регион.

Заврши втората фаза на јавниот повик за конкурентен дијалог за доделување концесија за финансирање, проектирање, изградба и управување со регионална депонија за комунален цврст отпад во Полошкиот регион

Во делот на управување со отпад, МЖСПП додели 4.680.000,00 денари за проекти за проекти за едукација и подигнување на јавната свест на Невладини организации во Република Македонија , врз основа на објавен конкурс по Програмата за инвестирање во животната средина за 2011 година.

Администртивните капацитети на Министерството за животна средина и просторно планирање во делот на управување со отпад беа зајакнати преку учество на повеќе семинари и студиски патувања.Беа одржани бројни обуки и работилници за управување со отпад, дел организирани со поддршка на TAIEX и IFC, дел во рамки на билатерални проекти што се реализираат во МЖСПП. Воедно, МЖСПП организираше неколку обуки за ЕЛС и Јавните комунални претпријатија, како и за бизнис секторот во стопанските комори во Македонија, со цел обезбедување подобро спроведување на Законот за управување со пакување и отпад од пакување и Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори. Исто така се одржа и работилница за НВО на тема „Национално законодавство во делот на управувањето со отпадот". Одржана е и втората меѓународна Конференција за управување со отпад на тема тема "Одржливо управување со материјали – економска оправданост во постапување со отпадот", во рганизација на МЖСПП, АДКОМ и ЈКП „Комунална Хигиена "Скопје.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период ќе се изврши понатамошно усогласување на националното законодавство со правото на ЕУ во делот на посебните текови на отпад со изготвување и донесување на Закон за управување со отпад од минерални суровини, со што ќе се транспонира ЕУ мерката 32006L0021.
Во 2012 година ќе се направи измени и дополнувања на Законот за управување со отпад со цел воспоставување на правна основа за формирање на регионални тела за управување со отпад.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Најзначајните активности во овој период ќе бидат имплементирањето на интегрираното регионално управување со отпадот во останатите плански региони на Република Македонија(Вардарски, Југозападен, Пелагониски и Скопски Регион).
Во овој период ќе се зајакнуваат капацитетите и имплементацијата на Законот за управување со пакување и отпад од пакување и Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори за централното и локалното ниво како и за бизнис заедницата преку одржување на работилници и обуки.
Ќе се реализира доделувањето на концесии за финансирање, проектирање, изградба и управување со регионална депонија за комунален цврст отпад во Југоисточниот регион и во Полошкиот регион.

Воедно ќе се зајакнат капацитетите на Секторот за отпад при УЖС со нови вработувања и спроведување на обуки за управување со отпад. До крајот на 2012 година ќе се донесе Програма за управување со непрописни депонии како дел од проектот „Програма за затворање на нелегални депонии и зајакнување на капацитетите на ДИЖС во областа на инспекциски надзор над депонии“ финансиран од Шведската Агенција за животна средина. Исто така, до средината на 2012 година ќе се изготви Студија за изводливост и Програма за намалување на количините на биоразградлив отпад на депонии како дел од проектот „План и студија за изводливост за постапување и намалување на количините на биоразградлив отпад на депониите“ финансиран од Владата на Кралството Холандија во рамки на програмата Г2Г .

Во овој период ќе продолжи постапката за преговарање со останатите барања за добивање на дозволи за усогласување со оперативен план на постојните депонии во Република Македонија.

Издавањето дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања ќе продолжи, водењето на регистрите согласно законската процедура како и активностите за ажурирање и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад. Исто така ќе се развие информативен систем за управување со отпад (изработка на софтеверска апликација за управување со база на податоци за отпад).

Ќе започне да се реализира проектот „Воспоставување на финансиски интегриран самоодржлив систем за управување со отпад“ во рамки на ИПА компонента 3 - Мерка 3.2 од Оперативната програма за регионален развој (ОПРР) 2007-2009 преку изработката на регионални планови за управување со отпад и студии за стратешка оценка на влијанието врз животната средина за Источниот и Североисточниот регион.

Во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за имплементација и примена на законодавството од областа на управување со отпад и ИСКЗ“ – ИПА компонента 1 за 2008, ќе завршат проценките на институционални капацитети за управување со отпад и механизмите за координација на управувањето со отпад на централно и локално ниво, ќе се развијат и имплементираат тренинг планови и ќе се реализира студиска посета во Ирска. Исто така, ќе се развие информативен систем за управување со отпад (изработка на софтеверска апликација за управување со база на податоци за отпад).

Во рамките на проектот „Избор на технологија за третман на ПХБ-опрема“ ќе се изгради привремено складиште за ПХБ.

Во 2012 година ќе започне и Пилот Проект за елиминација на 10 тони ХЦХ отпад и отпад контаминиран со жива од ОХИС.Проектот ќе биде финансиран од компаниите K+S - Германија, SETCAR – Романија и K + S Entsorgung GmbH – Германија, а одговорни институции се Охис и МЖСПП.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

До крајот на 2013 година, врз основа на Законот за управување со отпад од електрична и електронска опрема ќе се донесат следните подзаконски акти:

- Листа на производи кои припаѓаат во категориите на електрична и електронска опрема усогласен со ЕУ-мерка 32002L096 (Анекс 1);
- Листата на опрема на кој не се однесуваат мерките за забрана и ограничувања како и максималните вредности за концентрациите на опасни супстанции , роковите до кои е дозволено присуството на одредени опасни супстанции во опремата нејзините составни делови и материјали усогласен со ЕУ-мерка 32010D0571;
- Правилник за формата и содржината на ознаката за одделно собирање Усогласен со ЕУ мерка 32002L096 (Анекс 4);
- Правилник за минималните барања за одвоен третман на отпадната опрема, материјали и деловите на отпадната опрема, како и минималните технички услови за складирање и третман на отпадната опрема Усогласен со ЕУ мерка 32002L096 (Анекс 2 и 3);
- Правилник за формата и содржината на образецот за годишен извештај за постапувањето со отпадната опрема усогласен со ЕУ мерка 32005D0369.

До 31 декември 2014 година, ќе се изготви нов Закон за управување со отпад кој ќе ја транспонира ЕУ мерката 32008L098.

Исто така до 2014 година ќе се утврдат видовите на отпад, условите за извоз, увоз и транзит на отпад поодделни видови на отпад, методите на надзор над извозот, увозот и транзитот на отпадот, како и формата и содржината на образецот на дозволата за извоз, увоз и транзит на отпад со што ќе се изврши транспонирање на ЕУ мерката 32006R1013.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За утврдување на политиките во управување со посебните текови на отпад, во овој период ќе се изработи План со физибилити студија за поставување на систем за управување со употребувани возила и поврзан систем за заверка и регистрација и уништување.

Ќе се комплетира ажурирањето и надополнување на базата на Катастарот на создавачи на отпад. Контролата и издавањето на дозволи за постапување со отпад согласно пристигнатите барања и состојбата на терен ќе продолжи и во овој период. Исто така ќе продолжи и регистрацијата на производители кои пуштаат на пазарот на РМ батерии и акумулатори.

Среднорочно се планира зајакнување на капацитетите на УЖС со нови вработувања и обуки во управувањето со отпад.

Ќе продолжи поддршката на ЕЛС преку обуки за управување со отпад на регионално ниво и имплементација на законската регулатива, особено во врска со имплементирање на Законот за управување со пакување и отпад од пакување, Законот за управување со батерии и акумулатори и отпад од батерии и акумулатори и Законот за управување со отпад од електрична и електронска опрема.

Исто така ќе продолжи поддршката за ЕЛС во Република Македонија за реализација на проекти од областа на интегрирано управување со отпад, пред се во делот на изработка на физибилити студии, техничка документација и изградба на регионални депонии за управување со отпад преку ИПА програмата, преку годишната Програма за инвестирање во животната средина и програмите на МЖСПП во рамките на Буџетот на Република Македонија.

Воедно, до крајот на 2014 ќе се формираат регионални тела за управување со отпад за секој регион и до крајот на 2014 година ќе се формира регулаторно тело за комунални работи.

Ќе се воспостави регионално управување со отпадот и ќе се донесат регионални планови за управување со отпад за Источниот и Североисточниот регион, придружени со Студии за стратегиска оценка на овие плански документи. Исто така ќе започне постапката на изградба на регионални депонии во Полошкиот и Југоисточниот регион.

Во 2013 година ќе се донесе Студија за изводливост за управување со опасен отпад, која ќе се подготви во рамки на проектот „Зајакнување на капацитетите на МЖСПП за интегрирана контрола на загадувањето и управување со опасен отпад“ финансиран од Кралството Норвешка и МЖСПП.

## 3.27.4 **КВАЛИТЕТ НА ВОДАТА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година беа изработени 12 подзаконски акти што произлегуваат од Законот за води. Со овие подзаконски акти се уредуваат поблиските услови за собирање, одведување и прочистување на урбаните отпадни води, начинот и условите за проектирање, изградбата и експлоатација на системите и станиците за прочистување на урбаните отпадни води, максимално дозволените вредности и концентрации на параметрите на прочистените отпадни води за нивно повторно користење, начинот и постапката за користење на тињата, максималните вредности на концентрациите на тешки метали во почвата во која се користи тињата, формата, содржината и начинот на доставување на податоците и видот на информации за користење на тињата, како и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување. Во овие подзаконски акти се транспонирани ЕУ мерките: 31991L0271 и 31986L0278. Исто така со правилниците се утврдуваат условите, начинот и граничните вредности на испуштање на отпадни води по нивното прочистување, ќе се утврдат штетните материи и супстанци и нивните емисиони стандарди и ќе се определат границите на подрачјето на речните сливови. Ќе се направи и листа на загадувачките материи и супстанци, условите за инсталирање и работи на постројките кои работат со опасни материи и супстанци и начинот на нивно тестирање пред нивно пуштање во работа. Дел од овие подзаконски акти се изработени од страна на МЖСПП со средства обезбедени од Компензациониот фонд на странска помош на Швајцарија.

Формирана е работна група од МЖСПП, УХМР И МНР со цел определување на границите на подрачјата на речните сливови.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Од 01.01.2011 година се отпочна со имплементација на Законот за води, со кој надлежностите за управување со водите преминаа во МЖСПП. Секторот за води во Управата за животна средина (УЖС) ги презеде обврските кои произлегуваат од законот.

Согласно Законот за води Фондот за води престана да работи заклучно со 01.01.2011 година, при што Управата за животна средина ги презема вработените од Фондот.. Со цел формирање на тела за управување со водите по речни сливови како организациони единици за постигнување на интегриран пристап во користењето на водите, во Секторот за води во УЖС се формираа 6 посебни одделенија и тоа: Одделение за планирање во управувањето со водите, Одделение за водни права, Одделение за концесии и меѓуресорска соработка, Одделение за управување со сливното подрачје на река Вардар, Одделение за управување со сливното подрачје на реката Црн Дрим и Одделение за управување со сливното подрачје на река Струмица.

Со делумна поддршка на Република Словенија, изработена е Националната стратегија за води.За стратегијата се изработи и Извештај за стратегиска оцена и се одржаа три јавни расправи и тоа за невладиниот сектор, за економскиот сектор и за научните установи.

Заврши Проектот „Имплементација на Законот за води“ што се спроведуваше со средства од Германската техничка помош (ГТЗ). Во рамките на проектот беа одржани повеќе работилници и работни мисии од страна на странски експерти со цел спроведување на обука и пренесување на знаења во делот на имплементација на Законот за води на државните службеници.

Беше изработена техничка документација во рамките на проектот “Изградба на каскадни прегради на реката Вардар” кој беше продолжение на проектот хидролошки режим на река Вардар за коритото на реката низ Скопската котлина .

Во 2011 година продолжија активностите за проектот за „Изградба на пречистителна станица Прилеп за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа - Прилеп“, финансиран од ЕУ Програмата ИПА – Компонента 3 и беше потпишан договор за реализација на проектот. Во 2011 година продолжи Проектот за изградба на пречистителна станица за отпадни води во Волково, општина Ѓорче Петров – Скопје при што се реализираа околу 80% од градежните работи. Исто така започната е и изградбата на пречистителна станица во општина Сарај за населените места Глумово и Шишево.

Во првата половина од 2011 година е потпишан договор за реализација на проектот: “Проектирање и изградба на филтерска станица на системот за водоснабдување во Гостивар” помеѓу МЖСПП, општина Гостивар и ЈКП „Комуналец” Гостивар, кој е краен корисник на инвестициониот проект. На овој начин ќе се реши проблемот со обезбедување на квалитетна вода за пиење за околу 65.000 жители.

До Европската агенција за животна средина (ЕЕА) испратени се годишни податоци за квалитет на реките, езерата и подземните води во Република Македонија и податоци за количина и користењето на водите и квалитетот на отпадните води.

Во рамките на проектот „Интегрирано управување со еко системот во сливот на Преспанско Езеро во Албанија, Македонија и Грција“, поддржан од ГЕФ и УНДП, во овој период се финализираше Планот за управување со сливот Преспанското езеро, за што се извршија студиозни испитувања и мониторинг на водите во Преспанското езеро и водите кои се сливаат во истото. Воедно се изработи и Извештај за стратегиската оцена на планот.

И во текот на изминатава година продолжи да се реализира Проектот за имплементација на Директивата за поплави- Пилот проект, при што беа направени анализи со поплавите во регионот на општина Радовиш., во рамките на кој ќе биде изработен План за управување со поплавите во регионот на општина Радовиш.

Во 2011 заврши проектот „Сигурност во снабдувањето со вода во Македонија преку зајакнување на Водостопанствата”. Проектот беше подржан од Светска Банка, а имплементацијата на истиот е од страна на МЖСПП, МЗШВ, МЛ и СБ. Целта на проектот е да се помогне на Република Македонија да постигне долгорочна сигурност во секторот водостопанство, во ситуација на потреба од итен развој, зголемување на побарувачката на вода, климатски промени и изразени ограничувања на приватното и јавно финансирање.

Пречистителната станица на отпадни води кои се загадени со шестовалентен хром во Силмак, Јегуновце продолжи со својата работа и во 2011 година, со подршка на МЖСПП.

Во текот на 2011 се продолжи со Проектот „Развој на националниот тарифен систем за снабдување, одведување и третман на отпадните водите” од Компонента 3 мерка 4.3 ИПА. Беше распишан меѓународен тендер кој е во фаза на избор на компанија која ќе го спроведува проектот.

На 18.04.2011 година во Охрид се одржа Регионална министерска конференцијата насловена “Интегрираното управување со речните сливови-платформа за размена на искуства”. На Конференцијата присуствуваа министри и високи претставници на поголем број на земји од регионот. На конференцијата беа усвоени две заеднички декларации: Заедничка декларација за интегрирано управување со речни сливови, како и Декларацијата за управување со поширокиот слив на реката Дрим. Усвојувањето на декларациите ја покажува подготвеноста на земјите од регионот за заедничка соработка со цел одржливо и интегрирано управување со водните ресурси, како и потребата на регионот од засилено финансирање за спроведување на обврските кои произлегуваат од меѓународните и регионалните договори, како и законодавството на ЕУ.

На 25.11.2011 година во Тирана се потпиша Меморандум за заедничко управување со Дримскиот басен меѓу Македонија, Албанија, Косово, Црна Гора и Грција. Меморандумот е резултат на неколку годишната соработка на петте држави околу Дримскиот слив што ги опфаќа Охридското, Преспанското и Скадарското Езеро и сливот на реката Дрим. Договорот има за цел да обезбеди рамка за соработка на државите за заедничко управување со сливот на реката Црн Дрим, реализација на проекти, како и подобра координација на меѓусебните активности.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се продолжи со донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од Законот за водите со кои ќе се обезбеди понатамошно усогласување со релевантните ЕУ правни акти во областа на водите. Имено во текот на 2012 година ќе се донесат подзаконските акти со кои ќе се уредат условите, начинот и постапката за определување на заштитните зони за вода наменета за консумирање од страна на човекот кои ќе бидат прикажани на картографскиот приказ, како и критериуми, цели за квалитетот на водата за капење, како и уредување на формата и содржината на регистарот на заштитните зони на водни тела наменети за консумирање од страна на човекот, ќе се определи формата и содржината на регистарот на заштитни зони кои се чувствителни на нитрати. Исто така ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се уредат посебните услови за индиректно и директно испуштање на отпадните води, ќе се пропишат критериумите за определување на зоните чувствителни на нитрати, како и критериуми за утврдување на зони чувствителни на испуштање на урбани отпадни води, како и начинот на означување и на користење на зоните за капење. Со правилниците ќе се регулираат методологијата и референтните методи, условите, начинот и постапката на мониторинг како и параметри на квалитет за вода за капење, ќе се регулира начинот на информирање на јавноста за квалитетот на вода за капење, начинот и постапка за пренос на податоците од мониторингот за квалитетот на водата капење и консумирање од страна на човекот ќе се утврди методологијата и начинот на определување на референтите мерни методи и параметри и мониторинг на квалитетот и квантитетот на водните тела прогласени за чувствителни зони во однос на испуштените урбани отпадни води, како и на водни тела кои се подрачја заштитени како природно наследство. Со подзаконските акти ќе се транспонираат барањата на Рамковната директива за води 2000/60/ЕЗ, Директивата за одведување и третман на отпадни води – 1991/271/ЕЗ, Директива за заштита на водите од загадување предизвикано од нитратите од земјоделски извори – 1991/676/ЕЗ и Директивата за квалитет на водата за капење – 1976/160/ЕЗ.

Ќе се донесе Уредбата за определувањето на границите на подрачјата на речните која директно не транспонира ЕУ мерка ,но е значајна за спроведување на Законот за водите.

Ќе започнат активности со цел обезбедување на средства за изработка на Планови за управување со речните сливови во Република Македонија за Планот за управување со речен слив на реката Вардар, План за управување со речен слив на реката Црн Дрим, План за управување со речен слив на реката Струмица.

Во рамките на проектот „Интегрирано управување со еко системот во сливот на Преспанско Езеро во Албанија, Македонија и Грција“, поддржан од ГЕФ и УНДП, во овој период ќе се донесе Планот за управување со басенот на Преспанско езеро.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во 2012 година ќе се формираат Советите на управување со речните сливови во Република Македонија. Во однос на интегрираното управување со еко системот во сливот на Преспанското Езеро, ќе се продолжи со активностите за изведбата на пречистителни станици и намалување на загадувањето на Езерото и неговите притоки.

Во рамки на проектот Изградба на колекторски системи и пречистителни станици Ѓорче Петров и Сарај, ќе заврши изградбата на пречистителна станица за отпадни води во населеното место Волково, општина Ѓорче Петров и општините Сарај (Грчец, Глумово, Шишево, Долна Матка, Горна Матка, Крушопек и Лаки).

Ќе се продолжи и реализацијата на Проектот “Изградба на каскадни прегради на река Вардар”,со изградбата на каскадните прегради.

Исто така ќе продолжат активности од Проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на законодавство во областа на управување со водите – ИПА 2009 компонента 1. Со Проектот е планирано изработка на Планови за управување со речниот слив, како и изработка на пилот план за речен слив што е притока на речниот басен на реката Вардар (сливното подрачје на реката Треска). Со овој проект се предвидува и воспоставување на регистар за заштитени подрачја за речниот слив на реката Вардар. Ќе се изврши надградба и воспоставување на нови пиезометри со цел функционирање на мониторинг мрежата на подземните води, како и надградба и одржување на мрежата за мониторинг на реките.

И во 2012 година ќе продолжат да се реконструираат и да градат пречистителни станици и други објекти финансирани со буџетот на МЖСПП и МТВ. Ќе се преземат активности со цел изработка на техничка документација за системи за третман на отпадни води за неколку подрачја, финансиски и економски анализи, студии за ОВЖС и главни проекти. Ќе продолжат активностите за доизградбата на водоснабдителен систем Желино и изградба на пречистителна станица во Гевгелија.

Во овој период ќе се донесе Планот за управување со поплавите во регионот на општина Радовиш во рамките на проектот “Имплементација на Директивата за поплави” со поддршка на Владата на Белгија.

Ќе се продолжи со континуирано годишно доставување на обработени податоци за квалитет на водите во Република Македонија до ЕЕА.

Во овој период ќе започне изградбта на пречистителната станица за Прилеп што се спроведува во рамките на проектот „Изградба на пречистителна станица Прилеп за отпадни води и реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа-Прилеп“, финансиран од ЕУ Програмата ИПА – Компонента 3.

Ќе се изработи студија за ОВЖС за „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води во Струмица” и ќе се отпочне со подготвката на Идеен проект за Пречистителната станица.

Во овој период ќе започнат активностите предвидени со Проектот за управување со речниот слив Брегалница финансиски подржан од Швајцарската Влада.

Воедно ќе започне реализацијата на „Проектот за развој на националниот тарифен систем за снабдување, одведување и третман на водите".

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период е планирано да продолжи подготовка на подзаконски акти со кои ќе бидат транспонирани барањата на ЕУ Рамковната Директива за води 2000/60/ЕЗ и на другите релевантни директиви и ќе се спроведат обуки кои ќе бидат насочени кон подигнување на капацитетите на администрација за имплементирање на Законот за водите.

Планирано е да продолжи подготовка на подзаконски акти,ќе се донесе Програма на мерки за постигнување на целите за животната средина и ќе се воспостави регистар за заштитни подрачја за речниот слив на реката Вардар. Исто така ќе се утврдат карактеристиките и критериумите за определување на добрата состојба на површински води, хемиската состојба, еколошкиот потенцијал на водата и на површинските води, вклучувајќи ги условите за определување на вештачките и силно изменетите површински водни тела како и рокот за постигнување на добрата состојба на површинската вода. Ќе се утврдат критериумите и карактеристиките на добрата квантитативна и хемиска состојба на подземните води, како и потребните мерки за спречување и ограничување да се постигне добрата состојба на подземните води. Ќе се дефинира класификацијата и категоризацијата на водите, како и рокот за постигнување на целите на квалитетот на водите и минимум стандардите за квалитетот на води, ќе се уредат условите со кои се дозволува отстапување од целите за квалитет на водната животна средина.

Во овој период се планира да започне ревизијата на Водостопанската Основа на Република Македонија, како и да се изработат Планови за управување со речните сливови во Република Македонија за некои подсливови и тоа План за управување со речен слив на реката Црн Дрим и План за управување со речен слив на реката Струмица и ќе биде подготвен во финална фаза Планот за управување со речен слив на реката Вардар, а ќе се донесе и Планот за управување со сливот на реката Брегалница.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период се планира да се започне со Изработка на Физибилити студија со Национален план за управување со милта од станиците за пречистување на отпадни води како и Студија за дефинирање на чувствителни зони и дефинирање на агломерации согласно барањата на Директивата за третман на урбаните отпадни води.

Исто така ќе завршат активности од Проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на законодавство во областа на управување со водите – ИПА 2009 компонента 1. Со овој проект ќе се воспостави на регистар за заштитени подрачја за речниот слив на реката Вардар. Ќе се изврши надградба и воспоставување на нови пиезометри со цел функционирање на мониторинг мрежата на подземните води како и ќе се заврши надградба и одржување на мрежата за мониторинг на реките.

Континуирано ќе продолжат да се реконструираат и да градат пречистителни станици и други објекти финансирани со буџетот на МЖСПП, како и ќе се изработуваат соодветни технички документации. Ќе се изврши заштита на бунарското подрачје Нерези – Лепенец. Воедно ќе заврши Проектот "Изградба на каскадни прегради на река Вардар".

Во рамките на „Проектот за развој на националниот тарифен систем за снабдување, одведување и третман на водите" ќе се изработи Националниот тарифен систем за води во Македонија и ќе се воспостават услови за формирање на Регулаторно тело за комунални работи.

Ќе се изгради пречистителна станица во Прилеп за отпадни води и ќе се изврши реконструкција и надградба на дел од канализациона мрежа - Прилеп ,финансирана од Програмата ИПА – Компонента 3.

Ќе завршат активностите за доизградба на водоснабдителениот систем Желино и изградба на пречистителна станица во Гевгелија, како и активностите во рамки на Проектот „Изградба на Пречистителна станица за отпадни води во Струмица".

Во овој период се планира да заврши втората и третата фаза на проектот за изградба на Хидросистемот Злетовица.

Исто така ќе се заокружат активностите кои се предвидени со Проектот „Зајакнување на институционалните капацитети за апроксимација и имплементација на законодавство во областа на управување со водите – ИПА 2009 компонента 1.

### 3.27.5 **ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА**

#### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2011 година се донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на природата ("Службен весник на Република Македонија бр.47/11) со кој се изврши понатамошна транспозиција на ЕУ мерките: 32009L0147 и 31992L043 и се обезбедија услови за негово подобро спроведување. Предложените измени и дополнувања на законот се однесуваат на клучните аспекти од материјата која ја регулира овој закон, вклучувајќи го воспоставувањето и спроведувањето на систем на мерки и активности за заштита на дивите видови, нивните живеалишта и екосистемите. Со предложените измени и дополнувања на законот се појаснува правната рамка за утврдување на еколошки значајни подрачја на Европската Унија - Натура 2000, направен е напор да се овозможи поефикасно управување со заштитените подрачја и одржливо користење на природното богатство во интерес на сегашниот и идниот развој на Република Македонија. Со предложените измени и дополнувања на законот се воведуваат повеќе разновидни финансиски инструменти со цел да се обезбеди одржливо финансирање на заштитените подрачја.

Согласно Законот за заштита на природата донесени се Законот за прогласување на дел од Галичица за заштитено подрачје во категоријата Национален парк (Службен весник на Република Македонија бр.171/10), Законот за прогласување на пештерата Слатински Извор за споменик на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/11), Законот за прогласување на Преспанско Езеро за споменик на природата и Законот за прогласување на Дојранско Езеро за споменик на природата ("Службен весник на Република Македонија" бр.51/11).

Согласно овој закон одржани се јавни расправи во врска со предлогот за прогласување на локалитетот Езерани за заштитено подрачје во категоријата парк на природата (општина Ресен, 21.02.2011), предлогот за прогласување на локалитетот Моноспитовско Блато за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата (општина Босилово, 21.03.2011, 2011) и предлогот за повторно прогласување на Вевчански Извори за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата (општина Вевчани, 01.12.2012)

Владата на Република Македонија ја донесе Одлуката за прифатливоста на предлогот за повторно прогласување на Вевчански Извори за заштитено подрачје во категоријата споменик на природата (бр.51-6501/1 од 8.11.2011).

Во 2011 година е донесен подзаконскиот акт за Листи за утврдување на строго заштитени и заштитени диви видови ("Службен весник на Република Македонија" бр.139/11) со кој се транспонираа ЕУ мерките: 32009L0147 и 31992L043.

Подзаконскиот акт за Листи на засегнати и заштитени диви видови животни, растенија и габи и нивни делови чиј промет е регулиран со меѓународен договор, законодавството на Европската унија и национално законодавство со кој се транспонира ЕУ мерката 31997R0338 е во фаза на донесување.

Согласно Законот за заштита на природата, Уредбата за начинот на постапување при промет со засегнати и заштитени диви видови растенија, габи животни и нивни делови од страна на царинските

органи, другите надлежни органи и служби на граничните премини и научните и стручните установи, како и на овластени депозитари на конфискуваните примероци при недозволен промет, Правилникот за содржината на студијата за валоризација или ревалоризација на заштитено подрачје и Правилникот за содржината на плановите за управување со заштитените подрачја и годишните програми за заштита на природата исто така се во фаза на донесување.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Заврши проектот на УНДП/ГЕФ/МЖСПП за зајакнување на еколошката, институционалната и финансиската одржливост на системот на заштитени подрачја во Македонија. Во рамките на овој проект извршена е валоризација на природните вредности на повеќенаменското подрачје Јасен и планината Беласица. Изготвени се планот за управување со повеќенаменското подрачје Јасен и планот за управување со спомениците на природата Колешински и Смоларски Водопад.

Беа спроведени 5 приоритени обуки и тоа за: регулативата, нормативни и институционални аспекти на валоризацијата, прогласувањето, планирањето и управувањето за заштитени подрачја; основите на истражување на биолошката разновидност, вештини за мониторинг и управување со заштита на природата во заштитените подрачја; комуникација, подигање на свеста и односи со јавноста; финансирањето, донации и влијание врз локалниот економски развој со акцент на туризмот и основна обука за ГИС. Обуките беа спроведени во првиот квартал на 2011 година во 4 центри: Скопје, Битола, Штип и Струмица со учество на претставници од Секторот за природа, 85 единици на локалната самоуправа, управувачи на заштитени подрачја, невладини организации и други заинтересирани страни.

Во рамките на проектот во МЖСПП беше подготвена, инсталирана и успешно тестирана софтверска апликација на централната база на податоци на Националниот информативен систем за биолошка разновидност (НИСБ) со Веб пристап на клиенти. Централната база на НИСБ беше пополнета со достапни и научно верификувани податоци за видовите и нивните живеалишта во државата вклучувајќи податоци за заштитените подрачја и подрачјата предложени за заштита. Исто така, во рамките на проектот подготвен е предлог на репрезентативна Национална мрежа на заштитени подрачја и подрачја предложени за заштита, како основа за воспоставување на системот на заштитени подрачја и подрачја предложени за заштита.

Во националните паркови беа спроведени активности со цел унапредување на управувањето со природните вредности и создавање услови за развој на еко-туризам.

Заврши проектот: „Поддршка на Националниот парк Галичица", кој беше поддржан од KfW Банката и преку кој беа уредени неколку пешачки патеки, видиковци и се уреди и отвори центарот за посетители во с.Стење на преспанска страна. Јавната установа Национален парк Галичица го донесе Планот за управување со НП Галичица.

Заврши проектот: „Заштита на животната средина, економски развој и промоција на одржлив еко-туризам во НП Маврово" во кој врз основа на тематски експертски извештаи, изготвена е Студија за ревалоризација на заштитеното подрачје Маврово. Исто така, изготвен е Каталог (Листа) на видови кои се регистрирани на територијата на заштитеното подрачје Маврово како интегрален дел на студијата. Во насока на развој на еко-туризмот и привлекување на посетители во паркот беа отворени пешачки патеки на подрачјето на НП Маврово.

Заврши проектот: „Развој на Национална еколошка мрежа во Република Македонија (МАК-НЕН)“ преку кој беа изготвени предлогот на Националната еколошка мрежа во Република Македонија и Планот за управување со коридорите на кафеавата мечка.

Изготвен е проектен документ од ИПА проект (ТАИБ 2009) - Зајакнување на административните капацитети за заштита и мониторинг на биодиверзитетот и природното наследство.

Во текот на 2011 година беа одржани обуки, работилници и семинари преку кои беа зајакнати капацитетите на Секторот за природа при МЖСПП, националните паркови, општините, други субјекти за управување со заштитените подрачја и невладините организации.

Во рамки на проектот „Регионална мрежа за животна средина за пристапување кон ЕУ" (RENA) претставници од Секторот за природа учествуваа на три тренинг обуки во заштитени подрачја во Хрватска, Македонија и Србија. Обуките се однесуваа на прашања поврзани со изготвување и имплементација на планови за управување со заштитени подрачја, управување со природата и зајакнување на локалната економија во прекугранични подрачја и комуникациски стратегии со засегнати страни.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на природата,ќе се донесат Закони за прогласување на локалитетите: Кањон Матка, Вевчански Извори и Моноспитовско блато за споменици на природата, Езерани на Преспанското Езеро за парк на природата и Маврово за национален парк .
Согласно Законот за заштита на природата ќе се донесе подзаконски акт за водење на евиденција за заштита на природата.

Ќе се започне со изработка на Национална стратегија за заштита на природата со Акционен план, чија цел ќе биде да се заштити и зачува природата на Република Македонија во изворна состојба и да се обезбеди нејзина одржлива употреба, спроведувајќи ги при тоа принципите и механизмите на одржлив развој.

Ќе се изготви Втор Акционен план за заштита на биолошката разновидност заради спроведување на мерките и активностите кои произлегуваат од Стратегијата за заштита на биолошката разновидност и Конвенцијата за биолошка разновидност.

Ќе се започне со ревизија на Националната Стратегија за биолошка разновидност со Акционен План, согласно препораките на Конвенцијата за биолошка разновидност.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во 2012 година ќе се зајакнат капацитетите на МЖСПП_УЖС, Јавните установи национален парк Пелистер, Маврово и Галичица и на останатите субјекти за управување со заштитени подрачја преку одржување обуки и работилници. Секторот за природа при УЖС ќе се зајакне со нови вработувања.
Заради унапредување на управувањето со системот на заштитени подрачја во Република Македонија ќе се определат субјекти за управување со прогласените заштитени подрачја.

Во рамките на проектот: Интегрирано управување со екосистемот во сливот на Преспанското Езеро во Албанија, Македонија и Грција ќе се изготви Планот за управување со паркот на природата Езерани на Преспанското Езеро. Исто така, ќе биде изготвен План за управување со НП Маврово за период 2012-2021 година.

Ќе се започне со имплементација на ИПА проект (ТАИБ 2009) - Зајакнување на административните капацитети за заштита и мониторинг на биодиверзитетот и природното наследство.

Во рамките на проектот: „Регионална мрежа за животна средина за пристапување кон ЕУ" (RENA) ќе се одржат обуки за оценка на влијанијата врз природата, изготвување на предлог проекти за природа за нивно аплицирање до потенцијални донатори и за мониторинг на природата во заштитени подрачја.

Ќе се одржи обука за спроведување на ЕУ мерките од областа на заштитата на природата.

Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, останатите засегнати страни (фармери, сопствениците на земјиште, ловци и риболовци), невладин сектор вклучен во заштита на природата, преку организирање на состаноци и обуки.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во предвидениот период 2013-2014 година согласно обврските кои произлегуваат од Законот за заштита на природата ќе се изготват закони за прогласување на Осоговски Планини, Шар Планина, Тиквеш, Јасен, Охридско Езеро, Водно, Колешински Водопад, Катлановско Блато, Белчишко Блато, Гази Баба и Јабланица за заштитени подрачја.

Во предвидениот период ќе се донесат подзаконски акти во кои ќе се транспонираат релевантните ЕУ мерки од оваа област. Ќе се утврди Националната еколошка мрежа во чиј состав влегуваат еколошки значајните подрачја, системот на еколошките коридори, системот на заштитени подрачја и предложени подрачја за заштита и еколошки значајните подрачја за ЕУ-Натура 2000 при што ќе се транспонираат ЕУ мерките 32009L0147; 31992L0043 и 31997D0266. Во овој период ќе се донесат 3 подзаконски акти со кои ќе се утврдат типовите живеалишта, степенот на нивната загрозеност и значајност, означувањето на карта, како и мерките за зачувување на типовите живеалишта, во кои ќе се транспонираат ЕУ мерките: 32009L0147 и 31992L0043. Ќе се утврди методологија за мониторинг на состојбата со природата, при што ќе се транспонираат ЕУ мерките 32009L0147 и 31992L0043.

Ќе се изготви Националната Стратегија за заштита на природата со Акционен план согласно Законот за заштита на природата а ќе се изготви ревидирана Национална Стратегијата за биолошка разновидност со Акционен План.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се подобрат капацитетите на Секторот за природа преку вработување на нов стручен кадар. Заради унапредување на управувањето со системот на заштитени подрачја во Република Македонија ќе се определат субјекти за управување со прогласените заштитени подрачја и ќе се зајакнат нивните капацитети преку спроведување на обуки и едукации.

Ќе се спроведат обуки за подигнување на јавната свест за значењето на еколошката мрежа Натура 2000, за управување со податоци за биодиверзитет и спроведување мониторинг на природата.

Во рамките на проектот ИПА проект (ТАИБ 2009) - Зајакнување на административните капацитети за заштита и мониторинг на биодиверзитетот и природното наследство,ќе се изготви методологија за мониторинг на природата и ќе се зајакнат институционалните капацитети за начините на собирање, анализа и оценка на податоците за биодиверзитет и воспоставување на мониторинг систем за управување со податоците за биодиверзитет во две пилот подрачја (Белчишко Блато и подрачјето од долниот тек на реките Тополка и Бабуна.

Во рамки на ИПА проект (ТАИБ 2011) ќе се започне со идентификација на типовите живеалишта и на дивите видови од европско значење, согласно Директивата за хабитати (31992L0043) заради изготвување на Листа со предложени подрачја од интерес на ЕУ, како и со идентификација на посебно заштитените области, согласно Директивата за дивите птици 32009L0147.

Ќе се зајакне соработката на МЖСПП со субјектите за управување со заштитените подрачја, локалните власти, инспекциските служби, научните и стручни институции, невладин сектор и останатите засегнати страни (фармери, сопствениците на земјиште, ловци и риболовци), инволвирани во заштита на природата преку организирање на состаноци и обуки.

## 3.27.6 **КОНТРОЛА НА ИНДУСТРИСКОТО ЗАГАДУВАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

**ПРАВНА РАМКА**

Во делот на спречување и контрола на хавариите со присуство на опасни супстанции, се донесе Правилник за содржината на информациите за мерките за безбедност, како и начинот на постапувањето на лицата на кои би влијаела хаваријата предизвикана од системот („Службен весник на Република Македонија " бр. 22/2011), со што се транспонира Анекс V од ЕУ мерката 31996L0082.

Согласно временскиот распоред за поднесување на барање за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, во текот на 2011 година во МЖСПП се доставени вкупно 3 нови барања за добивање А дозвола за усогласување со оперативен план и 1 барање за добивање Б дозвола за усогласување со оперативен план, со што вкупната бројка на доставени барања изнесува 120. Со ова повеќе од 96 % од инсталациите имаат поднесено барања за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план. Во 2011 се издадени 9 А - дозволи за усогласување со оперативен план, 1А – интегрирана еколошка дозвола и 2 измени на дозвола и 1 Б дозвола за усогласување со оперативен план.

Воедно, изготвени се 3 Нацрт А - интегрирани еколошки дозволи односно дозволи за усогласување со оперативен план, а во фаза на разгледување се 23 барања за добивање интегрирана еколошка дозвола. Дозволите за усогласување со оперативен план ја утврдуваат динамиката за постигнување на стандардите со цел добивање на интегрирана еколошка дозвола. Со цел изготвување на база на издадени дозволи, се води регистар на издадени А и Б интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план.

И во текот на 2011 работеше Научно-техничка комисија за најдобрите достапни техники составена од истакнати експерти во областа на техниката, економијата и животната средина.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел интензивирање на изработката на интегрираните еколошки дозволи започнаа три проекти.

Во соработка со Норск Енерги од Норвешка се реализира Проектот „Зајакнување на капацитетите од областа на интегрирано спречување и контрола на загадувањето и управувањето со опасен отпад". Во текот на 2011 преку проектот се обезбеди помош при изготвување на дозволите за усогласување на оперативен план од секторот енергетика и преработка на метали. Во рамките на проектот изготвена е Нарт А - Дозволата за усогласување со оперативен план за Рафинерија на нафта ОКТА, се работеше на изготвување на Нацрт А – дозволата за Скопски легури АД Скопје и разгледувањето на барањето за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план за РЕК Битола. Во рамките на овој проект се одржани неколку работилници и се извршени увиди во инсталациите кои се опфатени со овој проект.

Во соработка со ГИЗ се реализираше Проектот „Интеграција на технички ЕУ стандарди во областа на животната средина". Проектот се однесува на давање помош при изготвување на дозволите од секторот хемиска индустрија, други дејности и управување со отпад. Со овој проект се работеше на изготвување на дозволата за Зорка колор ДООЕЛ Скопје (претходно Алкалоид) Бои и Премази, ЈП Депонија Дрисла - Скопје, Печатница Киро Дандаро – Битола. Како дел од активностите од проектот реализирана е студиска посета во Франкфурт Германија на која учествуваа 15 лица од МЖСПП и беа посетени слични инсталации со тие кои се дел од проектот.

Подготвен е извештај за институционалната и правна рамка во делот на управување со хаварии со присуство на опасни супстанции. Имено, подготвен е и дистрибуиран прашалник за идентификација на опасни активности со цел олеснување на обврската за известување од страна на операторите која произлегува од Законот за животна средина. Пристигнати се 32 пополнети прашалници за идентификација на опасни активности од операторите. Се врши постојана евалуација на прашалниците и внесување на податоците во прелиминарниот регистар на систем со присуство на опасни супстанции.

Претставници од Управата за животна средина/Одделение за хемикалии и индустриски несреќи, Државниот инспекторат за животна средина, Дирекција за заштита и спасување/Генерален инспекторат, Министерство за труд и социјална политика/Државен трудов инспекторат учествуваа на Регионалната

обука за евалуација на извештајот за мерките за безбедност - Фаза 2. Обуката им овозможи на македонските учесници директно да учествуваат во евалуација на конкретен извештај за мерките за безбедност и тоа со користење на листа на проверка. Исто така, во практичниот дел на обуката беше организирана инспекција на лице-место на инсталацијата реферирана во извештајот.

## *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 ќе се изготват односно ревидираат Националните референтни документи (упаства) за Најдобри достапни техники за преработка на феро и обоени метали, производство на челик и за мониторинг.
Континуирано ќе продолжи разгледувањето на добиените барања за добивање интегрирана еколошка дозвола и дозвола за усогласување со оперативен план. Дозволите ќе се издаваат согласно постапката за добивање на интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план при што ќе се овозможи учество на јавноста согласно Законот за животна средина.

Ќе се донесе Измената на Уредбата за висината на надоместокот кој го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за кои се издава дозвола за усогласување со оперативен план.

Во областа на спречувањето и контролата на хавариите со присуство на опасни супстанции, ќе направат измени и дополни на Законот за животна средина со цел да се обезбеди транспозиција на Севесо II Директивата и ќе се донесат Правилник за содржината на извештајот за мерките за безбедност, со што ќе се транспонира Анекс II на SEVESO II Директивата (31996L0082 и 32003L0105), Правилник за содржината на политиката за спречување од хаварии, со што ќе се транспонира член 7 и Анекс III на SEVESO II Директивата (31996L0082 и 32003L0105) и Правилник за содржината и формата на Регистарот на системи со присуство на опасни супстанции, со што се транспонира Анекс VI на ЕУ мерката 32003L0105)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во делот за интегрирано спречување и контрола на загадувањето ќе се спроведе обука за третман на отпадни води од производство на вино, производство на млеко, производство на пиво и безалкохолни пијалоци и третман на отпадна вода од кланици, која ќе се подржи преку TAIEX.
Во делот на индустриски несреќи ќе се одржи TAIEX работилница за подготовка на извештај на мерките безбедност. Врз основа на извештајот за институционалната и правната рамка во управувањето со хаварии со присуство на опасни супстанции, во 2012 година ќе се подготви Акционен план за спречување н контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции.

Ќе започнат активности за воведување на еколошко означување за туристички капацитети, како и за означување на други производи и услуги.

## *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се направи анализа на промените во ЕУ законодавството поврзано со интегрираното спречување и контрола на загадувањето, со цел негово транспонирање во законодавството на Република Македонија. Согласно новата директива на ЕУ за емисии од индустријата 2010/75/ЕУ ќе се донесе Закон за спречување и контрола на индустриското загадување.

Воедно ќе се изготват односно ќе се ревидираат Националните референтни документи (упаства) за Најдобри достапни техники за третман на отпадни води и гасови, за интензивно одгледување на живина, цементен клинкер и керамика.
До крајот на 2013 год предвидено е воведување на еколошко означување на најмалку 10 капацитети за туристичко сместување и воведување на најмалку 10 еколошко означени производи и услуги.

Во областа на еколошко етикетирање ќе се врши промоција на еколошко означување во Република Македонија. Ќе се донесе Правилник за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за цврсти подни облоги, при што ќе се транспонира ЕУ мерката 32009D0607 и Правилник за критериумите коишто треба да се исполнат за добивање на еколошка ознака за услуги на туристички кампови, при што ќе се транспонира ЕУ мерката 32009D0578.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во областа на интегрирана спречување и контрола на загадувањето ќе се реализираат активности за зајакнување на капацитетите на единиците на локалната самоуправа во областа на индустриско спречување и контрола на загадување. Ќе се спроведат обуки за спроведување на постапката за издавање на интегрирани еколошки дозволи и управување со индустриски несреќи. Континуирано ќе се реализира постапката за издавање дозволи за усогласување со оперативен план, која ќе треба да се заокружи во овој период.

Ќе се зајакне Одделението за стандарди со цел обезбедување на услови за промовирање и имплементирање на еколошкото означување, како и промовирање на ISO стандардите и другите ЕУ стандарди, преку нови вработувања и спроведување на обуки.

Како континуирана активност на МЖСПП ќе се спроведува редовно ажурирање на Регистарот на системите со присуство на опасни супстанции (согласно барањата на ЕУ мерката 31996L0082).

Заради олеснување на изработката на извештајот за мерки за безбедност, планирано е дефинирање на методологија за изработка на Извештај за мерките за безбедност. Во методологијата ќе биде вградени и принципите на подготовка на политиката за спречување од хаварии и системот за безбедно управување. Евалуацијата на извештајот за мерки за безбедност ќе биде поддржана со прашалник за евалуација на извештај за мерки за безбедност.

## 3.27.7 **ХЕМИКАЛИИ**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**ПРАВНА РАМКА**

Со донесувањето на новиот Закон за хемикалии се даде придонес кон намалување на негативниот ефект од употреба на хемикалии врз здравјето на луѓето и животната средина, воспоставување на слободен проток на стоки со цел да се зголеми заштитата од хемикалии и постигнување одржлив развој во Република Македонија, преку воспоставување на соодветен систем за пласман и користење на хемикалии во однос на опасноста и ризикот кој истите го носат и соодветни институционални капацитети и создавање на административни алатки.

Во март 2011 беше формирано Биро за помош, кое обезбедува препораки до производителите, увозниците, дистрибутерите, крајните корисници и другите засегнати страни на нивните обврски и одговорности кои произлегуваат од новиот Закон за хемикалии .

Со цел подигање на јавната свест на населението , особено за обврските на индустрискиот сектор во делот на REACH кои произлегуваат од новиот закон за хемикалии, беа подготвени брошури и истите се објавени на интернет страната www.hemikalii.com.mk.

На истата интернет страница беа објавени и насоките за изготвување на безбедносен лист , потпишани од страна на министерот за здравство .Овие насоки ги транспонираат барањата од REACH Регулативата 1907/2006.

Во текот на 2011 година се продолжи со процесот на транспонирање на европската легислатива во националното законодавство.

Врз основа на Законот за хемикалии, беа донесени следниве подзаконски акти.

- Листата на забрани и ограничувања за употреба на хемикалии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 57/2011), која ги транспонира барањата од REACH Регулативата 1907/2006

- Листата на високоризични супстанции (кои предизвикуваат загриженост), („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/2011), која ги транспонира барањата од REACH Регулативата 1907/2006
- Правилникот за начинот на кој се врши проценка на безбедноста на хемикалиите и содржината на извештајот на безбедноста на хемикалијата. (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 82/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32006R1907
- Правилник за методите за утврдување на биоразградливоста на површинско активните супстанции во детергентите, како и референтните методи за испитување и анализа на детергентите(“Службен весник на Република Македонија” Бр. 74/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32004R0648;
- Правилникот за податоците за содржината на детергентите кои треба да бидат наведени на пакувањето, како и општите и посебни правила на означувањето на пакувањето на детергентите;
- Правилникот за листата на податоци за содржината на детергентите, (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 84/2011), која ја транспонира ЕУ мерката 32008R0689;
- Правилникот за случаите во кои се спроведува PIC постапката и содржината на барањето за спроведување на PIC постапката; (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 82/2011), кој ја транспонира ЕУ мерката 32008R0689;
- Правилникот за случаите во кои се спроведува постапката на претходно известување, случаите во кои не е потребно натамошно спроведување на постапка на претходно известување, содржината на известувањето за извоз и документите кои се доставуваат заради спроведување на постапката на претходно известување(“Службен весник на Република Македонија” Бр. 82/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32008R0689;
- Списокот на опасни хемикалии и производи чиј извоз е забранет (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 82/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32008R0689;
- Списокот на земјите-членки на Ротердамската Конвенција кои бараат информации за транзитот на хемикалии и содржината на тие информации, (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 82/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32008R0689;
- Правилник за листата на податоци за содржината на детергентите (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 84/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32004R0648
- Правилникот за методите за испитување на хемикалиите (“Службен весник на Република Македонија” Бр. 127/2011), транспонирајќи ја ЕУ мерката 32008R0440

На почетокот на октомври 2011 Владата на Република Македонија го усвои Извештајот за состојбата со хемикалиите во Република Македонија и Националниот акционен план за стратешки пристап во управување со хемикалии.
Исто така, беше усвоен и Националниот план за елиминација на хидрохлорофлуорокарбонати (HCFCs)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во ноември 2011 се формираше Интерсекторското тело за хемикалии, кое ќе обезбеди подобрување на интерсекторската соработка за спроведувањето на Законот за хемикалии и во него членуваат претставници на Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за економија, Министерството за финанасии-Царинска управа, Министерството за транспорт и врски и претставник на Здружението за хемиската индустрија.
Заради воспоставување на база на податоци на застарени залихи на хемикалии, инсталиран е специјален софтвер за базата на податоци на застарени залихи на хемикалии. Внесувањето на податоци за застарени залихи на хемикалии е континуирана активност на Министерството за животна средина и просторно планирање.
Во рамките на Проект кој е финансиран од IPA фондовите на Европа, со Европската Агенција за хемикалии , Бирото за лекови во 2011 година одржа три состаноци во врска со зајакнување на административните капацитети на засегнатите страни кои работат на проблематиката на управување со хемикалиите и тоа :еднодневен состанок на телата на Комитетот за ризикот од хемикалиите во Хелсинки;

работилница за Процена на ризикот од хемикалиите,на која присуствуваа преставници од МЖСПП, Фармацевтски факултет, Клиника за токсикологија, Националниот Центар за информирање за труење од хемикалии и Индустријата; семинар за земјите со кандидатски статус , на тема “Обврските на Земјите со кандидатски статус во делот на Авторизацијата и Евалуацијата на хемикалиите”.

Претставници од Република Македонија присуствуваа на редовните состаноци на групата за REACH и CLP (CARACAL) во Брисел, како и на 10–тиот состанок на Националните Авторитети за имплементација на Конвенцијата за забрана на хемиски оружја на државите од источна Европа, на кој присуствуваше и претставник од Република Македонија.

За информирање на сите засегнати страни за обврските кои произлегуваат од новиот Закон за хемикалии и REACH Регулативата, се организираа две еднодневни работилници, во соработка со Стопанската Комора на Република Македонија.

Во рамките на имплементацијата на Планот за елиминација на HCFC супстанции во Република

Континуирано се спроведуваат активностите за редукција и елиминација на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка каде се спроведе контрола на увозот, извозот и потрошувачката на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка во Република Македонија и се координирани сите активности за имплементација на Национален план за елиминација на HCFCs.

Македонија, подготвен е Прирачник за елиминација на HCFC ладилни средства и методологија за спроведување на обуките за елиминација на HCFC ладилни средства и се одржаа серија на работилници за добра пракса при ракувањето со разладните средства и уреди за сервисерите на ладилни уреди: Подготвителна работилница за спроведување на Планот за елиминација на HCFC во Струмица со учество 20 сервисери на разладни уреди; Во јуни 2011 година одржана е работилница за управување со разладните средства и опрема кои содржат HCFC за професорите од 11 средни стручни училишта во Република Македонија. На работилницата беа обучени 20 професора од средните стручни училишта за имплементација на програмата „Елиминација на HCFC ладилни средства“:а обука од истата област за 10 професори од СОТУ „Ѓорги Наумов„ одржана е и во Битола.

Во октомври и ноември се одржаа работилници работилница за добра пракса при ракувањето со разладните средства и уреди за сервисерите на ладилни уреди за 70 сервисери на разладни уреди
во просториите на средното училиште „Михајло Пупин“ , во просториите на сервисот за разладни уреди „Мани“ , во просториите на средното училиште „Михајло Пупин“ во Скопје.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ законодавството во областа на хемикалиите во националното законодавство со донесување на подзаконски акти кои произлегуваат од новиот Закон за хемикалии и тоа:

- Правилник за начинот на постапување со супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, со кој ќе се транспонира Регулативата (ЕЗ) 1005/2009
- Правилник за својствата на супстанцијата за која може да се употреби алтернативното хемиско име, како и содржината на барањето за употреба на алтернативното хемиско име со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32006R1907
- Измена и дополнување на Листата на забрани и ограничувања за употреба, со која ќе се транспонира ЕУ мерката 32006R1907
- Наредба за забрана на прометот на супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка во цилиндри за еднократна употреба, со кој ќе се транспонира Регулативата (ЕЗ) 1005/2009

Истовремено ќе се работи на постојано надградување и надополнување на Националната Листа на класифицирани супстанции; и Листата на активни супстанци во биоцидниот производи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во 2012 година ќе продолжи регистрацијата на сите правни и физички лица кои работат со хемикалии. За целите на размена на податоците и интегрирано управување со хемикалиите Бирото за лекови ќе продолжи да води Интегриран регистар на хемикалии кој ќе се состои од Регистар на хемикалии и Регистар на биоцидни производи. Овој Регистар ќе содржи и податоци за препаратите за заштита на растенијата.
И во овој период ќе продолжи зајакнувањето на институционалните капацитети на надлежните институции од подрачјето хемикалии преку нови вработувања во Секторот за хемикалии во Бирото за лекови и спроведување на обуки на вработените и на инспекторите одговорни за имплементацијата на одредбите од Законот за хемикалии,.

Во рамки на имплементацијата на Националниот план за елиминација на хидрохлорофлуорокарбонати (HCFCs) ќе се организира обука „Добра пракса при ракувањето со разладните средства и уреди за сервисерите на ладилни уреди" за 60 лица.

Планирано е подготовка на проект за ажурирање на Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на ПОПс. Во 2012 година се предвидува ревизија на состојбата со перзистентните органски загадувачи, посебно во однос на новите десет хемикалии класифицирани во анексите на Стокхолмската конвенција за POPs. Како континуирана активност останува координацијата на активностите на REACH Held Desk- от и негово вмрежување со веќе постоечките help desk -ови регистрирани во Европската унија и со одговорната институција на ниво на ЕУ односно Европската Агенција за хемикалии (ECHA) со седиште во Хелсинки.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период ќе продолжи транспонирањето на ЕУ acquis во националното законодавство во делот на хемикалиите врз основа на Законот за хемикалии. , при што се планираат да се донесат следните подзаконски акти:

- Правилник за начинот на постапување со перзистентните органски загадувачки супстанции, со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32004R0850
- Правилник за граничните количини на новите супстанции за кои се бараат дополнителни испитувања, видот и опфатот на испитувањата, како и методите за испитување врз основа на кои податоците добиени за иста цел од друг нотификатор можат да се користат, со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 31967L0548,
- Измена и дополнување на Листа на високоризични супстанции (кои предизвикуваат загриженост), со кој ќе се транспонира ЕУ мерката 32006R1907

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во рамките на имплементацијата на Националниот план за елиминација на хидрохлорофлуорокарбонати (HCFCs) ќе се организира обука за сервисерите на разладни уреди и на цариниците за контрола на HCFCs на граничните премини. За таа цел, ќе бидат подготовени материјали за обука на цариници за контрола на увозот на HCFC на граничните премини. Исто така, планирано е обезбедување и дистрибуција на опрема за извлекување и рециклирање на разладни флуиди.
Планирана е подготовка на проект за ажурирање на Националниот имплементационен план за редукција и елиминација на ПОПс. Во текот на 2013 година се предвидува ажурирање на акциони планови за редукција и елиминација на перзистентни органски загадувачи (ПОПс).

## 3.27.8 ГЕНЕТСКИ МОДИФИЦИРАНИ ОРГАНИЗМИ

## *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Законот за генетски модифицирани организми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/2008) во 2011 година усвоен е Правилникот за ограничено користење на генетски модифицирани организми како и информации кои се потребни да ги достави корисникот при поднесувањето на нотификација за просторот („Службен весник на Република Македонија“ бр 8/2011), во кој се транспонира ЕУ мерката 31998L0081.

Согласно чл.33 (Мониторинг и известување) од Картагенскиот Протоколот за биосигурност и Одлуката од 5 –от Состанок на Конференцијата на Страните на Конвенција за биолошка разновидност во својство на средба на Страни на Картагенскиот Протоколот за биосигурност, изготвен е Вториот национален извештај за имплементација на Картагенскиот Протоколот за биосигурност. Истиот е во фаза на доставување до Секретаријатот на Конвенцијата за биолошка разновидност .

Се донесе Уредбата за основните принципи, содржината, обемот и методологијата за процена, соодветна за карактерот на внесениот ГМО и животната средина, согласно кои се врши проценката на ризикот врз животната средина при што се транспонира ЕУ мерките 32001L0018 (Анекс II) и 32002DO623.

Врз основа на Законот за безбедност на храна („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/2010),Агенцијата за храна и ветеринарство, е надлежна за издавање на одобренија за производство на храна од ГМО. (за повеќе детали види поглавје 3.12 Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика).

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

МЖСПП како надлежен државен орган за спроведување на Картагенскиот Протоколот за биосигурност, во рамки на Конвенцијата за биолошка разновидност, покрена постапка за добивање на нов УНЕП / ГЕФ Проект “Поддршка за имплементација на Националната рамка за биосигурност на РМ.” Проектот е одобрен во март 2011година од страна на ГЕФ (Глобален фонд за животна средина).Главната цел на проектот е јакнење на националните капацитети во насока на исполнување на барањата кои произлегуваат од ратификуваниот Картагенски Протокол за биосигурност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40 /05) како и хармонизација на националното законодавство со ЕУ законодавството за биосигурност.

Во септември 2011, во рамки на истоимениот УНЕП / ГЕФ Проект се формира Управен Комитет на Проектот, како советодавно тело, одговорно за реализација на проектните активности, кој го сочинуваат претставници на надлежните институции и органи кои согласно своите надлежности го покриваат подрачјето генетски модифицираните организми во Република Македонија.

Во 2011 година во Љубљана, Република Словенија, претставник на Царинската Управа учествуваше на Регионалниот тренинг за централна и источна Европа за идентификација и документација за живи модифицирани организми, согласно Картагенскиот Протокол за биосигурност

Согласно Законот за ГМО, Управата за животна средина (УЖС), орган во состав на МЖСПП и Државниот инспекторат за животна средина се одговорни органи на национално ниво за ГМО во животната средина. Во рамките на УЖС се формира одделение за ГМО во Секторот за заштита на природата. Надлежности во управувањето со ГМО има и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ) во делот на постапката за пуштање на ГМО производи на пазар.

## *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Врз основа на Законот за генетски модифицирани организми, во вториот квартал на 2012 година се планира да се донесе Правилник за методологијата и елементите на проценката, параметрите, минимум

критериумите и барањата коишто треба да бидат земени предвид при вршење на процената, постапката за вршење на проценката, како и ограничувањата и мерките за безбедност, вклучително и други технички услови за секоја класа одделно доколку е неопходно за обезбедување на заштита на здравјето на луѓето и животната средина, согласно видот на организмот, средината и просториите во кои се има намера да се користи ГМО.во кој ќе се транспонираат одредби од Директивата 31998L0081

Согласно предложената динамика, ќе продолжи подготовката и донесувањето на подзаконските акти кој го уредуваат намерното ослободување на ГМО во животната средина, со кои ќе се изврши понатамошно транспонирање на ЕУ директивите 32001L0018 и 31998L0081. Имено се планира донесување на :

- Правилник за содржината на објавата за податоците за местото каде може да се изврши увид во податоците од нотификацијата
- Правилник за методологијата и елементите на проценката, параметрите, минимум критериумите и барањата коишто треба да бидат земени предвид при вршење на процената, постапката за вршење на проценката, како и ограничувањата и мерките за безбедност, вклучително и други технички услови за секоја класа одделно доколку е неопходно за обезбедување на заштита на здравјето на луѓето и животната средина, согласно видот на организмот, средината и просториите во кои се има намера да се користи ГМО
- Уредба за информациите и податоците што се доставуваат во прилог на нотификацијата за извоз на ГМО и ГМО производ .

Неопходната поддршка од вклучување на меѓународни експерти во областа ГМО при изготвување и донесување на подзаконски акти и имплементација на Законот за ГМО, е обезбедена како активност во 2 –та компонента на новиот УНЕП / ГЕФ Проект "Поддршка за Имплементација на националната рамка за биосигурност во Република Македонија".

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Како предуслов за ефикасно следење и управување со генетски модифицираните организми неопходно е да се зајакне новото одделение за ГМО во рамки на МЖСПП, да се вработат и обучат лица кои ќе бидат одговорни за следење на состојбата со ГМО при ограничено користење, намерно ослободување во животна средина, пуштање на пазар итн.

Во овој период, се планира да отпочнат активности во рамки на новиот УНЕП / ГЕФ Проект "Поддршка за имплементација на националната рамка за биосигурност на РМ" преку одржување на обуки наменети за зајакнување на капацитетите на институциите ,Стручните тела формирани согласно Законот за ГМО („Службен весник на Република Македонија бр 11/2010.), МАНУ и невладини организации вклучени во подрачјето генетски модифицирани организми.

Во рамки на Проектот се планира техничко опремување на УЖС со обезбедување опрема на Лабораториите за испитување на ГМО, како и изготвување на подзаконски акти.

Со работа ќе започне и Научниот комитет за ГМО, со цел разгледување на прашањата од областа на ГМО и давања на мислења и предлози.

## *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**

Во овој период ќе се обезбеди целосна транспозиција на Директивата 32001L0018 преку донесување подзаконски акти во врска со регулирањето на пуштањето на пазар производи кои содржат ГМО. Во овој период ќе се уреди начинот и постапката за учество на јавноста во издавањето на дозволите за ГМО и ГМО производ; начинот и постапката за размена на информации за настанатата несреќа, превземените мерки и нивната ефикасност и анализа на несреќата, вклучувајќи и препораки за ограничување на ефектите и избегнување на слични несреќи во иднина; ќе се определи формата и содржината на дозволата за извоз на ГМО и/или ГМО производи, и на крај ќе се уреди формата, содржината, методологијата и начинот на водење на регистарот на ГМО.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Ќе се воспостави и води Регистарот за ГМО и ќе се обезбедат услови за учество на јавноста во донесувањето на одлуки. Стручните тела, односно Комисијата за управување со ГМО и Научниот комитет за ГМО ќе продолжат редовно да се состануваат и даваат конструктивни предлози.
Ќе се реализира обука за управување со ГМО – спроведување на процедури за нотификација, во рамки на УНЕП/ГЕФ проектот "Поддршка за за имплементација на националната рамка за биосигурност Република Македонија". Воедно ќе се спроведат јавни кампањи кои ќе имаат за цел да ја подигнат јавната свест за употребата на ГМО и да ја зголемат одговорноста на правните лица кои ќе бидат вклучени во постапувањето со ГМО и ГМО производи.

## 3.27.9 **БУЧАВА**

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

**ПРАВНА РАМКА**
Во 2011 година се донесе Уредбата за агломерациите, главните патишта, главните железнички пруги и главните аеродроми за кои се подготвуваат стратешки карти за бучава, која претставува последен акт со кој се транспонира ЕУ мерката 32002L0049, која се однесува на проценување и управување со бучавата во животната средина.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Надлежен орган за подрачјето бучава во животната средина, особено за спроведување на Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 79/2007 и 124/2010) и прописите донесени врз основа на овој закон е МЖСПП и УЖС. Во Јули 2011 година во рамките на УЖС во Секторот за животна средина се формира ново Одделение за заштита од бучава во животната средина каде што се предвидени работни места со работни задачи поврзани со заштита од бучавата, изработување на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава и собирање и анализа на податоци за бучава при вршење мониторинг. Инспекциски надзор на примената на законот и прописите донесени врз основа на законот врши Државниот инспекторат за животна средина, орган во состав на МЖСПП, како и овластените инспектори за животна средина на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС). Одделни надлежности во управувањето со бучавата имаат и Државниот санитарен и здравствен инспекторат, орган во состав на Министерството за здравство во однос на контрола на бучавата од здравствен аспект, Министерството за економија во однос на контрола на бучавата која се создава од производи и ЕЛС во однос на бучавата која се создава од угостителски, занаетчиски и туристички дејности.
Во однос на мониторингот на бучава, во МЖСПП се собираат и обработуваат податоци од мерења на комуналната бучава кои ги вршат Институтот за јавно здравје и 10 Центри за јавно здравје, од кои само 3 центри (Скопје, Битола и Куманово) собираат и обработуваат податоци, како и мерењата направени од страна на централната лабораторија при МЖСПП, а кои се однесуваат на бучавата создадена од различни категории на создавачи на бучава (индустрија, аеродроми, угостителско-туристички капацитети и други активности).

Воспоставена е државната мрежа за мониторинг на бучава во животна средина со донесувањето на Одлуката за формирање на државна мрежа за мониторинг на животната средина.

Во 2011 година во МЖСПП се одвиваше проект со наслов "Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво за заштита од бучава во животната средина" Проектот беше поддржан од страна на Холандската Влада, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање. Целта на овој проект беше зајакнување на капацитетите на централно и на локално ниво за заштита од бучава во животната средина, запознавање со основни сознанија за бучавата во животната средина, вознемирувањето и здравствените ефекти, имплементирање на ЕУ Директивата за бучава во животната средина, запознавање со националната политика за бучава на Холандија, законодавството, препораки за развој на политиката за бучава во животната средина на различни административни нивоа како и обука

за подготвување на стратешки карти за бучава. Во рамките на проектот се одржаа пет работилници поврзани меѓусебе и се подготви пилот Стратешка карта на дел од Град Скопје.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Во првата половина на 2012 година ќе се донесе Правилник за поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите кои треба да ги исполнуваат постројките, опремата, инсталациите и уредите кои се употребуваат на отворен простор во поглед на емитираната бучава и стандардите за заштита од бучава, со кој ќе се транспонира Директивата 2000/14/ЕЗ, изменета со Директивата 2005/88/ЕЗ, а се однесува на емисијата на бучавата во околината од опрема што се употребува на отворено.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2012 година со нови вработувања и обуки ќе се зајакнат капацитетите на УЖС – Сектор за животна средина и Секторот Македонски информативен центар за животна средина со цел спроведување на законот и подзаконските акти. Во новоформираното одделение за заштита од бучава во животната средина во рамките на Секторот за животна средина во УЖС ќе бидат вработени најмалку 4 лица.
Истовремено, ќе се зајакнат и капацитетите на ЕЛС за управување со бучавата на локално ниво преку вработувања и спроведување на обуки кои се однесуваат првенствено за спроведување на законодавството од областа на бучавата во животната средина на локално ново. Предвидено е спроведување на обуки на вработените во ЕЛС заради подобрување на капацитетите при управување со податоци за бучавата и мониторинг на мрежата за бучава, како и обуки за ракување со инструменти за мерење на бучава.

Предвидено е спроведување на обуки на вработените во МЖСПП и ЕЛС (Град Скопје, Куманово, Битола и Тетово) кои согласно Уредбата за агломерациите, главните патишта, главните железнички пруги и главните аеродроми за кои треба да се подготвуваат стратешки карти за бучава (СЛ. Весник на РМ бр. 122/11) ќе започнат со подготвување на стратешки карти за бучава и акциони планови за бучава во текот на 2014 година.

МЖСПП аплицира за продолжување на проектот “Зајакнување на капацитетите на МЖСПП за имплементација на директивата 2002/49/ЕЗ која се однесува на проценка и управување со бучавата во животната средина, поддржан од страна на Владата на Холандија во рамките на Матра програмата Г2Г, кој се одвиваше во 2011 година. Во рамки на проектот ќе реализираат повеќе обуки за управување со бучавата и ќе се обезбеди поддршка за изработка на подзаконските акти. Активностите на проектот доколку биде одобрен, ќе бидат утврдени во првиот квартал на 2012 година.

Во рамките на предлог проектот “Зајакнување на административните капацитети на централно и локално ниво за имплементација и спроведување на ЕУ легислативата од областа на животната средина и климатските промени” (ИПА), опфатена е заштитата од бучавата во животната средина преку помош во имплементирање на ЕУ директивите од областа на бучавата и набавка на опрема за вршење мониторинг на бучава во животната средина. Предлогот е доставен до ЕК и се чека негово одобрување.

Заради спроведување на редовен мониторинг на државната мрежа за мониторинг на бучавата ќе се започне со изработка на Програма за работа на истата. Врз основа на податоците од постојните станици за мониторинг на бучавата, ќе започнат подготвителни активности на агломерациите и подрачјата за кои треба да се изработат Стратешки карти за бучава и акциони планови преку набавка на потребната опрема за мониторинг и изработување на стратешки карти за бучава и обуки за користење на опремата.

Предвидено е да се спроведат обуки на вработените во МЖСПП, ИЈЗ и центрите за јавно здравје и ЕЛС, со цел запознавање со искуствата на земјите членки на ЕУ за имплементација на ЕУ Директивата на

Европскиот парламент и Советот од 25.06.2002 година која се однесува на проценување и управување со бучавата во животната средина (32002L0049).

Во овој период ќе се реализира работилница за зајакнување на капацитетите на МЖСПП и другите институции за управување со бучавата во животната средина во рамките на TAIEX помошта, која би биле презентирани барањата на Директивата 2000/14/ЕЗ, изменета со Директивата 2005/88/ЕЗ и искуствата на државите членки на ЕУ при имплементација на истата
Во план е реализација на студиско патување за управување со бучавата во животната средина во рамките на TAIEX помошта, на која би биле презентирани барањата на Директивата 2000/14/ЕЗ, изменета со Директивата 2005/88/ЕЗ и искуствата на државите членки на ЕУ при имплементација на истата .

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период се очекува да бидат донесени подзаконските акти со кои ќе се заокружи правната рамка во подрачјето бучава и ќе се обезбеди целосно усогласување со ЕУ acquis.
Имено, со подзаконски акти ќе се утврдат поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите за заштита од бучавата предизвикана од патен, железнички, воздушен и воден сообраќај, како и поблиските видови на посебни извори на бучава со кои ќе се изврши транспонирање на следните ЕУ мерки: 31984L0372, 31989L0629 и 31998L0020. Исто така, ќе се утврдат поблиските видови на посебни извори на бучава, како и условите кои треба да ги исполнуваат уредите, средствата и апаратите за домаќинство во поглед на стандардите за заштита од бучава, со што ќе се изврши транспонирање на Директивата 32009L0125.
До крајот на 2013 година ќе започнат активности за воспоставување ГИС на податоците од бучавата во животната средина се со цел целосно спроведување на барањата од INSPIRE Директивата која обезбедува законска рамка за имплементација на Европските инфраструктурни просторни податоци и ќе биде една од главните компоненти од Европскиот информативен систем за животна средина.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период ќе започнат активности за воспоставување на Информативниот систем за состојбата на бучавата во животната средина како дел од севкупниот информативен систем за животна средина во Република Македонија, кој ќе ги опфаќа податоците добиени од мониторингот на бучавата, стратешките карти ,акционите планови и други релевантни податоци добиени со поединечни мерења на бучава.
Ќе започнат активности за воспоставување и одржување катастар на создавачи на бучава во животната средина.
Во овој период ќе започнат конкретни активности за изработка на стратешки карти и акционите планови за бучава.

## 3.27.10 **ШУМАРСТВО**

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

**ПРАВНА РАМКА**
Согласно Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ бр.64/09, 24/11 и 53/11) донесена е Програма за проширена репродукција на шумите за 2011 година („Службен весник на Република Македонија” бр.3/11). Со Програмата се обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија за финансирање на повеќе активности, како што се: пошумување на голини и ерозивни земјишта, нега на шумски култури со прореди, санирање на опожарени шумски површини и нивна вештачка обнова, обезбедување на шумски садници за приватно пошумување и заштита на шумите и шумските култури од растителни болести и штетни инсекти. Воедно, Владата на Република Македонија го усвои Извештајот за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2010 година и

Информацијата за здравствената состојба на шумите во Република Македонија за 2010 година, со предлог мерки.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во текот на месец јуни се потпишаа договори за извршување на работите по Програмата за проширена репродукција на шумите за 2011 година помеѓу МЗШВ и извршителите на работите и тоа со ЈП „Македонски шуми": Договор за пошумување на голини и ерозивни земјишта, Договор за нега на шумите со прореди и Договор за отстранување на последиците од шумски пожари и со Шумарскиот факултет - Скопје -Договор за превентивна заштита на шумите и шумските култури, а со сопствениците на приватни шуми се потпишаа 35 договори за пошумување на голини и ерозивни земјишта и 4 договор за нега на шумите со прореди.
До крајот на 2011 година се пошумија 700 ха голини и ерозивно земјиште, се изврши нега со прореди на шуми и шумски култури на површина од 420 ха, се изврши санирање на опожарени шумски површини на 98 ха и се обезбедија 100.000 садници за пошумување на земјиште во приватна сопственост.

Во периодот од 14 - 18 март 2011 година се реализираше студиска посета во Шпанија, во рамките на проектот „Зајакнување на готовноста за заштита на националните шуми од пожар" за да се види организационата поставеност и начинот на функционирање на институциите при заштитата на шумите од пожари.

Во периодот од 20-22 мај 2011 година, во Скопје, се одржаа две работилници на теми: „Партиципативна работилница за засегнати чинители во заштитата на шумите од пожари" и „Превенција и свест за шумски пожари" во рамките на проектот „Зајакнување на подготвеноста за справување со шумски пожари", во организација на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а финансирано од ФАО/ОН. Во текот на првата работилница беше промовирано националното лого за заштита на шумите од пожари (бувот Бубо) и се отпочна со националната кампања за заштита на шумите од пожари. Во ноември во рамките на истиот проект се реализираше тренинг процес на тренери за „Интегрирано управување со пожари и техники за гаснење на шумски пожари" со учество на сите заинтересирани страни.

Државениот инспекторат за шумство и ловство (МЗШВ_ДИШЛ) врши надзор над спроведувањето на законските прописи од областа на шумарството и ловството и од областа на здравјето на растенијата. ДИШЛ_МЗШВ подготви извештај за настанати шумски пожари за период од 01.01. до 31.10.2011 година и тоа: број на пожари – 340, опожарена површина - 18.041,80 ха, од која под четинари - 905,40 ха, под лисјари - 8.243,50 ха и под останато - 8.892,90 ха, опожарена дрвна маса - 30.258,80 м3, од која од четинари - 11.621,10 м3 и од лисјари - 18.631,70 м3.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ПРАВНА РАМКА**
Врз основа на Законот за шумите ќе се донесат подзаконски акти со кои ќе се уреди мониторинг над шумските екосистеми и мониторинг над шумските пожари,со кои ќе се транспонира регулативата (ЕЗ) 1737/2006/ЕЗ за имплементација на регулативата (ЕЗ) 2152/2003 за мониторинг на шумите и интеракциите со животната средина во Заедницата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период ќе се преземат активности за реализирање на нови вработувања и јакнење на капацитети врз основа на систематизацијата на МЗШВ – Секторот за шумарство и ловство и на ДИШЛ, за одржување на професионални обуки за вработените преку TAIEX, набавка на опрема (возила, теренски возила, компјутерска опрема, соодветни софтвери и сл).

Како еден од инструментите за креирање и спроведување на политиката за шумарство во Република Македонија ќе се донесе Програма за проширена репродукција на шумите за 2012 година и истата ќе се спроведува до крајот на 2012 година.

МЗШВ-Сектор шумарство и ловство на годишно ниво изработува Извештај за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за 2011 година и Информација за здравствената состојба на шумите за 2011 година, со предлог мерки.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**
Во овој период ќе продолжи имплементацијата на Законот за шумите и на подзаконски акти со кои се уредува мониторингот над шумските екосистеми и мониторингот над шумските пожари,а со кои е транспонирана регулативата (ЕЗ) 1737/2006/ЕЗ за имплементација на регулативата (ЕЗ) 2152/2003 за мониторинг на шумите и интеракциите со животната средина во Заедницата.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Со цел јакнење на капацитетите на надлежните институции се планира зголемување на бројот на човечките ресурси и обезбедување на професионални обуки за вработените.
МЗШВ-Сектор за шумарство и ловство на годишно ниво изработува Програма за проширена репродукција на шумите, Извештај за реализација на Програмата за проширена репродукција на шумите за претходната година и Информација за здравствената состојба на шумите за претходната година, со предлог мерки. Во овој период ќе се воспостави Шумарски информативен систем на Република Македонија, согласно Законот за шумите и Стратегијата за одржлив развој на шумарството во РМ.

## 3.28 **ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И ЗДРАВЈЕТО**

### 3. 28.1 **ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**
**Хармонизација на законодавство**
Во областа на заштитата на потрошувачите, во февруари 2011 година донесен е Законот за изменување и дополнување на Закон за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Македонија (РМ)" бр. 24/2011). Во Законот се транспонирани две директиви на Европската Унија (ЕУ) и тоа: Директивата 32005L0029 за нечесно пазарно однесување од страна на деловните субјекти на внатрешниот пазар и Директивата 31998L0027 за наредби со кои се заштитуваат интересите на потрошувачите ( колективна заштита на потрошувачите).
Согласно Законот донесен е Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација („Службен весник на Република Македонија "бр. 24/2011). Едукацијата на правните лица ја вршат државните пазарни инспектори и раководните државни службеници во Државниот пазарен инспекторат.

**Во Прогрес Извештајот на Република Македонија за** 2011 **година е наведено дека има добар напредок во усогласувањето со** acquis-**то**.

**Согласно Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити** („Службен весник на РМ" 51 од 13.04.2011 година), во 2011 година Министерството за економија ги донесе следните правилници:

- Правилник за форма и содржина на барањето за донесување на решение за издавање на дозвола, односно за одбивање на барањето за издавање на дозвола за одобрување на потрошувачки кредит („Службен весник на РМ" бр. 88 од 30.06.2011 година) ;
- Правилник за пропишување на формата и содржината на барањето за добивање дозвола за одобрување потрошувачки кредити и формата и содржината на дозволата за одобрување потрошувачки кредити („Службен весник на РМ" бр. 88 од 30.06.2011 година);
- Правилник за техничка опременост, односно технички услови што треба да ги исполи подносителот на барањето за добивање дозвола за одобрување потрошувачки кредити („Службен весник на РМ" бр. 88/11); и
- Правилник за формата и содржината на налепницата за издадена дозвола за одобрување на потрошувачки кредити. ( Службен весник на РМ бр. 88/11).
-Правилник за формата и содржината и начинот на водење на Регистарот на потрошувачки кредит и регистерот на кредитни посредници кај кредиторот кредити („Службен весник на РМ" бр. 142/11); и
- Правилник за форма, содржина и начин на доставување на извештајот за бројот и вредноста на склучените договори за потрошувачки креди и договорената годишна стапка на вкупните трошоци кредити („Службен весник на РМ" бр. 142/11).
Со донесувањето на овие правилници заокружена е правната рамка од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити.

**Правилник за детски играчки** (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.149/10).
Европската Комисија (ЕК) на 7 март 2011 година испрати коментарите по правилникот, по кои Министерството за Економија (МЕ) подготви измена на правилникот и истиот го достави преку Секретаријатот за Европски Прашања (СЕП) повторно до ЕК за одобрување на 20 мај 2011. На 19 август се добиени коментари од ЕК на извршените измени на Правилникот. Постапено е по истите и во тек е усогласување на измените со Секретаријатот за законодавство.

**Агенција за храна и ветеринарство** (**АХВ**)
Активностите во правната рамка се насочени кон имплементација на Законот за безбедност на храната донесен во 2010-та година. Активностите и прописите донесени врз основа на Законот се прикажани во Поглавјето 3. 12.
Агенцијата за храна и ветеринарство на РМ како контакт точка за Системот за брзо предупредување за храна и добиточна храна RASFF (Rapid Alert System for Food and Feed) за Република Македонија, во тековната 2011 година има добиено две известувања од Европската Комисија за небезбеден производ (алерт нотификација) и во врска со истите превземени се мерки согласно со воспоставените процедури.

**Министерството за финансии** е надлежно за супервизија на кредиторите кои работат врз основа на дозвола за основање и работа издадена од министерот за финансии. Заклучно со 30 ноември 2011 година издадена е една дозвола за основање и работа на финансиско друштво кое одобрува кредити.
Донесен е Правилник за форма, содржина, начин и рокови за доставување на извештајот за бројот и вредноста на склучените договори за потрошувачки кредит и договорената годишна стапка на вкупни трошоци („Службен весник на Република Македонија" бр.119/2011).
Со донесувањето на овој правилник е заокружена правната рамка од Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити („Службен весник на Република Македонија" бр.51/2011).

**Донесената програма за заштита на потрошувачите за период** 2011-2012 **година е нотирана во Извештајот за напредокот на Република Македонија за** 2011 **година и се укажува дека има подобрување во однос на хоризонталните аспекти**, **како и по однос на активностите што ги презема Организација на потрошувачите и покрај недоволниот обем на финансиски средства**.

Во 2011 година Министерството за економија ги реализира активностите од Програмата во соработка со невладините организации од областа на заштитата на потрошувачите по пат на Договор за доделување на финансиски средства за реализација на програма (проект) на здруженијата на потрошувачите согласно спроведениот Јавен повик и утврдената временската динамика.
Реализирани се:

- одбележан 15 март - Светски ден на потрошувачите под мотото “Стоп за нечесно пазарно однесување ( тркалезна маса и прес конференција);
- регионални семинари во во три општини Битола, Штип и Тетово за промоција на измените и дополнувањата на Законот за заштита на потрошувачите од аспект на пазарно однесување кон потрошувачите од страна на деловните субјекти на внатрешниот пазар, како и можноста за колективна заштита на потрошувачите пред надлежните судови;
- две работни средби на Советот за заштита на потрошувачите, со претседателите на советите од општините каде се формирани советите. Целта на средбата беше унапредување на соработката како и донесување на програми за заштита на потрошувачите на ниво на општина, согласно Програмата на Владата за заштита на потрошувачите за периодот 2011-2012 година;
-регионални семинари во три општини- Кочани, Гостивар и Охрид за промоција на Правилникот за детски играчки; и
- регионална работна средба во Струга за промоција на законската регулатива од областа на туризмот и угостителството од аспект на правата и обврските на потрошувачите и давателите на овие услуги.
-За членство на Организацијата на потрошувачите на Македонија во Европска потрошувачка организација (BEUC), со Решение на Министерството за економија се исплатија 65.000 денари (1.060 ЕУР).

**По однос на укажувањата дека активностите се концентрирани главно во урбаните, но не и во руралните области, се превземаат активности за формирање на Советите за заштита на потрошувачите во поголем број општини заради организирање кампањи и настани и во руралните области.**

Согласно одобрените средства во Буџетот за 2012 година, Министерството за економија изготви Предлог - Програмата за изменување и дополнување на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2011-2012 година со која е планирано активностите во 2012 година да се реализираат по пат на спроведување на Јавен повик за доделување на финансиски средства на невладини организации за заштита на потрошувачите. До крајот на тековната година Програмата ќе се достави до Владата на Република Македонија за донесување.

**Агенцијата за храна и ветеринарство** согласно склучен договор за соработка со граѓанското здружение ,,Организација на потрошувачите на Македонија,, со доделување на финансиски средства изготвени се седум публикации и тоа:

Водич низ Законот за безбедност на храната/ наменет на потрошувачите; Водич низ Законот за безбедност на храната/ наменет за бизнис операторите; Водич низ Законот за безбедност на храната/ наменет за инспекторите; Брошура: „Адитиви во храната и потрошувачи„ Брошура: „ Додатоци на исхраната„Брошура: „Храна за посебна нутритивна употреба„ и Брошура: ,,Храна збогатена со витамини и минерали„

Во тек се активности за нивно печатење.

До крајот на тековната година ќе се промовираат публикациите со организирање на настани во градовите согласно со програмата.

Во Агенцијата за храна и ветеринарство, тековно **се примаат претставки/ жалби и предлози** од потрошувачите од областа на безбедноста на храната. Постапувањето и евидентирањето се врши во согласност со Законот за постапување по претставки и предлози. За периодот од 01.01.2011 год до 15.11.2011 год евидентирани се 85 претставки и предлози од потрошувачи во областа на безбедноста на храната. Во одделението за заштита на потрошувачи постојано се ажурира **базата на податоци** за поднесените жалби и предлози. Податоците се користат **за анализирање на ризиците и опасностите на кои укажуваат потрошувачите**. Во врска со ваква анализа, во тековната година Агенцијата за храна и ветеринарство ги засили контролите на операторите со храна за посебна нутритивна употреба, диететски производи и додатоци на храната, земајќи ги во предвид ризиците на кои укажуваа потрошувачите во нивните обраќања.

По однос на хоризонталните прашања во насока на реализација на **активностите за** 2011 **година од Националната програма за координација и превземање на ефективни мерки за надзор на пазарот за** 2011 **и** 2012 **година** се реализираат координирани активности на инспекторите за храна и пазарните инспектори /надзор на безбедноста на производите и материјалите што доаѓаат во контакт со храната/.

**Државен санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ)**

Одржана е **Работилница на тема „Заштитата на правата на пациентите - обврски на општините**“ со претставници на општините од југоисточниот и некои од општините од централниот регион во државата (вкупно 12 општини), како и назначените советници за заштита на правата на пациентите во здравствените установи. На советниците им беше одржана обука по однос на постапувањето по Законот за заштита на правата на пациентите и од страна на ДСЗИ беше изготвена и Инструкција во врска со нивните надлежности и постапување.
Одржана е TAIEX Работилница на тема „**Етаблирање и имплементирање на одредбите за безбедност на детските играчки**, **контрола и слободно движење на пазарот во Република Македонија“ а во врска со ЕУ Директивата** 2009/48/**ЕЗ и „Правилникот за безбедност на детските играчки**“.
Работилницата е одржана со помош на Канцеларијата за техничка поддршка и информатичка размена TAIEX, од Брисел а во соработка и на барање на ДСЗИ. На работилницата беа присутни околу 70 учесници.
Изготвен е исто така и Извештајот за работата на Инспекторатот во врска со Законот за заштитата на правата на пациентите.

**Министерство за транспорт и врски ги спроведе активностите**:
- се одржаа јавни трибини и советувања на национално и локално ниво за имплементација на Законот за домување со претставници од сите општини организирани од страна на Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), заинтересирани граѓани со цел согледување на проблемите со кои се соочуваат граѓаните во практична примена на Законот и промоција на Брошура „Водич низ управувањето со станбените згради“ .

**Министерство за образование и наука**
**Биро за развој на образованието**
-се реализираа шест работилници на тема “Ученикот како потрошувач” со предметните наставници кои го предаваат предметот „Вештини за живеење во деветгодишното образование во кој е вклучена и темата “Заштита на ученикот како потрошувач”, во три региони: Западен регион, Скопски регион и Источен регион.

## НАДЗОР НА ПАЗАРОТ

**Во Извештајот е наведено дека е постигнат одреден напредок во однос на прашањата поврзани со безбедноста на производите**. **Во поглавјето** 1.1 **Слободно движење на стоки дадени се активностите во делот на надзорот на пазарот**.
По однос на изведени координирани акции согласно Законот за надзор над пазарот, Државен санитарен и здравствен инспекторат учествуваше во заедничка акција координирана од Државниот пазарен инспекторат, согласно заклучоците од состанокот на Координативното тело за надзор над пазарот, а во врска со надзор над безбедноста на детските играчки, во месец февруари-март при што се направени надзори во 49 објекти земени се 47 мостри, од 17-29 јуни 2011г., извршени се вкупно 35 контроли и земени се вкупно 37 мостри за анализа. Во однос на контролите направени од ДСЗИ во тек на 2011г. во производство и промет за козметика, детски играчки и предмети за општа употреба направени се 460 контроли, изготвени се 220 решенија, земени се 55 мостри за анализа од кои 14 се неисправни.
По однос на извршени надзори над пратки од увоз на детски играчки за 2011г. од страна на Одделението за граничен надзор во Инспекторатот, решени се 600 барање за увоз на пратки, земени се 427 мостри за лабораториско испитување.
Изготвен е исто така и Извештајот за работата на Инспекторатот во врска со Законот за заштитата на правата на пациентите во период од јануари-декември 2011 година.
Согласно извештајот извршен е редовен надзор на 163 Здравени установи – болнички и 594 Здравствени установи во кои не се сместени пациенти. Донесени се 2 решенија кои се однесуваат на здравствените установи – болнички и 16 за здравствените установи во кои не се сместени пациенти. Поднесените 81 пријави писмени и 29 усни пријави по телефон се решени во рок позитивно согласно законските можности.

**Институционална поставеност и кадровска екипираност**
Во **Министерството за економија**, во Одделението за заштита на потрошувачите работат две (2 )лица.

**Агенција за храна и ветеринарство**
Во насока на зајакнување на административните капацитети на Организационата единица за заштита на потрошувачи, заради спроведување на потрошувачката политика, во Одделението за заштита на потрошувачи и понатаму работи едно лице. Вработувања во инспекциските служби заради надзорот на пазарот со прехранбени производи и обуки /Поглавје 3.12/

Во **Министерството за финансии**, Сектор за финансиски систем – одделението за банкарски и небанкарски институции се вработени три (3 )лица.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Во 2012 година **Министерството за економија** во соработка со **Агенцијата за храна и ветеринарство**, **Државен санитарен и здравствен инспекторат**, **Министерство за транспорт и врски**, **Министерство за образование и наука** -**Биро за развој на образованието** ќе изготви **Програма за заштита на потрошувачите за период** 2013-2014 **година и во декември ќе ја достави до Владата на РМ на усвојување**.
**Реализација на активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за** 2012 **година ќе се врши континуирано во текот на годината од страна на институциите вклучени со свои активности во Програмата и во соработка со невладиниот сектор за заштита на потрошувачите**.
**Министерство за економија**
- регионални семинари во 2 општини за промоција и запознавање на потрошувачите и економските оператори за правата и обврските согласно законската регулатива од областа на заштитата на потрошувачите;
- регионални семинари во 2 општини за информирање на потрошувачите за Кодекси на однесување од страна на трговците, како и можноста за колективна заштита на потрошувачите согласно измените и дополнувањата на Законот за заштита на потрошувачите;
- регионални семинари во 3 општини за промоција на брошури и други промотивни материјали за правата на потрошувачите;
- организирање и одржување на две работни средби со Советите за заштита на потрошувачите од одделни општини и градот Скопје; и
- финансиска поддршка на здруженијата на потрошувачите за реализација на програма (проект) за јакнење и подигање на потрошувачката свест и култура.

**Агенција за храна и ветеринарство**
**Активности врзани со презентирање на состојбата со имплементација на НААСР системот во Република Македонија**. Активноста е планирана со организирање на трибини /4 градови/ на кои ќе земат учество сите заинтересиани страни во системот за безбедност на храната вклучувајќи и претставници од локалната власт.

**Активност врзана со прописите за означување на храната**, **кои се значајни за потрошувачите**. Изготвување на лифлети, со кои ќе се информираат и едуцираат потрошувачите како да го читаат означувањето на храната, кое е значајна информација со која може да избегнат консумирање на храна или состојки во храната на кои се осетливи или влијаат врз нивното здравје. Организирање на семинари /5 градови/ на кои ќе се информираат и едуцираат потрошувачите како да ги читаат здравстените тврдења и нутритивните информации од означувањето.

**Активност врзана за презентирање на состојбата со контрола на храната од увоз и произведена во Република Македонија**, - Активноста е планирана со организирање на трибина, на која ќе биде презентирана контролата преку инспекциските извештаи и процедури за контрола, со учество на сите заинтересирани страни во системот за безбедност на храната вклучувајќи и претставници од локалната власт.

**Државен санитарен и здравствен инспекторат**
-воспоставување на соработка со институциите од регионот, како и земји членки на ЕУ надлежни за заштитата на потрошувачите, со цел размена на искуства и практична примена на Законот за заштита на правата на пациентите, Законот за здравствена заштита, Правилник за безбедност на детските играчки, Правилник за содржината и начинот на означување на козметичките производи.

**Министерство за транспорт и врски**
- организирање на советувања и трибини во четири (4) општини за согледување на примената на Законот за домување и подзаконските прописи донесени врз основа на истиот.

**Министерство за образование и наука**
**Биро за развој на образованието**
-организирање на работилници во две (2) основни училишта и детски градинки во две ( 2) општини во рамките на продолжувањето на процесот на едукацијата на младата популација од областа на заштитата на потрошувачите;
- одржување на стручни посети во основни училишта на наставните часови по предметот „Вештини за живеење со инструктивна помош за наставникот, во училиштата кои поминале обука и имаат формирано едукативни канцеларии.
-изработка на електронска верзија на содржини од областа на заштитата на потрошувачите за училиштата од средното образование со цел средношколците да работат на заеднички проекти од таа проблематика, поврзани меѓу повеќе училишта, градови и пошироко.
Министерството за финансии континуирано ги следи новините во областа на заштитата на потрошувачите кај финансиските услуги и соодветно ќе ги имплементира во законите во негова надлежност.
Министерството за финансии континуирано ќе врши супервизија над кредиторите кои работат врз основа на дозвола за основање и работа издадена од министерот за финансии.

**Институционална поставеност и кадровска екипираност**
Зајакнување на Одделението за заштита на потрошувачите во **Министерството за економија**, со 1 (едно) ново вработување.

**Агенција за храна и ветеринарство**
Зајакнување на административните капацитети на Организационата единица за заштита на потрошувачи со прераспределување од други сектори во Агенцијата /1/. Заради зајакнување на надзорот на пазарот со прехранбени производи вработувања во инспекциските служби и обуки /Поглавје 12/.

***СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***
Врзано со ИПА проект ,,Хармонизација на законодавството и јакнење на капацитетот на полето на заштита на потрошувачите,, до септември 2013 година ќе се подготви нов Закон за заштита на потрошувачите во кој ќе бидат имплементирани новите директиви од областа на Заштитата на потрошувачите.
Заради потребата од транспонирање на **Регулативата** 2006/2004/ **ЕЗ** за соработка помеѓу надлежните тела одговорни за спроведување на законските прописи за заштита на потрошувачите, во септември 2013 година **Министерството за економија** во соработка со институциите ќе подготви анализа и Акциски план за транспонирање на оваа Регулатива.
**Реализација на активностите од Програмата за заштита на потрошувачите за периодот** 2013-2014 **година**, **во** 2013 **година**.
**Агенција за храна и ветеринарство** ќе се продолжи со ажурирање на базата податоци за поднесени жалби од потрошувачи со цел анализирање на ризиците и опасностите на кои укажуваат потрошувачите. Ќе се ажурираат податоци, совети, информации на Web страницата во просторот определен за потрошувачите.
Зајакнување на соработката со невладиниот сектор со планирање на заеднички проекти во имплментација на потрошувачката политика.
**Институционална поставеност и кадровска екипираност**
Зајакнување на Одделението за заштита на потрошувачите во **Министерството за економија**, со 1 ( едно) ново вработување.

Во **Агенцијата за храна и ветеринарство** ќе продолжи зајакнување на Организационата единица за заштита на потрошувачи со нови вработувања. /1/. Заради зајакнување на надзорот на пазарот со прехранбени производи вработувања во инспекциските служби и обуки /Поглавје 12/.

**СТРАНСКА ПОДДРШКА**

**ИПА проект за поддршка на невладините организации (НВО) за заштита на потрошувачи**

Во 2012 година ќе започне реализација на ИПА проект ,,Хармонизација на законодавството и јакнење на капацитетот на полето на заштита на потрошувачите,,.

Проектот ќе трае во период од 2012 – 2014 година и се очекува потполна хармонизација на потрошувачкото законодавство, приближно иста заштита на потрошувачите како таа во ЕУ и посебно доградување на капацитетот на владините и невладините институции за натамошно самостојно креирање и водење на политиката на заштита на потрошувачите.

Вкупните трошоци за проектот изнесуваат 1.400.000 ЕУР, при што учеството на ЕУ изнесува 1.260.000 ЕУР. Проектот се состои од две компоненти.

За првата компонента од проектот – Хармонизација на националното законодавство со Acquis communitare и градење на капацитет на Министерството за економија се предвидени 700.000 ЕУР (Service Contract) од кои 560.000 ЕУР од ИПА и 40.000 ЕУР Национално учество (Буџетот на РМ).

За втората компонента - Директна финансиска поддршка на невладините организации (НВО) од областа на заштита на потрошувачите е предвидено 800.000 ЕУР (Grant Contract) од кои 760.000 ЕУР на ЕУ, 40.000 ЕУР национално кофинансирање и 40.000 ЕУР приватно учество.

## 3.28.2.**ЈАВНО ЗДРАВЈЕ**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

**Хоризонтални мерки** ( **законодавство**, **човечки ресурси**, **инвестиции**)

1. **Здравствено законодавство**

Законодавството во областа на безбедност на крв, заразни болести, контрола на тутун, е усогласено со европското законодавство. Во останатите области, националното законодавство ги следи европските препораки и политики.

Донесена е Стратегија за безбедно мајчинство, а во фаза на подготовка се Стратегија за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и Стратегија за контрола на антимикробната резистенција.

Постигнат е потполн опфат на граѓаните на Република Македонија (РМ) со здравствено осигурување. За одделни категории на население се обезбедуваат основни и дополнителни неопходни здравствени услуги преку имплементација на 17 вертикални национални здравствени програми финансирани секоја година од страна на Буџетот на РМ, врз основа на Законот за здравствена заштита.

Министерството за Здравство (МЗ) воспостави редовна пракса за работа со невладините организации во областа и отвори центар за комуникација со јавноста т.н.“ Бел телефон.“ каде ќе се примаат повиците од граѓаните и ќе се обезбедува помош за правно или друго решение за нивниот проблем, жалба, поплака и сл.

Во подготовка е нов Закон за здравствена заштита со кој се унапредува јавното здравство. Предлог-Законските решенија опфаќаат подобра пристапност до здравствените услуги за граѓаните (финансиска, физичка, географска), особено за ранливи групи на население, како и прибирање на дополнителни средства од производството и прометот на тутунски производи и алкохолни производи, наменети за јавно-здравствените програми.

Човечки ресурси во здравството

Развојот на човечките ресурси е една од главните цели на Здравствената стратегија. Во согласност со Законот за евиденции во здравството, во Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) пропишан е регистер за

човечки ресурси. Постои законодавно поддржувачка средина за натамошен развој на човечките ресурси (и во образовниот и во здравствениот сектор).
Во тек е и воспоставувањето на Медицинска мапа (www.medicinskamapa.gov.mk) како инструмент за утврдување на фактичка состојба по однос на простор, опрема и кадар во здравството, а кој ќе помага во донесување на политики за развој во здравството.

Во текот на годината континуирано се вршени обуки на државните санитарни и здравствени инспектори во областите на правата на пациентите, заразните и незаразните болести и подготвени се инструкции за работа за одделни области.

ИЈЗ е номиниран како Развоен центар за јавно-здравствени услуги и системи на Југоисточна Европа, од страна на  Здравствената мрежа на Југо Источна Европа (ЗМЈИЕ) и  е координатор на регионален проект Реализиран е заеднички проект со Лондонската школа за хигиена и тропска медицина и потпишан е Меморандум за разбирање и соработка. ИЈЗ развива капацитети на  центар за едукација во јавното здравје и координатор на активностите за брз одговор на кризни состојби во здравството.

Во рамки на проектот за управување во здравствениот сектор формиран е и целосно опремен едукативен центар за семејна медицина во чии рамки продолжува имплементацијата на едукативни активности за специјализантите по семејна медицина и дообука на лекарите од примарната здравствена заштита до семејни лекари.

2. **Инвестиции во здравството**

Во финална фаза е реализацијата на проектот за реконструкција и доградба на објектите на јавните здравствени установи, како и имплементација на проектот за изградба на 17 здравствени објекти - амбуланти во оддалечени селски подрачја каде досега не постоеле здравствени објекти, со што ќе се подобри достапноста и квалитетот на здравствените услуги, како и безбедноста на пациентите.

Се имплементира проектот за реконструкција и доградба на објектите на јавно здравствените установи во Македонија, а реализирана е набавката на дел од медицинската опрема во рамки на проектот за набавка на медицинска опрема за Јавните здравствени установи.
Службата за итна медицинска помош е модернизирана со GPRS апарати и софтвер за следење на движењето на возилата.
Продолжуваат активностите за имплементација на електронската здравствена картичка Издадени се околу 22000 Е -здравствени картички за медицинските тимови и пациентите во пилот ординациите, а континуирано се одвиваат и обуки за работа на системот во кои се вклучени здравствениот персонал, IT персоналот од Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) и персоналот од подрачната единица на ФЗО во Скопје.
Во рамки на имплементација на системот за интегриран здравствен информатички систем набавен е хардвер, системски софтвер за Јавните Здравствени Установи (ЈЗУ) и дополнителен систем за складирање на податоци за ФЗОМ во вкупна вредност од околу 2,65 мил USD.
Инвестициите во безбедноста на крвта продолжуваат преку ИПА проект. Со добивањето на средства од ОРИО програмата на холандската влада, во вкупен износ од 6,3 милиони евра ќе се зајакнуваат капацитетите за безбедно мајчинство.

## 1.КОНТРОЛА НА ТУТУНОТ

### Правна рамка

Законот за заштита против пушењето (Службен весник на РМ број 36/95,70/03,29/04,37/05,103/08,140/08) ја имплементира ЕУ мерката 32001L0033 за рекламирањето и спонзорирањето за тутунските производи. Целосната забрана за пушењето на јавните места се применува од 01 јануари 2010 година. Од април 2010 година започна и имплементацијата на „Правилник за сликите од штетното дејство на тутунот“ ( Службен весник на РМ број 94/09, 135/09) со кој се пропишани сликите како дополнително предупредување од кои е јасно видливо штетното дејство на пушењето. ЕУ мерка

### Институционален капацитет

Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ), инспекторите од Дирекцијата за храна (ДХ), пазарната инспекција,просветната инспекција се надлежни за контрола на имплементацијата на законодавството. ДСЗИ во текот на 2010 година спроведе засилен надзор по однос на контролата на спроведувањето на Законот за заштита од пушењето во здравствените организации. Во текот на 2010 година ДСЗИ спроведе над 1500 контролни надзори.
ИЈЗ објави Извештај за резултатите од спроведено истражување за употреба на тутунот кај ученици од 13-15 годишна возраст.

2. **ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**

**Правна рамка**

Законот за заштита на населението од заразните болести (Службен весник на РМ 99/09) обезбедува правна основа за активности во областа. Подзаконските акти со кои европското законодавство е целосно пренесено во националниот правен систем се усвоени што подразбира целосна усогласеност со ЕУ мерките 32000D0096 и 32000D0057. Системот за рано откривање и известување, со помош на Светската здравствена организација (СЗО), е воведен во целата земјата. Задолжителното пријавување е воведено во согласност со АЛЕРТ системот. Законот за јавно здравје обезбедува пофокусирани активности за имплементација на Меѓународните здравствени правила (МЗП).
Подготвено е Упатството за дефинирање на случај со што во целост ќе се изврши транспонирање на ЕУ мерката 31998D2119, како и Правилникот за здравствени прегледи на лицата што прележале цревен тифус, бациларна дизентерија или салмонелоза.
Подготвен е петогодишен план за имунизација. Воведена е вакцина за HPV кај девојчиња на возраст од 12 години, и спроведена е кампања за запознавање на населението со новата вакцина. Соработката со Европскиот центар за контрола на заразните болести на ЕУ во Стокхолм (ECDC) ќе се формализира преку донесување на акциски план за билатерална соработка.
Во текот на 2010 година продолжи имплементацијата на планираните активности за превенција и контрола на заразните болести и имунизацијата, предвидени во јавно здравствените Програми (Програма за јавно здравје, Програма за испитување на појавата, раширеноста, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во РМ, Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА, Програма за задолжителна имунизација на населението во РМ).
Комисијата за заразни болести при МЗ донесе Програма за елиминација на малите сипаници и рубеолата и превенција на конгенитална рубеола инфекција во РМ 2010-2015.

**Институционален капацитет**

Воспоставена е добра мрежа на здравствени установи. Координацијата во областа е воспоставена преку експертен Комитетот за заразни болести. Соработката на организациите во областа :МЗ(МЗ), ИЈЗ, ДХ и ДСЗИ е на секојдневна основа.

ДСЗИ спроведува засилени надзори во однос на спроведување на имунизација, пријавување и евиденција на заразни болести, интрахоспитални инфекции и контрола на патници во меѓународниот сообраќај на граничните премини за лица кои одат и се враќаат од масовни собири (ХАЏ).

Во текот на 2010 година одржани се три семинари за едукација на здравствени работници инволвирани во спроведувањето и контролата над спроведувањето на имунизацијата (превентивните тимови при Здравствените домови, епидемиолозите од центрите за јавно здравје (ЦЈЗ), претставници од ДСЗИ), за практична примена на новиот Правилник за имунопрофилакса, хемиопрофилакса, лицата кои подлежат на овие мерки, начинот на изведување и водење на евиденција и документација, со посебен акцент на новите обрасци за евиденција и известување за извршената работа, како и 14 обуки за пандемска инфуленца со кои беа опфатени над 800 здравствени работници.
Инспекторите од ДСЗИ посетуваа обука и за антимикробна резистенција (АМР), за превенција на оралното здравје и за управување со медицинскиот отпад.
Продолжена е соработката со СЗО на полето на заразните болести и имунизацијата, како и со UNICEF, а експерти кои работат во областа на епидемиологијата на покана на ECDC и СЗО посетија повеќе семинари, работилници и работни состаноци на теми кои ги покрива оваа област од медицината.

**ХИВ/СИДА**

Во 2010 се продолжи со имплементација на активностите согласно Програмата за заштита на населението од ХИВ/СИДА и Стратегијата за ХИВ /СИДА 2007-2011, а беа имплементирани и активностите предвидени со програмата финансирана од Глобалниот фонд за борба против ХИВ/СИДА, туберкулоза и маларија (ГФАТМ), со цел превенција на ширењето на ХИВ/СИДА и одржување на сеуште ниската преваленца од ова заболување во РМ.
Активностите од програмата се спроведуваат преку МЗ, 11 Невладини Организации (НВО), како и Министерство за правда, Психијатриска болница "Скопје" од Скопје, Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и ИЈЗ.
Во текот на целата година се спроведува институционално советување и тестирање во ИЈЗ, како и био-бихевиоралните студии кај популации во најголем ризик и завршена е студијата кај осуденици, припадници на МСМ популацијата (мажи кои имаат секс со мажи), ЛИД (лица кои инјектираат droги). Во тек е спроведување на иста таква биобихевиорална студија кај популацијата на сексуални работници (СР). Во последните месеци од 2010 година започнува и бихевиоралната студија за ХИВ/СИДА кај популацијата млади луѓе на возраст од 15-24 години. Преку НВО вклучени во програмата спроведувани се активности насочени кон ризичните групи ( корисници на droги кои инјектираат, сексуални работници, МСМ и осуденици)и тоа: обезбедување на психо-социјална заштита, кондоми, лубриканти, обезбедување на основна медицинска помош, едукативни активности, теренски советувања и тестирање.

Поднесена е нова апликација до Глобалниот фонд за борба против сида и туберколоза (ГФАТМ) насловена како *Одржлив пристап кон одговорот за ХИВ/СИДА за групите под ризик во РМ* во висина од 9.407.934 ЕУР Одговорот по апликацијата се очекува до 15 Декември 2010 година.

**ТУБЕРКУЛОЗА**
Се имплементираат активностите од Стратегијата за контрола на туберколоза (ТБ) преку имплементацијата на Програмата " *Зајакнување на контролата на туберкулозата во рамки на децентрализација на здравствените услуги во РМ",* финансирана преку грант од ГФАТМ. Програмата ги надополнува активностите на Програма за превентивни мерки за спречување на туберкулоза кај населението, финансирана од буџетот на РМ. Имплементација на активностите ја спроведуваат Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза со мрежата од 17 диспанзери ширум земјата, како и 4 невладини организации.

Преку активностите од проектот и Програмата спроведено е флуорографско снимање на над 3000 лица кои припаѓаат на ризичните групи, 97.,2% пациенти со ТБ во континуираната фаза на лекување биле на директно надгледување на земање на лекови (Directly Observed Treatment, Short-course „ДОТС") ,91.7% од пациентите со белодробна ТБ дијагностицирани во 2009 година се успешно излекувани, 23 институции кои регистрираат и лекуваат болни со туберкулоза се мрежно поврзани со централниот регистар (сервер) кој се наоѓа на Институт за белодробни заболувања и туберкулоза. Креиран е специјален софтвер кој ги прибира неопходните информации за заболените од туберкулоза кој исто така ги креира и потребните извештаи за известување според националното и меѓународното законодавтсво.

Спроведени се повеќе обуки- за следење и проценка, ДОТС и анализа на податоци за 180 здравствени работници, 1240 млади биле едуцирани за туберкулоза од страна на peer едукатори, 906 пациенти и членови на нивните семејства и 1525 претставници на ризични групи (710 интравенски корисници на droга, 371 бегалци/баратели на азил, 296 психијатриски пациенти и 148 Роми) биле опфатени со едукативни активности за контрола и превенција на ТБ

Поднесена е апликација до ГФАТМ насловена како *Обезбедување на висококвалитетни и одржливи ДОТС интервенции во РМ* во висина од 6.112.713 ЕУР , а одговорот се очекува до крајот на годината.

3. **НЕЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**
**Правна рамка**
Континуирано се врши имплементација на годишната Програма за обезбедување на трошоците за болните кои се третираат со дијализа, за обезбедување на лекови за трансплантирани болни и за обезбедување на цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија; Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства, како и на Програмата за активна здравствена

заштита на мајките и децата во РМ во рамки на која се врши и тироиден скрининг на новородени деца, Здравје за сите и Систематски прегледи, годишната Програма за рана детекција на малигни заболувања во РМ.
Согласно Законот за здравје и безбедност при работа (Службен весник на РМ број 92/07), сите работодавци се обврзани да обезбедат систематски прегледи на вработените што овозможува превенција и рано откривање на одредени незаразни заболувања.

ИЈЗ е во подготовка на методологија за имплементација на новиот Закон за евиденции во областа на здравството, преку широк консултативен процес што ќе продолжи и во тек на 2011 година.

### 3.1.**Малигни неоплазми**

#### 3.1.1.**Канцер на дојка**

Активностите од Програмата за рана детекција на малигни заболувања кои се однесуваат на рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката во РМ за 2010 година ја реализираат 18 радиолошки кабинети, а опфатот на жени каде е направена мамографија изнесува над 40.000 жени.Завршена е постапката за набавка на 5 мамографи за јавно здравствените установи.

#### 3.1.2.**Канцер на дебело црево**

Преку Програмата за рана детекција на малигни заболувања се спроведуваа активности за рано откривање на колоректален канцер во еден град во РМ. Подготвен е посебен софтвер за евиденција и анализа на резултатите од скрининг на колоректален канцер.

#### 3.1.3. **Канцер на репродуктивни органи кај жената**

Во рамки на Програмата за рана детекција на малигни заболувања со бесплатни гинеколошки прегледи со ПАП тест опфатени се над 35.000 жени Одржани се над 130 работилници за подигање на свесноста, а околу 300.000 брошури, ТВ спотови, постери и други промотивни материјали беа подготвени и дистрибуирани.
Организиран скрининг започна во еден град во РМ. Дизајниран е и изработен посебен софтвер за евиденција и анализа на резултатите од скринингот на грлото на матката.

**Институционален капацитет**

ИЈЗ ги обработува податоците кои се доставуваат преку индивидуалните пријави за незаразни болести и врз база на податоците води Регистер за рак.

### 3.2.**Сексуално и репродуктивно здравје**

Правна рамка

Во рамки на Проектот за подобрување на националниот одговор за сексуално и репродуктивно здравје и права во РМ поддржан од Фондот за популација при Обединетите Нации (УНФПА), изготвен е предлог-Протокол и стандарди за абортус и квалитет на здравствена заштита и нега, согласно препораките на СЗО. Подготвен е предлог текст на Стратегија за унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје.

Институтот за јавно здравје во рамките на проектот Градење на капацитети за децентрализирано планирање, буџетирање и преку имплементацијата на превентивните програми за здравје на мајки и деца во рамки на проектот “Зајакнување на здравствениот систем во следните области – Следење и програми за адолесцентно здравје и градење капацитети за развој и имплементација на ефикасни докажани стратегии за мајка и дете на локално ниво на општина” финансиски подржан од УНИЦЕФ, спроведе програма за јакнење на капацитети на локално ниво во 8 општини.
Извршена е едукација на 8 тимови од локална заедница за -Здрави општини – раководење и менаџмент за јавно здравство, за децентрализација на јавно - здравствените услуги и градење капацитети за развој и имплементација на ефикасни докажани стратегии на локално ниво на општина, во соработка со Медицинскиот факултет, CDC и UNICEF. Изготвени се и одбранети локалните стратешки планови и проекти на национална работилница одржана во соработка со МЗ, Министерство за локална самоуправа и ЗЕЛС. Како континуитет на успешната имплементација на проектот се планира следна фаза и

продолжување на Проектот со финансиска поддршка на УНИЦЕФ. Проектот е насловен- Поддршка на локално и регионално планирање базирано на докази за програми за јавно здравје.

**Институционален капацитет**
Во рамки на проектот "Подобрување на националниот одговор во однос на сексуалното и репродуктивноста здравје и права во РМ" во склоп на центрите за јавно здравје се отворија 19 советувалишта за сексуално и репродуктивно здравје кои обезбедуваат совети за сексуалното и репродуктивното здравје и бесплатни контрацептивни средства.

МЗ формираше Комитет за безбедно мајчинство заради подобрување на перинаталната грижа.

УНИЦЕФ го поддржува проектот насловен како Поддршка на локално и регионално планирање базирано на докази за програми за јавно здравје,

3.3. **Зависности**
**а)Дроги**
**Правна рамка**
Континуирано се спроведува Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во РМ преку која се обезбедуваат средства за лекови за третман на зависници од дрога. Останатите активности за превенција од дрога се реферирани во Поглавјето 24.

**б)Злоупотреба на алкохолот**:
**Правна рамка**
Континуирано се спроведува Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности во РМ преку која се обезбедуваат средства за болничко лекување на зависници од алкохол. Во тек е воспоставување на центар за работа со насилници во Клиниката за психијатрија-Скопје, што ќе опфати и проблеми со злоупотреба на алкохолот. Преку 8 Клубови на лекувани алкохоличари -НВО-и, чија работа е поддржана од МЗ, во државата се зајакнува свеста за штетните дејства од алкохолот и потребата и техниките за престанок . Државата спроведува медиумски промотивни кампањи против злоупотребата на алкохол и штетните дејства во сообраќајот, појавата и ширењето на семејното и друго насилство.

**Институционален капацитет**
ИЈЗ работи како центар за промоција на здрави животни стилови. Комисијата за превенција и контрола на злоупотребата на алкохолот при МЗ функционира како советодавно тело на МЗ , а заедно со НВО (клубовите на лекувани алкохоличари) спроведува промотивни активности за подигање на свеста, особено кај младите, но и во врска со семејното насилство. При Психијатриската болница во Скопје е формирано и работи одделение за третман на алкохоличари, кое заедно со Клиниката за токсикологија во Скопје укажува помош при злоупотреба на алкохол (акутна и хронична).

МЗ во соработка со СЗО спроведува едукација на лекари од примарната здравствена заштита (ПЗЗ) и итна медицинска помош за превенција и контрола на злоупотребата на алкохолот во контекст на контролата на семејното насилство. Со предлогот на новиот закон за здравствена заштита се воведува прибирање на средства за јавно здравствени програми, од индустријата за производство и промет на алкохол. Индустријата за жестоки пијалоци се јавува во поддршка на воспоставување и примена на АП против злоупотреба на алкохол кај млади.

3.4.Повреди и насилство
Правна рамка
Постигнат е значителен прогрес во имплементацијата на Препораката на Европскиот Совет за превенција на повреди и промоција на безбедноста (2007/Ц 164/01).

Во тек е развивање методологија за имплементација на новиот Закон за евиденции во здравството, конкретно за сообраќајна траума, несреќа-повреда на работа и насилство. Изготвен е предлог за развивање софтверска апликација за регистар за сообраќајна траума, согласно постоечката национална

легислатива, а во контекст на препораките на СЗО и Препораката на Европскиот Совет, во рамките на интегралниот здравствен информационен систем.
МЗ активно учествува во развојот на Стратегијата за размена на податоци за повреди 2010-2015 на Европската Комисија, во подготовка на методологија за собирање податоци за насилство врз жените (во соработка со УНИФЕМ), како и во подготовка на методологија за собирање податоци за семејно насилство (во соработка со СЗО и УНФПА).

Формирано е национално координативно тело за имплементација на Стратегијата за превенција на семејно насилство со претставници од МЗ и други релевантни владини и не-владини организации. Изготвен е Акционен План за имплементација на Стратегијата за делот за здравство. Континуирано се имплементира Стратегијата за превенција на семејно насилство и реализирани се активностите предвидени со овој Акционен План (во сегментот јавно здравје), преку едукација на здравствени и други професионалци за препознавање, евидентирање, пријавување и поддршка на жртви на семејно насилство, како и за воспоставување систем за следење на семејно насилство.

Подготвен е протокол за третман на жртви на семејно насилство во здравството, во соработка со другите релевантни министерства и НВО, со цел да се спречи секундарната виктимизација на жртвите на семејно насилство. Протоколот е усвоен од Националното координативно тело. Изготвена е методологија за изготвување Упатства за протоколи за третман на жртви на семејно насилство, за сите релевантни министерства.

Постигнат е значителен напредок во едукација на студенти, здравствени и други професионалци за превенција на повреди и насилство и промоција на безбедност: повреди и насилство внесени се во курикулумот за додипломски студии на Медицински факултет (за сите студиски програми) и Стоматолошки факултет, како и во курикулум на постдипломски студии по јавно здравство, а организирани и одржани се 4 работилници за WHO TEACH VIP за професионалци и едукатори од релевантни сектори и институции 2009-2010 (во соработка со СЗО и со Универзитетот Св. Кирил и Методиј-Скопје.

Во соработка со СЗО организирани се еднодневни работилници за јакнење на капацитетите за превенција од семејно насилство, преку СЗО TEACH VIP модулот, акредитирани од страна на Лекарската Комора и македонско лекарско друштво (МЛД) при што се едуцирани околу 1200 здравствени работници ( лекари од примарна здравствена заштита, гинеколози, служби за итна медицинска помош).

Во областа на безбедноста во сообраќајот (од јавно-здравствен аспект) постигнат е голем напредок. Формирано е национално координативно тело и работна група за имплементација на Националната Стратегија на РМ за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014, Изготвен е Национален акционен план за имплементација на Стратегијата со конкретни акциони планови за секој сектор. Во тек на 2010г. реализирани се активностите предвидени со акциониот план за секторот здравство, за сегментот јавно здравје, преку изготвување промотивни материјали, едукација и промоција на Светскиот ден на жртви на сообраќајни несреќи.
Во соработка и со поддршка на СЗО спроведено е истражување на повреди во заедницата, со посебен осврт на повреди кај децата и младите.

**Институционален капацитет**
Во ИЈЗ е формирано Одделение за контрола и превенција на повреди и насилство.

3.5.**Ментално здравје**
**Правна рамка**
Правната рамка во оваа област ја сочинуваат Законот за заштита на права на пациенти, Законот за ментално здравје, Законот за здравствена заштита, Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства, Националната стратегија за унапредување на менталното здравје во РМ и Национална стратегија против семејното насилство.

**Институционален капацитет**

Во рамки на проектот за реконструкција и доградба на објектите на јавно здравствените установи во Македонија започна реконструкција на Психијатриската болница Негорци и Психијатриска болница Скопје за што се предвидени околу 2,.5 милиони евра. Во државата функционираат седум центри за ментално здравје. Комисијата за ментално здравје формирана при МЗ овозможуваа координација на активностите во обласа. Министерот за здравство, Министерот за правда, Министерот за труд и социјална политика и Народниот правобранител воспоставија заеднички координативни месечни состаноци. МЗ потпиша меморандум за инвестиции во болничкиот  здравствен систем во врска со затвореници на кои им е изречена мерката-задолжително психијатриско лекување.

3.6.**Здравје и животна средина**

**Правна рамка**

1. **Климатски промени**

Законот за здравствена заштита и Законот за јавно здравје обезбедуваат правна основа за одговор на здравствениот сектор на климатските промени.

Активностите за заштита на здравјето од климатските промени се спроведуваат од страна на МЗ преку Комисијата за климатски промени и здравје и ИЈЗ во соработка со СЗО. Подготвена е Стратегија за адаптација на здравствениот сектор кон климатските промени во РМ со акционен план , како и Акциониот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението во РМ

Институтот за јавно здравје изготви критериуми и параметри за евалуација на политиките во секторите за спроведување на здравствено еколошкиот план со посебен осврт на ризиците по здравјето на децата.

Спроведени се обуки на здравствените професионалци за детекција на ризиците по здравјето на децата од загадување на животната средина. Одржани се работилници и изготвени се неколку Предлог Акциони планови на локалните заедници за управување со здравствено еколошките ризици

Во функција на процена на здравствените ризици во контаминирани подрачја, во тек е истражување за изложеност на децата на хемиски ризици во населбите долж реката Вардар. Во тек е и изготвување и на сет од индикатори за следење на обврските превземени на Министерската конференција за здравје и животна средина во Парма во Март 2010.

**Институционален капацитет**

Активностите во Р. Македонија се спроведуваат од страна на МЗ преку Комисијата за климатски промени и здравје и Институтот за јавно здравје на РМ во соработка со Светската здравствена организација.

3.7.**Храна и исхрана**

**Правна рамка**

Програмата за превентивна здравствена заштита финансирана од буџетот на РМ предвидува активности поврзани со проценката на нутритивниот статус кај предучилишни и училишни деца, и за рано откривање на ризик факторите за кардиоваскуларните болести  поврзани со исхраната кај возрасни. Законот за јавно здравје е водечки  од аспект на заштита на јавното здравје во врска со храната и исхраната.

Донесен е вториот Акциски план за храна и исхрана за периодот 2009-2014 кој утврдува специфични групи на активности насочени кон намалување на преваленцата на незаразни заболувања поврзани со исхраната, намалување на трендот на гојазност кај деца и адолесценти, намалување на преваленца на болести заради дефицит на микронутриенси и намалување на инциденцата на болести поврзани со храната. Во Програмата за превентивна здравствена заштита, која ја спроведува ИЈЗ на РМ во соработка со 10-те  Центри за јавно здравје се предвидени активности за нејзина имплементација

Спроведено е истражување за состојбата со анемија кај деца до 5г. на национален репрезентативен примерок од 8500 домаќинства, во соработка и со поддршка од УНИЦЕФ.

Проектот за флуоризација на млекото кај предучилишни деца е во фаза на имплементација

**Институционален капацитет**

ДХ и системот на јавно здравствените институции (ИЈЗ и 10 ЦЈЗ) се активни во областа на имплементацијата на законодавството, како и во промотивните, образовните и наусчните активности  во областа ( систем на јавно здравствени институции).

## 4.**БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ, ТКИВА И ОРГАНИ**

**Правна рамка**

Заокружен е процесот на хармонизација на националното законодавство со законодавството на ЕУ. Оваа област е уредена со Законот за безбедност во снабдувањето со крв ( Службен весник на РМ бр.110/07), како и со подзаконските акти: Правилник за добрата клиничка пракса при употребата на крв и крвни компоненети (Сл.весник на РМ 80/09),Правилник за информациите кои му се даваат на дарителот на крв и кои се бараат од него, образецот и содржината на писмената согласност на дарителот на крв за дарување на крв(Службен весник на РМ број 128/09),Правилник за видот на тестирањето на крв и крвни компоненти пред тие да бидат дистрибуирани до единициата за трансфузиона медицина на здравствената установа за која се наменети (Сл. весник на РМ 15/09),Правилник за начинот на чување на сите лични, медицински и генетички податоци за дарителот на крв содржани во медицинското досие (Службен весник на РМ број 15/09), Правилник за поблиските услови по однос на квалитетот и безбедноста на крвта и крвните компоненти ( Службен весник на РМ број 126/09), Правилник за поблиските услови, како и постапката за проценка и тестирање на дарителот на крв или крвни копмпоненти во согласност со начелата на Добрата трансфузиона пракса( Сл.весник на РМ бр.128/09), Правилник за системот за идентификација на секое поединечно дарување на крв и крвни компоненти ( Сл. весник на РМ 80/09, Правилник за видот, начинот и содржината на ознаките на крвта и крвните компонент (Службен весник на РМ број 15/2010), Правилник за формата и содржината на документацијата, како и на обрасците за известување за сериозно неповолните настани и реакции од од употребената крв и крвни компоненти (Службен весник на РМ бр. 87/2010) и Правилник за формата и сорживата на евиденцијата за секоја употребена единица крв или крвна компонента ( Службен весник на РМ број 87/2010).

Наведените подзаконски акти се хармонизирани со ЕУ мерките 32002L0098 и 32004L0033.

Континуирано се врши имплементација на годишната програма за унапредување на крводарителството финансирана од буџетот на Владата на РМ.

**Институционален капацитет**

Се формира единствена институција-Национална установа за трансфузиона медицина со 120 здравствени работници, којашто ги превзема вработените во центрите за трансфузиологија кои порано припаѓаа и правно на болниците,

Преку ИПА проектот за безбедност на крвта обезбедени се 1,1 милиони евра за унапредување на областа.

Се планира и зајакнување на капацитетот на одделението за имплементација на ИПА проекти во Секторот за европски интеграции во МЗ со 2 лица.

## 5.**ТКИВА И КЛЕТКИ**

**Правна рамка**

Подготвен е нов предлог Закон за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување и е ставен во постапка за донесување.

**Институционален капацитет**

МЗ и НВО Национална фондација за трансплантација потпишаа Меморандум за соработка. Со него се дефинира соработката на заеднички проекти од областа на здравството во сегментот на условите за земање, разменување, пренесување и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување.

## **КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Хоризонтални мерки ( законодавство, човечки ресурси, инвестиции)**

Континуирано продолжуваат активностите на ИЈЗ како Развоен центар за јавно-здравствени услуги и системи на Југоисточна Европа, согласно предвидената програма и буџет за работа на Центарот, подготовка на веб страна и списание на Центарот, одржување на конференција за политички дијалог за финансирање на службите за јавно здравје во земјите во Југоисточна Европа (ЈИЕ), одржување на конференција со директори на институти за јавно здравје од земјите во ЈИЕ, потпишување на

меморандумот и инаугурација на Центарот, реализација на програма за МАТРА тренинг на кадри од ИЈЗ, план за соработка помеѓу Регионален центар за јавно здравје и Регионален центар за заразни болести. Имплементација на Проектот насловен како Поддршка на локално и регионално планирање базирано на докази за програми за јавно здравје, во 1 регион.

1.**КОНТРОЛА НА ТУТУН**
ИЈЗ, како центар за промоција на здрави животни стилови планира спроведување на активности поврзани со престанок на пушење.

2.**ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**
Се планира да се усвои повеќе годишниот план за имунизација ( 2011-2015)
Континуирано ќе се спроведуваат превентивните програми финансирани од буџетот на РМ.
Постапките и процедурите за имплементација на Упатството за дефиниција на случај ќе се достават до сите надлежни институции , здравствените работници во РМ и ќе почне да се применува како интерен документ во секојдневната работа.
Се очекува финализирање на предлог акциски план за билатерална соработка со Европскиот центар за контрола на заразните болести на ЕУ во Стокхолм (ЕЦДЦ).
Се планира донесување на Стратегија за анти-микробна резистенција со која ќе се примени ЕУ мерката Council recommendation on the prudent use of antimicrobial agens in human medicine (2002/77/EC)
Во текот на 2011 година планирано е да се спроведат обуки за 10 лица од Центрите за Јавно Здравје (ЦЈЗ) кои ќе ја имаат функцијата на регионални епи-менаџери кои ке ги координираат епи-активностите со националниот епи менаџер во МЗ.
Се планира продолжување на соработката со Европскиот центар за контрола на болести ( ECDC) и СЗО на полето заразни болести и имунизација, како и со УНИЦЕФ во областа на имунизацијата.

Согласно програмата за ерадикација на мали сипаници, рубеола и превенција на конгенитални инфекции 2010-2015 година планирана е обука на 50 здравствени работници.

**ХИВ/СИДА**
Континуирано ќе се имплементираат активностите од Програмата за ХИВ/СИДА финансирана од буџетот на РМ, како и активностите од Програмата за ХИВ/СИДА поддржани со грант од ГФАТМ, а по завршување на започнатите студии во рамки на проектот во 2011 (кај СР и млади од 15-24 години), ќе се добијат и резултатите од бихевиоралното следење кај млади и останатите 4 групи (осуденици, ЛИД, МСМ, СР), како и преваленцата на болеста во РМ кај наведените популации во најголем ризик.
Ќе се направи и евалуација на успехот од следењето и проценка на програмата за превенција и контрола на ХИВ.
Се планира и подготовка на нова стратегија за ХИВ/СИДА за периодот 2012-2017.

**Туберкулоза**
Континуирано ќе продолжи имплементацијата на програмата за ТБ финансирана од буџетот на РМ.

2. **НЕЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**
Согласно Законот за евиденции во областа на здравството континуирано ќе се продолжи со изготвување на новите обрасци за индивидуалните пријави за незаразни заболувања
Во тек на 2011 година континуирано ќе се прибираат податоци за незаразни заболувања преку здравствено-статистички евиденциони обрасци и по обработката на податоците од збирните извештаи ќе се изготви публикација „Амбулантно-поликлинички морбидитет во РМ“и Регистер за рак.

3.1.**Малигни неоплазми**
МЗ континуирано ќе ја спроведува програмата за рано откривање на малигни заболувања.

3.1.1.**Канцер на дојка**
Се планира завршување на набавката на 5 нови мамографски апарати во ЈЗУ.

3.1.2.**Канцер на дебело црево**

Се планира реализација на скринингот на канцер на дебело црево кај популација без симптоми на возраст од 50-74 години во целата држава со тест за детекција на окултно крварење (fecal occult blood test-FOBT),како и кампања за промоција на скринингот.

3.1.3. **Канцер на репродуктивни органи кај жената**
Се планира спроведување на организиран скрининг за рано откривање на канцер на грлото на матката во 4 града и обработка на податоците преку специјално дизајнираниот софтвер. Се планира и спроведување на кампања за скринингот.

ИЈЗ ќе ги собира податоците од скринингот и ќе подготви Извештај за резултатите од спроведениот скрининг.

3.2.**Сексуално и репродуктивно здравје**
Се планира усвојување на Националната стратегија за сексуално и репродуктивно здравје и имплементација на истата. Се планира согласно АП за имплементација на Националната стратегија за сексуално и репродуктивно здравје во 2011 година да се спроведат активности со млади, со вулнерабилни и маргинализирани групи во обласа на планирање на семејството, безбедно мајчинство и заштита од СПИ и ХИВ/СИДА.
Се планира изработка на софтвер за индикатори за сексуално и репродуктивно здравје.
Се планира усвојување на Протоколот и стандардите за абортус и квалитет на здравствена заштита и нега, и негова примена во пракса.
Се планира одржување работилница за едукација на гинеколози и акушери за имплементација на овој протокол и стандарди.

Ќе се спроведе Бихевиорална студија за ХИВ/СИДА, сексуално преносливи инфекции и сексуално и репродуктивно здравје кај млади на возраст од 15 - 24 години, на примерок од 3000 испитаници, како дел од проектите за Зајакнување на системот за следење на ХИВ/СИДА во РМ кај популациите изложени на најголем ризик поддржан од Глобален Фонд, и Проектот за подобрување на националниот одговор за сексуално и репродуктивно здравје и права во РМ, поддржана од УНФПА.

3.3. **Зависности**
**а**).**Дроги**:
Континуирано ќе се имплементира Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности.
Се планира отворање на центар за лекување на зависности во Велес кој ќе функционира во рамки на невропсихијатриското одделение на Општата болница во Велес.

**б)Злоупотреба на алкохолот**:
Континуирано ќе се имплементира Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности
Со предлогот на новиот закон за здравствена заштита се предлага воведување на прибирање на средства за јавно здравствени програми, од индустријата за производство и промет на алкохол. Во соработка со индустријата ќе се работи на подготовка на АП против злоупотреба на алкохол кај млади

3.4.**Повреди и насилство**
Континуирано ќе се имплементира Стратегијата за превенција на семејно насилство согласно акциониот план за здравство (во сегментот јавно здравје) преку едукација на здравствени и други професионалци за препознавање, евидентирање, пријавување и поддршка на жртви на семејно насилство, како и за воспоставување систем за следење на семејно насилство.
Се планира усвојување на методологијата за имплементација на новиот Закон за евиденции во здравството, конкретно за сообраќајна траума и насилство: на методологија за собирање податоци за насилство, како и методологија за собирање податоци за семејно насилство. Ќе се изготват: индивидуален образец за насилство, Упатство за примена на индивидуалниот образец за пријавување на насилство и софтвер за апликација на овој Образец,а ќе се спроведе и пилотско тестирање на истиот.
Се планира да се изготви Упатство за протоколот за третман на жртви од семејно насилство во секторот здравство, општо и конкретно за одделни видови насилство и ранливи групи. и упатства за примена на

протоколите за третман на жртви на семејно насилство во другите сектори како и Упатство за упатување на жртвите на семејно насилство во различни сектори.
Ќе се спроведе едукација на здравствени професионалци за евиденција на насилството, за примена на протоколот за третман на жртви на семејно насилство и ќе продолжи TEACH VIP едукацијата со поддршка на СЗО и другите ОН организации. При Клиниката за психијатрија во Скопје ке се отвори Центар за работа со лица што извршиле семејно насилство. Во областа на безбедноста во сообраќајот ќе се реализираат активностите предвидени со Национален акционен план за здравство (во сегментот јавно здравје) за имплементација на Националната стратегија на РМ за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата 2009-2014, Ќе се подготват едукативни материјали според СЗО TEACH VIP модулот за безбедност во сообраќајот, како и промотивни материјали, едукација и промоција на Светскиот ден на жртви на сообраќајни несреќи

3.5.**Ментално здравје**
Континуирано ќе се имплементира Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во РМ за 2011 година. Се планира да продолжи имплементацијата на проектот за доградба и реконструкција на ЈЗУ во РМ преку реконструкција на Психијатриската болница Скопје и Психијатриската болница Негорци, но и активности за трансформација на делови од овие болници во дневни центри.
Се планира и отворање на нов центар за ментално здравје во Битола кој ќе функционира во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар.

3.6.**Здравје и животна средина**
Се планира да започне имплементацијата на активностите од Акцискиот план за заштита на населението од топлотни бранови, како и Стратегијата за климатски промени и здравје кои ќе се реализираат преку Националната програма за јавно здравје за 2011 година.
Се предвидува финализација на истражувачките активности кои ќе допринесат за изготвување на нова – ревидирана и следлива форма на Националниот здравствен еколошки план со посебен акцент на ризиците по здравјето на децата. Ќе се продолжи и со активности на подготовка на локалните заедници за изготвување на Локални здравствено еколошки планови. ИЈЗ ќе започне со редовна евалуација на ефикасноста на политиките во сите сектори кои имаат директно или индиректно влијание врз загадувањето на животната средина и здравјето , пред се на децата
Во 2011 година се планира потпишување на Протокол за вода и здравје како заедничка активност на МЗ и Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање (МЖСПП).

3.7.**Храна и исхрана**
Се планира продолжување на активностите утврдени во АП за храна и исхрана 2009-2014 преку спроведување на Националната програма за јавно здравје
Се планира објавување извештај за спроведената студија за анемија кај децата до 5години.

4. **БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ**
Се очекува отпочнување на ИПА проектот "Зајакнување на системот за безбедноста на крвта", во вредност од околу 1,1 милион евра. Во рамки на проектот се планира подготовка на Водичи за безбедност на крвта и Протоколи/Стандардни оперативни постапки за работа на вработените во различни сегменти на обезбедувањето на безбедна крв.
Преку проектот е планирано да се изврши обука на 150 квалификувани здравствени работници во повеќе области од добрата клиничка пракса за употреба на крв и крвни компоненти, како и специјализирани обуки за 30 лица во областа на имплементацијата на стандардите за квалитет и стандардните оперативни постапки.

Се планира зајакнување на административниот капацитет на Националната установа за трансфузиона медицина со 2 лекари и 5 средно медицински кадри.
Во текот на 2011 година се планира сите здравствени работници во НУТМ да добијат обука за имплементација на Водичите за безбедност на крвта и Протоколи/Стандардни оперативни постапки за работа на вработените во различни сегменти на обезбедувањето на безбедна крв.

5. **ТКИВА И КЛЕТКИ**
Се планира донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување , а кој целосно ќе биде усогласен со ЕУ мерката 32004L0023.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Хоризонтални мерки** ( **законодавство**, **човечки ресурси инвестиции**)
Се планира спроведување на активности на ИЈЗ како Развоен центар за јавно-здравствени услуги и системи на Југоисточна Европа, согласно предвидената програма и буџет за работа на Центарот, како и имплементација на втора фаза на Проектот насловен како Поддршка на локално и регионално планирање базирано на докази за програми за јавно здравје, во 2 региони.

1.**КОНТРОЛА НА ТУТУН**
Се планира зајакнување на активностите на ИЈЗ за промоција на здрави животни стилови преку активности за едукација против пушењето.

2. **ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ**
Континуирано ќе се спроведуваат активностите од обласга на превенција и контрола на заразните болести и имунизацијата, предвидени во јавно здравствените годишни Програми, кои се финансираат од буџетот на РМ.
Се планира воведување на петтовалентна и шествалентна вакцина.
Се планира отпочнување на активности за воведување на софтверски решенија за водење на евиденција за спроведувањето на задолжителната имунизација.
Исто така, ќе се работи на подобрување на постоечкиот софтвер за евиденција и анализа на заразните болести, а ќе се евалуира и можноста за електронско поврзување на ИЈЗ со ЦЈЗ низ РМ.

Во 2012 година се очекува отпочнување на ОРИО програмата со која се планира да се спроведе ревитализација на системот за имунизација и на системот за патронажната служба во вкупна вредност од 6. 3 милиони евра

**ХИВ/СИДА**
Ќе се започне со спроведување на био-бихевиорални студии кај лицата изложени на најголем ризик од ХИВ/СИДА (СР, ЛИД,МСМ и осуденици), во соработка со НВО.
Ќе се спроведе бихевиорална студија кај млади лица на возраст од 15-24 години во врска со ставовите и познавањата за ХИВ/СИДА и сексуално и репродуктивно здравје и ќе бидат изготвени извештаи за спроведените студии.

Се планира донесување на нова Стратегија за ХИВ/СИДА 2012-2017 и континуирано спроведување на активностите за превенција на ХИВ/СИДА меѓу групите под ризик,подобрување на пристапот кон третманот и грижата за луѓето кои живеат со ХИВ/СИДА, зајакнување на системот за следење кај групите под ризик и градење на капацитети и координација (спроведување на бихевиорално истражување, теренски советувања и едукации, дистрибуција на кондоми, лубриканти и др)..

**Туберкулоза**
Континуирано спроведување на Програмата за превентивни мерки за спречување наТБ финансирана од Буџетот на РМ.

3. **НЕЗАРАЗНИ ЗАБОЛУВАЊА**
Континуирано ќе се спроведуваат активности за имплементација на Законот за евиденции во областа на здравството.
Регистарот за рак и регистарот за човечки ресурси во здравството ќе бидат потполно оперативни.

3.1.**Малигни неоплазми**
Се планира продолжување на активностите согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања.

3.2.**Сексуално и репродуктивно здравје**
Се планира да се продолжи со имплементација на активности од Стратегијата за сексуално и репродуктивно здравје, Протоколот и стандардите за абортус и квалитет на здравствена заштита и нега, како и со имплементација на Стратегијата за безбедно мајчинство.

Во рамки на ОРИО програмата се планира да започне спроведувањето на активности за ревитализација на породилиштата и обука на кадарот ( гинеколози, неонатолози и акушерки ) – со вкупна вредност од 1,9 милиони евра.
Преку проектот ќе се спроведе проценка на потребите за обука на гинеколози, акушерки, неонатолози и др. кадар, по што ќе се подготви план за обуки.

3.3. **Зависности**
**а**).**Дроги**
Се планира отворање на центар за зависници во градот Прилеп кој ќе функционира во рамки на психијатриското одделение на ЈЗУ ОБ Прилеп.

**б)Злоупотреба на алкохолот**:
Се планира воведување на нова програма кој би се однесувала на здравствена заштита на лицата зависници од алкохол што би овозможило одвојување на оваа здравствена тема од програмата за лекување на лица со болести на зависност и би се овозможило поефикасно и и побрзо решавање на проблемите на овие лица и подигнување на нивото на нивна здравствена заштита.

3.4.**Повреди и насилство**
Во 2012 ќе продолжат едукациите на здравствените професионалци согласно предвиденото во Стратегијата за превенција на семејно насилство, со примена на TEACH VIP модулот од СЗО.
Ќе се спроведат активности согласно Акциониот План за здравство за безбедност во сообраќајот на патиштата

3.5.**Ментално здравје**
Се планира да се спроведе анализа на постигнатите резултати и реализираните активности од Националната стратегија за унапредување на менталното здравје во РМ за периодот 2005-2012 и да се започне со подготовка на нова Стратегија заради обезбедување на одржлив развој.
Континуирано ќе се спроведува Програмата за здравствена заштита на лица со душевни болести

3.6.**Здравје и животна средина**
За спроведување на активностите поврзани со климатските промени и здравјето се планира обука на здравствените професионалци, како и подигање на општата свест на граѓаните. Се предвидуваат дополнителни истражувања кои ќе се базираат на воспоставување на мониторинг на одредените ризици поврзани со климатските промени по здравјето на населението и ќе се предлагаат мерки и активности за намалувањето и адаптацијата кон специфичните ризици посебно кај највулнерабилните групи.
Се планира финализација на Акциониот План за здравје на децата во релација со животната средина, Сите поголеми општини и оние кои имаат ризични здравствени индикатори по однос на здравјето на децата ке бидат обучени за изготвување ефикасни Акциони планови за здравје и животна средина и за механизмите за нивно финансирање и имплементација

3.7.**Храна и исхрана**
Континуирано ќе се спроведуваат активностите предвидени во Вториот акциски план за храна и исхрана.

4. **БЕЗБЕДНОСТ НА КРВ**
Се планира да се изврши реновирање на просторот во службите за трансфузиона медицина според стандарди и услови за работење во интегрираниот систем на функционирање, мрежно информатичка

поврзаност на службата и обуки за усогласување со Европското законодавство за инспекциски систем на крв (ЕУБИС)
Се планира во рамки на ИПА проектот “Зајакнување на системот за безбедноста на крвта” да се изврши набавка на специфична медицинска опрема во вредност од околу 620 000 евра.

5. **ТКИВА И КЛЕТКИ**
Донесување на подзаконските акти кои произлегуваат од Законот за земање и пресадување на делови од човечкото тело заради лекување со кои ќе се изврши усогласување со ЕУ мерките 32004L0023, 32006L0017,32010L0053 i 32006L0086.

# 3.29 **ЦАРИНСКА УНИЈА**

## 3.29.1 **ЗАКОНОДАВСТВО ОД ОБЛАСТА НА ЦАРИНА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**
**ПРАВНА РАМКА**
Во 2011 година продолжи процесот на усогласување на царинското законодавство со *Acquis*. Усвоени беа две измени и дополнувања на Царинскиот закон со донесување на Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2011 **и** 53/2011).

Со првата измена и дополнување (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2011) извршено е натамошно усогласување на одредбите од овој закон со Царинскиот закон на Заедницата, во делот што се однесува на постапката што се применува при внесување на стоката во царинското подрачје до одредување на царински дозволеното постапување или употреба, поднесување на царинска декларација изработена со техника на електронска обработка на податоци, употреба на излезна збирна декларација, одредбите за ослободување од плаќање на увозни давачки, транзитната постапка, како и постапката за обезбедување, настанување, евидентирање и наплата на царинскиот долг, со соодветна измена и дополнување на прекршочните одредби.

Со втората измена и дополнување на Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2011) уредено е постапувањето на засегнатите лица и Државниот управен инспекторат во случај на ненавремено постапување на царинските органи по поднесените барања за остварување на нивните права пропишани со Царинскиот закон во управна постапка во прв степен, како и за ненавременото постапување на второстепените органи кои решаваат по поднесени жалби. Со цел појаснување на примената на овие одредби од Законот, министерот за финансии донесе Правилник за формата и содржината на барањето за остварување на правото за донесување на одобрение, решение или друг акт објавен во Службен весник на Република Македонија број 82/11 и Правилник за формата и содржината на известувањето за недонесување на решение по поднесена жалба (Службен весник на Република Македонија број 82/2011).

Во тек е постапка на измена и дополнување на Царинскиот закон, со што се вршат измени во делот што се однесува на ослободувањето од плаќање на увозни давачки, со истовремено натамошно одложување на примената на дел од одредбите на Царинскиот закон. Овие измени се однесуваат и нивната примена е директно поврзана со ставањето во функција на новиот Систем за обработка на царинските декларации и акцизни документи (СОЦДАД), чија набавка е во тек и се спроведува од страна на Царинската управа, како и на одредбите што се однесуваат на формите на гаранциите и начинот на нивната употреба, начинот и постапката за одложување на плаќањето на царинскиот долг.

Исто така, извршено е изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон (Службен весник на Република Македонија бр. 141/2011 и исправка (Службен весник на Република Македонија број 147/2011 и 158/2011), со цел усогласување на одредбите содржани во неа, со измените и дополнувањата на Царинскиот закон од април 2011 година (Службен весник на Република Македонија

бр.44/2011). Во измените на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон извршено е натамошно прилагодување со одредбите на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон на Заедницата, во делот што се однесува на постапката за издавање на одобренија за овластени економски оператори, постапката што се применува при внесување на стоката во царинското подрачје до одредување на царински дозволеното постапување или употреба, поднесувањето на царинска декларација изработена со употреба на техника на електронска обработка на податоци, употребата на излезна збирна декларација, транзитната постапка, извозната постапка, како и постапката за обезбедување, настанување, евидентирање и наплата на царинскиот долг.

Во владина постапка е Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, во насока на одложување на примената на дел од одредбите на истата што се однесуваат на имплементацијата на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), како и на одредбите кои се однесуваат на формите на гаранции и начинот на нивната употреба и на начинот и постапката за одложување на плаќањето на царинскиот долг.

Препораката од царинските упатства (Customs Blueprints) на Европската комисија, дадена околу потребата за приближување на домашната регулатива со ЕУ стандардите за примена на царински надоместоци во делот на укинување на надоместоците за влез и престој на царински терминал, е целосно имплементирана со донесувањето на Правилникот за висината на надоместоците за извршените услуги и почетната висина на закупнината на деловниот и рекламниот простор на граничните премини за патен сообраќај, објавен во Службен весник на Република Македонија број 114/2011 година.

Во 2011 година донесен е Правилник а изменување и дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри што се употребуваат, објавен во Службен весник на РМ број 12/2011.Со оваа измена се појаснува примената на новите меѓународни правила за толкување на трговските термини ИНКОТЕРМС 2010 издадени од Меѓународната трговска комора (нови шифри DAT I DAP).

Донесен е Правилник за поблиските критериуми за застапување во царинските постапки и лиценци за вршење на застапување (Службен весник на Република Македонија бр. 107/2011 и 130/2011), со што се појаснува начинот на издавање на одобренија и лиценци за застапување, начинот на одржување на стручниот испит за лиценциран застапник и се пропишува формата и изгледот на одобрението и уверението за положен стручен испит, како и легитимацијата на царинскиот застапник.

Во собраниска постапка е Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за Царинска тарифа, со што се предлагаат делумни намалувања и укинувања на царинските давачки на повеќе видови на стоки што се наменети за повеќе индустрии и сектори. Со имплементирање на овие измени ќе се овозможи сукцесивно намалување на царинските давачки што ќе започнат да се применуваат во 2012 и 2013 година, за повеќе видови суровини, репроматеријали и машини, што својата примена ја наоѓаат во прехрамбената индустрија, металопреработувачката индустрија, индустријата за производство на автомобили, а истовремено се стимулира и развојот на транспортниот сектор и развојот на спортот и физичката култура.

Во постапка на донесување е Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2012 година и истата ќе се донесе од Владата на Република Македонија во декември 2011 година. Со донесувањето на оваа Одлука ќе се овозможи усогласување на номенклатурата на Царинсакта тарифа со превземените обврски од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, Конвенцијата за хармонизиран систем на Светската царинска организација и усогласување и менување на номенклатурата со Комбинираната номенклатура на ЕУ, при што целосно се транспонираат измените на Хармонизираниот систем на СЦО за 2012 година и Регулативата на Комисијата (ЕУ) Бр.1006/2011 (објавена во Службен весник на ЕУ бр. L 282 од 28.10.2011 година). Со овие измени се обезбедува целосно усогласување со Хармонизираниот систем (2012) на СЦО и Комбинираната номенклатура (КН) на ЕУ за 2012 година, при што се додадени околу 1300 нови тарифни ознаки, како и расчленувања на тарифните броеви на Хармонизираниот систем.

Во јуни 2011 година Република Македонија ја потпиша Регионалната конвенција за Пан-евро-медитерански правила за потекло. Конвенцијата е преведена на македонски јазик и се подготвува ратификационата постапка. Оваа Конвенција ќе ги замени сите постоечки протоколи за потекло кои се составен дел од договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги применува со другите земји, освен со Украина.

Во текот на 2011 година Царинската управа на Република Македонија усвои Стратегија за заштита на права од интелектуална сопственост 2011-2013 и Акционен план за спроведување на Стратегијата за заштита на правата од интелектуална сопственост.

Во јуни 2011 година донесен е Правилник за измена и дополнување на Правилникот за спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост (Службен весник на Република Македонија бр.82/2011), со што се укинаа пропишаните надоместоци во износ од 5.000 и 2.000 денари, што беа наплатувани за обработка на барањето за преземање на царински дејства за заштита на права од интелектуална сопственост, односно за обработка на барање за продолжување на рокот на барањето за преземање на царински дејства.

Во октомври 2011 година, донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост (Службен весник на Република Македонија бр. 135/2011), со што се прецизираа обврските на носителите на правото, според кои тие во пропишаниот рок од десет работни дена по добивањето на известување за привремено задржување на стока под сомневање дека истата повредува право од интелектуална сопственост, треба да го известат царинскиот орган дали со стоката е повредено право од интелектуална сопственост, со доставување на доказ за започната постапка пред надлежен суд или барање за спроведување на поедноставена постапка со писмена согласност за уништување на стоката. Доколку не го сторат тоа, Царинската управа може да ја укине одлуката за прифаќање на нивното барање за преземање на царински дејства, во кој случај носителот на правото го губи правото да поднесе ново барање пред истек на една година од денот на правосилноста на одлуката за укинување.

Со донесувањето на измените на Правилникот за спроведување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост (Службен весник на Република Македонија бр.82/2011), се брише членот 6 со што е определена висината, односно износот во денари за обработка на поднесено барање од носител на право од интелектуална сопственост кога се преземаат дејствија од страна на царинскиот орган. Со Предлог на Закон за изменување на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, кој закон е во Владина процедура, се предлага и бришење на одредбата од овој закон со која се пропишува основот дека може да се наплаќа овој надоместок во висина определена од министерот за финансии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Царинската управа воспостави надворешен портал за електронско поеднесување на барање за преземање на царински дејства во Електронскиот систем за управување со документи (EDMS), како и база на податоци на прифатени барања која е поставена на интранет порталот на Царинската управа, за интерна употреба и размена на информации помеѓу организационите единици.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во рамки на Проектот IPA 2008, ќе се изврши дополнително усогласување на Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон со царинското законодавство на ЕУ, особено во делот на одредбите за електронски транзит, во насока на остварување на неопходните законски услови за интероперабилност и интерконекции со системите на ЕУ и Конвенцијата за заеднички транзит, што е услов за воспоставување и користење на NCTS транзитниот систем, на што упатува и препораката од царинските упатства (Customs Blueprints) на Европската комисија.

Новите измени и дополнувања на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон ќе бидат во насока на усогласување на одредбите што се однесуваат на електронска транзитна постапка со одредбите на Конвенцијата за заеднички транзит. Со овие измени се воведуваат и дефинираат нови термини како на пример „транзитна испостава“, се дефинира употреба на нови видови на транзитни деклараации „Т-“, „Т2“ и „Т2 F “, се врши измена во прилозите кон Уредбата што се поврзани со употреба на транзитната постапка и се вршат други измени неопходни за спроведување на заедничката транзитна постапка, согласно правилата на Конвенцијата за заеднички транзит.

Ќе се извршат и дополнителни измени во Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри што се употребуваат, кој се очекува да биде донесен во 2012 година, согласно со одредбите на Конвенцијата за заеднички транзит. Со оваа измена ќе се регулира употребата на транзитните, извозните и влезните и излезните збирни декларации поднесени со употреба на техника на електронска обработка на податоци (електронски декларации) и употребата на дополнителните шифри за комјутерскиот царински систем што се употребуваат за пополнување на овие декларации.

Во 2012 година се планира понатамошно хармонизирање на Законот за царинска тарифа со Регулативата на Советот (ЕЕЦ) Бр. 2658/87 за тарифна и статистичка номенклатура.

Исто така, се планира донесување на Одлука за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2013 година, што ќе биде усогласена со Комбинираната номенклатура за 2013 година, како и усвојување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура што се донесени во тековната година со дополнување на Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура.

Царинската управа ќе подготви нови измени и дополнувања на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, со што ќе се допрецизираат обврските на носителите на правата за доставување на податоци поврзани со стоки што се оригинални (пред сé за производствената вредност на оригиналите), ќе се определи конкретен рок во кој носителите на право ќе бидат должни да спроведат уништување на стоката за која Царинската управа во поедноставена постапка донела одобрение за уништување, а воедно повредува право од интелектуална сопственост. Ќе се пропише и правото на Царинската управа по истекот на определениот рок за уништување сама да спроведе постапка за уништување на предметната стока, при што трошоците за уништување ќе паднат на терет на носителот на правото. Во соработка со Министерството за правда ќе се изврши и ревидирање на казнената политика воспоставена со овој закон, со можност за воведување на прекршочна одговорност за лицата кои пријавиле за влез, излез или транзит стоки кои повредуваат право од интелектуална сопственост.

По донесувањето на овие законски измени, ќе следуваат измени и дополнувања на Правилникот за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, особено на образецот на Барањето за преземање на царински дејства за заштита на права од интелектуална сопственост.

## ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Врз основа на донесените измени во законодавството (законските и подзаконските акти), Царинската управа ќе ги унапреди интерните процедури за спроведување на царинското и акцизното законодавство. При подготовка на унапредените интерни процедури посебно ќе се има во предвид новиот Систем за обработка на царински и акцизни документи.

Во тек се активностите од проектот на Владата на Република Македонија за воспоставување на интергиран електронски систем за управување со ризик – САР, кој има за цел да овозможи поефикасна, координирана, прекугранична контрола на стоките кои влегуваат во Република Македонија и да ја забрза постапката за спроведување на потребните формалности на граничните премини, со примена на

претходна анализа на ризиците и навремена размена на потребните информации помеѓу надлежните органи.

Во рамките на проектните активности од иницијалната фаза, во јануари 2011 година Владата на Република Македонија го усвои Елаборатот за воведување единствен електронски систем за анализа на ризик при спроведувањето на контролите при увоз и транзит на стока, подготвен од Работната група формирана од Владата. Во тек е фазата на планирање на проектот, во рамките на која се дефинирани новите работни процеси кои ќе бидат опфатени во САР системот и се работи на подготвката на корисничка и техничка спецификација на системот и усогласување на потребната регулатива за примена на системот .

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Царинската управа ќе работи на воведување на Модернизираниот царински закон на ЕУ и на Уредбата за спроведување на Модернизираниот царински закон. Со измените на царинското законодавство ќе започне постапка за целосно воведување на одредбите од МЦЗ и активности за негова целосна примена и практично спроведување, согласно препораката од царинските упатства (Customs Blueprints), која меѓудругото ја потенцира посебно потребата за усогласување во домен на доставување на информации пред пристигнување (pre-arrival) и пред тргнување (pre-departure) на пратките.

Во делот на ослободување од плаќање на увозни давачки ќе се изврши целосно усогласување со ЕУ Регулативата за ослободување од плаќање на царински давачки и нејзино вградување во националниот царински закон.

Царинската управа ќе учествува во измена на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба со што ќе се изврши усогласување со измените на Регулативата на ЕУ 428/2009 и менување на списокот од Листа 1 на Регулативата.

Ќе бидат донесени измени на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост и на Правилникот за примена на Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, за усогласување со новата регулатива на ЕУ за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, што ќе ги замени постоечките Регулативи бр.1383 од 2003 и бр.1891 од 2004 година.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Царинската управа ќе се организира институционално и ќе се прилагодува на измените во законодавството.

## 3.29.2 **АДМИНИСТРАТИВЕН И ОПЕРАТИВЕН КАПАЦИТЕТ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Царинската управа останува посветена на своите напори за достигнување на повисоко ниво на осовременување и усогласување со практичните препораки околу прецизните критериуми дефинирани според најдобрите практични спроведувања во ЕУ во домен на царина и оданочување (Customs and Fiscal Blueprints) и европското законодавство. Се следи развојот на оперативниот капацитет и врз основа на констатираните разлики помеѓу актуелната состојба и европските стандарди, се планираат идните реформски активности.

Во мај 2011 година во Царинската управа е донесен Стратешки план на Царинската управа на Република Македонија 2011 - 2013 година, кој ги одразува целите и задачите на Царинската управа за период од три години.

Во декември 2011 година ќе биде донесен Акционен план на Царинската управа на Република Македонија за 2012 година, во кој се определени мисијата на Царинската управа и нејзините институционални функции, визијата, задачите и обврските како што се определени во Стратешкиот план на Царинската управа 2011 - 2013 година, листа на стратешки приоритети и цели за периодот 2011 - 2013 година и акционен образец со активностите на службите во Царинската управа. При дефинирањето на Акциониот план прифатени се препораките од царинските упатства (Customs Blueprints) на Европската комисија кои укажуваат на неопходноста за прецизно дефинирани задачи на одделни организациони единици, со посебни функции и одговорности кои се предмет на разработени упатства за работни методи.

Во април 2011 година донесени се измени и дополнувања на Законот за Царинска управа (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2011), со што се изврши усогласување со Законот за кривичната постапка од кој произлезе нова надлежност за Царинската управа за превземање на мерки и активности и криминалистичко истражување на кривичните дела од областа на царинското работење и усогласување со Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со кој правото на приговор од областа на работните односи ќе се остварува пред посебен орган формиран од страна на Собранието на РМ. Со оваа измена и дополнување се изврши и допрецизирање на начинот на засновањето и престанокот на работниот однос, пробната работа, распоредувањето и дисциплинската одговорност на царинските службеници. Воедно се изврши изземање на вработените со стекнат статус на царински службеници од категоријата на државни службеници која се воведе за одредени надлежности кои ги врши Царинската управа. Како резултат на овие промени, направени се и соодветни измени во Правилникот за организација на работата на Царинската управа и Правилникот за систематизација на работните места. Донесените измени на Законот за царинска управа се дел од активностите кои во континуитет се преземаат на поле на подобрување на организацискиот и оперативниот капацитет, со усогласување со стандардите и најдобрите практични спроведувања во ЕУ.

Превентивните мерки за сузбивање на корупцијата во редовите на Царинската управа го опфаќаат севкупното функционирање на истата како институција и не се однесуваат само на статусот на вработените. Воспоставени се одржливи системи кои овозможуваат контрола на корупттивните и девијатни појави и нивно навремено спречување, континуирана непосредна контрола на профилирани ризици со постојано надоградување на сопствените институционални и административни капацитети. За таа цел изготвена е насока за начинот на однесување на царинските службеници и вработените во Царинската управа во случаите кога им се нуди поткуп, која е во согласност со препораките на GRECO.

Донесена е Стратегија за интегритет и борба против корупцијата во Царинската управа 2011-2014, во која се инкорпорирани принципите и обврските кои произлегуваат од меѓународните конвенции кои што Република Македонија ги ратификувала, а се однесуваат на Царинската управа и изложеноста на корупција и други оперативни ризици како Конвенциите на Советот на Европа за кривично право и граѓанско право (ЕТС 173 и ЕТС 174), Конвенцијата на ОН против корупција (Документ А/РЕС/58/4 од 2003). Доставена е информација до Владата на Република Македонија за степенот на реализација, која што е прифатена. Согласно препораките од Извештајот за постигнат напредок на Република Македонија од октомври 2011 година, Царинската управа како орган на извршување и спроведување на закони ќе биде одвоена во посебен столб во Акцискиот план на Државната програма за превенција и потиснување на корупцијата 2011-2015. Во завршна фаза се подготовките на планот каде што ќе бидат внесени посебни индикатори и активности за исполнување од страна на Царинската управа. Оттука, донесувањето на Акциониот план на Царинската управа за превенција од корупцијата е во зависност од донесувањето на Државната програма за превенција и потиснување на корупцијата 2011-2015.

Редефинирани се целните точки што се најподлежни на корупција, при што би следело континуирано анализирање и организиран надзор на сите нивоа. Воспоставена е евиденција на обврските превземени од Државната комисија за спречување на корупцијата. Царинската управа на Република Македонија учествува во Работната група на ЕУ за мерење на резултати од спроведувањето на законските регулативи и реформите. Во тек е донесување на соодветна методологија која во потполност ќе биде усогласена со стратешките цели на Царинската управа, со усогласени клучни индикатори за мерење на

успешноста на учинокот од царинското работење на замјите членки на ЕУ. Овие показатели треба да бидат вклучени во изготвување на Пилот проект за мерење на резултатите од спроведувањето на законските регулативи и реформите.

Во октомври 2011 година Царинската управа донесе Правилник за начинот на унапредување на царинските службеници со кој е утврден системот на унапредување на царинските службеници, односно начинот и постапката на остварување кариера. Истовремено се обезбедува унапредувањето да се врши во транспарентна постапка, врз основа на професионалните активности и квалификации на царинските службеници, нивната работна способност, завршените обуки во текот на работниот однос и оценката на работната изведба, независно од полот, расата, бојата на кожата, политичкото и верското уверување.

Во септември 2011 година е донесена Стратегијата за управување со човечки ресурси на Царинската управа 2012 - 2014, за развој на основните елементи на системот на управување со човечки ресурси во Царинската управа во периодот од 2011-2013 година. Со оваа Стратегија се утврдува целта на управувањето со човечките ресурси, основните принципи на управување, политиките за управување и стратешките активности за периодот 2012-2014 година, со цел обезбедување, градење, одржување и професионален развој на вработените. Стратегијата за управување со човечки ресурси ги отсликува позитивните чекори кои се преземаат за подобрување на управувањето со човечки ресурси, развојот на административните процедури, градење на кариера, унапредена обука и подигнато ниво на организациски капацитет, еднаков третман на сите вработени, во исполнување на препораката дадена со царинските упатства на Европската Комисија околу стратегија за управување со човечки ресурси, политики и системи за целосна поддршка на остварувањето на поставените цели.

Во текот на 2011 година поставени се критериуми за мерење на успешноста на прекршочните, управните, дисциплинските, кривичните предмети и застапувањето пред судовите, формиран е Комитет за развој на институционалниот и административниот капацитет на Царинската управа и уредена е постапката за доделување и одземање на ознаките на чиновите на царинските службеници.

Активностите преземени на поле на зајакнување на контролите и дејствувањата за обезбедување на примена на законските прописи, во изминатиот период беа конкретизирани со: донесување на Стратегија за управување со ризик 2011– 2014, одобрен проект за автоматизирана анализа и селекција на пратките согласно анализа и проценка на ризик, и информациите пред пристигнување од SEED системот, изготвена апликација за Електронска евиденција и издавање ТИР сертификати, електронски систем за евидентирање и следење на обемот на работа на граничните премини (промет на возила, патници, прекршоци, прегледи и др.) – СИМ, примена на стоп листи во Бордер апликацијата заради автоматизирана селекција на пратки на граничните премини. Преземените и претстојните планирани активности на овој план се базираат на европските стандарди за подобрена размена на информации, натамошно развивање на селективни модули (посебно разработени за граничните премини), сеопфатни програми за обука за вработените кои извршуваат оперативни функции и анализа на ризик.

Активностите на континуирано осовременување на работењето на Царинската лабораторија изминатата година опфатија регулирање на постапката на вршење на анализи и издавање на резултати, како и пропишување на начинот на одржување на опремата и работните простории, со донесување на соодветни упатства и воспоставување на прецизно дефинирани процедури. Во Царинската лабораторија се разработуваат и воведуваат стандардни методи, според регулативите на ЕУ и методи, согласно Лабораторискиот водич на Светска царинска организација.

Согласно препораките на првата ИТ мисија на DG TAXUD, Царинска управа превзема активности за развој и имплементација на нов СОЦД (Систем за обработка на царински декларации).

Во јануари 2009 година, Царинската управа склучи договор со Конзорциумот ИТАМАК, предводен од Царинската администрација на Република Италија, за имплементација на системот. Во април 2011 година истекоа крајните рокови утврдени со договорот, односно изведувачот не го испорача системот во договорениот рок. Царинска управа во насока на остварување на неопходните услови за

интероперабилност и интерконекции со системите на ЕУ, во септември 2011 година објави нов тендер за набавка на СОЦД.

Со овој проект, во периодот 2012 - 2014, Царинската управа ќе воведе и имплементира нов Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) - решение што во рамки на царинските и акцизните постапки ќе и обезбеди на Царинската управа управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, прифаќање, евидентирање, обработка, архивирање), контрола на движењето на акцизните стоки и размена на електронски пораки во рамки на автоматско административно вршење на операции, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на Европската унија и Светската царинска организација.

Стратешката цел за воспоставување на безхартиена околина ќе биде обезбедена со имплементација на електронска декларација. Овој систем ќе обезбеди размена на податоци помеѓу царинските органи и економските оператори, како и помеѓу царинските органи и другите владини институции. Во рамките на имплементацијата на нов СОЦДАД предвидена е интерконекција со NCTS и ITE системите на ЕУ, што ќе биде реализирано преку проекти финансирани од IPA 2008 и IPA 2009. Со имплементирање на новиот Систем на обработка на податоци ќе се воведе и интегрирана царинска и статистичка номенклатура на ЕУ -TARIC (ТАРИМ), во насока на остварување на стратешките приоритети, како ште се зголемување на бројот на компании кои користат поедноставени постапки и засилувањето на механизмите на надзор.

Предвидена е фазна испорака на СОЦДАД во следните фази:

Фаза 1 - Систем за транзит и подсистемите на СОЦДАД (со планирана реализација до 31.08.2012)
Фаза 2 - Системи за увоз и контрола на увоз (со планирана реализација до 31.12.2012)
Фаза 3 – Системи за извоз и контрола на извоз (со планирана реализација до 30.04.2013)
Фаза 4 - Системи за управување со акцизи, заштита на интелектуална сопственост и царинска лабараторија (со планирана реализација до 31.08.2013)
Фаза 5 - Финална СОЦДАД интеграција (со планирана реализација до 31.12.2013)

Во ноември 2011 година заврши втората фаза за унапредување на EXIM системот во рамките на која е извршена подготовка на EXIM системот за интегрирање со CDPS системот на Царинската управа, интегрирање на EXIM системот со Системот за следење на ветеринарните пратки на Агенцијата за храна и ветеринарство. Изработени и имлементирани се потребните измени за пренесување на контролата на Државниот инспекторат за земјоделие од внатрешните терминали на граничните премини, извршени се измени за воведување на нови и укинување на постоечките дозволи, како резултат на измените во законската регулатива, изработени се повеќе регистри и нови прегледи. Изработен е нов модул за евиденција на дозволите за меѓународен превоз на стоки и патници. Извршена е безбедносна ревизија на системот и имплементирани се доставените забелешки.

Во ноември 2011 започна третата фаза за унапредување на системот, која се реализира во рамките на договорот за тековно одржување на EXIM системот. Истата треба да се реализира до февруари 2012 година, во која е предвидено унапредување на функциналностите на системот и имплементација на измените во регулативата која се однесува на оваа област.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Реформите што ги спроведува Царинската управа за засилување на организациската и оперативната ефикасност, преку спроведување на исправни, систематски и ефективни царински контроли на граничните премини, олеснување на легалниот премин на патници и стока, обезбедување на наплата на царинските давачки, обезбедување на јавната безбедност и засилување на капацитетите ангажирани во борба против измами и корупција, беа поддржани од Проектот IPA 2007 „Техничка поддршка за засилување на граничната контрола“, финансиран од Европската унија, кој заврши во првиот квартал на 2011 година.

Засиленото залагање во борбата за спречување на нелегалната трговија и криминалните активности, се манифестираше во континуитет и преку соработката со другите институции. Во септември 2011 година потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, Управата за финансиска полиција и Народната Банка на Република Македонија, со што се регулира начинот на остварување на координација и меѓусебна соработка во областа на сузбивање на фалсификувањето на пари. На полето на делување за сузбивање на фалсификување на пари, остварени се и заеднички обуки и воспоставена е Централната канцеларија за истраги во областа на борбата против сузбивањето на фалсификување пари, при Министерството за внатрешни работи. Заедничките обуки ќе продолжат да бидат составен дел на активностите остварувани во соработка со другите институции што се одговорни за истраги и спроведување на закон, како една одредница дефинирана со европските стандарди.

Определеноста за подобра соработка со другите институции и органи беше потврдена и со склучувањето на Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка меѓу органите за надзор на пазарот и Царинската управа (февруари 2011), со кој се уредува координацијата на надзор на пазарот за производите кои се внесуваат на пазарот, како и примената и општите принципи на „СЕ“ означувањето.

Од работата на Координативното тело за надзор на пазарот, произлегоа заклучоци околу групите на производи за кои при увозот се спроведуваат краткорочни зајакнати мерки на надзор преку профилирање на критериуми на ризик. Преку обука царинските службеници беа воведени во одредбите од Законот за надзор на пазарот, за успешно препознавање на производите и дефинирање на групата на производи во која спаѓаат.

Изготвен е Предлог проектен план за имплементација на модул „Надзор на пазарот“ во апликацијата СИМ, со цел да се обезбеди електронска база на податоци, еднообразен пристап и олеснување на размената на информации со органите за надзор на пазарот.

Согласно Стратегијата за развој на ИКТ и Стратегијата за имплементација на интероперабилност, изготвени од Царинската управа и усвоени од Владата на Република Македонија, се дефинираа следните активности со план за нивна реализација (Активности согласно Стратегијата за развој на ИКТ), Активности за спроведување на политиката за управување со човечки ресурси во ИКТ Секторот, Анализа и планови за обука согласно потребите, Подготовка и реализација на план за ангажирање на надворешна поддршка, Воведување и примена на методологија за севкупно управување со проекти, Консолидација на системите (софтверски и хардверски платформи), Ажурирање на постојните и воведување на стандардни оперативни (ИТ) постапки, Воспоставување на систем за заштита на податоците и возобновување по катастрофа.

Согласно препораката дадена по оценувањето според најдобрите практични спроведувања во ЕУ во домен на царина (Customs Blueprints), во врска со односи со јавноста и комуникација, каде акцент се става на промовирањето на новата улога на Царината и обезбедување на потребни информации за медиумите, изготвена е Стратегија за односи со јавноста на Царинската управа. Основна цел на Стратегијата е навремено, точно и организирано доставување на информации до сите интересни групи. Предвидените активности ќе бидат насочени кон тоа да се обезбеди подобро разбирање на улогата на Царинската управа, одржување на политичка и јавна доверба, поддршка и позитивен став кон Царинската управа и нејзините вработени преку двонасочен проток на информации, промовирање, претставување и пренесување на резултатите и успесите постигнати во царинското работење пред јавноста, подигнување на свеста кај јавноста околу тоа дека работата на царинските службеници е од суштинска важност за јавното добро и безбедност.

Во мај 2011 година во Регионалниот тренинг центар на Светската царинска организација во Скопје се одржа Регионална работилница за Рамката на стандарди на Овластен економски оператор, а со цел да се испита процесот на имплементација на Рамката на стандарди на Светската царинска организација и концептот на Овластен економски оператор, кој вклучува донесување на Програма за воспоставување на концептот за Овластен економски оператор.

Во април 2011 година донесена е Стратегија за работа на Регионалниот тренинг центар на Светската царинска организација во Скопје. Стратегијата ги дефинира целите и политиката, системот на обуки и целните групи, како и поврзаните ризици. Овој документ е наменет да ги подобри регионалните активности за обука, да обезбеди програми за континуирани специјализирани обуки и стручни обуки за царински службеници и бизнис заедницата, да овозможи унапредување на царинските службеници во професионалната стручност, во согласност со стандардите на Светската царинска организација, користење на современи методи и форми за обезбедување на континуирани обуки, обезбеди платформа за е – учење.

Во јануари 2011 година донесена е Стратегијата за обуки и стручно оспособување на царинските службеници. Стратегијата треба да воспостави одржлив, стабилен и сеопфатен систем за обука и развој на царинските службеници кој ќе ги задоволи различните потреби на царинските службеници на Царинската управа и царинските службеници како поединци и воедно ќе придонесе кон остварување на стратешките цели на државата и на Царинската управа. Во стратегијата се утврдува политиката и се дефинира системот на обуки што ќе овозможи Царинската управа да ги оствари целите утврдени со законот и стратешкиот план – ставање на вкупните потенцијали на вработените во функција на создавање на професионална и компетентна Царинска служба, способна да даде услуги со висок квалитет. Стратегијата за обуки и стручно оспособување на царинските службеници треба да обезбеди поширок круг на интерактивни методи на обука, развиени со целосно искористување на можностите за обука, согласно најдобрите практични спроведувања во ЕУ.

Во јули 2011 година донесена е Програма за физички тренинг и совладување на боречки вештини на царинските службеници, според која ќе се спроведуваат активностите на физичко оспособување и обука за ракување со оружје.

Во текот на 2011 година во рамките на Програмата Царина 2013, беше преведен курс за електронско учење за за ДДВ Директива на ЕУ и истиот е поставен на интернет и интранет страната на Царинската управа. Потпишан е меморандум за преведување на курсот за електронско учење за Систем за следење на акцизни производи.

Активности на осовременување на Царинската служба се спроведуваа и на поле на подигнување на стандардите на граничните премини, согласно препораките дадени според царинските упатства на Европската комисија, во врска со потребата за редизајнирање на граничните премини во Република Македонија. Во рамките на Проектот TTFSE II, изградени се нови и реконтструирани се постоечките објекти на граничниот премин Блаце-патнички. За дополнително олеснување на протокот на стока и патници, со зголемување на капацитетот на граничните премини, се спроведуваат подготовки за градба за влезно-излезни терминали со сите пропратни содржини на ГП Ќафасан и излезен терминал на ГП Табановце (подготовка на проектна техничка документација и документација за дозволи).

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Во 2012 година ќе биде донесен нов закон за Царинска управа со што ке се допрецизираат надлежностите на Царинската управа согласно измените во законската регулатива на системските закони од областа на царинското работење кои ги следат европските текови и измени и ќе се доуредат одредени правни поими и институти, што ќе придонесе за подобро и пофункционално работење на Царинската управа.

Во 2012 година ќе бидат започнати и финализирани првите две фази на испорака на Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), кои опфаќаат воспоставување на Систем за транзит и подсистемите на СОЦДАД и Системи за увоз и контрола на увоз. Во рамките на четвртата фаза за унапредување на EXIM системот, планирани се активности за изработка на потребните измени и унапредувања на системот и негово интегрирање со новиот електронски систем за управување со ризик (САР), кој треба да се воспостави како резултат на активностите во рамките на

прокетот на Владата на Република Македонија  за воспоставување на интергиран електронски систем за управување со ризик – САР.

Царинската управа ја уважува препораката произлезена од Регионалниот проект за царински и даночни стандарди, која укажува на потребата да се продолжи со примена на SEED апликацијата, како средство за поддршка на активностите за спроведување на закон и на активностите преземани на поле на безбедност и сигурност.Проектот SEED кој има за цел да се воспостави систем за размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Македонија и царинските администрации на Косово, Србија и Албанија, по успешно спроведена прва фаза (како дел од проектот ТАСТА на ЕУ со кој се обезбедува техничка помош на земјите во регионот и изработка на заедничкиот домеин од софтверско решение) сега се спроведува во втора фаза, со поддршка на меѓународниот проект во рамките на IPA 2010- Систематска електронска размена на податоци во земјите на Западен Балкан (Systematic Electronic Exchange of Data (SEED) in the Western Balkans). Активностите од оваа фаза кои се планирани да бидат реализирани до крајот на првото полугодие на 2012 година, опфаќаат: техничка помош за корисниците во реализирањето на проектните активности и набавка на консултански услуги за набавка на потребната опрема и лиценци за софтвер кои се потребни за оперирање со SEED апликациите. Финансирањето  и набавката на опремата ќе бидат одговорност на администрациите кориснички или ќе бидат обезбедени со друга помош од потенцијални донатори.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Царинската управа во рамки на постапката за набавка на новиот софтвер за обработка на царински декларации и акцизни документи-СОЦДАД, предвидува нова апликација за евидентирање на заплени по основ на повреда на права од интелектуална сопственост. Со оваа апликација значително ќе се унапреди системот на водење на евиденција за прифатените барања за преземање на царински дејства и за задржаните стоки за кои постои сомневање дека повредуваат право од интелектуална сопственост. Спроведувањето на оваа активност ќе претставува уште едно исполнување на европски стандард, изнесен како препорака при последното оценување на административниот и оперативниот капацитет, извршено во рамки на Регионалниот проект за царински и даночни страндарди.

Активностите планирани на поле на заштита на правата од интелектуална сопственост ќе опфатат и јавна кампања за подигнување на свеста за штетните последици по здравјето од користење и употреба на фалсификувани производи, особено кај најмладата популација. Предлог програмата за реализација на капмањата е во завршна фаза на подготовка.

Институционалното уредување и организирање за поуспешно делување во домен на царински истражни активности, во годината што следи ќе опфати меѓу другото и усогласувања според новиот Закон за кривична постапка кој стапува на сила во ноември 2012 година, донесување на Стратегија за спречување на нелегална трговија со наркотични средства и средства кои ги загрозуваат здравјето на луѓето, донесување на Стратегијата за спречување на нелегална трговија со  оружје, воспоставување на систем на размена на информации во електронска форма од авиокомпаниите (пред-полетување и пред-пристигнување) и автоматизирана анализа и селекција на патници и стоки врз база на проценка на ризик со цел справување со безбедносни закани, воспоставување на систем на автоматизирана анализа и селекција на пратките согласно анализа и проценка на ризик, и информациите пред пристигнување од SEED системот, воспоставување на автоматизиран систем за информирање (нотификации) за промена на податоци на регистрирани ризични компании и статус на лица во истите (со цел ефективно справување со евентуално избегнување на давачки), имплементација на електронски модул за „Надзор на пазарот“ (со проширување на модулот и изработка на софтверското решение за електронска размена на информациите и известувањата помеѓу Царинската управа и органите за надзор на пазарот.

Планирано е одржување на презентација за подобро разбирање на Насоката за начинот на однесување на царинските службеници и вработените во Царинската управа во случаите кога им се нуди поткуп. Ќе се воспостави Бенчмарк за оценување на успешноста во превенција на корупцијата и јакнење на интегритетот во Царинската управа.

Во зависност од примената на новиот Закон за кривична постапка предвидени се процедури и инструкции за вработените во Секторот за професионална одговорност и нивна обука. Според новиот Правилник за организација на работата на ЦУРМ е планирано воведување на Одделение за интегритет во состав на Секторот за професионални стандарди.

Предвидено е најмалку 20% од вработените царински службеници вонредно да ротираат согласно донесеното Упатство за прераспоредување и ротација на вработените во Царинската управа, особено оние кои работат на работни места профилирани со висок ризик на корупција и незаконито постапување.

Секторот за професионална одговорност ќе продолжи со детална анализа и адаптирање на определените целни точки кои се најподлежни на корупција, како и со евиденција на обврските преземени од Државната комисија за спречување на корупција. Во тек е донесување на соодветна методологија која што во потполност ќе биде усогласена со стратешките цели на Царинската управа, со усогласени клучни индикатори за мерење на успешноста на учинокот од царинското работење на замјите членки на ЕУ. Овие показатели треба да бидат вклучени во изготвување на Пилот проект за мерење на резултатите од спроведувањето на законските регулативи и реформите.

Во 2012 година ќе биде донесен нов Правилник за организација на работата во Царинската управа со кој ќе се направат поголеми промени во организациската структура на Царинската управа. Новите организациони единици во Царинската управа ќе бидат конституирани врз основа на принципот на функционална поделба на основните работни процеси во Царинската управа, како и подржувачките и споредните работни функции во корелација со основните и витални работни просеци. Притоа ќе бидат земени во предвид и сите измени во законската регулатива произлезени од самиот процес на работа, или произлезени од усогласувањето на националното со европското законодавство.
Како резултат на донесениот Правилник за организација на работата во Царинската управа ќе биде донесен и нов Правилник за систематизација на работните места во Царинската управа, со кој ќе се оформат описи на работни места според современи европски стандарди, со збир од компетенции, способности и вештини карактеристични за секое работно место, соодветно оценување т.е. вреднување на работните места и нивна систематизација и екипирање.

За поблиско доближување до европските стандарди и за исполнување на условите за акредитација на Царинската лабораторија, во текот на 2012 година ќе се посвети посебно внимание на доквалификација на вработените во Царинската лабораторија, преку обуки планирани согласно барањата на стандардот 17025. Се очекува Лабораторијата да биде акредитирана најдоцна до 2015 година.

Во рамки на проектот за воведување на NCTS предвидени се подготвителни обуки за клучни корисници, кои ќе продолжат и во 2012. По завршување на обуките за клучните корисници се предвидуваат обуки за обучувачи, кои потоа ќе ги обучат царинските службеници. Активностите на обука во врска со транзитната постапка, ќе се реализираат согласно препораката на царинските упатства на Европската комисија, како надоврзување на активностите што треба да бидат преземени за надополнување на капацитетите ангажирани во домен на транзит.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Со Стратегијата за развој на ИКТ и Стратегијата за имплементација на интероперабилност се утврдија потребите, чекорите и модалитетите за отпочнување на административната процедура за поврзување со ЕУ системите, пред се CCN/CSI и NCTS, како и ITE.

Согласно тоа е реализиран настапот по однос на ИПА фондовите, со следните активности:

Во рамки на ИПА 2008, „Interoperability of the Customs Administration of the Republic of Macedonia IT System with the EU Customs IT Systems – NCTS and CCN/CSI“, предвидени се следните активности:
- Техничка асистенција во управувањето со имплементацијата на NCTS,
- Развој на софтвер (Имплементација на NCTS)

Во рамки на ИПА 2009 - Имплементација на Интегриран тарифен систем на Европската заедница (Community Integrated Tariff Environment – CITE), ќе бидат извршувани следниве активности:

- Техничка асистенција во управувањето со имплементацијата на ITE (Интегрирана тарифна околина - Integrated tariff environment);
- Имплементација на ITE;
- Набавка на потребната опрема.

Во рамки на ИПА 2010, планирано е понатамошно усогласување на царинското и акцизното законодавство. Посебен акцент ќе биде ставен на усогласување на законодавството со Модернизираниот царински закон на ЕУ и регулативата за имплементација на истиот. Паралелно, ќе се пристапи и кон зајакнување на капацитетите во доменот на управувањето со акцизите.

Во рамки на ИПА 2011, во контекст на засилувањето на капацитетите за исполнување на обврските за членство во ЕУ, преку Компонентата за спроведување на правата од интелектуална сопственост, поткомпонента - Засилување на капацитетите на Царинската управа за примена и спроведување на правата од интелектуална сопственост, планирано е да се даде придонес кон економскиот развој на државата преку ефективна и соодветна заштита и спроведување на правата од интелектуална сопственост, во согласност со европските и меѓународните барања. Проектните активности особено ќе придонесат кон понатамошно усогласување со законодавството и постапките на ЕУ и најдобрата пракса во спроведувањето на правата од интелектуална сопственост од страна на Царината, како и понатамошно засилување на оперативните капацитети за: развој на стратегија за спроведување на истраги за можно присуство на криминал, примена на методологии и техники за присилно спроведување на законодавството и воспоставување на подобрена анализа на ризик и систем за управување со ризикот во оваа област.

Имплементиран е Интегриран информациски систем (IIS). За правилно и безбедно користење на системот донесени се кориснички упатства и прирачници . Во тек е надоградување на истиот. Системот опфаќа автоматизација на процесите на работа во сите организациони делови на Царинската управа. ИТ решението на IIS го сочинуваат повеќе модули, софтверски компоненти и решенија за нивно интегрирање како Систем за електронско управување на документи (EDMS) преку електронско архивирање и проследување на предметите, Систем за управување со човечки ресурси (HRM) и Систем за планирање на ресурси (ERP) планирање на ресурсите и материјално и финансово работење. Посебно се обработени модулите Прием на кадрови, Мерење на учинок на вработените и Евиденција на анкетни листови за вработените. Направен е тест за воведување на потполна интеграција на податоците од системот за работно време и прекувремена работа со ERP системот за пресметка на платите за вработените во Царинската управа.

Системот за електронско управување со документи (EDMS) опфаќа архивирање и обработка на електронски документи и електронски копии на хартиени документи, циркулирање на електронски документи и електронски потпис, електронско следење на статусот на документите од аспект на подготовка, дистрибуција, движење, архивирање, локација, автентичност, безбедност и историја. Системот опфаќа 170 идентификувани и опишани работни процеси, утврдува максимални рокови за завршување на работните процеси, идентификува врски помеѓу работните процеси, стандардни типови на документи и електронско потпишување на документите. Во јуни месец годинава имплементирани се следниве нови функционалности: водење на Деловодник за доверливи предмети и документи, унапредено водење на предмети за кои се спроведува управна постапка и прекршочна постапка. Во тек е развој на нови функционалности за Евиденција на наплатени административни такси и Евиденција на мандатните казни, како и имплементација на посебен модул во системот LUCA за дисциплинските постапки и нивно поврзување со тужбите од вработени. Истиот е надограден со алатка за водење на историја на промени и пристапи во EDMS, со можност за електронско потпишување, електронско водење и наплата (преку СМС) на административни такси, електронско водење на мандатни казни за физички и правни лица. Во овој период ќе се врши нивно постојано ажурирање и надградување.

Царинската лабораторија до 2015 година планира да има акредитирана лабораторија, воглавно за две групи на аналитички методи во делот на акцизни стоки - аналитички методи за нафта и нафтени деривати и аналитички методи за анализа на алкохол и алкохолни производи. Активностите што ќе бидат

преземени за акредитација на Царинската лабораторија, ќе се одвиваат согласно препораката од царинските упатства на Европската комисија за потреба за доекипирање, систем за управување со квалитет базиран на меѓународно признаени стандарди за квалитет, дообучување на вработените во лабораторијата за примена на аналитичките методи користени за царински цели.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

За овозможување на функционална интерконекција со европските системи, во периодот на потпишување на Конвенцијата за заеднички транзит на Европската унија, потребно е поставување на CCN/CSI гејт.

Тоа се однесува на поставување на комуникациона опрема со европските системи - CCN/CSI преку следните активности:

- Воспоставување на тим за реализација на интерконекцијата;
- Набавка на опремата;
- Интеграција на CCN/CSI инфраструктурата и NCTS системот и инсталација на CCN/CSI hardware и software;
- Задолжителни тестови за интерконекција за CCN/CSI;
- Оперативни обуки за користење, CCN/CSI одржување и central help desk функционалности.

Во периодот од 2012 до 2014 година ќе се врши натамошно унапредување на капацитетот за управување со човечки ресурси, преку постоечките и нови механизми: доизградување на системот за унапредување на постапката за селекција и избор на кандидати, изградување на критериуми и постапка за систем за самооценување на вработените во однос на сопствените резултати од работењето, условите на работењето и задоволството на вработените од своите работни места и задачи преку изготвување на прашалници и анкети. Ќе биде донесен и нов акт за следење на развојот на вработените и нивното унапредување.

Во престојниот период од 2012- 2015, ќе следат активности за реорганизација на Службата за царинска лабораторија и делувања за подобрување на инфраструктурните и техничките услови во лабораторијата, докомплетирање на документацијата, усовршување на вработените за вршење на хемиски анализи согласно барањата на стандардот ИСО 17025, преку реализирање на обуки, меѓулабораториски тестови и соработка со други царински лаборатории, со поддршка на програмата Customs 2013 или други проекти.

# 3.30 **НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ**

## 3.30.1 **ЗАЕДНИЧКА ТРГОВСКА ПОЛИТИКА**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Република Македонија во 2011 година продолжи да ја спроведува трговската политика во согласност со превземените меѓународни обврски кои произлегуваат од членството во Светската трговска организација (СТО), од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ЦЕФТА, и другите спогодби за слободна трговија со кои се преземени обврски за повластен трговски режим.

Исто така, се продолжи со доставување на нотификации во СТО за мерките кои беа преземени во областа на трговската политика, со цел за спроведување на обврските кои произлегуваат од мултилатералните спогодби за трговија со стоки. За преземените привремените мерки од областа на трговската политика, се информираа и надлежните служби на Европската комисија согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација.

Во врска со тековната рунда на мултилатерални трговски преговори кои се водат во СТО - *Развојна агенда од Доха* (Doha Development Agenda), Република Македонија има статус на земји членки кои скоро пристапија (RAM - Recently Acceded Members) од кои нема да се бара да преземаат натамошни отстапки, како што се во земјоделството и NAMA (Non Agricultural Market Access). Во другите области за кои се водат преговори, Република Македонија, како земја кандидат за членство во ЕУ, продолжи да ги координира и усогласува своите ставови со ставовите на ЕУ.

Република Македонија од почетокот на 2011 година активно беше вклучена во имплементација на приоритетите по Програмата на претседавачот за ЦЕФТА 2006 во 2011г. Тоа се однесуваше на отворање на владините пазари за јавни набавки и постигнување усклaденост во конкуренцијата, како и утврдување на заедничките интереси и цели околу влегување во преговори за либерализацијата во услугите. Во рамките на активностите на ЦЕФТА 2006 за либерализацијата на трговијата со услуги одржан е состанок на Работната група за трговија со услуги при што се констатира потребата од согледување на постојните бариери во услужните сектори, заради оцена на отвореноста на пазарот на услуги во земјите.

Во телата на ЦЕФТА расправано е за елиминирање на нетарифните бариери и техничките бариери во трговијата на ЦЕФТА земјите, поддржано од согледувањата на студиите во рамки на активностите и проектите кои се реализираат во ЦЕФТА, Остварени се билатерални контакти со некои земји на ЦЕФТА со цел елиминирање на воведени нетарифни бариери бо билатералната трговија. Особено се интензивира изготвувањето на препораки и извештаи во рамки на Проектот за Мултилатералната мониторинг рамка за елиминирање на нетарфните бариери финансиран од ОЕЦД,. Започна со функционирање Трговскиот веб портал на ЦЕФТА земјите , при што се имплементира Акцискиот план во рамки на активностите на Task Force.

Дополнителниот протокол за либерализацијата во земјоделието беше ратификуван и започна да се применува за Р.Македонија, Р.Албанија од 13.11.2011г. Република Македонија договори целосна либерализација во трговијата со земјоделско- прехранбени производи со Република Албанија, а со Република Молдова договорена е целосна либерализација, освен за виното каде е договорена билатерална квота. Имплементацијата на овие измени во Анекс 3 кон Дополнителниот Протокол со Република Молдова ќе започне по известувањето од Депозитарот за завршениот процес на ратификацијата на Дополнителниот Протокол во Република Молдова.

Функционирањето на телата во рамки на ЦЕФТА се одвиваше согласно Договорот, односно роковите за имплементација на целите на Договорот врз основа на Програма на претседавачот на ЦЕФТА. за 2011г., Република Косово.

На состанокот на Мешовитиот Комитет на ЦЕФТА, страните ја поддржаа имплементацијата на Програмата на претседавачот за 2011г., Република Косово. како и функционирањето на телата во рамки на спроведување на приоритетите по Програмата.
Со ЕФТА, во текот на 2011 се превземаа активности околу започнување со примена на дијагоналната кумулација помеѓу Р.Македонија, Р.Албанија и Р.Србија.

Регионалната конвенција за Пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло на стоките, која Република Македонија ја потпиша на15 јуни 2011 година со 47 земји членки, и истата по ратификацијата од страна на Република Македонија ќе овозможи вклучување на Република Македонија во Пан-евро-мед кумулацијата на потекло на стоките.

Во ноември 2011 година направена е компаративна анализа со посебен осврт на регулирањето на активностите од кредитното осигурување, издавање на гаранции и осигурување на истите, со конкретен акционен план за спроведување на потребните активности за регулирање на среднорочното и долгорочното осигурување.

Во 2011 годината успешно се применуваше Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба (Сл. весник на РМ бр. 158/2010) со што се

врши усогласување на законот со новата Регулатива на Советот (ЕЗ) 428/2009, со која се утврдува контролата на извозот, трансферот, брокерингот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба.

Во областа на режимот за контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба, во 2011 година, се применуваше *Одлуката за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба* (Службен весник на Република Македонија бр. 148/08). Листата на стоки и технологии со двојна употреба целосно е преземена од регулативата 32004R1504, Анекс 1.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Надлежни институции за спроведување на трговската политика во Република Македонија се Министерството за економија, Министерството за финансии и Царинската управа на РМ.

Со цел јакнење на административните капацитети, во 2011 година вработените од Министерството за економија од Секторот за меѓународна трговска соработка учествуваа на семинари организирани од Светската трговска организација: Регионален семинар Спогодбата на СТО за решавање на спорови, Техники за водење на трговски преговори.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Република Македонија ќе продолжи со имплементација на преземените обврски кои произлегуваат од пристапувањето кон СТО како и обврските кои произлегуваат од другите договори за слободна трговија. Во Царинската тарифа за 2012 година ќе се изврши намалување на царините во согласност преземените обврски од СТО, со што завршува транзитивниот период за намалување на царините за индустриските производи и целосно ќе бидат спроведени преземените обврски од Протоколот за пристапување во СТО.

Во декември 2011 година Република Македонија како членка ќе учествува на осмата Министерска конференција за СТО. Во врска со мултилатералните трговски преговори - Развојна агенда од Доха (Doha Development Agenda), Република Македонија, како земја кандидат за членство во ЕУ, ќе продолжи да ги координира и усогласува своите ставови со ставовите на ЕУ во областите кои се од заеднички интерес.

Република Македонија ќе продолжи со имплементацијата на ЦЕФТА и на Дополнителниот протокол за либерализацијата во земјоделството кон ЦЕФТА. Исто така во наредниот период активно ќе биде вклучена во имплементација на приоритетите по Програмата на претседавачот (Република Албанија) за ЦЕФТА 2006 во 2012 година.

Ќе продолжат потребните активности на ЦЕФТА Работната група за трговија со услуги согласно усвоениот Акционен план за периодот 2011 – 2012 година во кој се содржани активности за оцена на потенцијалите и за започнување на преговори за либерализација на трговијата со услуги во рамки на ЦЕФТА со динамика на нивна реализација.

Р.Македонија, Р.Албанија и Р.Србија од 1 јануари 2012г. ќе започнат со примена на дијагоналната кумулација со ЕФТА земјите.

Република Македонија ќе ја ратификува Регионалната конвенција за Пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло на стоките, со што ќе се овозможи вклучување на Република Македонија во Пан-евро-мед кумулацијата на потекло на стоките.

Во рамки на Програмата на приоритетите на Претседавачот на ЦЕФТА за 2012г. и заедно со ОЕЦД Проектот ќе се превземаат интензивни активности за намалување на можностите за појава на нетарифните и техничките бариери во иднина. Исто така ќе се превземаат активности за реализација на Акциониот план за функционирање на Трговскиот веб портал со цел транспарентност во информирањето на бизнис заедницата.

До крајот на 2012 година планирано е транспонирање на Директивите 31998L0029 и 31984L0568, како и Одлуките 32001D0076 и 32001D0077 кои се однесуваат на заедничките принципи и критериуми на земјите членки на ЕУ во сферата на извозното осигурување во закон за осигурување на извозот.

### 3.30.2 **БИЛАТЕРАЛНИ ДОГОВОРИ СО ТРЕТИ ЗЕМЈИ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Министерството за економија - Секторот за меѓународна трговска соработка и Министерството за финансии - Секторот за финансиски систем, се надлежни за билатералните договори со трети земји.

Република Македонија има склучено повеќе договори за трговско- економска соработка со други држави, кои ќе треба да се усогласат со обврските што произлегуваат од членството во ЕУ. Договорот помеѓу Владата на Р. Македонија и Владата на Романија за економска, научна и техничка соработка е потпишан на 6.10.2011г .

Во 2011 г. Влегоа во сила Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и владата на Унгарија и Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора .

Република Македонија досега има потпишано 37 билатерални договори за поттикнување и заемна заштита на инвестиции. Од сите потпишани договори, 31 договор е стапен во сила, додека 6 договори се ратификувани од Собранието на Република Македонија и се чека известување од соодветните договорни страни дека интерните процедури во нивните земји се завршени како би можеле и овие договори да стапат во сила.

Од вкупниот број потпишани договори, 16 договори се потпишани со земји членки на Европската Унија и сите 16 договори се стапени во сила.

Во текот на 2011 година потпишани се Договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Литавинија и Република Македонија и државата Катар.
Исто така во текот на 2011 година беше ратификуван Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестиции меѓу Република Македонија и Црна Гора.

Во 2011 година три Договори за поттикнување и заемна заштита на инвестиции стапија во сила и тоа Договорите за поттикнување и заемна заштита на инвестициите меѓу Република Македонија и Кувајт, меѓу Република Македонија и Словачка и меѓу Република Македонија и Црна Гора.

Република Македонија во ноември 2011 година покрена иницијатива за отпочнување на постапки за усогласување на текстот на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестиции со нови 33 држави. Динамиката на преговарање и усогласување со овие држави ќе биде утврдена дополнително во зависност од покажаниот интерес од нивна страна и од утврдените приоритети на Република Македонија.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Министерството за економија - Секторот за меѓународна трговска соработка и Министерството за финансии – Секторот за финансиски систем, се надлежни за усогласување и парафирање на билатералните договори со трети земји.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Република Македонија ќе продолжи со активностите за анализирање и имплементација на договорите за трговска и економска соработка кои се веќе потпишани и влезени во сила , со цел нивно усогласување со законодавството на ЕУ. Во таа насока предвидено е да се утврди временска рамка на усогласување на постоечките договори со законодавството на ЕУ.

Договорот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Романија за економска, научна и техничка соработка се очекува да се ратификува во 2012г.

Во текот на 2012 година се предвидува Република Македонија да ја отпочне постапката за усогласување и парафирање на Договорот за  поттикнување и заемна заштита на инвестиции со Канада, Република Молдавија и Република Косово.

Исто така во текот на 2012 година се предвидува Република Македонија да ја заврши постапката за усогласување и да го парафира Договорот за  поттикнување и заемна заштита на инвестиции со Израел, како и Протоколот за измени и дополнувања на Договорот за поттикнување и заемна заштита на инвестициите со Република Хрватска.

### 3.30.3 **РАЗВОЈНА И ХУМАНИТАРНА ПОМОШ**

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

Во текот на 2011 не е регистрирана развојна помош на Република Македонија спрема трети земји.

Во 2011 година, Одделението за развојна и хуманитарна помош во рамките на Министерството за надворешни работи реализираше активности за доделување на хуманитарна помош за Јапонија и Турција.

Одделението за развојна и хуманитарна помош, во Секторот за економски мултилатерални односи - Директорат за економска дипломатија во Министерството за надворешни работи е надлежно за следење и креирање на политиката во делот на развојната и хуманитарната помош.

**КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Во 2012 година се предвидува формирање на меѓуресорско тело со цел изнаоѓање на најсоодветен институционален модел за регулирање на делот на развојна помош. Во таа насока предвидено е донесување на Закон за спроведување на развојната политика, усогласен со законодавството на ЕУ од оваа област.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

Покрај донесувањето на Законот за спроведување на развојната политика, потребно е да се дефинираат јасни критериуми за определување на потесен круг на земји со кои Република Македонија би воспоставила долгорочна соработка. Дополнително, ќе биде утврдена и донесена методологија за пресметување на дадената помош, а ќе се воведе и механизам за обединување на податоците за доделената развојна помош.. Исто така ќе биде подготвена и Стратегија за давање развојна помош..

Воедно, планирано е да се воспостави соработка на невладиниот сектор и со другите земји членки или специјализирани агенции од другите земји за спроведување на трилатерални развојни проекти.

Во делот на хуманитарната помош  предвидено е прифаќање на Регулативата 31996R1257 за хуманитарна помош.. Исто така се планира усогласување со Европскиот консензус за хуманитарна помош 52007DC0317.

Планирано е зајакнување на постоечките административни капацитети со нови вработувања на Одделението за развојна и хуманитарна помош..

**ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Во делот на цивилната заштита, Предлог-законот за ратификација на Меморандумот за разбирање помеѓу Република Македонија и Европската Унија за учество во Механизмот за цивилна заштита на Заедницата и Финансискиот инструмент за цивилна заштита е усвоен од Владата на Република Македонија и доставен до Собранието. Во делот на соработката со Европската Комисија, активностите

продолжуваат преку учество во проектот финансиран преку *Инструментот за пред- пристапна помош* во делот за животната средина и намалувањето на ризици од катастрофи насловен "Соработка во цивилната заштита со земјите со кандидатски статус и потенцијалните кандидатки". Целта на проектите е доближување на земјите учеснички (земјите кандидати за членство во ЕУ и потенцијалните кандидати) до Механизмот за цивилна заштита на Заедницата и придонесување за развој на нивните капацитети за справување со итни случаи. Активностите од овие проекти се поделени на неколку компоненти кои вклучуваат тренинзи и размена на експерти, учество на регионални теренски вежби како и работилници на теми значајни за цивилната заштита. Вработените од Дирекцијата за заштита и спасување учествуваа на два Основни курса и еден Курс за оперативен менаџмент чија цел е зајакнување на капацитетите и на координацијата при извршување на операции за давање и примање на меѓународни тимови за цивилна заштита како и олеснување на комуникацијата и соработката со Механизмот за цивилна заштита на Заедницата. Исто така тим од Дирекцијата за заштита и спасување учествуваше на меѓународната вежба ИПА СИ- КВЕЈК 2011 која се одржа во Словенија од 20-23 октомври оваа година. Целта на вежбата е земјите кориснички на ИПА, да се приближат поблиску до начинот на работење на Механизмот за цивилна заштита на ЕУ, да ги зајакнат сопствените капацитети за одговор и да ја унапредат регионалата соработка.

Во однос на меѓународните вежби, Дирекцијата за заштита и спасување исто така оваа година учествуваше на НАТО/ЕАДРЦЦ вежба во Република Молдавија, КОДРИИ 2011. Целта на вежбата е зајакнување на соработката во помеѓу земјите учеснички преку олеснети преку- гранични комуникации помеѓу државите, вежбање на координација и соработка помеѓу меѓународните организации итн.

Во однос на правната рамка донесени се сите стратешки документи предвидени со Законот за заштита и спасување потребни за ефикасно функционирање на системот.

Имплементацијата на обврските произлезени од Меморандумот за разбирање и соработка во областа на заштитата и спасувањето на луѓе и материјални добра од природни и други катастрофи помеѓу Дирекцијата за заштита и спасување и Данската агенција за управување со вонредни ситуации, потпишан во септември 2010 година, продолжува во втората фаза со проект кој ќе ја опфати соработката во делот на покривање на учеството на Република Македонија во меѓународните активности во областа на заштитата и спасувањето, во делот на градење и зајакнување на капацитетите при извршување на операции за заштита и спасување итн. Исто така оваа година извршена е донација на АРГОС систем, кој ќе се користи за детекција и рано предупредување од радиолошки, хемиски, биолошки и нуклеарни опасности како и за подобрување на управувањето со кризи при РХБН инциденти, како и опрема за еден тим за РХБН заштита и спасување. Во однос на АРГОС системот, вработени од Дирекција за заштита и спасување посетуваат втор дел од обука за користење на истиот.

Соработка помеѓу Дирекцијата за заштита и спасување и Данската агенција за управување со вонредни ситуации ќе продолжи и во 2012 и 2013 што во значителна мерка ќе го зајакне институционалниот капацитет на Дирекцијата во делот на организирање и спроведување на обуката на силите за заштита и спасување.

Центарот за управување со кризи беше претседавач во име на Република Македонија со Советот за цивилно- воено планирање во вонредни ситуации за земјите од Југоисточна Европа (CMEP SEE) за 2011 година. Согласно Програмата на активности за 2011, ЦУК во соработка со Амбасадата на САД во Република Македонија, организираше бројни настани. Со заедничко учество во форматот на CMEP SEE, земјите со кандидатски статус и земјите членки на ЕУ со размена на искуства и заеднички улоги во сценарија на цивилна итна состојба ги зајакнуваат регионалните капацитети во однос на примање и пружање меѓународна помош..

Генералниот Директорат на Европската Унија за хуманитарна помош и цивилна заштита ја одобри ИПА Програмата "Соработка во областа на цивилната заштита за земјите кандидати и потенцијалните кандидати" (2011-2012), со цел приближување на земјите од Западен Балкан и Турција до Механизмот за цивилна заштита на ЕУ. Центарот за управување со кризи учествуваше во работилници кои се однесуваат на теоретско и практично усвојување на принципите на Механизмот за Цивилна Заштита на

ЕУ, подготвувајќи ги експертите да работат со Механизмот односно со EU MIC во процесот на барање и пружање помош, како и да се зајакне соработката помеѓу корисниците и оние кои пружаат помош.

Центарот за управување со кризи е институција имплементатор на единствениот европски број за итни повици Е-112, кое произлегува од следните ЕУ Директиви: 2009/136/ЕС, 2002/58/ЕС и Регулативата 2006/2004. Врз основа на горенаведеното изработена е Физибилити студија која упатува на целосно и комплетно решение и истата е усвоена од страна на Владата на РМ.

Воспоставувањето на системот Е-112 и воведувањето на единствениот број за итни повици е утврдено со одредби од Законот за управување со кризи за што во 2011 година беа направени измени и дополни во оваа насока, а исто така одредени измени и дополни беа направени и во Законот за електронски комуникации.

Во рамките на имплементацијата на НАТО Партнерската цел “Управување со итни состојби вклучувајќи терористички напади“, од страна на Центарот за управување со кризи изготвена е нацрт верзија на Стандардни оперативни постапки за меѓуресорска соработка, координација и употреба на ресурси во услови на кризна состојба, во кои е вклучен и сегментот Прием на меѓународна помош (Host Nation Support). Со овие оперативни постапки ќе се зајакне подготвеноста на РМ за координиран и ефикасен прием на меѓународна хуманитарна помош, вклучувајќи и од ЕУ.

Во период од 26-27.05.2011 година беше реализирана трилатерална посета на директори на сродни институции од Република Албанија и Косово на која се потпишаа заеднички заклучоци за развој и продлабочување на регионалната соработка помеѓу Република Македонија, Албанија и Косово во областа управување со кризи.

Центарот за управување со кризи беше ко- организатор и ко- претседавач со MIND-Alliance Systems на НАТО Напредна истражувачка работилница „Развој на планови за меѓуинституционална размена на информации за безбедност во земјата“ во рамките на НАТО Програмата – Наука за мир и безбедност.

И во 2011 година ЦУК е активен учесник на Програмата на Европскиот центар за безбедносни студии Џорџ Маршал во Гармиш, Германија со учество на 8 претставници во текот на годината на различни семинари и обуки.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во наредниот период ќе се реализираат приоритетните цели поставени во Националната стратегија за заштита и спасување.

Во завршна фаза е постапката за потпишување на билатералниот договор со Република Бугарија кој треба да биде потпишан до крајот на 2012 година. Исто така ќе продолжи процесот на потпишување билатерални договори за соработка во делот на заштитата и спасувањето со земјите од регионот. Во завршна фаза се и преговорите за потпишување на билатерален договор за соработка во случај на катастрофи со Република Србија. Исто така во 2012 год. ќе продолжат преговорите за потпишување на билатерални договори со Министерството за внатрешни работи на Република Романија, со Република Италија и со Русија.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Зајакнувањето на институционалните капацитети на Дирекцијата за заштита и спасување ќе се врши преку континуирана обука на вработените и силите за заштита и спасување. За 2012 година во мај предвидено е учество на ИПА КРО-ПОПЛАВИ 2012 теренска вежба која ќе се одржува во Хрватска. Дирекцијата за заштита и спасување исто така ќе биде активно вклучена во реализација на СЕЕСИМ 12, меѓународна вежба на која земја домаќин ќе биде Република Бугарија, која ќе се одржи во октомври 2012 година. Наредната година Дирекцијата за заштита и спасување со свој тим ќе учествува на меѓународна вежба Заеднички отпор 2012, која ќе се одржува во Босна и Херцеговина. Во врска со НАТО/ПзМ вежбите

наредната година Дирекцијата за заштита и спасување ќе учествува на меѓународната вежба Cooperative Longbow/Lancer 12 која ќе се одржува во Скопје во мај 2012 год.

Ќе продолжи соработката со Меѓународниот фонд за деминирање и заштита на жртвите од мини во делот на обука на тимот за отстранување на неексплодирани убојни средства и отпочнување на нови проекти за расчистување на територијата на Република Македонија од неексплодирани убојни средства.

Во рамките на Иницијативата за подготвеност и превенција од катастрофи за Југоисточна Европа а согласно усвоената тренинг програма, предвидена е реализација на петнаесет курсеви и обуки од различни области.

Дирекцијата за заштита и спасување активно ќе учествува во работата на Советот за цивилно- воено планирање на земјите од ЈИЕ, како член номиниран од Владата на Република Македонија, од каде што ќе произлезат низа значајни активности, семинари, обуки и вежби.

Согласно Меморандумот за разбирање и соработка во областа на заштитата и спасувањето на луѓе и материјални добра од природни и други катастрофи помеѓу Дирекцијата за заштита и спасување и Данската агенција за управување со вонредни ситуации за 2012 планирано е одржување на неколку семинари и обуки во делот на процени од ризици од природни катастрофи и други непогоди. Предвидена е и дополнителна обука за користење на софтверот, кој ќе се користи за детекција и рано предупредување од радиолошки, хемиски, биолошки и нуклеарни опасности.

Центарот за управување со кризи во текот на 2012 година во рамките на заедничките Заклучоци за развој и продлабочување на регионалната соработка помеѓу Република Македонија, Албанија и Косово во областа управување со кризи, ќе ги реализира договорените проекти во контекст на зајакнување на институционалните капацитети за размена на информации меѓу договорените страни.

Согласно Програмата на активности за 2012 година на Советот за цивилно-воено планирање за земјите од ЈИЕ, ЦУК ќе учествува на настани во регионот организирани од страна на земјите членки на Советот на ЦМЕП, а во месец мај 2012 ќе биде домаќин и организатор на регионална работилница за управување со кризи.

Во рамките на ИПА програмата "Соработка во областа на цивилната заштита за земјите кандидати и потенцијалните кандидати", во текот на 2012 е предвидено учество на обуки во рамките на Лот 1, 2 и 3 како и учество на Штабна и Теренска вежба во Хрватска Поплава.

И во 2012 година ЦУК со свои претставници ќе биде активен учесник на Програмата на Европскиот центар за безбедносни студии Џорџ Маршал во Гармиш, Германија.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**
Ќе се продолжи со усовршување на постоечката законска и подзаконска регулатива, а ќе се работи и на донесување на нови прописи од делот на заштитата и спасувањето.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**
Во овој период ќе продолжи јакнењето на административниот капацитет со набавка на опрема и спроведување обуки за потребите на тимовите за брз одговор, Републичките сили за заштита и спасување, а ќе се обезбеди и учество на претставници на Дирекцијата за заштита и спасување на меѓународни вежби, семинари и обуки.

## 3.31 НАДВОРЕШНА БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА

## 3.31.1. **ЗАЕДНИЧКА, БЕЗБЕДНОСНА И ОДБРАНБЕНА ПОЛИТИКА**

### ТЕКОВНА СОСТОЈБА

### ПРАВНА РАМКА

Правната рамка за учество на Република Македонија во ЗБОП ја сочинуваат Законот за одбрана, Законот за полиција, Законот за упатување лица во меѓународни мисии и меѓународни организации, како и нивните подзаконски акти.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Институционалната рамка ја сочинуваат: (1) Одделението за ЗНБП и помошник раководител на сектор во рамките на Директоратот за Европска унија во Министерството за надворешни работи, севкупно 4 лица; (2) Одделение за ЗБОП во Министерството за одбрана севкупно 2 лица; и (3) Одделението за планирање имплементација и обука за НАТО активности во склоп на Секторот за соработка со НАТО и класифицирани информации во Министерството за внатрешни работи, екипирано со 3 извршители и раководител.

Формирана е Меѓуресорска комисија за спроведување на политиката за упатување лица од Република Македонија во меѓународни мисии и меѓународни организации.

Продолжува учеството во програмите за обука во доменот на ЗБОП во организација на Европскиот колеџ за безбедност и одбрана.

#### Учество во мисии на ЕУ

Република Македонија продолжува со свој придонес кон воената мисија на ЕУ во БиХ Алтеа. Согласно новата структура на силите на ЕУФОР во Алтеа Република Македонија придонесува со медицински тим за ROLE 1 медицинска поддршка на кампот во Бутмир и едно лице помошник правен советник во Командата на ЕУФОР, со вкупно учество од 11 лица.

Во рамките на веќе декларираниот придонес кон воените капацитети на ЕУ и искажаниот интерес за вклучување во Концептот на ЕУ за Борбени групи, Република Македонија е дел од ЕУ БГ II/2012, во која учествуваат Германија, Австрија, Чешка, Ирска и Хрватска. Република Македонија декларираше сили и капацитети од максимален број до 150 лица. Оваа Борбена група ќе биде во состојба на стенд бај во втората половина на 2012 година.

Во однос на подготовките за учество во меѓународни цивилни мисии, Министерството за внатрешни работи инициираше активности за создавање на капацитети и способности на полициските службеници за идно учество во мисии предводени од ЕУ, ОН и НАТО.

#### Политички дијалог

Република Македонија редовно учествува на состаноците за политички дијалог на ВП за надворешни работи и безбедносна политика со министрите за одбрана на европските НАТО членки кои не се членки на ЕУ и земјите кандидати за членство, како и на Неформалните состаноци на МО на ЕУ во формат + 7, на ниво на министри за надворешни работи и на состаноците на Воениот комитет на ЕУ, во формат ВК на ЕУ+7, како и на Состаноци на комитетот на контрибутори во операцијата на ЕУ во БиХ, Алтеа.

### КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Усогласен е нацрт текстот на Спогодба меѓу Европската Унија и Република Македонија за воспоставување рамка за учество на Република Македонија во операциите на Европската Унија за управување со кризи, која се очекува да биде случена во текот на 2012 година.

Подготовка на подзаконски акт за упатување полициски службеници во меѓународни мисии.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Се планира кадровско доекипирање на Одделението за ЗБОП во Министерството за одбрана со внатрешно прераспоредување.

Иницирање на билатерална соработка со повеќе земји за користење на искуството за подготовки за учество на полициски службеници во меѓународни мисии, вклучително и склучување на билатерални договори и меморандуми за разбирање за таа цел.

Ќе бидат преземени активности за обезбедување на учество во програмите за обука на Генералниот секретаријат на Советот на ЕУ наменети за ЗБОП.

Ќе се продолжи со обуките на полициски персонал со цел зајакнување на капацитетите за учество во мировни мисии.

**Учество во мисии на ЕУ**

Согласно декларираната определба на РМ за придонес во ЕУ БГ II/2012, во 2012 година планирани се повеќе активности поврзани со подготовка и обука на декларираниот персонал од АРМ, како и учество на вежбата European Endeavour 2012 . Сертифицирање на декларираните сили кои ја сочинуваат ЕУ БГ II/2012, кое ќе се изврши преку учество на интернационалната командно-штабна вежба „European Endeavour 2012“ (Вилдфлекен, Германија, од 29.05.2012 до 08.06.2012).

Република Македонија ќе продолжи со придонес во операцијата на ЕУ во БиХ, Алтеа и во 2012 година со медицинскиот тим (10 лица) за Role 1 медицинска поддршка на кампот Бутмир и позицијата воен правник помошник правен советник (1 лице) во Командата на ЕУФОР, со вкупно учество на 11 лица.

Декларираните 150 лица од АРМ за учество во ЕУ БГ II/2012 ќе бидат во состојба на стенд бај во втората половина на 2012 година, стационирани во Република Македонија, а за евентуално упатување во операција (втората половина на 2012/1 јули – 31 декември 2012) ќе биде потребно да се донесе Одлука од страна на Собранието на РМ.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**Учество во мисии на ЕУ**

Република Македонија ќе го продолжи сегашниот придонес во операцијата на ЕУ во БиХ, Алтеа и во текот на 2013 година.

Иницирање на билатерална соработка со повеќе земји за користење на искуството за подготовки за учество на полициски службеници во меѓународни мисии, вклучително и склучување на билатерални договори и меморандуми за разбирање за таа цел.

Ќе бидат преземени активности за обезбедување на учество на претставници од Република Македонија во програмите за обука од областа на ЗБОП.

## 3.31.2 ЗАЕДНИЧКА, НАДВОРЕШНА И БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА

**ТЕКОВНА СОСТОЈБА**

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка, која што ја сочинуваат Уставот на Република Македонија, Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за надворешни работи, Законот за одбрана, Закон за класифицирани информации, Законот за меѓународни рестриктивни мерки, Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема.

Со цел зголемување на ефикасноста во примената на меѓународните рестриктивни мерки и постапување по препораките на Moneyval, беше усвоен нов Закон за меѓународни рестриктивни мерки (Службен

весник бр 36 од 23.03.2011), како и неговите подзаконски акти: Одлука за формирање на Координативно тело за следење на спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки и Правилник за формирање Регистар за одлуки за воведување на меѓународни рестриктивни мерки.

Република Македонија досега има склучено билатерални спогодби за размена и заштита на класифицирани информации со ЕУ, НАТО, Словенија, Полска, Франција, Хрватска, Естонија, Бугарија, Украина, Албанија, Чешка и Словачка.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Институционалната рамка ја сочинуваат: (1) Одделението за ЗНБП и помошник раководител на сектор во рамките на Директоратот за Европска унија во Министерството за надворешни работи, севкупно 4 лица; (2) Одделението за контрола на оружјето во рамките на Директоратот за политичко-безбедносна соработка и мултилатерални односи во Министерството за надворешни работи, екипирано со 2 извршители и Раководител на Одделение.

Важен сегмент во институционалната рамка се Мисијата на Република Македонија при Европската Унија во Брисел, каде што еден дипломат е задолжен за тековно следење на ЗНБП, како и постојаните мисии на Република Македонија во Виена, Женева, Стразбур и Њујорк, кои се вклучени во процесот на придружување кон заеднички позиции, изјави и декларации на Европската унија.

Во Министерството за надворешни работи и во Мисијата на Република Македонија при ЕУ во Брисел, инсталираната Асоцијативна комуникациска мрежа за размена на класифицирани информации по електронски пат (ACN) до степен "интерно" меѓу Република Македонија и ЕУ, продолжува да функционира без потешкотии.

Продолжуваат активностите за воспоставување на регистри и подрегистри за класифицирани информации во министерствата и другите институции на државата. Со оглед на новата систематизација на работни места во Бирото за јавна безбедност при МВР постигната е согласност за потребата да се добие претходно одобрение од ДБКИ при отворање нови регистри и контролни точки во организационите единици на Бирото.

**Политички дијалог**

Република Македонија продолжи да одржува редовен политички дијалог со ЕУ на билатерална основа и во мултилатерални рамки. Продолжува придружувањето кон одлуките на Советот на ЕУ, декларации и изјави на ЕУ, било врз основа на добиена покана од ЕУ, било унилатерално. Одлуките на Советот на ЕУ и списокот на декларации и изјави на ЕУ кон кои се придружила Република Македонија се објавуваат во Службен весник на Република Македонија.

Во 2011 година продолжи праксата на учество на Република Македонија во редовните консултации на ЕУ со земјите-кандидати за прашања поврзани со почитувањето на човековите права и од агендата на Обединетите нации.

**Соработка со меѓународни организации**

Република Македонија е членка на ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и други меѓународни организации и е активен учесник во регионалните иницијативи.

**Контрола на оружјето** (**непролиферација на оружје за масовно уништување**; **извоз на конвенционално оружје**; **мало и лесно оружје**; **производи и технологии со двојна намена**)

Република Македонија продолжи со праксата за подготовка на редовни национални извештаи во однос на Кодексот на ЕУ за однесување при извоз на оружје, како и за спроведување на Акциониот план на ОН за спречување, борба и искоренување на недозволената трговија на мало и лесно оружје во сите негови аспекти.

За планирање, следење и анализирање на состојбата со контрола на мало и лесно оружје и координирање на активностите на надлежните институции, формираната Национална комисија за мало и лесно оружје, продолжува со извршување на своите активности (повеќе информации во врска со малото и лесно оружје има во Поглавјето 24).

**Спроведување санкции и рестриктивни мерки**

Република Македонија редовно се придружува кон одлуките на Европската унија, со кои се воведуваат рестриктивни мерки и санкции против држави, ентитети и лица. По донесувањето на одлуката на владата, спроведувањето на рестриктивните мерки се реализира од страна на надлежните министерства и институции, согласно нивните надлежности, а врз основа на Законот за меѓународни рестриктивни мерки.

Согласно новиот Закон за меѓународни рестриктивни мерки, формирано е Координативното тело за следење на спроведувањето на меѓународните рестриктивни мерки каде што членуваат претставници од Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија и Министерството за финансии. Координативното тело одржува редовни состаноци во насока на ефикасна имплементација на меѓународните рестриктивни мерки кои Република Македонија ги спроведува согласно одлуките на Советот за Безбедност на Обединетите Нации и во рамките на учеството на Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ.

Исто така, формиран е и Регистарот на одлуки за воведување на меѓународни рестриктивни мерки, а истиот го води Министерството за надворешни работи. Регистарот е објавен на надворешната електронска страна на Министерството (www.mfa.gov.mk) во делот меѓународни рестриктивни мерки. Регистарот редовно се ажурира согласно придружувањето и донесувањето на Одлуки од страна на Владата на Република Македонија.

Во декември 2011 год. во Скопје беше одржан TAIEX регионален семинар, наменет за министерствата, институциите и органите на државната управа кои се задолжени за имплементација на меѓународните рестриктивни мерки.

## КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ

### ПРАВНА РАМКА

Во 2012 година ќе продолжат и активностите за склучување на билатерални спогодби за размена и заемна заштита на класифицирани информации со земји-членки на Европската унија. Во тој контекст, преговорите со  Германија се завршени и се очекува потпишување на спогодбата во почетокот на 2012 година.

Во 2012 година ќе се извршат измени и дополнувања на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема, со цел регулирање на материјата за посредувањето, транзитот, offset програмите и нематеријалните трансфери. Со тоа ќе се овозможи, меѓу другото, и подобра примена на Заедничката позиција на Советот на Европската унија бр. 2008/944/CFSP од 8.12.2008 за дефинирање на заедничките правила за контрола на извозот на воена технологија и опрема, кон којашто Република Македонија унилатерално се придружи во 2010 година. Во тек се активностите за формирање на работната група која ќе го подготви текстот на Предлог законот.

Во 2012 година ќе продолжи работата на текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации во доменот на информатичката безбедност на класифицираните информации со особен акцент на криптозаштитата. Напоредно се работи и на текстот на новата Уредба за криптозаштита . Се очекува законот и уредбата да бидат донесени до септември 2012 година. Со ова ќе се регулира работата на националните безбедносни тела за информатичка безбедност на класифицирани информации, што ќе придонесе и за воспоставување на нова структурна поставеност на системот за криптозаштита во Република Македонија.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Одделението за Заедничка надворешна и безбедносна политика во Министерството за надворешни работи во 2012 год. се предвидува кадровски да се доекипира со уште еден извршител.

Ќе продолжат активностите за обука на извршителите од Одделението за Заедничка надворешна и безбедносна политика и од Одделението за контрола на оружјето во Министерството за надворешни

работи. ДБКИ ќе продолжи со обука на лицата кои работат со класифицирани информации, вклучително и преку соработка со земји-членки на ЕУ.

До крајот на 2012 год. се предвидува формирање на национално CBRN (Chemical, Biological, Radiological & Nuclear) координативно тело.

**Политички дијалог**

Република Македонија ќе продолжи да придонесува за унапредување на билатералниот политички дијалог со ЕУ и да биде активен учесник во мултилатералниот политички дијалог со ЕУ. Во 2012 година ќе продолжи со придружување/прифаќање на правните акти на ЕУ во доменот на ЗНБП.

**Соработка со меѓународни организации**

Република Македонија ќе продолжи со својот активен ангажман во меѓународните организации (ОН, ОБСЕ, Советот на Европа и др.), како најефикасен начин за заштита на светскиот мир и безбедност од глобалните закани на денешнината - тероризмот, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, организираниот криминал, загадувањето на човековата околина, како и справувањето со економските и социјални проблеми и непочитување на човековите права.

Од 1 септември 2012 до 1 јануари 2013, Република Македонија ќе претседава со Форумот за соработка во безбедноста (Forum for Security Cooperation) на ОБСЕ.

Република Македонија ќе продолжи со активностите за членство во Аранжманот Васенар, Австралиската група и Групата на нуклеарни снабдувачи.

**СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ**

**ПРАВНА РАМКА**

Продолжување со напорите за изнаоѓање решение за укажувањата на ЕУ за потребата од усогласување на Билатералниот договор со САД за предавање лица на Меѓународниот кривичен суд со Водечките принципи на ЕУ.

Во правец на преземање активности за зајакнување на непролоферацијата, Република Македонија ќе продолжи со активностите за зачленување во Аранжманот Васенар, Австралиската група и Групата на нуклеарни снабдувачи.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Ќе се спроведува континуирана обука за Заедничката надворешна и безбедносна политика на извршителите во министерствата и институциите вклучени во имплементацијата на оваа политика на ЕУ.

Континуирана едукација на корисниците на класифицирани информации во државните и приватните институции.

Продолжување на активностите за издавање безбедносни сертификати на правни лица, како и за подигнување на степенот на класификација на заштитната врска меѓу ДБКИ и регистарот во Мисијата на РМ при ЕУ во Брисел.

# 3.32 **ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА**

## 3.32.1 **ЈАВНА ВНАТРЕШНА ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА И НАДВОРЕШНА РЕВИЗИЈА**

***ТЕКОВНА СОСТОЈБА***

Јавната внатрешна финансиска контрола (ЈВФК) е сеопфатен концепт развиен од Европската Комисија во 1999 година кој има за цел да го води развојот на системите за внатрешна контрола и заштитата на финансиските интереси на владите во целост. Покрај ова, ЈВФК претставува и стратегија за реформа на управувањето во јавниот сектор во земјите кандидати за членство во ЕУ.

Република Македонија, во последните неколку години, интензивно ги спроведува реформите со цел развој во управувањето на јавните финансии. Важно е да се нагласи дека целта на реформите не е само да се исполнат барањата за добивање членство, туку и унапредување на системите за управување и контрола на јавните средства, со што како земја-членка спремно би се справиле со предизвиците кои ги носи членството и можностите за користење на фондовите на ЕУ.

Во последните години во Република Македонија направен е добар напредок бидејќи врз основа на Законот за ЈВФК донесени се сите подзаконски акти кои се во сила. Основани се единици за финансиски прашања (ЕФП), а функцијата на внатрешна ревизија стана попрофесионална. Сега пред нас е период на целосно спроведување на ЈВФК. Концептот на ЈВФК, исто така, ќе се применува и во општините, заради што посебно внимание ќе биде посветено на тоа во наредниот период.

**ПРАВНА РАМКА**

Правната рамка која го уредува системот на јавна внатрешна финансиска контрола и надворешната ревизија во Република Македонија е следна:

- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на РМ", бр. 90/09 и 12/11);
- Правилник за начинот за давање на овластувања („Службен весник на РМ", бр. 147/10 и 34/11);
- Правилник за начинот на спроведување на општите финансиски процеси („Службен весник на РМ", бр. 147/10 и 34/11);
- Правилник за начинот на извршување на работите од надлежност на единицата за финансиски прашања („Службен весник на РМ", бр. 147/10 и 34/11);
- Стандарди за внатрешна контрола во јавниот сектор („Службен весник на РМ", бр. 147/10);
- Правилник за формата и содржината на извештаите и изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли („Службен весник на РМ", бр. 147/10 и 34/11) ;
- Правилник за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот на известување за ревизијата („Службен весник на РМ", бр. 136/10) ;
- Меѓународни стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија („Службен весник на РМ", бр. 136/10);
- Правилник за етичкиот кодекс на внатрешните ревизори („Службен весник на РМ", бр. 136/10) ;
- Правилник за повелба за внатрешна ревизија („Службен весник на РМ", бр. 136/10);
- Правилник за програмата и начинот на полагање на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор („Службен весник на РМ", бр. 136/10);
- Уредба за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата и содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите („Службен весник на РМ", бр. 63/11) ;
- Прирачник за финансиско управување и контрола објавен на интернет страницата на Министерството за финансии;
- Прирачник за внатрешна ревизија објавен на интернет страницата на Министерството за финансии;
- Закон за државната ревизија ("Службен весник на РМ" бр. 66/2010 и 145/2010) ;
- Правилник за начинот на вршење на државната ревизија („Службен весник на РМ" бр.158/2011);
- Закон за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) ("Службен весник на РМ" бр.66/2010) ;
- Програма за полагање на испитот за стекнување на звањето овластен државен ревизор објавена на WEB страната на Државниот завод за ревизија;

- Кодекс на етика на INTOSAI - објавен на WEB страната на Државниот завод за ревизија;
- Меморандум за меѓусебна соработка меѓу ДЗР и МФ во областа на системот на финансиско управување и контрола, внатрешната ревизија во јавниот сектор и државната ревизија, 2006;
- Меморандум за соработка склучен помеѓу Државниот завод за ревизија и Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, октомври 2011 година;
- Протокол за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси помеѓу 11 надлежни институции во РМ, декември 2007 година.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Министерството за финансии изготви Нацрт - Стратегија за развој на јавната внатрешна финансиска контрола од 2012 до 2014 година, за која се води јавна расправа. Стратегијата се очекува да биде усвоена од Владата на Република Македонија во почетокот на 2012 година.

Со цел политиките на ЈВФК да бидат посеопфатни, поконзистентни и полесно применливи до крајот на 2012 година ќе биде соодветно изменет и дополнет Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Заради олеснување на примената на законот ќе бидат утврдени критериуми согласно кои ќе биде определено кои мали субјекти ќе бидат ослободени од обврската за основање на посебна организациони единици за финансиски прашања, а ќе се овозможи финансиското управување и контрола да го спроведува едно лице финансиски раководител, кое ќе биде и лице овластено за плаќање. Покрај ова, со цел окрупнување на единиците за внатрешна ревизија ќе бидат соодветно изменети и дополнети критериумите за основање на единиците за внатрешна ревизија, а ќе бидат утврдени мерки за основање на ревизорски комитети и комитети за финансиско управување и контрола во субјектите од јавниот сектор.

До крајот на март 2012 година ќе биде донесен Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор со кој ќе бидат уредени начелата, надлежноста, организацијата на финансиската инспекција во јавниот сектор, како и постапката за вршење на финансиската инспекција и надоместувањето на нанесена штета.

### ФИНАНСИСКО УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА

#### ПРАВНА РАМКА

Правната рамка за системот на финансиско управување и контрола е следна:

- Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (“Службен весник на РМ”, бр. 90/09 и 12/11),
- Правилникот за начинот за давање на овластувања, („Службен весник на РМ”, бр. 147/10 и 34/11);
- Правилникот за начинот на спроведување на општите финансиски процеси („Службен весник на РМ”, бр. 147/10 и 34/11);
- Правилникот за начинот на извршување на работите од надлежност на единицата за финансиски прашања, („Службен весник на РМ”, бр. 147/10 и 34/11);
- Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор („Службен весник на РМ”, бр. 147/10);
- Правилникот за формата и содржината на извештаите и изјавата за квалитетот и состојбата на внатрешните контроли. („Службен весник на РМ”, бр. 147/10 и 34/11) ; и
- Прирачникот за финансиско управување и контрола објавен на веб страницата на Министерството за финансии.

Функционирањето на овој систем е регулирано и со други закони и подзаконски акти, меѓу кои позначајни се: Законот за буџети, Законот за извршување на буџетите, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, регулативата за трезорското работење и друго.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со влегувањето во сила на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија" бр.90/09) на 31 јули 2009 година отпочна процесот на воспоставување на единици за финансиски прашања одговорни за финансиското управување и контрола кај субјектите: буџетски корисници од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт), фондовите, општините и градот Скопје.

Од вкупно 71 институција од извршната, законодавната и судската власт прва линија буџетски корисници, 36 институции ја завршија постапката за основање посебна организациона единица за финансиски прашања (51%), а во 29 институции се назначени раководители на единици за финансиски прашања (41%).

Обврската за назначување лице задолжено за неправилности од 71 институција на централно ниво, ја исполнија 55 институции (77%).

Од вкупно 85 единици на локална самоуправа вклучително и Градот Скопје, 24 институции ја завршија постапката за основање посебна организациона единица за финансиски прашања (28%). Раководители на единиците за финансиски прашања се назначени во 19 единици на локална самоуправа (22%).

Обврската за назначување лице задолжено за неправилности ја исполниле 53 единици на локална самоуправа (62%).

Во рамки на Твининг проектот „Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво" кој започна да се реализира во февруари 2011 година и ќе трае до крајот на февруари 2013 година беа спроведени следните активности:

- Еднодневна обука „ Подигање на свеста на високото раководство кај 40 општини во врска со финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија (дел 1 и 2)" одржана од 5 до 7 април 2011година и од 9-11 мај 2011. На обуката учествуваа градоначалници, секретари и раководители на единици за внатрешна ревизија и на единица за финансиски прашања од 40 општини и Централната единица за хармонизација;
- Спроведување на анализа на состојбата во врска со успехот и слабостите во спроведувањето ан ЈВФК од 11-15 април 2011 година во: Секретаријат за европски прашања, Управа за хидрометеоролошки работи, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Градот Скопје, општина Бутел и општина Гази Баба.
- Еднодневна обука „Гап анализи и олеснување за подготовка на акциони планови" одржана на 7 и 8 јули за раководителите на единиците за финансиски прашања и единиците за внатрешна ревизија на централно ниво.
- Еднодневна работилница за акциони планови која се одржа од 12-16 септември 2011, за вработени од 25 пилот институции на централно ниво, 40 пилот општини и 25 институции од централно ниво од претходните проекти.
- Еднодневна обука „ Финансиско управување во пракса и управување со ризици" која се одржа од 27 до 30 септември 2011 година наменета за раководителите и вработените во единиците за финансиски прашања и други сектори во 25 пилот институции од централно ниво и 15 министерства.
- Работна средба „ Успешно раководење и остварувањето на поставените цели" одржана на 13 и 14 октомври 2011, наменета за врвното раководство на централно ниво (директори од 25 пилот институции на централно ниво и државни секретари од 15 министерства).
- Еднодневна обука „ Финансиско управување и контрола во пракса и управувањето со ризици"одржана од 1 до 3 ноември 2011 година, наменета за раководителите и вработените во единиците за финансиски прашања и раководителите на други сектори во 40 општини.

- Еднодневна обука „ За управување со промени и спроведување на нови работни методи (процедури)“ одржана од 7 до 9 ноември 2011 година, наменета за директори од 25 пилот институции на централно ниво, градоначалниците од пилот општините, како и раководителите и вработените во единиците за финансиски прашања од 25 пилот институции на централно ниво и 40 општини.

Хармонизацијата на финансиското управување и контрола ја спроведува Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола преку Одделението за хармонизација на финансиското управување и контрола.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

**Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии**

Зајакнување на институционалните капацитети во Министерството за финансии ќе биде спроведено со донесување Деловник за работа и функционирање на Комитетот за финансиско управување и контрола како советодавно тело на министерот за финансии. Во 2012 година во рамки на Твининг проектот ќе бидат зајакнати капацитетите на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола преку спроведување соодветно унапредување на вработените и нивна обука.

**Зајакнување на институционалните капацитети за финансиско управување и контрола во субјектите од јавниот сектор**

Во 2012 година ќе бидат зајакнати активностите за основање на единици за финансиски прашања и назначување на раководители на истите во сите министерства, фондови и директни буџетски корисници чиј буџет надминува 1 милијарда денари.

#### СТРАНСКА ПОДДРШКА

Зајакнувањето на капацитетите за имплементацијата на системот за финансиско управување и контрола на централно ниво ќе се реализира со имплементацијата на Твининг проектот „ Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“ кој започна со реализација во февруари 2011 година и ќе трае до февруари 2013 година, и истиот е финансиран од ЕУ во рамки на IPA 2008.

Во рамки на овој проект ќе бидат спроведени обуки за финансиско управување и контрола за раководството и вработените во 25 субјекти на централно ниво[74] и во 40 единици на локална самоуправа.[75]

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Во 2013 година ќе бидат преземени мерки за зајакнување на капацитетите во институциите од централна власт во кои не се формирани и екипирани единици за финансиски прашања и не се назначени раководители.

До февруари 2013 година ќе продолжи реализацијата на Твининг проектот „Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“.

---

[74] Државен завод за индустриска сопственост, Дирекција за заштита на личните податоци, Центар за управување со кризи, Агенција за стоковни резерви, Државен правобранител,Управа за хидрометеоролошки работи,Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Претседател на Република Македонија, Агенцијата за разузнавање, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија, Секретаријат за европски прашања, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Управа за извршување на санкции, Управа за финансиска полиција, Агенцијата за странски инвестиции, Агенција за цивилно воздухопловство, Биро за развој на образованието, Националната агенција за европски образовни програма и мобилност, Агенција за млади и спорт, Агенција за иселеништво, Државниот архив на Република Македонија, Бирото за регионален развој и Народниот правобранител на Република Македонија

[75]Битола,Боговиње,Валандово,Велес,Виница,Гевгелија,Гостивар,Дебар,Делчево,Илинден,Јегуновце,Кавадарци,Кичево,Кочани,Кратово,КриваПаланка,Куманово,Липково,Македонски,Брод,Неготино,Охрид,Прилеп,Радовиш,Ресен,СветиНиколе,Струга,Струмица,Теарце,Тетово,Штип,Аеродром,Бутел,Гази Баба,ЃорчеПетров,Карпош,Кисела Вода,Сарај,Центар, Чаир,Град Скопје).

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

### ПРАВНА РАМКА

Правната рамка за спроведување на внатрешната ревизија во јавниот сектор е следна:

- Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен Весник на Република Македонија" бр.90/09, 12/11),
- Правилникот за начинот на извршување на внатрешната ревизија и начинот за известување за ревизијата („Службен Весник на Република Македонија" бр. 136/2010),
- Правилникот за Програмата и начинот на полагање на испитот за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр. 136/2010),
- Правилникот за Повелбата за внатрешна ревизија („Службен Весник на Република Македонија" бр. 136/2010),
- Правилникот за Етичкиот Кодекс на внатрешните ревизори („Службен Весник на Република Македонија" бр. 136/2010),
- Меѓународните стандарди за професионално извршување на внатрешната ревизија (IIA) („Службен Весник на Република Македонија" бр.136/2010 ) и
- Прирачникот за внатрешна ревизија објавен на интернет страницата на Министерството за финансии претставуваат правна рамка за извршување на внатрешната ревизија.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Функцијата на внатрешната ревизија во јавниот сектор во Република Македонија ја извршуваат единици за внатрешна ревизија основани во субјектите од јавниот сектор на централно и локално ниво, а хармонизацијата на внатрешната ревизија ја спроведува Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија во рамките на Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола. Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија е кадровски екипирано со 5 вработени (1 соработник и 4 помлади соработници). Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија нема раководител.

Кај субјектите од јавниот сектор основани се вкупно 128 единици за внатрешна ревизија од кои 69 единици кај субјектите на централно ниво и 59 единици кај субјектите на локално ниво.

Единици за внатрешна ревизија се воспоставени во сите министерства и фондови, а 9 институции на централно ниво имаат склучено договор за вршење на внатрешна ревизија од единица за внатрешна ревизија од друг субјект.

Функцијата на внатрешна ревизија во Република Македонија ја извршуваат 166 внатрешни ревизори, од кои 116 на централно ниво и 50 на локално.

Во февруари 2011 година започна со реализација твининг проект „ Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво, во кој беа спроведени следните активности:

- Работни средби во 9 пилот субјекти од јавниот сектор (6 субјекти од јавниот сектор на централно ниво и 3 на локално ниво) на тема „ Анализа на тековната состојба и утврдување на недостатоците во процесот на градење на системот на јавна внатрешна финансиска контрола и носење на заклучоци на општо ниво", на која учество зедоа раководители на субјекти, вработени во единиците за финансиски прашања и единиците за внатрешна ревизија;
- Работна средба „Корисноста од стабилно финансиско управување и внатрешна ревизија како алатка на раководната одговорност", на која учество зедоа градоначалници, раководители и вработени во единиците за внатрешна ревизија;

- Работна средба на тема „ Улогата и функцијата на Ревизорските комитети“, на која учество зедоа раководители на единици за внатрешна ревизија/ внатрешни ревизори;
- Почетна обука за обучувачи „Презентирање и техники на учење“, на која учество зедоа вработени во единиците за финансиски прашања и единиците за внатрешна ревизија на централно и локално ниво;
- Напредна обука за обучувачи „Презентирање и техники на учење“, на која учество зедоа вработени во единиците за финансиски прашања и единиците за внатрешна ревизија на централно и локално ниво и вработени од Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола;
- Работни средби на тема „Развој на Стратегијата за јавна внатрешна финансиска контрола“, на која учество зедоа раководителите на единиците за внатрешна ревизија / внатрешни ревизори;
- Почетна обука за внатрешна ревизија, на која учество зедоа раководители на единиците за внатрешна ревизија / внатрешни ревизори од општините,
- Напредна обука за внатрешна ревизија, на која учество зедоа раководители на единици за внатрешна ревизија / внатрешни ревизори од субјектите на централно ниво и вработени од Министерството за финансии - Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола.

Во август 2011 година формиран е Ревизорски комитет како консултативно тело за прашања поврзани со внатрешната ревизија, а веќе во декември и започна со работа.

## *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### ПРАВНА РАМКА

Во 2012 година ќе продолжат активностите во рамки на Твининг проект „ Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“, финансиран од ЕУ.

Во рамки на Твининг проектот ќе бидат спроведени обуки за внатрешните ревизори на централно и локално ниво, како и обуки за вработените во Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

**Зајакнување на институционалните капацитети за внатрешна ревизија во субјектите од јавниот сектор.**

Процесот на основање на единици за внатрешна ревизија кај субјектите од јавниот сектор и нивно екипирање, како и склучување на договори за вршење на внатрешна ревизија ќе продолжи и во 2012 година со вработување/преземање на 113 лица.

Во рамки на Твининг проект за зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола на централно и локално ниво финансиран од ЕУ, во 2012 година, за ревизорите на централно ниво ќе се спроведе, почетна обука за внатрешна ревизија, напредна обука за внатрешна ревизија, обука за ревизорски вештини и ќе бидат извршени 8 пилот ревизии, а на локално ниво ќе биде спроведена напредна обука за внатрешна ревизија, обука за известување и 8 пилот ревизии.

### СТРАНСКА ПОДДРШКА

Зајакнувањето на капацитетите за имплементацијата на внатрешната ревизија на централно ниво и локално ниво ќе се реализира со спроведувањето на активностите во рамки на Твининг проектот „ Поддршка на процесот на фискална децентрализација преку зајакнување на капацитетите за стабилно финансиско управување и внатрешна финансиска контрола на локално и централно ниво“ кој започна во февруари 2011 година и ќе трае до февруари 2013 година. Истиот е финансиран од ЕУ во рамки на IPA 2008.

Во рамки на овој проект ќе бидат спроведени обуки за внатрешна ревизија во 25 субјекти на централно ниво[76] и во 40 единици на локална самоуправа.[77]

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Зајакнувањето на внатрешна ревизија во јавниот сектор во Република Македонија во 2013 и 2014 година ќе продолжи со екипирање на единиците за внатрешна ревизија.

### ДРЖАВНА (НАДВОРЕШНА) РЕВИЗИЈА

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е врховна ревизорска институција (ВРИ), основана со Законот за државната ревизија донесен во 1997 година, со цел да се обезбеди законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно користење на јавните средства. ДЗР спроведува ревизии и изготвува извештаи кои ги објавува на WEB страната, а до Собранието на Република Македонија поднесува годишен извештај за работењето и извршените ревизии и сите конечни ревизорски извештаи.

Работата на Државниот завод за ревизија е регулирана со Законот за државната ревизија кој е во согласност со принципите на ЛИМА Декларацијата и МЕКСИКО Декларацијата за независност на врховните ревизорски институции.

Врз основа на активностите на твининг проектот со Холандскиот суд за ревизија и оценката за работењето на ДЗР, во рамки на Оценската мисија на Германската ВРИ, во Државниот завод за ревизија продолжија активностите за подобрување на оперативната и финансиската независност и обезбедување квалитет во работењето.

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во мај 2010 година беше донесен нов Закон за државната ревизија со кој се обезбеди јакнење на оперативните капацитети и функционалната и финансиската независност на ДЗР согласно препораките на ЛИМА Декларацијата, Декларацијата од Мексико за независност, Прашката декларација и добрите практики на земјите членки на ЕУ и Европската комисија. Со овој закон се регулира само работењето на државната ревизија. Работењето на Ревизорското тело е регулирано со посебен закон. Законот за државната ревизија обезбедува соодветен професионален развој на државните ревизори и поефикасно следење на спроведувањето на препораките во ревизорските извештаи.

Група од 58 пратеници во Собранието на РМ во февруари 2011 година поднесоа иницијатива за отпочнување на процедурата за измени на Уставот на РМ со што ќе се обезбеди независноста на ДЗР во Уставот на РМ.

Во 2011 година, донесен е Правилник за начинот на вршење на државната ревизија, како подзаконски акт на Законот за државната ревизија, со кој се пропишува начинот на планирање, извршување и известување за извршената ревизија.

Заради користење на добрите практики на ЕУ, Државниот завод за ревизија во 2010 година учествуваше во две координирани паралелни ревизии на успешност на ЕУРОСАИ и ИНТОСАИ/ИДИ на програмите за зголемување на вработеноста на лицата со посебни потреби во јавниот сектор и на управувањето со јавниот долг, заедно со други Врховни ревизорски институции (ВРИ) од Европа и Африка. По спроведените ревизии и изготвени национални извештаи, во 2011 беа изготвени заеднички конечни извештаи во кои беа презентирани националните искуства, поуките и ефектот од заедничката активност.

---

[76] Државен завод за индустриска сопственост, Дирекција за заштита на личните податоци, Центар за управување со кризи , Агенција за стоковни резерви, Државен правобранител,Управа за хидрометеоролошки работи,Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Претседател на Република Македонија, Агенцијата за разузнавање, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија, Секретаријат за европски прашања, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Управа за извршување на санкции, Управа за финансиска полиција, Агенцијата за странски инвестиции, Агенција за цивилно воздухопловство, Биро за развој на образованието, Националната агенција за европски образовни програма и мобилност, Агенција за млади и спорт, Агенција за иселеништво, Државниот архив на Република Македонија, Бирото за регионален развој и Народниот правобранител на Република Македонија

[77] Битола,Боговиње,Валандово,Велес,Виница,Гевгелија,Гостивар,Дебар,Делчево,Илинден,Јегуновце,Кавадарци,Кичево,Кочани,Кратово ,криваПаланка,Куманово,Липково,МакедонскиБрод,Неготино,Охрид,Прилеп,Радовиш,Ресен,СветиНиколе,Струга,Струмица,Теарце,Тетово,Штип, Аеродром,Бутел,Гази Баба,ЃорчеПетров,Карпош,Кисела Вода,Сарај,Центар, Чаир,Град Скопје).

Во 2011 година усвоени се следните акти и методолошки упатства:

- Упатство за доставување на ревизорски извештаи;
- Упатство за контрола на квалитет на ревизиите;
- Упатство за пополнување и доставување на информации за преземени мерки по препораките дадени во конечните ревизорски извештаи;
- Упатство за нумерирање на ревизорски извештаи;
- Воведена е функција и инструменти за обезбедување квалитет на ревизиите, согласно донесеното Упатството за обезбедување квалитет во вршењето ревизии;
- Имплементиран е софтверот за анализа на податоците од ревизорските извештаи, наоди и препораки.

Исто така, во 2011 година реализирани се повеќе обуки за вработените во ДЗР од областа на јавните набавки, подобрување на сметководствените вештини, ревизија на успешност, унапредување на тимската работа и сл. Бројот на извршители во ДЗР во 2011 изнесува 95.

## *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

#### ПРАВНА РАМКА

Заради постигнување на целосна независност на ДЗР, ќе продолжи постапката за пристапување за измени на Уставот на РМ, со цел дефинирање на ДЗР како уставна категорија.

Со цел унапредување на соработката со Собранието на Република Македонија во 2012 година ќе биде потпишан Меморандум за соработка на ДЗР со Собранието на Република Македонија, а во соработка со Холандскиот суд за ревизија ќе се реализираат и активности во рамки на Проектот насочен кон воспоставување на професионално оддржливи и ефективни релации меѓу ДЗР и Собранието на РМ.

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Јакнењето на институционалните капацитети на ДЗР во 2012 година ќе се обезбеди со 3 нови вработувања со што бројот на извршители во ДЗР ќе биде 98.

За јакнење на капацитетите на ДЗР во 2012 година ќе бидат донесени:

- Нов Правилник и Програма за полагање на испитот за овластен државен ревизор;
- Спроведување активности за јакнење на сознанијата на ревизорите за меѓународните стандарди ISSAI;
- Согледување на резултатите од имплементацијата на новиот софтвер за анализа на податоците од ревизорските извештаи, наоди и препораки;
- Операционализација на функцијата за обезбедување квалитет на ревизиите, согласно донесеното Упатство за осигурување на квалитетот на ревизиите.

Во 2012 година ќе бидат спроведени повеќе обуки за различни аспекти на државната ревизија.

#### СТРАНСКА ПОДДРШКА

По едногодишна пауза, соработката со Холандскиот суд на ревизори ќе продолжи со нов проект кој ќе се реализира во првата половина на 2012 година. Проектот ќе биде насочен кон воспоставување на професионално оддржливи и ефективни релации меѓу ДЗР и Собранието на РМ. Проектот вклучува повеќе активности, меѓу кои изработка на прирачник со практични совети за користење на ревизорските извештаи наменет за пратениците, работилница за утврдување на неговата примена заедно со пратениците, како и презентација на добрата пракса на други ВРИ во однос на соработката со парламентот .

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Јакнењето на оперативните и функционалните капацитети на ДЗР во периодот 2013-2014, ќе се реализира преку:

- Зголемување на бројот на вработени за 10, извршители со што вкупниот број на извршители ќе биде 108;
- Унапредување на соработката со Собранието на Република Македонија;
- Надградување на ИТ системот со можности за управување со процесот на ревизијата и со документи (Audit Management System);
- Обуки за различни аспекти на државната ревизија.

## 3.32 2. ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ

### ЗАШТИТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИНТЕРЕСИ НА ЕУ

**ПРАВНА РАМКА**

Заштитата на финансиските интереси на ЕУ е регулирана со:

- Законот за јавна внатрешна финансиска контрола ("Службен весник на Република Македонија " бр.90/09 и 12/11).
- Уредба за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата и содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите ("Службен весник на РМ", бр. 63/11) .
- Рамковна Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските Заедници за правилата за соработка во врска со финансиската помош на ЕЗ за Република Македонија во рамките на спроведување на помошта според ИПА ("Службен весник на Република Македонија " бр.18/2008).
- Финансиска Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските Заедници во однос на третата компонента од ИПА - повеќегодишна програма за Регионален Развој.
- Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на децентрализирано управување со првите четири компоненти од ИПА ("Службен весник на Република Македонија " бр.132/2008, 119/2009).
- Уредба за утврдување на меѓусебните односи на органите и структурите на целосно децентрализирано управување со петтата компонента од ИПА ("Службен весник на Република Македонија" бр. 144/2008, 123/2009).
- Прирачниците за внатрешни постапки на Националниот Координатор за Авторизација (НАО), Национален Фонд (НФ) и Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФСД), ресорните министерства и институциите кориснички.
- Договорот за имплементација на ИПА проектите помеѓу НАО/НФ и ЦФЦД
- Оперативните Договори помеѓу ЦФЦД и ресорните министерства
- Меморандумот за Соработка за заштита, откривање, известување и истрага на нерегуларности во врска со имплементација на ИПА помошта во Република Македонија потпишан помеѓу НАО и Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS).
- Прирачник за внатрешни постапки на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој.

- Договор помеѓу Националниот фонд и Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој за имплементација на проектите од ИПАРД според целосно децентрализираниот систем за управување .

Со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор и Уредба за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебната соработка, формата и содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите, регулирана е обврската за раководителите на субјектите од јавниот сектор да го спречуваат ризикот од неправилности и измами и да преземаат активности против неправилностите и измамите и да именуваат лице задолжено за неправилности кое ќе ги прима извештаите за неправилностите и измамите и самостојно ќе презема дејствија за спречување на неправилностите и измамите.

Внатрешните ревизори, лицата вклучени во финансиското управување и контрола и другите вработени имаат обврска за сомневањата за измами или за соодветните наоди за неправилности едновремено да ги известуваат раководителот на субјектот и лицето задолжено за неправилности.

На внатрешните ревизори, лицата вклучени во финансиското управување и контрола, како и другите вработени кои известуваат за било каква нерегуларност загарантирана им е заштитата на идентитетот и правата од работен однос согласно националното законодавство.

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во 2012 година Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS) ќе подготви Национална стратегија за спечување на измами за заштита на финансиските интереси на Европската унија во Република Македонија за периодот од 2012 до 2014 година.

Согласно оваа стратегија, Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS) ќе развива поддршка од телата и институциите во земјата кои директно или индиректно се вклучени во заштитата на финансиските интереси на ЕУ, а истовремено ќе предлага мерки за зајакнување на овие активности.

Во 2012 година, исто така, ќе биде спроведена обука за лицата задолжени за неправилности и вработените во AFCOS за постапување по добиените пријави за неправилности и начинот на известување во соработка со TAEX и OLAF.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

#### ПРАВНА РАМКА

Единица за спречување на неправилности и измами ќе превземе подготвителни активности за исполнување на обврските согласно Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебна соработка, формата, содржината, роковите , начинот на известување за неправилностите .

Одделението за координација на спречување на измами (AFCOS) ќе развива поддршка од тела и институции во земјата кои директно или индиректно се вклучени во заштитата на финансиските интереси на ЕУ, а истовремено ќе предлага мерки за законодавно и административно зајакнување на активностите за заштитата на финансиските интереси на ЕУ.

### РЕВИЗИЈА НА ЕУ ФОНДОВИТЕ

#### ПРАВНА РАМКА

Правната рамка за ревизија на ИПА фондовите во Република Македонија е регулирана со:

- Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија “бр. 66/2010)
- Рамковната Спогодба помеѓу Република Македонија и Европската Комисија за правилата за соработка во однос на финансиската помош на Европската Комисија за Република Македонија во

рамките на спроведувањето на помошта според Инструментот за претпристапна помош (ИПА) („Службен весник на Република Македонија “бр. 18/08)

- Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Комисијата на Европските заедници за правилата за соработка во однос на финансиската помош од ЕК на Република Македонија и спроведување на помошта според Компонента 5 (IPARD) од Инструментот за претпристапна помош. („Службен весник на Република Македонија “бр. 165/08).

Согласно Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА), во јуни 2011 година со Решение на Владата на Република Македонија, именуван е Главен ревизор за ИПА и извршен е упис на ново правно лице во Централниот регистар на Република Македонија со назив Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош. Истото е утврдено да функционира како самостојно и независно правно лице кое е функционално независно од сите учесници во системите за управување и контрола со инструментот за претпристапна помош.

Во јуни 2011 година, донесен е Правилник за систематизација на работните места и Правилник за организација и работа на Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош согласно, Законот за ревизија на инструментот за претпристапна помош (ИПА).

Во септември 2011 година, донесена е Стратегија за ревизија 2011-2013, согласно која ќе се спроведува Годишниот работен план за ревизија на РТ за 2012 година.

Во октомври 2011 година, склучен е Меморандум за соработка помеѓу ДЗР И РТ со цел унапредување на соработката во вршењето на надлежностите од делокругот на двете институции, како и размена на податоци и искуства, со што се очекува да се зголеми ефикасноста на досегашната меѓусебна соработка.

Во периодот мај-октомври 2011 година, во Ревизорското тело реализирани се две ревизорски мисии и тоа ревизорска мисија на Генералниот Директорат за вработување, со цел следење на спроведувањето на препораките од наодите дадени во Анекс I од Одлуката за пренесување на управувањето за ИПА Компонента 4 и ревизорска мисија на Генералниот Директорат за Земјоделие и рурален развој, со цел вршење мониторинг.

Во ноември 2011 година, од страна на Ревизорското тело во соработка со GIZ (Германска меѓународна соработка) од Црна Гора, организирана е Регионална конференција на ревизорски тела на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во Европската Унија, со цел размена на искуства помеѓу ревизорските тела во вршење ревизија на фондовите од Европската Унија и приближување кон европската пракса.

Организирањето на оваа Конференција е настан од исклучителна важност и за Република Македонија од аспект на нејзината заложба за приближување кон Европската Унија во својство на земја кандидат.

Согласно Законот, Ревизорското тело е надлежно за вршење ревизија на системот за имплементација, раководење и контрола во спроведувањето на претпристапната помош на Европската унија во Република Македонија при децентрализирано управување со и без ex-ante контрола од страна на Европската комисија.

Ревизорското тело до 30 септември секоја година донесува Годишен работен план за ревизија, кој опфаќа ревизии кои имаат за цел верификација на ефективното функционирање на системите за управување и контрола за ИПА и верификација на веродостојноста на сметководствените информации доставени од надлежните институции во Република Македонија до Европската комисија при децентрализирано управување со фондовите на Европската Унија. Годишниот работен план за ревизија се доставува до Европската Комисија и Националниот координатор за авторизација пред почетокот на секоја година.

Ревизорското тело во законски утврдениот рок до Европската Комисија, Надлежниот координатор за акредитација и копија до Националниот координатор за авторизација доставува:

- Годишен извештај за ревизорски активности, по ИПА компонента,
- Годишно ревизорско мислење за ефективно функционирање на системите за управување и контрола со ИПА, по ИПА компонента,

- Годишно ревизорско мислење за сметките и изводот за трошоци за средствата од компонента 5 од ИПА (ИПАРД) поднесени од НАО до Европска Комисија,
- Ревизорско мислење за завршниот извод за трошоци доставено од Националниот координатор за авторизација до Европската Комисија за затворање на програма или на делови од програма.

Во текот на 2011 година се продолжи со континуирана едукација и професионално усовршување на ревизорите во Ревизорското тело кои присуствуваа на обуки за развивање и унапредување на комуникациските вештини; ревизорскиот пристап на Европскиот суд на ревизори, организирана од страна на Европскиот суд на ревизори; ревизорска стратегија и планирање во организација на GIZ; известување и следење-фази во ревизијата; корупција и измама; улогата на ревизорот; управување со долгови и неправилности; упатства за ревизорски тела за ревизии за финансиско прегледување и потврдување на сметките во организација на Европската Комисија, Генерален директорат за проширување, во рамки на TAIEX инструментот.

Бројот на извршители во Ревизорското тело, заклучно со декември 2011 година, изнесува 28.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Со Годишниот работен план за ревизија за 2012 година, планирано е следење на дадени препораки од спроведени мисии во текот на 2011 година, вршење мисии на системска ревизија, мисии на ревизија на операции и мисии на финансиска ревизија за ИПА Компонента 5, за референтниот период.

Исто така, Ревизорското тело ќе се фокусира на обуки и јакнење на капацитетите за идните активности за вршење ревизија на ИПА Компонента 2 – Прекугранична соработка, за која се очекува пренесување на овластувањата за управување од страна на Европската Комисија.

Во однос на идното планирање на ревизиите по пренесувањето на овластувањата за управување за Компонента 2, ќе се извршат соодветни измени на Годишниот работен план за ревизија на Ревизорското тело.

Со цел реализирање на ревизорските активности за 2012 година, Ревизорското тело ќе се фокусира на реализација на 3-годишната стратегија за ревизија за период 2011-2013 година. Во 2012 година, ќе бидат ревидирани и ажурирани прирачниците за ревизија на ИПА. Исто така во текот на 2012 година ќе продолжи соработката со надлежните ревизорски тела од земјите членки на ЕУ и другите земји кандидати за членство во ЕУ, Европскиот суд на ревизори од Луксембург, со цел дефинирање и промовирање на најдобрите практики меѓу одговорните ревизорски тела и размена на ревизорски искуства преку организирање студиски посети.

#### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Во 2012 година ќе се реализираат 5 нови вработувања, со што бројот на извршители на Ревизорското тело ќе достигне 33 извршители.

### *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

Во периодот 2012-2013 ќе биде донесена Стратегија за развој на Ревизорското тело.

Јакнењето на оперативните и функционалните капацитети на Ревизорското тело во периодот 2012-2013 ќе се реализира преку:

- Зголемување на бројот на извршители и
- Обуки за зајакнување на ревизорските вештини;

## ЗАШТИТА НА ЕВРОТО ОД ФАЛСИФИКУВАЊЕ

#### ПРАВНА РАМКА

- Правната рамка за заштитата од фалсификување во Република Македонија е утврдена со следните правни акти.

- Кривичен законик на Република Македонија[78] („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/1996; 80/1999; 4/2002; 43/2003; 19/2004; 81/2005; 60/2006; 73/2006; 7/2008; 139/2008 и 114/2009). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија, У.бр.220/2000 од 30 мај 2001 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.48/2001; У.бр.210/2001 од 6 февруари 2002 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.16/2002; У.бр.206/2003 од 9 јуни 2004 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.40/2004 и У.бр.228/2005 од 5 април 2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.50/2006. Закон за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2007; 103/2008 и 161/2008).

- Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/1997; 44/2002; 74/2004; 83/2008 и 67/2009). Одлуки на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.36/1998 од 24 февруари 1999 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр[illegible] У.бр.144/2003 од 15 април 2004 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2004; У.бр.34/2005 од 31 мај 2006 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.75/2006 и У.бр.63/2008 од 8 април 2009 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.53/2009. Закон за Полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/2006 и 6/2009). Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.211/2006 од 05.11.2008 година, објавена во „Службен весник на Република Македонија“ бр.148/2008. Закон за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“бр. 92/2009).

- Правилник за содржината и начинот на водење на евиденциите на Полицијата и формата и содржината на образецот на евиденции во Полицијата („Службен весник на Република Македонија“.бр.78/07) во кој е регулиран начинот на водење на регистарот за откриени фалсификувани пари (евро и други странски валути);

- Меѓународна конвенција за сузбивање на фалсификувањето од 1929 ратификувана во РМ во март 2005 година.

- Закон за Народна Банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.3/2002; 51/2003; 85/2003; 40/2004; 61/2005 и 129/2006).

- Заштитата на еврото од фалсификување во Република Македонија се спроведува во Министерството за внатрешни работи.

Во Министерството за внатрешни работи формирана е Централна канцеларија за истраги која ќе допринесе за олеснување на истрагата и соодветно спречување, односно казнување на производство, изработка и дистрибуција на фалсификувани евра.

Форензично вештачење на фалсификувани евра и други странски валути врши Одделението за испитување на спорни документи во Одделот на Криминалистичка техника при Министерството за внатрешни работи. Ова одделение врши анализа на еврата во поглед на нивната оригиналност за што изготвува наод и мислење за (не)оригиналноста на банкнотите, како и фотодокументација и евиденција за банкнотите кои биле предмет на анализа.

Народната Банка на Република Македонија - Дирекција за трезорско работење е надлежна вршење експертиза на фалсификуваните односно сомнителните домашни пари - денари.

### ***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

[78] Фалсификувањето на пари е регулирано и казниво според глава 25 од Кривичниот законик како кривично дело против јавните финансии, платниот промет и стопанството. Во членот 268 е регулирано дека: „тој кој што ќе направи лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински или тој кој што ќе преиначи вистински пари со намера да ги пушти во оптек или тој кој што такви лажни пари ќе пушти во оптек ќе се казни со затвор од една до десет години“. Со истата казна ќе се казни и „тој кој што прибавува лажни пари со намера да ги пушти во оптек како вистински“. Доколку поради ваквите дела дошло до растројство во стопанството на земјата сторителот ќе се казни со најмалку пет години затвор, а со парична казна или со затвор до три години ќе се казни „тој кој што лажни пари ќе ги прими како вистински, ќе ги пушти во оптек или тој кој што знаел дека се направени лажни пари кои се пуштени во оптек и тоа нема да го пријави“. Во сите случаи лажните пари се одземаат.

Со цел зајакнување на кадровските капацитети на Централна канцеларија за истраги во 2011 година ќе биде спроведена обука на вработените „заштита на евро од фалсификување“.

## 3.33 **ФИНАНСИСКИ И БУЏЕТСКИ ОДРЕДБИ**

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

#### *ПРАВНА РАМКА*

Во насока на воспоставување и ефикасно функционирање на системот на сопствени ресурси од денот на влегување на Република Македонија во Европската Унија, ќе продолжат активностите за усогласување на националното законодавство и воспоставување на потребниот институционален капацитет на надлежните институции.

Законот за буџети и соодветните измени на законот, претставува системски закон со кој се уредува системот на јавни финансии во Република Македонија. Со овој закон се уредуваат целите, начелата, планирањето и извршувањето, како и структурата на буџетот и истите целосно се усогласени со начелата и правилата на Европската Унија и меѓународните стандарди.

**Министерството за финансии** го подготви и го достави до Собранието Буџетот на Република Македонија за 2012 година во законскиот рок. Буџетот и оваа година се подготви во буџетски совтфер, кој беше надграден со цел обезбедување на нови извештаи во функција на потранспарентно прикажување на јавните финансии. Истовремено се подготви и Законот за извршување на Буџетот за 2011 година како и измени и дополнувања на Законот за буџети, со кои се зајакнува постапката за менаџирање со буџетските средства и создавање на основа за повеќегодишно буџетско планирање.
Со измените и дополнувањата на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа се изврши регулирање на задолжувањето на општините целосно усогласено со Законот за јавен долг, јасни, прецизни и објективни услови за прогласување на финансиската нестабилност на општината, како и воведување на можноста за позајмици на општините, со цел зајакнување на фискалниот капацитетот и успешно финализирање на процесот на децентрализација во Република Македонија. Исто така, Министерството за финансии презентираше нова можност, општините да ги финансираат своите потреби преку издавање на општински обврзници.
На иницијатива на Министерството за финансии и Секретаријатот за европски прашања, се реализираше студиска посета во Франција во организација на TAEIX, со цел запознавање со успешната имплементација на буџетските реформи и процесот на подготовка на повеќегодишното буџетско планирање во Франција. Сврзано со потребата за неопходно спроведување на реформи во буџетскиот процес, се реализираше техничка мисија од ММФ, во текот на која се наметна потреба од подготовка на нова Програмска и Организациона класификација во рамките на буџетскиот процес за 2013 година. Истовремено во текот на мисијата се разгледаа и неопходните активности кои треба да се превземат, со цел постепено преминување кон повеќегодишно буџетско планирање.
Со направените дополнувања на Законот за додадена вредност се дадоа овластувања на **Управата за јавни приходи**:

- да може да одбие барање за регистрација за целите на ДДВ доколку при утврдување на даночната способност на обврзникот не може истиот да го најде на пријавената адреса за вршење на деловни активности, или доколку обврзникот не може да ја докаже реалната намера да врши дејност, или кај обврзникот предходно е идентификувано даночно затајување,
- да може да изврши службено прекинување на регистрацијата за целите на ДДВ на даночните обврзници кои не може да ги најде на пријавената адреса за извршување на деловни активности, кои не го пријавуваат данокот во законските рокови, или кај кои е идентификувано даночно затајување
- се имплементираа активности за развој на функциите, преку воведување на нови методи и програми кои имаат за цел намалување на сивата економија, проширување на базата за оданочување и остварување на планираното ниво на јавни приходи за чија наплата е надлежна УЈП и тоа преку: воведување и развивање на системот на централизирана обработка на даночни пријави и

централизирано печатење на решенија и други даночни акти, се обезбеди прераспоредување на кадарот во суштински функции на анализа на податоците за утврдување и наплата на даноци и воведување на нови методи за информирање и опоменување за плаќање на долговите (отпочнати активности).

- зајакнување на капацитетот на Даночниот инспекторат во борбата против затајување данок: со формирање на Инспекторатот за специјални контроли; автоматизирање на процесите за селекција на даночните обврзници според утврдени критериуми за ризик, воведување на компјутерски контроли и едукација на инспекторите; изградба на систем за ризици, методи и техники за контрола во специфични дејности; зајакнување на соработката со другите инспекциски органи преку зголемување на бројот на заеднички контроли, особено соработката со Пазарна инспекција, МВР и други инспекциски органи (отпочнати активности).
- Продолжување на процесите на развој на нови методологии за присилна наплата, особено со воведување и развој на е-аукција на запленети добра за наплата на даночните долгови со што се очекува забрзување на процесот на наплата на долговите, зголемување на износите на наплатените долгови и намалување на трошоците на присилната наплата. Во рамките на УЈП беше формиран и „Центар за складирање и впаричување на запленети движни ствари“ како нова организациона единица со која се модернизираше и се зголеми ефикасноста на деловните процеси поврзани со постапките на присилна наплата на даночните долгови, при што преку службите за прием, сместување и чување на запленети ствари и за процена на продажба на запленети ствари ќе се впаричуваат долговите на даночните должници (отпочнати активности).
- се воведе новата електронска услуга за даночните обврзници -”Електронски увид во даночна картица”, која овозможува во секој момент по електронски пат да се врши проверка на состојбите на даночните побарувања и обврски кои ги води УЈП.
- во рамките на УЈП е формирана Даночната академија, која преку имплементација на својата годишна програма ги подигнува квалитативните стандарди на работењето, го зајакнува професионалниот интегритет и обезбедува поддршка во воведувањето на висок степен на компјутеризација на работните процеси преку систематска и современа едукација на вработените, со цел приближување кон практиките и стандардите на Европската Унија и поставување на Управата за јавни приходи како модел за професионална организација во јавниот сектор, која обезбедува висок квалитет на услуги за даночните обврзници.

- се овозможи електронско пријавување на даночни неправилности и корупција преку ВЕБ порталот на УЈП.

Со Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон, во **Царинската управа** се применува нов начин на присилната наплата на царинскиот долг врз основа на Законот за даночна постапка, односно се воспостави правна рамка за наплата на дополнително настанатиот царински долг кој не е наплатен, покрај со блокирање на сметките во деловните банки и со заплена на имот и парични средства на царинските должници. Во оваа насока Царинската управа веќе го имплементира Упатството за присилна наплата на царинскиот долг.

Националните сметки во Македонија се развиваат во согласност со методолошките барања на Европскиот систем на сметки (European System of Accounts-ESA 95). **Државниот завод за статистика** е одговорен за постигнување на кавалитетни, конзистентни и точни податоци во согласност со ESA 95 Регулативата 96/2223, Директивата 89/130 и Одлуката 94/168. Во овој контекс направено е подобрување на пресметката на Бруто домашниот производ (BDP) како главна компонента на Бруто националниот доход (BND) и тоа во делот на исцрпноста (exhaustiveness), во пресметката и алокацијата на финансиските услуги индиректно мерени (FISIM) и пресметките на инпутираните ренти. При пресметување на бруто националниот доход, Државниот завод за статистика ги користи податоците за нето примарниот доход од странство, кои се опфатени во Билансот на плаќање во НБРМ. Во врска со описот на методите, пресметките и класификациите користени во националните сметки како и описот на преминувањето од BDP на BND, Државниот завод за статистика подготви посебен документ за напредокот и истиот е доставен до Еуростат.

***ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА***

**Министерството за финансии** е надлежно за подготвување и извршување на Буџетот на Република Македонија и за негово доставување до Владата на Република Македонија. Основа за подготвување на буџетите се стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, среднорочната Фискалната стратегија, предлог стратешките планови на буџетските корисници, како и приоритетите на општините.

Средствата од фондовите на Европската Унија како и националното кофинансирање се прикажуваат во буџетот и истите се составен дел во програмите за развој на одделните буџетски корисници. Согласно Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година, при ненавремен трансфер на средствата од ЕУ наменети за финансирање на проектите од поделните компоненти од ИПА средства ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија, согласно со интерните процедури на Министерството за финансии. При извршување на Буџетот на Република Македонија приоритет во исплатата на средства ќе има финансирањето на проектите од поделните компоненти од ИПА.

Извршеното екипирање и создавањето на едуциран професионален кадар во **Управата за јавни приходи** како и вреднување на резултатите од работењето преку објективен систем за мерење на учиноците, овозможува Управата за јавни приходи да стане високо квалитетна инстутиција за прибирање на даноците. Етаблирањето на Даночната администрација во меѓународни рамки и размената на податоците и искуствата на меѓународно ниво, го забрза процесот на модернизација на УЈП и изедначување со европските практики.

Во **Царинската управа** продолжуваат активности за натамошно јакнење на институционалниот капацитет на царината за олеснување и намалување на трошоците на транспортот и трговијата, како и за постигнување мерливи резултати во борбата против корупцијата и нелегалната трговија, заштитата на правата од интелектуална сопственост, преку водење на постапки за дисциплинска одговорност и поднесување на кривични пријави против корумпираните царински службеници. Во делот на нелегалната трговија продолжија активностите за поднесување на прекршочни постапки за полесните дела, како и поднесоците на кривични пријави за потешките облици на нелегална трговија и тоа против правните лица, и против одговорните лица во фирмите.

Со воспоставувањето на Единствениот систем за анализа на ризик се овозможува евиденција на сите учесници во царинската постапка кои подлежат на посебен режим на контрола, согласно параметрите утврдени во Упатството за вршење на селективни контроли, кое е усогласено со Рамката за управување со ризик на ЕУ, а се однесуваат на утврдување на степенот на ризик на фирмите, имајќи го во предвид нивното претходно работење.

Исто така дојде до измена на Системот за процесирање на царинските декларации, со проширување со обработка на акцизни документи (СОЦДАД), при што активностите ќе отпочнат 2012 година.

***КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ***

**ПРАВНА РАМКА**

Согласно Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија утврдено е дека не постојат значајни разлики во македонското законодавство со законодавството на ЕУ во поглед на основните принципи и институции надлежни за имплементација на системот на сопствени средства. При тоа продолжувањето на процесот на усогласување на полето на царините, оданочувањето, статистиката и финансиската контрола ќе обезбеди Република Македонија среднорочно да ги надмине предизвиците во исполнување на обврската за воспоставување на системот на сопствени средства.

**Министерството за финансии** во процесот на унапредувањето на овие процеси ќе се насочи кон реализирање на следните приоритети:

- Унапредување на буџетскиот процес, буџетските програми и развивање на нови индикатори на успешност за секоја програма поединечно, со цел зголемување на транспарентноста на Буџетот;

- Редифинирање на Програмската и Организациона класификација во рамките на буџетскиот процес за 2013 година;
- Надоградување на софтверот за подготовка на буџетот и соодветно екипирање на Министерството за финансии

Со подобрување на услугите кон даночните обврзници ќе се обезбеди зголемување на довербата кон **Управата за јавни приходи** како професионална институција спремна ефикасно да ги решава даночните работи и со тоа да обезбеди поголем степен на доброволно пријавување на даноците и нивно плаќање. Исто така, УЈП ќе се насочи и кон јакнење на капацитетот на надворешната контрола и развој на нови методи за борба против корупцијата и сивата економија. За таа цел, Управата за јавни приходи своите приоритети ќе ги насочи кон:

Натамошно унапредување на системскиот пристап во управувањето со различни категории на даночни обврзници "Управување со усогласеност Управување со ризик", односно со ризиците кои тие ги предизвикуваат во даночниот систем. Со цел да се постигне подобар ефект од воведувањето на овој систем на работа, треба да се одржи работилница со странски експерти кои ќе ги пренесат најдобрите искуства и практики.

Ќе се воведе Интегриран автоматски систем за постојана електронска комуникација на даночните обврзници со УЈП за автоматско пренесување на податоците од фискалниот систем на опрема во вид на дневен финсансиски извештај (ГПРС), со што се очекува да се добиваат брзи и точни информации за извршувањето на прометите и ќе се намали потребата од директни контроли за оваа намена кај даночните обврзници.

Ќе се воведе систем на нумерирање на ДДВ фактури за обврзници кои издаваат ДДВ фактури (Е-ДДВ) со што значајно ќе се намали ризикот за даночни измами, особено од измамите на непостоечките или исчезнатите обврзници.

Ќе се воведе Е-регистар за статусна промена за даночни цели кој ќе им овозможи на даночните обврзници, бесплатно, на почетокот преку инфо линија, а подоцна и по електронски пат, да пријавуваат дел од извршените промени на нивните податоци директно во Управата за јавни приходи, како што се адреса и телефон на вистинско седиште за контакт, име и презиме на книговодител односно назив на книговодствено биро, адреса и телефон на книговодство, сметка кај носителот на платен промет.

За потребите на даночните обврзници ќе се отворат нови даночни шалтери по општините во помалите места каде УЈП нема свои канцеларии. За најмалите општини ќе се организираат мобилни даночни шалтери (опремени возила).

Ќе продолжи процесот на обезбедување на висок степен на развој на електронските услуги, зголемување на користењето на е-услугите и особено зголемување на бројот на електронски доставени даночни пријави, со цел зголемување на бројот на даночни обврзници, особено, средни и мали даночни обврзници и граѓани, кои ги доставуваат даночните пријави по електронски пат. Согласно програмата "Е-услуги на граѓаните", електронските услуги на УЈП, во 2012 година, ќе станат достапни и за физичките лица, а програмата "Е-даноци" се однесува на развој на методите на електронска комуникација со даночните обврзници, што во иднина треба да стане законска обврска. (отпочнати активности). УЈП ќе воведе можност за аплицирање за уверенија за платени даноци и уверенија за остварен приход како нова е-услуга, како и можност сите останати поднесоци (барања) до УЈП да се поднесуваат по електронски пат преку електронските сервиси кои ги нуди УЈП.

Воведување на електронска архива со распоред и следење на движењето на документите и формирање на електронски даночни досиеа на даночните обврзници, како и скенирање на постојната архивска документација и нејзино приклучување кон електронските досиеа (отпочнати активности).

Развој на системот на внатрешна ревизија со кој ќе се зголеми бројот на воведени и опишани процедури за работа со оценети ризици и вградени контроли (отпочнати активности).

Развој на системот на професионални стандарди кој ги развива методите на превенција и борба против корупција и непрофесионално однесување на вработените (отпочнати активности).

Изградба и развој на интегриран информатички систем како база за добивање на точни и навремени информации и евиденции за системите на јавните давачки и даночните обврзници (отпочнати активности).

Размена на податоци и поврзување на системите на УЈП со други институции со истовремено воведување на: Едношалтерски систем -што значи дека граѓанинот ќе достави само едно барање до институциите, а тие се должни по службена должност да ги обезбедат податоците и документите со кои располагаат останатите државни институции; е-Документи-воведување на систем каде што граѓаните ќе можат преку Интернет со користење на електронски потпис да ги добијат документите од државните институции; Интероперабилност-меѓусебно поврзување и користење на податоци меѓу државните институции (сите потребни информации ќе може електронски да се добијат на секој шалтер, со што ќе се редуцира повеќекратното обраќање на граѓаните од шалтер до шалтер, како и непотребната хартиена документација); понатамошен развој на системот за интероперабилност каде што сите документи и услуги кои што ги издаваат државните институции за потребите на граѓаните ќе бидат достапни преку Интернет.
Ќе се воведат потсетници за плаќање за индивидуални даночни обврски на даночните обврзници со доставување на смс пораки или известувања по електронска пошта, со цел забрзување на наплатата на даночните долгови.
Во соработка со МИА ќе се работи на проектот "М-Влада" со кој ќе се оствари можност за пополнување на даночни пријави преку смарт телефони. (мерките и активностите предвидени во Управата за јавни приходи се презентирани во Поглавје 3.016 Оданочување)
Во насока на зајакнување на царинскиот надзор и царинските контроли, во првиот квартал од 2012 година, согласно Упатството за работа со системот за видео надзор, снимање и трансмисија или телевизија од затворен тип на **Царинската управа на РМ**, се планира дислокација на камерите од системот за видео надзор на граничните премини, со цел да се овозможи прецизност на снимањето и трансмисијата на податоците, потребни на Секторот за контрола и истраги, со што ќе се надминат досегашните потешкотии околу читањето на регистарските таблички. Во контекст на оваа промена ќе се воспостави и можност за електронска размена на информации помеѓу Одделението за координација и комуникација при Царинската управа со Дежурниот центар и Националниот центар за гранично управување, при МВР. Единствениот систем за анализа на ризик, освен Царинската управа ќе го користи и Управа за ветеринарство и безбедност на храна и Фитосанитарната управа, со што ќе се обезбеди единствен пристап во спроведување на постапките и контролите при увоз, извоз и транзит на стоката и ќе се овозможи поефикасно извршување на работните задачи, по принципот "one stop shop". Ќе продолжат активностите за изработка на поисцрпни **национални сметки**, примена на Методологијата на ЕСА 95, попрецизни оценки и поцелосен опфат на неформалната економија. (детално за краткорочните и среднорочните активности во оваа област во Поглавје 18. Статистика)

Преку зајакнување на внатрешната контрола и надворешната ревизија во прибирање и наплатата на царинските давачки и данокот на додадена вредност ќе се интензивираат реформите во насока на унифицирање на системот на прибирање на "Традиционални сопствени ресурси",

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во насока на зајакнување на административните капацитети на **Управата за јавни приходи** за успешно спроведување на законодавството и борба против одбегнувањето на плаќање даноци ќе спроведе кадровско екипирање и техничко опремување на Инспекторатот за специјални контроли во рамки на Генералниот даночен инспекторат како и формирање, кадровско екипирање и техничко опремување на ИТ форензик лабараторијата.

Во првиот квартал од 2012 година, **Царинската управа** планира измени и дополнувања на Правилникот за организација и систематизација на работните места, со што ќе се воведат нови работни места, на пофреквентните гранични премини, кои покрај тековните работи ќе постапуваат по напатствија од разузнавачки карактер, кои ќе ги добиваат директно од Секторот за контрола и истраги.

Во наредната година ќе се спроведуваат потребни обуки на вработените во надлежните институции, поврзани со примената на новите сметководствени стандарди, методологијата ЕСА 95, и едукација и стручно усовршување, како и континуирано проучување на структурата на сопствените ресурси, процедури и искуства на земјите членки на Европската Унија .

**СТРАНСКА ПОМОШ**

- Во рамките на ИПА 2007 Продолжуваат активностите за изработка на поисцрпни национални сметки, примена на Методологијата на ЕСА 95 и попрецизни оценки и поцелосен опфат на неформалната економија.
- Во рамките на ИПА 2008, продолжуваат активностите за спроведување на проектот „Меѓуоперативност на ИТ системите на Царинската управа со ИТ царинските системи на ЕУ ", во траење од 24 месеци, кој вклучува 2 компоненти (1) Поддршка во управувањето за воведување на Новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS); (2) Имплементација на NCTS. Овој проект преку примена на најдобри пракси и методологии има за цел воведување на најновата верзија на апликацијата на модерен царински систем, според стандардите на ЕУ. Проектот претставува подршка на стратешката цел на Царинската управа за исполнување на стандардите и барањата во областа на Заедничката транзитна постапка на ЕУ и ЕФТА државите и исполнување на критериумите за членство во Конвенцијата на зеднички транзит на ЕУ. Воведениот транзитен систем кој ќе биде инсталиран и целосно оперативен ќе биде компатибилен со царинските ИТ транзитни системи на ЕУ и ќе ги исполнува потребните барања за интерконективност и интероперабилност.
- Во рамките на ИПА 2010 „ ќе се спроведува Систематска електронска размена на податоци во Западен Балкан".
- Во рамките на ИПА 2007 во тек е проектот "Подршка за даночна реформа" кој завршува во јануари 2012 година.

## *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### ПРАВНА РАМКА

Во наредниот среднорочен период **Министерството за финансии** како надлежен орган за управување со јавните финансии, своите активности ќе ги насочи кон:

- Развој и унапредување на буџетскиот процес во функција на повеќегодишното планирање и подготвување на повеќегодишен буџет.
- Хармонизација на методологијата за пресметувањето на Бруто Националниот Доход со ЕСА 95 стандардите.
- Воспоставување на оперативна структура за координација со цел обезбедување на целосна пресметка, предвидување, собирање, плаќање и набљудување на сопствените ресурси и известување на ЕУ за спроведување на правилата за сопствени ресурси. Министерството за финансии со оглед на надлежноста во наредниот период ќе спроведува активности за воспоставување на посебно тело за менаџирање на системот на сопствени ресурси и негово соодветно екипирање кое во согласност со потребите и временскиот рок ќе биде надлежно за подготовка на соодветен модел и прирачник за проценка .
- Воведување на интегриран информациски систем за ефикасно владино управување.

**Царинската управа** ќе го имплементира целосно Системот за обработка на царински декларации (СОЦД), кој е компатибилен со стандардите на ЕУ и ќе зајакнат системите за увоз, извоз, транзит, контролен извозен/увозен и подсистемите: ТАРИМ/ТАРИК, управување со наплата и гаранции, управување со ризик, царински авторизации Системот за обработка на царински декларации (поопширно во Поглавје 29, Царинска унија).

Активностите на **Управата за јавни приходи** во наредниот среднорочен период ќе бидат насочени кон:

- Имплементирање на проектот „Топ менаџмент" со цел зајакнување на квалитетот и стручноста на највисоките раководни службеници; ќе се воведе систем на задолжително трансферирање и примена на стекнатото знаење од учесниците на меѓународни обуки;

- Воведување на Електронски систем за управување со знаењето (LMS) што предпоставува формирање на досие за посетуваните обуки и курсеви и знаењето кое го поседува секој вработен како предуслов за унапредување во системот на кариера и
- Натамошно зајакнување на Генералниот даночен инспекторат преку унапредување на "ИТ Форензик лабараторија за даночни цели"

Ќе продолжат активностите за реализација на проектот "Регионална даночна академија". Едукацијата преку даночната академија ќе се одвива во четири фази. Во првата ќе бидат едуцирани вработените во УЈП, втората фаза ќе ги вклучи и останатите вработени во државната администрација кои соработуваат директно со Управата, третата фаза ќе вклучи и приватни и други субјекти од државата чија дејност е поврзана со УЈП. Четвртата фаза од даночната академија, која треба да почне кон средината на 2013 година, е регионална даночна академија, наменета за обуки на даночните администрации на земјите од Југоисточна Европа и се очекува да придонесе за намалување на даночната евазија на регионално ниво.

Преку комуникација и соработка со меѓународни институции, организаци и со даночните администрации на државите членки на Европската Унија и други земји надвор од неа ќе се воспостави стабилна рамка за идна соработка за размена на знаења и искуства (отпочнати активности).

Во рамките на евроинтегративниот процес се имплементира процесот на приближување на УЈП до стандардите на работа кои се применуваат во даночните администрации на земјите членки на ЕУ со што се дава придонес на севкупните активности на земјата во процесите на побрза ЕУ интеграција; имплементирање на Програмата ИПА;Имплементација на Програмата ФИСКАЛИС.(отпочнати активности).

Предвидени се активности за формирање на Канцеларија за врски за размена на податоци од областа на ДДВ. (мерките и активностите предвидени во Управата за јавни приходи се презентирани во Поглавје 3.016 Оданочување)

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Со цел унапредување на процесот на планирање на Буџетот, планирано е зајакнување на административниот капацитет на Секторот Буџет и фондови со нови вработувања во одделенијата сврзани со подготовка на повеќегодишен буџет, буџетски анализи и одделението за развојно буџетирање, како и зајакнување на административниот капацитет на Секторот за трезор - одделението за фискална статистика и анализа и одделението за управување со ликвидноста.

Ќе започне изработката на соодветна анализа за одредување на институциите и секторите кои ќе го сочинуваат надлежното тело за системот за следење и пресметување на сопствени ресурси.

Ќе продолжи спроведување на потребни обуки на вработените во надлежните институции поврзани со примената на новите сметководствени стандарди, методологијата ЕСА 95, и обуки за координација, управување, контрола и надзор на сопствени средства.

***СТРАНСКА ПОМОШ***

Во рамките на ИПА 2011, одобрен е Проектот подготовка на повеќегодишен Буџет, согласно кој се очекува добивање на техничка помош за подготовка на повеќегодишен буџет и примена на методолгијата ЕСА 95.

Во рамките на ИПА 2010, одобрен е Проектот "Подобрување на услугите од страна на УЈП кон даночните обврзници" со кој се очекува да се подобрат перфомансите на УЈП со особен акцент на обезбедување на подобри услуги на даночните обврзници со цел зголемување на доброволната усогласеност.

## IV. **АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ**

### *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

Во насока на институционално подобрување на административните структури и зајакнување на административните капацитети, и тоа како на хоризонтална така и на вертикална основа како и подобрување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата, Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија меѓудругото, и понатаму ќе продолжи со остварување на позитивни резултати при координацијата на процесот на стратешкото планирање и давање стручни совети за подготвување на стратешките планови на министерствата; анализата на политиките; економските реформи во функција на подобрување на бизнис климата и привлекување на инвестиции; обезбедување на професионален развој на државните службеници; спроведувањето на внатрешната ревизија; координирање на спроведувањето на уставните амандмани кои произлегуваат од Рамковниот договор; како и подобрување на  транспарентноста во работењето на Владата - соработката со невладините организации.

### *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

**Правна рамка**

Планирана е анализа на примената на Законот за државни службеници и Законот за јавни службеници. Исто така палнирано е дефинирање на оптималниот начин на оценување на службениците во Република Македонија. Во 2012 година ќе профункционира Регистарот на јавни службеници согласно Законот за јавни службеници. МИОА во 2012 година ќе преземе активности согласно Акцискиот план за унапредување на Граѓанскиот дневник за зголемување на познавањето и користењето од страна на јавноста.

**Институционална рамка**

МИОА во 2012 година ќе пристапи кон дополнително зајакнување на сопствените административни и финансиски капацитети за координирање на процесот на реформа на јавна администрација и квалитетна реализација на утврдените активности согласно Стратегијата и Акцискиот план за реформа на јавна администрација 2010-2015.

Согласно заклучок на Владата на Република Македонија, проценката на влијанието на регулативата ќе премине во надлежност на Министерството за информатичко општество и администрација. Во делот на управување со човечки ресурси, МИОА во текот на 2012 ќе отпочне со спроведување на проектот „Создавање на администрација со која се управува на база на компетенции и е ориентирана кон изведбата на вработените." Предвидена е подготовка на Националниот систем за координација на стручното оспособување и обука на државните службеници во Република Македонија и Стратегија за

обука на администрацијата во Република Македонија 2012-2014 По однос на правичната застапеност на немнозинските заедници во јавната администрација, ќе се пристапи кон подготовка на методологија за планирање на дефинирање на потреба од вработување според соодветна и правична застапеност Понатамошно унапредување на едношалтерскиот систем за електронска размена на документи помеѓу клучните институции и интероперабилноста помеѓу институциите.

Со цел подобрување на транспарентноста и одговорноста на администрацијата Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија **до крајот на март** 2012 **година** ќе подготви нова Стратегија, во рамките на ИПА 2008 проектот: „Техничка поддршка на Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат".

Активностите на оваа компонента на проектот започнаа во септември 2011 година, со ангажирање на 2 (два) експерти и формирана е група за поддршка на процесот на изработка на Стратегијата составена од претставници на Одделението за соработка со невладини организации, мрежата на државни службеници за соработка со невладини организации од министерствата и претставници од граѓански организации избрани по пат на оглас. Групата одржа два состаноци и подготвен е текст на Концепт на Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012-2017. Во текот на декември 2011 година се очекува да биде подготвен текст на Предлог-Стратегија, по кој ќе бидат организирани неколку јавни расправи и по добивање на мислења од ресорните министерства. Стратегијата ќе биде поднесена до Владата во февруари 2012 година.

Преку ИПА 2008 и во наредниот период ќе се продолжи со континуирана поддршка на учеството на граѓанскиот сектор во процесот на донесување одлуки и обезбедување социјални услуги. Оваа активност целосно ќе се имплементира **до крајот на** 2012 **година**.

Постојаниот развој на граѓанскиот сектор како цел и понатаму ќе се поддржува со низа активности кои ќе се реализираат во склоп на Стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор. Истовремено, согласно препораките содржани во Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2011 година, **до крајот на март** 2012 **година** ќе се формира Комисија за организации со статус од јавен интерес.

Во функција на зајакнување на капацитетите за стратешко планирање и буџетирање на единиците на локална самоуправа (општините) во организација на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија во соработка со Министерството за локална самоуправа и центрите за регионален развој, веќе се организирани еднодневни генерички обуки чие што спроведување е во тек. При креирањето на обуките се имаа во предвид специификите и потребите на едниците на локална самоуправа. Со вкупно осум еднодневни генерички обуки кои ќе се испорачаат по регионалните центри на државата, ќе бидат опфатени сите 84 општини вклучувајќи го и Градот Скопје. Оваа активност ќе се реализира **до крајот на април** 2012 **година**.

Со цел понатамошно јакнење на капацитетите на Одделението за соработка со невладини организации **до крајот на** 2012 **година** ќе се спроведат обуки за вработените во ова Одделение и министерствата, додека пак во рамките на ИПА 2010 проектот ,,Одржлив граѓански сектор", компонента 1, во периодот 2012 – 2014 година предвидени се обуки за воспоставување одржлив механизам за соработка меѓу општините и граѓанските организации во осум пилот општини.

## *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### Институционална рамка

Планирано е воведување на ЦАФ стандарди за квалитет во јавната администрација. Во поглед на човечките ресурси, во 2013 ќе се продолжи со дополнително унапредување на концептот„Создавање на администрација со која се управува на база на компетенции и е ориентирана кон изведбата на вработените". Како среднорочен приоритет се дефинира воведувањето на Систем за управување со изведба (Performance Management System) што ќе отпочне во 2014 по спроведена Анализа за функционалноста на примената на компетенциите на вработените во администрацијата. Унапредување на Регистарот на државни службеници и креирање на е-досиеа за државните службеници

# V. **ПОДГОТОВКА НА МАКЕДОНСКАТА ВЕРЗИЈА НА A**CQUIS

## *ТЕКОВНА СОСТОЈБА*

### ПРАВНА РАМКА

Подготовката на националната верзија на acquis communautaire (правото на Европската унија) е мултидисциплинарен процес во кој се вклучени лингвисти, стручни лица од речиси сите области на општественото живеење и правници. Целта на процесот е да се подготви квалитетна верзија на правото на Европската унија која што би претставувала сигурен извор на права и обврски за граѓаните на Република Македонија. Се проценува дека целокупното право на Европската унија изнесува 130.000 страници, но тоа постојано подлежи на промени, така што крајната бројка е многу поголема и е релативна.

Целите и функцијата на процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire се опфатени со следните документи:

Нацрт-стратешкиот план на Секретаријатот за европски прашања 2012-2014

Процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire детално е утврден и со:

- Нацрт-техничко упатство за уредување на документи при преведување на правните акти на Европската унија, август 2010 г.
- Прирачник за преведување на правните акти на Европската унија, декември 2010 (второ издание)
- Прирачник за преведување на правните акти на Република Македонија, декември 2010 (прво издание)
- Одлука за образување на техничките комитети вклучени во процесот на подготовка на националната верзија на acquis communautiare
- Деловник за работа на техничките комитети за стручна и правна ревизија
- Деловник за работа на Техничкиот комитет за верификација на терминологијата и на националната верзија на правото на Европската унија.
- Упатство за постапување при превод на правни акти и други документи од страна на Секретаријатот за европски прашања-Сектор за подготовка на националната верзија на acquis commuanutaire, мај 2009 година.

До крајот на ноември 2011 година преведени се вкупно 5.668**мерки** или 68.102 **страници** од Службениот весник на Европската унија.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire при Секретаријатот за европски прашања е надлежен за спроведување на процесот на подготовка на македонската верзија на acquis communautaire. Во рамките на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire има две одделенија:

*Одделение за ревизија и терминологија* задолжено за утврдување на критериумите за конзистентност при преведување на правните акти на Европската унија, градење на терминологија, спроведување на

јазична ревизија на преводите на правните акти на ЕУ, на РМ и на други документи од важност за процесот на европска интеграција на РМ.

*Одделение за преведување и координација на процесот на преведување* задолжено за изработка на план за преведување, следење и координирање на процесот на преведување преку централизирани бази на податоци, преведување на правните акти на ЕУ, на РМ и на други документи од важност за процесот на европска интеграција на РМ и следење на стручната и правната ревизија на правните акти на ЕУ.

Секторот за подготовка на националната верзија на acquis communautaire има вкупно 23 вработени државни службеници.

## *КРАТКОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### ПРАВНА РАМКА

Во текот на 2012 година, планирано е да се реализираат активностите во насока на зајакнување на структурата за подготовката на националната верзија на правото на Европската унија, одржување на базите на податоци кои се во функција на поддршка и следење на процесот.

Во функција на следење и поддршка на целиот процес на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија неопходно е постојано одржување на базите на податоци: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.

Во текот на 2012 година се планира да се преведат 12.200 страници на правни акти од Службениот весник на ЕУ, на РМ и на други документи од важност за процесот на Европска интеграција, како и 1.000 страници од примарното законодавство на ЕУ.

Во текот на 2012 година се планира јазично да се ревидираат 7.500 страници на правни акти од Службениот весник на ЕУ, на РМ и на други документи од важност за процесот на Европска интеграција.

### ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА

Со цел успешна реализација на поставените краткорочни приоритети, неопходно е до крајот на 2012 година да се изврши потребното кадровско и техничко зајакнување на Секторот за подготовка на националната верзија на acquis.

## *СРЕДНОРОЧНИ ПРИОРИТЕТИ*

### ПРАВНА РАМКА

Во периодот 2013 – 2014 година планирано е да се продолжи со реализацијата на активностите во насока на зајакнување на структурата на подготовката на националната верзија на правото на Европската унија, одржување на базите на податоци кои се во функција на поддршка и следење на процесот, како и проширување на активностите на полето на исполнување на барањата во доменот на јазикот.

Во функција на следење и поддршка на целиот процес на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија неопходно е постојано одржување на базите на податоци: Регистарот за следење на процесот на преведување, терминолошката база на податоци и ЦЦ Виста базата на Европската унија.

Во текот на 2013 година се планира да се изврши јазична ревизија на актите од примарното законодавство на Европската унија. што ќе се преведат во текот на 2012 г.

Во наведениот период, се планира да се завршат активностите поврзани со изработката на македонска верзија на Евровок.

**ИНСТИТУЦИОНАЛНА РАМКА**

Во текот на 2013 и 2014 година предвидени се редовни обуки кои Секторот за подготовка на националната верзија на acquis ги спроведува, за сите учесници во процесот на подготовка на националната верзија на правото на Европската унија.

# VI. **ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА**

Членството на Република Македонија во Европската унија е еден од најважните стратешки приоритети на Владата на Република Македонија и ја има поддршката од сите општествени групи. Сите политички партии во Република Македонија членството во ЕУ го имаат зацртано во своите програми. Бизнис секторот, најголемиот дел од невладините организации и граѓанските асоцијации го поддржуваат зачленувањето во ЕУ.

Информирањето и комуникацијата со јавноста за европската интеграција се важен сегмент за приближувањето на Унијата до граѓаните посебно ако се има предвид искуството на некои земји-членки дека поддршката за пристапување во ЕУ опаѓа непосредно пред зачленувањето. Оттука произлегува потребата за реализација на комуникациски проекти наменети како за целокупната јавност така и за специфични целни групи со цел да се зголеми знаењето кај населението за придобивките и обврските од членството и да се задржи високата поддршка.

Секретаријатот за европски прашања континуирано реализира проекти и активности кои имаат за цел да овозможат проток на навремени и точни информации до јавноста за сите аспекти на европската интеграција. Во насока на соодветно адресирање на потребите на јавноста, СЕП ќе подготви нова Стратегија за информирање и комуникација со јавноста 2011-2014 година, која ќе претставува продолжение на претходните комуникациски стратегии.

Покрај главната цел на активностите за комуникација со јавноста – задржување на поддршката од јавноста за политиката на Владата за зачленување во ЕУ, пошироки цели ќе бидат да се подобри свеста во јавноста за процесот на пристапување, посебно меѓу локалните заедници, да се изгради доверба во капацитетите на инволвираните македонски и европски институции, да се осигури дека специфичните сектори целосно разбираат што се очекува од нив, и како може да придонесат во реформскиот процес.

Во текот на 2012 година планирано е да се реализираат следните активности и проекти:

**ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**

- Редовно ажурирање на интернет страницата на СЕП која е достапна на три јазици, македонски, албански и англиски,
- Одржување на прес-конференции, брифинзи и интервјуа за печатени и електронски медиуми,
- Тековно ажурирање и одржување на виртуелната база на аудиовизуелни материјали,
- Издавање на електронски билтен,

- Подготовка и печатење на брошури на процесот на европска интеграција, и
- Организација на тематски информативни предавања, дебати, трибини, конференции, домашни меѓународни форуми,
- Испитување на јавното мислење

**МК-ЕУ ИНФО ЦЕНТАР**

МК-ЕУ инфо центарот ќе продолжи со својата работи согласно дефинираните активности, како што се давање одговори на прашања за активностите и реформите поврзани со европската интеграција на заинтересирани граѓани, обезбедување на слободен интернет пристап, користење на литература од библиотеката на Инфо центарот и слично.

**КАМПАЊИ**

Кампањите се генерално наменети за специфични целни групи и имаат за цел да обезбедат поконкретни информации за одделни аспекти од реформите кои се спроведуваат во насока на воведување на европските стандарди.

Кампања „ЕУ и бизнисот" – проект кој има за цел да се промовираат европските стандарди поврзани со бизнис заедницата со цел да се поттикне нивната примена во работењето на компаниите во Република Македонија.

Проект за промоција на политиката за социјална вклученост - започнување со проект кој ќе придонесе кон усогласувањето на владина политика за синхронизирање на напорите на сите релевантни фактори во земјата во социјалната сфера - „Социјалната вклученост (инклузија) во Македонија и потребите за нејзино синхронизирање со Отворениот метод на координација на социјалната инклузија на Европската унија".

Кампања „Владеење на правото во РМ" - кампања за промотивни и дебатни активности на тема владеење на правото, ЕУ стандарди, предизвици и очекувани резултати.

Проект „Ало ЕУ" – отворање на бесплатен телефон на кој граѓаните ќе може да добиваат општи информации за активностите и реформите за воведување на европските стандарди во Република Македонија и за функционирањето на Европската унија.